УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

# БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1914-1918)

(докторска дисертација)

кандидат
м-р Петар Солаковски

ментор
проф. Д-р Михајло Миноски

Скопје, август 1998

# ДЕЛ III

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ЗА БИТОЛСКИОТ РЕГИОН

# ПРЕДГОВОР

Со Букурешкиот мировен договор во 1913 година, територијата на Македонија беше поделена помеѓу трите соседни балкански држави Грција, Србија и Бугарија. Наместо долгоочекуваното ослободување од турското ропство, Македонија се здоби со три нови господари. Народот од вардарскиот дел на Македонија набрзо по завршувањето на Балканските војни дошол до сознание дека воспоставувањето на српската власт не претставува никакво ослободување, туку само смена на турскиот поробувач со српски.

Балканските и Првата светска војна (1912-1918) оставија вистински пустош во Македонија. За време на Првата светска војна Битолскиот регион бил претворен во огромен логор на престојување на многубројни и разни воени трупи. Во општествено-политички и економски поглед на окупираната територија била воведена воено-полициска управа, надзор и контрола на населението. Посебно е трагична судбината на Битола од двегодишните постојани бомбардирања, а истата судбина ја доживеале и селата, посебно оние што биле во непосредна близина на фронтот.

Токму оваа мошне интересна и значајна проблематика е тема на обработка на мојата докторска дисертација, озаглавена како „Битолскиот регион за време на Првата светска војна (1914-1918)“.

Во македонската историографија досега за ова прашање е пишувано, но претежно во вид на осврт на одредена проблематика, или пак фрагментирано во поедини монографски трудови. Токму затоа целта на нашата тема е на едно место да ја презентираме споменатата проблематика, со основен акцент на општествено-економската положба во Регионот под власта на освојувачите (1914-1918).

За што потемелно презентирање на настаните во темата во текот на изработката на истата, извршивме истражуваања во архивите и другите институции во Република Македонија и Република Бугарија. Во Република Македонија истражував во Архивот на Македонија во Скопје (каде користев и архивски фондови од југословенските архиви како и од француските), Архив на Македонија, Подрачно одделение Битола, Архивот на Институтот за национална историја во Скопје.

Од бугарските архиви истражував во: Централен државен архив од Софија, Научен архив при Бугарската академија на науките од Софија и Бугарски историски архив при народната библиотека „Св. Кирил и Методиј" од Софија.

Во текот на истражувањата беше прегледана современа и подоцнежна периодика, која директно или индиректно ја третираат проблематиката сврзана со темата, постојаната литература и искажувања на сè уште живи современици.

Чувствуваме за потребно да кажеме дека дел од користената архивска документација, како и постарата литература изобилуваат со еднострanчивост, тенденциозност, затоа ние при користењето водевме сметка за целите на нејзините создавачи.

При изработката на темата, дипломатско-политичките и воените акции околу „македонското прашање" и во самата Македонија, па и во Регионот ги предадовме во најкратка форма, а настојувавме што пошироко и подокументирано да ја прикажеме самата положба внатре во Битолскиот регион, како и односот и учеството на македонските субјективни сили во тие настани и промени во Регионот.

Целокупниот материјал што е користен при обработката на темата поделен е на три дела.

Во првиот дел се прикажани општествено-политичките, економските и просветно-црковните прилики што настанале во Битолскиот

регион по протерувањето на Турците (есента 1912 година) и воспоставувањето на српската окупација (1912-1915).

Во вториот дел прикажана е положбата во Регионот под двојна окупација: бугарско-германска окупација и окупација под силите на Антантата (1916-1918).

Предмет на последниот, третиот дел се последиците од Првата светска војна во Битолскиот регион.

Свесни сме дека насекаде и не подеднакво сме успеале да ги обработиме сеопфатно сите аспекти на оваа проблематика, но исто така веруваме дека според досега достапната документација во голем дел сме успеале да одговориме на поставената задача.

Се надеваме дека понудената дисертација ќе придонесе за збогатување на нашите сознанија за положбата на македонскиот народ за време на Првата светска војна во еден поширок Регион, Битолскиот, кој бил поделен од два окупатори.

На крајот, чувствувам должност да се заблагодарам на вработените во Архивот на Македонија, Институтот за национална историја, библиотеките и другите институции кои ми помогнаа при изработката на докторската дисертација.

Посебна благодарност изразувам на мојот ментор проф. д-р Михајло Миноски, кој со несебична помош и залагање, и конкретни сугестии придонесе докторската дисертација да биде подобрена и усмерена на ср'жта на проблематиката.

# ВОВЕД

Со заземањето на вардарскиот дел на Македонија, Србија си ги оствари долгоочекуваните настојувања, да ја завладее важната Моравско-Вардарска долина. Со тоа вардарскиот дел на Македонија станал составен дел на Кралството Србија. „Новоослободената" територија, термин употребуван за вардарскиот дел на Македонија, бил третиран како воен дел.

Во заземениот дел од Македонија, Кралството Србија вовело режим на специјални уредби. Една од првите акции на нивните власти во вардарскиот дел на Македонија било донесување на привремена Уредба за уредување на новозаземените области од 14 декември 1912 година. Оваа уредба останала во сила до воведувањето на Уредбата за „ослободените области" од 18 јули 1913 година, така што доаѓа до „присоединување" на заземените краишта во вардарскиот дел на Македонија кон Кралството Србија. Потоа биле воведени голем број уредби за регулирање на општествено-политичкиот живот во заземените краеви.[1]

По конечното разграничување при крајот на 1913 година, со Указ на српскиот крал, вардарскиот дел на Македонија бил поделен на седум окрузи[2]: Кумановски, Скопски, Тетовски, Охридски, Битолски, Кавадарски и Штипски, односно Брегалнички.

Со воспоставувањето на српската власт, веднаш биле преземени мерки за зацврстување на истата. Биле формирани посебни џандармериски и полициски единици, како сигурна потпора на окружните и

---

[1] Зборник Уредаба за новоослобођене и присаједињене области, Крф, 1916, 278.

[2] Во Битолскиот округ влегувале: Битолска, Прилепска, Крушевска, Леринска и Преспанска околија. Леринската околија според договорот ѝ била отстапена на Грција.

-Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје, 1981, 27-28.

околиските началници. Тие биле задолжени да ги спроведуваат во вардарскиот дел на Македонија однапред определените цели и задачи.[3]

Со поразот на Турците, македонскиот селанец во прв ред очекуваше во негова корист да се реши аграрното прашање, но наместо да се остварат тие очекувања, и во трите дела на Македонија, новите господари започнаа да спроведуваат систематска политика со различни средства, но со една иста цел: однародување на македонскиот народ и негово асимилирање. Тоа, во прв ред, го правеа со населувањето, всушност чиста колонизација со немакедонски етнички елемент.

Со самото доаѓање на српските власти во вардарскиот дел на Македонија, ја известија јавноста дека има огромни површини земја на која треба да се населат семејства од Србија. Голем број луѓе, дури и од Австро-Унгарија, започнале да се распрашуваат и да се интересираат за начинот и можноста за населување во „новоослободените" краишта.[4] Така биле закупени чифлички земји и околу Прилеп и Битола.[5]

Со нормализирањето на воените прилики, Кралството Србија пристапило кон реорганизација на дотогашното школство и се настојувало кон тоа да се отворат што поглем број српски училишта. До крајот на 1913 година, биле отворени и почнале да работат 392 српски основни училишта.[6] Настојувањето на владеачката српска буржоазија од есента 1913 година да отвори училишта во секое село било тешко остварливо поради немање на доволно училишен кадар. На поранешните егзархиски учители се гледало со недоверба и тие биле третирани како непогодни за спроведување на поставените цели.

---

[3] Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна, Скопје, 1969, 150.
[4] Томиќ Јаша, Сеоба у Србији и чија да буде земља у ослобоѓеним српским крајевима, Београд, 1914, 5.
[5] Драгослав Јанковиќ, Србија и Југословенско питање 1914-1915 година, Београд, 1973, 80.
[6] Д-р Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983, 24.

За остварување на денационализаторските и асимилаторските цели, биле подготвени и наставните планови и програми за основните и средните училишта. Посебен статус и третман уживале предметите: српски јазик, српска историја и географија.

Набргу потоа започнала Првата светска војна која се одразила и врз нормалната работа на училиштата во вардарскиот дел на Македонија. Српското школство во вардарскиот дел на Македонија престанало со работа во есента 1915 година, поради потпаѓањето на истата под бугарска окупација, која траела до есента 1918 година, кога српската асимилаторска политика, преку просветата, била заменета со бугарската.

Балканските војни доведоа до целосно разорување на дотогашното интегрално македонско стопанство, а особено на трговијата и сточарството. Разорувањето посебно се почувствувало во Битолскиот регион. Битола станала пограничен град со што ја загубила својата поранешна непосредна врска со Солун.[7]

Најтрагична последица од Балканските војни за македонскиот народ е губењето на неговата национална целост. Раздробен, тој останал да се бори против три поробувачки режими кои со секакви средства се труделе да ја обезличат неговата национална самобитност.[8]

Првата светска војна започна во август 1914 година со австроунгарскиот напад на Србија која имала полна поддршка од силите на Антантата за веднаш потоа воениот виор да се прошири и на другите големи и мали држави. Воглавно, најкрвавите судири се воделе во областите кои се наоѓале во Европа додека воените операции се воделе на подрачјето на 14 држави.[9]

---

[7] Десанка Тодоровиќ, Карактеристики на стопанските односи во Македонија од 1919 до 1922 година, Гласник, G. XVIII, бр. 1, Скопје, 1974, 63.
[8] Историја на македонскиот народ, кн. II, Скопје, 1969, 381.
[9] Д-р Жарко Гудац, Из новије политичке историје, Београд, 1971, 13-14.

Тежината на Првата светска војна на својот грб ја почувствувал и македонскиот народ. Од почетокот па сè до нејзиниот крај, на територијата на Македонија, а посебно на просторот на Битолскиот регион, постојано се зголемувала војската, така што во текот на 1918 година таа и од двете страни на Македонскиот (Солунскиот) фронт располагала со 600.000 војници кои се бореле меѓу себе, едни на страната на силите на Антантата, а други на страната на Централните сили. Тоа неминовно многу лошо се одразило на целокупниот живот, меѓутоа најмногу на економскиот. Македонскиот народ бил принуден да прехранува голем број војници кои биле ангажирани на Македонскиот фронт, а чија бројка ја надминувала половината од бројот на населението на тогашна Македонија. Оваа појава ретко каде се сретнувала и таа оставила тешки економски и политички последици како за територијата на Македонија, така и за нејзиниот народ.[10]

Војната на Србија со Австро-Унгарија довела до регрутирање на Македонци, Турци и Албанци од Македонија во српската војска. Во текот на 1914 година и до почетокот на војната со Бугарија, во октомври 1915 година, српските власти регрутирале вкупно 53.088 младинци во својата војска. Воените обврзници од Македонија, речиси без никаква претходна воена подготовка биле праќани во првите борбени линии на фронтот во Западна Србија да се борат против австро-унгарската војска.

Уште во првите денови на војната и во 1915 година, македонското прашање повторно се актуелизирало. Сите три балкански држави (Бугарија, Србија и Грција) биле живо заинтересирани за одржување на своите позиции во Македонија.

Антантата настојувала да го обнови Балканскиот сојуз при што се залагала барем до некаде да се задоволат аспирациите на Бугарија во

[10] Mihailo Apostolski, Strategiski i politički značaj Solunskog fronta. Naučni skup u povodu 50-godišnjice raspada Austro-Ugarske monarhije i stvaranje jugoslovenske države. Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb, 1969, 184, 189.

Македонија. Од друга страна пак, Централните сили настојувале што повеќе да се заострат непријателствата меѓу балканските држави поради што на Бугарија ѝ се давал не само делот на Македонија под српска власт, туку делови и од чисто српската територија.[11]

При ова пазарење на двата блока околу Македонија, за тоа кои колку би добиле ако застанат на едната или на другата страна, градот Битола имал значајно место. Србите не го даваат и не сакаат да го прекинат контактот со Грците токму кај Битола, Бугарите копнеат за Битола, а истото го посакуваат и Грците.

Во октомври 1915 година Бугарија влегла во војна против Србија. По надмоќниот притисок од австро-унгарските и бугарските војски, српската власт и војска се повлекле од вардарскиот дел на Македонија. На крајот од 1915 година и почетокот на 1916 година Бугарија под своја окупација го добила целиот вардарски дел на Македонија, која дотогаш била под власта на Кралството Србија. Така во ноември 1915 година и Битолскиот регион се нашол под бугарска окупација. Делот на Македонија окупиран од бугарската армија бил наречен „Македонска воено-инспекциска област“ (МВИО) или „Македонска област“.

Со окупирањето на вардарскиот дел на Македонија, Бугарија пристапила кон регрутација на населението. Покрај веќе регрутираните 33.046 македонски емигранти во 11. Македонска дивизија, повеќе илјади Македонци биле вклучени во регрутните списоци.[12]

За сето време на траењето на окупацијата, бугарските окупатори вршеле реквизиции на секакви видови човечка и сточна храна, масовно го одземале и го колеле добитокот. Особено големо реквирирање на жито, стока и сточна храна бугарската окупаторска војска го правела

---

[11] Историја на македонскиот народ, кн. II, Скопје, 1969, 388.

[12] Дървинговъ Петъръ, Действията на 11-а пехотна Македонска дивизия отъ Криволакъ до Богданци, 1915 г., София, 1920.

во битолските села, посебно пред да се повлечат од тие села во есента 1916 година.[13]

Бугарските окупатори на македонскиот народ му натовариле и други обврски. Една од нив била и принудната работа.[14] Населението било принудно испраќано на тешка физичка работа за поправка и правење на стари и нови патишта, железнички линии, мостови, потребни за комуницирање на окупаторските војски. Населението од Битолскиот регион кое се наоѓало на фронтовската линија било принудувано да поправа и гради патишта околу завојот на Црна Река до Кајмакчалан да пренесува храна и муниција за војската, да копа ровови, да градат воени утврдувања.[15]

Покрај насилната реквизиција на житото и другите прехрамбени производи настанала глад, со која посебно биле погодени пасивните краеви. Тригодишната бугарска окупација му донесла на населението голема скапотија, што настанала со покачувањето на сите основни артикли за прехрана, облеката и друго.

Причините за така рапидното поскапување биле постојаните и тотални реквизиции на секакви прехрамбени производи. Житото на пазарот воопшто го немало, или доколку се најдело, било многу скапо. За ока жито се плаќале 10 до 13 гроша, за пченка 10-15, за јачменот 8-9 и 12 и тн. Ока брашно се продавало по 16 гроша, леб од 12-15 гроша, а во Битола дури и по 20-25 гроша.[16]

Окупацијата на еден дел од Битолскиот округ од бугарските сили траеше една година. По презематата офанзива од страна на силите на Антантата есента 1916 година и со заземањето на Битола 19 ноември

---

[13] Архив на Македонија, Скопје-ДА СНР, фонд: Политичко одделение, фасц. 12, Извештај на г. Шапоњиќ од своето патување на „ослободените територии", пов. бр. 571, 31 јануари 1917.

[14] Види за ова повеќе кај д-р Крсте Битовски, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915-1918), Гласник, г. IV, бр. 1-2, Скопје, 1962.

[15] Архив на Македонија, цит. фонд, Извештај од г. Рад. Шапоњиќ од своето патување со проф. Рајс, пов. бр. 571, 31 јануари 1917 година;
-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 364.
-Д-р Крсте Битовски, цит. дело, 63.

[16] Д-р Крсте Битовски, цит. дело, 72.

била воспоставена српска власт. Од овој момент па сè до крајот на војната во вардарскиот дел на Македонија, Битола станала прва истурена и ударна база на силите на Антантата, а посебно на српските сили за истерување на бугарските и германските војски и за реокупација на вардарскиот дел на Македонија. Во ова време власта во реокупираниот дел од Битолскиот регион речиси исцело им припаѓала на српските воени и цивилни власти.

Сепак, српските власти колку да дејствувале самостојно во реокупираниот дел пак биле потчинети на француските воени команданти. Битола била поделена на француски, италијански, руски и српски окупационен реон. Главната команда ја имале француските воени власти на чело со францускиот генерал Сикр[17] како командант на Битола.

Во општествено-политичка и економска смисла за населението во реокупираната територија била воведена тотална воено-полициска управа, надзор и контрола. Населението на просторот меѓу Лерин и Битола и на завојот на Црна Река, речиси исцело било евакуирано и раселено во појужните села или во градските центри[18] и подалеку од фронтовската линија.

Присуството на огромен број војници доведувале до неизмерно поскапување на животните трошоци. До крајот на војната населението западнало во состојба на глад. Се појавило голема сиромаштија на населението во реокупираната територија. Привремените делби на храна од разни комитети, секции и одбори ни од далеку не ја ублажувале гладта на населението кое трпело и други лишувања. Населението било лишено од масло, маст, шеќер, сапун, текстил и од сите други основни производи кои биле реткост на пазарот, а покрај тоа и неизмерно скапи.[19]

---

[17] Архив на Македонија, ДА СИП, Политичко одделение, Штаб ВК, О. бр. 9893, 26 XII 1916, Солун.
[18] Истото, пов. бр. 41, 24 II / 10 III 1916, и пов. бр. 466, од 2 XI 1916, Солун.
[19] Исто, Извештај бр. 161 од 19 XI/2. XII 1919.

Тригодишните артилериски и авионски бомбардирања, со разурнувачки и запалувачки бомби, довеле до тоа градот Битола и селата вдолж фронтовската линија да бидат разурнати, опожарени или просто избришани од лицето на земјата. Тие до есента 1916 година биле бомбардирани од француската, а потоа и од германската тешка артилерија и од авиони. Бомбардирањата предизвикаа големи материјални штети и значителен број на човечки жртви.

Голем товар од војната паѓал врз селата на реокупираната територија. Малиот број селани што останале по своите домови не биле во состојба да произведуваат доволно храна за да ги прехранат своите семејства. Тие, главно постари луѓе, останале по своите села и имоти, само да ги сочуваат од тоталното пропаѓање и разграбување од страна на окупаторските војски кои по опустошените села неконтролирано се движеле и пљачкосувале сè шо ќе им се допаднело.

И во вакви тешки воени услови во реокупираната територија од Битолскиот регион, српските власти не заборавиле да вршат денационализација врз децата преку образованието. Во Битола и во селата на реокупираната територија, наставата била изведувана на српски јазик со посебно изучување на српската историја и географија.

Македонскиот народ кој западнал во оваа ропска положба во задницата и на фронтот пројавил најразлични форми на скриен и јавен, активен и пасивен отпор што окупаторите за сето време на својата окупација во Македонија од 1915 до 1918 година никако не успеале да го задушат и да го принудат македонскиот народ на полна потчинетост.

# ПРВ ДЕЛ

# БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

## ГЛАВА I

## ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ОД ЕСЕНТА 1912 ДО ЕСЕНТА 1915 ГОДИНА

### 1. Воспоставување на првите административни и полициски органи на српската власт. Политичко-административна поделба.

Со воените успеси на српската војска кај Куманово, Бабуна, Прилеп и Битола ѝ е нанесен катастрофален пораз на отоманската војска заради што истата била принудена да ја напушти Македонија.

На 19 ноември 1912 година српските војски влегоа во Битола. Со победата кај Битола во очите на целиот свет, Србија постигнала голем политички престиж на Балканот.[20]

Еве како еден современик ни го опиша влегувањето на српската војска во Битола: „На 19 ноември 1912 година претставниците на турската власт, валијата, претседателот на општината и други турски функционери дојдоа пред црквата Света Недела (на влезот од Битола) да го предадат градот на српската војска. Во градот, пак бедното христијанско население „се удри" во плачка, пљачкаа куќи, сарајот, општината и други државни установи. Заостанатите турски војници во градот, изморени, гладни, уплашени ги фрлаа опасачите со фишеклиите и пушките, а народот ги прибираше, се пукаше на сите страни. Радоста на христијанското население беше голема. Се кинеа фесови. Радоста беше голема зашто се ослободивме од петвековното ропство.

[20]Јелиниќ Ѓурѓе, Нова Србија и Југославија, Београд, 1923, 296.

Прво при црквата „Света Недела“ српската коњица, па по неа пешадиските команданти и воени свештеници на коњи, а потоа војската изморена од долгото војување се упати кон градот и помина покрај Безистенот, реката Драгор, „Пекмез пазар“, „Широк сокак“, реката Курделес (денес не постои) до Црвената куќа. Патем војниците меѓу себе си разговараа: „Па ова варош је боља од Београд“, а по некој офицер на тоа додаваше: „Ми долазимо за рачун Бугарске“. По краток одмор еден дел од војската продолжи за Лерин, останатите се сместија во куќите каде што христијанското население со голема радост и убаво ги пречекуваше во своите домови и им приредуваше гозба, така што за кратко време војниците се расположија како дома.“[21]

Српските војски не само што биле убаво пречекани во градот, туку и по сите битолски села каде што поминала српската војска. Во селото Братиндол се јадело и пиело во чест на протерувањето на Османлиите. Српските војници во село Српци биле пречекани со леѓени вино и леб, а во Гопеш селаните собирале од куќите леб зашто храната на војската била доста назад.

Селаните, пак, од Рамна исто така добро ги пречекале српските војници. Така охрабрени од успехот на српската армија веднаш ја урнале џамијата што била во селото.[22] Во селото Брусник, само што се појавиле српските војници биле сместени во поголемите куќи, другите во училиштето, третите под шатори во блиските ниви и ливади. Сите тие на различен начин го најавиле своето присуство, особено со барањето на печени зелници на сач, вино и ракија и печени пилиња.[23]

По завршувањето на воените операции, пак жителите на Логоварди[24] се вратиле во своите домови. А таму лоша слика, и она што им оставиле од имањето било преполовено. Зимата притискала со сета

[21]Според усните кажувања на граѓанинот на Битола, Христо Секуловски.
[22]Ѓорѓи Димовски-Цолев, Борис Павловски, Непокорени, Битола, 1982, 166.
[23]Д-р Александар Стерјовски, Брусник, Битола, 1992, 58 - 59.
[24]Логоварди, село во непосредна близина во Битола каде се протегал фронтот -Логоварди - Могила - Кукуречани.

своја жестина, а истуреното жито од амбарите го изеле турските коњи. Во тие денови доста овци исчезнале без никаков траг, а добитокот се распрснал низ блатото и околината на другите села. Сите жители биле очајни и избезумени поради ваквата состојба и лошата слика што им се наметнувала пред сопствените очи.[25]

И покрај победата над Отоманската држава, по „ослободувањето“ од страна на турското владеење, очекувањата на целиот македонски народ воопшто не биле исполнети. Турското национално поробување беше заменето со ново од страна на Србија, чија што окупација ќе биде присутна сѐ до ноември 1915 година, кога ќе биде заменета со нова окупација - бугарска, со „нови ослободители“. Битола и Битолско се нашле во оној дел од Македонија кој потпаднал под српска власт.

По окупирањето на вардарскиот дел од Македонија, Врховната команда на српската војска во него извршила воено - територијална поделба  или како што тогаш ја викале „ново освоените краишта“. Целиот вардарски дел на Македонија бил разделен на три дивизиски области: Вардарска, Брегалничка и Битолска.[26] Вардарскиот дел на Македонија бил третиран како воен дел.[27]

Со заземањето на вардарскиот дел на Македонија биле остварени долгогодишните настојувања на Кралството Србија за завладување на многу важната Моравско - Вардарска долина. Балканските војни од 1912 - 1913 на Србија ѝ донесоа повеќекратна корист како на внатрешен план (потенцијални и стопански ресурси), така и на надворешно политички план.[28] Пред Балканските војни, Србија имала 48.803 км$^2$ и 2.911.701 жител, а пред да започне Првата светска војна

---

[25]Ѓорѓи Котевски, Логоварди, Битола, 1985, 35.

[26]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите на Конституантата, 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1962, кн. 13.

[27]Архив на Македонија, Скопје, Архив на Србија - фонд: Министарство за унутрашње послове (натаму: МУД - Полицијско одељење, ф. 22, р. 1, 1913.

[28]Драгослав Јанковиќ, Србија и југословенско питање 1914 - 1915 година, Београд, 1973, 73.

87.358 км$^2$ со 4.393.315 жители.[29]

Со заземањето на вардарскиот дел на Македонија, Србија се приближува кон Егејското и Јадранското Море.[30] Со победите во Балканските војни ќе порасне и меѓународниот престиж на Србија. Меѓутоа, истовремено и опасноста од нејзиното постоење бидејќи ја загрозува Австро - Унгарија.[31]

Новите управувачи со повеќе свои карактеристики се разликувале од Турците. Тие биле навистина нови. Новата власт во вардарскиот дел на Македонија брзо ги покажала своите вистински карактеристики. Всушност, сета „новоослободена" територија била ставена под управа на цивилниот комесар на кралската влада при Врховната команда на српската војска, односно на инспекторот на полициското одделение, Милорад Ант. Вујичиќ,[32] кој бил директно потчинет на началникот на штабот на Врховната команда, војводата Радомир Путник[33] и индиректно на владата односно ресорните министри.[34]

По пристигнувањето во вардарскиот дел на Македонија, српските офицери и власти насекаде го поставувале прашањето „што си ти?" на кое се одговара само со еден одговор: „Македонец".[35] „До сега било така, ама во иднина нема да биде така. Бугарите многу се труделе од вас да направат Бугари. Е сега ќе станете „добри Срби..." Треба да знаете: таму каде што стапнала српска нога, мора да биде

---

[29]Михајловиќ К. и други, Стопанството во НР Србија, во делот „Производне снаге НР Србије", Београд, 1953, 73.
[30]Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 73.
[31]На истото место.
[32]Милорад Ант. Вујичиќ е познат великосрпски шовинист, доверено лице на српската династија и на „Црна рука" и еден од најактивните дејци - организатори на српската пропаганда во Македонија до Балканските војни.
[33]Радомир Путник (1847 - 1916), војвода, истакнат војсководач на српската војска. Учествувал во сите војни кои ги водела Србија 1876 - 1916. Во војните 1912 - 1916 бил началник на Штабот на Врховната команда. По реорганизацијата на српската војска на Крф (почетокот на 1916 година), упатен е на лечење во Франција каде и умира.
[34]Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912 - 1918, Скопје, 1969, 130.
[35]К. Прличевъ, Србъскиятъ режим и революционната борба въ Македония (1912 - 1915), София, 1917, 9.

„српско“.“[36] Уште од првиот ден можеше да се види дека за сојузниците не постојат никакви спогодби и договори за „спорни“ и „неспорни“ зони. Секој од нив наполно се стремеше да ги реализира своите империјалистички аспирации спрема Македонија.

Додека траат воените дејствија на Србите со Турците во Македонија, учеството на четите на ВМРО во истите, српската команда го смета за корисно. Кога заврши војната, српските власти не ги сакаат повеќе во Македонија. Почнаа веднаш да ги разоружуваат четите и населението, и да ги прогонуваат сите, посебно оние кои се изјаснуваат како Македонци.[37]

Во вардарскиот дел на Македонија, српските власти воведе режим на специјални уредби. Една од првите акции на новите власти во вардарскиот дел на Македонија била Привремената уредба за уредување на потчинетите власти во новозаземените области од 14 декември 1912 година.[38] Во Привремената уредба се наведува дека сите кадри на власта во новите области треба да бидат Срби, родени во Кралството. По исклучок можат да се земат и месни „Срби“, но само проверени на дело, и ќе бидат верни и предани на српската идеја.[39] Воените наредби и Привремената уредба која што е изградена врз основа на чл. 5 и чл. 6 од Законот за српската војска, важеше само за воено време,[40] а воено - полициските наредби биле насочени исклучиво против македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија. Привремената уредба останала во сила до воведувањето на новата Уредба за „ослободените области“ од 18 август 1913, која формално била укината со кралскиот Указ од 20 ноември 1913 година. Со овој акт било извршено „присоединување“ на заземените краишта на

[36]Карнегиевата анкета, София, 1914, превод на бугарски, 232.
[37]Петъръ Дървинговъ, История на Македоно-Одринското опълчение, т. II, София, 1917, 6-7.
[38]На истото место, 130.
[39]На истото место, 157.
[40]Николиќ Јефто, „Споменица двадесетпетгодишнице ослобоѓења Јужне Србије 1912 - 1937, Скопље, 1937, 993 - 994.

вардарскиот дел на Македонија во состав на Кралството Србија кога при тоа Македонија ја добила својата „национална“ управа.[41]

Уредбата предвидуваше бројни мерки против оние што ќе направат обид да ја нарушат воено - полициската окупација во вардарскиот дел на Македонија, односно што ќе преземат дејства за насилно изменување на создадената положба.[42] Секој обид за востание се вели во Уредбата - против власта се казнува со робија од пет години. Решението за тоа дали постои обид или не за востание против власта, го донесуваат полициските власти. Ако обвинетото лице не се јави на издржување на казната, тогаш него може да го убие секој граѓанин односно секое воено или службено лице.

Уредбата предвидуваше смртна казна против оние што ќе извршат кривично дело квалификувано како бунтовништво. Се пропишуваа и посебни материјални давачки и обврски за македонскиот народ во врска со издршките на војски лоцирани во одделни општини. Казната принудна работа во траење од повеќе години (до дваесет години) може да се изрече против лица обвинети, на пример, за употреба на какви и да било експлозивни материјали односно против лица обвинети за изработка на вакви материјали.[43]

„Српската власт се игра со незаштитениот македонски народ кој не трпел такви ужаси ни во текот на петстотинигодишното турско ропство, како што сега ги трпи од Србите. Може ли еден народ да живее во таква положба како што сега се наоѓа Македонија? Може ли на родениот брат за да отиде од село во село, да му се бара специјална дозвола? Посетувајќи разни места во поробена Македонија, јасно стекнав длабоко убедување дека со постојаната положба во овој крај, македонскиот народ не може да се помири ни во економски ни во

[41]На истото место, 993 - 994. Со овие акти биле воведени во живот и прописите на Уставот на Кралството Србија од 5 јуни 1903, кога на 20 ноември 1913 година биле воведени во живот и за заземените уставните надлежности.
[42]Јанковиќ Драгослав, цит. дело, 79 - 80.
[43]Историја на државите и правата на југословенските народи, 1972, Белград, 702 - 723.

национален, ни во политички поглед и е принуден да прибегнува кон разни средства за да ја добие онаа слобода што ја чека со векови."[44]

Еве што велат самите Срби за својот режим: Белградска „Српска застава" објавува преписка во кое меѓу другото се вели: „Македонија е преплавена со српски војски и чиновници, кон кој населението се однесува многу недружељубиво, не пуштајќи ги дури во своите куќи. Просветното дело доживува криза. Македонците не се запишуваат во српските училишта. Во Велес, на пример, се запишале сè на сè 120 ученици. Полицијата во новите области не е на висина на својот позив."[45]

За олеснување на своите ограбувачки и денационализаторски планови и акции во вардарскиот дел од Македонија, владејачките кругови на Србија, посебно внимание и грижа посветиле на создавањето на силен полициски и џандармериски апарат. Така на пример, српските власти уште со заземањето на првите околии од вардарскиот дел на Македонија, почнале да создаваат полициски и џандармериски единици како прва потпора на окружните и околиските началници.[46]

Во натамошните инструкции за организација на полициската служба, Вујичиќ барал окружните начелства да имаат по дваесет, а околиските барем по триесет, или вкупно по сите околии барем 1.000 џандари, од кои 600 да бидат стари џандари од предвоена Србија, а 400 да се регрутираат од заземените краеви. Доставувајќи го ова до Врховната команда и до надлежните фактори на владата, како барање - предлог, Вујичиќ истакнува дека „и самиот претседател на Владата Никола Пашиќ бил на мислење за што поголем број џандари."[47]

Во едно друго писмо испратено до сите окружни начелства се вели: „Откако ќе се средат приликите, да се земе од мештаните уште

[44]Мислење на еден Србин, „Македонски глас", бр. 9, 236 - 237.
[45]Што велат самите Срби за својот режим, М.Г., бр. 9, 218.
[46]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 149 - 150.
[47]Архив на ИНИ, Скопје, Сл. IV 405. Писмото на Штабот на Врховната команда бр. 15 од 20 X / 3 XI 1912 до Министерот за внатрешни работи.

по 15 до 20 лица за џандари од „новозаземените“ области. Покрај тоа, во секој округ да има и по еден офицер како командир на џандармеријата, а во околијата по еден наредник... Се разбира дека овие џандари треба да бидат добро наоружани, да имаат доволно муниција и во резерва. Од овие џандари околиските началници би организирале одделенија кои ќе крстарат по околијата и со тоа би се задоволила потребата за полска џандармерија“[48]

Се разбира дека сите тие луѓе, началници, џандари и други управувачи биле луѓе бескомпромисно верни на политичките и воените фактори на Србија. Тие биле наполно проверени во праксата на спроведувањето на завојувачките планови и акции на големосрпската буржоазија во вардарскиот дел на Македонија уште од времето пред 1912.[49]

Обидите на српските власти да најдат поткрепа кај месното население, особено кај првенците од градовите и селата, речиси насекаде пропаднале. Мал број Македонци од кариеристички побуди и за збогатување прифатиле да служат во одделни служби во органите на српската окупаторска власт.[50]

Така, населението од вардарскиот дел на Македонија кое што станува составен дел на српското Кралство по Балканските војни и натаму немало ни активно ни пасивно избирачко место, па според тоа немало ни свои претставници во Народната скупштина на Србија. Слободата на говорот и на печатот, слободата на здружувањето таквите права не се користат, ниту пак локалната самоуправа, каква што постоела во Србија, не е спроведена.[51]

Тогашните напредни сили во Србија пред сè во лицето на Српската социјал-демократска партија, јавно и отворено протестирале

---

[48]Архив на ИНИ, Скопје, Сл. IV 405. Писмо на Штабот на Врховната команда бр. 1190 од 4 јануари 1913 година до окружните началства.
[49]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 151.
[50]На истото место, 154.
[51]Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, 1981, Скопје, 12.

за таквиот третман на „новоослободените“ краишта, остро критикувајќи ја Уредбата за јавна безбедност, како и постапките со граѓаните во „новоослободените“ краишта.[52] Тој свет во новите краишта нема многу на што да се надева. Тој изгледа само ги променил господарите, ќе изјави Триша Кацлеровиќ.[53] Овој протест, односно став на српската социјал-демократска партија против дискриминацијата на народот во вардарскиот дел на Македонија бил изнесен на јавноста и преку страниците на нејзиниот орган, весникот „Радничке новине“. За една и пол година откако нè „ослободија“ нашите ослободители, се изредија маса испитувачи, инспектори и научници. Наградувани со огромни дневници, доаѓаат да ги „испитуваат“ приликите и состојбите, и дури и повеќе, беа поставени и голем број разни сосема непотребни инспектори. Сите тие испитувачи и инспектори дојдоа и не видоа ништо. Пашиќ, Протиќ и Пачу ќе пропарадираат, ќе го примат рапортот на своите чиновници и ќе се вратат задоволни, убедени дека на самото место се увериле во благосостојбата и среќата на своите нови поданици.[54]

За зацврстување на своите поробувачки позиции во вардарскиот дел на Македонија, српските окупатори извеле и низа погроми врз македонскиот народ. Со специјална уредба за новите краеви, тамошните граѓани се лишени од најосновните граѓански права и политички слободи. Овие се оставени на милост и немилост на нашите некултурни полициски органи и самоволни општински претседатели. Каде и да одат, на нив се внимава. И ако им се стори сомнително и најмало нивно движење, веднаш преземаат драконски мерки. Меѓу

[52]Љубен Лапе, Патувањето на Василиј Василевич Водовозов во ВардарскаМакедонија во 1914 година и неговите впечатоци, Гласник на ИНИ, Скопје, 1976, XX, 3, 247.
[53]Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 82.
[54]Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1895-1914), Издание на ИНИ, Скопје, 1962, в. Радничке новине, орган на српската социјалистичка партија, 185 - 254, види написот: Аргусово око, стопанска криза во Нова Србија, бр.82, 8 IV 1914.

народот се чувствува големо незадоволство од ваквата состојба што тие со право ја сметаат за полоша одошто под Турците. Тоа незадоволство не ги опфатило само високите слоеви, интелигенцијата, пообразованите луѓе, туку и широките народни маси кои најмногу страдаат под овој исклучив режим... Со давање политички права на тие луѓе, тие самите ќе станат попредани на земјата што им осигурува слободно и неограничено движење и духовен развиток и обратно, со натамошното одржување на овој исклучив режим, по силата на условите ќе се создаде голем број незадоволници кои нема да се колебаат да работат против една држава што ги лишила од она кое човекот го прави човек. За ова треба да се поведе најсериозна сметка, особено сега кога стоиме пред можноста да се промени уставот...".[55]

Во една друга статија на „Радничке новине" пишува: „Ако тие краишта се ослободени[56], тогаш на што се должи исклучителниот режим што се воведува и спроведува по однос на нив? Ако тоа се Срби, зошто веднаш не се изедначуваат со сите Срби, според оној уставен пропис: „Сите Срби пред законот се еднакви."

Ако војните се водени за обединување, тогаш зошто тоа обединување не се признава и на дело, туку се пропишуваат исклучителни уредби, какви што пропишуваат само завојувачи за завојуваните?... Таму ќе може да се пишува и печати само она што ѝ се допаѓа на полицијата, собир ќе можат да одржуваат само оние што господарат со полицијата или оние на кои полицијата ќе им нареди да спроведуваат „такви слободи"..."[57]

Уредбите и другите прописи воведени во вардарскиот дел на Македонија по Балкански војни, исклучително строго говорат за го-

---

[55]На истото место, Политичките прилики во новите краеви, бр. 91, IV 1914.

[56]Стапувајќи во Првата Балканска војна, Србија и останатите балкански сојузници објавиле дека нивните воено-политички цели се „ослободување на поробените браќа од вековното турско ропство".

-Д-р Петар Стојанов,, цит. дело, 178.

[57]Одбрани статии за работничкото...,185-254.

-Положбата во завојуваните краеви, бр. 172, 1913, 1.

лемото влијание на воените фактори врз ситуацијата и правниот ред во „новоослободните“ краишта.

Со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор на 10 август 1913 година, била санкционирана поделбата на Македонија помеѓу Србија, Грција и Бугарија. Македонија од тогаш престанала да постои како единствена етничка и географска целина.[58] Балканските војни најочигледно ја создале најцрната страница во историјата на македонскиот народ чии последици, за жал сѐ уште траат. Така од единствената македонска територија едната половина[59] односно егејскиот дел на Македонија, му припадна на Кралството Грција; вардарскиот дел на Кралството Србија (25.774 км$^2$), а пиринскиот дел на Царството Бугарија (6.798 км$^2$), а неколку стотини квадратни километри со создавањето на албанската држава во 1913 година, станале нејзин составен дел.[60] Врз основа на Букурешкиот мировен договор биле воспоставени и граничните линии што се протегале на македонска територија: српско - бугарската, српско - грчката, бугарско - грчката и српско - албанската, па на тој начин биле одредени речиси конечните меѓудржавни граници меѓу дотогашните сојузници.

Набргу по Балканските војни се формирани првите органи на српската власт во вардарскиот дел на Македонија. Административниот систем бил по примерот на Србија: општински, околиски и окружни подрачја, кои територијално, делумно, се совпаѓале со отоманскиот административен систем.[61]

Меѓутоа уште во есента на 1912 година, кога сѐ уште не биле докрај остварени воените цели на српската влада во вардарскиот дел на Македонија, биле организирани само четири окрузи: Кумановскиот,

---

[58]Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија..., 114.
[59]Според авторот на книгата: Македония като природно и стопанско цяло, София, 1945, 5. -Македонија во своите географски граници опфаќа површина од 67.422 км$^2$.
[60]Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје, 1981, 8
[61]На истото место, 27.

Скопскиот, Тетовскиот и Дебарскиот.[62] Истовремено со продорот на српските војски кон Средното Повардарие, а по протерувањето на Турците кон Прилеп и Битола, бил организиран и новиот Петти - Неготински округ.[63] Потоа откако Турците беа протерани од Битола и од југозападниот дел од Македонија, бил формиран и Битолскиот округ со околиите: Битолска, Леринска (седиштето во Битола), Прилепска, Охридска, Преспанска и Крушевска.

Формирањето на окрузите било завршено дури по Указот на српскиот крал од крајот на 1913 година, според кој територијата од Македонија што влегла во Кралството Србија била поделена на седум окрузи: Кумановски, Скопски, Тетовски, Дебарски, Битолски, Кавадарски и Штипски.[64] Окрузите биле составени од околии (срезови), а околиите од општини. Во сите околии, по извршената административно - политичка поделба, биле поставени по тројца полициски чиновници, освен во Велешката, Прилепската, Крушевската и Неготинската околија каде што биле именувани по четворица, што не било случајно.[65]

Обезбедувањето на кадри за административните, судските, полициските и за другите потреби по окружните, околиските и општинските управи било примарно прашање во почетната дејност на воспоставените органи на новата власт. Подборот на луѓе за административно - полициските должности за „новоослободените" области бил мошне ригорозен. Изборот паѓал врз лица што и дотогаш покажале полна лојалност спрема постојниот општествено - политички систем во Србија, луѓе проверени и предани на монархијата, кои со

[62]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 132 - 133.
[63]На истото место, 133.
[64]Во Тетовскиот округ влегувале околиите: Бродска, Горнополошка и Кичевска. Во Скопскиот: Скопска, Велешка и Качаничка. Во Кумановскиот: Кумановска, Прешевска, Кратовска, Кривопаланечка и Светиниколска. Во Битолскиот: Битолска, Прилепска, Охридска, Крушевска, Леринска и Преспанска. Во Дебарскиот: Горнодебарска, Долнодебарска и Реканска. Во Кавадарскиот: Неготинска, Гевгелиска и Валандовска. И во Штипскиот (Брегалничкиот): Штипска, Кочанска и Радовишка.
[65]Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни..., 28.

своето искуство можеле да бидат искористени во организирањето и поставувањето на првите темели на српската власт во вардарскиот дел на Македонија, посебно во почетната исклучително значајна фаза.

По повод организирањето на општинските власти во Битолскиот округ, поради итноста со кои била вршена таа работа, не бил насекаде извршен избор на соодветни луѓе во административниот и во полицискиот апарат. И во овој округ ова прашање е потенцирано во еден извештај на окружниот началник на Битолскиот округ, Душан Алимпиќ.[66] Нечесност, корумпираност, желби за богатење, настојување за искористување на службените позиции, биле општа појава во сите окрузи, а исто така и во Битолскиот округ.

Паралелно со јакнењето на управниот и полицискиот апарат по окрузите и околиите, посебно внимание се обрнувало и на апаратот на општините. Но и тука постоеле потешкотии, затоа што групирањето на селата во општини не било најдобро извршено. За седишта понекаде биле земени најоддалечени села и била нужна повторна реорганизација на административната поделба во Битолскиот округ. Функционирањето на општинската власт, според овој документ, било добро.[67] Постоеле тешкотии поради неопитноста кај одделни претседатели на општини, селски кметови и деловодители, но сепак точно ги извршувале поставените задачи од повисоките органи. Во почетокот на воспоставувањето на власта и во овој округ се појавиле злоупотреби, предимно со турските чифлички имоти; меѓутоа, властите, според документов, енергично на тоа се спротивставиле.

Општинскиот одбор беше надлежен „да помага со своите известувања на општинската и околиската власт, во изведувањето на државните работи и потреби", а одборниците ги избираше и разрешуваше околиската власт. Претседателот, кметовите и писарот

---

[66]Д-р Глигор Тодоровски, Извештај за Битолскиот округ од 1913 година, сп.„Историја",Х/1, 1974, 290.
[67]На истото место.

ги поставувала „околиската власт од редовите на одбраните граѓани на општината". Претседателот вршел судска функција за дела по казни до десет дена затвор и 100 динари.

Така општината Битола имала покрај претседател и четири кметови и вкупно 401 платено лице во нејзината организација. Од тоа, најбројна била ноќната стража (101 лице), палење на уличните лампи (19 лица), служители (15) и тн. Во непосредната администрација на општината постоеле деловодство (3), правобранителско одделение (1), судско одделение (3 и 15 служители) и благајник (3).[68]

Како во другите окрузи, така и во Битолскиот округ, претседателите, секретарите и деловодителите биле од Србија, и тоа: во Кичевската околија 11, во Преспанската 7, во Мариовската 6, во Битолската 15, во Крушевската 8 и во Прилепската околија 15 лица.[69]

Изнесените податоци за бројот на службениците во окрузите, околиите и општините всушност покажува токму една определена и насочена политика во овој домен. Тие се кадрите врз кој се потпира новата власт, задолжени да ги спроведуваат однапред определените задачи во новоослободените територии. Всушност, административниот систем што го спровеле завојувачите во вардарскиот дел на Македонија, сам по себе говори дека требало за кратко време, преку теророт што го спроведувале воспоставените полициски и административни власти, да се уништи секаква национална индивидуалност во вардарскиот дел на Македонија.[70]

Промените и извршените корекции во административната сфера влијаеле постојано да се менува и бројната состојба на окрузите, околиите и општините. Така, според првиот попис извршен набргу по Балканските војни во вардарскиот дел на Македонија, придонеле Би-

[68] Д-р Нико Сотировски, „Еден интересен документ"- Прилози 4, Битола, 1963 година, 72 - 76.
[69] Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни..., 44.
[70] Милошевски К., Во освоена Македонија, статија во Македонски глас, година 1, бр.6 од 10 октомври 1913 година, С. Петербург, публикација „Македонски глас" , Скопје, 1968, 146.

толскиот округ да брои 326.344 жители. Меѓутоа, кога по Букурешкиот договор им бил отстапен на Грција и на Албанија дел од територијата на Македонија заземена од српските војски, бројот на жителите во Битолскиот округ значително се намалил.[71] По овие отстапки се сметало дека во Округот имало околу 300.000 жители, од кои 2/3 христијани, а 1/3 муслимани. Меѓу последните, 12.000 се Арнаути. Во Округот има околу 40.000 Цинцари (Власи), околу 6.000 Евреи (во Битола). Останатото население е словенско и сочинува компактна маса, особено во Преспа и Битолско-прилепската равница. Населението е средно, на еден квадратен километар доаѓа отприлика од 40 до 45 жители.[72] Тогаш Битолската околија (центар на околијата Битола) имала 123 села, 20 општини и 46.375 жители;[73] Леринската (Битола) со 25 села, 8 општини и 9.422 жители; Прилепската (Прилеп) со 95 села, 13 општини и 51.783 жители; Охридската (Охрид) со 107 села, 27 општини и 17.807 жители; Преспанската (Ресен) со 93 села, 10 општини и 36.000 жители; Крушевската (Крушево) со 65 села, 19 општини и 26.000 жители.[74] Началникот на Битолскиот округ, Д. Алимпиќ, поради големината на Округот предложил да се раздели на два дела и да се формира посебен округ, Охридски, со три околии. Подоцна овој предлог бил прифатен,[75] и бил формиран Охридскиот
округ со три околии: Охридската, Струшката и Дебарската.[76]

При пописот на населението во вардарскиот дел на Македонија требало да ја декларира својата народност. Сосема било јасно какви ре-

[71]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 - 1914, ИНИ, Скопје, 1979, 220.
[72]Д-р Глигор Тодоровски, Извештај за Битолскиот округ..., 283.
[73]Во селата Магарево, Трново и Маловишта имало околу 5.000 жители. Мухамеданци има 6.423, а останатото Словени.
[74]Српски извори за историјата на македонскиот народ..., 223.
[75]На истото место, 224 - 226.
[76]На истото место, 226. На 10 октомври 1913 година била издадена наредба за повлекување на српската војска и власти од територијата што според Букурешкиот договор ѝ припаднала на новата албанска држава. До 20 октомври наредбата требало да биде извршена.

пресалии ги чекало оние лица што не ќе се декларирале за Срби и каква иднина ги очекувала. И покрај репресивните мерки спроведени при пописот и декларирањето на својата национална припадност, а според извештаите на началниците на околиите во 1913 година,[77] голем дел од народот во вардарскиот дел од Македонија се декларирале за Македонци. Во рубриките за јазикот пријавувале дека мајчин јазик им бил македонскиот. Но тоа биле само желби. Попишувачите во пописните листи наместо Македонец запишувале „Србин", а наместо македонски јазик внесувале „српски". На таков начин српските власти од корен ја „ликвидирале" македонската националност и јазик.

Во одделни окрузи, околии и општини бројот на жителите се намалил, додека во други се зголемил како последица на појавените миграции на македонското, албанското и турското население по Балканските војни. Тој процес на мигрирање[78] се изразил и во пописот во 1914 година од каде се гледа дека Битолскиот округ (со центар во Битола) бил составен од 6 околии, а Битолската околија[79] од 14 општини, 79 села и 34.192 жители; Кичевската: 14 општини, 76 села и 31.784 жители; Крушевската: 18 општини, 77 села и 26.271 жител; Мариовската: 7 општини, 54 села и 15.983 жители; Прилепската: 14 општини, 96 села и 53.467 жители; градот Битола, како окружен град имал статус на самостојна општина.

---

[77]Српски извори за историјата на македонскиот народ..., 226.

[78]Посебно мигрирањето се осетило во Битолскиот округ, а тоа може да се види од пописот на населението. Во 1913 (март) броел 326.344, а според пописот од јануари 1914 година броел само 234.646 жители.

[79]Според Битолскиот окружен началник Душан Алимпиќ, составот на населението во градот изгледа вака: христијани околу 27.000, муслимани околу 20.000 и Евреи 6.000. Христијанското население го сочинувале:Срби, „Бугари" и Цинцари.

Битолски округ

| Ред бр. | Околија | Во округот има: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | општини | села | градови | гратчиња | манастири | Жители |
| 1 | Битолска | 16 | 79 | - | - | 10 | 34.192 |
| 2 | Кичевска | 14 | 76 | - | 1 | 1 | 31784 |
| 3 | Крушевска | 18 | 47 | - | 1 | 5 | 26.271 |
| 4 | Мариовска | 7 | 54 | - | - | 1 | 15.983 |
| 5 | Преспанска | 7 | 46 | - | 1 | 2 | 22.579 |
| 6 | Прилепска | 14 | 96 | 1 | - | 5 | 53.467 |
| 7 | Окружен град Битола | 1 | - | 1 | - | - | 48.370 |
| | Вкупно: | 77 | 398 | 2 | 3 | 24 | 232.64[80] |

[80]Милан Ант. Вујичиќ, Речник места у ослобоѓеним местима Старе Србије, Београд, 1914,13.

# Битолска околија - седиштето во Битола

| Ред. број | Име на општината | Име на села | Место во кое е општината | Број на жители во поедини села | Број на жители во општината |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Барешани | | 394 | |
| | | Жабјани | | 245 | |
| | | Канино | | 220 | |
| | | Олевени | | 198 | |
| | | Злокуќани | | 332 | |
| 1. | Барешанска | Породин | Барешани | | 1851 |
| | | Брусник | | 1000 | |
| | | Дихово | | 470 | |
| | | Лавци | | 608 | |
| 2. | Брусничка | Смолево | Брусник | | 2179 |
| | | Буково | | 1349 | |
| | | Бистрица | | 107 | |
| | | Кравари | | 53 | |
| | | Крстоар | | 243 | |
| 3. | Буковска | Ореово | Буково | 140 | 1892 |
| | | Велушина | | 848 | |
| | | Градешница | | 577 | |
| | | Лажец | | 602 | |
| | | Острец | | 576 | |
| 4. | Велушинска | Кишава | Велушина | 521 | 3124 |
| 5. | Драгошка | Драгош | Драгош | 670 | 670 |
| | | Ивањевци | | 409 | |
| | | Ново Село | | 113 | |
| | | Гор. Поодино | | 73 | |
| | | Вашарејца | | 277 | |
| | | Лознани | | 345 | |
| | | Ношпал | | 342 | |
| | | Беранци | | 523 | |
| | | Трновци | | 567 | |
| | | Паша-Српци | | 753 | |
| | | Св. Тодори | | 224 | |
| 6. | Ивањевска | Древеник | Ивањевци | 501 | 4127 |
| | | Ѓавато | | 1285 | |
| | | Кажани | | 36 | |
| | | Српци | | 382 | |
| | | Рамна | | 319 | |
| | | Лера | | 148 | |
| | | Доленци | | 233 | |
| 7. | Ѓаватска | Цапари | Ѓавато | 1585 | 3928 |
| | | Логоварди | | 519 | |
| | | Оптичари | | 360 | |
| 8. | Логовардска | Поешево | Логоварди | 166 | 1045 |

# Битолска околија - седиштето во Битола

| Ред. број | Име на општината | Име на села | Место во кое е општината | Број на жители во поедини села | Број на жители во општината |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Маловишка | Маловишта | Маловиште | 1629 | 1629 |
| 10. | Магаревска | Магарево<br>Ротино | Магарево | 1492<br>359 | 1859 |
| 11. | Могилска | Могила<br>Трн<br>Карарамани<br>Драгарино<br>Крклино<br>Снегово<br>Раштани<br>Гор. Оризари<br>Дол. Оризари<br>Сре. Оризари<br>Кукуречани | Могила | 858<br>175<br>281<br>56<br>423<br>239<br>145<br>278<br>324<br>132<br>594 | 3475 |
| 12. | Негочанска | Меџитлија | Меџитлија | 550 | 550 |
| 13. | Нижеполска | Нижеполе | Нижеполе | 1028 | 1028 |
| 14. | Секиранска | Секирани<br>Лисолај<br>Црно Буки<br>Змирнево<br>Драгожани<br>Габалавци<br>Облаково<br>Црнец | Секирани | 141<br>402<br>416<br>67<br>160<br>146<br>341<br>339 | 2012 |
| 15. | Струговска | Стругово<br>Бојиште<br>Перово<br>Кутретино<br>Загорич<br>Утово<br>Лопатица<br>Чагар<br>Суводол<br>Мургашево | Стругово | 494<br>716<br>327<br>71<br>76<br>94<br>231<br>30<br>259<br>273 | 2974 |
| 16. | Трновска | Трново<br>Братиндол | Трново | 1735<br>112 | 1847 |
| | | | Вкупно во околијата | | 34192 |

# Мариовска околија - седиштето во Битола

| Ред. број | Име на општината | Име на села | Место во кое е општината | Број на жители во поедини села | Број на жители во општината |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Бач | | 394 | |
| | | Добровени | | 248 | |
| | | Гор. Ѓермијан | | 138 | |
| | | Дол. Ѓермијан | | 248 | |
| | | Живојно | | 653 | |
| 1. | Бачка | Сович | Бач | 305 | 1986 |
| | | Брод | | 415 | |
| | | Неготино | | 128 | |
| | | Сливица | | 160 | |
| | | Веле-Село | | 88 | |
| | | Гњилеш | | 74 | |
| | | Градилово | | 27 | |
| | | Скочивир | | 267 | |
| | | Полог | | 414 | |
| | | Тепавци | | 268 | |
| 2. | Бродска | Балдуенци | Брод | 128 | 1969 |
| | | Будимирци | | 553 | |
| | | Петалино | | 29 | |
| | | Груниште | | 289 | |
| 3. | Будимирска | Зович | Будимирци | 409 | 1980 |
| | | Добрушево | | 571 | |
| | | Алинци | | 91 | |
| | | Црничани | | 222 | |
| | | Армутуш | | 45 | |
| | | Дол.Чарлија | | 200 | |
| | | Гор. Чарлија | | 51 | |
| | | Подмол | | 281 | |
| | | Лопатица | | 201 | |
| | | Будаково | | 422 | |
| 4. | Добрушевска | Сред. Чарлија | Добрушево | 60 | 2144 |
| | | Кенали | | 2403 | |
| | | Горно Егри | | 42 | |
| | | Долно Егри | | 124 | |
| | | Средно Егри | | 222 | |
| 5. | Кеналска | Букри | Кенали | 57 | 2848 |
| | | Новаци | | 400 | |
| | | Добромири | | 214 | |
| | | Мегленци | | 298 | |
| | | Паралово | | 159 | |
| | | Биљаник | | 108 | |
| | | Глумози | | 62 | |
| | | Врањевци | | 235 | |
| | | Ореово | | 164 | |
| | | Гор. Агларци | | 236 | |
| | | Долно Агларци | | 192 | |
| | | Далбеговци | | 272 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Новачка | Радобор<br>Трап<br>Дедебалци<br>Суводол<br>Рибарци | Добромири | 303<br>45<br>219<br>272<br>22 | 3201 |
| 7. | Старавинска | Старавина<br>Градешница<br>Бешиште | Старавина | 590<br>922<br>1043 | 2555 |
| | | | Вкупно во околијата | | 15.983[81] |

Оваа административно - територијална и политичка поделба на вардарскиот дел на Македонија, а со тоа и на Битолскиот округ останала сѐ до влегувањето на Бугарија во Првата светска војна, во есента 1915 година. По напуштањето на вардарскиот дел на Македонија од страна на српските војски и власти во есента 1915 година, набргу таа била окупирана од бугарските војски и официјално била именувана во Македонска воено - инспекциска област, со седиште во Скопје. [82]

[81]Мил. Ант. Вујичиќ, Речник места...,15-22.
[82] Д-р Петар Стојанов, цит. дело. 300;

## 2. Состојбата на граничната линија со Грција. Спорот за Лерин и леринските села и поместување на границата.

Значаен фактор во политиката на стабилизација било прашањето на граничните линии односно на пограничните подрачја. Тие биле мошне несигурни и влијаеле како дестабилизаторски фактор, спротивно од она кон што се стремела српската влада. Граничните подрачја во „новоослободените“ земји биле често вознемирувани од вооружни групи и чети. Вооружени чети лесно се префрлувале преку граничните линии, вршејќи на тој начин провокативни и други истапи. Од ваквите истапи најголема штета трпел и имал токму македонскиот народ во чие име божем и биле преземени таквите упаѓања преку граничните линии.[83] Едно од најнесигурните гранични подрачја било она меѓу Бугарија и Србија, на источната граница на тогашна Србија, од каде што вооружените чети на ВМРО се префрлувале преку бугарско - српската граница. Поради ваквата состојба на оваа гранична линија не биле ретки и грабежите и убиствата во пограничните села.[84] Во оваа смисла биле и префлувањата на цивилни лица преку граничната српско - бугарска линија. Најмногу такви луѓе се враќале во Македонија во заземените краишта од Србија. Не биле помалубројни и луѓето што ја напуштале македонската територија заземена од српската војска, често пати залажувани од бугарската пропаганда, претпоставувајќи дека со префрлувањето на бугарската територија ќе си осугураат подобар живот. Не биле ретки случаите кога бугарските гранични органи ги враќале назад преку бугарско -

[83]Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје, 1981, 46 - 47.
[84]Архив на Македонија, Скопје, Дипломатски архив при Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Белград, фонд: Министарство иностраних послова Краљевине Србије, Политичко-просветно одељење, 1914, „П“ ред 193.

српската граница пребегнатите лица. При тоа над нив се вршени различни тортури; како во „сомнителни лица и шпиони", нив бугарските гранични органи ги враќале преку бугарско - српската граница.

Несигурна била и албанско - српската граница, која сè уште не била дефинитивно одредена, посебно во Дебарскиот, Струшкиот и Охридскиот граничен реон. Вршени се убиства, грабежи во граничниот реон и затоа српските војни и полициски власти морале повеќе да се ангажираат со цел да се стабилизира положбата.

Граничната грчко - српска линија, сепак, по многу нешта била помирна. Овде немало упаѓање на вооружени групи. Меѓутоа, елементи на нестабилност внесувале поголеми групи од македонски бегалци кои на територијата на Македонија заземена од грчките војски и вклучена во грчкото Кралство, не можеле таму да останат туку пребегнувале преку веќе воспоставената грчко - српска граница на територијата на Македонија заземена од српската војска. Српските гранични органи јавувале за ваквите бегства на одделни Македонци и нивни семејства за групи од бегалци преку граничната линија. Грчките погранични органи барале од српските гранични органи, групите бегалци да бидат враќани и предавани на нив,[85] со што ни српските погранични, ниту пак српските повисоки органи не се согласувале.

Неодреденоста на границите на околиите и окрузите, на крајот од 1912 - 1913 година, особено јасно се изразила во реонот меѓу Битола и Лерин. Во своето напредување на југ од Битола во прогон на отоманските војски, во почетокот на ноември 1912 година, делови од српската коњичка и Дринска дивизија, дошле и делумно влегле и во Лерин во јачина од вкупно една дивизија, но по наредба на командантот на Првата армија, престолонаследникот Александар, а по барање на

---

[85] На истото место, „ПП", 1914, 1, „Б", ред 414.

командантот на грчката војска, престолонаследникот Константин, биле принудени сосема да го напуштат Лерин, а да останат грчките војски.[86]

Со навлегувањето на грчките и српските војници и четата на Силјанов и други војводи во Лерин, цели ноќи ги напаѓале дуќаните, ги претресувале турските куќи, а од леринската чаршија направиле панаѓур каде меѓу себе си ги делеле опљачканите предмети. Од време на време се пукало.[87] Познатиот македонски војвода Васил Чекаларов за положбата на окупираното македонско население во Леринскиот и Костурскиот крај во своите спомени пишува: „Само што го очистивме Леринско и Костурско (од Турците) дојдоа грчките војски да окупираат и веднаш почнаа да агитираат за „велика и славна Елада". Населението било очајно бидејќи не знаело каков ќе биде крајот. Грците веднаш почнале да ги разоружуваат четите на ВМРО, а по селата тие зборувале што бараат „бугарските чети" кога тука е Грција.[88]

За несредената состојба и судирот меѓу грчката војска и четите на ВМРО, се наведува во повеќе извештаи испратени до одделението на грчката армија во Солун.[89]

За организирање на српската власт на Лерин како седиште на Леринската (Флоринската) околија, бил назначен и началник со потребниот чиновнички апарат, но тој поради горната причина не

---

[86]Ратови Србије, Народна енциклопедија српско-хрватско-словеначка. У редакцији Станоја Станојевиќа, књ.3, Загреб, (s.a.), 707-708.

[87] Христо Силјановъ, Отъ Витоша до Грамось, София,1920, 164-169.

[88] ЦПА, Софиъ, Ф. Ал. П. (Необработен).

[89] Во еден извештај до одделението на армијата во Солун се вели: „Имам чест да ве известам дека на рапортот од Првата чета на Првиот евзонски батаљон во Баница (Леринско) во врска со дејноста на бугарските банди во околината на Сорович, наредив Четвртата чета од Четвртиот евзонски батаљон од Громбличи да се премести во Сорович за да ги прогони сите бугарски злочинечки елементи и пропагатори, да се спречи секоја нивна дејност и да се уапси секој оној што го вознемирува населението или е сомнителен во бугарските села од оваа околија, а особено во селата Екшису, Пател, Ракита, Петарско (Петорак), Ајтос, во кои се движат бугарски и бугарофилски настроени жители кои работат против грчката окупација. Гонењето на овие бандити, како и разоружувањето на жителите во погоренаведените села е наредено активно да го спроведе споменатата чета која едновремено треба да ги следи и врши надзор над одредени лица врз основа на гореспоменатиот рапорт на четата во Баница. Петта дивизија. Генадис.

-Грчката војска во Балканските војни 1912-1913 година, 202, Институт за национална историја, Скопје, Сл. IV, 178.

стапил во дејство во оваа околија, бидејќи таа останала под грчка управа. Во еден извештај од Штабот на Врховната команда до министерот за внатрешни работи за спречување да се формира српска власт на територијата на Лерин (Флорина) од страна на грчките органи се вели: „Како што пред тоа ви напомнав во еден извештај грчката воена управа не му дозволила на началникот на Битолскиот округ да воспостави наша српска власт во Лерин.

Штабот му наредил на началникот на Битолскиот округ лично да оди со началникот на Битолската околија во Лерин и таму да отвори канцеларија за Леринската околија, а со тоа српската власт да отпочне да функционира и да пријде кон организација на општината во тој крај и кон спроведување на општинската власт. На началникот му е ставено до знаење ако од грчка страна се појават пречки во врска со тоа, тогаш тој треба да бара протоколарно и заеднички двете страни да утврдат кој тоа го попречува и на основа на што, кога нашата војска ја заседе Флорина, а на грчката ѝ дозволи само да кантонува бидејќи нашата се повлече во околните села.

Грчкиот генерал Маврудос кој живее во Лерин (Флорина) и кој се назначува дека е гувернер на јужна Албанија му изјавил на окружниот началник дека тој апсолутно нема да дозволи да се воведе и да се воспостави нашата власт во Флорина, а за тоа одбил да потпише и протокол.

По приемот на извештајот за оваа работа, Штабот му наредил на окружниот началник канцеларијата на Флоринската околија да ја префрли во Битола, а околискиот началник својата власт да ја шири во правец кон Флорина до таму до каде постои можност."[90]

Несредената состојба на српско - граничното подрачје, и на кого да му припадне Лерин се дошло до вооружени судрувања помеѓу локалните српски и грчки воени и цивилни фактори, при што била

[90]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори..., 63.

пролеана и сојузничка крв. Во врска со овие меѓусојузнички судири, познатиот српски четнички војвода Василије Трбиќ изнесува:

По организирањето на српската власт во Прилепската околија кај началникот во околијата пристигнала делегација од десетна селани од мариовските села: Витолиште[91] и Полчиште, и барале објаснување во која држава припаднале тие, селаните од Мариово преку Црна Река т.е. дали се во турската, српската, бугарската или грчката држава? Скороназначениот началник Брајевиќ, мошне малку ја познавал географијата на околијата и им одговорил дека не знае кому му припаѓаат тие села. Истиот одговор селаните го добиле и од командантот на градот Прилеп, мајорот Михајло Ненадовиќ. Кога без одговор се вратила делегацијата во своите села, селаните ја препратиле во Воден, каде од грчките власти добиле одговор дека нивните села им припаѓаат на Грција, иако и тие не биле начисто каде се наоѓале споменатите села. Но затоа веднаш упатиле еден полубатаљон војници во Мариово и „зазеле" неколку села доближувајќи се на 10 километри до Прилеп. Присуството на грчките војници во близината на Прилеп предизвикало паника кај српските власти и веднаш биле активирани единиците на прилепскиот гарнизон и четниците на Василије Трбиќ кои ги пресретнале грчките војници и ги протерале преку Црна Река кон Мегленско. Во овој судир на Селачка Планина Грците имале неколку мртви и ранети. Така Мариово било заземено од српската војска, а во пролетта 1913 година било наполно отцепено од Мегленско и од Јужна Македонија."[92]

Српско - грчката граница била мошне нестабилна и крајно неодредена. Фактички тоа биле јужните граници на Охридската, Преспанската, Битолската, Мориовската, Тиквешката и Гевгелиската

[91]На 9 ноември 1912 година, грчките војници влегле во југозападниот дел на селото Витолиште, српските војски пак го запоседнале другиот дел на селото. Среде село била обележана грчко-српска граница.

[92]Василије Трбиќ, Војвода велешки, Мемоари, Каиро, 1944, Ракопис во ИНИ, Скопје, 634-636.

околија, под власта на Србија и северните делови на Леринската, Островската, Воденската, Сопотската и Гуменценската околија, под власта на Грција. Грција претендирала врз овие и уште повеќе врз многу поголеми македонски територии, дури понасевер и од Битола и до Прилеп,[93] додека пак Србија претендирала на „словенските земји" и понајуг од Битола, Лерин и Воден. Во оваа положба соочени со присутноста на војските на својот сојузник - соперник, за нив во „спорните" територии, тие биле принудени на компромис т.е. на признавање на фактички создадената положба во војната против Турција и молкум да го примат статусот секој да ја задржи територијата што ја зазеле нивните војски.

Околу припадноста на Лерин и на други места од српско - грчкото подрачје се водела долготрајна дипломатска борба меѓу српските и грчките официјални кругови, која се завршила во корист на Грција. Ова го потврдува еден доверлив извештај на Оперативното одделение на српската Врховна команда во кој се говори за менувањето на границите на Србија кон Грција, со што Србија на Грција ѝ отстапувала осум села во Гевгелиска околија, дваесет во Леринската[94], седум во Битолската, триесет и осум во Преспанската и педесет и девет во Охридската, или вкупно сто триесет и две села. Од грчка страна на Србија не ѝ било отстапено ниту едно село.[95]

Од постојаната Леринска околија во Кралството Србија останале само четири села: Бач, Добровени, Горно и Долно Кремјани[96]. Тие четири села биле припоени кон Битолската околија, а Леринската[97]

[93]Според зборовите на министерот за надворешни работи на Грција, границата ќе минувала почнувајќи западно од Кавала, по планината Боз Даг, Беласица, Демир Капија, ќе минела низ Крушево, за да ситгнела до Охридското Езеро.

-Докладъ на праламентарната изпитателна комисия, том I, София, 1918, 561; шифрирана телеграма на бугарската делегација во Атина, број 915 од 21 октомври 1912 година до министерот за надворешни работи во Софија.

[94]Во Леринската околија влегувале 25 села, 8 општини и 9.422 жители.

[95]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата..., 150.

[96]Горно и Долно Кремјани, денес е селото Гермијан, Бачка општина.

[97]Од Бачката општина која била во составот на Леринската околија, само селото Рахманли остана на грчката територија.

или како што официјално била нарекувана од официјалните српски власти Флоринската околија (според грчкото именување на градот Лерин, веројатно да не им биде замерено на српските власти од нивните сојузници во Балканските војни) била расформирана. Отстапувањето на 132 македонски села на Грција што во текот на Балканските војни ги зазела српската војска, всушност значела крупна историска грешка и голем превид на српската влада. Отстапувањето на друга држава на толку многу села со голем број население, и тоа на држава што немала никакво право врз нив, освен завојувачко, навистина такво нешто било можно да го изврши само една владетелска шепа луѓе во Кралството Србија, кои во себе немале ни ронка словенско чувство. Словенското чувство многу повеќе дошло до израз кај обичните и простите српски војници, српските селани од Шумадија, кои се наоѓале на воени позиции на територијата што требало така великодушно да ја напуштат и да ѝ ја отстапат на Грција. Тие војници при напуштањето на споменатите села, збунето го поставувале прашањето „на кого ги оставаме овие наши луѓе". Но, тие биле должни само да ги извршуваат наредбите на оние што „мислеле" за нив. Со отстапувањето на овие села на Грција покрај укинувањето на Леринската околија во територијална и во популациона смисла значително биле намалени и Охридската, Преспанската и Гевгелиската околија.[98]

Дефинитивното српско - грчко разграничување во Македонија, а со тоа и во стабилизацијата на околиските и окружните граници, односно и на државните граници помеѓу Србија и Бугарија во Македонија, станало дури по Меѓусојузничката војна, а врз основа на одлуките од Букурешкиот мировен договор од 1913 година, со што и борбата за Лерин меѓу Србија и Грција престанала. По потпишувањето на српско - грчкиот договор за разграничување од 16

[98]Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914..., 151.

август 1913[99] во Белград, на 21 септември 1913 година започнала со работа српско - грчката комисија која ја утврдила српско - грчката граница во Македонија.

Во есента 1913 година грчкиот министер, претседател Венизелос во Битола од еден балкон на „Широк сокак“ на Грците им одржал говор во кој меѓу другото истакна дека: „Многу жалиме што Монастир (Битола) не го добивме иако можевме да го имаме, но поради Солун ја жртвувавме Битола.“[100]

Според заклучениот договор од 6 август 1913 година новата граница помеѓу Србија и Грција е одредена вака: „Почетна точка е котата 2150 која граничи на југ со Горна Шкумба. Од таму границата продолжува по планинската верига Камне преку Мокра, јужно од селото Кервенак.

Границата потоа го заокружува Охридското Езеро, преминува помеѓу селата Брегозде и Бренесте; потоа котата 1100 поминува помеѓу селата Пискупие и Блаќе, на врвот Горица, преминува преку Мали Соте (кота 1573), кота 947 и Вакувца излегува на западниот брег на Преспанското Езеро, оставајќи го на Србите островот Голем Град, потоа преминува јужно од Долно Дупени, потоа преку котата 2000, 2094, 1988, поминува помеѓу Раково и Драгош, помеѓу Меџитлија и Негочани, помеѓу Кенали (Кременица) и Рахманли, и зема правец на височината непосредно источно од селото Кремјани, оставајќи го Рахманли на Грците, а Кремјани на Србите. Оттука границата оди јужно од селото Кремјани, потоа на исток по гребенот кој се вика Старков Гроб, доаѓа на котата 1944, преминува преку котата 2525, преку планината Ниџе кота 1700, кота 1760, 1440, 1058, 1431, височинката Блатец, 1656, 1673, 2058, 1929, 1744, 853, потоа излегува на Гисет - Балкани, кота 560, 241 и доаѓа на Вардар оставајќи го на

[99]АИНИ, Сл. 4, Штаб на Врховната команда, Полициско одделение, Пов. бр. 5329, 6 август 1913 година.
[100]Според усните кажувања на граѓанинот на Битола, Христо Секуловски, сега починат.

Грците селото Сеово. Границата потоа оди одма северно од ова село и преминувајќи го Вардар помеѓу селата Богородица и Мачуково, потоа помеѓу селата Селимли и Даути преку котата 535 и 227 го преминува езерото во правец на котата 208, а потоа на котата 397 и на гребенот Беласица."[101]

За состојбата на српско - грчката гранична линија повеќе документи ни зборуваат и за една друга појава - односно за бегањето на воени обврзници од српската војска, всушност на Македонци кои не сакале да служат воен рок во српската војска. Таквите лица се криеле и живееле нелегално, а одделни лица се префрлале преку граничните линии. Во оваа смисла било мошне акутно и прашањето за спречување на начинот и на патиштата за префрлување на оружје преку граничните линии.[102]

На српско - грчката гранична линија нерешено било и прашањето за земјоделските имоти кои биле разделени од двете страни на границата. Голем број на сопственици на имоти од двете страни на границата биле оневозможени да ги обработуваат нив. Жалби за решение на ова прашање постојано биле испраќани до соодветните фактори, меѓутоа тие или мошне бавно се решавале или воопшто не биле земени предвид.[103] При поставувањето на граничните линии низ македонската територија кога македонската етничка и географска територија била распокината, многу малку се водело сметка за имотот

---

[101] „Инспекторот ова да го достави до надлежните полициски власти и да им нареди својата власт да ја воспостават точно според овие граници, а оние кои се на места од спротивната страна на границата да се повлечат. Штаб на Врховната команда. Полициско одделение, Пов. ПБр. 5329, 6 август 1913, Скопје"

-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ..., 212.

-АИНИ, Сл. 4.

[102] Архив на Македонија, Дипломатски архив при Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Белград, фонд: Министарство иностраних послова Краљевине Србије, Политичко-просветно одељење, 1914, „П", ред 13.

[103] На истото место, „ПП", 1915, 7, „И", ред 182.

на луѓето покрај создадените граници. Завојувачите на македонската територија единствено мислеле за стратегиската положба на границата, а сè друго било споредно.

Целокупната трагедија на македонскиот народ во Македонија не била целосна, ако не го проследиме и масовното напуштање на родните огништа на стотици илјади луѓе кои пред теророт на завојувачите бегале од Македонија во странство или внатре во самата Македонија, барајќи посигурни засолништа.

Слична појава речиси и под исти услови станала и во Битолско - Леринскиот регион. Поголемиот дел од припадниците на влашкото малцинство од Битола и околните села,[104] како и Македонците патријаршисти под притисок на грчката пропаганда, а и од српската власт, по Букурешкиот мировен договор ги напуштале своите домови и се населувале во Лерин, Воден и Солун. Спротивно на ова, голем број македонски семејства од Леринската, Гуменџиската и Кукушката околија поради неповолните животни услови под грчката власт почнале да се преселуваат во Битолско и Гевгелиско кои биле под српска власт.

Така илјадници лица станале „емигранти" внатре во својата татковина, која останала раздробена со вештачки граници, подложена на денационализација од страна на новите - српски, бугарски и грчки завојувачи.

---

[104]Селата: Магарево, Трново, Маловиште, Нижеполе и Гопеш биле исклучиво населени од припадниците на влашкото малцинство.

## 3. Српскиот режим и односот на чиновништвото спрема месното население. Повикувањето на младинците на воена служба.

Трите сојузници уште од првите денови на завладувањето па и по Букурешкиот мировен договор, преку своите воено - полициски апарати воделе страотен режим на притисок врз македонскиот народ со цел за негова полна денационализација и асимилација. Суровите постапки станале законски „норми за Македонците“: масовно затворање на постојаните школи и цркви и принуда за посетување на српските училишта и цркви, со употреба на нивниот јазик, прогон на учители и свештеници,[105] и други интелектуалци и припадници на револуционерното движење на македонскиот народ против Турците.

Жесток терор за потпишување на специјални декларации во кои Македонците би се декларирале како Срби, и насилно менување на имината и презимината на „иќ“ и тн.[106] Видни граѓани и еснафлии од Битола власта ги затворила скоро цела недела, а потоа ги принудила в црква да прифат јавно дека ќе се презиваат на „иќ“.[107]

Сета ненародна политика, политика на насилство, денационализација, асимилација, била спроведувана од окупаторскиот воен, полициски и административен апарат. Така многу брзо биле создадени полициски и џандарски станици како потпора на окружните и околиските началници.

Предизвикувачки влијаел и односот на некои српски чиновници кон Македонците, посебно на оние што оптоварени од поранешните пропагандни борби во Македонија лошо се однесувале кон своите дотогашни противници. Не биле ретки случаите службени лица да ја користат својата позиција во административниот полицискиот и во

---

[105]Македонец, бел терор во Македонија, Македонски глас, стр.77-78, ИНИ, Скопје, 1968.
[106]„ Македонски глас“, бр. 7, стр. 192-193.
[107] Според усното кажување на граѓанинот на Битола, Христо Секуловски.

другите служби. Незадоволство од работата на началникот на Охридската околија, Шуменковиќ, во едно доверливо писмо искажал и началникот на Битолскиот округ, Душан Алимпиќ.[108] За Шуменковиќ е речено дека бил недоволно активен и енергичен. Затоа неопходно е што побрзо да се замени со младо и енергично лице. Исто така се истакнува незадоволство и од работата на началникот на Битолската околија, Јанко Константиновиќ, кој поради материјална незаситеност не уживал углед.

Покрај ваквите забелешки, во Битолската околија постоело оправдано незадоволство спрема началникот и неколкумина полициски писари. Видни и богати Турци од Битола лично го посетиле командантот на дивизијата во Битола, за да му обрнат внимание на тоа дека околискиот началник, Константиновиќ прима потпкуп. Иако, конкретни факти, од разбирливи причини, во вакви случаи не можеле да се покажат, сомневањата во неговата работа ги потврдил и самиот битолски околиски судија, Милан Јовановиќ, додека началникот на Штабот на дивизијата лично го видел околискиот началник како играл карти за пари.[109]

Полицискиот инспектор при Врховната команда, Милорад Вујичиќ, во распис укажал на фактот дека одделни чиновници во окрузите не се однесувале спрема луѓето така како што бара и диктира „интересот на службата и угледот на нашата земја и достоинството на редот“, дека „одделни чиновници не живеат меѓу себе онака како што им прилега на другари и воспитани луѓе“.[110] Меѓутоа мнозина од нив биле луѓе со сомнителни морални квалитети, подложни ма корупција и подлости во најшироки размери, па населението од Битола ги именувало „куфераши“, т.е. дошле да се збогатат преку земање на

---

[108]АИНИ, Сл. 4-405, Началството на Битолскиот округ, Дов.,27 април 1913 година.
[109]На истото место.
[110]Штабот на Врховната команда, Полициско одделение, П. бр. 1874 од 1 март 1913 година, Скопје; преписот на документот во АИНИ, Сл. 4 - 405.

мито. Исто така за нив важела поговорката често слушана во Битола: „Дојдоа со опинци, си отидоа со лаковани чевли.“[111]

Окружниот началник на Битола Бранислав Нушиќ, на крајот од 1912 година, за нормализација на работата на подрачните власти, издал бројни решенија и назначувања на полуписмени лица но „проверени и зготвени“ за новата должност во „ослободените“ краеви во општинските и полициските управи во Прилеп, Охрид, Битола и други места. Еден од нив бил и бившиот четнички војвода Ванѓел Димитријевиќ,[112] кој бил назначен на служба во Прилепското началство.[113]

Наспроти настојувањата на повисоките српски власти за воспоставување „ред“ и за уредно вршење на службените функции на сите административни и полициски лица, тоа не се постигнало. Бројот на злоупотребите од полициските и повисоките службени лица и поплаките поради нив не престанувале.

Граѓанските политички партии во врска со прашањето за режимот кој треба да се спроведе во „новоослободените“ краишта биле поделени. Народната партија барала уште построг режим за вардарскиот дел на Македонија, оправдувајќи го своето барање заради тешкото минато на Македонија, и затоа треба најнапред да се врати вербата во судот и администрацијата, да се подготви и да се обезбеди уставна и законска слобода на личноста и тн.[114]

Радикалната влада сметала дека буржоаско - демократскиот политички и правен поредок на Кралството Србија не може и не смее

---

[111]Творештвото на браќата Манаки, група автори, Матица македонска, Архив на Македонија, Скопје, 1996 година, 263.

[112]Ванѓел Димитријевиќ - Скопјанче, до 1912 година бил скретничар на белградската железничка станица, кога четничкиот војвода Војин Поповиќ-Вук му дал да командува едно одделение во неговиот четнижки одред. По Првата Балканска војна Ваѓел со своја чета дејствувал во Прилепско. Четата му била составена од проблематични богаташки синови, што ја одбегнувале српската регрутација од пролетта 1913 година. Ваѓел со четата го крстосувал Мариовско, каде населението го подложил на страотен терор.

[113]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 156.
-Мемоари Трбиќа..., том IV -V, 686 - 687.

[114]Драгослав Јанковиќ, Србија и Југословенско питање 1914 - 1915, Београд, 1973, 80 - 81.

одма да се прошири на „новоослободените“ краишта, нивното население не може и не смее да се изедначи во правото со населението на Кралството Србија. Затоа, за извесно време во тие краеви, со тоа население треба да се владее на основа на посебни и исклучителни уредби.[115]

Како и радикалите, така и „црноруковците“ биле за еден исклучителен режим во „новоослободените“ краеви подруг и построг од оној во Србија. „Црноруковците“, во тие области кои „на меч ги добиле“, барале да заведат режим на „цврста рака“, т.е. воен режим.[116]

Што се однесува пак до Српската социјадемократска странка, таа во Скупштината точно укажуваше на пљачкашкиот карактер на поделбата на Македонија која што ја извршиле балканските монархии. Говорејќи за вардарскиот дел на Македонија, социјалдемократскиот пратеник Т. Кацлеровиќ ја критикувал владината уредба дека „во основа е брутална“ како и владиното однесување со новите поданици кое „наликува на Бахов систем“. „Значи, не се отиде - рекол Кацлеровиќ, заради вистинско ослободување на тој свет, туку за да се добие повеќе територија, повеќе поданици, повеќе порески обврзници и да се добие излез на море (...).“ [117]

За српскиот режим во Македонија пишуваат и повеќе опозициони весници. Опозициониот белградски весник „Правда“ пишува: „Насслсписто во анектираните земји има многу помалку права сега одколку под турска власт.“[118]

Весникот „Новости“ дополнува дека населението во Македонија сега нема никакви права туку само обврски.[119]

На сите забелешки и критики, српската власт одговара дека

---

[115]На истото место, 78 - 79.

[116]Вучковиќ, Унутрашње кризе, 182 - 183.
-Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 85 - 86.

[117] Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 82.

[118]В. Правда, 28 септември 1913, Београд.

[119]В. Новости, 29 септември 1913 година, Београд.

„степенот на културата" на македонското население е низок, а „чувството за држава" не е доволно развиено заради што на тоа население не може да му се дадат политички права.[120]

Во Монастир (Битола), во втората половина на февруари 1913 година положбата уште повеќе се влошува. Началникот Бранислав Нушиќ, познатиот српски дрматург, поради својата умереност, бил заменет со друго лице кое им одговараше на тенденциите на воената власт и „црните чети". Насилствата кон одделни личности и произволните затварања продолжиле. Случајот со фамилијата Стамболџиеви, кои биле заклани во својот дом, предизвикало паника меѓу насенеието. Најголем притисок бил вршен врз свештениците и учителите со цел да се откажат и да се декларираат како Срби.[121] Во јули месец 1913 година повеќе од 600 души биле затворени во Битола.[122]

Од Битолскиот регион селата Цапари, Ѓавато и Српци беа особено засегнати од српскиот режим. Најригорозно постапила српската власт во селото Цапари. Барајќи оружје во ова село на 29.04.1913 година „...околискиот началник Јанко Константиновиќ заедно со поручникот Михајло Мирковиќ, член на Црната рака, придружени уште со двајца српски војводи, со 60 души стражари и една чета војници го опседнуваат Цапари, ги собираат сите мажи и им предлагаат... да го пријават сето оружје што било сокриено во селото. Кога такво не нашле ги подложиле селскиот свештеник и првенците, како и голем дел од селаните... на мачење... Христо К. Велов, Трајче Ташков, Лазе Василев, Христо Котев, Насе Гечев, Иванче П. Трајков, Петре К. Пркев, Апостол Штатев и Наум Василев..."[123] Споменатите по мачењето ги затвориле заедно со други селани во затворски самици. Од мачењето Насе Гечев, бивш селски војвода во Илинденското

[120]Карнегиевата анкета, 94.
[121]Докладъ на Карнегиевата комисия..., 117.
[122]На истото место.
[123]Прличевъ К., Сръбският режимъ и революционната борба въ Македония (1912-1915 година), София, 1917, 19-20.

востание, починал на 14 мај во битолскиот затвор.

На 1 мај истите лица на власта пак дошле во селото Цапари. На 2 мај тие, од свештеникот Спиро Димитров и неговиот презвитер ја барале да им ја предадат старата револуционерна архива од Илинденското востание, додека на селаните Нашо Наумов, Иван Трпов и Спиро Танчев им зеле по неколку наполеони во замена да го избегнат затворот. Во селото на Ѓорѓи Димитров истите лица му удриле 40 удари со стап, а 25 со камшик по гол грб и стомак.

За тоа како се однесувала српската окупациона власт во Битолскиот регион ни сведочат повеќе примери. На 17 јуни 1913 година српската власт во Битола затворила 9 души македонски основни учители од градските училишта, 10 души од класните училишта во градот, окружниот училишен инспектор Александар Развигоров од Штип, околискиот училишен инспектор Ахил Минџов од Охрид, секретарот на Битолската „бугарска" митрополија Спиро Мирчев од Прилеп, архиварот на истата Иван Петров од Битола, свештеникот поп Иван, попот Анастасов од Охрид, како и 7 души основни учители во околијата. Сите беа повикани од власта да станат српски учители и чиновници; за таа цел им била дадена готова декларација која требало само да ја потпишат; бидејќи скоро сите одбиле истата да ја потпишат, тие се обиделе да ги заплашат со стрелање. Кога и тоа не им успеало, на 13 јули истата година сите биле интернирани во Бугарија, а за време на целиот пат биле подложувани на страшни маки и потсмев. На 20 јуни 1913 година во градот беа затворени уште 87 души првенци на градот: свештеници, трговци, еден доктор (Чкатров), еден аптекар (Крсте Франгов) каде биле задржани цел месец, до 20 јули истата година, со исклучок на Владо Јосифов, кој го задржале до 18 август 1914 година, Васил Мазаров, ослободен бил дури на 15 септември 1915 година во градот Поградец, после српското стапување. А целата „бугарска" фамилија Стамболџиеви била заклана една вечер среде

Битола од Србите како пример и закана на отпорните „Бугари“ во градот. После тоа во Битола убиени се уште Никола Кузев, Ванѓел Црномаров, Илија Јосифов и Петар Стојков од градот; Веле Мицев од с. Беранци, Нове Ангелов и Крсто Христов од с. Ивањевци, Србин Стрезов од с. Крстоар, Митре Црклев и Китан Крстев од с. Путурус; Наум Колев, Гуле Колев и Павле Христов од с. Кукуречани, Секула Ѓеорѓиев, Марко Петров и Стојан Талев од с. Могила; Стојан Талев и Христо Кузев од с. Беранци; Цветко Иванов од с. Облаково; Коте Степанов од с. Стругово, Начо Дамчевски од с. Крклино; јеромонахот Козма, егумен на манастирот „Св.Петар“ од с. Смилево; свештеникот Иилја поп Наумов и Петар Најдов од с. Лопатица; Спиро Танев и Гоше Иванов од с. Лера; Стојан Марков од с. Рамна; Лазар Пурдов, Илија Четелев и Блаже Рашајков од с. Ѓавато. Сите тие жртви од Битолско претходно биле затворени во битолскиот затвор; таму биле грозно измачувани а потоа водени во групи од 5 - 6 души секоја вечер и убивани, и закопувани во месноста Девеани (денешен Довлеџик) и други места блиску до градот. Само Илија Јосифов од Охрид, поранешен четник бил убиен на патот меѓу Прилеп и Велес на планината Бабуна.[124]

Немало ден, а да не биде некој Македонец затворен (посебно од месноста Јени маало) а навечер биле убивани во месноста Бимбиљ камен.“[125]

Еве уште една преписка за положбата во Битола испратена на 14 октомври 1913 година од Битола до Виена преку Солун:

„Градот Битола речиси наполно е опкружен од воен кордон. Мерките на Србите се сè подраконски, како да се плашат од секакво раздвижување меѓу населението... Властите сакаат да ги принудат Македонците да ги испраќаат децата во српските училишта

---

[124]Прличевъ К., цит. дело, 19-20.
[125]Според усното кажување на граѓанинот на Битола, Христо Секуловски.

(бугарските училишта се затворени) за таа цел полицијата оди од куќа на куќа и го предупредуваат населението доколку не ги испраќаат децата во српските училишта родителите ќе бидат казнети... Оние кои ќе ги испраќаат децата да учат во други училишта без знаење на власта, ќе платат по 600 франкови. Младите луѓе на возраст помеѓу 19 и 30 години немаат право да ја напуштат земјата."[126]

Едно друго јавување од Битола, поместено во бугарскиот весник „Мир" од 29 ноември 1913 година вели:„На 25 ноември 51 „бугарски селани" беа убиени во квартот „Бумба" и уште еден селанец во „Ченгел Караколе" од самите власти. Практиката на полицијата е да ги ограбува селаните кога обично се враќаат од пазар, откако ќе ја продадат стоката или ќе си купат нешто. Исчезнале селани од селата: Острилци, Ивањевци, Рувци, Бела Црква, Воѓани и Беранци. Во Крушево е извршен колеж на пет души. Во Острилци бројот на убиените е девет души; во Ивањевци осум, во Беранци девет, Српци седум, во Обршани четири и во Подино три."[127]

На 1 ноември, еден бугарски весник пишуваше дека имало 88 учители, кои дошле од Стара Србија и биле назначени во поранешните бугарски училишта (21 во Скопје, 19 во Битола, 7 во Прилеп, 10 во Куманово, 6 во Охрид, 25 во Велес).[128]

На 14 ноември „Serbische Correspondenenz" пишува дека имало 200 кандидати со професионална квалификација од Хрватска и Унгарија готови да преминат на работа во „Нова Србија".[129]

Положбата во вардарскиот дел на Македонија не се стабилизирала туку уште повеќе се влошила и од вооружената инфилтрација на врховистичките чети што преминувале од Бугарија во деловите од Македонија под српска власт, кои, вршејќи провокации и

[126]Другите Балкански войни, София, 1995, 171.
[127]На истото место, 171.
[128]На истото место, 172.
[129]На истото место, 172-173.

терористички акции ги предизвикувале српските воени и полициски власти и четниците од т.н. „Народна одбрана“ на жестоките погроми и одмазднички репресалии над македонското население и останатите народности во Македонија.[130]

Српските окупатори знаејќи дека за регрутацијата немаат речиси никакви морални ни правни услови, бидејќи Македонија се сметала за окупирана, војната не била уште завршена, анексијата не била спроведена, и дека според меѓународните норми и Хашките конвенции од 1898/1907 година „за време на окупација окупаторот е привремен администратор на територијата..., нема право на регрутација и не смее жителите на окупираната територија да ги смета за свои државјани,“[131] српските власти во вардарскиот дел на Македонија, наместо регрутација, а со цел да ги избегне меѓународните реперкусии започнала „со сила“ да запишува „доброволци“ во армијата. Специјалните комисии за регрутација на македонската младина во српската војска соработувале со окружните, околиските и месните команди. Во вардарскиот дел на Македонија биле формирани три баталјони. Мобилизираните младинци од Битолскиот регион биле одредени во Третиот баталјон.[132]

Карактеристично е што во доброволечките чети покрај христијани, поранешни четници во српските чети, првенствено биле примени Турци и Албанци што дотогаш служеле во отоманската

---

[130]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 192-193.

[131]Иако со Кралски указ од 20.11.1913 година, Македонија „присоединета кон Кралството Србија“ и добила „своја национална“ управа, со што требало да престане окупациониот статус, сепак може да се тврди дека овој акт на анексија останал само формален акт нереализиран на теренот и непризнаен во меѓународните односи и српската „национална“ управа во Македонија, си останала и натаму чисто окупаторска со изрази на најжестока колонијална управа и експлоатација, што се гледа и од официјалното постоење на „Специјалната уредба“ од 1912 година, која всушност останала како единствен закон во Македонија, со што пак „Указот“ за анексијата како уставен акт останал без никаква вредност, (Д-р Милан Бартош, Међународно јавно право, Београд, 1951, 424 - 426; и Карнегиевата комисия, цит. дело, 170). Може едно да се согледа дека српските окупатори не почитувале никакви меѓународни права и обичаи и бесправно ги регрутирале Македонците во својата војска и дури ги терале да се борат против своите најблиски (браќа и роднини). На ист начин биле регрутирани и од бугарските окупатори во Македонија.

[132]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 93.

војска, со право да ги задржат дури и воените чинови. Таа практика требало да покаже еден нов однос на српските власти кон муслиманите, да ја разбие нивната недоверба и одбивност кон српските власти, да се воспостават поблиски контакти меѓу едните и другите. Меѓутоа од друга страна, оваа практика всушност одела и кон продлабочување на јазот меѓу христијанското, односно македонското население, што на српските власти во тогашните општествено - политички прилики им одговарало.[133]

Акцијата за запишување на „доброволци“ не ја прифатиле еднакво сите народности во вардарскиот дел од Македонија. Прифаќањето и одбивањето на оваа акција зависело од повеќе фактори. Иако била спроведена широка агитација како кај Македонците, така и кај Албанците, Турците и Власите, акцијата немала еднаков одзив. Пред сите оваа акција била поставена како проверка на лојалноста спрема српската власт, со апели кон некаков патриотизам спрема „ослободителите“. Оваа мерка кај македонското население во Преспанската околија предизвикала мошне непријатен впечаток. Властите во заземените краишта на вардарскиот дел на Македонија ја прифатиле мошне рамнодушно, па од нив не можело да се очекува запишување во доброволечките одреди. Кај одделни Турци во Преспанската околија акцијата предизвикала исклучителен впечаток. Од извештајот на ресенскиот околиски началник испратен до окружниот началник во Битола се вели: „Соопштението дека од христијаните се бара и дека тоа им е должност, нас како свои ослободители да не нѐ помогнат со тоа што ќе се запишат како доброволци... направило мошне непријатен впечаток. Поради тактичност и воздржување, да не кажат нешто што би можело да се земе како доказ на нелојалност спрема нас, не можеле да се воздржат а да не го кажат и ова:„Ние имаме свои синови и браќа кои се војници

[133]Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје, 1981, 53.

или офицери во бугарската војска, и ако сега овие синови кои се дома, ги дадеме како српски доброволци, тие во случај на војна со Бугарија, ќе пукаат на своите браќа, а тоа не би требало од нас да го барате... Грците и Власите ова соопштение го примиле рамнодушно. Од нив немаме што да се надеваме. јас се сомневам дека тие би се запишале како доброволци, дури и Грција ако би ги повикала. На Турците соопштението оставило мошне добар впечаток. Ќе настојувам бројот на христијаните да одговара сразмерно на бројот на Турците и Шиптарите бидејќи за нас може да настапи пак непријатност, со ова да се утврди дека за нашето дело се само Турците и Шиптарите, а дека словените се против нас, што за нас би било мошне незгодно."[134]

Во еден друг извештај од битолскиот началник до Врховната команда за полициско одделение се соопштува:„Со молба на знаење, Ресен е место со пробугарски ориентирано население - родното место на министерот Љапчев[135] и со тоа не треба да се чудиме што неговото христијанско население ја прими непријатната вест за собирање на „доброволци". Нема сомнение дека и населението по селата во Преспанската околија за оваа работа нема да биде расположено."[136]

Несакањето на Македонците да служат во српската војска се гледа и од другите телеграми, писма и извештаи од повеќето околиски и окружни началници од заземените територии на вардарскиот дел на Македонија.

Окружниот началник на Битолскиот округ Душан Алимпиќ јавувал дека од Преспанската и Охридската околија како и од градот Битола, биле собрани и испратени за Скопје само за 500

[134]Писмо на околискиот началник од Ресен од 24 мај 1913 година до окружниот началник на Битола, Институт за национална историја, Скопје, Сл. 4 - 405.

[135]Љапчев Андреј (1866 - 1933), бугарски државник и политичар, основач на групата партија Демократически заговор; претседател на Министерскиот совет 1926 - 1931 година.

[136]АИНИ, Скопје, Сл. 4 - 405, Началникот на Преспанската околија со доверливо писмо од 24 мај 1913 година го известил окружниот началник во Би тола.

„доброволци".[137] Во потврда на оваа констатација е и фактот што од Битола како „доборoволци" се запишале 185 лица, главно Турци и Албанци, додека само 30 Македонци.[138] Така, оваа акција, наспорти преземените мерки од страна на српските власти не ги дале очекуваните резултати ни кај македонското, ни кај албанското, ниту пак кај турското и влашкото население. Малиот број пријавени доброволци ни оддалеку не ги задоволувал српските власти.

Дека српските власти не избираат средства насилно да ги натераат младинците да се запишат во војска, може да се види и од настанот кој се случил во селото Цапари, Битолско.Незадоволните селани врз чии синови се вршело притисок да се запишат за доброволци во српската армија, формирале една делегација од селото која слегла во Битола и се пожалила кај рускиот конзул. Меѓутоа, конзулот ги поткажал кај власта па така еден дел од делегацијата што не се засолнал навреме биле затворени. Тоа биле Марко Колев, Митре Чорбев и Гоше Ангелов. Тие во затворот биле од 9 јуни до 15 јули 1913 година.[139]

Македонската младина со цел да ја избегне регрутацијата се сокривала од воените власти „пребегнувале надвор од границите за Албанија и Грција, а потоа во Бугарија и САД". Многу видни граѓани нудат откуп,[140] како и во дезертирање од самите единици, за што ќе стане збор понатаму.

Така бројката на сокриените во Ресен и Ресенско достигнала до 100 души, кои останале во планината, а 440 души преку Албанија и Грција заминале за Бугарија; од село Смилево, Битолско се сокриле во планината 90 души; од село Гопеш 80 души; од село Цапари 50 души, а

---

[137]АИНИ, Шифрирано писмо од окружниот началник на Битолскиот округ од 20 септември 1913 година.
[138]На истото место, Сл.4 - 405, Доверливо писмо на окружниот началник Д. Антиќ, од 24 мај 1913 година.
[139]Пpличевъ Кирил, Србъският режим и революционната борба въ Македония, София, 1917, 20.
[140]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 220-221.

стотина избегале преку Грција и Албанија за Бугарија и САД; од село Српци сокриени 30 души, а потоа преку Грција и Албанија избегале за Америка. Од Битолска околија се сокриле уште од село Стругово 3 души, од село Загорче едн, од село Боиште двајца, од село Крклино 6, од Лавци двајца, од село Драгарино два, од село Црнобуки 6, од кои двајца после биле фатени, од село Могила седум, од кои Илија Талев фатен во Грција и вратен на Србите, од село Облаково 15 души и од село Кукуречани 20 души.[141]

Како што се гледа од горенаведеното „доброволното запишување" на Македонците, Турците и Албанците во српската војска не успеало. Командантот на Третата армија, генерал Божо Јанковиќ во врска со доброволците, својот извештај го завршил со мислење дека „овие доброволци не само што не се употребливи, туку би биле и штетни и дека треба да се распуштат по своите куќи и повеќе да не се земаат доброволци."[142] Натамошното постоење на доброволечкиот полк не е извесно.

По примањето на првите административни акти, по направените списоци и слично, македонските младинци биле повикани да служат воен рок во српската војска и при тоа да се заколнуваат на верност на Кралот Петар I. Меѓутоа меѓу македонските младинци се појавил отворен револт и антисрпски движења дури и во воените касарни. Така регрутите од градовите Кочани и Штип при примањето на воената заклетва во градот Крагуевац, покажале отворен револт и антисрпски став.[143] Такво однесување покажале и регрутите од Прилеп и од месноста Варош, Марковиот град.[144]

[141]Прличевъ Кирил, цит. дело, 59-60.
[142]Архив на Македонија, Скопје, АВИИ, поп. 2, к. 1, заповед на ВК бр. 6132 од мај 1913 година, операциски дневници, 1252-1255. Извештај на Штабот на Третата армија бр. 2907 (цит. дело од д-р Петар Стојанов, Македонија во времето..., 95.
[143]Архив на Македонија, Скопје, Дипломатски архив при Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Белград, фонд: Министарство иностраних дела-Просветно одељење, 1914, 8 „З", ред 376; ЦДА-Софија, фонд 313, оп.1, а.е. 2278.
[144]АМ, ДАСНР, фонд: Министарство иностраних дела-ППО, 1914, I, 25 „Р", ред 469.

## 4. Подготовки за колонизација на Македонија во врска со Уредбата за населување од 20.II.1914 година на Кралството Србија

Аграрното прашање е едно од најважните и нерешени прашања во Македонија до Балканските војни. За време на османското владеење и со Младотурската револуција селаните сѐ уште останале во зависна положба. Се претпоставувало дека 90 % од обработливата земја во заземените краишта се наоѓала во сопственост на чифликсајбиите. Според други тврдења тој процент не изнесувал повеќе од 60%.[145]

Општа констатација на општествено-политичките и стопанските фактори била дека аграрните односи се наоѓале во жална состојба.[146] Оправданите желби и надежи на македонските селани дека со победата на балканските држави над феудална Турција ќе се изврши аграрна реформа не се исполниле дури ни на начин како тоа прашање било решено во метрополите на земјите победнички во Балканските војни со укинување на поседите и давање на земјата на селаните кои што непосредно ја работеле.[147] Па оттука требало да се очекува дека Кралството Србија веднаш по завршувањето на Балканските војни без одлагање да се зафати со решавање на аграрното прашање во вардарскиот дел од Македонија.

Балканските сојузници помогнале Турците да бидат истерани од Македонија, но не му донеле слобода на македонскиот народ, ниту пак ослободување од феудализмот. Нерешеното аграрно прашање предизвикало големо незадоволство кај македонскиот зависен селанец. Нивните обврски спрема чифликсајбиите останале и по укинувањето

[145]Јаша Томиќ, Сеобе у Србији и чија да буде земља у ослобођеним српским крајевима, Београд, 1914, 57.
[146]На истото место, 51.
[147]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје,1965, 28 - 29.

на османлискиот систем на владеењето во Македонија.[148] Иако во своите прокламации српските владејачки кругови уште на почетокот на војната широкоградно ветувале дека на поробените браќа ќе им ја предадат земјата што турските феудалци со векови ја присвојувале, но тие тоа не го помислувале да го направат.

Секако дека ваквата неправда спрема македонскиот селанец предизвикала спонтан и стихиен револт при што во многу места македонските села се обиделе аграрното прашање да го решат на свој начин, т.е. да ја присвојат и да ја задржат земјата која до вчера ја обработувале за турските феудалци. Оваа појава, насилно земање на земјата од самите македонски селани без одобрение на властите дошла до најсилен израз до Битолскиот и Скопскиот округ.[149] „Македонските и Старосрбијанците откажале да плаќаат хак на своите чифликсајбии... и агата не смеел да оди меѓу огорчените чифчии на крајот на жетвата да ја одреди својата третина."[150]

За ваквите истапувања на незадоволните селани често пати дознаваме и од извештаите на окружните началници. Така битолскиот окружен началник во својот извештај не изоставил да напомене дека поголемиот дел од површината на земјата во Округот се наоѓа во рацете на чифлисајбиите (Турците).[151]

Понатаму началникот Алимпиќ зборува дека чифликсајбиите почнале да прибегнуваат кон дотогаш новообичаени мерки. За тие да ја користат земјата и натаму, а да не се замерат со селаните, земјата претежно ја давале под закуп на половина. Затоа истакнува окружниот началник дека една од првите должности на државата по извршената анексија на овие краишта требало да биде решението

[148]Драгослав Јанковиќ, Србија и Југословенско питање 1914-1915, Београд, 1973, 80.
[149]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 224.
[150]Херман Вендел, Борба Југословена за слободу и јединство, Београд, (без година), 701.
[151]Д-р Глигор Тодоровски, Извештај за Битолскиот округ од 1913..., 283.

на аграрното прашање, бидејќи без тоа не можело да има напредок и полет во овој крај.

Да не би се правеле злоупотреби со откупот на неподвижниот имот и да не се изигра во таа смисла чл. 55 од Уредбата за уредување на ослободените краеви, Министерството за внатрешни работи од сите окружни началници за преземање мерки за заштита на „правата на чифликсајбиите во заземените краишта во кое се вели: „Им наредувам на полициските власти, без мое претходно одобрение да не потврдуваат никакви договори ни други исправи, кои се однесуваат на закуп на неподвижни имоти во новоослобоените краеви“[152]

Српските власти биле далеку од намерата да го решат аграрното прашање во корист на македонскиот селанец. Напротив, аграрното прашање требало да им послужи за завојувачки и денационализаторски цели во вардарскиот дел на Македонија. Аграрното прашање т.е. напуштената земја, станала трансмисија за изведување на српската колонизаторска политика во вардарскиот дел на Македонија. Поголемиот дел од земјишниот фонд од рацете на турските феудалци преминал во рацете на српските капиталисти и сопственици, уште со нивното стапување во вардарскиот дел на Македонија, а останатиот дел требало да се раздели на српските колонисти што требало да се населат тука заради слабеење и распарчување на целоста на македонската етничка маса. Колонистичките населби требало да станат жаришта за денационализација и асимилација на македонскиот народ.[153]

---

[152]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 - 1914 година..., 245.

[153]Според „Уредбата за колонизација на новите области“, право на преселување им било дадено на сите Срби, српски поданици, и на Срби и Словени, поданици на странска држава од 16 до 60 годишна возраст. Секоја колонизирана фамилија во Македонија добивала земја не помалку од 5 хектари, со потполно ослободување од даноци во рок од 15 години. По истекот на овој рок, земјата станувала сопственост на населеникот или колонистот. Ако во семејството имало повеќе машки членови од над 16 години, тогаш кон целокупната земја се додавале уште под 2 хектара за секој машки член.

-Разграбување на македонските земји, М.Г., бр.9, 240.

-Српската колонизација на Македонија, М.Г., бр.7, 191 - 192..

Само што стапнале во вардарскиот дел на Македонија српските власти ја известија јавноста дека има огромни површини земја на која треба да се населат семејства од Србија. Сè уште незамолкнати воените орудија, почнале да доаѓаат во вардарскиот дел на Македонија, да купуваат земјоделски имоти и да се населуваат на купената земја. Така биле закупени чифлички земји и околу Прилеп и околу Битола.[154] Но каква била состојбата на расположивата земја во европска Турција приближна слика ни дава една турска статистика наведена од Јаша Томиќ. Според неа: 27% од земјата била обработлива; 25% гори; 15% ливади и 33% необработена површина.[155] Дури и Никола Пашиќ, тогашен претседател на Кралството Србија иако строго забранил купување на чифличка земја во новите краишта, меѓутоа и самиот за многу ниски цени купувал чифлици.[156]

Уште пред да се донесе Уредбата за населување на вардарскиот дел на Македонија, Јаша Томиќ правилно расудуваше кога вели:„Треба да се види колку има плодна земја и чија е? Бидејќи таму во времето на турското ропство голем дел од земјата грабната е од селаните неправедно. Да се види која од таа земја е државна? Дали Србија ќе го задржи правото на првенство при купувањето земја? како ќе се реши кметското прашање? Како ќе се дозволи населувањето и под кои услови?“[157]

Со цел да се обезбеди обработка на напуштената земја, за да го изменат националниот состав на населението во осовоените краишта, а и со веќе планираната колонизација од страна на државата беше донесена Уредба за населување на новоослободените и присоединетите области на Кралството Србија од 20 февруари 1914 година. Врз основа на чл. 2 од Уредбата од сите окружни началници биле побарани точни

---

[154]Драгослав Јанковиќ, Србија и Југословенско питање..., 80.
[155]На истото место.
[156]На истото место.
[157]Зборник Уредаба за новоослобоѓене и присаједињене области, Београд, 1915, 107.

податоци за напуштената државна земја во новите краишта за истата да биде населена.[158] Предвиденото населување на тие површини претставувало една од мерките за решавање на тој проблем. Разбирливо, решението на ова прашање по пат на населување има и политички мотиви, покрај потребата за активирање на напуштените големи комплекси земја.

Во чл.8 од Уредбата се вели дека напуштената и слободната државна земмја ќе им се доделува првенствено на „домородците од новоослободените краишта", потоа на граѓани од старите граници на Кралството Србија и најпосле српското и словенското на селение од странство."[159]

Ова било повод прашањето со напуштените имоти да се решава по пат на населување на сиромашни селани од старите граници на Србија. Од Тимочкиот, Ужичкиот и Подринскиот округ.[160] Во некои документи од 1913 и 1914 година се третира прашањето за населување на Срби од Босна и Херцеговина односно од Австро - Унгарија, во „новоослободените краишта".[161] Во еден друг документ според Министерството за надворешни работи се спомнуваат српски селани од Галиполе (на Мраморно море) и нивно населување во Србија, односно во „новоослободените краишта".[162]

Колонизацијата во вардарскиот дел на Македонија привлекуваше емигранти: Срби, Хрвати од Далмација и други кои инаку ќе тргнеа за Америка. „Оваа постапка комбинирано со протерување на бугарски елементи (всушност македонски кои биле под влијание на бугарската пропаганда) требало брзо да ги србизира присоединетите области"

[158]Зборник Уредаба за новоослобоѓених..., 107.
[159]Зборник Уредаба за новоослобоѓених..., 110.
[160]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 - 1914..., 18.
[161]АМ, Скопје, Дипломатски архив на Сојузниот секретаријат за надворешни работи, Белград, фонд: Министарство иностраних послова - политичко - просветно одељење, 1914, 15 „И", ред 360, 1/2.
[162]На истото место, И, 43, „С", ред 384.

вели еден јавен француски работник.[163]

Тактиката на Србите истовремено се насочува и кон друга страна - кон колонизација на новите земји, главно на непокорната и неспокојна Македонија, со српски елемент. Србите не ги вознемирува фактот што во вардарскиот дел на Македонија веќе нема слободни земји; востановениот поредок од српската покраинска управа, кој му дава широк простор на самоволието на месните власти, во најкусо време ќе доведе до тоа што сите за Србите непожелни лица ќе бидат обвинети или претепани без суд и испитувања, или ќе бидат принудени да бегаат од родните места. Ете, токму нивните земји ќе им се дадат на српските доселеници, колонизатори кои веќе ги врбуваат во разни места.[164]

Само што се направиле првите подготовки за населување во вардарскиот дел на Македонија, започнала војната меѓу Србија и Австро-Унгарија (28 јули 1914 година).[165]

Во 1913 и 1914 година се пријавија приличен број Срби од различни краишта на Кралството, од Австро-Унгарија и Америка за населување во вардарскиот дел на Македонија. Инаку, се успеа само да се извршат подготовки за населување на 12.000 семејства на целата нова територија (заедно со Косово).[166]

Населувањето на лица што живееле надвор од Македонија била една од формите за асимилација на „новите области" и создавање поцврста потпора за формираниот нов поредок во вардарскиот дел на Македонија.

[163]Edmond Bouchier, de Belle „La Macédoine et les Macédoniens", Paris, 1922, p. 98.
[164]Зборник Уредаба..., 114.
[165]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија..., 39.
[166]М. Зебиќ, Унутрашња колонизација у вези аграрне реформе, Алманах Удружења правника, Београд, 1920, 31.

## 5. Отпорот на населението против српските власти

Македонските народни маси уште од првите денови на угнетувањето на српската власт во вардарскиот дел на Македонија, почнале да даваат пасивен отпор против нивните мерки и наредби.

Во рамките на отпорот и борбата на македонскиот народ против поделбата и поробувањето, најзначајно место зазема акцијата на група Македонци околу списанието „Македонский Голосъ" што излегувало во 1913/1914 година во Петроград во Русија.[167] Групата ја сочинувале Димитрие Чуповски, Ѓорѓи Н. Ѓорѓов, д-р Гаврил Константиновиќ, инг. Ј. Ѓоргов, Наце Димов, и други видни претставници на македонската колонија во Петроград. На чело на групата стоел и бил главен уредник на списанието Димитрие Чуповски, по потекло од истакната фамилија на македонски револуционери - автономисти, од велешкото село Папрадиште. Чуповски во зимата на 1912/1913 во деновите на утврдувањето на власта на трите нови поробувачи на власта, се обидел да организира отпор против нив. Истакнувајќи го фактот дека во војната против Турција со останатите балкански војски учествувале илјадници Македонци како рамноправни сојузници, барал тој пак сојузниците да го признаат и да му овозможат на македонскиот народ да си создаде своја независна македонска држава.[168]

Димитрие Чуповски уште на пат за Македонија во Софија, во крајот на ноември 1912 година, ја иницирал „идејата - Македонците да ја преземат акцијата за издејствување на автономија на Македонија, и нејзино претварање во една од членки на Балканската федерација". За време на својот краток престој во Македонија (Скопје и Велес) во почетокот на декември 1912 година, токму во времето кога војските на

[167]Македонски глас (Македонский Голосъ, орган на приврзаниците на независна Македонија, 1913-1914, превод од руски. Издание на Инситутот за национална историја, Скопје, 1968 (натаму: М.Г.).
[168]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 119 - 120.

Србија, Бугарија и Грција навлегле во Македонија извршувале нејзино фактичко окупирање, тој во непосредна соработка со истакнати македонски револуционери демократи: Петар поп Арсов, Ризо Ризов, Јордан Шурков, Иван поп Јорданов, Алексо Мартулков[169] и други, организирал еден вид договорна општомакедонска конференција со цел да ја спречат поделбата на Македонија односно да покренат организирана акција во Македонија[170] и меѓу европската јавност за повлекување на окупаторските војски од Македонија, признавање на македонскиот народ на самоопределување и создавање на сопствена македонска држава во рамките на балканската федерација.[171] Започнатата акција на Чуповски била прифатена и пренесена во Солун и Битола каде Ризо Ризов и Павел Шатев започнале да собираат приврзаници и активисти за спроведување на идејата и акцијата на Чуповски и на останатите од Велес и Скопје.[172] За реализацијата на оваа цел се предвидувало да се формира една македонска делегација, која требало специјално да замине во Лондон на мировната конференција, за да бара создавање на слободна македонска држава во нејзините природни и етнички граници. Но во екот на незиното реализирање, организаторите на чело со Чуповски биле будно следени, а потоа и протерани од вардарскиот дел на Македонија од страна на српските власти.

Димитрие Чуповски и други македонски прогресивни дејци во Русија кои во меѓувреме престојувале во Македонија биле протерани од неа, како што истакнавме погоре, од страна на органите од соседните буржоаски држави чии војски де факто ја окупирале Македонија на

[169]М.Г., предговорот, 14.

- Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954, 265 - 266.

[170]Како резултат на тој заклучок Ризо Ризов и Павел Шатев развиле таква дејност и во Солун. Токму во воа време е и акцијата на Јане Сандански во Солун за „наздравување“ за автономијата на македонија пред бугарските офицери кои потоа жестоко се нафрлиле врз него.

[171]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 119 - 120.

-Историја на македонскиот народ, книга II, Скопје, 1969, 369 - 370.

[172]Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните ..., 265 - 266.

крајот од 1912 година. Меѓутоа, нивната дејност на линија за заштита и афирмација на борбата на македонскиот народ за слобода и за создавање на своја национална држава не престанаа.

Македонските прогресивни дејци и дотогаш афирмирани како легитимни претставници на македонскиот народ, како истакнати патриоти и револуционери, како борци за слобода и запазување на целоста на Македонија, остро ја осудувале завојувачката поделеничка акција на балканските сојузници, кои Македонија не ја ослободија, туку ја поробија.[173]

Особено значење во афирмацијата и заштитата на праведните стремежи, мисли и желби на Македонците во зачувување во целоста на Македонија и нејзиното државно-правно оформување за самостојна држава во рамките на еден сојуз на балканските држави имаат двата Меморандума, што водачите на македонската колонија ги поднеле до европската и балканската општественост и посебно издавањето на нивниот орган „Македонский Голосъ" (Македонски глас). Првиот Меморандум е усвоен од страна на едно собрание на претставниците на македонската колонија во Петроград кој во почетокот на март 1913 година бил испратен до Лондонската конференција на големите сили, чии претставници воделе преговори со претставниците на балканските држави и Турција. Во Меморандумот се истакнувало дека со децении пред Балканската војна македонскот прашање било на дневен ред на европската политика и дипломатија и претставувало извор за посотјани грижи и безспокојства како за Европа така и за преродбата на Турција, а и за самиот македонски народ, кој упорно се борел за својата слобода. Во Меморандумот се истакнувало дека Македонија располага со сите природни и историски права за самоопределување, бидејќи со векови била самостојна политичка

---

[173]Д. Чуповски, Македонија и Македонците, М.Г., бр. 1, 34-48.
-Блаже Ристовски, Димитрие Чуповски (1878-1940), Скопје, 56.

единица, или цела влегувала во состав на друга држава. Нејзината географска целост се определувала од граничните планински венци и системот на плодородните полиња меѓу нив што ја обусловувале нејзината економска целост и неделивост. И по состав на населението Македонија претставува една целина, бидејќи две третини од целокупното население го претставувале Македонците, по потекло Словени. Посебно се истакнувала и борбата на македонскиот народ за ослободување и неговата посебна улога во војната со Турција, во која учествувале илјадници македонски доброволци кои многу им помогнале на бугарските, грчките и српските сојузници во битките за изгонувањето на Турците од Македонија.[174]

Вториот Меморандум бил испратен на 2 јуни 1913 година до владите и општествената јавност на сојузничките балкански држави, кои заради Македонија се наоѓале во состојба на непосредно воено судрување. Во него уште пошироко се образложува потребата од праведното барање на македонскиот народ на самостојност и уште подецидно се определува статусот на Македонија како независна држава во рамките на една федеративна заедница на рамноправни и суверени балкански држави.[175] Македонците од Петроград својот втор Меморандум го завршувале со изрази на надеж дека сојузниците ќе помогнат да се создаде македонска самостојна држава.

И покрај неуспесите со Меморандумите, македонските родољуби и Чуповски не се откажале од борбата за остварување на правото на македонскиот народ за самоопределување и за создавање на своја национална држава. Акцијата на Чуповски ја прифатиле и други Македонци.

Значајна улога на планот на вистинските македонски национал-

[174]Зборник на документи за создавање на македонската државност (1893 - 1944). (Редакција Александар Христов), Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј", 1970, док. 69, 248.
[175]Меморандум на Македонците до владите и општественото мнение на сојузните балкански држави, М.Г., бр.1, 52 - 55.

ни желби и стремежи и на заштита на интересите на македонската нација, односно одбрана на нејзината целост и правото на национално самоопредеелување имал органот на македонската колонија во Петроград „Македонский Голосъ“ („Македонски глас“) што се издавал под форма на списание на приврзаниците на независна Македонија.[176]

Трагичните настани со поробувањето и поделбата на Македонија ги покренале и сите патриотски сили на македонската емиграција и во Америка. Чикашката организација на македонската емиграција, во почетокот на есента 1913 година, испратила апел до сите Македонци што во тоа време живееле во Америка и Канада. Во апелот се истакнувала потребата од продложувањето борбата на македонскиот народ за извојување полна слобода и автономија. Во името на тој принцип се повикувале сите Македонци, и во татковината и во емиграцијата, да ја продолжат борбата „на живот или смрт“.[177] По овој апел се одржал и конгрес на Македонците од Америка и Канада, на кој по разгледувањето на новонастаната положба во поделена и поробена Македонија, се донела резолуција со која Македонците во емиграцијата протестирале против Букурешкиот мировен договор и ги повикувале сите Македонци да ја продолжат револуционерната борба за автономија на Македонија.

Кон акциите на македонската колонија во Петроград се придружил и познатиот национален борец за слободата на македонскиот народ Крсте Петков Мисирков.[178] Истакнувајќи го заглавното мото на „Македонски глас“:„Ние Македонците - не сме ни Срби, ни Бугари, а просто Македонци... Кој ќе го помогне нашето осло-

[176]„Македонски глас“ излегувал како списание на следните програмски рубрики: 1. Статии за надворешната политика, историја, наука, уметност и литература; 2. Хроника; 3. Фељтони; 4. Раскази и поезија; 5. Преглед на рускиот и странскиот печат; 6. Библиографија; 7. Портрети и цртежи и сл. Во текот на своето излегување биле публикувани вкупно 11 броја со преку 200 статии и друг вид прилози. најмногу статии објавил самиот издавач и редактор Димитрие Чуповски.
[177]Македонски конгрес во Америка, М.Г., бр. 6, 10.10.1913, 167-168; Д-р Михајло Миноски, САД и Македонија 1869-1919, Матица македонска, Скопје, 1994, .
[178]Блаже Ристовски, Крсте Мисирков 1874-1926, Скопје, 1966, 524-540.

бодување, ќе му искажеме благодарност, но нека не заборават ни Бугарите, ни Србите дека Македонија е само за Македонците."[179]

За одбележување е и силниот отпор на месното население во вардарскиот дел на Македонија при обидот на српските власти да ја мобилизираат македонската младина во српската војска. Од месец април 1913 година српските власти спротивно на секакви морални и правни норми, започна со сила да запишува „доброволци" за армијата. Отпорот на регрутите се изразувал во сокривање од воените власти како и во дезертирање од самите единици. Српската власт наиде на голем отпор кај селаните кога била спроведувана мобилизацијата во Битолскиот регион. Ретко кој се одзвал на истата. Поголем број на оние што биле за регрутирање, пребегнувале преку Пелистер за Грција, а потоа во САД. Така во селото Маловишта некој си Коста од село Магарево, просто станал курир на овие бегалци. Тој за пари ги префрлал (а истиот одлично ги познавал патиштата) во Грција. Бегањето било масовно (од село Смилево Кочо Матлија избегал со цела дружина). Власта бегалците ги гонела доколку такви биле откриени истите биле јавно тепани и пак враќани во единиците.[180] Бројот на сокриените во Битолско бил 257 младинци.[181] Уште поголемо било сокривањето и бегањето преку Албанија и Грција за Бугарија и САД во Ресен и Ресенско - 540 души; во Кичевска околија повеќе од 300 души, во Крушевско 450 души.[182]

Подоцна (1914 година) македонските младинци пројавиле отворен револт кон служењето на воениот рок како и кон воената заклетва. Така регрутите од градовите Кочани и Штип и од другите места при примањето на воената заклетва во Крагуевац, покажале отворен револт.

---

[179]„М.Г.", бр. 1-11 (Насловната страница).

-К. Пељски, Македонскиот и бугарскиот национален идеал, М.Г., бр. 10, 268-272.

[180]Ѓорѓи Димовски - Цолев, Борис Павловски, Непокорени..., 167 - 168.

[181]Кирил Прличевъ, цит. дело, 59 - 60.

[182]На истото место, 60 - 61.

Отпор од најразличен карактер се појавува меѓу сите македонски граѓани окупирани од српската војска. Неизлегување на дочек на разни функционери, при прослави, кој се прославувале од страна на српскиот окупатор. Таа пасивност се гледа и во недоаѓањето пред општинскиот суд на судење и на расправање на спорови воопшто. Отпор се појавувал и при разоружувањето на населението, каде што се доаѓало до судири. Такви случаеви имало повеќе и во селата на Битолскиот регион.

Отпор се појавил меѓу македонското население на 1 мај 1913 година, кога српските власти официјално го забраниле големиот македонски празник, денот на Кирил и Методиј. Српските власти на тој ден сакале да го принудат населението да работи ангарија по патиштата.[183]

Ќе наведиме еден карактеристичен случај кога во ноември 1912 година, српскиот окружен началник на Битола Бранислав Нушиќ[184] издава наредба да се изврши пребројување на населението во Битолско со цел тоа да се запише како српско. Населението насекедае категорички одговараше дека е македонско. Тогаш пребројувачите во секое село му поставувале предизвикувачко прашање: „Дали тука има „бугарска“ чета?“, а веднаш после тоа тие истите запишуваат дека селото е српско, но дека доскоро имало бугарска терористичка чета, која го принудувала населението да го прими бугарското име и јазик.[185]

Малку подоцна, во февруари и март 1913 година, по барање на српската влада, властите во Битола одредуваат комисија од претставници на сите народности во градот, вклучувајќи и пет души македонски првенци, кои требаше да го посетат Белград, да се запоз-

[183]Весник „Политика“, 20 мај 1913, Београд.
[184]Бранислав Нушиќ, познатиот српски писател и драматург е Влав од Еницевардарско. Од раната младост станува жртва на српската пропаганда во Македонија. Се појавил како многу активен великосрпски шовинист, поради што во ноември 1912 година е назначен за прв српски окружен началник на Битолскиот округ.
[185]ЦПА,София, фонд Ал. П. (необработено).

наат со неговото Величество и да му се заблагодарат за стореното за нив. Значи, подоцна се дознава дека српските власти всушност комисијата во Белград ја испратиле за да го молат Кралот засекогаш да се присоедини Битолскиот крај кон Кралството Србија. Ризикувајќи ги своите животи, македонските првенци откажуваат да заминат за Белград, изјавувајќи дека Битолско е македонски крај. Во сведоштвата на Митрополието од Битола стои: „Откажувањето на избраните Македонци во делегацијата остави силен впечаток како кај окупаторските власти така и кај конзулските претставници и другите националности од градот."[186]

Специфичен израз на незадоволство од политиката на новите власти во вардарскиот дел на Македонија бил и обидот за добивање на напуштената земја од турските поседници, што македонските селани со векови ја обработувале под тешки феудални обврски. Во врска со аграрното прашање, иако во своите прокламации српските владејачки кругови широкоградно ветувале дека на поробените браќа ќе им ја предадат земјата што турските феудалци со векови ја присвојувале, тие тоа не помислувале да го направат. Затоа, уште веднаш по прогонувањето на Турците од Македонија, аграрното прашање избувнало со сите свои акутни проблеми. Српските власти биле далеку од намерата тоа прашање да го решаваат во полза на македонските селани. Сето тоа предизвикало спонтан и стихиен револт, при што во многу места македонските селани се обиделе аграрното прашање да го решат на свој начин. Појавата на насилно заземање на земјата од самите македонски селани, без одобрение на властите, дошла до најсилен израз во Скопскиот и Битолскиот округ. Врховната команда на началниците на Скопскиот и Битолскиот округ им издала писмена наредба да се испитаат сите случаи и „да се заштитат муслиманите и

[186]Весник „Мир", бр. 3873, 2 мај 1913 година, София; Според Гоцев Димитар, Националноослободителната война въ Македония 1912-1915, София, 1981, 106.

воопшто за спречување на разграбувањето на беговските имоти“.[187]

И покрај настојувањата училишниот апарат што поскоро и подобро да го организираат, и преку наредбата за задолжително школување на децата, српските власти уште веднаш наишле на пасивен отпор на македонскиот народ. Тој отпор се изразил во непосетување на новите окупаторски училишта, цркви и други јавни установи. Родителите не ги испраќале децата на училиште и покрај разновидните методи на убедување, принуда и казнени мерки. Вакви случаи имало во новоотворените српски училишта во Велес, Штип, Ресен и други места. Во Битола ова избило во подраматична форма. поради апстиненција и игнорирање во српските училишта, властите издале заповед и пропишале парични казни за непосетување на српските училишта. Така, на пример, за дете отпишано од српско училиште, родителите плаќале казна од 100 динари. За преминување во друго училиште на друга националност, се плаќала казна од 200 динари. А за одење во друг град се плаќала казна од 600 динари.[188] Овој своевиден бојкот дошол до посебен израз во скопската егзархиска учителска школа. Од неколкуте стотини ученици Македонци во школата до Првата балканска војна, (едно време дури 600) во наредната школска година во пролетта 1913 година, српските просветни власти можеле да регистрираат само околу 40 ученици во оваа школа, од кои само една четвртина биле месни жители Македонци, додека другите триесетина ученици биле деца на новодојдените српски управувачи во Скопје и од вардарскиот дел на Македонија. Поради малиот број школата била затворена, српските ученици по правило добиле стипендија за продолжување на школувањето во Србија, а Македонците не добивајќи стипендија оста-

[187]Архив на Македонија, Скопје, ДА, СРС, ВК - П.О. Извештај за секретарот на Скопскиот округ, број 2780, 12.04./26.04.1913.
[188]Карнегиевата комисия, цит. дело, 115.

нале без можност натаму да се школуваат. Судбината на учителската школа во Скопје ја доживеале и други бројни нижи и средни училишта во Македонија.

Од горенаведеното може да се види дека пасивниот отпор против српскиот окупатор ни малку не ја подобри положбата на македонскиот народ. Иако српските власти тоа го согледале и секојдневно се судрувале со незадоволствата на потчинетиот македонски народ, воопшто не се обиделе барем до некаде да ја подобрат неговата положба. Таквата положба продолжила сè до есента 1915 година, кога Македонија повторно станала арена каде се одмерувале малите балкански и големите европски империјалисти сили, за хегемонија на Балканот.

# ГЛАВА II

# СТОПАНСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН (ЕСЕНТА 1912 - ЕСЕНТА 1915)

## 1. Последиците од Балканските војни во Битолскиот регион

Како последица на Балканските војни македонскиот народ бил разделен помеѓу: Србија, Грција и Бугарија, а еден незначителен број Македонци, според раграничувањето на граничната линија меѓу Албанија и Србија, останал во составот на албанската држава.

Уште веднаш по изгонувањето на Турците, уште од првиот ден од „ослободувањето" македонскиот народ сфатил дека западнал во ново ропство. Македонија се нашла окупирана од трите „ослободители" вооружени до заби и готови со борба да го довршат распарчувањето на македонскиот народ, што го сторија уште при првото влегување во војната против Турците.

Првата Балканска војна што ја радздроби Македонија на три дела одигра фатална улога за иднината на македонскиот народ. Македонскиот народ поднел големи човечки и материјални штети. Многубројни биле ѕверствата извршени над македонското население. Масовни убивања на луѓе на териториите завладеани од грчките, српските и бугарските војски. Изгорени и разурнати села, грабежи, свирепи колежи, силовања и прогонувања.[189] Сето ова се одразило многу тешко на македонското стопанство и во сите области на општествениот живот.

Со самото стапување на македонската територија српскиот оку-

---

[189]Абаџиев Ѓорѓи, Балканските војни и Македонија, Скопје, 1958, 171.

патор ја започнал својата хајка против сè што било македонско, наводно„бугарашко“. Масовно затворање на постојаните училишта и цркви и принуда за посетување на српски училишта, со употреба на српскиот јазик, прогонување на свештеници и учители и други интелектуалци и припадници на револуционерното движење на македонскиот народ против Турците.[190] Жесток терор за потпишување на специјални декларации во кои Македонците би се декларирале како Срби, насилно менување на имињата и презимињата на „иќ“ и тн.[191]

Целокупната трагедија на македонскиот народ исполнета со погроми, палења и колежи, не би била целосна ако не го проследиме и масовното напуштање на родните огништа на стотици илјади луѓе, кои пред теророт на завојувачите бегале од Македонија во странство или внатре во самата Македонија, барајќи погодни и посигурни засолништа. Голем број луѓе поради ѕверствата што ги вршеле војските, поради воспоставените гранични линии на распокинатата дотогашна економска и етничка целост на Македонија, доброволно или присилно ги напуштале своите места барајќи спас било каде. Дури по завршувањето на Балканските војни, преморени од бесцелното скитање и гладување, економски сосема упропастени, луѓето почнале полека да се враќаат во своите урнатини. Меѓутоа, насекаде во земјите во кои огромната македонска маса нашла засолниште ги поднесуваат на свој сопствен грб ужасите на Балканските војни и се фрлени во најцрна беда.[192]

Пред жестокостите на грчките воени и други власти во егејскиот дел на Македонија по Првата балканска војна многу бегалци ќе се најдат во пиринскиот дел на Македонија, приграбен од бугарската држава. Исто така голем број македонски семејства од Леринско,

---

190 Македонец, бел терор во Македонија, М.Г., бр. 2, 77-78.

191 До знаење на „Новое время“ и „Славянские известия “, М.Г., бр. 7, 192-193.

192 Димитар Митрев, Пиринска Македонија во борба за национално ослободување, Скопје, 1950, 164.

Гуменџиска и  Кукушка околија, поради неповолните животни услови под грчка власт, почнале да се преселуваат на заземената македонска територија од Србија, во Битолско и Гевгелиско.

Спротивно на ова, речиси по исти услови станало и во Битолскиот регион. Многу припадници на влашкото малцинство од Битола и од околните села како и Македонците патријаршисти од околните села, под притисокот на грчката пропаганда и од страв од српската власт, по Букурешкиот мировен договор ги напуштиле своите домови и се иселиле во Лерин, Воден и Солун.[193]

Ништо подобро не била подобра положбата и на Турците. Голем број Турци мореле да ги напуштат своите огништа и да бараат спас во други места. Голем број Турци од Битола, а и од селата напуштајќи ги своите огништа засекогаш заминувале во Турција. Не можеме да ја утврдиме точната бројка, колку Турци за време на Балканските и по Балканските војни го напуштиле Битолскиот регион. Не бил мал бројот на селата и градовите со многубројно турско население, посебно во егејскиот дел на Македонија. „Се зборува за десетици дури и стотици илјади Турци бегалци... според тоа општата политичка положба во освоените земји не станала подобра, туку полоша отколку под Турците.“[194]

Бугарија како последица од двете Балкански војни на својата територија добила 112.000 бегалци. Од нив, околу 50.000 биле од Македонија.[195] Грција на територијата на јужна Македонија што останала под нејзина власт добила околу 157.000 бегалци, Турци, Грци, Македонци - патријаршисти, Власи и други, од деловите на Македонија под Србија и Бугарија како и од Тракија. Од овие околу 90.000 останале на теренот на Македонија под Грција за да ги исполнат празнините на

---

[193]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 216.

[194]„Опачината на ослободителната војна“ од В. В. Водовозов, Македонски глас, Скопје, 1968, 91.

[195]Докладъ на Карнегиевата комисия по войните презъ 1912 и 1913 година, Свитък 63, София, 1914, 185.

иселените Македонци, а останатите Турците подоцна се иселиле во Турција под притисок на грчкиот терор.[196]

На територијата на Македонија под Србија, исто така, заседнале неколку илјади Македонци од егејскиот дел на Македонија. Бројот на бегалците кои биле принудени да ги напуштат своите огништа, степенот на миграциите настанати како последица од Балканските војни, ни до денес не е точно утврден. Целокупната оваа положба, според констатациите на членовите на Карнегиевата комисија личела на мало внатрешно и надворешно „преселување" на народите што ја населувале Македонија.[197]

Така, илјадници Македонци станале „емигранти" внатре во својата татковина, која останала раздробена со вештачки граници, подложена на денационализација од страна на новите - српските, бугарските и грчките завојувачи.

По Балканските војни бројот на жителите од турската популација и во градот Битола и во селата каде живееле, во споредба со 1900 година е намален. Исто така, намален е и бројот на влашкото население како од градот така и од околните села каде живеело влашкото население, поради изменетите општествено - политички и други прилики, постепено ги напуштале своите огништа за време на Балканските и по Балканските војни.

Намален е бројот на жителите на градот Битола по Балканските војни чија бројка во 1900 година изнесуваше 37.000[198], од кои 10.500 биле Турци.

Катастрофалните последици за Македонија од Балканските војни се гледаат во полното разорување на дотогаш интегралното македонско стопанство, а особено на занаетчиството, трговијата и сточарството. Со вештачките тројни граници и посебно со откинувањето на вардарскиот

[196]На истото место, 184.
[197]На истото место, 81.
[198]Кнчов Васил, Македония- етнология и статистика, София, 1900.

и пиринскиот дел на Македонија од Солун, ги ориентирале македонските стоки во други правци, доведувајќи ги во подредена периферна улога и во зависност од новата матична трговија на Србија, Бугарија и Грција. Со запаѓањето на македонските градови, на занаетчиите и трговците, пропаднале и македонските сточари. Вештачките граници на територијата на Македонија го прекинале зимувањето на македонските стада во топлите котлини на егејскиот брег, а оттука и бројот на стоката рапидно опаднал. Со ова егзистенцијата на голем број сточарски фамилии била загрозена. Долготрајните воени пустошења го уништиле и македонското познато лозарство и ги прекратиле доходите на илјадници македонски фамилии. Пропаѓањето на редица стопански гранки во Македонија, довело до забрзано, акутно осиромашување на широките народни маси од градот и селото.[199]

За Битола и Битолско и нејзиниот општествено - економски развиток најтешко, катастрофално значење исто така имаше вештачко поставената граница меѓу Србија и Грција, како и помеѓу Србија и Албанија во негова близина. Поставувањето на границата, на 15 км јужно од Битола кон Грција, како и на останатите соседни граници, предизвика Битола да го изгуби значењето на средишен економски, културен и политички центар што реално за време на турското владеење го имаше.[200] Од овој период па натаму, градот во континуитет бележи стагнација, во сите гранки на стопанството. Границата го отсече градот од неговиот природен хинтерланд Костурско и Леринско и ги прекина неговите врски со Солун, кое непосредно довело до замирање на трговските врски на овој град со поранешниот главен снабдувачки центар на Македонија. Ова довело и до воопшто замирање на стопанската активност на Битола.

[199]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 231.
[200]Д-р Трајче Грујоски, Битола, Докторска дисертација, Битола, 1971, 61.

Првата неопходност која што треба да се преземе е проодноста, бидејќи е прекината железничката линија Солун - Битола, не постои ниту една друга линија, и може да се каже речиси ниту еден пат. Бидејќи за да се оди од Белград или Скопје во Битола со железница потребно е сега да се помине преку Солун и задолжително преку грчката територија, веројатно е дека Србите мислат да ја поврзат Битола со српската мрежа со посредство на еден крак кој ќе се одвојува од Велес преку Прилеп.[201] Исто така од немало значење имаше прекинот на запад со релативно блиската граница на подрачјата на Албанија, со кои Битола имаше природни текови на економски односи. Покрај тоа, распарчувањето на Македонија ги раскина со векови создадените врски, а делот што останува во Србија не можеше да го надомести интензитетот на економскиот развиток од порано. Битола го изгуби средишното место што природно го имаше во турската држава. Сето тоа предизвика нов упадок на стопанството во градот и околината, и доведе до преориентација кон други неприродни правци, пазари и пазарни центри.

Неодамнешните настани потоа го имаат прекинато прометот, и по српската окупација биле наложени големи воени такси на стоките монополизирани од српската држава како петролејот, алкохолот, солта, ќибритите, хартијата за цигари, исто така на другите немонополизирани, како шеќерот, кафето и неговите сурогати, маслиновото масло, пивото и ликерите и тн. Српската царина наложува такса од 11% од вредностите на стоките кои пристигнуваат од Солун и кои ја имаат платено истата такса во ова пристаниште. Оваа двојна бариера многу ја има оштетено локалната трговија и воопшто ги зголемила животните трошоци. Но најзначајниот факт за економската ситуација на Битола по војната е дека ќе биде повеќе можно за

[201]Д-р Кочо Сидовски, Еден италијански извештај за одразот на Балканските војни врз македонското стопанство и посебно во Битола, Прилози, бр. 38, Битола, 1983, 149-152.

локалните трговци да се снабдуваат во Солун како што тоа го имале правено до сега.[202]

Со иселувањето на голем дел од Турците се намали бројот на населението и требаше да се вршат крупни структурни измени во низа занаетчиски и земјоделски дејности, односно во трговскиот промет. Овие состојби ги опишува и весникот „Општинске новине" (Службен весник на општина Битола) кој во 1914 година, ќе го евидентира следното:

„Така гледаме, дека преместувањето на границите предизвика голема стагнација на трговијата и занаетите. Поранешните прометни патишта и трговски врски со новите граници се прекинати, а новите прометни пруги и трговски врски не се сè уште готови."[203]

Од друга страна губењето на природниот хинтерлант ја намали трговијата во Битола и ги одзеде изворите на сировини односно потрошувачките центри за производните дејности на градот и неговото подрачје. Затоа некои занаети пропаѓаат, слично е и со поситните трговци. Појавата на безработица станува сè посериозна и затоа излез сè бара во заминување на печалба, во туѓина. Разурнувањата и оштетувањата што ја пратат секоја војна во тоа време (реквизиции, губитоци) беа така големи што оставија негативни последици.

[202]На истото место.

[203]„Општинске новине", бр. 50 од 8 јуни 1914 година, Архив на РМ - подрачно одделение-Битола. -Живко Митревски, Синдикалното движење во Битола (1900-1944), Битола, 1995, 73.

## 2. Занаетчиство

Занаетчиството како во другите места така и во Битола во минатиот и во почетокот на овој век претставувало мошне важна стопанска гранка. Од производствените дејности во градот, занаетчиството имало доминантно место. Тоа давало печат на целокупниот стопански живот во градот, а во прв ред во областа на производството.

Битола, како што погоре наведовме бил и занаетчиски град, познат по своите многубројни занаети не само во Отоманското царство туку и во многу европски и други центри. Во тоа време во Битола биле застапени сите занаети што постоеле во европска Турција.[204]

Меѓу поважните и позначајни причини кои го овозможиле забрзаниот развиток на битолското занаетчиство се следните:

-Порастот на бројот на населението во градот што се одразило врз зголемувањето на потрошувачката на занаетчиски производи;

-Стокопаричните односи кои бавно се развивале но вршеле влијание за производство на занаетчиски стоки од суровини што ги давало битолското село (кожи, волна и др) односно кои им биле неопходно на ковачите, коларите, влачарите и др;

-Военият гарнизон што бил постојано сместен во Битола како седиште на вилает, кој, пак бил голем потрошувач на занаетчиски производи. Така, на пример, има податок според кој само за потребите на војската во една порачка во временски период од 9 месеци биле произведени униформи, елеци, чевли, чизми и фесови во вредност од 19.233 гроша.[205]

Според еден документ од почетокот на XX век во Битола имало

[204]Дедијер Јефто, Нова Србија, Београд, 1913, 195-196.
[205]Турски документи за македонската историја - Институт за национална историја, том V, Скопје, 1958, 65-66.

вкупно 1642 занаетчии.[206] Според податоците во сицилиите и документацијата во Околиската комора (1912 - 1964) во Битола[207] постоеле околу 60 видови занаети, што секако зборува за висок степен на развиено занаетчиство во градот и околината. Тоа е период кога занаетчиството во Битола го достогнало својот најголем подем. Тоа е време што се квалификува како златна епоха на занаетчиството во Битола. Битолското занаетчиство постојано го зголемува производството, снабдувајќи ја чаршијата, а преку трговските врски често пати одржувало деловни врски со разни места и градови во Отоманското царство.

Интересен е податокот кој сведочи за распоредот што го имале битолските занаетчии во битолската чаршија. Секој занает си имал своја улица во чаршијата, што било резултат на процесот на делбата на трудот, односно на обичајното право создадено преку занаетчиските еснафи.[208]

Еснафските организации биле создадени од дамнешни времиња. Преку еснафите во турско време занаетчиите се јавувале пред претставниците на власта, односно само одлучувале за битни прашања. Еснафите имале сериозна улога во областа на просветно - културните и социјални дејности.[209] Најусовршен и најгласовит е еснафот на кујунџиите.[210] Кујунџиите имаат своја улица од левата страна на реката Драгор, која се вика Кујунџиска чаршија.[211]

Според расположивите извори во Битола постоеле следните занаети:

---

[206]Милош Христо Константинов, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1961, 103-106.
[207]АМ, ПО, Битола, фонд: Околиско занаетчиска комора (1912 - 1964), Битола, Досието на фондот.
[208]Зборот „еснаф“ е од арапско потекло и значи: распоред, ред, вид или преносно - организација.
[209]Д-р Трајче Грујовски, цит. дело, 17.
[210]Дедијер Јефто, Нова Србија..., 195 - 196.
[211]И денес се разбира само во помала мера при посетата на битолската чаршија велиме дека ќе се сретнеме:„кај бојаџиите“, „кај наланџиите“, „кај кујунџиите“, „кај собаџиите“, „кај абаџиите“, Влашка чаршија и други.

| занаети | број на работници | занаети | број на работници |
|---|---|---|---|
| кујунџии | 20 | опинчари | 45 |
| кројачи | 45 | опинчари | 45 |
| ножари | 2 | сарачи | 5 |
| казанџии | 10 | плочари | 3 |
| терзии | | самарџии | 25 |
| абаџии | 40 | бербери | 81 |
| дугмеџии | 6 | бонбонџии | 3 |
| чевлари | 160 | бравари | 6 |
| папуџии | 80 | граѓевинари | 16 |
| грнчари | 2 | столари | 35 |
| налбати | 45 | ковачи | 30 |
| часовничари | 20 | бојаџии | 15 |
| ортомџии | 27 | табаци | 27 |
| јорганџии | 14 | кожари | 7 |
| каменоресци | 3 | алачи | 25 |
| лимари | 15 | лваџии | 11 |
| содаџии | 4 | бакарџии | 18 |
| наланџии | 12 | бозаџии | 10 |
| катранџии | 15 | гребенари | 6 |
| кофтарџии | 14 | сандакчии | 48 |
| мутавџии | 3 | сабјари | 14 |
| молери | 3 | симитчии | 35 |
| месари | 60 | чешлари | 10 |
| бафчанџии | 10 | тенекеџии | 7 |
| колари | 62 | печатари | 1 |
| свеќари | 11 | леблебиџии | 20 |
| клинари | 12 | леари | 10 |
| фурнаџии | 60 | клучари | 5 |
| ќурчии | 15 | воденичари | 30 |
| брдари | 2 | шивачи (ветви) | 100[212] |

По Балканските војни занаетчиството ќе продолжи повеќе да назадува, не бележејќи прогрес.[213] Миграцијата на голем број луѓе од турското градско население од Македонија, како и воопшто осиромашувањето на градското население предизвикале чувствително намалување на побарувачката на повеќе занаетчиски производи, предимно наменети за турското градско население.[214] Туфекчиите, бичакчиите, кујунџиите, ќурчиите и други занаетчии тоа го почувству-

[212]Савиќ Миливоје, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914, 193 - 204.

-Милош Константинов, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1964, 103 - 106.

-Крсте Битовски, Прилог кон проучувањето на битолските еснафи и нивната општествена улога во 19 век, Гласник на ИНИ, бр.1, Скопје, 1966, 148 - 150.

[213]Чемерикиќ Милан, Трговина, занатство, индустрија, кредитне установе од 1875 - 1937 године, Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије, Скопље, 1937, 712.

[214]На истото место, 712.

вале набргу по војните. Меѓутоа, прилагодувањето на занаетчиството кон новите прилики зависело од односот на општествено - политичките фактори кон него. Тоа претставувало мошне значајно прашање, чие решавање бара воведување на заштитини мерки и слично; трансформирањето на ред занаети, нивно ориентирање кон други производи што ги бара времето, потоа воведувањето на нови технички новини во него и друго. По Балканските војни занаетчиството било приклучено како организација кон белградската занаетчиска комора.[215] Старите традиционални еснафи влегле во новата занаетчиска организација. Се формирала принудна корпорација на занаети, организирани по околии и градови. Нивното вклучување во новите занаетчиски организации било задолжително, а тоа било услов за натамошна работа и опстанок на занаетчиите.

По Балканските војни изработката на домашни ракотворби била прилично проширена активност во Македонија. Според некои особености, таа активност во вардарскиот дел од Македонија посебно била практикувана. Претворањето на одделни семејства и на одделни занаетчиски работилници во надворешни одделенија на мануфактурните претпријатија посебно било поизразено во производтсвото на ткаенини во Македонија.[216] Тука спаѓала и изработката на шајак, свилено платно и друго. Трговците и сопствениците на мануфактурните работилници правеле порачки кај ситни занаетчии и одделени семејства и со давање на суровини и алат на отплата си го потчинувале занаетчиското производство, а куќната работа добивала капиталистички белези.[217] Меѓутоа, поради објективните општествено-политички и економски законитости, посебно на конкуренцијата на индустриската стока, занаетите бргу

---

[215]На истото, 713.
[216]Д-р Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија..., 230.
[217]На истото, 231.

пропаѓале.[218] По Балканските војни тој процес на опаѓање на занаетчиското производство продолжи во вардарскиот дел на Македонија, но сè уште по селата и градовите изработката на домашни ракотворби била застапена, наоѓајќи купувачи кај селското и градското население, кое уште имало потреба од овие производи. Производи од катран, од коноп и метални производи биле произведувани за потеребите за селското население, додека за потребите на градското население спаѓале текстилни и други производи.[219] Четирисет и девет видови занаетчиски производи се споменуваат во вардарскиот дел на Македонија по Балканските војни, меѓу кои: дрводелски предмети во велешките села, во Велес околу 200 жени изработувале фини поткошули; во Прилеп 1.000 жени изработувале килими, а 200 жени поткошули, додека 200 жени плетеле чорапи. Во Крушево сите жени, освен жените на имотните луѓе, изработувале чорапи, килими, ќебиња и мутавчиња.

И во Битола и Битолско била прилично проширена изработката на домашни ракотворби. Така во селото Магарево 200 жени работата на изработка на поткошули, 100 жени во селото Трново, исто така, во непосредна близина на градот Битола изработувале чорапи. Во градот 100 жени изработуваат поткошули и чорапи; во Битолското поле покрај реката Црна се изработуваат значителни количини асур (рогузина); во Битола работат околу 20 луѓе на правење ортоми од ленот, кој се сее и се одгледува во селата Буково и Крстоар, а 10 Евреи прават метли од сирак.[220] Меѓутоа, занаетчиските производи, како во селата така и во градот не се продавале надвор во другите градски центри пошироко.

Страшна е кризата во чаршијата, старите и јаки фирми банкротираат, цели занаети пропаѓаат и огромна маса работници

[218]На истото место, 235.
[219]Миливоје Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Кралевине Србије, Београд, 1914, 264.
[220]На истото место, 267.

останале без работа. Прехрамбените продукти се сѐ поскапи, работа нема, а и колку да има, надниците се толку ниски, што од нив не може да се живее. Имало повеќе мали работилници меѓу кои и такви во кои само сопственикот бил единствена работна сила. Во чевларските дуќани се плаќало за возрасни 3,20, за детски чевли 1,20, а за чизми 5 динари. Во другите работилници заработувачката била уште помала. На обичните неквалификувани работници дневната заработувачка им изнесувала 1 динар, со плаќање на храната. Работното време се движело меѓу 12 и 14 часа.[221]

Преземените мерки за заштита на занаетчиството во вардарскиот дел на Македонија не ги дало очекуваните резултати. Занаетчиското производство, недоволно правно заштитено, слабо развиено, без средства за усовременување и модернизирање, изложено на остра конкуренција на индустриските стоки, кои добиле широки можности за продир, било осудено на постепено и тивко одумирање. Во таква положба се нашла и некогаш проширената изработка на домашни ракотворби, што за извесно време примила капиталистички карактер.

[221]Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија..., 234.

## 3. Индустрија

Манифестација на стопанскиот подем во Битола во XIX век е почетната ориентација на капиталот кон инвестиции во индустриски претпријатија. Димензиите на оваа ориентација се карактеризираат со особености на продорот на капиталистичкиот начин на производство и кршењето на феудалните рамки. Целиот овој процес движел бавно, но

| Реден број | Град и околија | Парни и авт. мелници | фаб за пиво и мраз | Др. рех. прет. | Фабр. за тутун | Текстил. фабрики | Хемиски прет. | Дрва индустрија | Графички прет. | Инд. за кожи и ѓон | Ф-ка за керамиди | Метални прет. | Прет. за струја и гас | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Солун | 13 | 3 | 7 | 4 | 15 | 4 | 4 | 10 | 3 | 5 | 5 | 2 | 85 |
| 2. | Битола | 3 | 1 | 2 | - | 4 | - | 8 | 4 | 1 | 1 | - | - | 24 |
| 3. | Скопје | 6 | 2 | - | - | 2 | - | 2 | 3 | - | 1 | 1 | 1 | 20 |
| 4. | Прилеп | 4 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4 |
| 5. | Охрид | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 |
| 6. | Крушево | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 |
| 7. | Ресен | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | 1 |

тој веќе претставувал израз на нови елементи во стопанскиот, а со тоа во општествениот развиток и неговото подрачје.

Впрочем во овој период се јавиле зачетоците на индустријата во Македонија, што се гледа од горниот преглед за бројот и видовите индустриски претпријатија во неколку градови.[222]

Како што се гледа од табелата, Битола го заземала второто место по бројот на индустриските претпријатија, а во подрачјето од овој дел на Македонија (освен Битола) постоеле само осум парни и автоматски мелници и едно претпријатие за ќерамиди.

---

[222]Забелешка - Табелата претставува извод од табела што Данчо Зографски ја дава за сите градови во Македонија, во „Создавањето и развитокот на индустријата во Македонија до Балканските војни" - Годишник на Економскиот факултет во Скопје - том VIII, Скопје, 1961, 144. Единствена измена што ние овде ја внесовме е во графата „ф-ки за ќерамиди" каде запишуваме дека

Мелниците и во Битола биле најраните индустриски претпријатија. Плодното и пространо Битолско Поле уште од дамнешни времиња било и за тогашни услови богата житница. Порастот на бројот на населението во градот и неговите потреби за брашно, како и зголемувањето на потребите од воените единици, доведе до материјалниот интерес за создавање и развиток на парни мелници во Битола. Во 1906 година покрај постоечките парни мелници (7) се пристапи кон изградба на нова парна мелница во Битола со цел да се лиферува брашно на турската војска.

Во Битола и Битолско исто така постоеле фабрики за производство на пиво, но постоеле сосема кратко. Овие фабрики не можеле да опстанат подолго време заради големата конкуренција на солунската фабрика „Олимпиос“ и пивото што било увезувано од странство.

Производството на мраз било организирано во планинското село Ореово при што во зима се пуштала вода во ископани дупки и се замрзнувала, а во лето се носел мраз во градот. И турската власт со посебни наредби ги задолжувала планинските села, во лето да носат со товари снег во поедини установи или куќи на високи државни чиновници.[223]

Од останатите прехрамбени претпријатија во Битола постоеле едно за производство на бонбони и едно за производство на масло. Бонбонските производи на Герас како и неговиот локум се пласираа дури и во Албанија.[224]

За почетокот на индустрискиот развиток во Битола во овој период најзначајни се текстилните претпријатија. Тогаш Битола била вториот центар за производство на текстил во Македонија. Покрај Солун што

---

[223]За ова има примери во „турски документи за македонската историја“, ИНИ, Скопје, 1951.
[224]Ј. Грашевиќ, Индустрија Србије и Црне Горе, Загреб, 1924, 247-248.

имал 15, а Скопје само 2 текстилни претпријатија, во Битола биле 4 такви. Условите за нивниот постанок треба да се гледат во влијанието во природните фактори и порастот на потрошувачките потреби, исто така и во развитокот на општествената делба на трудот односно во интересот и можноста на соответните капитали. Напред спомнавме дека битолското занаетчиство во овој период бележи успон. Покрај тоа во повеќе села а и во градот било развиено домашното ткаење, изработка на гајтани, плетенини и друго. Врз сите овие услови како и со релативно веќе акумулирани капитали во трговијата, можеше да се започне со инвестиции во текстилни и индустриски претпријатија. Впрочем отсекогаш тоа и била логиката на капиталот „оние индустрии што прво биле революционирани со водата, пареата и машинеријата, тие први творби на модерниот начин на производство, предилниците, и ткајачниците на памук, волна, лен и свила беа првите што го задоволиле нагонот на капиталот. Покрај сето ова, еден од основните фактори за развитокот на текстилни и индустриски претпријатија во Битола, била и побарувачката од турската војска за униформи.[225] Фабриката во село Дихово, на почетокот од XX век вработувала 220 работници и се работело без прекин деноноќно. Фабриката произведувала ширити што се проценувало повеќе од 40.000 оки и биле трошени во Македонија како и извезувани во Србија и Бугарија.

Се споменува дека во здружението што ја основало оваа фабрика член бил и битолскиот индустријалец Анести заедно со некои индустријалци од Солун и браќата Јованови од Скопје и дека тоа било единственото од овој вид во Македонија.[226] Надницата била 2 гроша за

[225]Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи..., 483.
[226]Јован Хаџи-Василевиќ, Град Битољ, Београд, 1911, 54.
-К. Сидовски, Развитокот на индустријата во НРМ во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941), Скопје, 1960, 90 - 91- ги наведува следните лица што го сочинуваат акционерското здружение што ја изградило фабриката: Ѓорѓи Иконом, Михаил Коринти, Никола Накаруш, Ѓорѓи Анести и Јанко Данабаш, сите трговци од Битола.
-Бранислав Русиќ, Диховске валавице, Гласник етнографског музеја у Београду, књ. X, т. X, Београд, 1935, 75.

деца, а за постарите повеќе, па имало куќи што месечно заработувале по 200 динари. Суровината за фабриката се довезувала и од Солун, Једрене, Смирна бидејќи волната од Битолско се сметала за непогодна (остра). Покрај оваа фабрика што работела на пареа и била најголема, се споменуваат уште три други фабрики за шајак, килими (сицадиња и др.) и гајтан што работеле на погон со вода.

Подоцна во 1904 година преку здружување на средства, од споменатите претпријатија во с. Дихово, Магарево и Трново, било создадено индустриско претпријатие за ткаење на шајак. Ова претпријатие имало 4 механички и 28 рачни разбои со капацитет од 60 - 65 тони волна годишно. Претпријатието било во с. Дихово и произведувало волнени штофови и трикотажа, позамантерија и преѓа за гајтани. Тоа започнало и со плетење на чорапи. Рентабилитетот од негово делување се гледа и од тоа што во 1905 година била пуштена во погон и нова комбинирана предилница и ткачница во с. Магарево за волнена преѓа, позамантерија, шајак и појаси. Овие претпријатија така го зголемиле производството и со пониските цени силно ги конкурурале производителите од Скопје и во самото Скопје.

Во областа на производството на градежен материјал во овој период во Битола работела фабриката за производство на керамиди, која имала машински погон од 24 КС и дневно произведувала 8.000 керамиди од модерен тип.[227]

Поради богатството од шуми, во Битола и околните села постапно се развивала преработка на дрво. За потребите на градското население, во поедини села во Демирхисарско било развиено производството на дрвен ќумур. покрај тоа, се споменува дека постоела шумска манипулација во мариовските планини каде се сечеле дрва и

[227]Миливој Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914, 204.

по природен пат преку Црна Река биле испраќани, а за потребите на битолскиот трговец Петелан[228] околу 130 работници правеле дрвен ќумур. Покрај тоа во мариовските планини битолските трговци имале во 1904 година 8 пилани.

Графичките претпријатија се развиле во Битола релативно подоцна. Кон крајот на турското владеење постоеле 4 печатници во Битола што биле постапно проширувани.

Од кожарските индустриски претпријатија се споменува дека во Балканската војна во Битола работеше фабриката за кожи на браќата Сотирови, што според бројот на работниците[229] (вкупно 12) беше мало претпријатие.

Од сето што досега е изнесено, евидентно е дека во овој период во Битола биле првите почетоци на создавање и развиток на индустриски претпријатија. И покрај тоа што во голем дел од нив работната сила остана претежниот фактор во нивниот производно-технолошки процес, значајни се нивните постигања во обемот на индустриското производство (особено текстилните претпријатија). Машините веќе револуционерно го изменуваа и зголемуваа производството во оние претпријатија каде што беа во поголем обем применети. Нема причини да не се претпоставува дека од сите овие претпријатија, немаше да дојде до развиток на покрупни индустриски претпријатија, бидејќи сите објективни претпоставки за таков развиток постоеја и ќе беа зголемувани. Меѓутоа, неумоливоста на историските текови го пресече овој процес уште при самиот негов почетен стадиум. Сепак, овие претпријатија извршија сериозно влијание врз стопанскиот и општествениот напредок на Битола. Самиот факт што тие останаа активни неколку десетици години (со сите осцилации во производството што ги причинуваа честите војни) укажува на економската оправданост

[228]„Извештај од 1903-1904 на австриските претставници во Македонија“-превод, редакција и коментар Д. Зографски, Скопје, 1955, 226.
[229]М. Савиќ, „Занати и индустрија...“, 202.

на овие претпријатија.

Индустријата и индустриските претпријатија во новите општествено-политички и економски односи, формално добиле можности за развој. Меѓутоа, недостигот на капитал за доделување на кредити и други околности го лимитирал прометот на стоките и развитокот на индустријата.

За подигање на индустријата во новонастанатата состојба потребно било:

1. Значително парично помагање на домородците за основање на на поедини индустриски гранки и образување на младината за индустриски работи;

2. Отворање рудници, особено рудници за јаглен;

3. Покрај овие мерки значително би влијаеле и општите стопански мерки, за кои ќе стане збор на крајот;

4. Заради некои специјални потреби од производи во новите краеви, потребно би било да се прегледа „општата царинска тарифа" и да се направат извесни промени, потребни во старите граници заради развој на индустријата и занаетите;

5. Давање на исти привилегии на индустриските претпријатија како и во старите граници;

6. Форсирање на стопанските гранки кои би биле во интерес на индустријата, како производството на памукот, сезамот, репата и тн.;

7. Детално проучување и резервирање на водените падови за гранките на индустријата кои ја имаат добрата страна да вработуваат значителна количина на работна сила или да ги преработуваат земјоделските производи како масленото семе и житото.[230]

[230] М. Савиќ, Занати и индустрија..., 273.

## 4. Трговија

Едно од основните обележја на целокупниот стопански развиток на Битола отсекогаш била трговијата. Тоа посебно се однесува за периодот на XIX и почетокот на XX век. Таа, од една страна, беше манифестација на стопанската сила на Битола, посебно на неговите производни можности и консумативна моќ. Како таква таа вршеше влијание за развивање на производството (посебно на занаетчиството) ширејќи ги деловните врски на битолското стопанство на едно големо територијално подрачје.

Благодарение на поволните географски, стратешки и други услови што ги имала Битола, наоѓајќи се на патот Виа Игнација, што го поврзувал Запад со Исток, а подоцна и со пуштањето на железницата Солун - Битола, Битола ќе стане еден од најважните трговски центри во европскиот дел на Турската империја.

Во 1907 година со железницата Солун - Битола беа пренесени 207.822 патници и 102.995 тони стока, т.е. речиси пет пати повеќе отколку во првата година од нејзиното работење по пуштањето во сообраќај.[231]

Освен железничкиот, за развитокот на Битолската трговија придонело и градењето на патниот сообраќај, кога започнале да се градат патишта за сите правци. Градењето на железничкиот и патниот сообраќај придонело Битола да се поврзува како со пазарните центри во Османското царство, така и во светот.

Од почетокот на XX век, битолските трговци, покрај задоволувањето на месните потреби, голем дел разновидни стоки експортирале во разни пазарни центри на царството, како и на странските пазари. За разлика од Солун, кој бил повеќе транзитно -

[231]Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи..., 338.

комисионерско место, Битола сè до крајот на Отоманското владеење во овие краеви претставувала вистински центар за подрачјата од Драч до Едрење (Одрин), од Јужен Јадран до Вардар и од Кичево и Прилеп до Епир, каде што во тие правци на патишта постојано се движеле каравани натоварени со разни стоки.[232] Но, вистинската вреност на битолската трговија не била во трговијата со странските центри, туку со задднината на самата Битола.

Со брзиот развиток и ширењето на обемот на трговијата и прометот со разновидни стоки, дошло до збогатување и ширење на битолската чаршија. За секој вид на стока постоел посебен пазар. Во чаршијата имало голем број пазари, од кои десет биле главни.[233] Најуреден и најубав пазар во Битола бил „Безистен", изграден според некои извори во XVII век.[234] Главни артикли што се продавале во Безистенот биле преден и непреден памук, потоа најубави француски и кинески свили, персиски килими, француски штофови и килими, штофови од фабриката во село Дихово. Посебно внимание привлекувале килимите од Прилеп и Кожани и др. Една од главните чаршии во Битола била Влашката чаршија, каде што се продавале најпотребните артикли за секојдневните потреби на граѓаните, како и производи од домашната индустрија донесени од битолските влашки села. Житниот пазар наречен „Тереке пазари" бил еден од најголемите пазари на Битола и тука се продавало само жито и брашно. На овој пазар се наоѓале сите житни магацини или складишта, од каде што се експлоатирале големи количини жито за некои делови на Западна Македонија, Албанија и Епир, бидејќи Пелагониската котлина била богата житница. На Ат пазар, се продавало стока, која што во големи количини се извезувала за Грција. На Пекмез пазар, кој се наоѓал во

[232]Д-р Теодосије Робе, Битољ - његов настанак и развитак до XX века, „Луч", бр. 2-3, Скопје, 1937, 54 - 56.
[233]Јефто Дедијер, Нова Србија..., 195.
[234]Коста Н. Костиќ, Наши нови градови на југу, Београд, 8.
-Коста Н. Костиќ, Стара српска трговина и индустрија, Београд, 1904.

близината на Саат кулата, се продавало пекмез подготвен повеќе од Јуруците од селото Канатларци, Прилепско, потоа се продавал мед, наут за правење леблебии, дрвени лажици и во текот на летото мраз. На Одун пазар (Дрвен пазар), кој се наоѓал малку погоре од Пекмез пазар, се продавало дрва, ќумур, дрвена јапија и др. На Ленски пазар („Кетен пазари“), кој се наоѓал по течението на реката Драгор, се продавало лен и коноп, што го купувале посебно Еврејките, со цел да го обработуваат. На Ленски пазар се наоѓал и Бибер-хан, каде што се продавало на големо дробен црвен пипер, црн пипер и масло. Покрај овие пазари во Битола постоеле голем број други пазари и чаршии, како на пример: Ајван пазар (Добиточен пазар), Емиш пазар , Маст пазар (Јак пазари), Рибен пазар, Сол пазар, „Еврејската чаршија“, „Стамболџиската чаршија“ и др.[235]

За структурата на трговијата во Битола и за обемот на трговскиот капитал може да послужат само за општ увид следните податоци за кои соопштува Скрјабин.[236] Според него, во градот за најбогатите трговци во битолскиот вилает се сметале следните:

Во колонијал: Христо Дума со капитал од 2.500 турски лири по националност Влав, Ѓорѓи Дума со 1.200 Влав, Браќа Шајакчи со 1.500 Власи, Браќа Стојанови 1.500 Македонци, Сал. Калдерон 2.500 Евреи и Јован Ризо 1.000 Македонец, со вкупен капитал 9.900.

Во манифактура: Браќата Сонти со 3.000 турски лири Власи, Хаџи Христо со 1.500 Албанец, Конст. Кацојани со 1.200 Влав, Мехмед Ефенди со500 Турчин, Асиб Ефенди со 500 Турчин, Мулја Калдар со 2.500 Евреин, Јосиф Калдерон со 3.000 Евреин, Саломо Ергас со 3.000 Евреин, или со вкупно капитал од 15.200 турски лири.

---

[235]Јефто Дедијер, цит. дело, 195.
-Милош Хр. Константинов, цит. дело, 67 - 68.

[236]Скрјабин: „Политическија и економическија сведенија о Битољском вилајету“ - Библиотека „Балканские вопроси“ Н4 - Битолја 12 февролја 1885 год. - 91
-Данчо Зографски, „Надворешната трговија на Македонија од средината на осумнаесеттиот до почетокот на дваесеттиот век“, Годишник на економскиот факултет во Скопје, Том 9, 1962 година, 65.

Со платно: Зволо и Друж (Власи) со 1.500, Мацали (Влав) со 1.000, Симаја Мошо (Евреин) со 800, Хусеин Ефенди (Турчин) со 700, Константин Пили (Влав) со 1.000, Инса и Прца (Маked. и Влав) 2.000, или вкупно 7.000 турски лири капитал.

Во железарија: Браќа Цоцо со 750 (Власи), Констан. Каска, со 1.500 (Влав), Браќа Хаџинана со 1.000 (Македонци), Рушиен со 100 (Евреин), или вкупно 3.500 турски лири.

Со леб: Тома Нана Димит. со 2.500,Влав.

Битолските трговци учествувале на сите трговски панаѓури што биле одржувани во одделни места во Битолскиот вилает. Посебно беше нивното учество на панаѓурот во Прилеп. Овој панаѓур во трговијата во Македонија заземало важно место.

Со големиот развиток на земјоделството, сточарството, занаетчиството и други области на стопанството, производите од Битолскиот крај, покрај тоа што ги задоволувале месните потреби, тие во големи количини и се извезувале. Еден дел од производите од овој крај во тоа време се извезувале во разни центри на Балканот. Се извезувале артикли како: разни фабрикати, колонијални стоки и сите видови жито и брашно.

Од Битола и околината, покрај големи количини жито се извезувале и кожи, коноп, лен, варива, волна, восок, огревно дрво, лој, градежни државни материјали.

Според Ростковски, Битолскиот вилает извезувал сирови кожи во вредност од 1.053.000 франци. Кожите на домашните животни преку Солун се пласирале во Австрија, Германија, Франција и Америка. Кожите на дивите животни (зајаци, лисици и волци) се упатувале диретно и исклучиво во Лајпциг. Така во странство се пласирале 190.000 парчиња на јагнешки кожи во вредност од 237.000 франци; 150.000 кожи од јариња во вредност од 300.005 франци; 11.000 лисички кожи во вредност од 12.000 франци, и 1.500 волчи кожи во вредност од

2.000 франци.[237]

Од Битола се извезувало на разни пазари и 1.000.000 м. шајак, 10.000 аршини платно и др. Од селата Дихово и Магарево годишно се извезувале текстилни производи и изработки од домашната индустрија во вредност од 100.000 наполеони во злато.[238]

Со цел задоволување на разновидни и секојдневни потреби на населението од Битолскиот крај и во околните места покрај извозната, во Битола во тоа време била развиена и увозната трговија, и тоа како со трговските центри во Царството, така и со тие во странските земји за брзиот развиток на увозната трговија придонеле зголемените потреби и побарувачки на машини, полуфабрикати, потрошни стоки и др. За зголемување на увозната трговија придонеле и ниските цени на стоките од развиените индустриски земји, царините и другите олеснувања што ги добивале земјите со развиена индустрија во царството.

Познатите битолски трговци увозувале разновидни стоки, секакви новитети од европските центри како што се: Лондон, Париз, Виена, Венеција, Трст и др. Битолските дуќани биле полни со разни нови производи донесени од наведените европски и други центри. Битолските трговци увезената стока по крој на месниот пазар, во големи количини ја пласирале и на пазарите во околните места. Наведените стоки од тие центри до Битола се импортирале преку пристаништата на Трст, Солун, Драч, Кавала и со каравани од коњи, камили и мазги.

Истата тенденција била карактеристична и за учеството на

[237]Д-р Димитар Димески, Македонското национално ослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), второ издание, Скопје, 1982, 95.

[238]Д. Зографски, Разитокот на капиталистичките елементи..., 484 - 485; Според Д. Зографски производството на споменатите фабрики го консумирале соседните вилаети, а во странство се пласирало главно во Грција, Албанија и Србија. „Диховската фабрика преминала на парен погон дури во 1895 година, а во 1896 година веќе вработувала 220 работници и работела деноноќно, без прекин. Нејзините работници слабо биле плаќани . Најголемата надница достигнувала само до 5 пијастери, а употребата на женскиот и детскиот труд била многу раширена.“ .

-Д-р Димитар Димески, цит. дело, 93.

Битола во надворешната трговија - во 1911 година вредноста на неговиот внос достигнала 9.019.430 круни, а износот само 1.234.500 круни.[239]

Од поважните артикли во 1911 година биле:

| внесено | | изнесено | |
|---|---|---|---|
| мануфактурни стоки | 1.460.800 круни | тутун | 414.700 круни |
| тутун | 1.236.500 „ | брашно | 377.500 „ |
| шеќер | 862.300 „ | кожи | 189.000 „ |
| ориз | 852.700 „ | жито | 91.600 „ |
| жито | 536.300 „ | гајтан | 57.900 „ |
| железарија | 477.800 „ | шајак | 48.400 „ |
| брашно | 402.800 „ | | |
| сапун | 373.400 „ | | |
| алкохол | 272.800 „ | | |
| петролеј | 253.480 „ | | |
| дроги | 249.200 „ | | |
| волна | 246.600 „ | | |
| кафе | 206.400 „ | | |

Фактот што во Битола преовладувал вносот над износот, ја потврдува тогашната општа состојба што ја карактеризираше цела Турција, што беше изложена на силен притисок од страна на капитали вон нејзините граници. Странските капитали сè повеќе навлегувале во сите стопански гранки. И од наведените поважни артикли за битолскиот пазар, евидентна е различната структура на вносот (готови производи) и износот (суровини и мал дел полупреработени материјали) што му овозможувало на странските трговски и

[239]Д-р М. Т., Битољска спољна трговина пре рата, Економист, год. II, бр. 22, Београд, 15.11.1913, 22.

индустриски капитал да врши колонијална експлоатација и на Битолското подрачје.

Во надворешната трговија на Битола во оваа година учествувале:[240]

| | | | |
|---|---|---|---|
| Австро-Унгарија | со | 1.773.300 | круни |
| Англија | „ | 1.085.200 | „ |
| Белгија | „ | 502.600 | „ |
| Германија | „ | 417.300 | „ |
| Русија | „ | 474.600 | „ |
| Србија | „ | 226.900 | „ |
| Швајцарија | „ | 208.900 | „ |
| Франција | „ | 134.200 | „ |
| Италија | „ | 116.700 | „ |
| Други места од Турција | „ | 3.913.850 | „ |

Надворешната трговија во Битола се одвивала 60% преку посредници во Солун, 15% преку Цариград, а само 25% со директни врски со фирми надвор од Турција.

Како и другите гранки на стопанството, и трговијата негативно го почувствува формирањето на новата држава (Кралството Србија) и новите државни граници.

Меѓутоа, со создавањето на државата Албанија и воспоставувањето на српско - грчката граница во непосредна близина на Битола, а посебно со отстапувањето на Лерин и Леринскиот крај на Грција по завршувањето на Балканските војни Битола го губи своето поранешно значење како голем трговски центар.

Преориентацијата на Битола во новата држава одела многу тешко и затоа долго време трговијата во овој град стагнирала, без никаков развој и можност за напредок.

---

[240]На истото место.

Со Указот на српскиот крал Петар I, од 25 август 1913 година, била извршена анексијата на заземените краишта на Македонија кон српското Кралство, по Балканските војни се поставило и прашањето за проширување важноста на законите од областа на трговијата, домашните ракотворби и сообраќајот во заземените краишта во Македонија. Итно се барало стапување во сила на Законот за трговската академија, од 24 август 1898 година.[241]

Српската влада анализирајќи ги дотогашните трговски врски помеѓу „старите и новите краишта на Србија" и стремејќи се нив да ги подобри, настојувала максимално да ги заштити економските интереси на сопствената индустрија и трговија од надворешната конкуренција. Во таа смисла била формирана и посебна комисија за проучување на прометот на стоките со новите краишта на Србија. При формирањето на комисијата ѝ биле поставени одредени задачи, што од друга страна мошне јасно ги покажува интересите на Србија во прометот на стоките со новите краишта.

Во контекстот на поставените задачи, комисијата требало во прв ред, да ги посети периферните трговски места, т.е. оние трговски места преку кои ќе се врши, односно преку кои веќе бил вршен извозот и увозот на стоките.[242] Како најзначајни трговски места што комисијата требало да ги посети биле посочени на север Скопје, и на југ Битола. Меѓутоа, комисијата не сметала да го ограничи своето проучување само на овие два града во заземените краишта, кои, всушност, биле средишни трговски места, туку според податоците што ќе ги добиела во текот на својата работа на теренот, таа ќе посетела и други помалку значајни во трговска смисла места.[243]

Формираната комисија за изучување на трговските односи во „новоослободените" краишта морала комплексно да го проучи тој

---

[241]Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни..., 169.
[242]Д-р Глигор Тодоровски, цит. дело, 166.
[243]На истото место, 167.

проблем. Затоа таа била задолжена, а имајќи го предвид фактот дека новите краишта сè до Балканските војни се наоѓале или гравитирале кон солунската трговска сфера и дека Солун и по Балканските војни, ќе го задржи, ако не целосно, а тоа во добар дел, своето поранешно значење, се сметало за неопходно комисијата своето проучување на трговските односи да го почне токму од Солун. Се претпоставувало дека во тој град ќе добие најмногу податоци и сознанија за својата работа.

Одделни солунски фирми, набргу по анексијата на Македонија, а некои дури и побрзо, непосредно по извршувањето на окупацијата, своите дуќани од Солун ги преместиле во Скопје или Битола, или ги задржале своите централи во Солун а отвориле свои филијали во Скопје и Битола.[244] Оваа појава српскиот печат ја нарекол колонизација на грчките трговци на Скопје и Битола, за што секако ги погодувало интересите на српските трговци, за разлика од грчките трговци, доаѓале, се населувале, отворале продавници и филијали во Скопје и Битола.

[244]Народна привреда у присаједињеним областима, Београд, 1914, 53.

## 5. Банките и другите финансиски институции

Релативно развиениот стопански живот во Битола во овој период доведе до зголемување бројот на сарафите што се занимаваа со разменување на странски пари и чекови, даваа заеми и вршеа други финансиски и трговски трансакции. Најпознат од нив бил Михаил Данабаш кој имал развиени деловни врски со многу места во Турција и надвор од нејзините граници. Од кореспонденцијата и деловните книги што ги водел Данабаш се гледа[245] дека имал обезбедено информирање за движењето на паритетните курсеви, давал пари на заем на поситни сарафи, давал стока на кредит, ги позајмувал и високите верски старешини.

Според кажувањето на српскиот конзул во Битола, сѐ до отворањето на филијалата на Солунската банка во градот, со давање пари на заем односно со приватно кредитирање се занимавале повеќе луѓе и наплатувале високи интереси.[246] Меѓу нив најмногу се истакнувала трговската куќа на браќата Икономов,[247] која добила солидна репутација и продолжила да се занимава со банкарски работи, сврзани со трговијата и по отворањето на филијалата на Солунската банка во Битола.[248]

Сѐ поголемото навлегување на стоково - паричните капиталистички односи во стопанството, сѐ повеќе го заоструваше проблемот на кредитирање. За решение на овој проблем, се создаваат првите банкарски институции, најнапред со широко учество на

[245]Архив на РМ, Скопје, „фонд Данабаш" - копирница на листови 471, 454, 463, 440,313, 83, 487, 475.

[246]Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи...,433.

-Извештај битољског конзулата о привреди, трговини и саобраќај у Битољском вилајету за 1894 године, Српске новине, Београд, бр.35 од 15.02.1895 год.

[247]Во Битола околу 1882 година бил сметан за банкар Ѓорѓи Икономов кој живеел во Виена, а ги кредитирал битолските трговци.

[248]Покрај филијалата на Солунската банка, пред крајот на турското владеење имаа свои филијали во Битола уште царската османска банка и Ориенталната банка (Д. Зографски, цит. дело, 433).

населението, што може да се земе и како израз на недостаток од доволно акумулиран капитал.

Покрај постоењето на „земјоделските каси“ кои претставувале институција преку која земјоделците го создавале капиталот кој во вид на кредити го ползувал градот. Напоредно со постоењето и делувањето на овие каси, во Битола била отворена филијала на Зирад банка (земјоделска).[249] Оваа банка давала хипотекарен и личен кредит само на земјоделци и со подлога - залог на земјата, а за да се добие заем се барало и уверение дека тој ќе се користи за земјоделско производство, па затоа и висината на заемот често се движела помеѓу 50 - 100% од проценетата вредност на имотот. Фактички оваа инситуција ги кредитирала големите земјопоседници, а ситните чифчии можеле да добијат кредит само кај лихварите со каматна стапка од 10 - 15% што се сметало за многу скромно, зашто во повеќе случаи каматната стапка изнесувала 40 - 50%, а не баш ретко и 100% од заемот. Вкупниот капитал на Зирад банка бил околу 10 милиони турски лири, а имала издадено заеми околу 10 милиони гроша, па Државната хипотекарна банка на Кралството СХС што неа ја наследи во 1920 година утврди дека во Македонија имало најповеќе заложени имоти (1.657 парцели) во Битолскиот округ.[250]

Битолската филијала на Зирад банка како и другите филијали имала потполно самоуправен статус, со одделно книговодство, со чисто сметковни односи со централата и заеми одобрувала независно од централата. Чистиот приход на филијалата се делел на три дела: една третина за зголемување на капиталот, една третина за унапредување на земјоделството во вилаетот и една третина се праќал до централата,

[249]Милан Р. Гавриловиќ, „Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији“, Скопље, 1931, 18.
-Jaranoff D., „La Macédoine écomonique“, Sofia, 1933, 193.
[250]Д-р Димитар Димески, Економските прилики во Битолскиот вилает во последната деценија на XIX и почетокот на XX век, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, кн.V - VI (31 - 32), 1979/80, 124 (16).
-Милан Р. Гавриловиќ, Развитак банкарства..., 26.

а се употребувал за заштита на стоката, набавка на семе и бесплатно делење на земјоделците. Локалните каси што општеле (ги праќале своите сметки до филијалата) со Битолската филијала биле во 16 места (Охрид, Прилеп, Елбасан, Лерин, Кичево и други).[251]

Во 1906 година „Солунската банка" ( Бањуе де Салониљуе) основала своја филијала во Скопје и Битола. Работата на оваа филијала била многу добра и работела сè до Првата балканска војна кога е извршена и ликвидација.[252]

Се упатуваа препораки, молби, апели до ресорните министерства на српската влада за побрзо развивање на новите краишта и нивното стопанско интегрирање со старите краишта на Србија. За формирање на банки и други установи од областа на банкарството, било потребно претходно одобрение и согласност на Стопанскиот совет на Србија.

По Балканските војни започнува акција за создавање на парични заводи сообразно српскиот Закон за акционерски друштва. Во најголем дел се врши претворање на веќе постоечките установи во акционерски друштва а посебно црковните фондови[253] кои брзо се прилагодувале со прописите. Меѓу првите банкари била една група Лесковчани, кои основале „Српска трговска банка" со седиште во Скопје.[254] Меѓутоа, основачите на банката во Скопје, на шпекулативен начин со грабеж се здобиле со почетен капитал за формирање на банката.„-Економската криза е во најголем разгор и се јавува како последица на војната...

Земјата остана без пари. Државата не презема ништо за да му осигура на населението кредит, а патриотските српски банки во Скопје и Битола отворија свои филијали, но пари не даваат, туку бараат."[255]

Продолжување на поранешната работа на две банкарски фирми

---

[251]Милан Комадиниќ, „Зират банка", Београд, 1913, 199.
[252]Народна привреда у присаједињеним областима, Београд, 1914, 53
[253]Милан Гавриловиќ, Развитак банкарства..., 19.
[254]Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни..., 185.
[255]Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1895-1914), Скопје, 1962, 234-235.-Стопанската криза во Нова Србија, број 82, 8.04.1914.

во Скопје и во Битола побарала и Солунската банка, кое имала свое седиште во Цариград. Правен застапник на оваа банка бил Јаков Челебановиќ,[256] адвокат од Белград.

Народната банка на Кралството Србија отворила свои филијали во Скопје и Битола, но во периодот од 1913 до 1915 година не се занимавала со други работи до исплатите за сметка на државата. Француско - Српската банка исто така отворила свои подружници во Скопје и Битола,[257] примајќи го дотогаш целокупниот портфељ од афилиацијата на Отоманската банка и придружувајќи се и на понатамошно работење како и за времето на Турците, иземајќи ги исплатите за сметка на државата.

Се поставувало и прашањето за понатамошно постоење на таканаречените Зираат-банките (земјоделските банки).[258] Требало да се формира комисија за средување и за испитување на положбата на Зираат-банката, како и на нејзините филијали во Македонија до Балканските војни.

На територијата на Македонија заземена од српските војски се појавиле и разновидни Осигурителни друштва - не само српски туку и странски осигурителни друштва, компании и агенти. Се појавил голем интерес и било слично како со работата на странските банки на територијата на Србија. Во прашање била конкуренција на домашните осигурителни друштва, кои не биле малку. Но, во една наредба доставена до сите окружни начелства, требало сите странски осигурителни друштва да се пријават до 1 март 1914 година во Министерството за народно стопанство и да бараат одобрение за работа во „новоосвоените" краишта и при тоа да ги исполнат сите законски

[256]Глигор Тодоровски, цит. дело, 187.
[257]Милан Р. Гавриловиќ, Развитак банкарства..., 19.
[258]Зираат (Земјоделска) банка работела и во Македонија. За оваа банка види погоре.
-Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи..., 419-422.

услови.[259] Дозвола за работа добиле само две друштва: Унион (Унион) и Ла Насионал (Ла Натионал).

Вардарскиот дел на Македонија бил интересен за отворање на нови банки, осигурителни друштва и друго како за домашните така и за странските, надевајќи се дека ќе остварат големи добивки. Но, со објавувањето на Првата светска војна прекината е работата на сите банки и друштва, со исклучок на Скопската трговска банка, која работела и за време на бугарската окупација.

---

[259]Од нив било барано да доставаат: правила, писмена кауција, пријава за нивниот главен агент, протоколирање на фирмата и др.

## 6. Селското стопанство

Селското стопанство било доминантна гранка во стопанскиот живот на Битолскиот регион. Земјоделството било најзначајна селско - стопанска гранка во регионот.

Општата карактеристика на земјоделското прозводство во турско време била примитивна обработка на земјата и заради тоа релативно ниски приноси. Меѓутоа, фактот дека битолското подрачје имало една голема предност во природните фактори - богато и пространо поле, односно доволно пасишта за стоката, овој крај бил отсекогаш познат како изразит центар за производство на житни и други култури, односно стока и сточарски производи.

Како последица на сета низа околности, дојде до напуштање или до недоволно обработување на земјата во Македонија, како што покажуваат тоа овие податоци за 1323 година по турско сметање (1 март 1907 до крајот на февруари 1908 година).[260]

| В и л а е т | Површина на вилает | Површина на обработена земја | Процент на обработена земја |
|---|---|---|---|
| Солунски | 4.000.000 ха | 248.387 ха | 6,21 |
| Битолски | 2.850.000 ха | 206.016 ха | 7,30 |
| Скопски | 3.200.000 ха | 349.067 ха | 10,61 |

Процентот на зиратната земја во Битолскиот вилает во однос на вкупната географска површина бил многу низок и изнесувал 7,3% од вкупната површина.[261] Во Битолскиот санџак под обработувана земја се

[260]Д-р М. Тодоровиќ, Солун и балканско питање, Београд, 1913, 17.
-Д-р Диме Димески, Македонското национално движење..., 100.
-М. Димитријевиќ, Привреда и трговина у Новој Србији, 1913, 23.

[261]Н. Скрябин, Политическия и економическая сведения..., 67.

сметала површината од 2.400.000 донуми.[262]

Од поважните земјоделски посеви во Битолскиот регион најмногу се одгледувале културите за исхрана. Најповеќе биле застапени житните култури. Со житни култури биле застапени околу 71% од ораниците или обработливо земјиште. Со ваков вид посеви Битолскиот крај бил најпознат и го заземал првото место во Македонија. Од житните култури најмногу биле застапени: пченицата, ржта, јачменот и пченката. На овие обработувани пространства биле според официјалните средни приноси произведувани: пченица 465.000 кгр, рж 385.000 кгр, јачмен 220.000 кгр, овес 85.000 кгр и пченка 400.000 кгр.(Во секое кило смета до 90 оки за пченица, до 75 оки за рж, 60 - 65 оки за јачмен, 35 - 40 за овес, 60 - 65 оки за пченка.)

Ако ја примениме шемата на структура на земјоделските површини во целиот Битолски вилает што е даден за 1907 година според која[263] под жита имало 89,17%, под градинарство 3,98%, под лозарство 5,74% и под индустриски култури 1,11%,тогаш заклучокот би бил дека во Битолскиот санџак биле обработувани за производство на житарици 2.140.080 донуми. Ако сметаме дека во еден хектар влегува површина од 5 донуми тогаш излегува дека под житарици биле сеани 428.016 ха. Од ова излегува дека приносите во житариците биле сосема ниски, што се гледа од следниот[264] податок за среден принос во Битолскиот вилает:

| | | |
|---|---|---|
| 1 донум засеан со | 4/70 кила пченица | дава принос од 4 кила |
| 1 „ „ | 3/10 „ „ | „ „ 3-4 кила |
| 1 „ „ | 6/10 „ „ | „ „ 6-7 кила |

Од ова се гледа дека од 1 ха средно се добивало околу 700 кгр пченица што споредено со денешните приноси е малку. Меѓутоа, и

[262]На истото место.
[263]Диме Бојановски, агр. Кирил Џонов, инг. агр. Ана Пемовска, „Развитокот на земјоделството во Македонија“-Економски институт-Скопје, 1955, 32.
[264]Политическая и економическая сведения..., 69.

покрај вака ниските приноси што секако биле резултат на примитивната обработка на земјата, Битолскиот санџак во тоа време произведувал житарици не само за подмирување потребите на неговото население, ами и за извоз во соседните санџаци и во Солун. Дури, забележано е дека заради недостаток на транспортен железнички сообраќај, земјоделецот го продавал житото по сосема ниски цени отколку да му скапува дома.[265]

Од градинарските култури најмногу се произведувало грав и пиперки. Гравот се извезувал во Солун, се проценува помеѓу 500 до 800 лири.[266] Во регионот исто така било застапено и лозарството. Што се однесува на индустриските култури, на прво место доаѓа тутунот (но, постепено производството се намалувало) па потоа ленот, конопот и др.

На второ место во селското стопанство доаѓало сточарството. Меѓутоа, преовладувале овци и кози, додека крупната стока била сосема слаба и битолските земјоделци купувале волови за работа од Косовскиот вилает, односно од Бугарија. Во целиот санџак[267] според официјалните статистики имало 1.150.000 овци, 300.000 кози, 70.000 свињи, 58.000 волови и биволи, 11.000 коњи и 28.000 магариња и мазги.

Во летниот период овците биле на богатите пасишта во Битолско (спрема Кајмакчалан и Пелистер), додека во зимата биле префрлувани во Солунско или Тесалија.

Коњарството не било доволно развиено (со исклучок на поедини места) и преовладувала домашна и неразвиена раса, заради што за воени потреби државата увезувала коњи од Бугарија, Румунија и Србија.[268]

Во говедарството преовладувала домашната сорта на говедо како и биволите и биле употребувани исклучиво за стопански потреби

---

[265]На истото место.
[266]Д. Димески, цит. дело, 102.
[267]Политическая и економическая сведения..., 70.
[268]Д. Димески, цит. дело, 101.

(орање, транспорт и сл.).

Во Црна Река се ловеле неколку сорти риби.

Орудијата на трудот во земјоделството, во ова време биле примитивни, се работело најповеќе со рало и мотика.

Тешко може да се утврди поради недостиг на податоци степенот на разгранетоста на чифлигарскиот систем во Битолскиот вилает.

Во првата деценија на XX век во Македонија односот меѓу беговите и чифчиите силно се изменил во полза на чифчиите.[269] Може да се каже дека економската положба на селаните зависела и од местоположбата каде тие живееле. Чифчиите во полето живееле воопшто подобро од оние во ридско - планинските краеви.[270] Во Битолска околија воопшто се во подобра економска положба. [271]

Но, и економската положба на слободните селани не била ништо подобра. Една статистика од турското Министерство за земјоделство дава податоци за економската положба на слободните селани и тоа:[272]

| Вилает | до 10 донуми[273] | 10-50 донуми | над 50 донуми |
|---|---|---|---|
| Битолски | 28% | 47% | 25% |
| Солунски | 38% | 50% | 12% |
| Косовски | 33% | 49% | 18% |

Од овие оскудни и груби податоци може да се види сиромаштвото на слободните селани.

Милан Комадиниќ кој ги изучувал податоците на оваа статистика вели:„Просечната површина на слободните земјишни површини на слободните селани во Солунскиот вилает изнесува 13 донуми, во Косовскиот 28, а во Битолскиот 25).[274]

[269] А. Разбойников, Чифлигарството въ Македония и Одринско, „Искра", г. 1, кн.4, Солунъ, 1912, 44.
[270] Милан Комадиниќ, Аграрно-правни односи Нове Србије, Београд, 1914, 93.
[271] А. Разбойников, цит. дело, 49.
[272] М. Комадиниќ, цит. дело, 75.
[273] 1 донум изнесува 919 $м^2$.
[274] Милан Комадиниќ, цит. дело, 75.

При сето тоа, не смееме да губиме од предвид две работи: прво, дека слободните селани по правило ја имале послабата земја главно во планинските и ридски реони, и второ, дека сопствениците на тие стопанства, биле не мали фамилии, туку често поголеми куќни задруги од по 30 членови и денес има во Мариово во тогашниот Битолски вилает.[275]

Затоа, може да се земе како точно тврдењето на Милан Комадиниќ:„За слободните селани може слободно да се рече дека живееле во услови на хроничен глад."[276] Или нешто подетално изразено: Од 100 слободни селски поседи во Битолскиот вилает помалку од 100 донуми имало 28 села; од 10 до 50 донуми - 47 села, а повеќе од 50 донуми 25 села.[277] Овие податоци говорат дека 75 - 88% од слободните селски поседи спаѓале во категоријата на многу мали поседи.[278] Оттука може да се заклучи дека таканаречените „слободни селани" само формално биле слободни, но економски биле наполно неслободни.

Во првата деценија на XX век процентот на чифличките мешани и слободни села во Македонија, по вилаети, беше како што следува:

| | | |
|---|---|---|
| Солунски вилает: чифлички села 46,10% | мешани 6,15% | слободни 47,75% |
| Скопски вилает: чифлички села 30 % | мешани 20% | слободни 50% |
| Битолски вилает: чифлички села 14,68% | мешани 26,33% | слободни 59,03%[279] |

Во Битолскиот вилает чифлигарството беше повеќе

[275]Боривоје Ж. Милојевиќ, Насеља српских земаља, кн. 21, Београд, 1921, 47. Наведува примери и на семејства со по 20, 30 па и 60 члена.
[276]М. Комадиниќ, цит. дело, 75.
[277]На истото место.
[278]Т. Ристиќ, Резултати аграрне реформе Југославије, „Економски финансиски живот", бр. 85, Београд, 1938.
[279]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на ..., 48-49.

распространето до 1903 година, а после таа година благодарение на револуционерната организација и печалбарството тоа е многу намалено.[280]

А. Разбојников дава една табела од 1908 - 1909 година за цела Македонија по кази и по вилаети, во која се гледа колку од вкупниот број на селата се чифлички, мешани и слободни. Во цела Македонија од вкупно 1838 села, 552 биле чифлички, 366 мешани и 920 слободни.[281]

Битолскиот вилает имаше 9 кази; 581 село; од кои чифлички биле 85, мешани 153 и слободни 343.[282] Ние тука ќе ја поместиме табелата по кази во Битолскиот вилает.

| Имиња на казите | Број на села | Чифлички села | Мешани села | Слободни |
|---|---|---|---|---|
| Битолска | 192 | 42 | 73 | 77 |
| Леринска | 43 | 8 | - | 35 |
| Костурска | 55 | 3 | - | 32 |
| Кајларска | 8 | 1 | - | 7 |
| Охридска | 76 | 11 | 27 | 38 |
| Дебарска | 46 | - | - | 46 |
| Реканска | 18 | - | - | 18 |
| Кичевска | 54 | 1 | 1 | 52 |
| Прилепска | 89 | 19 | 52 | 18 |
| Вкупно | 581 | 85 | 153 | 343 |

Сопствениците на чифлиците воглавно беа приватни лица најповеќе од мухамеданската вероисповест, а помал дел имаше и христијани, кои во текот на времето откупувале чифлички земји. Еден мал дел од чифличките земји се наоѓале и во сопственост на верски организации (вакавски, манастирски и црковни).[283]

За бројот на чифлиците кон крајот на XIX век и почетокот на XX век, а според анкетата на Правно-економскиот факултет во Скопје, (извршена во 1952 - 1953 година) во Прилепско покажува дека од 271 чифлици само 51 биле во рацете на христијаните, главно од градот

[280]А. Разбойников, цит. дело, 54.
[281]На истотот место.
[282]На истото место.
[283]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија..., 50.

додека 220 биле во сопственост на Турци и Албанци.

Новите освојувачи на македонската земја не се раководеа од потребите на македонскиот народ, туку пред сè од сопствените великодржавни интереси. Новите власти во вардарскиот дел на Македонија не биле многу заинтересирани да се реши аграрното прашање на македонскиот селанец и постојано го одолговлекувале. Меѓутоа, многу богати луѓе од Србија уште за време на воената положба почнале да доаѓаат во вардарскиот дел на Македонија и да купуваат земјоделски имоти и да се населуваат „како нови спахии".[284] Белградскиот весник „Политика" од 7.6.1914 година[285] пишуваше: „Многу министри, народни пратеници, професори на универзитетот во Белград, судии, па дури и околиски началници. Сите тие побрзале да станат бољари и спахии во Нова Србија. Само еден народен пратеник, пишувал во споменатата статија во весникот „Политика" имал закупено околу 3.000 ха земја. Биле закупени чифлички земји во околината на Куманово, во околината на Скопје, околу Прилеп и околу Битола."[286]

Еден од првите акти што ги презело Министерството на народно стопанство бил предлогот врз основа на прокламацијата на Кралот од 25.08.1913 година со која била извршена анексија на „новоослободените" краишта, за законско регулирање во состојбите во земјоделството, односно во селското стопанство. Биле донесени повеќе закони во областа на земјоделството во „новоослободените" краишта[287], со кои требало да се создадат услови оваа мошне значајна стопанска гранка да се извлече од заостанатоста, во која таа се наоѓала, поради општествено-политичките односи што постоеле до Балканските војни.

Донесени се и повеќе мерки што ги презела српската влада за

[284]Јанковиќ Драгослав, Србија и Југословенско питање...., 80.
[285]Број 3734, во студијата „Против спахилука" според цитираната книга на Јанковиќ Драгослав, 80.
[286]Д. Јанковиќ, цит. дело, 80.
[287]Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни..., 208-209.

подобрување на состојбата во селското стопанство. Создадени се посебни комисии по проучување на проблемите и состојбите во земјоделството, сточарството и шумарството.

Според една наредба на Врховната команда на српската војска од 23 март 1913 година под П. бр. 2354, а во смисла на Законот за уредување на окрузите и околиите, сите окружни надлештва биле задолжени да поднесуваат годишни извештаи за состојбата на окрузите. Така окружните началници, според барањето на повисоките органи, доставиле годишни извештаи за состојбата на окрузите за 1913 - 1914 година. Меѓу другото, прашањето за селското стопанство, земјоделството во заземените краишта, поконкретно аграрното прашање во овие документи е посебно истакнато, што од друга страна зборува за тежината на проблемот и значењето што му се придавало за потребата од решавање на ова прашање, како најакутен проблем во земјоделството во заземените краишта.

Началникот на Битолскиот округ доставил годишен извештај до началникот на полицијата при Врховната команда на српската војска Милорад Вујичиќ, а потоа истиот извештај бил препратен до министерот за внатрешни работи при српската влада, Стојан Протиќ. Покрај другото, во извештајот е посветен посебен просотор за земјоделството и приликите на селото, констатирајќи при тоа дека кај пооделни народности во округот во поглед на занимањето постоела разлика. Така, додека Власите и Албанците предимно се занимавале со сточарство, Словените всушност Македонците, се занимавале претежно со земјоделство, а Евреите биле трговци. Меѓутоа, окружниот началник во својот извештај, не изоставил да напомене дека огромната површина на земја во округот се наоѓала во рацете на Турци, кои за обработка земјата ја давале под закуп или на исполица.[288] Како и во сите стопански дејности, според окружниот началник така и во

[288]Тодоровски Глигор, Извештај за Битолскиот округ..., 283.

земјоделството, Битолскиот округ, во споредба со другите окрузи во Србија, бил заостанат.[289] Добиените приноси од земјата не биле во состојба да ги задоволат потребите на жителите во округот посебно во годините кои биле послабо родни. Ова доаѓало поради тоа што земјата рационално не се обработувала, туку доста примитивно; железните плугови биле мошне ретко во употреба, наместо нив селаните употребувале рало.[290] И земјата за обработка не била така погодна, освен земјата во Битолско и Прилепско Поле; таа била песоклива па според тоа доста слаба и било потребно да се наѓубрува. Најмногу се сеело пченица, потоа пченка, рж, јачмен и овес, а од градинарските култури најмногу грав, компир и зелка.

Окружниот началник констатирал дека во развитокот на земјоделството, покрај гореспоменатите причини, најмногу пречело што земјата во најголем дел била чифличка која селаните ја обработувале како исполичари.[291] Затоа, истакнува окружниот началник, една од првите должности на државата, по извршената анексија на овие краишта, требало да биде решението на аграрното прашање.[292] Бидејќи без тоа не можело да има напредок и полет во овој крај. Правилно согледувајќи ги причините за спориот развиток на земјоделството во округот, дека се тоа нерешените аграрни односи, окружниот началник, во своите предлози не изоставил да напомене дека требало да се преземат сериозни мерки за подобрувањето на земјоделството и тоа почнувајќи од употребувањето на орудијата за работа, до воведувањето на модерни земјоделски орудија.

Нема точни податоци за бројот на чифлиците во вардарскиот дел на Македонија во периодот 1912-1915 година, но може да се претпоставува дека тој е прилично голем. Во едно соопштение на

[289]На истото место, 293.
[290]На истото место, 294.
[291]На истото место.
[292]На истото место.

окружниот началник на Охрид Ј. Кирковиќ од 1914 година се вели дека само во Охридскиот округ има 214 чифлици.[293] Може да се заклучи дека и во другите окрузи положбата е слична.

-Состојбата во сточарството

Балканските војни катастрофално се одразиле на сточарството во Македонија. Така сточарското движење, како резултат на настанатите промени по Балканските војни, престанале посебно кон егејското приморје.[294] Со тоа вековната традиција во начинот на одржувањето на овците, поради воспоставувањето на српско - грчката граница на македонски терен, морала да се менува. На сточарите од вардарскиот дел на Македонија им било оневозможено користењето на зимните пасишта во Грција, бидејќи егејскиот дел на Македонија станала составен дел на Кралството Грција. Навистина, користењето на зимните пасишта во Грција, односно во егејскиот дел на Македонија станало нешто подоцна, одвај по дипломатските интервенции на српските власти кај соодветните грчки органи. Сточарите во вардарскиот дел на Македонија, поради недостаток на зимни пасишта не можеле да го дочуваат сточниот фонд. Бројот на овците до Првата балканска војна во Македонија релативно земено бил голем. Само во Битолскиот вилает имало 1.748.607 овци и кози, друга крупна стока (коњи, мазги, магарина) во Битолскиот вилает[295] имало 108.451, а говеда имало 302. 269.

Населението од Битолскиот регион во голема мера се занимавало со одгледување на стока, планинските и ридските терени во регионот, овозможувале одгледување на стока. Говедата се ситни и

[293] Гоцев Димитар, Националноослободителната война въ Македония 1912-1915, София, 1981, 73.
[294] Глигор Тодоровски, Малореканскиот предел, Скопје, 1970, 135.
[295] Детвалер, д-р Ф., Сточарство, споменица двадесетпетгодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937, 304.

неразвиени. Кравите просечно давале по 3 оки на ден. Во регионот имало приличен број биволи. Најдобри биле овците и козите кои ги имало насекаде - не биле ретки селани кои имале и по 3.000 овци или кози.[296] Според извршениот попис на стоката во Битолскиот округ, во Крушевската околија имало 7.550 говеда, 875 биволи, 52.791 овци, 23.112 кози, 2.042 коњи, 1.322 маски и магарина и 2.947 свињи, во Охридска околија - крупна стока 11.700, а ситна 116.000. Во Прилепска околија имало: говеда 16.078, биволи 2.019, овци 103.170, свињи 5.562, коњи 4.445 (?), магарина и мазги 2.225 (?). Во Преспанската околија имало: говеда 4.072, коњи 2.565, магарина и мазги 1.672. Во Битолската околија: говеда 12.436, биволи 2.434, коњи 5.747, мазги и магарина 3.168, овци 79.483 и кози 9.356.[297]

Одгледувањето на живата стока претставувало за македонскиот селанец животно прашање.[298] Општествено-политичките настани и последиците што тие ги носеле, оставиле силен впечаток и врз оваа стопанска гранка.

Нужни биле покрупни зафати во рамките на постојните општествено-политички односи и во оваа стопанска гранка-внесување на нови подобри и поразвиени видови на добиток, потоа примена на научни и други практични методи при одгледување на добиток, за да се добие морфолошки и физиолошки здрава стока.[299]

-Овоштарство

До Балканските војни интересот кон одгледување на овошки не

[296] Глигор Тодоровски, Извештај за Битолскиот округ..., 293.
[297] Истото.
[298] Цијук Александар, Сточарство, Споменица..., 574.
[299] На истото место, 574.

бил голем. Овошки имало на крупните и на помалите имоти, додека слободните селани не се занимавале посебно со одгледување на овошки.[300]

На овоштарството му се посветува посебно внимание во Ресенската околија. Таму веќе се наоѓале овоштарници со јаболкници.[301] Ресенските јаболка се многу прочуени и се извезувале извесни количини од Ресен.[302] Во Преспанска околија имало и квалитетни крупни сливи. Во Охридско има одлични крупни цреши и со многу добра арома, помалку јаболка, круши, дуњи и костени.[303] Во Прилепската и Битолската околија имало доста добри цреши и кајсии.[304]

-Шумарство

Битолскиот регион е сиромашен со шуми. Заради ова дрвата за горење се многу скапи. Делумно шума има на Пелистер и Кајмакчалан. Ридовите се сосема голи. На пошумување треба што побрзо и поенергично да се работи. Да се забрани за извесно време сечата, да се избере шумска управа во овој крај, да се поставаат чувари, и да се изврши разграничување на шумите.

---

[300]Буждон, инг. Вјекослав, Воќарство, Споменица..., 561.
[301]Тодоровски Глигор, Извештај за Битолскиот округ..., 292.
[302]На истото место.
[303]На истото место, 293.
[304]На истото место.

# ГЛАВА III

# ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

## 1. Состојбата во просветата непосредно пред Балканските војни во Битолскиот регион

Во текот на Балканските војни наставата во учебната 1912/13 година не се изведувала во училиштата во вардарскиот дел на Македонија, освен во некои училишта на странските мисии во Битола. И покрај воените дејствија тие не прекинаа со изведување на настава. По завршувањето на воените дејствија формираните српски просветни органи побарале од сите дотогашни училишни органи (егзархиски, патријаршиски, турски и други училишта што дотогаш постоеле во вардарскиот дел на Македонија) да достават точен преглед за бројот на училиштата, бројот на учениците и учителите и друго. Тоа биле нужни податоци што ги прибирале просветните органи на теренот во присвоените делови, што им послужиле во понатамошната работа на српските власти на просветното поле. Еве како изгледа бројната состојба на основните училишта и наставници непосредно пред Првата Балканска војна во учебната 1912/13 година во делот од Македонија што станал составен дел на Кралството Србија.[305]

[305] Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни 1912-1915 година, Просветно дело, Скопје, 1975, 12.

| Окрузи | Српски | | Егзарх. | | Грчки[306] | | Ро-мански | | Турски | | Ал-бански | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учил. | наст | учил. | наст | учил | нас | учи | нас | учи | наст | учи | наст. | учи | нас |
| Скопски | 27 | 37 | 60 | 114 | 1 | 4 | 1 | 2 | 18 | 37 | - | - | 3 | 10 |
| Кумановски | 56 | 75 | 52 | 73 | 1 | 2 | 1 | 1 | 38 | 45 | - | - | - | - |
| Тетовски | 46 | 55 | 43 | 58 | - | - | - | - | 75 | 89 | - | - | - | - |
| Кавадарски | 1 | 1 | 43 | 68 | 9 | 24 | 1 | 1 | 4 | 14 | - | - | 3 | 4 |
| Дебарски | 23 | 28 | 32 | 52 | - | - | - | - | 26 | 40 | - | - | - | - |
| Битоласки | 25 | 45 | 60 | 128 | 36 | 112 | 13 | 46 | 6 | 43 | - | - | 4 | 38 |
| Вкупно | 178 | 234 | 390 | 493 | 47 | 142 | 16 | 50 | 167 | 268 | - | - | 10 | 52 |

-Основни училишта

а) Турски основни училишта: Во Битола и Битолско до Балканските војни постоеле следните основни турски училишта Карадибак[307], Чинар (женско училиште), Имарет, Хаџи Доган, Мухаџир Махале (Маџар Маале), Бујук Шадрван, Салаташ, Хусуси (Специјално училиште - било приватно во сопственост на Џавид беј, во него доаѓале деца на поимотните Турци каде добивале помош во учење и за што се плаќало.), и Нумуне мектебе ( огледно училиште).

Школувањето во основните турски училишта траело шест години од кои првите две години биле подготвителни, еден вид на забавиште. Школувањето било доброволно, без некои законски одредби за задолжително школување. Во наставата покрај световните предмети биле застапени верскиот морал, веронауката и слично. Наставниот кадар бил назначуван од обласниот просветен началник, а ревизиран од училишниот инспектор за основна настава.[308]

[306]Големиот број на грчки училишта во Битолско се должи и на тоа што освен Македонци патријаршисти има и значителен број Власи патријаршисти, додека чисто грчкиот елемент е сосема мал.

[307]Официјалниот назив на основните турски училишта бил Иптидан мектеб, но овие називи биле пополарни меѓу народот и се добивале во месноста каде биле градени или по некоја угледна богата личност која живеела во близина на училишната зграда.

[308]Гимназијално образование во Битола, Битола, 1965, 7.

б) Грчки основни училишта: На почетокот од XX век, во Битола и Битолско постоеле следните грчки основни училишта.[309] Во Битола едно централно полно основно училиште со пет одделенија и триста ученици, едно основно училиште со четири одделенија и околу сто ученици, едно основно училиште сместено во месноста „Јени маале" со три одделенија и шеесет ученици, основно училиште во месноста „Арнаут маале" со две одделенија и подготвително одделение со триесет ученици, во месноста „Баир" со две одделенија и триесет ученици, училиште во месноста „Бела чешма".

Грчки основни училишта имало во следните села: Агларци, Граешница, Диово, Егри, Крклино, Маково, Беранци, Будимирци, Брусник, Нижополе, Оптичари, Суводол, Лисолај, Вашарејца, Градешница, Добромири, Лажец, Биљаник, Буково, Брник, Новаци, Ореово, Српци, Трн, Паралово, Велушина, Дедебалци, Драгош, Лавци, Ношпал, Рибарци, Српци, Зовиќ, Барешани, Олевени, Старавина, Магарево, Трново. Во овој период во грчките училишта на Битолскиот крај биле опфатени околу 3.200 ученици од кои во градот 1.600 и во селата околу 1.600.[310] Со поделбата на Македонија по Балканските војни биле укинати сите грчки училишта.

в) Еврејски училишта: Во почетокот на XX век во еврејските маали постоеле еврејски основни училишта. Тука се изучувале општо-образовните предмети, а учениците биле деца на поимотните Евреи. Во истиот период работело и едно подобро организирано верско училиште што се наоѓало во близината на месноста Табаана.[311] Постоеле две прогимназии: една машка и една женска.

[309] Д-р Крсте Битовски, Дејноста на Пелагониската митрополија, ИНИ, Скопје, 1969.
[310] Воспитанието и образованието во Битола, Битола, 1990, 58.
[311] Д-р Милош Константинов, Битолски Евреи, Прилози I, Битола, 1960, 21.

г) Егзархиски основни училишта: Во Битола и Битолско постоеле повеќе основни егзархиски училишта. Во Битола: едно централно основно училиште со четири учители и три учителки со 262 ученика, едно во Баир маало со еден учител и 36 ученици, Драгор маала со 50 ученици, Јени маало со 67 ученици, Арнаут маале со 32 ученика, Курделес маала со 22 ученика.[312]

Покрај наведените училишта во Битола егзархијата отворила и повеќе училишта по селата: Кукуречани, Барешани, Логоварди, Добрушево, Могила, Црнобуки, Крстоар, Мегленци, Карамани, Дедебалци, Облаково, Рибарци, Цапари, Ѓавато.[313] Бугарските егзархиски училишта во Битола и Битолско, вклучувајќи ја и гимназијата, работеле сè до Балканските војни, а некои и до Првата светска војна.

д) Српски основни училишта: Основни училишта со настава на српски јазик во Битола имало едно во близината на денешната зграда на Митрополијата со четири одделенија, потоа во месноста Бела чешма, и во Арнаут маало.

ѓ) Романски основни училишта: Со акцијата на романската дипломатија од турските власти била издејствувана наредба со која се дозволувало на влашкото население во Македонија да отвора свои училишта. Освен во градот каде што имало две училишта од втор степен и две од прв во кои работеле вкупно 30 учители со 367 ученици, исто така имало отворено училишта и по селата: Трново, Магарево, Малоиште, Нижополе и Гопеш.[314]

---

[312]Постоењето на споменатите училишта по маали се потврдува и по архивските материјали од фондот на Пелагониската егзархиска митрополија (Архив на Македонија-фонд Пелагонсика егзархиска митрополија).

[313]Архив на Македонија-фонд Пелагониска егзархиска митрополија.
-Воспитанието и образованието во Битола..., 1990, 58.

[314]Воспитанието и образованието во Битола, 62.
-Гимназијалното образование..., 12.

е) Француски (католички) училишта: Католичката пропаганда своето влијание го насочила и кон Македонија а својата ја реализира со помош на Франција која исто така имала за цел да го прошири своето влијание меѓу словенските народи на европска Турција. Оваа цел Франција ја реализирала преку Лазаристичката мисија која во Битола основала Лазаристички клон уште во 1854 година. Како резултат на ширењето на унијатското движење во Битола отворени се француско машко училиште на Лазаристичката мисија и француско женско училиште. И двете училишта биле отворени под маската на милосрдието, а со задача да ја шират католичката вера и францускиот јазик. Лазаристичкото машко училиште работело до 1914 година, а женското продолжило и понатаму сè до 1947 година.[315]

ж) Протестантски американски училишта: За ширење на протестантската пропаганда во Македонија најмногу придонесле севрено-американските мисионери. Во почетокот на XX век во Битола имало две американски училишта,[316] едно основно за машки и едно основно училиште за женски. Околу 1916 година машкото основно училиште имало услови да прерасне во гимназија т.е. прогимназија и се вовела предметна настава за први клас, меѓутоа воените настани тоа го оневозможија. Јевто Дедијер, пак, истакнува дека во Битола постоело едно основно училиште на американската мисија.[317] Училиштата на протестантската мисија работеле до 1916 година.

-Средни училишта

Покрај основните училишта во Битола до Балканските војни

[315]D. M. Brancoff, „Macédoine et sa population chrétienne", Paris, 1905, 17.
-Гимназијално образование..., 16.
[316]Гимназијално образование..., 18.
[317]Јефто Дедијер, Нова Србија, Београд, 1913, 197.

постоеле и средни училишта.

а) Турски средни училишта: Идади Милки (Mulki) - гимназија. Во турската гимназија наставата траела седум години и тука учеле ученици од целиот Битолски вилает.

Дарул Муалимин - учителска школа. Во учителската школа доаѓале да се школуваат ученици дури и од Корча и Елбасан (Албанија). Ова училиште го посетувале околу 400 ученици годишно. Во наставата покрај педагошката група предмети значајно место заземале и верските, а исто така се изучувале и арапскиот и персискиот јазик. Наставниот кадар претежно бил од Цариград. Постојат и многу скудни податоци за тоа дека во Битола работело и ниже земјоделско училиште. Посебен вид на училиште претставувало и таканареченото Исљахане. Ова училиште подготвувало ученици занаетчии.

Покрај средните турски цивилни училишта постоеле и средни воени училишта, и тоа: Руждие (ниже воено училиште-воена гимназија), а школувањето траело три години; Идадие (средно воено училиште-воена гимназија, кое што е донесено во Битола 1909 година од Солун;[318] Харбие (виша воена школа) која од 1909 година е преместена во Цариград.

Од наставниот кадар најпознати професори биле: Тефик беј, професор по историја и истовремено автор на „Историјата на град Битола" и Данаиле ефенди - одличен познавач на персискиот јазик, поет и професор на воената академија (Харбие).

За одбележување е исто така дека на воената академија се

---

[318]Гимназијално образование..., 7.

школувале Мустафа Кемал Ататурк[319] и Али Фети - беј.[320]

б) Грчки средни училишта - гимназија со седум класови, 243 ученици и 9 наставници. Во гимназијата биле примани ученици од Битола и од соседните села особено во селата каде грчката пропаганда имала поголемо влијание (Буково и Лавци). Наставните предмети биле како и во останатите гимназии само изучувањето на историјата, граматиката, книжевноста и географијата биле повеќе грчки ориентирани;[321] учителска школа со два класа и 40 ученици и петмина наставници; централно више женско училиште со девет паралелки и 14 наставници; граѓанско училиште со пет класа и 38 ученици, и 7 наставници. Освен тоа, грчки граѓански машки и женски училишта имало и во селата: Магарево, Трново и Нижополе. По Балканските војни сите грчки училишта престанале со работа. Учениците од истите преминале во новоформираните државни училишта, а поголем дел во француското училиште.

в) Српски средни стручни училишта: Во Битола исто така биле отворени и средни српски училишта. Од средните српски училишта треба да се истакне српската нижа гимназија која носела име „Српска православна гимназија",[322] а гимназијата била со 4 класа а настава изведувале 8 наставници со завршена Велика школа во Белград. Гимназијата ја посетувале ученици и надвор од градот и од селата и краевите во кои српската пропаганда имала успех (Дримкол, Поречи-

---

[319]Кемал Ататурк, Мустафа (Солун, 1881-Истамбул, 1938), турски државник и маршал, национален револуционер; учествуваше во движењето на Младотурците. Во 1923 година,Турција е прогласена за република, а тој прв нејзин претседател. Извршил прогресивни реформи: прокламирање еднаквост на сите граѓани, донесени совршени закони, извршена е реформа на јазикот и правописот (ја вовел латиницата на местото од старото арапско писмо),го укинал зарот и фереџето, одвојување на црквата од државата.

[320]Али Фети-беј, родум од село Житоше, Прилепско.Еден од најоглемите соработници на Кемал Ататурк и бивш турски амбасадор во Лондон.

[321]Гимназијално образование..., 11.

[322]На истото место, 32.

ето, село Тополчани и други). Бидејќи немало доволно ученици од Македонија, биле носени деца и од Косово кое исто така било под турска власт. Вака гимназијата во Битола останала неполна до 8.10.1913 година, кога со Указ прераснала во полна гимназија со вкупно 297 ученици.[323]

г) Егзархиски средни и стручни училишта: Во Битола постоеле следните бугарски (егзархиски) училишта: Машка класична гимназија со 7 класови и 222 ученици. Во гимназијата предавале вкупно 13 наставници.[324] Женско класично училиште со 4 класови и 105 ученици, 5 наставници и 2 наставнички; Учителска школа (Машка учителска школа со три класа и Бугарска женска учителска школа). Во извештајот на началникот на Битолскиот округ Душан Алимпиќ за прв пат се споменува за постоење на бугарско-учителска школа во Битола;[325]Свештеничко училиште (вонреден курс) со 12 ученици и два наставници; Домакинско училиште со два класа и 39 ученици. Бугарските егзархиски средни и стручни училишта во Битола работеле сè до Балканските војни.

д) Романски средни и стручни училишта: Машка гимназија со 7 класови и со 132 ученици и 16 наставници. Во оваа гимназија освен ученици од Битола доаѓале и ученици од околните градови: Прилеп, Охрид, Крушево, Лерин, Ресен и Бер. Завршените ученици од гимназијата биле испраќани за учители во разни влашки училишта во Македонија; женска учителска школа со 5 класови и 75 ученици, со

---

[323]По споменатото дело на д-р К. Робевиќ, стр. 16 и писмо од тогашниот приправник, професор во Битолската гимназија Донка Митрановиќ до директорот Владимир Точковски (училишна документација на гимназијата „Јосип Броз Тито").

[324]Од наставниците што предавале во машката и женската гимназија ќе ги спомeнеме: Васил Младенов, Парашкев Цветко, Луканов (Михаил Герџиков), Антон Димитров, Јордан Бадев, Крсте Мисирков, Иван Василев, Петар Киров, Климент Бојаџиев, Ѓорче Петров, Славејко Нечев, Даме Груев и тн.

[325]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912/1914, 221.

вкупно 12 наставници.

ѓ) Американско средно женско училиште: Во Битола постоело и Американско женско училиште со 5 класови и 29 ученици со 6 наставнички, од кои 2 биле по потекло Американки, 2 од Бугарија, 2 од Македонија. Наставен јазик во ова училиште бил англискиот, а бугарскиот јазик бил спореден предмет.

Според податоците што ги дава Јефто Дедијер за училиштата во Битола во овој период, меѓу другото истакнува дека во Битола постоела и Лазаристичко-католичка гимназија и едно основно училиште.[326]

[326]Д-р Јефто Дедијер, Нова Србија, Београд, 1913, 197.

## 2. Првите преземени мерки за организирање на училишната мрежа и тенденциите на големосрпската просветна политика

По Букурешкиот мир кога вардарскиот дел на Македонија целосно ѝ припадна на Кралството Србија, пред српските власти се наметнале низа прашања кои чекале неодложно и итно решавање, но за српските власти прашањето за просветата власти прашањето за просветата било третирано како едно од најважните сегменти за нормализирање на приликите во заземените краишта.

Ете зошто српската власт вложувала огромни сили и средства за побрзото уредување и сметаше дека кога младите македонски генерации ќе се вклучат во „воспитниот и образовниот" процес на српските училишта и ќе овозможи за кратко време да се посрбат. За таа цел бил покренат  целиот управен систем во Кралството Србија, сите нејзини фактори и секој српски патриот бил повикан да даде свој придонес во средувањето на положбата во „новоослободените" области.[327]

„Со постигнатите резултати во Букурешт нашиот голем сон воглавно бил задоволен... Остварен е идеалот за кој толку многу се чезнеело, сонувало и пеело... Во такви прилики училиштето е секогаш прво на ред... Оттука за кратко време треба што побрзо да се отворат што поголем број училишта, а тоа би било една од првите наши задачи."[328]

Новата српска власт настојувала да стекне што подобар авторитет меѓу македонското население особено што побрзо и поефикасно да ја постигне целта за асимилација и денационализација

---

[327]Д-р Глигор Тодоровски, Документи за просветната политика на српското Кралство во Македонија (1912-1915), Гласник на ИНИ, год. 2, бр. 3, 195.
[328]Свето К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство Јужне Србије од 1912-1937 год., Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937, 910.

на македонскиот народ. Но, за сето тоа да се оствари требало што побрзо да започне да функционира училишниот систем и за што поголема опфатеност на Македончињата во училиштата и да бидат виспотани во духот на србизмот.

Уште во текот на месец август 1913 година започнаа подготовките за организирање на школството и отворање на првите српски училишта во вардарскиот дел на Македонија. Во таа смисла министерот за просвета и црковни работи на Кралството Србија Љуба Јовановиќ се обратил до Министерскиот совет.[329] Во него се вели: „Со присоединувањето на новите краишта се јави потребата веднаш да се излезе од хаосот што владее во просветата и во црковните услови во тие краишта и во нив да настане нов живот. Лесно е да се увиди дека во овие краишта не може да се заснова новата состојба непосредно од министерството туку дека мора да се врши преку специјални службеници. Затоа чест ми е да го замолам Министерскиот совет, да повели да реши и да одобри, врз товар на кредитот од 60 милиони динари за новоослободените краишта да можам да поставам четворица просветно-црковни инспектори во војна и со плата на директори на средно училиште од рпва класа, а со седиште во Скопје, Велес и Битола. Како нивни помошници ќе има по еден писар и по еден практикант.[330]

Привремено до поставувањето на привремените инспектори, на оваа должност ќе определам директори и професори од нашите стари граници со право на дневници по член 7 од Законот за надзор на училиштата, а должноста писари и практиканти ќе ја вршат, исто така привремено професори и учители од новоосвоените краишта."[331] Министерскиот совет ги задоволило сите барања на министерот за

[329] Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни..., 100.
[330] На истото место, 101.
[331] На истото место.

просвета.

Вардарскиот дел на Македонија бил поделен на три просветни области на чело со три училишни инспектори. Просветни области по територија се многу големи од административно-политичките територии - управните окрузи. Просветните области биле поделени на околиски и училишни надзорници кои исто така во себе вклучувале повеќе административни општини. „При организирањето на училишните општини треба да се трудите политичките општини да бидат во исто време и училишни општини а каде ќе најдете за потребно да отстапите од тоа, направете го тоа во споредба со надлежните инспектори,“[332] препорачувал министерот. Највисок државен орган во просветната област бил училишниот областен инспектор, кој ја спроведувал зацртана политика во образовниот систем во вардарскиот дел од Македонија. Во нивна надлежност тогаш влегле средните и основните училишта.[333]

Обласните инспектори биле најспособните просветни работници во тогашна Србија.[334] За први училишни инспектори биле назначени: во Скопската училишна област бил назначен Миливоје Поповиќ, за Брегалничката Лазар Кнежевиќ и за Битолската просветна област Петар Типа.[335] И тројцата се познати како великосрпски шовинисти.

Училишните обласни инспектори ги посетувале околиските училишни надзорници. Повеќето од надзорниците биле поставени од редот на дотогашните српски учители во Македонија до Балканските војни, кои ги познавале тамошните прилики. Нивната прва задача била да ги прегледат дотогашните училишни згради, нивно оспособување за изведување на наставата. Во повеќето од училишните згради имало стационирана војска.[336]

---

[332]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика... 1912-1915 година, Док. 6, 96.
[333]Свет. К. Марковић и Јаков Ивановиќ, цит. дело, 911.
[334]Д-р Глигор Тодоровски, Документи за просветната политика..., 196.
[335]Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, цит. дело, 911.
[336]Д-р Глигор Тодоровски, Документи..., 196.

Министерскиот совет ракводел со целокупната просветна политикка преку просветното одделение како негово тело, кое било стручен, педагошки и советодавен орган на Министерството. На теренот, пак, главни носители биле училишните инспектори, кои требало директно да ја спроведат просветната политика, да ја организираат училишната мрежа и работата на училиштата.

Сите училишта кои работеле во Битола и Битолските села, како и во целиот вардарски дел на Македонија до 1912 година биле укинати. „Пред сè треба да имате на ум дека сите училишта, во споменатата околија се српски државни училишта, исклучувајќи ги романските според специјалните одредби на Букурешката спогодба", пишува министерот Љуба Јовановиќ.[337]

Покрај формирањето на просветните органи, требало да се изврши попис на сите училишта кои работеле на теренот до Првата Балканска војна независно од тоа кој ги отворил и издржувал. Во учебната 1912-1913 година поради војните и другите можности на Србија училиштата во Битола и Битолските села не работеле, па биле искористени и времето и можностите за утврдување на состојбата. Според предвидената програма во новоотворените српски училишта им посветувале посебно големо внимание на предметите по српски јазик, српска историја и географија, т.е. тие предмети со кои се сметало дека брзо ќе бидат посрбени македонските деца.

[337]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика..., Док. 6, 25.

## 3. Односот на српските просветни органи спрема егзархиските учители и учителите од другите народности затекнати во Македонија

Еден од битните фактори за почнување со работа на училиштата било и обезбедувањето соодветен и доволен број учителски кадар, кој ќе ја изведува наставата во духот на српството, како што имала зацртано српската буржоазија „за целосен успех во тој правец потребна е систематска работа за подолга низа години. Учителот на народното училиште преку училиштето, преку децата и нивните родители може да стори најмногу, нашите нови граѓани да се чувствуваат како Срби.“.[338]

Србија во тоа време не располагала во доволен број со учители за да може да ги задоволи потребите и да ги пополни работните места во заземените територии во вардарскиот дел на Македонија. Така весникот „Македонски глас“ од 2 март 1913 година пишува: „Српското министерство на народна просвета објавило дека од потребните 1.400 учителски места во новите краишта, пополнети биле само 600, а слободни останале уште 800 места. Поради недостаток на српска интелигенција, се предлагало да се земат странци, на пример Швајцарци, кои го знаат српскиот јазик.[339]

Во Битола и во Битолските села, како и во целиот вардарски дел на Македонија најголемиот број егзархиски учители биле Македонци кои работеле во егзархиските училишта. Со заземањето на вардарскиот дел на Македонија од српската војска 1912/1913 година дел од егзархиските учители избегаа во Бугарија уште пред меѓусојузничката војна. Друг дел од учителите се насилно

[338]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика...1912-1915 година, Док. 6, 98.
[339]„Македонски глас“, год. 2, бр.9, 2.3.1914, рубриката „Македонска хроника“-Недостаток на учители.

екстернирани од српските власти. Трет дел пред сè селските учители со своите семејства не ги напуштиле родните места. Сите егзархиски учители официјално се предупредени дека ќе го загубат работното место, а ако сакаат да останат во родниот крај, треба да потпишат декларација дека се Срби. Сите учители биле задолжени да го сменат своето презиме на „иќ". Но, се разбира дека српските власти немаа доверба во ниту еден од егзархиските учители.[340] Како долгогодишни противници на српската пропаганда тие се непријателски настроени, не го знаат српскиот јазик, не ја познаваат српската историја и географија. Во таква состојба тоа назначување на учители е од интерес на српските национални интереси. Такво е мислењето на вишите српски раководители во вардарскиот дел на Македонија.

Егзархиските учители кои што останале во родниот крај биле изложени на репресалии, затворања, прогонства. Така на пример, во јуни 1913 година, спрема некои податоци биле интернирани 54 учители од Прилепско, Битолско и Ресенско. Еве еден список на учители од Битола кои биле затворени на 17 јуни 1913 година, а веднаш потоа, во јули, биле екстернирани во Бугарија, затоа што откажале да си ја сменат народноста и да потпишат декларација дека се Срби, и покрај заканата дека ќе бидат стрелани.[341]

I Основни учители во градот Битола

1. Ефтим Миладинов од Штип, главен учител
2. Евгениј поп Симеонов од Кичево, ст. учител
3. Благој Христов од Битола, учител
4. Трајан Конев од Прилеп, учител
5. Методиј Беќаров од Прилеп, учител
6. Христо Андреев од Битолско, учител
7. Борис Балазелков од Прилеп, учител
8. Тома Захов од Битола, учител

340 Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството..., 114.
341 К. Прличевъ, Сръбският режим и революционната борба въ Македоня (1912-1915), София , 1917, 18.

## II Основни учители во Битолска околија

1.Илија Димев од Битолско , главен учител
2.Михаил Капиданчев од Воден, ст. учител
3. Стојан Андонов од Битолско, учител
4. Антов Крстев од Дебарско, учител
5. Славејко Стрезов од Дебар, учител
6. Крсте Атанасов од Битолско, учител

## III Класни учители во градот Битола

| | | од | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Лазар Цунев | Гевгелиско | директор, | м. гимназија |
| 2. | Антон Димитров | Тиквешко | директор, | ж.прогимназија |
| 3. | Никола Јавишлиев | Дојран | учител, | м. гимназија. |
| 4. | Славејко Нечев | Велес | учител, | |
| 5. | Димитар Небраклиев | Прилеп | учител, | |
| 6. | Иван Василев | Кајларско | учител, | |
| 7. | Петар Киров | Кајларско | учител, | |
| 8. | Ѓорѓи Генчев | Битола | учител, | ж.прогимназија |
| 9. | Александар Маџаров | Охрид | учител, | ж.прогимназија |
| 10. | Антон Кецкаров | Охрид | учител, | ж прогимназија |
| 11. | Александар Развигоров | Штип | окр. уч. инспектор, | |
| 12. | Ахил Минџов | Охрид | окол. учил. инспектор, | |
| 13. | Спиро Мирчев | Прилеп | секретар, | Митрополијата. |
| 14. | Иван Петров | Битола | архивар, | Митрополијата |
| 15. | Иван Анастасов | Охрид | енорејски свештеник, | |

Еден егзархиски учител за да може да се вклучи во изведување на настава во српските училишта и на српски јазик задолжително требало да посетува специјален курс. Такви курсеви за македонските учители биле формирани во Белград и во Скопје.[342] Србите организирале во Белград тримесечен курс за учители егзархисти од

[342] Така во учителската школа во Скопје од 380 запишани, 280 се Срби од Кралството а само 100 души од Македонија и Стара Србија, пишува весникот „Македонски глас“.
-Македонски глас, година I, бр. 8, 22, 22.12.1913.

Македонија. На првиот курс отидоа 154 учители од Македонија, а на вториот 84.[343] На курсевите учителите го учат српскиот јазик, историја и географија на Србија.

Сите учители кои биле праќани на курсеви не биле веднаш вклучени во настава. Недовербата кон нив останувала до крај. Од оние, пак, што биле примани, малкумина биле оставени да учителствуваат во Македонија, а повеќето биле назначувани во предвоените граници на Србија. За тоа кои српски учители и учителки од пред војната останале на своите работни места строго се водело сметка и министерот за просвета барал конкретни податоци од теренот.

Оние малубројни српски учители кои од пред војната се наоѓале во Битолската просветна област како и во цела Македонија, со новодојдените од старите граници, а помогнати од надзорниците и инспекторите во „новоослободените" краишта требало да ги помогнат и спроведат стремежите на српската буржоазија во Македонија во доменот на воспитанието и образованието. Во српските училишта преку српскиот јазик, српската историја и географија започнал нов процес на денационализација и асимилација на македонскиот народ, применувајќи ги сите расположливи дозволени и недозволени средства, методи и форми.

---

[343] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954, 283.

## 4. Работата на основните училишта во учебната 1913/14 година

И покрај преземените чекори за нормализирање на школството во „новоослободените" земји да се почне со настава што побрзо, сепак во текот на учебната 1912/13 година училиштата воопшто не почнале со работа. Тој период бил искористен за согледување на состојбата за организирање на тела и органи што ќе ја водат просветата, средување на материјалните потреби и можности, со намера во наредната учебна година подготвено и навреме да се почне со работа.

И покрај сите подготовки и настојувања да се почне навреме со настава во новата учебна 1913/14 година, не почнала навреме, туку и оние училишта кои почнале со работа почнале со големо задоцнување од по неколку месеци, особено оние по селата. Еден број од училиштата започнале со работа во ноември, други во декември 1913 година, а трети во јануари и во февруари 1914 година.[344] Настојувањата да се задоволат потребите од учители како и со училишен простор, како најосновни потреби без кои не може да почне со работа едно училиште, не биле реализирани.

Според еден документ од 1913 година се гледа дека биле назначени 417[345] учители од кои 31 во Тетовскиот округ, 34 во Кумановскиот, 60 во Скопскиот, 51 во Кавадарскиот, 31 во Штипскиот и 64 учители во Битолскиот округ. Според некои српски автори во учебната 1913/14 година во „новоослободените" краишта (вклучувајќи ја и Приштинската просветна област) биле отворени 438 српски основни училишта со 13.508 ученици и 715 учители.[346]

За бројната состојба на отворените српски училишта во учебната

[344]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни..., 130.
[345]На истото место.
[346]Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство Јужне Србије..., 913.

1913/14 година во Битолскиот округ може да се види од наведената табела.[347]

| Околија | Училишта | Ученици |
|---|---|---|
| Битолска | 36 | 2.805 |
| град Битола | 9 | 3.642 |
| Крушевска | 30 | 3.419 |
| Мариовска | 20 | 2.409 |
| Прилепска | 52 | 4.330 |
| Вкупно | 117 | 16.605 |

Посебна тешкотија за српските органи на власта во вардарскиот дел на Македонија, а посебно во Битола и Битолските села претставувал отпорот што го давале родителите околу запишувањето на учениците.[348] Родителите не сакале да ги запишуваат своите деца во српските училишта. Кога во октомври 1913 година во градот биле отворени српски училишта, ниту еден ученик не сакал да се запиши во тие училишта, а властите тоа го толкувале како подоготовка за бунт и преземаат посебни мерки. По тој повод белградскиот весник „Изгрев"[349] го објави следното за Битола: „Властите бараат Македонците насила да ги испраќаат децата во српските училишта, а доколку тоа не го сторат ќе бидат казнети. За оние кои воопшто нема да ги праќаат на училиште, казната ќе биде 100 динари, а 200 за оние кои ќе ги испратат во туѓи училишта. (Во тоа време во Битола има две унијатски училишта, б.а.), и 600 динари за оние кои ќе ги испратат децата во странство." Отпор за запишување на учениците имало и во селата, таков случај има во селото Маково, кое тогаш припаѓало во

[347]На истото место, 910.
[348]Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските војни..., 226.
[349]В. „Изгрев", број 3, 4 октомври 1913 година.
-Карнегиевата анкета..., 115-116.

Прилепската околија каде биле запишани 40 ученика од селата Маково, Мојно, Рапеш, Орле, Путурус и Брник, но од запишаните само 4 ученка се пријавиле да одат на училиште. За спроведување на просветната политика во вардарскиот дел на Македонија за 1913/14 година бил одобрен специјално наменет буџет во износ од 1.141.185 динари.[350]

И покрај настојувањата на српската власт колку што може побрзо да бидат отворени српски училишта во вардарскиот дел на Македонија и на поставувањето на просветни и полициски власти во практиката одело тешко.

---

[350]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика во Македонија по Балканските војни..., 133.

## 5. Работата на основните училишта во учебната 1914/15 година

По завршувањето на учебната 1912/13 година се започнало со подготовки на новата учебна година. Во тие подготовки се настојувало да се зголеми бројот на училиштата како и подоброто изучување на српскиот јазик од страна на учениците, а со тоа ќе можат полесно да го изучуваат новиот наставен материјал. Меѓутоа, само што завршила првата учебна година, во летото 1914 година започнала Првата светска војна. Србија била зафатена во војната со Австро-Унгарија.

Положбата во училиштата не само што не се подобрила во новата учебна година во споредба со претходната туку уште повеќе се влошила, за што се појавил уште поголем недостиг од учителски кадар. Дел од учителите биле мобилизирани во војската, а и другите услови не се подобриле посебно со училишните згради кои биле сосема или делумно разрушени, а се јавил и недостиг на училишен инвентар.

Големиот недостиг на учители ги натерало политичките фактори да дејствуваат поенергично во областа на просветата и да се заземе подруго становиште. Токму заради тоа министерот за просвета и црковни работи, со акт доверлив бр. 391 од 28.01.1915 година бара од министерот на војската, сите учители во новите територии да не се земаат војска.[351] По тие интервенции, многу учители биле ослободени од воените обврски поради важноста на учителската работа на која биле назначувани. Многу од учителите работеле како деловодители и други административни и државни служби.[352]

За влошената положба по селата а со тоа и работата на училиштата во учебната 1914/15 година може да се види и од извештајот на обласниот училишен инспектор на Битолската

[351]На истото место.

[352]Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство Јужне Србије, цит. дело, 913.

училишна област доставен до просветното одделение при Министерството на просвета и на црковните работи пишува дека на воените обврзници од I и II позив придонесло бројот на учениците по селските основни училишта уште повеќе да се намали. Таа положба се влошила уште повеќе кога во јануари 1915 година на воена служба биле повикани и воените обврзници од III позив со кое бројот на учениците по селските основни училишта се намалил на 5-6 ученици; а имало селски основни училишта во Битолската училишна област кои останале без ни еден ученик. Во споменатиот извештај натаму се тврди дека селата во Битолската област останале речиси без машки жители, бидејќи освен обврзниците од I, II и III позив за воена служба биле земени и старците и младинците кои според возраста не потпаѓале под воена обврска. По селата, породолжува обласниот училишен инспектор, останале само жени и деца и по некој изнемоштен старец.[353]

Во учебната 1914/15 година и во Битолската училишна област сите училишта не почнале навреме со работа, пред сè поради немање учители, особено во селата и поради немање училишен простор.

Во Битола постоеле следните училишта: до Св. Богородица, Јени маале, на Баирот, Арнаут маале и Кочина улица.

Бројот на учителите, паралелките и учениците во основните училишта во учебната 1914/15 во Битолска околија доставени со акт на околискиот училишен надзорник со број 1121 од 1.9.1915 година[354] изгледа вака.

[353]Д-р Глигор Тодоровски, Документи за просветната политика на српското Кралство во Македонија..., Док. бр. 36, 36.
[354]Д-р Глигор Тодоровски, просветната политика..., Док. 28, 122-123.

| Ред. бр. | Села | Учители | Паралелки | Ученици | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дихово | 1 | 1 | 39 | |
| 2. | Логоварди | 1 | 1 | 36 | |
| 3. | Оптичари | 1 | 1 | 33 | |
| 4. | Крклино | 1 | 1 | 12 | |
| 5. | Могила | 1 | 1 | 30 | |
| 6. | Вашарејца | 1 | 1 | 17 | |
| 7. | Беранци | 1 | 1 | 17 | |
| 8. | Лера | 1 | 1 | 40 | |
| 9. | Српци(Долно) | 1 | 1 | 45 | |
| 10. | Ѓавато | 2 | 2 | 42 | |
| 11. | Лавци | 2 | 2 | 42 | |
| 12. | Нижополе | | | | нема податоци |
| 13. | Лажец | | | | " |
| 14. | Кукуречани | | | | " |
| 15. | Барешани | | | | " |
| 16. | Буково | | | | " |
| 17. | Маловишта | | | | " |
| 18. | Цапари | | | | " |
| 19. | Брусник | | | | " |
| 20. | Трново | | | | " |
| 21. | Магарево | | | | " |
| 22. | Оризари | | | | " |
| 23. | Ореово | 1 | 1 | 33 | |
| 24. | Драгош | 1 | 1 | 43 | |
| 25. | Велушина | 1 | 1 | 31 | |
| 26. | Лопатица | 1 | 1 | 30 | |
| 27. | Стругово | 1 | 1 | 23 | |
| 28. | Ивањевци | 1 | 1 | 52 | |
| 29. | Српци (Горно) | 1 | 2 | 14 | |
| 30 | Трновци | 1 | 1 | учениците го напуштиле учил. | |

Мариовска околија

Училишта постојат во селата: Добрушево, Будаково, Брод, Суводол, Новаци, Брник, Маково, Путурус. За овие училишта нема податоци за бројната состојба на учителите, паралелките и учениците.[355]

При изучувањето на наставните предмети во основните училишта посебно внимание му се посветувало на изучувањето на српскиот јазик. И покрај сè, во училиштата во Битолската област не се постигнати задоволителни резултати.

[355]На истото место.

## 6. Средно образование

Министерството за просвета и црковни работи било задолжено покрај основното да ги организира и да ги решава сите прашања на средното образование. За таа цел прво се проучила положбата на затекнатото средно образование, а потоа потребата на државата, па тргнувајќи од тие сосотојби и потреби се пристапило кон отворање гимназии. Со посебен Кралски указ од 15 октомври 1913 година се отворени полни гимназии во Скопје и во Битола и учителска школа во Скопје,[356] а подоцна и 18 неполни гимназии во останатите градови.

Гимназиите имале за задача да ги соберат сите деца кои порано се школувале, било во српските било во другите гимназии. Посебни потешкотии за работа на школите претставувале училишните згради кои биле мали по простор или во лоша состојба. За директори биле поставени „нашите првокласни сили" и истакнати просветни работници во Скопје Мирко Поповиќ, а во Битола, Гргур Вујиќ, имиња кои биле познати на „нашата" просвета.[357]

Гимназијата во Битола почнала со работа во учебната 1913/14 година со вкупно 297 ученика. Таа била сместена во зградата на бившата турска гимназија, односно денешната. Наставниот кадар во воа време бил пополнуван во текот на учебната година, па затоа некои наставници во почетокот предавале по два или три предмети. Наредната учебна 1914/15 година исто така била проследена со тешкотии за што тогаш почнала Првата светска војна. Наставата ја посетувале 347 ученици.[358] По заземањето на Битола (ноември 1915 година) од бугарската армија гимназијата престанала со работа. Повторно гимназијата со српски наставен јазик започнала да работи во 1918 година во новосоздаденото Кралство на СХС.

[356]Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, цит. дело, 930.
[357]На истото место.
[358]„Општинске новине", Битољ, 19.2.1914 година.

Освен гимназија, во Битола биле отворени и нижи стручни училишта.

-Општо-занаетчиско-трговско училиште во Битола било отворено во 1914 година со Решение на Министерството за просвета на Србија. Целта на училиштето била да ги оспособи чираците, калфите и трговските помошници за нивна практична работа. Учениците учеле стручни и општи предмети. Посетата за споменатите била задолжителна.[359]

-Трговско училиште кое било двокласно и примало ученици пред сè од Македонија.[360] За учење се плаќала такса која изнесувала 20 динари годишно. Биле застапени сите оние предмети како и во Трговската академија во Белград, посебно странските јазици.[361] По завршувањето на учебната 1914/15 година резултатите биле одлични, а и наставата во текот на годината на висина.[362] Во текот на учебната година училиштето го посетувале 20-30 ученици, а истото престанало со работа во 1916 година.

-Ниже земјоделско училиште кое почнало со работа во 1912 година и работело сè до 1916 година. Во него биле примани повеќе деца од селата. Наставата била стручна односно практична. Во прво време училиштето располагало со 8 хектари а подоцна им е доделена над 10 хектари обработлива површина.Учениците низ пракса биле запознавани со новите достигнувања во агротехниката.

-Женско работничко училиште со една паралелка во учебната 1914/15 година. Биле примани само девојки со завршено четврто одделение. Во училиштето во наставата имало теоретски и практични часови. За наредната учебна година било предвидено школувањето да трае две години, а не една како дотогаш.

---

[359]„Битољске новине“, Битољ, 31.5.1915 година.
[360]„Општинске новине“, Битољ, 8.9.1914 година.
[361]Директор на училиштето бил бившиот доцент на белградскиот универзитет д-р Велимир Бајкиќ.
[362]„Битољске новине“, Битољ, 31.5.1915 година.

## 7. Односот на српската просветна дејност спрема образованието на децата од другите народности.

Според одредбите на договорот, во турските приватни верски училишта во вардарскиот дел од Македонија била дозволена употреба на турски јазик. При тоа, договорот ги имал предвид верските, но не и националните малцинства.[363] Кога на крајот од 1913 година и почетокот на 1914, турските и албанските првенци го поставиле прашањето за отворање на училишта тогаш српските власти им го покажале законот за „народните училишта", според кој во вардарскиот дел од Македонија не можат да постојат други училишта освен српските. Исклучок биле влашките основни училишта, и тоа приватните.[364] Турското и албанското население може да ги испраќа децата само во српските државни училишта. Српските власти им одговараат дека во сите српски училишта во кои има муслимански деца ќе се воведе подготвителен курс за изучување на српскиот јазик. Оние деца кои успешно ќе го завршат курсот, ќе можат редовно да ги посетуваат српските училишта. Што се однесува пак до изучувањето на турската религија, на оџите ќе им се дозволи еднаш седмично на турски јазик да им предаават за коранот.

Сè почести биле барањата во името на исламската заедница да се отворат верски училишта во Битола и истите да бидат исклучиво со верски карактер. Меѓутоа, училишниот инспектор во Битола ги одбил барањата со мотивација дека „сега поради воените прилики, кога и нашите не работат, не може да се пристапи кон тоа отворање". Инспекторот ги упатува барателите да почекат со препорака и ветување дека „кон отворање на такви училишта ќе се пристапи во

---

[363]Д-р Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983, 28.

[364]Д-р Глигор Тодоровски, цит. документи, 224.

почетокот на идната година“.[365]

На крајот на краиштата не е отворено ниту едно турско или албанско училиште. Освен извесен број турски и албански деца кои од почетокот се запишале во турските училишта, а потоа се откажувале заради непознавањето на српскиот јазик, а и од други причини, така да во овој период тие биле целосно исклучени од просветниот и образовниот систем.

Истата политика српската власт ја водела и спрема грчките училишта, независно од тоа што Србија и Грција биле во добри односи. Грчкото Министерство за надворешни работи со нота од 20 ноември 1913 година бара објаснување од српската власт зошто не се разрешува проблемот со отворање на грчките училишта во Битола. Во исто време за истото прашање и грчкиот пелагониски митрополит Хризостон му се обраќа на српскиот битолски училишен инспектор. И на двете барања им е одговорено дека не е можно да се отворат училишта на грчки јазик. Училишниот инспектор во Битола му соопштува усно на грчкиот митрополит дека прашањето за грчките училишта ќе се разреши. Се разбира само по дипломатски пат, со цел да не се изгубат сојузниците, а сепак да не се допушти отворање на грчки училишта во Битола па и целиот вардарски дел на Македонија.

Поделикатна е политиката на српската власт кон влашкото население и училиштата во вардарскиот дел на Македонија. По силата на специјална спогодба меѓу романската и српската власт уште за време на преговорите во Букурешт, српската власт се согласила на влашкото население во Македонија да му отвори училишта и да им даде црковна автономија. Меѓутоа, уште со самите подготовки во септември 1913 година за отворање на влашки училишта наидуваат на отпор од српската власт. Тоа предизвика револт кај романскиот министер и претседател Мајореску кој што со нота му се обратил на

[365]На истото место, 200.

српската власт. „Како што беше договорено за време на нашите преговори сакам да ве замолам да ми одговорите и да ми потврдите на нашата нота дека Србија е согласна да им даде училишна и црковна автономија на Власите кои што се наоѓаат во вашата држава и да допушти формирање на една епископија за сите тие Власи со можност романската власт да дава дополнителни средства па макар и под српска контрола на горенаведените институции сега и во иднина. Србија во однос на автономијата на влашките училишта и цркви во вардарскиот дел од Македонија изгледа ќе остане само мртво слово на хартија. Имено заради тие политички причини српската власт е приморана да се согласи да бидат приморани неколку основни влашки училишта во Битола, Крушево, Гопеш и Маловишта, каде што живее компактно влашко население, каде што и пред војната имаше училишта. Тие училишта, макар што се потврдени и со официјала одлука, претставуваат трн в око на полициската и просветната власт во вардарскиот дел на Македонија. Затоа училишните инспектори во Битола и Крушево агитираат влашкото население да ги испраќа децата во српките училишта. И по тој повод романското пратеништво во Белград повторно протестира.[366] Тогаш српското Министерство за просвета бара „објаснување од училишниот инспектор во Битола, кој одговара дека за влашките училишта не се издадени никакви наредби така што не може да стане збор за пречки при запишувањето на учениците во романските училишта. Меѓутоа, според него има ученици кои претходно учеле во влашките училишта, а сега се запишуваат во српските, за што мајчиниот јазик им бил „српскиот“. Власите-гркомани исто така сакале да се отворат српски училишта. Неискрена е политиката на српската власт и кон влашкото население

[366]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика..., 122.

во вардарскиот дел на Македонија.

Во училиштата надвор од државните односно во приватните, српската просветна власт гледала со голема недоверба и затоа тие настојувале да го забранат нивното постоење. Меѓутоа, таквата забрана не можела лесно да се спроведе, заради тоа што во прашање биле односите со Франција. Под притисок на францускиот пратеник кај претседателот на српската влада Никола Пашиќ било одобрено во еврејските училишта во Скопје и Битола да се изведува настава на француски јазик, но под услов во нив да се учи српски јазик, историја и географија на Србија и на српската земја, и тоа на српски јазик.[367]

Исто така и на училиштето на француско-американската мисија во Битола му беше наредено да ја прекине работата, односно не му беше дозволена настава за во учебната 1915/16 година, додека управата не ја сообрази својата работа со правилникот за отворање на приватни училишта од 8.2.1915 година. Што станало со овој проблем не е познато, затоа што српските војски и власти морале во есента 1915 година да се повлечат од Битола и од целиот вардарски дел на Македонија.

[367]Д-р Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни..., 386.

# ГЛАВА IV

# ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ ПО ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА СРПСКАТА ВЛАСТ ВО РЕГИОНОТ

## 1. Црковните прилики за време и по Балканските војни

Со Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година била окончана поделбата на Македонија. А набрзо потоа настапил епилогот, масовно истребување и денационализација на македонскиот народ.

Судбината на својот народ и земја ја споделила и црквата во Македонија. Сите апели за обновување на Охридската архиепископија, особено оние изразени во 1913 година во меморандумите на Македонската колонија од Петроград и нивниот весник „Македонски глас" останале попусти. Физичката поделба на живото тело на овој народ дефинитивно ја решила и судбината и на црквата. Со силата на државната власт, секоја од овие буржоаски влади ги помогнале националните цркви да ја протегнат својата власт и врз териториите на македонските епархии што се нашле во делот од завојуваната територија.[368]

По окупирањето на делови од Македонија од Србија и Грција сите егзархисти биле принудени да ја прифатат јурисдикцијата на нивните цркви, освен во егејскиот дел од Македонија каде патријаршистите морале да ја прифатат јурисдикцијата на бугарската егзархија. Веднаш по окупацијата на Македонија, српската влада, покрај двете митрополитски места (во Скопската и Велешко-Дебарската митрополија) што српската пропаганда ги имала во рамките на Цари-

[368]Доне Илиевски, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972, 97.

градската патријаршија, сега вовела српска администрација во црквата и училиштата и го суспендирала егзархискиот административно-управен апарат и митрополиите. Епархиите во вардарскиот дел од Македонија биле под јурисдикција на Белградско-Карловачката митрополија.[369]

Српската власт во вардарскиот дел на Македонија прогласувајќи го македонското население за Јужносрбијанци, црковната управа му ја предала на српскиот митрополит Варнава како и на охридските намесници, доведени од српските предели.[370] Егзархиските митрополити во Скопје, Велес, Дебар, Охрид, Битола и Струмица биле принудени да ги напуштат своите епархии. Егзархиските црковно-училишни општини биле веднаш укинати.

На 17 јуни 1913 година полицијата го затворила целиот персонал на битолската митрополија. На 24 јуни српскиот началник на полицијата му прочита на митрополитот Авксентиј дека е „престапник". Но, наместо да биде стрелан тој „великодушно" му предложил да замине за Бугарија. Следниот ден, тој под конвој е испратен во Солун, а оттаму преку Цариград и Одеса за Бугарија.[371]

Архиерејските намесници и свештеници кои не се потчинувале на новите власти протерани се од нивните енореи. Митрополиите биле блокирани од српски војници, жандарми и четници кои на Македонците не им дозволувале да влезат внатре. А кога некој ќе се обидел да го направи тоа, четниците го претепувале.[372]

Онаму каде што порано имало српско патријаршиски-црковно-школски општини, целокупното православно население било приклучено кон нив, а на териториите каде што немало такви грчко-патријаршиски општини биле прогласени за српски. Битолскиот

---

[369]Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу српската и македонската црква и македонската православна црква, Скопје, 1998, 153.
[370]Д-р Славко Димевски, Историја на македонската православна црква, кн.3, Скопје, 1989, 809-810.
[371]Карнегиевата комисија..., 97-98.
[372]Весник „Мир", бр. 3855, 11 април 1913 година.

началник посетувајќи ги охридските села во декември 1912 година ја издал следната наредба до македонското население: „Ако забележите во селото бугарски владика, поп, инспектор, учител или четник веднаш да го доведете врзан во Битола кај мене.“[373]

Еве како Карнегијевата анкета го опишува насилното посрбување на македонското население: „Српските попови и учители, придружени од војници, одат по македонските села и насила го тераат македонското население да се запише како српско, да го избркаат нивниот егзархиски свештеник и да бараат српски. Тие кои што се откажуваат да се запишат како Срби, биле тепани и малтретирани.“[374]

Во црквите бил задржан како богослужбен црковно-словенскиот јазик, додека црковната администрација се водела на српски јазик. Со оглед на тоа дека во вардарскиот дел на Македонија под српска власт се нашле над 1.000 егзархиски свештеници, српската црковна власт во спогодба со Министерството за просвета и вера имала намера, доколку тие дадат категорички изјави дека се чувствуваат Јужносрбијанци да ги преместуваат во Србија, главно во Шумадија, за да го научат српскиот јазик како и правилно да ја вршат свештеничката служба, наводно се работело за полуписмени луѓе.

Црквите се затворени. На секој свештеник српските власти му порачуваат дека може да остане во својата енореја само ако се запише како Србин, ако се откаже од бугарската егзархија и ако ѝ се потчини на српската црква во Белград како и да напише молба на српски јазик.[375]

Слични мерки како оние применети врз егзархиските учители, требало да се применат и врз егзархиските свештеници, т.е. да поминат низ свештенички курсеви. Оние свештеници што одбивале да

[373]Л. Милетиќ, Документи за противбългарските деиствия на српските и на грцките власти въ Македония презъ 1912-1913 година, София , 1925, Док. 39, 197-199.
[374]Карнегиевата анкета, 234.
[375]Кирил Прличевъ, цит. дело, 10.

ја признаат српско-патријаршиската јурисдикција добивале наредба да ја напуштат службата и да заминат во Бугарија. На нивни места биле доведувани свештеници кои покрај редовната плата добивале и специјален материјален надоместок.[376]

Истовремено во вардарскиот дел на Македонија српската власт им наредила на егзархиските владици во Дебар, Охрид, Битола, Скопје, Велес, Струмица: Авксентиј Пелагониски, Борис Охридски и Преспански, Неофит Скопски, Мелетиј Велешки и Козма Дебарски да ги напуштат своите епархии и под конвој биле спроведени до Смедерево и Солун, а одтаму биле префрлени во Бугарија.[377] На нивно место со епархиите продолжиле да раководат српските владици: Варнава Росиќ, Викентије Крџиќ и Николај Велимировиќ.

Во Битола на 20 јуни 1913 година биле затворени свештениците Крсту Франгов, Атанас Алтипармаков, Антон Димов, Михаил Димов, сите родени во Битола. Потоа, свештениците од околните села: Васил Колев од село Кукуречани, Димитар Илиев од село Могила, Спиро Митрев од с. Цапари, Никола Петров од с. Цапари. Сите свештеници биле држани во битолскиот затвор до 20 јули истата година.[378]

На 13 јули 1913 година биле екстернирани во Бугарија повеќе свештеници затоа што откажале да ја потпишат декларацијата дека се Срби и при тоа биле предупредени дека ќе бидат стрелани. Меѓу нив забележани се имињата на: Иван Петров од Битола, архивар во митрополијата; Спиро Мирчев од Прилеп, секретар во митрополијата; Иван Анастасов од Охрид, енорејски свештеник.[379]

[376]Славко Димевски, Историја на македонската православна црква..., 810.
[377]На истото место, 811.
[378]К. Прличевъ, цит. дело, 19.
[379]На истото место, 18.

## 2. Великобугарските комбинации со унијатството во Македонија

Бугарските владеачки власти со цел да ги зачуваат своите позиции во другите два дела на Македонија под српска и грчка власт почнале да прават севозможни комбинации на црковен план. при тоа ги користеле и политичките комбинации со Австро-Унгарија и Ватикан. Во планот се предвидувало Бугарија и Македонија да преминат во унија со Римокатоличката црква. Со таквиот премин Македонија би паднала под јурисдикција на Ватикан, а би го имала и покровителството на католичките големи сили.[380] Со преминот во унија на целиот македонски народ во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, Србија и Грција би биле оневозможени да воведат своја црковна јурисдикција во тие делови на Македонија. Унијатската црква би била под непосредна јурисдикција на бугарската унијатска црква, со седиште во Софија од каде би се праќале митрополити и свештеници. Со тоа Македонија би го зачувала својот бугарски карактер, па Бугарија би можела постојано да го поставува прашањето за тие делови на Македонија пред големите сили и да бара од нив нивно приклучување кон „матицата“ Бугарија.

Планот на бугарскиот двор и врховистите бил нереализиран, ниту имал поткрепа од македонскиот народ под грчка односно српска власт. Реално гледано при распарчена Македонија немало ни таква организација, која ќе може да спроведе такво решение во живот. Пред теророт на новите власти, македонскиот народ бил принуден да спасува гол живот, да ги спасува своите имоти и немал сили да демонстрира со некакви верско-политички комбинации за унија со Римокатоличката црква.[381] Во Западна Македонија за да се избегне истата судбина,

[380]Славко Димевски, Историја на македонската православна црква..., 811.
[381]Славко Димевски, Црковната историја на македонскиот народ, Скопје, 1965, 203.

населението почнува да се изјаснува за унија со Римокатоличката црква а во градот Битола неколку стотици луѓе започнале да ја посетуваат градската католичка црква. Веројатно дека барањето спас во премин на унија со Римокатоличката црква во Битола на некој начин било обврска со врховистичките краеви во Бугарија, бидејќи во последните години од турското владеење градот бил под влијание на врховизмот. Ова го потврдува и австрискиот конзул во Битола кога вели дека движењето на унија во Битола било резултат на „бугарските агитатори од Бугарија", а имало за цел религиозно, а потоа и политичко одвојување од Србите што вршеле насилно србизирање.[382] Српската окупациона власт извршила попис на сите посетители на католичката церква и ги казнила со почетна парична казна од по 100 динари, односно по пет наполеондори. Посетителите на католичката црква побарале интервенција од францускиот конзул Берн-Легард, покровител на католицизмот во бившиот Битолски вилает, но тој ѝ дал на српската власт список на малубројните унијати во градот, додека за другите изјавил дека зад унијатството кријат политички цели. Откако австрискиот конзул во Битола му замерил што одбил да му даде заштита на слободното вероисповедување, францускиот конзул одговорил дека при недоизјаснета политичка ситуација во Македонија не се позитивни никакви верски промени. Австро-Унгарија во моментот била на страната на Бугарија, додека Франција стоела на страната на Србија. На „тој начин врховистичкиот план за унија со Римокатоличката црква пропаднал во Битола и Западна Македонија, како што пропаднал планот за поунијатување на Бугарија. Српската окупациона власт по пат на остри мерки уште на самиот почеток оневозможила какво и да е црковно движење во вардарскиот дел на Македонија и по 1913 година, кога го анектирала кон себе тој дел.[383]

[382]Славко Димевски, Историја на македонската православна црква..., 819.
[383]Н истото место.

Затеченото унијатско население во трите дела на Македонија било подложено на гонење од властите. Покрај училиштата, биле затворени и унијатските цркви, а свештениците биле протерани заедно со мисионерите. Се задржал по еден мисионер, од редовите на лазаристите во Солун и Битола исклучиво за да ги задоволува верските потреби на католиците-странци. Во малку поголем број се задржале милосрдните сестри-калуѓерки кои укажувале болничка нега во одделни болници. Сите унијати присилно биле подведени под јурисдикција на црквите на државите под чија власт се наоѓале.

Пишувајќи за македонската трагедија и барањето за автономија на Македонија, Н. Матвеев во Слов. известија бр. 16 од 10.2.1913 година меѓу другото пишува:

„Ова е за поборниците на етнографската посебност на Македонија основа да бараат за Македонија, уште долго пред Балканските војни, полна автономија и обнова на Охридската архиепископија како самостојна македонска црква...“[384]

За самостојна црква, покрај потполната и духовна слобода на македонскиот народ се зборува и во Резолуцијата на македонскиот конгрес од Чикаго.

Во Меморандумот на Македонците упатен до владите и општественото мислење на балканските земји,[385] во точка 4 стои стои следното:

„Во црковен однос, неопходно е да се воспостави во Македонија древната Охридска архиепископија како автокефална црква, која ќе биде во канонско општење со другите православни цркви: Грчката, Руската, Бугарската, Српската, Романската и Сириско-арапската“.

Освен дејноста на македонската колонија во Петроград и на македонската имиграција во Америка, во првите години од Првата

[384]Цит. од Доне Илиевски, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972, 98.
[385]„Македонски глас“, бр. 1 од 9.6.1913 година, 56-58.

светска војна е забележителна дејноста на македонската имиграција во Швајцарија.

Паралелно со воспоставувањето на бугарската окупациона власт во Македонија (1915-1918 година), бугарската егзархија која од своето постоење била експонент на великобугарската политика спрема Македонија, побрзала да воспостави духовна власт, сега во многу поповолни услови од порано. Воспоставената српско-патријаршиска црковна власт во вардарскиот дел на Македонија, со повлекувањето на српската воена и административна власт се повлекла пред настапувањето на бугарската армија. Егзархијата воспоставила своја духовна власт протерувајќи ги дојдените или затечени српско-патријаршиски свештеници.

# ВТОР ДЕЛ

## БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1914-1918)

ГЛАВА I

# БИТОЛСКИОТ РЕГИОН НА ПОЧЕТОКОТ НА ВОЈНАТА

## 1. Почетокот на војната

Цели четири години, од 1914-1918 траеше дотогаш најголемиот воен пожар во историјата - Првата светска војна. Првата светска војна се водела како пресметка за повторна прераспределба на светот меѓу развиените капиталистички држави, поделени на два спротивни блока - таканаречениот Сојуз на централните сили - Германија, Австро-Унгарија, Италија ( до 1915 година), Турција и Бугарија кој се борел за завладување на колонии и нови територии а со тоа и нова поделба на светот, додека другиот, Антантата-Велика Британија, Франција, Русија, Италија по 1915 година, Јапонија, САД, Србија и други држави кои сакаа да ја зачуваат дотогашната поделба на светот како и за нивно проширување.

Австро-Унгарија копнееше за таканаречената „превентивна војна“ со цел да го сопре територијалното ширење и зацврстување на Србија, што ѝ пречела во аспирациите за покорување на Балканот и Блискиот Исток[386] ќе доведе до општ судир помеѓу голем број европски и балкански држави.

Како повод за војната се смета убиството над австрискиот престолонаследник Франц Фердинанд и неговата сопруга Софија во Сараево на 28 јуни 1914 година, на верскиот празник Видовден од страна

[386]Кнежевиќ Ѓорѓе, Смилевиќ Богдан, Историја најновијег доба, Београд, 1974, 3.

на приврзаниците на националното движење „Млада Босна“ а за кое беше обвинета како подбуцнуваш српската влада.[387] Тоа беше искрата која што го потпали општиот пожар.[388]

Австро-Унгарија сметаше дека дошол моментот да се стави крај на српските предизвикувања ѝ предаде на Србија ултиматум, со кој ја обвинуваше српската влада како организатор на атентатот и како виновник за настанот во Сараево. Ултиматумот претставувал негирање на територијалниот и националниот суверенитет на Кралството Србија како и мешање во внатрешните работи на една суверена и независна држава. Ултиматумот бил предаден на 23.07.1914 година.[389] И покрај тоа што Србија ги прифатила сите барања со исклучок на едно што ја нарушуваше грубо нејзината внатрешна независност.

На 28 јули 1914 година, Австро-Унгарија ѝ објави војна на Србија. Така започна Првата светска војна,[390] неправедна, завојувачка и империјалистичка војна. Војната траела до крајот на 1918 година. За кусо време на страната на Србија застанале Русија, Франција, Англија, Црна Гора, а на страната на Австро-Унгарија, Германија, а подоцна Турција и Бугарија. До крајот на Првата светска војна во војната се замешале И вкупно учествувале 33 држави, со население од 1 милијарда и 500 милиони жители.[391]

Војната се водела на повеќе фронтови во Европа и во другите делови на светот, поточно на Западниот, Источниот, Балканскиот, Кавкаскиот, Италијанскиот, Романскиот и Македонскиот (Солунскиот). Ние ќе се задржиме посебно на Балканскиот, воените настани што се случувале во Македонија од 1914-1918 година, кога таа била претворена во арена на одделни воени пресметки нарекувани во историографијата како балкански, односно „македонски театар“. Во оваа најголема

---

[387]Horvat Josip, Prvi svetski rat 1914-1918, Zagreb, 1967, 130.
[388]Ганчевъ Александаръ, Войнитъ презъ третото Българско царство, София, без год.,.334
[389]Всемирная история, 7, Москва, 1960, 507.
[390]Кнежевиќ Ѓорѓе, Смилевиќ Богдан, цит. дело, 4.
[391]Политически речник, София, 1956, 456.

од дотогаш пресметка на империјалистичките држави и блокови, како и за време на Балканските војни (1912-1913), Македонија повторно се нашла во средиштето на воените жаришта и станал интересна сфера на Балканските и на Европските воено дипломатски и политички интереси.[392] Во текот на војната на нејзината територија се одиграле мошне значајни битки и дипломатско- политички пресметки меѓу двата спротивставени блока. Во Македонија бил создаден познатиот Македонски фронт, создаден на крајот на 1915 година кој траел до крајот на војната, во кое учествувале и многумина Македонци, регрутирани од страна на двата спротивни блока.

Само што започнала војната Антантата се обидела на својата страна да ја вовлече и Италија и неутралните Балкански држави заради создавање на силен фронт на јужното крило од Централните сили кои би се поврзале со српската и црногорската војска со тоа дополнувајќи го нивното воено ангажирање на Балканот.

Италија на почетокот од војната остана надвор од судирот. Таквото држење му даде можност на Антантата да ја придобијат Италија, но за да се придобие Италија биле водени долги преговори (повеќе од месец и половина). Со Лондонскиот договор од 26 април 1915 година Италија одлучила да влезе во војна на страната на Антантата откако Сојузниците му ја признале на Италија цела Истра, потоа Далмација до 'ртот Плоче островите на север и запад од Далмација, потоа делови од Албанија (од реката Вујоша до Химаре со островот Сазан) и некои други поповолни територии. Меѓутоа учеството на Италија во војната од почетокот не ги дала очекуваните резултати.[393]

---

[392]Д-р Александар Трајановски, Македонија во првата светска војна, в. „Нова Македонија", 3.11-7.11.1994, Скопје, 15.

[393]Опачиќ Петар, Солунска офанзива 1918, Београд, 1978, 12; Историја дипломатије, свеска II, Дипломатија новог доба (1872-1919) у редакцији В.П. Потемкина, Београд, 1949, 242-243; А. Џ. П. Тејлор, Борба за превласт у Европи 1948-1918, Сарајево, 1963, 483, 485-488, 490; Н. Поповиќ, Србија и Русија 1914-1918, Београд, 1977, 195-208, Србија и Русија 1914-1918, Београд, 1977, 195-208.

Веднаш по започнувањето на војната, Антантата ја усмериле својата дипломатска акција да ги вовлече во војна на своја страна Бугарија, Романија и Грција, настојувајќи врз основа на територијални компензации го обнови Балканскиот сојуз од 1912 година така што армиите на овие држави би требало заедно со српската војска да вршат притисок на Австро-Унгарија и Турција го спречат продирањето на Германија преку Балканот на Блискиот Исток.[394]

Од држењето на Бугарија, која имала поважна геостратегиска положба и силна армија, многу зависело држењето на Романија и Грција. Поради тоа, Антантските сили настојувале максимално да ги задоволат бугарските територијални претензии како би ја придобиле на своја страна. Имено, тие на Бугарија им го нуделе вардарскиот дел на Македонија до линијата Крива Паланка-Охрид, доколку остане неутрална. Ако пак се одлучи да учествува во војната од страна на Сојузниците, тогаш во случај на победа би го добиле целиот вардарски дел на Македонија,[395] а со тоа и Битола и Битолско.

Меѓутоа, сите тие напори паднале во вода, затоа што - како што истакнува бугарскиот историчар Туше Влахов[396]- Антантата не можела со никакви територијални ветувања да го купи бугарскиот крал и неговата влада, кои како германски агенти од првите воени денови ја подготвувале земјата во погоден момент да ја вовлечат во војна на страна на Централните сили.

Преговорите на Антантата со Романија, која долго се двеумела помеѓу двата завојувани блока, не вродија плод. Антантата ѝ ја ветувала Трансилванија, како и дел од Банат и Буковинија, но романската влада, заради пробој на рускиот фронт кај Горлица и повлекувањето на

---

[394]Лојд Џорџ, Ратне мемоаре, Београд, 1931, књ. 1, стр.121-132; Опаниќ Петар, Солунска офанзива..., 12.
[395]Драгослав Јанковиќ, Србија и Југословенско питање 1914-1915 године, Београд, 1973, 101.
[396]Т. Влахов, Отношенията между България и Централните сили во време на войната 1912-1918. г, София, 1957, 140-143, 149-158, 165-168, 206-209.

руските армии сè до Припјат, одлучила да продолжи со неутрално-ста сè дури со сигурност не се оцени чија ќе биде победата.[397]

Грција била во сојуз со Србија и била обврзана да ѝ даде помош. Меѓутоа грчката влада ги одбегнала сојузничките обврски под изго-вор дека договорот за сојуз од 1913 година не ја обврзува на интервенција во случај на нејзина војна со Австро-Унгарија. Кога Велика Британија и Франција во почетокот на 1915 година подготвувале напад на мореузите Дарданели и Босфор, Грција ја изразила својата подготвеност со сите сили да го помогне тој напад.

Заради роднинските врски помеѓу Грција и Германскиот двор од самиот почеток на војната држењето на Грција не му одело во прилог на Антантата. Кога Велика Британија и Франција во почетокот на 1915 година се подготвувале за напад на Дарданелите и Босфорот, Грција изразила подготвеност дека ќе им помогне во тој напад под услов да добие, покрај Јужна Албанија, за која Сојузниците уште од порано му ја ветиле, новата граница на север и исток; требало да поминува од Охридското Езеро, преку Битола (Битола да биде грчка) право на исток до Цариград, и дел од Малоазискиот брег до Смирна со Додеканезите. На таквите големи грчки претензии се спротивставила Русија, која претендирала да го освои Цариград. Грчкиот крал Константин категорички одби да ѝ пристапи на Антантата и го примора Венизелос да поднесе оставка на положбата претседател на владата, а со тоа Грција остана понастрана од воените судири, но со изразита наклонетост кон Централните сили.[398]

---

[397] Историја дипломатије, 247-248; Ј. М. Јовановиќ, Борба за народно уједињење, Београд, с.а., 61, 68; M. Larcher, н. д., 54; P. Renouvin, Evropska kriza I Prvi svetski rat, Zagreb, 1965, 249-251; М. Марјановиќ, Лондонски уговор из 1915, Загреб 1960, 48-50; А. Џ. И. Тејлор, н. д., 491-492.

[398] Ј. М. Јанковиќ, Стварање заједничке државе..., 12, 50-51, 56-57; Н. Поповиќ, Србија и Русија 1914-1918..., 36-37; М. Екмечиќ, Ратни циљеви Србије 1914, Београд, 1973, 34-45; Опачиќ Петар, цит. дело, 13-14; Поповиќ У. Р., Изводи из историје ратове за ослобоѓење и уједињење 1912-1918 године, Земун, 1938, 116.

## 2. Учеството на Македонците во српската војска во Првата светска војна

Веднаш по Сараевскиот атентат од 28 јуни 1914 година на српскиот врховен командант во согласност со Владата наредува мобилизација на целокупната српска војска на 12 јули 1914 година.[399] Врховниот командант испратил наредба до сите воени команданти да започнат со мобилизација во сите десет дивизиски области на сите воени обврзници кои се способни да се спротистават во одбарана на земјата. Командата на трупите на новите области испратила наредба до Командантот на Битолската дивизиска област известувајќи го за наредбата за мобилизација на воените обврзници.

Мобилизацијата на српската војска извршувана во периодот од 26 до 30 јули 1914 година[400] се одвивале брзо и уредно, додека во новоосвоените краеви (Косово и Македонија) тој процес се одвивал бавно со поголеми тешкотии.

Мобилизираните лица од новоосвоените краеви не учествувале во првите операции на фронтот, бидејќи биле концентрирани во свои-те гарнизони каде ја усовршувале воената обука. Но, регрутираните 12.000 Македонци кои во месец април отишле на отслужување на воениот рок во Србија биле разместени во разни дивизии на српската војска иако недоволно обучени, само за 100 дена зеле активно учество во првите операции на српската војска. Врховната команда и во текот на целата 1914 година не вршела мобилизација и регрутација од сите краишта на Кралството. Во една наредба од Военото министерство се наредува: Регрутите од старата територија родени 1894 и од новите те-

---

[399]Душан Стефановиќ, Прво ступање Јужносрбијанаца у српску војску 1914 године, „Споменица Скопље“, 1934, 49-50.

-Тодор Маневиќ, Регрути Јужне Србије, „Споменица“..., 45.

[400]Стојичевиќ Александар, Историја наших ратова за ослобоѓење и ујеђењење од 1912-1918 године, Београд, 1932, 326-327.

ритории родени 1888 и 1889 година да се повикаат и најдоцна до 05.11.1914 година се упатат на резервните трупи. Од Битолската и Вардарската требало да се испратат во Ниш, а од Брегалничката во Крагуевац. Сите регрути од Македонија требало да се испратат и обучуваат како пешадинци.

Како што погоре наведовме од 12.000 регрути од Македонија се формирани три пешадиски полка и само со стодневна обука се разместени и распоредени во единиците на српската армија. Битолскиот пешадски полк влегол во состав на Дринската дивизија од прв повик[401] чиј командант бил полковникот Никола Стојановиќ, а понатаму вле-гувала во состав на Третата армија со која командувал командантот генерал Павле Јураишиќ-Штурм.

Брегалничкиот пешадиски полк влегувал во Шумадиската дивизија од прв повик со седиште во Крагуевац,[402] чиј командант бил полковникот Стеван Хаџик, а во рамките на Втората армија под команда на генерал Степа Степановиќ. Вардарскиот полк влегол во состав на Дунавската дивизија од прв повик, под команда на полковникот Миливоје Анѓелковиќ, чија задача била да го брани Белград.[403] Македонските регрути од април 1914 година влегле во најелитните српски единици, дивизии од прв повик. Од нив српската Врховна команда очекувала многу, како пред сѐ храбри луѓе, најенергично да му се спротивстават на непријателот.

Регрутацијата од новите краишта од месец април била вршена исклучиво од млади регрути од христијанска вероисповест, но подоцна заради сѐ поголемата потреба од жива сила Кралството инсистирало на општа мобилизација без разлика на вера и националност. Сите биле должни да се повикаат на воена прозивка законски да учествуваат во одбрана на земјата. До командите на дивизиските области во

[401]Споменица 20 година првих регрута Јужна Србија, Скопље, 1934, 66.
[402]На истото место, 76.
[403]На истото место, 55.

вардарскиот дел на Македонија (Битолската, Вардарската и Брегалничката) била испратена наредба да се повикаат на воена должност воени обврзници **христијани и муслимани** на чија лојалност се смета. Српските воени власти гледале во што поголем обем да ја извршат мобилизацијата на сето машко население опфатено како способно според воениот закон за одбрана на земјата. И ако мобилизацијата се одвивала многу тешко и мошне сложено, српските воени власти распоредени во трите дивизиски области на територијата на вардарскиот дел на Македонија извршиле мобилизација на машкото население опфатено со воениот закон за одбрана на земјата.

Војната на Србија со Австро-Унгарија довела до регрутирање - мобилизирање на Македонци, Турци и Албанци од вардарскиот дел на Македонија во српската војска. Во текот на 1914 година и средината на 1915, српските власти регрутирале вкупно 53.088 младинци во својата војска. Од нив 44.496 биле Македонци, 8.481 муслимани (Турци и Албанци) и 111 Евреи.[404]

Од првите дивизиски области во вардарскиот дел на Македонија, Битолската дивизиска област дала најмногу регрути мобилизирани околу 25.337, или скоро половина од сите мобилизирани од вардарскиот дел на Македонија. Битолскиот 16 пешадиски полк имал 9.207 мобилизирани. Кичевскиот 8.044, Прилепскиот 5.926 и Дебарскиот 2.200. Големата бројка на регрути мобилизирани во Битолската област за разлика од другите области во вардарскиот дел на Македонија се должи и на тоа што таа по површина и по концентрација на населението била една од најголемите. Брегалничката област дала 11.316 мобилизирани луѓе, а Вардарската дивизиска област дала 16.395.

[404]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до... изборите за..., 28.-Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна..., 237.

| дивизиска област | полковкса окружна команда | регрути | | | обврзници борци | | | обврзници и неборци комориции | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | христ. | мусл. | Евреи | христ. | мусл. | Евреи | христ. | мусл. | Евреи | |
| | | | | | | | | | | | |
| Битолска | Битолски | 2515 | 269 | 150 | 3843 | 212 | 58 | 1437 | 699 | 24 | 9807 |
| | Прилепски | 2191 | 80 | - | 3114 | 491 | - | 50 | - | - | 5926 |
| | Кичевски | 2325 | 301 | - | 3648 | 233 | - | 536 | 965 | - | 8044 |
| | Дебарски | 375 | 157 | - | 661 | 225 | - | 39 | 743 | - | 2200 |
| | Вкупно | 7406 | 807 | 150 | 11302 | 1161 | 58 | 2062 | 2407 | 24 | 25337 |
| Брегалничка | Штипски | 1937 | 392 | 15 | 568 | - | - | 226 | 85 | - | 2723 |
| | Велешки | 1056 | 266 | - | 1487 | - | - | 552 | 326 | - | 3687 |
| | Кочански | 770 | 227 | - | 1357 | 81 | - | 40 | 25 | - | 2500 |
| | Кавадарски | 711 | 284 | - | 978 | - | 1 | 372 | 60 | - | 2406 |
| | Вкупно | 3974 | 1169 | 15 | 4390 | 81 | 1 | 1190 | 496 | - | 11316 |
| Вардарска | Скопски | 2365 | 606 | 43 | 3398 | - | 27 | 1277 | 897 | - | 8613 |
| | Тетовски | 723 | 509 | - | 1433 | - | | 28 | 19 | - | 2712 |
| | Кумановски | 1289 | 255 | - | 2889 | - | 1 | 562 | 74 | - | 5070 |
| | Вкупно | 4377 | 1360 | 43 | 7720 | - | 28 | 867 | 990 | - | 16395 |
| Вкупно од сите дивизиски области | | 15757 | 3346 | 208 | 23412 | 1242 | 87 | 5119 | 3893 | 24 | 53088 |

На територијата на вардарскиот дел на Македонија од сите три дивизиски области мобилизирани се 12.848 коњи[405] од кои најмногу дала Битолската дивизиска област 5.457 грла од кои предначел Прилепскиот пешадиски полк со 2.010 грла, потоа Битолскиот 1.731 грло, Кичевскиот 800 грла и Дебарскиот со 816 грла. Брегалничката дизивиска област дала 3.555 грла, и Вардарската дивизиска област дала 3.192.[406]

Во вардарскиот дел на Македонија мобилизирани се од трите дивизиски области 5.851 волови и крави.[407] Најмногу волови и крави биле мобилизирани во Вардарската дивизиска област 3.898 грла, Брегалничката дивизиска област дала 725 грла. Битолската дивизиска област дала 996 грла од кои Битолскиот полк 686 грла, Прилепскиот 254, Кичевскиот не е извршен попис и не е ништо мобилизирано.[408]

На територијата на вардарскиот дел на Македонија е извршена и мобилизација на биволи и биволици како сигурни средства и јака влечна сила на транспортот на артилеријата, муницијата, храната, облеката и другите воени материјали. Вкупно во вардарскиот дел на Македонија се мобилизирани 1.175 биволи и биволици од кои најмногу во Битолската дивизиска област. При тоа Прилепскиот полк дал 460 грла, Битолскиот 300 грла, додека во Кичевскиот и Дебарскиот полк не е мобилизирано ни едно грло. Брегалничката дивизиска област има дадено само 93 грла, а Вардарската дала 362.

Српската Врховна команда наредила и мобилизација на мазги Вкупно од вардарскиот дел на Македонија мобилизирани се 377 мазги.[409] Најмногу дала Брегалничката дивизиска област 312 грла, Битолската дивизиска област 50 грла од кои 37 Прилепскиот полк, 10 грла на Битолскиот, 3 грла на Кичевскиот, додека во Дебарскиот нема-

---

[405]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 28.
[406]Р. Шабановиќ, Учеството на Македонците во Првата светска војна во состав на српската војска, Скопје, 1993, 170.
[407]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 28.
[408]Р. Шабановиќ, цит. дело, 171.
[409]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 28.

ло. Вардарската дивизиска област дала 15 грла.[410] За потребите на војската исто така е извршена мобилизација на магариња, обично служеле како товарно средство, но во случај на недостаток на коњи, волови и биволи и како влечно средство. На целата територија на вардарскиот дел на Македонија биле мобилизирани 1.944 грла магариња.[411] Битолската дивизиска област дала 761 грло од кои Кичевскиот полк 400, Битолскиот 200, а Прилепскиот 161 грло, додека Дебарскиот не дал ни едно грло. Остатокот 1.183 грла[412] дале Брегалничката и Вардарската дивизиска област.

И на територијата на вардарскиот дел на Македонија извршен е попис и мобилизација на коњски и воловски коли.[413] Вкупно биле мобилизирани 2.697 коли, од кои воловски 2.544, а коњски 153. Најмногу воловски коли дала Вардарската дивизиска област околу 1.940, Битолската дивизиска област 335, од кои Битолскиот пешадиски полк 277, Прилепскиот пешадиски полк 78, додека Кичевскиот и Дебарскиот не дале ништо. Брегалничката дивизиска област дала вкупно 249 воловски коли. Коњски коли на територијата на вардарскиот дел на Македонија биле мобилизирани 153 коли,[414] од кои најмногу во Вардарската дивизиска област 95, Брегалничката 27 и Битолската 31 кола.

---

410 Р. Шабановиќ, цит. дело, 172.
411 Д-р Ал. Апостолов, цит. дело, 28.
412 Р.Шабановиќ, цит. дело, 173.
413 Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 28.
414 На истото место.

| дивизиска област | полковничка окружна команда | СТОКА (ДОБИТОК) | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | КОЊИ | | | | | | | | | | | КОЛИ | |
| | | јавачки | | влечна | | товарна | | | | | | | | |
| | | без јав. при-бор | со јавачки при-бор | без запр. при-бор | со запр при-бор | без тов. при-бор | со тов. при-бор | вкупно | волови и крави | биволи и биволици | мазги | магарења | коњски | воловски |
| Битолска | Битолски | 92 | 75 | 26 | 24 | 18 | 1516 | 1751 | 686 | 300 | 10 | 200 | 12 | 277 |
| | Прилепски | 100 | 4 | 20 | 148 | 15 | 1723 | 2110 | 254 | 460 | 37 | 161 | 12 | 78 |
| | Кичевски | 50 | 66 | - | - | - | 764 | 880 | - | - | 3 | 400 | 7 | - |
| | Дебарски | - | 69 | - | - | - | 747 | 2026 | 56 | - | - | - | - | - |
| | Вкупно | 242 | 214 | 46 | 172 | 33 | 4750 | 5437 | 996 | 760 | 50 | 701 | 31 | 355 |
| Брегалничка | Штипски | 53 | 25 | 27 | 25 | 915 | 501 | 1546 | 348 | - | - | 75 | - | 158 |
| | Велешки | 10 | 35 | 20 | 108 | 24 | 994 | 1191 | 152 | 40 | 75 | 74 | 26 | 18 |
| | Кочански | 1 | - | - | - | 30 | 373 | 404 | 131 | 9 | 5 | 66 | - | 32 |
| | Кавадарск | 25 | 18 | 19 | 22 | 19 | 31121 | 414 | 94 | 4 | 232 | 188 | 1 | 41 |
| | и | 89 | 78 | 60 | 155 | 998 | 79 | 3555 | 725 | 53 | 312 | 180 | 27 | 249 |
| | Вкупно | | | | | | | | | | | | | |
| Вардарска | Скопски | - | 69 | - | 159 | - | 825 | 1093 | 1830 | 360 | 15 | 395 | 67 | 992 |
| | Тетовски | - | 24 | - | 52 | - | 1058 | 1134 | 1754 | 2 | - | 220 | 21 | 853 |
| | Кумановск | 28 | 51 | 26 | 13 | - | 887 | 1005 | 354 | - | - | 300 | 7 | 95 |
| | и | 40 | 144 | 33 | 224 | - | 3395 | 3192 | 3898 | 362 | 15 | 268 | 95 | 2025 |
| | Вкупно | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно од сите дивизиски области** | | 359 | 436 | 138 | 551 | 1034 | 9799 | 12204 | 5851 | 1175 | 377 | **838** | **153** | **2544** |

Голем бил бројот на оние кои ја одбегнувале воената служба, кои всушност не биле ни просрпски ни пробугарски ориентирани, туку се залагале за македонското дело. Тие не се повикуваа на служење на српската армија бидејќи знаеле дека со нивното учество и жртви нема ништо да се стори подобро за нивната татковина. Имено, голем број регрути повикани од прв повик не се повикувале на регрутација односно мобилизација, многумина од нив изостанувале, бегале или се сокривале. Тие обично бегале во Бугарија, Грција, потоа по планините криејќи се долго и водејќи комитски живот. На територијата на вардарскиот дел на Македонија одбегнати воени обврзници од прв, втор и трет повик имало 27.789 лица. Воени обврзници бегалци од прв, втор и трет повик од територијата на Битолската дивизиска област имало вкупно 14.047 лица.[415]

Регрутно-мобилизаторската политика на Кралството Србија во вардарскиот дел на Македонија се одвивала во содејство со правни методи и средства. Секој Македонец кој би се противел на регрутно-мобилизаторската политика се сметал како неподобен, а со тоа и непријател на новата држава со оглед на тоа лицата кои се противеле на мобилизацијата биле ставени под посебен третман и кон нив се постапувало според воениот закон. Секој граѓанин според српскиот устав и закон морал да биде лојален и во случај на војна да ги почитува воените закони на целата територија на државата што функционирала. Тие што биле во бегство се сметале за воени бегалци и дезертери, а како такви морале да одговараат пред воениот суд додека тие што се наоѓале како воени бегалци во Бугарија се сметале како предавници, бугараши и непријатели на државата.

Македонскиот народ бил целосно опфатен со мобилизаторско регрутната политика на Кралството Србија. Неговиот допринос во формациското пополнување на српската армија бил несомнено

[415]Р. Шабановиќ, цит. дело, 184-185.

значителен. Со тоа македонскиот народ во многу нешта му помогнал на српскиот народ во војната со Австро-Унгарија за одбрана на својата татковина и ако тој самиот немал татковина која впрочем била распарчена и претставувала вештачка примеса на соседните Балкански држави. Територијално и пописно гледајќи ја територијата на новите краеви македонскиот народ процентуално дал голем број регрути и лица мобилизирани во војната.

Вардарскиот дел на Македонија во трите дивизиски области опфаќала 11 пешадиски полкови, со 11 полковни команди. Команден центар на сите три дивизиски области бил Скопје.[416]

Речиси без никаква претходна воено-техничка подготовка, регрутите од Македонија биле испраќани во првите редови на фронтот против војските на Австро-Унгарија. Бидејќи тие биле млади со недовршена воена обука, без воено искуство не беа во состојба како самостојни единици да влезат во воени дејствија. Затоа било предвидено тие да влезат во состав на предбалканските воени дивизии каде што имаше многу борци со големо воено искуство од Балканските војни. Македонските регрути влегоа во најрегуларните дивизии од прв повик. Со тоа тие зедоа активно учество во сите воени акции на боиштата во Србија, особено во време на Церската (од 16 до 19 август 1914 година) и Колубарската битка (од 2 до 14 декември 1914 година). Регрутите на Вардарскиот пешадиски полк влегле во состав на единиците кои биле концентрирани за одбрана на Београд.

Регрутите од Битолскиот пешадиски полк влегле во состав на Дринската дивизија[417] од прв повик која влегувала во состав на третата армија под команда на генералот Павле Јуришиќ-Штурм и командантот на дивизијата полковникот Никола Стојановиќ. Многумина од овие регрути влегле и во формирањето на Шабачкиот одред, Лозничкиот

[416]Јелиниќ Ѓурѓе, Нова Србија и Југославија, Београд, 1923, 333.
[417]Споменица 20 година првих регрута Јужне Србије, Скопје, 1934, 55.

одред, Обреновачкиот одред и Љубовишкиот одред. Тие зедоа активно учество во борбите што ги водеше третата армија како и одредите кои во прво време дејствуваа самостојно.

Регрутите од Брегалничкиот пешадиски полк ја формираа Шумадиската дивизија од прв повик а нејзините батаљони влегоа во составите на Втората армија, која ќе одигра најзначајна улога во Церската битка под команда на генерал Степа Степановиќ.

Учеството на овие 12.000 Македонци многу ќе придонесе за победата на српската армиај во првите воени судрувања против Австро-Унгарија. Мобилизираните обврзници од новите краеви ќе земат учество во подоцнежните операции, а особено во битката на Колубара. Тие јуначки и херојски му се спротиставувале на непријателот во неговото напредување особено кон главнината на Третата армија. регрутите од Битолскиот пешадиски полк покажале голема храброст во одбраната на Ваљево.[418] И покрај приличен број на бегства, дезертерства воените обврзници од Македонија несомнено многу придонесоа во победата на српската војска во војната против Австро-Унгарија.

Загубите на српската војска не беа мали. Тие изнесуваа 2.110 офицери, 8.704 подофицери и 153.373 војника или вкупно 183.557 луѓе.[419] Од произлезената статистика логично произлегува дека имало и приличен број на Македонци од вардарскиот дел на Македонија кои ги оставиле своите коски на воените полиња. Обврзниците Македонци кои како недоволно воено подготвувани многу страдале на военото боиште. Тие обично во повеќе случаеви сите биле регрутирани во пешадија, а поради карактеристичниот начин на пешадиско војување жртвите биле многу бројни.

---

[418]Србија и Црна Гора у Првом светском рату, Гледовиќ, Ратковиќ, Ѓуриниќ, Граховац, Опачиќ, Цетиње, 1975, 52; Тодор Маневиќ, Регрути Јужне Србије, „Споменица“, 45.

[419]Гледовиќ, Ратковиќ, Ѓуришиќ, Опачиќ, Србија и Црна Гора..., 143. Цитирано кај Р. Шабановиќ, цит. дело, 303.

-Josip Horvat, Prvi svetski rat, Zagreb, 1967, 143.

Но, поради низа причини од што ние ќе наведеме три, не сме во состојба да ја одредиме точната цифра:

1. Поради разместувањето на македонските регрути во сите единици на српската армија.

2. Непризнавањето на Македонците како посебна нација туку нивно поистоветување со терминот Јужни Срби со што и презимињата им биле српски т.е. им завршувале на „иќ“.

3. Недостаток на архивска граѓа.

За активното учество на Македонците и нивниот придонес во Колубарската битка ни сведочи и наредбата Обр. 8676 на престолонаследникот Александар до сета српска војска издадена на 15. 12. 1914 година во Крагуевац:

„ Во овој свечен момент (кога на гордиот српски Београд се вие гордо српското знаме) јас сакам пред сè да го исполнам долгот на благородноста. Во нашите редови рамо до рамо во оваа трета војна војуваат и нашите браќа кои од Турците ги ослободивме. Вие сте сведоци на нивното јунаштво и нивната љубов кон татковината. Косовци и Вардарци, Жеглиговци и Брегалничани, битолчани и Поречани се покажаа достојни на своите браќа Шумадинците и Моравците, Дунавците и Подринците, Тимочаните и Ужичаните.[420]

Во текот на 1914 година кога се воделе големите битки македонските воени обврзници ја користеле секоја можност за бегство па според тоа во тој период карактеристички се повеќе видови на бегства:

1. Бегања на самиот фронт и предавање на Австро-Унгарците.

2. Бегање од територијата на Србија на овие воени обврзници кои влегувале во составот на резервните трупи а концентрирани близу до гра-

---

[420] Јелиниќ Ѓурѓе, Нова Србија и Југославија, Београд, 1923, 333.

- Споменица двадесетпетгодишњице ослобоѓења Јужне Србије, 1912 - 1918, Скопље, 1937, 238. Но, овој факт не бил земен во предвид при создавањето на државата СХС и македонскиот народ да се израмни со другите народи во државата, туку Македонија ја сметале „за добиена на меч“.

Види: Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна..., 29.

ницата на Србија.

3. Бегање од територијата на вардарскиот дел на Македонија во Бугарија и Грција.

Во непрекинатите судири на фронтот што ги имале српските војски со непријателот било во офанзивно или дефанзивно војување извесен број на македонски воени обврзници користејќи ја состојбата бегале од воениото боиште предавајќи му се непријателот. така во извештајот на командантот на Втората армија генерал војвода Степа Степановиќ до Врховната команда се истакнува дека 6 Македонци од Третата чета на Вториот батаљон од Вториот полк од прв повик се оддалечиле од командата и по сè изгледа се предале на непријателот. Штабот на Втората армија во истиот извештај истакнува дека има издадено наредба да на војниците од новите краеви им се обрне посебно внимание недозволувајќи да излегуваат од ровоите или пак да се оддалечуваат од командата, а ако е тоа потребно да го прават со придружба на војниците од старите граници.[421] Интересно е дека во овој извештај на војводата Степа Степановиќ до Врховната команда во врска со избеганите односно дезертираните војници го употребува терминот Македонец, не Србин или Јужносрбијанец, што на еден начин не доведува до помисла дека српските офицери свесно знаеле дека постои разлика помеѓу војниците од новите краишта во овој случај од вардарскиот дел на Македонија и војниците од старите граници на Србија. И покрај максималното ангажирање на воените власти донесувајќи специјални воени уредби со кои требало да се посвети поголемо внимание на војниците од новите краеви, посебно од Македонија. Во тоа не се успевало. Така извесен дел на македонските воени обврзници биле под постојано набљудување а некои од нив постојано вкопани во ровови оневозможувајќи им така да не извршуваат бегство. Со таквите начини на присила и принуда се кршеле меѓународните воени правила.

[421] Р. Шабановиќ, цит. дело, 309.

Воените обврзници користеле разни средства, начини и можности за бегство. Македонските воени обврзници кон Австро-Унгарија се предавале на Австро-Унгарците кои како воени заробеници ги сместувале во воените логори или ги терале да работат на имотите кај богаташи.[422] Меѓутоа, оттаму по дипломатски пат, третирани сега како воени заробеници, преку Романија биле испраќани за Бугарија, така што и без да сакаат во новите услови се нашле, овој пат, во составот на бугарската армија. Во таа смисла, во една телеграма од Санк-Петербург од 22 април 1915 година е истакнато: „Ние дознаваме дека од Австро-Унгарија, низ градот Видин, поминаа 250 српски војници, од територијата на Нова Србија и се упатиле кон пограничниот град Ќустендил каде тука се подготвувале за нови напади на нашата територија."

Во една друга српска телеграма од следниот ден се соопштува: „Од Австрија низ Видин поминаа 250 заробени српски војници Македонци во Ќустендил, каде се готвеле за повторни нови напади на српската територија."[423]

Покрај бегањата на северниот фронт македонските регрути односно обврзници бегале и од составот на резервните трупи кои биле концентрирани длабоко во внатрешноста на српската територија.

Според извештајот на командата на нишките резервни трупи во која биле сместени регрутите од Вардарската и Битолската дивизиска област бегале во Бугарија манифестирајќи го така своето незадоволство да одат во војна на северниот фронт. Така, командантот на првиот полк на нишките резервни трупи во кои влегувале регрутите од споменативе дивизиски области известува дека му избегале 18

---

[422]„Како заробеници не тераа да работиме на земјоделски имоти, кај богаташи. Јас паднав кај еден газда кој имаше само ќерки и сакаше да ме земи домазет оти бев многу пргав за работа. Но, кога Бугарија се вклучи во војната, не побара како да сме Бугари и така мораа да не солободат од заробеништво. Оттаму не отераа на Македонскиот фронт на бугарска страна."

-Котевски Ѓорѓи, Логоварди, Битола, 1985, 36.

[423]Цитирано од д-р Александар Трајановски, Македонија и меѓународните односи на Балканот 1914-1918, Гласник,XXVIII/1-2, 1994, 37-57.

регрути од околијата на Крива Паланка и Кратово, додека командантот на Вториот полк известува и тоа од околијата на Прилеп и Битола.

Во еден извештај се вели: Дали нашите обврзници од Македонија бегаат од нашата војска од некои патриотски чувства спрема Бугарија или бегаат воопшто од воената обврска. Може да се заклучи дека Македонците бегаат не заради омраза спрема Србите, или љубов спрема Бугарите, туку иcлкучиво да ја избегнат воената должност во оваа војна.[424]

Бројот на бегалците во Бугарија не може точно да се утврди, но се смета дека има околу 5.000 Македонци и 8-10.000 христијани - вкупно околу 12-15.000.[425]

Истовремено идентична судбина доживеале Македонците и другите народности коишто во тоа време живееле во Јужна Македонија, во оној дел од Македонија што со Букурешкиот мир ѝ припаднала на Грција. Таму грчките власти регрутирале околу 20.000 воени обврзници.[426]

Бугарските власти во исто време извршиле најмасовна регрутација и мобилизација на Македонците што живееле во пиринскиот дел на Македонија и воопшто од бројната македонска емиграција и иселеништво во Бугарија. Веќе во есента 1915 година, пред самиот напад на Бугарија на Србија, бугарската врховна команда ја создала 11-та македонска дивизија, во чиј состав влегле над 33.000 Македонци.[427]

---

[424]Архив на Македонија-ДСНР на ФНРЈ-фонд: Политичко одделение, Преписка 1915, ф.28, пов. бр. 9697 од 7 септември 1915.
[425]На истото место, пов. бр. 5497, 18 мај 1915.
[426]П. Стојанов, Македонија во времето..., 238.
[427]Историја на македонскиот народ, книга втора, ИНИ- Скопје, 1969, 387.

## 3. Македонското прашање во политиката на Централните сили и Антантата и на Србија, Бугарија и Грција во 1914 и 1915 година и прашањето на кого да ѝ припадне Битола.

За време на Првата светска војна, особено во периодот од нападот на Австро-Унгарија на Србија (2 август 1914) до влегувањето на Бугарија во војната против Србија (14 октомври 1915), Балканскиот полуостров и Македонија добиле свое посебно значење, како за Централните сили, така и за Антантата. За првите тие биле пат за продирање кон источните колонии на Англија и Франција, а за последниве препрека на тоа продирање.[428] По Балканските војни и Букурешкиот мировен договор се создале поволни услови за распалување на интригите на конкурентските сили и тие богато се користеа од поволната клима, а со цел да ги зацврстат своите позиции во овој простор на нивните интересни сфери.[429] Се појавил вонредно голем интерес за Македонија. Со тоа повторно се актуелизира македонското прашање. Од тоа, дали некој нејзин дел или цела Македонија ќе влезе во составот на Бугарија, Грција или Србија, зависело и учеството на првите две балкански држави во војната на страната на Антантата или на страната на Централните сили.

На почетокот на војната во јуни 1914 и 1915 година Централните сили и Антантата, посебно во Бугарија гледале свој потенцијален сојузник, кој ќе помогне за нивната превласт на Балканот. Се разбира дека преку интригите во настојувањата за придобивање на нови сојузници на Балканот, нашироко и најуспешно било експлоатирано македонското прашање. Сè добива впечаток дека тоа добива

---

[428]Катарџиев Иван, Македонско питање у односима Антантиних савезника у току 1918 године - Историја XX века, Зборник радова VIII, Београд, 1966, 362.

[429]За Македонија посебен интерес пројавила Франција, зашто француски капиталисти имале ангажирано околу 118 милиони франци, главно банкарски капитал.

првостепено значење во светската политика. Од неговото успешно решавање во многу зависеле распоредот на силите, развојот на воениот судир, а донекаде и должината на самата војна.

За спречување на германското навлегување на Исток, кое било особено засилено на почетокот на XX век, „а за да ја спасат Македонија од Германија", било потребно Антантата да создаде своја воена сила[430] во Македонија, да се заштити областа на Егејско Море, т.е. во поседување на Македонија во свои раце, или пак во рацете на намерно создадена сила (се мисли на Бугарија), патиштата на источните делови на англо-француските сфери.[431]

Од ова што досега е речено какви биле интересите на големите противнички сили, може да се заклучи од каква стратешка политичка важност било македонското прашање во почетокот на Првата светска војна. Оттука не е тешко да се разбере политиката на големите сили на Балканот, и нивното настојување да ги привлечат балканските земји на своја страна, особено Бугарија, како еден од најголемите претенденти на Македонија, во својот табор.

Централните сили користејќи го незадоволството на Бугарија, по договорот во Букурешт, сакале да ја привлечат Бугарија на своја страна, при што ѝ се ветува не само делот од Македонија кој ѝ припадна на Србија, туку исто така вложувала големи напори да ја придобие Бугарија, а со тоа да го обноват раскинатиот Балкански сојуз. За таа цел, тие исто така ѝ нуделе на Бугарија делови од Македонија, како за сметка на Србија. Антантата истовремено вршела притисок врз српската и грчката влада за отстапки на Бугарија.[432]

Така на пример, веќе на 5 август 1914 година рускиот министер за надворешни работи Сазонов му пишува на својот претставник во Србија, дека е неопходно да се привлече Бугарија во оваа војна на

[430]Edmond Bouchier de Belle: La Macédoine et les Macédoniens. Paris, 1922, 260.
[431]На истото место, 269.
[432]Katardziev Ivan, Makedonsko pitanje..., 363.

страната на Антантата, со тоа што „веднаш и без оглед на резултатите од војната, би ѝ се отстапиле на Бугарија Штип и Кочани, како и целото подрачје до Вардар, а доколку заедничката војна се врши победоносно и цела Македонија, доколку таа била опфатена во „спорната зона“ на српско-бугарскиот договор од 1912 година; во спротивно, ако Бугарија не влезе во војната и се држи неутрално до нејзиниот крај, тогаш да ѝ се отстапат само Штип и Кочани до Вардар, за што Србија би ѝ дала сега обврска на Русија која ќе ѝ се соопшти на Бугарија“.[433]

Министерот Сазанов не застанал на овој прв чекор, но и со притисок и со закана брзал да добие позитивен одговор од Србија. На Пашиќ му препорачувал дека територијалните отстапувања на Бугарија кон неговиот предлог се „минимална цена“ незбежна заради обезбедување на бугарска благонаклоност кон неутралноста.

Наидувајќи на отпор од српската влада, Сазанов се обратил до Франција и Англија за помош, па така сите три сили на Тројниот сојуз на 17 август 1914 година упатиле нота до српската и грчката влада категорички барајќи од нив отстапувања во корист на Бугарија.

По прашањето за Македонија, Русија кон крајот на 1914 година и подоцна, цело време ја поддржувале и останатите две сојузнички сили: францускиот министер за надворешни работи Делкас[434] (T. Delcasse) - како што изјавил рускиот министер неговиот амбасадор во Франција Извољски (А. П. Изволъский) изразувал негодување спрема Србија заради нејзината непопустливост во поглед на концесијата на Буга-

[433]D-r Milada Paulova, Jugoslovenski odbor, Zagreb, 19/25, 114.
-Драгослав Јанковиќ, Србија и Југословенско питање 1914-1915 године, Београд, 1973.
AM-Les Archives du Ministère des affaires, Etrangères-Paris, Guèrre 1914-1918, Vol. I i II, 49.

[434]Тројниот сојуз по предлог на францускиот министер за надворешни работи Делкас бара Србија да им ја отстапи на Бугарија цела Македонија на Бугарија. Треба да се бара од Силите да ни одредат што ќе ни дадат, а што ќе ни одземат.
-Архив на Македонија - Дипломатски архив на Државниот секретаријат за надворешни работи на Југославија, фонд: Политичко одделение, М.Ф. 468, Преписка 1915, Ф. B.I.

рија, а англискиот министер Е. Греј (E. Grey) бил во многу одлучен во својот став дека сојузниците мораат да им ја ветат Македонија на Бугарија врз основа на српско-бугарскиот договор од 1912 година, со тоа што би биле задоволени стремежите на Србија во однос на Босна, Херцеговина и сл., со што Србија би добила излез на Јадранското Море и одредена територијална врска со Грција.[435]

Обидите на Антантата да ја натераат Србија доброволно да ѝ ги отстапи на Бугарија оние територии што таа ги барала, а за тоа таа да добие проширување за сметка на Австро-Унгарија. српската влада мислела само на освојување на нови територии и не сакала ни да чуе за отстапување макар и на една педа од порано освоените земји.

Претседателот на српската влада охрабрен од значајните победи на српската војска енергично го одбивал бугарското барање за Македонија. Дека бугарското барање е еднакво на убиство; Дека во србија не може да се најде ни еден човек кој би дал согласност на порано (1912) договорената граница. Ако Бугарите со сила ја земат Македонија, Србите еднаш ќе ја повратат - вели тој, но, никако не можат да се согласат со барањето.[436] По ова, преговорите со Бугарија биле однапред осудени на неуспех. Антантата не се одлучила, барем во тој момент да прибегне кон строги мерки против својата сојузничка.[437]

Откако Турција влегла во војната на страната на Централните сили и кога се готвела новата австро-унгарска офанзива во почетокот на ноември 1914 година, и заради тешката положба и стравот од скората катастрофа на Србија пред надмоќниот непријател, Пашиќ побарал преку бугарскиот пратеник во Ниш, Чапрашиков да состане со Радославов, но последниот одговорил: „Во Бугарија сега не може да се најде министер, кој би можел да преговара со Пашиќ“.[438]

---

[435]Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 101.
[436]Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 108.
[437]Тарле В. Ј., Историја новога века, део II, Београд, 1958, 483.
[438]Станевъ Никола, Нова България, София, 1942, трето издание, 345.

Меѓутоа, и покрај тоа што преговорите околу Македонија биле без успех, рускиот министер за надворешни работи[439] не се покажувал и вршел притисок на Србија. Иако бил уверен дека не треба прво да се обратат на Бугарија, но под притисок на Лондон и Париз, се согласил сојузничката изјава да му се предаде на Софија. Така силите на Тројниот сојуз, а за тоа му ја гарантирале Македонија јужно од линијата Крива Паланка-Велес-Охрид, вклучувајќи ги и тие градови.[440] Но, преговорите за отстапување на Македонија на Бугарија заради нејзино влегување во војна во текот на наредните месеци (февруари, март, април) стоеле воглавно на мртва точка.

Не треба да се заборави дека истовремено и Централните сили одлучно ѝ ја ветувале на Бугарија Македонија, па дури и Источна Србија. Бугарскиот воен министер му рекол на рускиот пратеник (на 9.7.1915) во Софија Савински дека Бугарија „има писмено ветување од Австрија и Германија и дека во случај на успешен исход на војната Бугарија ќе ја добие сегашната српска територија со Пирот и Ниш, Македонија со Вардар и Солун.[441]

На поканата на Германија, Бугарија да се замеша во војната, со која грчката влада била запознаена, грчкиот претседател на владата Венизелос, приврзаник на Антантата, изјавил: „Ако Бугарија тргне против Србија, Грција ќе ја нападне, согласно договорот (српско-грчкиот таен договор од 1 јуни 1913 година - б. н.)“. Но, една заплашителна телеграма на германскиот кајзер Вилјем II до грчкиот крал Константин, приврзаник на Централните сили, го принудила

[439]Србија зафатена во војната со Австро-Унгарија била подготвена да направи некои отстапки на Бугарија во Источна Македонија. Русија притиска на Србија, а ја смирува Бугарија: „Чекајте додека заврши војната, му зборуваше Сазанов на Бугарите, па ќе ја добиете. Не може сега јас да ја земам па да ја дадам. Договорете се со Србите, зборувајте со Пашић, со него може човек секогаш да разговара. Од Вас не барам ништо туку да се договориме со Србите.“

Јован М. Јовановиќ, цит. дело, 84.

[440]Šepić Dragoslav, Italija, Saveznici i jugoslovensko pitanje 1914-1918, Zagreb, 1970, 39.

[441]Драгослав Јанковиќ, цит. дело, 139.

-Живко Аврамовски, Определувањето на Бугарија кон Централните сили во Првата светска војна, Гласник на ИНИ, XXIII, бр. 1, Скопје, 1979, 93-119.

кралот да го отпушти Венизелоса, а на неговото место го постави германофилот Заимис, и да објави неутралност.[442]

Поразот на руските војски на 19 април 1915 година ја принудил Антантата да направи нови предлози до бугарската влада, на што Радославов му одговорил на англискиот пратеник во Софија: „Бугарија нема да се откаже од своите етнографски и историски права. Таа не може без Македонија.“[443] Бугарија на прво место ја интересира Македонија, а потоа Енос-Мидија спрема Турција.[444]

Претставниците на Тројниот сојуз во Ниш воделе големи борби со српската влада за отстапките на Бугарија во Македонија. Во мај 1915 година тие упатиле заедничка нота до софиската влада. Силите на Антантата на Бугарија ѝ предлагале да влезе во војна против Турција, а тие ѝ гарантирале да добие на крајот на војната:

а) Македонија до линијата Крива Паланка-Сопот на Вардар-Охридското Езеро, со градовите Крива Паланка, Велес, Охрид и Битола;

б) на југ Бугарија би ја имала сегашната српско-грчка граница. Тие отстапки би зависеле од праведната награда, која ќе се даде на Србија во Босна, Херцеговина и на Јадранскиот брег;

в) до склучувањето на мировниот договор Бугарија не би окупирала никаков дел од Македонија под Србија;

г) Антантата ќе ги употребела сите сили грчката влада, да ѝ ја отстапи Кавала на Бугарија; и

д) Антантата ќе ја снабди Бугарија со сите нужни финансиски средства и воени материјали и сѐ друго што е нужно за војната.[445] А кога во летото 1915 година Русите претрпеле неуспех во Галиција,

---

[442]Станевъ Н. Никола, цит. дело, стр. 350; цитирано од д-р Петар Стојанов, Македонија во времето..., 280.
[443]На истото место, 355.
[444]Guèrre 1914-1918, Vol. I i II, 49.
[445]Фичевъ Ив. Иван, Лични спомени за всеопштата война, София, 1921, 39-40.
Станевъ Н., цит. дело, 358-359.

тогаш силите на Тројниот сојуз се обидувале уште повеќе да ги придобијат Бугарите, отстапувајќи му ја и „неспорната зона" без оглед на согласноста.

По испратениот предлог (нота) на Антантата до Бугарија, српската влада веднаш спровела кампања против него и дека не може да стане збор за отстапки.[446] Радославов пак, првобитно предлогот го чувал во тајност, а потоа кога го објавил пред министерскиот совет се дошло до бучно реагирање. Опозицијата барала предлогот на Антантата да се усвои.[447] По разни поводи се раширила националистичката идеја за „обединување на Македонија со Бугарија".

Во меѓувреме, додека Антантата ги продолжувала своите предлози на Бугарија, а со цел да побрза и ја зголеми попустливоста на Србија, на 17 август 1915 година Антантата испраќа до српската влада колективна нота, во која била изнесена лошата состојба на фронтовите и посебно прашањето на Македонија. „ Сојузниците бараат од Србија согласност, да ја отстапи при заклучувањето на мирот, неспорната зона од Македонија на Бугарија, ако Бугарија веднаш даде вистинска вооружена помош. Сојузниците се готови да се обврзат при заклучувањето на мирот Србија да добие големи комбинации на други страни (на Јадранско Море и Босна и Херцеговина. Во секој случај Сојузниците ќе ја одржат заедничката граница меѓу Србија и Грција.[448]

Најпосле на 1 септември 1915 година српската влада званично одговорила на Сојузничката нота, со која „Србија ја отстапувала Македонија, но така што фактички не попуштала."[449] Со обѕир на благодарност и признание спрема Русија и нејзините сојузници, да

---

[446]Јовановиќ М. Јован, цит. дело, 90.
[447]Степаневъ Никола, цит. дело, 90.
[448]Јован Јовановиќ, цит. дело, 90-91.
-Paulova Milada, Jugoslovenski odbor, Zagreb, 1925, 122-123.
[449]На истото место, 125.
-Ѓорѓевиќ П. Милан, Србија и Југословени за време рата 1914-1918, Београд, 1922, 72-73.

поднесе голема жртва и начелно да го прими предлогот од Сојузничките сили со овие неопходни и неотстапни исправки:

1. Да се обезбеди Скопје со Овче Поле со една стратегиска граница;

2. Прилеп да го задржи Србија, од сентиментално-историски причини;

3. Со нотата на силите од Тројниот договор (Антантата) ветената заедничка српско-грчка граница да почне од гребенот на Пелистер или Сува Планина, па на запад до границата албанкса; на тој начин се остава Битола на Бугарија, се задржува кус дел од сегашната српско-грчка граница и не се допушта во интересот на безбедноста на Србија допир на територијата на Бугарија со албанската граница.

Со нотата Србија покажала божемно попуштање во прашањето за Македонија т.е. за отстапување на дел од неа на Бугарија, како жртва и како знак на признание кон своите сојузници.[450]

На 19 август 1915 година Антантата ѝ поднела на Бугарија свој втор предлог. Четирите сили (Англија, Франција, Русија и Италија) биле готови, „непосредно по војната, на Бугарија да ѝ го отстапат оној дел од Македонија, кој по договорот од 1912 година ја сочинуваше т.н. беспорна зона. Со овој предлог Бугарија се обврзувала дека заклучува воен договор со Антантата и за да влезе во војна со Турција и тоа што побрзо. Во спротивно горниот предлог отпаѓа.[451]

Како првиот, така и овој предлог завршил со прикривање од страна на Радославов и покрај залудните протести и настојувања на опозицијата да се објави. Меѓувреме додека ова се одвиваше Радославов водел преговори со Турција, што на крајот завршиле со

[450]Архив на Македонија-Министерство за надворешни работи на Кралството Србија 1885/1915; кут.4. 105/216-211

[451]Станевъ Никола, цит. дело, 362.

-Димитриевичъ, и. Д., Союзъ Болгарии съ Германие передъ судомъ свободной Росйй, Петроградъ, 1917, 2.

-Радославовъ, д-ръ Василъ, България и световната криза, София, 1923, 112 и 117.

-Guèrre 1914-1918, vol. 23, doss. IV, page 106-110.

официјално потпишаниот бугарско-турски договор[452] од 6 септември 1915 година, потпишан во Плеис, со кој договор Германија на Бугарија меѓу другото, ѝ гарантирала добивање и анексија на следната територија:

а) делот од Македонија под Србија, кој ги опфаќа двете зони именувани како спорна и беспорна, така како што се разграничени во српско-бугарскиот Договор од 13 март 1912 година и согласно картата приложена кон последниот, и

б) во случај, ако Грција, во текот на војната, без секакво предизивкување од страна на бугарската влада, ја нападне Бугарија, нејзините сојузници или Турција, Германија ќе се согласи Бугарија да ги анектира териториите кои на грција ѝ беа отстапени со Букурешкиот договор.[453] Договорите на Бугарија за сојуз со Германија и Австро-Унгарија биле грижливо чувани како тајна, бидејќи во нив се ветувале поголеми територии на Бугарија од страна на германо-австро-унгарските империјалисти, отколку што ветувала другата империјалистичка група Антантата.

Откога Бугарија веќе била официјално поврзана со германскиот блок, Антантата ѝ го поднела и својот трет предлог, во кои се истакнувало дека „Антантата е во состојба да го осигури на Бугарија отстапувањето од Србија на беспорната зона во Македонија", но од Бугарија не следувало никаков одговор. Напротив, по неколку дена објавила мобилизација,[454] на 21 септември 1915 година значела веќе јасен и последен знак дека Централните сили ја придобиле Бугарија за себе. Така притисокот на Антантата врз Србија и Грција за отстапување на македонските земји на Бугарија, го прекинала самата

[452] На истото место, 120.
-Живко Аврамовски, Определувањето на Бугарија кон Централните сили..., 119.
[453] Радославовъ, цит. дело, 120.
-История на България, т. I I, София, 1955, 307-308.
-Ламушевъ, полковникъ, Петнадесетъ години балканска история, (1904-1918), София, 1930, 141.
[454] Радославовъ, цит. дело, 123.
-Ламушвъ, цит. дело, 146-147.

Бугарија која се надевала дека своите мегаломански апетити спрема Македонија подобро ќе ги задоволи во сојузништво со Централните сили. На 14 октомври 1915 година Бугарија ѝ објавила војна на Србија, односно на Антантата, кога окупаторските бугарски војски, ја замениле српската окупација со своја тригодишна окупација на Македонија од 1915 до 1918 година.

На почетокот на Првата светска војна посебно значење му се придаваше на прашањето за Битола. Во политиката на големите сили, а посебно на Србија, Бугарија и Грција при поделбата на Македонија, Битола го имаше клучното место. Ќе наведеме телеграми и извештаи, во кои посебно се говори за Битола т.е. на кого да му припадне.

Претседателот на српското Министерство кнезот Павле во разговор со лордот Крју во врска со македонското прашање дека и Битола треба да влезе во териториите кои треба да им се отстапат на Бугарија, доколку спогодбата би се постигнала, а сепак да остане заедничката граница меѓу Србија и Грција западно од Битола.[455]

Во извештајот на г. Балугџиќ од Атина на 15. VIII 1915 година во врска со ставот на Грција за компензации на Бугарија меѓу другото се наведува:...„Во никој случај не треба да се сложи Грција да им се даде линијата (на Бугарите) од договорот, во тој случај Србија би била оттргната од Грција и би ја пуштиле Бугарија да се граничи со Албанија. Ние сѐ уште му немаме дадено одговор на силите на Четворниот Сојуз. Но, ако бидеме притиснати и ако нема друг излез, ќе пристапиме да го дадеме Мариово, а да ја зачуваме Битола, зашто преку Битола би ја имале железничката врска и општата граница со Грција. Секако во овој случај Грција не треба да прави тешкотии, се заклучува во извештајот.“[456]

---

[455]АМ, Министерство за надворешни работи на Кралството Србија, Белград (1839-1918), к.3.5.а..е. 59/1/7+121.

[456]На истото место, кутија 4.93.194-196.

Во еден руски извештај се вели дека најдобро е на Грција да му се отстапи од една страна Епир, а од друга страна еден појас од северозападна Македонија со Охрид, Битола, па сѐ до Дојран... за сметка на тоа што ќе ја изгуби Источна Македонија.[457]

Во телеграмата бр.7689 од Пашиќ до КПС во Лондон, со која бара информации во врска со последниот развој што го имал со Греј, дали станало збор и за отстапување на Битола на Бугарите: следува одговор дека не станало збор за тоа и дека се спрема нов предлог за концесии на Бугарија.[458]

Во една друга телеграма од Атина под бр.129 од Балугџиќ до КПС во Лондон, строго доверлива информација во која се наведува дека силите на Тројниот Сојуз се подготвуваат да ѝ се обратат најнапред на Бугарија и се изјасни за неутралност за што би добила концесии од Македонија до Битола, а и самиот град.[459]

Во телеграмата под бр. 877 од г. Бошковиќ испратена лично за Претседателот на МНР во Ниш, во која го изразува своето негодување поради нецелосното информирање за отстапките кои Србија треба да ѝ ги направи на Бугарија (што не стои во телеграмата бр.9056) дека Битола и Пелагонија влегуваат во отстапената територија), а за што сите останати пратеници се информирани што го става во незгодна положба неговиот пратенички авторитет.[460]

Во депешето кое го испратил Делкас до претставниците на балканските престолнини, изнесувајќи го својот предлог, односно чекор кој треба да се направи Битола да му се отстапи на Бугарија, и дека тој предлог бил прифатен и од Англија во целост.[461]

[457]АМ, ДСНР фонд: Политичко одделение, М. ф. 422.
[458]Архив на Македонија, фонд: Краљевско српско посланство, Лондон, сигнатура 1.18.6.201/274.
[459]На истото место, сиг.1.18.6. 135/186.
[460]На истото место, сиг. 6. 216/298.
[461]Guerre 1914-1918, vol. I i II , 49.

## ГЛАВА II

## ПОЛОЖБАТА ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПОД БУГАРСКА ОКУПАЦИЈА

### 1. Стапувањето на Бугарија во војната, окупацијата на Македонија и на Битолскиот регион.

Во периодот на едногодишната „неутралност", стоејќи во полна услуга на германските и австо-унгарските империјалисти и во тесна колаборација со турските реваншисти, бугарската власт со сите средства го подготвувала бугарскиот народ за претстојната војна, за остварувањето на „светото дело - обединувањето на сиот бугарски народ".[462] Во овие подготовки за војна, опозиционите сили во Бугарија остро се спротиставувале на плановите за готвената војна од Радославовата влада и од дворецот.

Определувајќи се тајно да стапи во блокот на Централните сили, кој и ја вметнувал цела Македонија, Бугарија започнала со подготовки за влегување во војна против Србија и воопшто против Антантата.

Почнувајќи од летото на 1914 година до почетокот на април 1915 година Бугарија испраќала врховистички чети на српско-бугарската гранична територија во Македонија, за да ја вознемируваат српската војска и власт и да ја држат Србија во постојана мобилна состојба. Тука станува збор пред сè за испраќањето врховистички чети раководени од Тодор Александров и Александар Протуѓеров. Во оваа смисла најзначајна провокација била преземена во почетокот на април 1915

[462] Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето ..., 292.

година, позната во историографијата како Валандовска афера.[463] Илјадна војска составена од македонски (врховистички), бугарски, албански и турски чети, материјално птопомогнати со австро-унгарски средства, предводени од бугарски, турски и австриски офицери, ја преминале границата кај градот Струмица, кај Старњак.[464] Откако освоиле 15 села во триаголникот Струмица, Валандово и Демир Капија, нападнале на железничката линија меѓу Велес и Солун за да го пресечат важниот антантин премин на српската војска преку Македонија за Солун.[465] Судирот траел три дена. Притоа биле убиени, според документацијата, ако не е претерано зголемен бројот, 2.444 српски војници и тројца офицери, а помалку од стотина биле ранети. За време на оваа оружена провокација четири бугарски баталјони вршеле воени маневри во близината на градовите Струмица и Валандово. Во оваа военотактичка интрига главно учествувала бугарска и турска војска. Откако српската војска се созела, со помош на сојузничките сили го одбила организираниот провокативен бугарски напад. Притоа, при повлекувањето од кај Гевгелиско, Валандовско, Демир Капија и воопшто од Радовишко и Струмичко, бугарските власти со сила повеле

---

[463]Д-р Петар Стојанов, „Неутралноста на Бугарија и Валандовската афера во 1915 година, Гласник на ИНИ, бр.1, Скопје, 1965, 103-130.

[464]Милевиќ, В., Струмица и Валандово, Ниш, 1915 година,10.

-В. „Битољске новине", Битољ, 1915, бр. 1, 2, 3, 9- Бугарско-турски напад код Струмице.

[465]Нападот на Струмица и Валандово е изведен со цел да се прекине железничката линија меѓу Демир Капија и Гевгелија, во општиот план за прекинување на железничката линија и отежнување на сообраќајот на српските војски од Ниш до Солун, од една страна, а главно, „да го сопре испраќањето на воените транспортери (од страна на Антантата) за Србија, Романија и Русија.

-Потемкин, П.В., Историја дипломатије, свеска друга, Београд, 1949, 236.

На дослухот дека силите на Антантата, пред сè на Русија, се расположени да ѝ помогнат на Србија, дека „Русија на драго срце би испратила извесен мал број трупи за да ја заземат српска Македонија, за да се оневозможи бугарскиот напад."

Бугарско-турските реваншисти и нивните сојузници Австро-унгарците, одлучиле да побрзат и да спречат секакво интервенирање на Антантата во Македонија под Грција и Србија. Со цел да ја предодврати интервенцијата на Антантата во Вардарско-Моравската долина т.е. однапред да го прекинат идниот и можен контекст на Англо-Французите и Русите со Србија, бугарската агентура на автсро-унгарскиот империјализам го организирала и извела нападот од 2 април 1915 година врз македонска територија кај 113-113 км од железничката линија Скопје-Солун, познат под името „Валандовското клање".

-Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето..., 246-247.

-Лојд Џорџ, Ратни мемоари, I, Београд, 1937, 148.

-Sarrail, général, Mon commandement en Orient (1916-1918), Paris, 1920, 304.

со себе 5.000 македонско месно население, исценирајќи дека е тоа нивна желба, божем за да се спасат од српските одмазди.

При реокупацијата на овие предели, српските власти, односно „Србите својот бес го истурале врз населението на многу погранични места кои ги прифатиле бугарските банди и (дека) тие таму заклале неколку стотици бугарски и турски селани.[466]

Српскиот комесар одговорил дека тие податоци се донекаде зголемени, но сепак признал дека српскиот војвода Вук (Вукашин) Поповиќ на чело со своја банда навистина направил големи злодела и редица непростиви жестокости за кои тој, Томиќ, ја известил својата влада со молба до округот што му е доверен да го отстранат споменатиов војвода, кој со своето дејствување ја дискредитирал српската власт на која паѓа целата одговорност.[467]

Во текот на август 1915 година, Бугарија извршила неколку воени маневри на бугарско-српската граница, всушност на македонска територија, на што најостро реагирала Србија. А кон средината на септември 1915 година Бугарија објавила општа мобилизација, а со тоа може да се каже дека презела чекори за непосредни подготовки за влегување во војна.

Бугарија не извлекувајќи никакви поуки од претрпениот неуспех во 1913 година, се зафатила да ја рехабилитира својата сила и улогата на Балканот, се замешала во големиот светски судир на страната на Централните сили и на 14 септември 1915 година Бугарскиот двор[468]и

---

[466]Д-р Александар Трајановски, Македонија и меѓународните односи на Балканот (1914-1918), Гласник на ИНИ, год. 38, бр.1-2, Скопје, 1994, 37-56.

[467]На истото место, 45.

[468]Бугарскиот цар Фердинанд на 14 окомври го објавил манифестот. Тој гласи:

*„Јас и мојата влада се плашевме дека со досегашното следење на неутралноста нема да ги постигнеме идеалите на бугарскиот народ. Двата завојувачки сојузи на големите сили ни ја признаваат големата неправда, која ни се нанесе со поделбата на Македонија.... Го повикувам бугарскиот вооружен народ кон заштита на рофниот крај и кон ослободувањето на нашите поробени браќа од српското ропство. Ние ќе војуваме против Србија заедно со храбрите војски на Централните сили...“*

Види: П. Пешьвъ, Исторически събития и деятели, София, 1*929, 496-497.*

владата ѝ објавила војна војна на Србија, а со тоа истовремено и на Антантата.

За заземањето на Македонија беше задолжена Втората бугарска армија. На почетокот во составот на Втората армија влегуваа две пешадиски (третата и седмата) и една коњичка дивизија, но наскоро армијата беше засилена со Единаесеттата македонска и Петтата дунавска дивизија.[469]

Истовремено со Првата бугарска армија започнаа и воените дејствија и на Втората армија, која на 14 октомври навлезе во Македонија, и се впуштила во прогонување на слабата српска војска чиј отпор, бил мошне слаб. Бугарските единици брзо ги зазеле Царево Село (Делчево), Пехчево, Берово и Крива Паланка[470] и наближале кон Куманово.

Од 18 до 22 октомври, бугарските единици ги зазеле Штип, Велес, Куманово и Скопје,[471] од каде продолжиле за Тетово и Гостивар. Во критичната положба српската влада, за да добие помош од Грција,[472]

---

[469]Ганчевъ Александар, Войнитъ презъ Третото българско царство, София, (б.г.), 391.

[470]Бугарските единици, веќе на 16 октомври 1915 година ги пресекоа комуникациите во долината на Вардар и Морава кои биле од стратегиско значење на Србија. Таа беше единствената врска со Солунското пристаниште, каде веќе се беше растовариле сојузничките сили. Тогаш во Солун биле сконцентрирани околу 70.000 француски и 30.000 англиски војници, што секако била недостаточна бројка да им помогнат на српската војска и да се одбранат од 150.000 бугарски војници.

-Историја Југославије, група автори, Београд, 1973, 389.

-Станевъ, Никола-История на Европа презъ последните сто години 1815-1915, София, 1918, 195.

-Sarrail, цит. дело, 10-19

[471]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 297.

-Георги Марков, Голямата война и българският ключ за Европски погреб 1914-1916, София, 1995, 207-208.

-Guerre 1914-1918, carton 9, dossier II, 151.

[472]Посебно важната политичка и воено-стратегиска положба на Грција уште во почетокот на војната, ја вовлекла Грција во сферата на интересите на Антантата и на Централните сили и нивните дипломатии повеле жестока борба околу нејзиното привлекување на страната на едните или другите. Во самата Грција, по прашањето на војната се оформиле два остро спротивни лагери.

Венизелосовата либерална партија била за тоа Грција да влезе во војната на страна на Антантата. Таа дури го присакувала и Цариград, а во Македонија барала сè на север до линијата Демир Капија - Крушево итн.

Наспроти Венизелистите, германофилските конзервативни сили, собрани околу дворецот и кралот Константин, близок роднина на германската круна, биле за тоа Грција да не учествува на страна на Антантата, туку да сочува неутралитет. Овие „неутралци" сакале во згоден момент Грција да ја сврзат со Централните сили. Острите судири меѓу Венизелистите и кралската партија довеле до тоа што на 6 март 1915 година Венизелос бил отстранет од претседателството на владата и бил заменет од германофилот Заимис. Венизелос однесувајќи победа на августовските

реши да направи, и тоа веднаш, поголеми територијални отстапки. Според Мазаракис, „на 12/25 октомври српскиот пратеник Балугџиќ му посочил на Заимис дека грчката војска може да ги заземе Битола и Дојран, но кралот и владата го одбиле овој предлог..."[473]

Додека бугарските војски имаат успеси во вардарскиот дел на Македонија,[474] Антантата залудно се обидувала да им помогне со своите малубројни трупи на српската војска, кога таа веќе се повлекувала под силниот притисок на бугарскиот непријател.

Англо-француските трупи се упатиле по долината на Вардар, во две групи, и во два правци, кон Битола и кон Скопје. Првата група, отклонувајќи се од Вардар низ западниот дел на Македонија под Грција т.е. низ Мегленско и Леринско, се пробила по долината на реката Црна и и по нејзиниот тек се движела кон нејзиното устие во Вардар, со намера да се здружи со српските војски. Другата група, директно од Солун, по Вардар се пробила јужно од Велес, а главно се концентрирала од Криволак до Гевгелија, со намера да се соедини со српските трупи во тој дел од Повардарјето. Поради својата малубројност и неуспехот да се поврзи со српските војски на Црна и во Повардарјето, оваа акција на генералот Сарај останала без успех и извесните локални судрувања со бугарските војски, во првите контакти со нив, повеќе личеле на воена диверзија, отколку на успешен продор и

---

парламентарни избори, повторно дошол на чело на Атинската влада, што за Антантата бил позитивен пресврт за нејзиното утврдување на Балканот.

Дури во 1917 година, кога Венизелос односно антантините војски насила го принудеиле кралот Константин на абдикација, Венизелос можел да ја вклучи Грција во војната на страна на Антантата. Тоа станало во јуни 1917 година.

-Тарле, цит. дело, 483, 494, 495.

-Станевъ Никола - История на Европа презъ последните сто години 1815-1915, София, 1918, 195.

-Пешевъ Петъръ, цит. дело, Историческите с бити ...., 498.

-История на България, цит. дело, 306.

-Народна енциклопедија, цит. на Станоје Станојевиќ, IV, 83.

-Sarrail, цит. дело, 10-19.

[473]Ристо Поплазаров, Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија за време на Првата светска војна, Гласник X, 1966, бр.1 (59-98).

[474]На 2 номеври Петтиот Дунавски полк успеа да го совлада добро утврдениот врв Соничка глава и го отвори патот за Прилеп и Битолско поле. Наредниот ден (3 ноември) 22-и Тракисли и 4-.

-Георги Марков, цит. дело, 213.

уште помалку помош на блокираната српска војска во Западна Македонија.[475]

„Откако Бугарите ги одбија нападите на врвот на Бабуна, северно од Прилеп,[476] Србите мораа да се повлечат од овој град. „Дадена е наредба нашите трупи на левиот брег на Црна да се сконцентрираат кај Возарци."[477]

Бугарските единици успеале да ги задржат француските единици и само за неколку дена да ги потиснат долж целата линија Криволак-Градско-Бабуна-Преслап во длабината на фронтот кон реката Црна.[478]

На 20 ноември предните делови на Втората армија ја преминаа реката Црна кај Росоман, Возарци и Добротино. Војските по десниот брег брег на Вардар продолжиле со настапувањето, а 11-та Македонска и 2-та Тракиска дивизија продолжиле со дејствијата, прогонувајќи ги француските трупи и до кракот на ноември успеале да ги префрлат на територијата на Македонија под Грција.[479]

Додека бугарските војски имаат успеси во вардарскиот дел на Македонија, грчкиот министер претседател Скудулис му соопштил на Пасаров, дека Грција ќе ја продолжи политиката на „вооружена неутралност, со благонаклоност кон Силите на Антантата „строга неутралност" спрема Грција, иако го допуштила англо-францускиот

---

[475]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 298.
-Sarrail, цит. дело, 43.

[476]На 3 ноември 22 Тракиски и 4 Македонски полк го зазеле градот на Крале Марко, помогнати од коњичката дивизија. Главната команда, се воздржа да не настапува во поплавеното од дожд Битолско Поле и им нареди на коњаницата да не се впушта во напади, поради можноста од изненадни напади од север и југ.
-Sarrail, цит. дело, 43.
-Георги Марков, цит. дело, 213.
- Guerre 1914-1918, Carton 9, dossier III, 167.

[477]Не можев да одам на Прилеп за да се обидам да интервенирам во нивните заднини, и пред најмоќните непријателски сили; не сум резервиран за Монастир со што ќе се обидеме да го заокружиме целиот успех во овој регион: присилен сум да чекам..." (Sarrail, На истото место, 48.)

[478]Георги Марков, цит. дело, 222.
-Guerre 1914-1918, Carton 9, dossier IV, 186.
-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 298.

[479]Генералот Жеков се надеваше дека Втората армија нема да ги остави англо-француските војски да се повлечат без да бидат казнети и дека победата ги заврши со блескав успех.
-Г. Марков, цит. дело, 221.

корпус во Јужна Македонија.[480] Што се однесува до територијалното прашање, Родославов се спротивставува на идејата поткрепена од генералот Фалкенхаин, Бугарија да ја заземе Северна Албанија, а да ја жртвува Битола во корист на Грција.[481]

Грчкиот министер за Правосудство Ралис изјави дека Грците ќе влезат во Битола пред Бугарите. Магрини телеграфира: „Според грчките официјални весници дека бил донесен грчко-бугарски договор за Битола да биде окупирана од Грците, а не од Бугарите.[482]

Воениот министерот соопштува дека помошникот на Командантот на Битолската дивизија го запрашал што да работи ако Грците се обидат да ја окупираат Битола. Решено да му се нареди, да ја брани Битола, ако Грција би сакала да ја окупира, а не би објавила војна на Бугарија, а за тоа да се извести и грчката влада.[483]

„Цимерман ми соопшти дека кај него бил грчкиот заменик министер и го наговарал Битола да ја заземат Грците. А тој му кажал дека Грците да не мислат на тоа. Од кога грчкиот помошник министер дека не може да најде разбирање кај Цимерман за Битола, му предложил барем Мариово да му припадне на Грците. Но, и тоа не треба да бараат Грците зашто имаат компензации од Албанија“.[484]

А „Vorzeichen Zeitung” („Форсишен Цајтунг“) соопштува дека Битола веќе е отстапена на Грците од самата Бугарија. Кога се знае слабоста на германскиот генерал Фалкенхајн и Мекензен, јас не се сомневам дека ќе биде вратена бугарската војска од таа окупација, за да влезат и германските војски заедно со нашите за да кажат Грците

---

-Кесяковъ, д-ръ. Б. Д., Приносъ къмъ дипломатическата история на Българитѣ 1878-1925, София, 1925, 72.

[480]Дипломатически документи по наместа на България въ Европейската война, т.1-2, София, 1920-1921.

[481]Научен архив при българската академия на науките
-София (НАБАН), ф. 57 к-Димитар Тончев

[482]Централен държавен архив-София (ЦДА), фонд 313, оп. 1, а.е. 2272 од 17 ноември 1915.

[483]Записници седнице Министарског савета Србије 1915-1918, Битола, 1976, приредили: Драгослав Јанковиќ и Богумил Храбак, 24.

[484]ЦДА, София, фонд 313, оп.1, а.е. 2272- Од госп. министер Д. Танчев до Министерот за надворешни работи од 28 октомври 1915 година.

дека ние сами со крв не сме ја ослободиле Битола, а со тоа да имаат право на претензии на градот.[485]

„Журнал де Женев“ заклучува дека на агенцијата „Стефанели“ ѝ соопштуваат од Бугарија дека претставниците на српска власт, францускиот и рускиот конзул веќе ја напуштиле Битола, а српската војска исто така се повлекла од Битола.[486]

На „Кориере дела сера“ ѝ телеграфираат од Солун дека дел од српската војска се повлекува кон Гостивар. Дебар за да се соедини со војската од Битола, а другиот дел да се повлече во Црна Гора.[487]

Бугарскиот министер Ризов (родум од Битола): „Тој се чудеше зошто Втората армија не ја ослободува Битола и се чуди од однесувањето на Германија и грчката неутралност... и бараше да издејствува што побрзо[488] влегување само на бугарски војски во „бугарскиот град“.

„Бугари“ избегани од Битола раскажуваат дека градот се испразнил од српските војски, но од Главната команда била потврдена строгата забрана: „Никој не смее да влезе во Битола.“[489]

„Влегувањето во градот Битола, безусловно се забранува. Кралот Константинос бил загрижен за јавното мислење во Грција. Целата Втора армија требаше да чека една недела,....? еден ескадрон од 5-иот Хусарски полк, кој се подготвуваше да тргне од Велес. Според генералот Жеков „неговото пристигнување требало да го манифестира почетокот со заедничката соработка на бугарската армија со германската против англо-француската“. Србите при повлекувањето[490] од Битола оставиле 4 дружини и се повлекле без да бидат напаѓани кон Охрид и Дебар.

---

485ЦДА - София , ф.313, оп.1, а.. е.. 2272.
486На истото место.
487На истото место.
488Дипломатически документи по наместа на България въ европейската война. т. 1-2, с., 1920-1921.
489Георги Марков, цит. дело, 221.
490Српските војски го напуштиле градот Битола на 18 ноември повлекувајќи се кон Албанија, истата ноќ за Солун со воз заминала и последната граѓанска власт. Милицијата која требаше да

Улиците се пусти и тажни. Излозите на дуќаните се затворени... му понудив дваесет српски франци за парче леб, и со голема мака едвај добив. Тука, лебот во Битола, лебот е зелен. Веќе два дена тие живејат од вода, корења и ретки намирници... Се шират вести дека Бугарите се на 10 километри од градот... Бугарите се повлекуваат, или Германија наредила како би ја покажала својата наклонетост спрема Грција, како свои соучесници, дека Битола е грчки град и нема да го освојат.[491]

И покрај „изричната забрана“ („предупредувачка забрана“) и со оглед грижите на грчкиот крал Константинос, на 21 ноември 1915 година во 11,30 часот 5-иот коњички полк влезе во Битола,[492] препратен во 13 часот од германски ескадрон. Граѓаните радосно го пречекале со цвеќиња. Коњичката дивизија пак го отфрлила противникот од билото на Бигла Планина и го ослободиле градот Ресен.

По спогодбата меѓу двете главни команди со оглед на претстојните операции во Македонија, генералот Галвиц требало да командува со дивизиите во Вардарската долина, а генералот Бојаџиев во реонот на Крушево-Прилеп-Битола.

---

чува ред за организирано повлекување од градот прва се разбегала и така граѓаните останале сами да си формираат своја стража и совет. Со оваа стража и совет спокојството на народот било осигурано.

На сојузничките пратеници Пашиќ им соопштува дека во Призрен ќе останат уште неколку дена; ако исходот на битката кај Феризовиќ и Скопје биде поволен, Владата ќе оди во Битола...; а ако судбината не биде на страната на српската војска, Владата заедно со војската и народот ќе тргне во албанските планини, да побара прибежиште во Драч или Скадар.“

АМ, ДЕЦР на ФНРЈ, фонд: политичко одделение, фасц. 20, пов. бр. 2574 од 3.4.1916, Крф. Стаж. у Битољу.

-Записници седнице Министарског савета..., 25.

[491]Пизани Фери, Српска драма-октомври 1915 - мај 1916, Солун, 1917, стр. 62-63.

[492]Дури на 21 ноември попладне дошле во Битола поковникот Стојков, командант на коњичката дивизија со начакникот на Штабот генерал Жостов, во придружба на германскиот офицер Шуберт - специјален офицер за одржување на врски и фон Буше. Наредниот ден почнала да влегува и војската (бугарската). Сега гарнизонот на битолската област ја прави дивизијата на генерал Митов од Првата армија на генералот Бојаџиев, кој исто така пристигнал во Битола и началник на Штабот полковник Азматов. Покрај оваа бугарска дивизија во градот се сместиле и еден германски пешадиски полк.

Одма по повлекувањето на српските војски во градот влегле познатите чети на војводата Павле Христов, Крсте Леонда, Пандо Шишков.

АМ - Дипломатски архив ДСНР на Југославија, фонд: политичко одделение. Преписка 1915, фонд 5, Држењето на Русија, Белгија и др., пов. бр. 488.

-Guerre 1914-1918, Vol. 25, dossier VI, str. 43.

-Г. Марков, цит. дело, 222.

„Грчката граница[493] засега не треба да се преминува ниту од германските, ниту од австро-унгарските, ниту од бугарските војски, за која цел треба да се издадат специјални заповеди од Главната команда.“

На 25 ноември генерал Жостов даде указ (наредба) за новата прераспределба на армијата. Првата армија со 8-та Тунджеска дивизија околу Битола, 9-та Плевенска околу Прилеп и Коњичката дивизија во Битола.[494]

Генералот Жостов на 29 ноември издал заповед бр.1363: „По конечното повлекување на англо-француските трупи на југ од српско-грчката граница требало веднаш да се премине на утврдување-укрепување. „Главната одбрамбена линија треба што побрзо да се изгради: „Грчката граница од никого и во никој случај да не се минува.[495] Вардарскиот дел на Македонија беше „ослободен“.

На 11 декември 1915 година, бугарската Врховна команда, преку својот официјален билтен, дала известие: „Во Македонија нема веќе ниеден непријателски војник и татковината веќе е наполно обединета.“[496]

За неполни два месеци во реваншистичката војна против Србија, бугарските окупатори ја завладеале територијата на Македонија што дотогаш била под власта на Србија.

Со заземањето на Македонија, а со тоа и на Битолскиот регион бугарските окупатори веднаш започнале со организирање на граѓанско-административна управа во Македонија, одредувајќи главен

---

[493]Со телеграма бр.651 од 23 ноември Михаиловиќ јавил дека црногорскиот конзул во париз известил дека таму држењето на Грција се смета за многу несигурно. Окупацијата на Битола од страна на австро-унгарските трупи и несогласувањето на Англичаните и Французите во поглед на акцијата преку Солун уште повеќе влијае на таквото држење.
- ДАСИП, МИД, ПО, 1915, ф.XXVIII, д.4, Пов. бр. 796.
-Записници седнице министарског савета..., 219.
[494]Г. Марков, цит. дело, 222.
[495]На истото место, 223.
[496]Никола Станевъ, цитираната: История на Европа..., 400.

гувернатор, во т.н. „Македонска воено-инспекциска област“, со седиште во Скопје.

Од денот на окупацијата, па сѐ до крајот на Првата светска војна, Битола стана една од најважните точки за напади и контранапади, со учество на голем број воени единици од сите видови, вклучувајќи ја и најтешката артилерија и авијација. Стопанскиот живот исчезна. Населението живееше во мачни услови, едвам обезбедувајќи минимална секојдневна егзистенција. Завладеал глад што погодил голем број луѓе. Населението се збираше околу воените единици за да добие минимална исхрана.

## 2. Воспоставување на бугарска власт во Регионот

Од есента 1915 година со воспоставувањето на бугарско-грчката граница (по повлекување на српската војска од вардарскиот дел на Македонија) и со растоварувањето на француско-англиските војски во Солун, била воспоставена двојна окупација на Македонија. Фронтовата линија од Охрид до Орфанскиот залив ја делела Македонија на две окупациски зони. Јужната била под окупација на силите на Антантата, а северната под Централните сили, односно бугарско-германските.

Со влегувањето на бугарските војски во Битола на 20. XI. 1915 година[497] и во селата од Регионот за прв пат била поставена бугарска окупаторска власт.

Така македонскиот народ уште не беше ги излекувал раните и обновил порушените огништа од 1912-1915 година, повторно станал објект на уништување, овој пат поцелосно и покатастрофално.

Сета окупирана територија од бугарската војска во 1915 година во Македонија официјално била наречена „Македонска воено-инспекциска област" (понатаму: МВИО) или „Македонска област".

Бугарската влада во својот однос кон Македонија се трудела да докаже дека „новоослободената земја" е дел од „Бугарското царство". Бугарите по секој начин се стремеле пред населението да се прикажат како ослободители и кај народот да остават впечаток дека како нивни ослободители ќе ја подобрат положбата и дека за разлика од времето кога биле Србите, тие ќе бидат многу подобри. Меѓутоа бугарската армија и администрација постапувале со македонскиот народ како што обично не се постапува со ослободени народи.[498] Целокупната поли-

---

[497]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 300;
-Д-р Глигор Тодоровски, Малореканскиот предел, Скопје, 1970, 367.

[498]Д-р Крсте Битоски, Положбата во Вардарскиот дел од Македонија за време на бугарската окупација (1915-1918 година). Гласник на ИНИ, IV/1-2, Скопје, 1960, 47-81.

тика на бугарската влада потврдувала дека Македонија била третирана како окупирано подрачје. Во Македонија бил воведен окупационен режим, бугарска армија и администрација.

Во воено-стратегиска смисла МВИО била разделена на 8 бригадни подрачја, во кои биле сместени штабовите на осум активни дивизии или други помали единици, кои на бригадното подрачје биле главни носители на бугарската окупациона власт. Бугарската војска добила право на целосно сместување, снабдување со храна по пат на принуда и реквизиција и мобилизација од месното македонско население. Седумте подрачја биле во Македонија, а осмото ги опфаќало Косово и Метохија. За прв главен инспектор, односно началник на МВИО, бил поставен генералот Рачо Петров, со седиште во Скопје.[499] Тој ја поседувал севкупната воена и цивилна власт во Македонија.

Инспекциската област, административно била поделена на девет окрузи во кој покрај Битолскиот, Брегалничкиот, Кумановскиот, Охридскиот, Скопскиот, Тиквешкиот и Тетовскиот влегувале и два округа од Србија: Призренскиот и Приштинскиот.[500] Окрузите биле составени од околии, разделени на општински управи,[501] чии атар се совпаѓал со истите територијални граници од порано.

| Окрузи | окружни градови | околии | општини | села | заселиште | градови | паланки | население |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битолски | Битола | 6 | 77 | 398 | 5 | 2 | 3 | 232.646 |
| Брегалнички | Штип | 6 | 41 | 252 | 4 | 1 | 5 | 101.442 |
| Кумановски | Куманово | 4 | 51 | 331 | 17 | 1 | 4 | 144.983 |
| Охридски | Охрид | 3 | 29 | 133 | 5 | 2 | 1 | 84.395 |
| Скопски | Скопје | 3 | 61 | 252 | 14 | 2 | 1 | 157.078 |
| Тиквешки | Кавадарци | 3 | 46 | 189 | 5 | 2 | 3 | 84.657 |
| Тетовски | Тетово | 4 | 55 | 257 | 4 | 1 | 1 | 146.803 |
| | Вкупно | 29 | 360 | 1812 | 54 | 11 | 18 | 952.004[502] |

[499]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 346.

[500]Д-р Васил Радославовъ, България и световната криза, София, 1923, 136; Странски Ив., Гжстота на населението въ Македонската военно-инспекциска областъ презъ 1916 година, сп. „Македонски прегледъ" год.II, кн.2, София, 78-79;

-Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето..., 347.

[501]Д-р Глигор Тодоровски, Малорекански предел..., 367.

[502]Архив на Р. Македонија, Скопје, фонд: МВИО-Околиско управление-градско управление-Скопје. Во оваа статистика веројатно влегува и Качанската околија чиј број на жители не бил голем.

Битолскиот регион влегувал во Битолскиот округ со седиште во Битола. Според првиот официјален попис извршен од бугарската власт во 1916 година во Македонија, Битолската околија броела вкупно 88.892, а целиот Битолски округ 232.646 жители.[503]

Според новата бугарска административна поделба, Битолскиот округ има 6 околии, 78 општини, 420 населени места и 216.524 жители.[504] Општините, населените места и жителите се распределени меѓу одделни околии по следниот начин:

| околии | општини | населени места | жители |
|---|---|---|---|
| Битолска градска | 17 | 86 | 72.564 |
| Битолска селска | 7 | 56 | 15.564 |
| Ресенска | 7 | 46 | 22.703 |
| Кичевска | 14 | 79 | 32.491 |
| крушевска | 19 | 54 | 21.778 |
| Прилепска | 14 | 99 | 51.434 |
| **Вкупно** | 78 | 420 | 216.524[505] |

Битолскиот округ, а посебно битолската околија во својот јужен дел кој бил расположен непосредно до фронтовата линија, од есента 1916, па до крајот на војната, фактички и немала цивилна власт. Практично, на ова подрачје била и самата фронтовска линија. Кога во месец ноември 1916 година Битола е реокупирана од француските, српските, италијанските и руските војски, Битолскиот регион ја доживеал својата најтрагична судбина, зашто беше поделен на две окупациони зони. Битола и селата од јужниот и југоисточниот дел беа

Од истакнатата табела се гледа кои биле тие окрузи, окружни градови, околии, општини и села што ги имал секој округ, и колкав бил општиот број на населението.

[503]Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето..., 347.

[504]ЦДА-София, фонд: 260, оп. 4, а.е. 73, Докладъ отъ Димитаръ Мишайков, доцентъ въ Университета, член на научно разузнавателната мисия въ новите земи;

[505]Д-р Глигор Тодоровски, Административно-територијалните делби и пописите на населението во Македонија, Прилози, Скопје, 1987;

-Алманахъ - Царство България -1917, Лайпцигъ, 40-42.

-Държавен вестникъ на Царство България, бр.262,1918, 37-38.

под окупација на Силите на Антантата, а останатите села од северната и северо-источната страна страна под германско-бугарските сили.

Сиот врвен чиновнички апарат на МВИО бил составен главно од луѓе приврзани на бугарската освојувачка политика. Тој апарат го сочинувале првенствено лица доведени од Бугарија, припадници на бугаризираниот дел на ВМРО, а мал број на Македонци работеле во службите на МВИО, но во најниските ресори.[506]

Заедно со бројната бугарска војска сконцентрирана во Македонија или поставена на фронтовската линија, потоа и германската војска, во земјата пристигнал и броен административно-полициски апарат, кој целосно се наоѓал на товар на македонскиот народ. Издршката на стационираната бројна бугарско-германска војска и полициско-административниот апарат паѓал врз грбот на нашето население во текот на тие три години на окупацијата. Работејќи „во интерес на патриотскиот долг спрема татковината", тие гледале на секој можен начин незаконито да дојдат до средства, често пати поврзувајќи се со најшпекулантните слоеви кои повеќето биле дојдени од Бугарија.

По заземањето на градот Битола, Управата во целиот регион ја презеле Бугарите во свои раце. Германците не се мешале во управата. За прв префект на Битола бил поставен Кермекчијев,[507] кој останал кратко време на тоа место (заради тоа што бил француски воспитаник), а на негово место бил поставен Захаријев (германски воспитаник).

Веќе се смениле три претседатели. Првиот беше Еврем Ризов, брат на бугарскиот дипломат (Ризов, министер за надворешни работи на Бугарија, битолчанец), потоа битолскиот граѓанин Крапчев и на

---

[506]Историја на Македонскиот народ, кн.2, Скопје, 1969, 402-403.

[507]Архив на Македонија, Скопје, Дипломатски архив-Државен секретар за надворешни работи на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, ф.20, пов. бр. 2674, 3.VI. 1916, Крф, Стање у Битољ.

крајот Владев,[508] доктор од Софија, родум од Ресен. Управникот на полицијата во Битола бил син на генералот Бојаџиев.

На секоја општина биле поставувани претседатели, а по селата биле назначувани селски кметови. Онаму каде што имало доброволци било полесно, но онаму каде што не можеле да се најдат доброволци, бугарските власти такви назначувале на сила. Кај народот постоел страв, бидејќи многу набргу дошло менување на власта и не напразно народот ова менување го именувал како „прво српско" (доаѓањето на српската власт по Балканската војна) и „прво бугарско" (по влегувањето на бугарската војска).

Ќе наведиме во неколку села каде биле назначени кметови: Во селото Ѓавато, за бугарски кмет бил ставен Васил Додов, во село Цапари Ристо Котев, во селото Горно Српци Ристо Дамчевски, во село Маловишта Ѓорѓи Бахтов, село Метимир Никола Јоновски, Свињиште Стојан Ѓоршевски, Ротино Ристо Котев, во Доленци биле Спиро Пиљов, Ефтим Кипрев и Димитар Кузев.[509]

Целта на МВИО се состоела пред сѐ во воспоставувањето на административно воена полициска власт. Таа имала за цел да врши регрутација на луѓето опфатени со воен закон, снабдувањето пред сѐ на војската со прехрамбени артикли, поврзано со реквизицијата на населението, како и да се документираат.[510]

За да го видиме моралот на поголемиот дел од службениците испратени од Бугарија во Македонија, ќе цитираме и дел од едно „Окружно" на Министерството на внатрешни работи во Софија бр.1233, од 25.III 1918 година, до окружните управители во Македонија

---

[508]На истото место.

[509]Ѓорѓи Димовски - Цолев, Борис Павловски, Непокорени, Битола, 1982, 173.

[510]Малку подоцна, на 2.VII 1917 година, Министерството за внатрешни работи во Софија испратило писмо до МВИО во кое известува дека примало многу жалби против „бруталните и некоректни постапки на функционерите... Извесни жалби беа проверени од специјални комисии и за голема жалост се констатирале грешки кои не ѝ ласкаат на нашата администрација..." - се вели во писмото.

-Цитирано од д-р Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија..., 52.

и другите окупирани територии: „Според добиените податоци во Министерството, во многу установи во новите земји се назначени на разни должности совршено млади или малку културни луѓе од двата пола, од Стара Бугарија, кои поради детската возраст или слаба култура тешко можат да ја сфатат сериозноста на работата...

Некои од шефовите во разни установи околу себе, па дури и во самите свои канцеларии, назначиле разни свои блиски: ќерки, синови, сопруги и роднини, а има места каде се стигнало толку далеку, што не се води никаква сметка ниту за престижот на службата, ниту за интересот на работата; извесни окружни управители, градски кметови и околиски началници ги назначиле на должност во своите или под својот ресор канцеларии своите жени, ќерки и синови." Откако се ветува дека принадлежностите на службениците ќе се наголемат, се бара од нив да не се подаваат „на ситни работи и алчност" и на тој начин да го губат авторитетот пред населението.[511]

Поради неодржливоста на својата „ослободителна" мисија во Македонија и поради очевидните неуспеси на фронтот, како и сè поизразитиот пасивен отпор на македонскиот народ, бугарската влада во 1918 година била принудена да го реорганизира дотогашниот апарат во рамките на МВИО. Сите дотогашни органи (окружни, околиски и општински повеќечлени или тричлени комисии на чело со претседател) биле укинати и МВИО била поделена на два бригадни окупациони реони. Во првиот реон влегол Кумановскиот округ, како еден окупационен полков реон, и Штипскиот округ како друг окупационен реон. Во вториот бригаден окупационен реон влегле Скопската и Велешката околија како еден. Остатокот од Битолската околија влегла во новата управна единица, односно во оперативната зона, која се протегала по должината на самата фронтовска линија.[512]

[511]На истото местото.
[512]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 350.

## 3. Воено-политичката положба

### а) Мобилизација

Македонскиот народ во рок од шест години (1912-1918) неколку пати ги менувал господарите, јавувајќи се во мобилизација од различни страни. Тие како војници во српската или бугарската војска се наоѓале на обете страни на фронтот, а војувајќи против својата волја, се убиваа меѓу себе за сметка на едните или другите поробувачки страни.

Кога Бугарија навлегла во Македонија по отстапувањето на српската војска, и таа по примерот на Србија изврши мобилизација на военоспособното машко население од 18 до 60 годишна возраст, кои ги испраќале како што погоре наведовме на Македонскиот фронт да крваваат за заграбувачките цели и апетити на Бугарија.

Покрај веќе регрутираните 33.046 Македонци - емигранти во Бугарија во 11-тата македонска дивизија[513] и неколкуте илјади во останатите единици од бугарската армија во 1914 и 1915 година, бугарската влада исто така регрутирала голем број Македонци и во четите на Тодор Александров[514] и тоа во времето кога Бугарија се

---

[513]Во почетокот на септември 1915 година, бугарската Врховна команда ја создале познатата 11-та пешадиска македонска дивизија. Таа била формирана од постојаната заседната Македонска емиграција во Бугарија, а и од бегалци Македонци што ја напуштиле Вардарска и Егејска Македонија пред теророт на српските и грчките власти и од обидите таму да бидат мобилизирани во нивните војски. Офицерскиот кадар на 11-тата Македонска дивизија бил земен од бугарската армија и таа од почетокот требаше да дејствува во составот на 2-та одделна армија и требаше веднаш да започне со акција во Македонија и да дејствува во тилот на главното српско јадро во Стара Србија во реонот на Штип-Велес-Клисели. 11-тата Македонска и 7-мата пешадиска Риска дивизија во состав на 2-а армија учествуваа на Македонскиот фронт на просторот од гребенот на планината Беласица до Рупелското (дефиле) и понаисток.

-Думбелаковъ Михаилъ, Презъ пламвцитъ на живота и революцията, т.III, София, 1939, 77.

-Дървинговъ Петъръ, Действията на 11-пекотна Македонска дивизия, София, 1929.

-Ганчевъ Александаръ, Воинатъ презъ третото българско царство, София, (б.г.).

[514]Исто така од македонската емиграција и од Македонците војници во српската војска кои во 1914 и 1915 година се предавале на Австро-Унгарците, а овие како „бугарски" поданици ги ослободувале од заробеништво и ги испраќале во Бугарија и каде што дел од нив пристапувале и во четите на Тодор Александров и Александар Протогеров.

-Думбалаковъ, Михаилъ, Презъ пламвците на живота и револуцюта, т.III, София, 1939, 77.

подготвувала за реваншистичка војна против Србија за освојување на делот од Македонија што се наоѓал под неа.

Уште во мај 1916 година Врховната команда на бугарската со циркуларно писмо наредувала до сите подрачни Окружни и до нивните потчинети органи на МВИО, да направат регрутни - „наборни" списоци, по кои регрутните комисии требало да извршат регрутација[515] за сето военоспособно население во Македонија. Првото регрутирање на Македонци од МВИО во бугарската армија било извршено во септември 1916 година. Тогаш на воена обврска било подложено сето машко население од 18 до 32 годишна возраст. По куса обука во Скопје, младите Македонци биле праќани во разни единици на фронтот.[516] Се барало од сите околиски и општински управи да достават списоци и во истите да бидат внесени најпрво родените од 1897 година (41 набор), а за останатите претходни набори до 1855 година, се наредувало со друга наредба да се евидентираат до 15 август 1916 година.[517] Но, при составувањето на списковите општинските власти и регрутните комисии констатирале дека бил мал одзивот за пријавување на младинците за упис во наборните списоци. според списковите Македонија под бугарска окупација требало да даде 45.000 војници, меѓутоа Бугарите успеале да мобилизираат само 16.000 војници.[518]

---

-Д. Минчев - Четите на ВМОРО въ Войната срещу Србия презъ 1915 година, Исторически преглед, XLVII, 4, София, 1991, 38-53.

[515]Бугарската влада мобилизацијата на Македонците во МВИО ја вршела спротивно на Хашките конвенции, со кои се забранува секаква регрутација на населението од окупираните области.

[516]Архив на Македонија - ДАСНР, Политичко одделение ф.III, п. бр. 2009 од 20.IV. 1917, Солун. Од извештајот на специјалниот агент Василије Трбаќ, кога француската команда од Солун со авион го спуштила во Македонија под бугарска окупација, за бугарската регрутација се дознаваат следните податоци;

На 15 септември 1916 година во бугарската војска било повикано сето машко население од 18-30 години возраст.

Турците биле земени во бугарската војска од 18 до 22 години, а другите до 45 години, се праќале во Цариград. Албанците освен од Тетовската и Гостиварската околија, никако не се одѕвале на регрутацијата. Дезертерствата на регрутите во касарните зачестиле.

-Архив на Македонија - ДСНР, Политичко одделение, ф.III, ф.о. бр. 4029 од 21.I. 1917, Солун, Саслушање Василије Трбиќа - Мемоари Трбиќа, цит. ракопис.

[517]Архив на Македонија - МВИО, Општинско управление, Куманово, дело 5-6, лист 17.

[518]Архив на Македонија - ДА - СНР, Политичко одделение, ф. ш., П. бр. 2009 од 20.IV.1917, Солун, Од извештајот на Василије Трбиќ.

Бугарските власти од почетокот ги ослободувале од војска физички послабите, но од крајот на 1917 година, а посебно по 1918, кога Антантата имала успеси, тогаш во бугарската војска биле мобилизирани и оние лица кои порано биле ослободени, без оглед на физичките способности, или годишниот ценз. Со Заповед 595, од 29.XII.1916 година, началникот на МВИО заповедал: сите граѓани од 30 до 50 годишна возраст, кои служеле во српската или турската армија, или воопшто не служеле, а и сега не биле мобилизирани, се мобилизирале во народната милиција и ќе имале задача да ги пазат железниците, посевите, да гонат и фаќаат нелегалци, бегалци и дезертери.[519]

Со мобилизацијата посебно биле погодени селата, така на пример во некои села споредувајќи го бројот на војниците што се наоѓале на фронтот со бројот на домакинствата во 1917 и 1918 година, може да се констатира дека бројот на земените војници е поголем од бројот на домакинствата. Тоа значи дека од некои домакинства земени со повеќе од еден војник.[520] Со тоа Македонија била лишена од најспособната работна рака што ја обработувала земјата.

Ќе наведиме два списка на мобилизирани Македонци од селата Логоварди и Лавци - Битолско:

Ѓорѓи Мицевски - Мазиновски, Ристе Мазиновски, Крсте Јосковски, Ристе Јосковски, Илија Нешковски, Атанас Гешовски, Илија Тикваровски, Бошко Вогански, Мице Ресуловски - Несторовски, Петре Коловски, Трајче Ѓорѓиевски, Коста Јосифовски - Петревски, Стојан Зафировски, Илија Ѓорѓиовски, Ристе Екимовски и уште две лица од семејството на Мајсторовци.[521]

---

[519]Архив на Македонија - МВИО, Општинско управление, Куманово, к. 18, дело 6, бр. 595, 1916 и дело 15, бр. 275.
[520]Д-р Александар Апостолов, Зборник, Македонија во војните 1912-1918, Скопје, 1991, 322-333.
[521]Котевски Ѓорѓи, Логоварди, Битола, 1985, 36.

Од Лавци во редовите на бугарската армија учествувале: Бабамовски Димко, се наоѓаше во бугарската воена комора од 1915-1918, во борбите не учествуваше, Ѓорѓиевски Крсте Веле, служеше во 46 Сливенски полк на 37 балканска дивизија. Мандев Васил - загина, Ристевски Темелко, Талевски Крсте Васил, загина во месец ноември 1916 година во борбите на Црна Река и Шатрев Јован - загина.[522]

И во другите села на Битолскиот регион мобилизацијата била мошне голема. Така во малите мариовски села биле мобилизирани: Во село Рапеш - 6, во село Брник - 9, во Маково - 10, Суводол 5, Сливица 5.[523] Интересен е случајот со муслиманското (албанското) село Острец каде што околу 80 Албанци[524] се пријавиле доброволно во бугарската војска. Некои од селаните во регионот биле одведувани заедно со воловите и колите, кои му служеле на бугарската армија. Така на пример од селото Сливица 5 селани се одведени од селото со воловите и коњите, Градешница -5, од Ореово 2 (и тоа на возраст од 70 години - зашто млади луѓе во селото немало), од селото пак Паралово не ги земале во војска, но затоа пак повеќе селани биле одведувани со колите и воловите. Мобилизацијата на дел од Битолскиот регион била попречена со Реокупацијата од октомври и ноември 1916 година.

Не бил мал бројот на луѓето од Битолскиот округ, а и општо од цела Македонија кои на најразлични начини ја избегнувале бугарската мобилизација. Уште во почетокот на мобилизацијата, мал број на луѓето кои успевале да се сокријат, заминувале некаде на работа без да дадат адреса, а потоа пребегнувале во соседна Албанија и Грција. населението бегало во грција и таму се пријавувале во бегалски логори кај сојузниците и Србите, обично како нови поданици. Извесен дел од нив, српската власт ги упатувале во логорите Солун и Лутра, а еден

[522]Константинов Хр. Д-р Душко, Константинов Хр. Д-р Милош, Цингаровски Коста - Кочо, Хроника на Битолско Лавци, Битола, 1962.
[523]Архив на Македонија - ДА - ДСНР на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, фасц. 12 -м.ф. 413.
[524]На истото место, фасц. 12. мф - 473.

дел воено способни лица ги регрутирале за потребите на својата армија. Нивната желба да не стапуваат во ниедна армија била скоро невозможна.[525]

Мобилизацијата успеале да ја избегнат еден мал број на луѓе, особено од Битолскиот регион кои се наоѓале надвор од границите на тогашна Бугарија. Таков бил случајот со Романија каде се наоѓале повеќе луѓе, особено од влашкото малцинство од битолските села (Маловиште, Гопеш, Трново, Магарево и Нижополе). Некои да ја избегнат мобилизацијата заминувале на печалба во Америка,[526] особено од потпелистерските села преку Солун за Америка. Еден дел од регрутираните Македонци во бугарската војска дезертирале напуштајќи ги касарните и ровоите, и се сокривале сè до крајот на војната.

Окупационата бугарска власт поради слабиот одзив на македонските младинци пред бугарските регрутни комисии преземала најразлични мерки: Секој оној кој што не ќе се пријавел го давале на суд.[527] Со цел да ги принудат регрутираните младинци да не ја избегнуваат воената обврска, почнале да ги регрутираат нивните семејства во Бугарија. Биле организирани специјални пронајдувачки потери што требало да ги фаќаат и приведуваат непријавените младинци.

Истата судбина ја доживеале и Македонците во делот од Македонија под Грција. Грција иако објавила „неутралност“ на

[525]Така Македонците една униформа соблекуваа, а облекуваа друга воена облека. Сите биле натерани повторно да се заколнуваат на „верност“, бидејќи еднаш се заколнале на српскиот крал Петар I. Таква била трагичната судбина на македонскиот народ. така македонските синови и не сакајќи го оставале своите животи на разни воени полиња, под туѓи знамиња и за други интереси.
[526]Доаѓајќи во Америка, имало случаи кога поединци се најдоа во редовите на американската војска, како на пример Илија Наумов, Рапешовец и некои други.
-Буково, 1981, 15.
[527]За да го спречат дезертирањето од Македонскиот фронт, бугарската Врховна команда формирала воени преки судови кои по брза постапка ги осудувале на стрелање и ги стрелале фатените дезертери.

почетокот од војната, исто и таа насилно регрутирала 20.000 Македонци.[528]

Не може да се утврди точниот број на регрутираните и мобилизираните Македонци, Турци и Албанци во редовите на бугарската армија во 1916, 1917 и 1918 година на територијата на МВИО. Се смета дека во регрутните списоци биле запишани околу 80.000 луѓе. Но, секако дека оваа бројка ќе се намали кога ќе ги извадиме непријавените и сокриените и дезертерите кои успеале да го избегнат служењето во бугарската армија.[529]

При повлекувањето на бугарската војска од фронтот, во септември 1918 година, голем број Македонци војници дезертирале од своите диници и се вратиле во своите места на живеење, криејќи се и од бугарските власти и од српската власт која била установена по 29 септември 1918 година односно по потпишувањето примирје со бугарија.

Илјадници Македонци, бивши војници, по склучувањето на Версајскиот мир се враќаа организирано од Бугарија испраќани по список од воениот претставник на Србија во Софија со препорака до властите на Кралството СХС „да се припази на нивното држење и однесување“.[530]

б) Принудна работа

Македонскиот народ под бугарска окупација исто така бил изложен на дотогаш невидени ангарии во вид на принудна работа. Премореното и гладно население, речиси од детска возраст па до длабока старост било принудно испраќано да поправа и гради нови патишта, железнички линии и мостови, и други јавни објекти потребни

[528]Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна..., 238.
[529]На истото место, 373.
[530]Македонија во војните 1912-1918, МАНУ, Скопје, 1991, 332.

за комуницирање на окупаторските војски низ Македонија, главно кон фронтовата линија. Доволно е да се спомени дека луѓето не биле господари на себеси, на својот добиток. Тие секој ден можеле да бидат испратени по неколку денови, недели, па и месеци. Во Битолскиот регион положбата била најтешка. Покрај горенаведените задолженија, селаните биле терани да работат ангарија за бугарската војска бидејќи фронтот се протегал во непосредна близина на селата. Со ангарија правеле патишта, пренесувале храна и муниција, и копале ровови. Во некои села дури и жените биле принудени со ангарија да градат воени утврдувања.[531] Селаните од Брник за цело време под Бугарите вршеле ангарија, дури и жените ги терале на работа. И од селото Пипалино покрај мажите и жените и децата ги терале да копаат ровови. Сами си носеле храна.[532] Поголем дел од работната сила во изградбата на патот село Лопатица - с. Лера - с. Кажани биле жени[533] од селото Лера.

За потребите на фронтот, бугарските окупатори изградиле бројни обемни објекти, но еден од најголемите и најтешки објекти била железничката линија Скопје-Охрид, со ширина од 60 см. Тоа особено станувало при градењето на еден од најголемите и најтешки објекти - теснолинејката Скопје - Охрид. Секој македонски град, секое македонско село, било задолжено да праќа одреден број луѓе за градењето на таа линија. Условите за работа биле страшни. Се работело и лете и зиме, а зимно време тие што работеле во планинскиот дел биле изложувани не само на глад, туку и на голем студ, затоа што сите тие преморени од работа луѓе биле бедни и немале што да облечат и обујат. „Впечаток на комисијата ѝ прави, се

---

[531]„Српске новине“ бр. 15, Крф, 1917. Анкетата на Рајс извршена во 50 села од Битолскиот регион кои припаѓале под бугарска окупација до доаѓањето на сојузничките војски во Битола во ноември 1916 година.

-Архив на Македонија - ДСНР на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, фасц. 12. Извештај од г. Рад. Шапоњиќ од своето патување со проф. г. Рајс на „ослободената територија“, пов. бр. 571, 31 јануари 1917.

[532]На истото место, Извештајот од г. Рад. Шапоњиќ од своето патување со проф. г. Рајс, пов. бр. 571, 31 јануари 1917.

[533]Ѓорѓи Димовски, Борис Павловски, „Непокорени“, Битола, 177.

вели во едно писмо на Кумановското околиско управление, дека има луѓе кои биле по два-трипати на работа, и пак се испраќаат, и второ, уште понезадоволувачко е што лицата кои се јавуваат пред комисијата пред сè се крајно сиромашни луѓе.“[534]

Друг значаен објект кој бил изграден со принудна работа на населението од Македонија е и жичаната железница од Велес до Мариово, преку Степанци, Присад, Прилеп и натаму до фронтовата линија.

Во 1915 година отпочнала да се гради железницата со ширина од 60 см Градско - Прилеп - с. Кажани. Оваа железница била од важност за снабдувањето на централниот дел од фронтот. Градењето на железничката линија била заедничка работа и на Германците и на Бугарите. При градењето биле искористени воените пленици Италијанци, Французи, Срби и други припадници од сојузничките армии. Линијата била изградена во 1917 година. Итноста и потребата диктирала што побрзо да се изгради и затоа се спровело едно такво темпо на градење што за воените пленици претставувало измачување и голем ужас. Населението железницата ја нарекло „Железница на крвта и ужасот“. Покрај воените пленици во градењето на линијата учествувало и неборечкото население со камшици биле присилувани да го забрзуваат темпото на градење.

Во село Свињиште била градена железничка станица. Исто така железничка станица била градена и во село Кажани. Железничката станица во село Свињиште била главна. Железничката линија (теснолинејката) се пробивала низ село Лопатица, село Црнеец, село Свињиште, село Лера, низ таканареченото Поле сè до село Кажани.[535]

За градењето и одржувањето на патиштата за потребите на

---

[534]Архив на Македонија - Скопје, фонд: МВИО, Општинско управление, Куманово.
[535]Ѓорѓи Димовски - Цолев, Борис Павловски, цит. дело, 176.

бугарската армија биле принудени, исто така, илјадници луѓе да работат гладни и голи. Патишта се граделе за непосредни потреби на фронтот, се граделе и се поправувале и во позадината.

За фортификациски комуникациски потреби на фронтот на подрачјето на Битолскиот регион, а кои биле изградени со принудна работа на населението, биле следните патишта:

Автомобилскиот пат од завојот на Црна Река до Брод, преку Скочивир за фронтовите позиции на Кајмакчалан. Во 1916 година (почетокот) Бугарите и Германците со ангарија на населението го изградиле патот долж фронтовската линија Драгош - Кенали - Бач до Мариово. Се поправат патиштата од селото Лажец до Битола.[536] Патот од Новаци преку Маково - Старавина - Градешница до Добро Поле е поправен, како и сите мостови. Тука работеле многу војници, а и селаните од Мариово, посебно за комора. Исто така е поправен патот од Новаци преку Брод - Бач - Скочивир, мостовите на Црна Река.[537] Патот кој се правеше од Бач - Мариово - Гевгелија е довршен.[538]

Населението од селото Лера морало да кулучи. Да работи на воениот пат во изградба, од селото Лопатица - село Црнеец, - село Свињиште, - село Лера до село Кажани. Селаните што работеле на патот добивале одвај по еден леб. Условите за работа биле многу тешки и треба да се каже дека поголемиот дел од работната сила од селото што работела на патот биле жени. За да се изгради патот колку што се може побрзо, воените надзорници со камшик ги терале работниците и заробениците што побрзо да работат.[539]

Од селото Цапари кон месноста „Широка“ на Пелистер бил изграден пат. Патот продолжува сè до врвот на Пелистер и служел за снабдување на војската распоредена на линијата на фронтот. За

---

[536]Архив на Македонија - ДА ДСНР на ФНРЈ, фонд: Полициско одделение, фасц. 2, од 28 март 1916.
[537]На истото место, фасц. 15, Извештај и политичко стање у Србији од 16.II. 1916.
[538]Архив на Македонија - Les Archives du Ministère des affaires étrangères, fond: Guerre 1914-1918. M.F.
[539]Ѓорѓи Димовски-Цолев, Борис Павловски, „Непокорени“, 178.

потребите на фронтот населението од Цапари било терано на Пелистер да копа и гради скривници, ровови и други воени објекти. Биле присилени да носат разновиден воен материјал како на пр.: врати, жици, дрва и друг воен материјал на рамо до позициите на Пелистер.

Населението од селата поблиску до фронтовата линија во текот на целата година секојдневно вршеле ангарии за потребите на бугарската војска односно пренесувале храна, муниција, ранети, граѓа за рововите. Исто така населението го терале да прави корпи за рововите, а и да копат ровови.[540] Дел од селаните биле мобилизирани за сечење и превоз на дрва од шумите. Сечењето на дрва било деноноќно и безразборно. Дрвата потоа се пренесувале на одредени пунктови за огрев на војската и на државните установи.[541]

Покрај големиот товар на нашето население од секодневните „поситни“ ангарии не можело да си ги работи своите домашни работи. Речиси редовно заедно со луѓето, се реквирирал и нивниот преостанат од редовната реквизиција работен добиток и нивните коли. Требало сами да се снабдат со леб и фураж. Многу од селаните кои вршеле ангарија заедно со нивниот добиток и коли биле одведени од окупаторот.

Со наредба на Управата на заднината при Врховната команда на бугарската армија, општинските управи биле задолжени да обезбедуваат нужен број луѓе за принудна работа по принципот на задолжителен „нарјад“. Во исполнување на „нарјадите“ од мобилизирани работници, секоја општина од МВИО била задолжена да дава просек 20-30 души, кои задолжително ќе поминат по 45 дена како една работна смена. Најмалку по 9.000 луѓе. Многумина поради

[540]Архив на Македонија - ДСНР на ФНРЈ, фонд: Полициско одделение, ф. 15, Извештај о политичко стање у Србији, јануари, 1916.
[541]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 365.

мизерните услови за работа и живот ги оставале коските работејќи на разни објекти за потребите на окупаторската војска.[542]

И самата месна власт што ги праќала луѓето на работа не можела а да не го одбележи во своите 43 извештаи до погорните установи недостигот на луѓе, бидејќи сите биле на фронтот или ангажирани и со други работи во позадината. Многу лица не се одѕвале на поканата за работа и со месеци се сокривале.

Така населението од село Лавци било повикано да се пријави за ангарија за правење патишта, но од сите лица се пријавиле само 6 лица. Истите биле одведени во селото Суводол и ги предале на еден германски офицер, а тука имало доведени и други луѓе. Одма ни е наредено да копаме ровови на еден рид над селото Суводол под надзор на германски офицер, но поради бомбардирањата од страна на силите на Антантата бевме префрлени во селото Агларци. Тука имаше околу 1.500 луѓе кои исклучиво работеле за потребите на окупаторската војска. Еден дел од луѓето биле однесени да го поправат патот Мусинци - Прилеп. За време од 5 дена ни дадоа сè на сè леб и половина. Јас не можев да работам гладен и решив да избегам. Но, бев фатен од Германците, па ме ставија да им ги чувам коњите во с. Чарлија. За 30 дена не добив ни еден леб, но само по некој пат добивав чорба со месо. Леб морав сам да набавувам од селото. После 30 дена, по многу судни маки и напори успеав да се префрлам во село Логоварди, каде биле Французите.[543]

Но, секако дека лицата што ја одбегнувале принудната работа биле прогонувани и казните биле мошне строги. Казните со тепање на мобилизираните работници била секојдневна појава. Дисциплината била војничка. Условите во кои живееле мобилизираните за принудна

[542]Историја на македонскиот народ, кн. 2, Скопје, 1969, 404.
-Д-р Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија..., 63.

[543]Архив на Македонија - ДСНР на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, фасц. 20. Стање наше становништво у зараћене Краљевине Србије, пов. бр. 7507, јануари 1917, Солун.

работа во изградбата на објектите биле повеќе од лоши. Исхраната исто така била повеќе од мизерна, а облеката која била сопствена на мобилизираните и за кусо време станувала неупотреблива.

Од горе наведеното можеме да заклучиме дека речиси целото машко способно за работа население од 16-60 години било или мобилизирано во бугарската армија, или мобилизирано како ропски труд во служба на неа.[544] Но, на бугарските власти од друга страна, големата потреба од работна рака не им пречела секоја „неблагонадеждна“ фамилија од Македонија да ја интернираат во Бугарија.

в) Разоружување на македонскиот народ

Уште со самото стапнување на бугарскиот окупатор во Македонија посебен проблем за него претставувало разоружувањето на македонскиот народ. За да не дојде до евентуален отпор на македонскиот народ, на 15 октомври 1915 година, окупаторот ја спровел и првата акција за разоружување т.е. одземање на оружјето од народот што било сочувано уште од турското ропство. Акцијата за разоружување била повторувана неколку пати до крајот на војната.

Ова јасно покажува колкава несигурност чувствувале „ослободителите“ во Македонија. Бугарските власти се плашеле од вооружена акција против нив, особено по растројството на бугарската војска на фронтот, од крајот на 1917 година под влијанието на Октомвриската револуција. Во задницата на фронтот дејствувале разни

[544]Бугарските власти дури и печалбарите од Романија ги вратиле во Македонија и ги принудиле да работат. Според кажувањето на Илија Талевиќ од Битола, кој во Романија работел од 1891 година како ситен трговец „кога Бугарите и Германците навлегоа во Романија, сите Македонци беа интернирани и испратени во Прилеп. Таму беа употребени како работници по железничката линија. Јас работев една година...“

-Documents relatifs aux violations des conventions de la Have et du Droit international en général, commises de 1915-1918 par les Bulgares en Serbie occupée, t. III, Paris 1919, 63.

вооружени чети и поединци, како и дезертери, бегалци и разни незадоволници од македонско и друго население.

Со цел да се уништат нелегалните групи, и да се одземи оружјето од народот, началникот на МВИО, во јули 1918 година издал специјална заповед до локалните воено-полициски власти:

„Веднаш да се собере населението и во рок од 5 часа да го предаде секаквото оружје. Во спротивен случај ќе се дејствува со смртни казни на самото место. Да се укаже на населението да ги предава разбојниците, за што ќе биде наградувано: со 1000 лева за неколку убиени нелегални, ако се фати или убие само еден нелегален - 1000 лева, и за секој натаму уште по 1000 лева, ако се соопшти на власта за сокриено оружје 200 лева, а за цел склад 500 лева, итн.[545]

Во духот на заповедта МВИО донела и специјални казнени мерки за сите нелегални, сокривачи на оружје и други, кои се изнесени во т.н. „Инструкција“.[546]

---

[545]Архив на Македонија - фонд: МВИО, к. л. дело 12, лист 75-76, акт бр. 4288 од 4.VIII 1918.

[546]Со цел да ја заздрави својата власт, да го застраши населението, да ги ликвидира нелегалните, дезертерите, саботажите и другите противни дејства на населението од МВИО против својата власт, бугарските окупатори пропишале специјални казнени мерки, содржани во следната: „Инструкција

1. Општи казнени мерки

За кражба или ограбување на селото, ако во рок од два дена не се врати ограбеното, целото село да биде глобено со двојна вредност на грабеното. За кражба вон од селото (стока, добиток и друго) да се налага четврона глоба од вредноста на украденото од околните села.

Ако се убие службеното лице, селото да плати 20.000 лева, а за приватно лице (селанец) 10.000 лева, ако во рок од 10 дена не се фати убиецот. Специјална комисија одредува колку од овие суми да се даде па семејството на убисниот, колку на откривачите на разбојниците, и колку на државната каса. Доколку се сокриваат разбојниците, сокривачите ќе ја платат нужната казна и уште целото село ќе плати глоба до 10.000 лева и Тричлената комисија (селската - б.н.) ќе се даде на воен суд. Ова важи, со 20.000 лева глоба за селото, и за Тричлената комисија и во однос на сокривањето на четници, ајдути и други (нелегални, дезертери - б.н.).

Ако на некој пункт бидат фатени сомнителни лица кои внесувале смут против државата, а селото и тричлената комисија не ја известиле власта, освен казната на престапниците, селото да плати 20.000 лева глоба, а Тричлената комисија да се предаде на воен суд.

2. Одделни казнени мерки

Против секого кој ќе рани или убие службено лице да се дејствува со оружје.

Против крадачи на стока и други, да се дејствува, во секој случај со оружје.

Против секој кој ќе одвлече службено или приватно лице да се дејствува со оружје.

Против четници, агенти, курири, емисари на непријателот, да се дејствува со оружје и да се конфискува сè што имаат.

Против јатаците на разбојници и на српски четници, да се дејствува со оружје, ако се противат, инаку да се преселуваат во Моравско, а имотите да им се конфискуваат во полза на државата, а куќите да се горат.

Против контрабандистите да се дејствува со оружје, ако се противат, инаку да се раселуваат, а имотите да се конфискуваат во полза на државата.

Во извршувањето на „заповедите“ и „инструкциите“, а од што крвавел македонскиот народ, посебно место му припаѓа на казнената експедиција на бугарскиот потполковник Панов во Западна Македонија. Неговиот одред, во реонот меѓу Велес - Прилеп - Кичево - Гостивар - Скопје, извршил вистинско опустошување на десетини села, кои биле изгорени до темел, и отепал стотици луѓе, а преостанатото население под конвој било депортирано во специјални логори во Бугарија.[547]

Од горенаведеното може да се заклучи за несигурноста и нестабилната положба на бугарските окупатори во Македонија. За цело време додека биле во Македонија, поради несигурноста биле принудени, постојано да го разоружуваат народот и да се борат против секаков отпор во Македонија.

### г) Убиства, грабежи и интернирања

По заземањето на дел од Македонија од страна на српската војска, српските власти интернирале „бугараши“ и обратно, кога српската власт ќе престанела во Македонија, а на место неа ќе дојдела

---

Купувачи на краден добиток да се казнуваат со четворен износ од украдената стока.

Контрабандистите преку граница да се казнуваат, а поткажувачот да се наградува. Куќите да им се изгорат, а семејствата да се преселат во внатрешноста.

Пребегнати во Австриска Албанија (австриска зона во окупирана Албанија - б.н.) да се вратат до 1 јули (1918 -б.н.), во противно ќе се сметаат за разбојници и по нив ќе се стрела.

3. За носење оружие

Ако во одреден рок, оној што има оружје, муниција и друго, не го предаде, ќе се глобува со 1.000 до 2.000 лева, а на оние покрај границата, куќата да им се изгори, а семејствата да се преселат во внатрешноста, и секој да плати глоба, а ако тој не може, селото да плати глоба.“

-ДАМ МВИО, Околиско управление, Куманово, к.1, дело. 12, лист 75,76, акт бр. 4288 од 4.VII 1918.

Наведенава „Инструкција“ доволно јасно ја илустрира положбата во МВИО, во која со наведените казнени мерки бугарските окупатори сакале да го одржат во потчинетост македонското и друго население.

[547]Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954, 322-324.

бугарската, таа интернирала, грабела и убивала „србомани“; а и двете вршеле насилија над македонскиот народ.[548]

Со бугарската војска и бугарската власт кои се стремеле пред населението да се прикажат како ослободители и дека ќе ја подобрат положбата за разлика од времето кога биле српските војски и српската власт и дека ќе бидат „подобри“. Напротив, сите нивни настојувања биле безуспешни зашто делата го кажале спротивното. Бугарските власти започнале со затворања, убиства, грабежи и интернирања на македонското население од самиот почеток па сè до крајот на војната, особено во областите поблизу до фронтот - Битолско и Прилепско, Кавадаречко, Гевгелиско.

Поголемиот број од убиствата биле заради тоа што! убиените соработувале и работеле за Србите, соработувале и биле нивни приврзаници. Во Азот биле извршени масовни убиства од бугарските околиски власти.[549] Според податоците со кои располагаме, ќе наведеме за убиствата во Битолските села од страна на бугарските власти. Во селото Ивени бил убиен Јован Ристиќ, стар 55 години, а и жената му Сава, стара 50 години. Јован бил кмет за време на српската власт и бил српски приврзаник. Во селото Рапеш убиен е Илија Романовиќ, стар 45 години затоа што му го кажал патот на српските војници кои што отстапувале преку ова село. Од с. Брник убиени се: Стојан Трајковиќ 35 години и Цветан Младенов 30 години. Во Маково биле убиени Ристо Најдовиќ 50 години и неговата жена Јасна Филипова. Заради тоа дека „работеле“ за Србите, во Драгош биле убиени Ацо - учителот и поп Аџија. Во селото Бач убиени се: Дељо Враговиќ, Петре Колчаковиќ, Петре братот на попот Јован, а Вангел, Христо и Димитрија Константиновиќ биле заклани на сред село.

[548]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за конституантата - 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1962, кн. 13, 35.
[549]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 35-36.

Поголем бил бројот на убиствата во селото Брод, каде биле убиени следните лица: Стојан Димитријевиќ, Коста Б. Михајловиќ, Коста Митровиќ, Најдо Костиќ, Тошо Трумовиќ и попот Глигор.[550]

Убиствата во селата од Битолскиот регион кои подоцна биле реокупирани од силите на Антантата биле во помала мера наводно заради тоа што повеќето од селата биле патријаршиски, а Бугарите ги поштеделе да не се замерат со Грците.

Со доаѓањето на бугарските власти во Битолско покрај горе споменатите причини за убиства исто така една од „грижите“ им било да расчистат со чиновниците (службениците) на дотогашната српска власт со претседателите, кметовите и повидни истакнати граѓани приврзаници на Србите. Така во Битолскиот регион биле убиени: Стојан Н., поранешен општински претседател на Новачка општина, Крсте Илиќ, поранешен претседател на општината Велушина, Кузман Цветковиќ, општински службеник од Битола, К. Јовановиќ, чувар на полето од Битола, Вангел Јовановиќ, бивш полициски повереник од Битола, Стојан Камшиковиќ, бивш чувар на полето од Битола, Кочо Лана, рентиер, одведен е во Прилеп и таму убиен.[551] Во Прилеп бил формиран еден вид воен суд, ги убиваат сите оние кои му ги носеле.

Во еден извештај се наведува: „Дека бугарските власти најпрво им наредиле на населението да се пријави во полицијата заради попис. Веднаш потоа стигнала наредба сите Срби како од старите така и од новите граници да појдат во Софија. Исто така им е наредено и на сите учители и свештеници - српски да одат за Софија. Меѓу населението се верува дека тие луѓе не стигнале до Софија, туку уште по патот

---

[550]АМ - ДСНР - фонд: Политичко одделение, фасц. 14, пов. бр. 371, 20 јануари 1917, Солун, Извештај - Стање у Србији, војвода Василије Трбиќ; Извештај вицеконзула Рад. Шапоњиќ;
-На истото место, фасц. 20, пов. бр. 1263 од 18 февруари 1916, Солун, Стање у Србији.
[551]На истото место, фасц. 11, пов. бр. 571, 31 јануари 1917, Извештај од г. Рад. Шапоњиќ.

биле убиени. Зашто Бугарите ќе кажат за некој кој оди во Софија, „се насмевнуваат“, а некои отворено кажуваат дека тоа е „лозинка“ за нивно убивање. Бугарите зборувале дека не смее ништо српско да остане, и дека сè има да се „истреби“. Ако во Битола остана само еден свештеник, ама и тој после неколку дена го „снема“ немаше, и никој за него не можеше ништо да каже... Меѓутоа, не се убивани само Срби, туку се убивани и мештани „Бугари“ како што ги викале Грците! Наредбите за убиства главно ги носел генералот Бојаџиев, и неговиот син кој бил управник на полицијата во Битола.[552]

Грабежот бил присутен во целиот период на војната и во Битолскиот регион. Бугарите „вршат“ претрес на куќите, грабаат, одземаат сè што ќе им се допадне, особено храна, а потоа сè што имаат производи од бакар.[553] Кога влегле во градот затекнале извесни количини брашно на една американска мисија, сосила го зеле брашното, а Американците ги одвеле во Софија.[554] Во Битола била формирана комисија која имала за цел да ги бара - пронајде напуштените имоти од оние лица кои по навлегувањето на Бугарите во градот избегале. Грабежите од Бугарите и понатаму траат. Ограбени се повеќе манастири, меѓу кои и манастирот Св. Илија во селото Драгош. Него го ограбиле сосема.

Од селаните се грабало жито, разни прехрамбени производи, говеда, па дури и сета перјаста живина.[555] Бугарските војници биле големи мајстори за „мечка“ (крадење). На пример: какво што било зрното од жито, го врзувале со конец и го фрлале на кокошките како мамец за полесно да можат да ги фатат и украдат. Војниците грабале сè што ќе најдат. Посебно тоа го правеле при повлекувањето од селата кои биле реокупирани од силите на Антантата. Според еден извештај

---

[552]На истото место, фасц. 20, пов. бр. 1263, 18 февруари 1916, Солун. Положбата во Србија.
[553]На истото место. фасц. 20, пов. бр. 2664, 3 април 1916, Однесувањето на Бугарите во окупираните области.
[554]На истото место.
[555]На истото место, фасц. 2, од 28 март 1916.

на III-та српска армија се вели дека при повлекување на бугарските војници од големото турско село Кенали (Кременица-П.С.) Многу лошо постапиле со населението и вршеле многубројни пљачки - грабежи.[556] Селото Лажец било целосно ограбено. Во селото Брник ограбени се три лица со 18 наполеони и 15 турски гроша. Во селото Суводол ограбен е Стојан Ристевиќ со 65 наполеони. На српскиот кмет од Ореово, Иво Најдовиќ, му биле одземени 800 лева, а на Велјан Богоевиќ 100 лева.[557]

Не бил мал бројот и на оние кои што биле *затворани* од страна на бугарските власти. Од селото Ивени одведени се и ставени во затвор во Битола. Неделко Митровиќ 45 години, Димитрие Стојовиќ 50 години, Насте Петковиќ 54, Стојан Атанасовиќ 65 и неговата жена Марија 60 години. Сите биле *осудени заради тоа што работеле за Србите и не се знае каде се наоѓаат.*

Зачестена појава била и *тепањето*. „Пред некој ден е претепан старецот Агоп само затоа што ја дал ќерката на српски офицер."[558] Десет селани од селото Сливица биле претепани. Имало случаи кога тепаните лица лежеле во постела и по неколку недели. Ги тепале дури и жените.

Имало случаи и на силување на девојки од страна на окупаторските војници ( во с. Буково - силувани биле две девојки) во Смилево, Стрежево и во други места.[559]

**Интернирањата** на македонското население од страна на бугарските власти особено дошло до израз во Битолскиот округ. Веднаш по паѓањето на Битола (ноември 1916 година), од Прилеп биле интернирани 250 семејства,[560] заради тоа што имале симпатии спрема Србија, иако Бугарите зборувале дека во Прилеп нема повеќе од 40

[556]На истото место.
[557]На истото место, фасц. 14, пов. бр. 371 од 2о јануари 1917 - Стање у Србији.
[558]На истото место, фасц. 20, пов. бр.2664, 3 април 1916, Однесувањето на Бугарите во окупираните области.
[559]Димовски Ѓорѓи - Цолев, Борис Павловски, Непокорени, 1982, 178, 180.
[560]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 36.
-Според некои податоци од Прилеп и Прилепско биле интернирани околу 300 семејства.

српски фамилии. Интернираните биле одведувани во логори во Тракија, Стара Загора, Хасково и нивната околина. Од Порече, каде српската пропаганда беше фатила подлабоки корени интернирани биле десетици семејства и тоа: од село Белица - 50 семејства, од Крапа - 30, од Ропотово - 20, и неколку куќи биле запалени, а други ограбени.[561] Добитокот, сопственост на интернираните, бугарската војска го отерала во Прилеп како воен плен, и го продала на воените лиферанти, а пак овие го продале на воената интендантура, за потребите на војската.

При повлекувањето на бугарските власти во есента 1916 година од Битола и дел од битолските села, само од Битола биле одведени 300 граѓани врзани со синџири, како и многу други Македонци од Битолско кои работеле за бугарската војска во помошните служби.[562] Жителите од Битола ги интернирале Бугарите преку Прилеп и Бабуна, ноќно време, така што никој не ги видел. Многу угледни луѓе од Битола се интернирани во Бугарија каде и денес се наоѓаат. Меѓу нив се: Сотир Секуловиќ, трговец од Битола, Петар Бојаџиев, угледен трговец од Битола, Јордан Бомболовиќ, бивш претседател на Прилепска општина, и уште многу други чии имиња не можевме да ги разбереме.[563]

Населението кое подпаднало под влијание на разни политички и верски пропаганди, кои биле спротивни на интересите на бугарската пропаганда, било раселувано и интернирано. Така Албанците од с. Доленци, Битолско биле принудени да бегаат во Битола. Селаните пак од селото Ротино биле принудени да се иселат во селата Ѓавато, Цапари и Горно Српци, не само што линијата на фронтот поминувала низ селото, а уште повеќе поради тоа што населението од ова село ѝ припаѓало на грчката Патријаршија.

---

[561]На истото место, 36.
[562]Мемоари Василија Трбиќа, војводе велешког, свеска IV-V, 768, 825, 826 и 903. - Архив на Институтот за национална историја, Скопје - „Српске новине", бр. 10, 2/Крф, 1917.
[563]Архв на Македонија - ДСНР, фонд: Политичко одделение, фасц. 4, пов. бр. 638, од 3 јануари 1917.

Бугарските власти сакале да ги иселат во Бугарија, но српскиот кмет од Ѓавато, Васил Додов, којшто уживал авторитет пред власта реагирал и успеал да не се изврши такво преселување.

Од село Маловиште голем дел од населението бил интерниран во Бугарија, и тоа во градовите Сливен, Софија, Јамбол и Стара Загора. Интернацијата на населението се изведувала во групи. Во првата група биле опфатени Власите коишто биле приврзаници на романската пропаганда, а во втората група биле опфатени Власите коишто ѝ припаѓале на грчката верска и политичка пропаганда. Бугарскиот командант се поигрувал и ја иронизирал несреќата на населението. Така, на пример, на интернирците тој им зборувал дека ќе ги прати на „екскурзија во Бугарија". На втората група интернирци, истиот тој командант им зборувал: „Првите ги пративме со багаж, а вас само со една бовча."

Интернираното население во Бугарија било пренесувано со коли или со камиони. Од село Маловиште населението било прво пренесувано до Градско, оттаму директно во Бугарија. Во Бугарија добар дел од интернираното население било сместено во логори, а другиот дел бил оставен на милост и немилост, и било праќано на многу тешка физичка работа.

Од село Маловиште, село кое што броело 300 куќи, останале само 150 семејства. Сите други биле интернирани во Бугарија.[564]

Истата судбина го снашла и влашкото население од село Гопеш. Населението од село Гопеш било интернирано во Бугарија, и тоа во градовите Пловдив, Плевен, Софија и други. Интернирците имале право со себе да понесат багаж до 300 кг (една касела-сандук). Половината од населението било интернирано.[565]

---

[564]Ѓорѓи Димовски - Цолев, Борис Павловски, Непокорени, 1982, 174.
[565]На истото место.

Како центар на германската команда, на некои селани од Гопеш им било можно да се пожалат пред германскиот командант за постапката пред бугарските власти, со што биле заштитени т.е. не биле интернирани. Бугарскиот командант постапката на бугарската војска и власт пред германскиот командант ја оправдувал со следните зборови: „Нема доволно храна и жал ми е населението да умре од глад." И уште од едно влашко село - Нижополе, интернирани се 6 угледни граѓани, но не се знае каде.[566]

Кметот од село Ивени бил интерниран во Бугарија Карлово, па после е спроведен во затвор во Ниш. Тој бил интерниран затоа што ширел вести во селото дека француските и српските војски се подобри од бугарските, а освен тоа бугарските власти мислеле дека вршел шпионажа во корист на Србите.[567]

Бугарските власти вршеле интернирање и во селата кои по ноември 1916 биле реокупирани од Силите на Антантата. Така од селото Бистрица биле интернирани 9 души, 7 мажи и 2 жени, од село Жабени 7 души, 5 лица биле интернирани од Сливица. Од Рапеш 9 души (4 мажи, 2 жени и 3 деца), од Брник 6 (3 мажи, 2 жени и 1 дете), уште повеќе биле интернирани од селото Маково 9 (5 мажи, 1 жена и 3 деца), Драгош- 2 жени, Ореово - 1, Врањевци - 1 (заедно со стоката и колата), Сливица 5, Паралово 1 (со колата и воловите).

Секој што ќе искажел сомневање во победата на бугарската војска бил интерниран. Интернираните оделе пеш, боси, со торби на рамо. Тие биле праќани во логори во Тракија, каде, кој од маларија, кој од глад изумреле скоро половината, меѓу кои имало повеќе деца.[568]

Во „Српске новине" е поместен извештај на еден делегат од Меѓународниот Црвен крст во кој се пишува за лошата положба на

[566]Архив на Македонија - ДСНР - фонд: Политичко одделение, фасц. 20, пов. бр. 2664, од 3.4. 1917, Положбата во окупираните области.
[567]На истото место, фасц. 11, пов. бр. 3582, од 27 февруари 1917.
[568]„Српске новине", бр. 10, стр. 2, Крф, 1917, „Допис од Битола".

интернираните во логорите и се вели: „Во извештајот на делегатот на Меѓународниот одбор на Црвениот крст кој ги обиколил заробеничките логори во Бугарија, се зборува дека виделе во логорот во Стара Загора извесен број граѓани по потекло од Македонија (Прилепска област). Меѓу овие интернирани имало не само мажи туку исто така и жени и деца. Интересно, се вели во дописот, дека во заробеничките списоци сите тие интернирани се воделе како Бугари... Македонците ја делат денеска истата судбина со Србите во заробеничките логори,[569] се заклучува во извештајот.

По завршувањето на војната добар дел од интернираното население се вратило назад во своите села, а некои останале во Бугарија или пак, се преселиле во егејскиот дел на Македонија и Грција. Некои селани, не можејќи да ја издржат тортурата при интернацијата, по самиот пат умреле.

[569]„Српске новине“ бр. 106, Крф, 1917, 2.

## 4. Економската положба

### а) Реквизиции

Веднаш со влегувањето на македонската територија, бугарската војска реквирирала големи количини прехрамбени производи и разни други предмети, останатата реквирирана храна и сè друго што останало од српските војски и власти, а не успеале при повлекувањето да ја понесат со себе паднала во рацете на бугарската војска. Македонија била окупирана есента, кога жетвата била завршена и житото сместено во амбарите, а да се врши реквизиција немало услови. Затоа бугарската армија применила друга тактика за да го собере житото од селаните и трговците: понудила високи цени. Така житото кое било наменето за пазар било откупено и складирано во магазините на бугарската армија, која заедно со германската армија неколку месеци по окупирањето на вардарскиот дел на Македонија се хранела исклучиво со македонско жито.

Иако Врховната команда со распис објавила дека реквирираната храна ќе им биде исплатувана,[570] напротив насекаде бугарските единици од почетокот па сè до крајот на војната, вршеле „откуп без да им исплаќаат надоместок на сопствениците".

Под удар на реквизицијата спаѓал целокупниот имот на населението. Сè што било потребно за окупаторската војска можело да биде рекверирано. На прво место секако на тој удар било житото. реквирираното жито служело прво за бугарската војска, а она што останувало можело да се користи за цивилното население. Земјоделецот за своето реквирирано жито во 1916 година добивал: за кгр пченица 0,36 лева; за кгр рж 0,28 лева; за кгр пченка сува 0,25; за

[570] Архив на Македонија, фонд: МВИО, Окружно управление, Куманово, к. 4, дело 7, лист 2.

кгр овес 0,24 лева. Или за еден кгр месо жива мера (1918 година) 1,60 - 1,80 лева; за еден кгр грав 0,80 - 1 лев; за еден кгр сено, односно слама 0,25 односно 0,12 лева.[571]

Во прилог на оваа статистика ќе наведиме како се движеле цените кај некои производи при исплатата од реквизиционата комисија до самата фронтовска линија во Драгошка општина. Просечните цени на кои се придржува одредената комисија за реквизицијата на храната при исплатата се следниве: пченка 0,30, грав 0,60, овчко месо 0,80, кравско месо 0,90, говедско месо 0,90, свинско месо 1,40, сено 0,10 лева.[572]

Ако окупаторот немал време и услови да ја реквирира реколтата од 1915 година, тоа не го изоставил да го направи за реколтата[573] од 1916 година, кога ги презел сите мерки од земањето на „вишок" жито да биде потполно.

Главната реквизициона комисија во почетокот на пролетта 1917 година издала наредба, според која сопствениците на храна биле принудени до 5 мај да ги декларираат своите производи пред реквизиционите комисии.[574] Требало на секој човек да му се остави по

---

[571]Д-р Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915-1918), Гласник г. IV, бр. 1-2, Скопје, 1962, 72.

[572]Архив на ИНИ - Скопје, Владини комесари Србије (1914-1920) инв. бр. 122, ф.к. I, /6-1.

[573]Дирекцијата за стопански грижи и општествена предвидливост во врска со прибирањето на новата реколта во Македонија издава заповест (заповед) од 15 јуни 1917 година, и го истакнува следното:

1) На сета нова реколта од зрнеста храна (пченица, рж, пченка, јачмен, овес и просо) во Македонија им се забранува на секаква покупка и продажба.

2) Постепено со ожневањето на културите да се одделуваат во извесна кличина по општини и да се остави на населението по определените досега норми на лице, глава, добиток и семе и останатото одма да се прибере и да се носи во складовите. Сето ова да се прави со помошта на општинската аграрна управа и органите на дивизиските интендантства - секоја дивизија во својот реон. Прибраната храна (жито) да се складира во дивизиските складови, и веднаш дивизиите да започнат да го користат за своите потреби.

3) За складирањето на количината на храна да се известува секој ден во Дирекцијата за Македонија од интендантсвото на соединетата армија.

4) Одземената храна во Македонија да му се исплаќа на производителите од дивизиските интендантства за чија сметка ќе се плаќа по нормираните цени.

Директор, Генерал Мајор Ал. Протогеров од генер. штаб, потпол. Николов.

-ЦДА - Софија - фонд: 260, опис 4, а.е. 203.

[574]За таа цел била издадена специјална наредба од началникот на МВИО за формирање на специјални комисии од органите на месните власти по околии, односно општини, за вршење проверка и пребројување на снопјето по нивите. По тоа биле формирани други комисии кои имале

50 кгр зрнеста храна или 42 кгр брашно и по 5 кгр пченка за семе, во спротивно ќе започнеле претресите по куќите, а сокривачите ќе ги предавале на суд. Со цел успешно да се спроведе реквизиционата акција се барале поткажувачи, а за својата услуга ќе добивале 10% од вредноста на сокриената храна.[575]

Со цел да се спречи сокривањето и саботажата до доаѓањето на реквизиционите комисии, а за побрзо и поуспешно се собере житото, бугарските власти мобилизирале работни групи, под строго надгледување на окружени команди од војници и полицајци.[576] Сите оние кои ќе ја одбегнат мобилизираната работа, најстрого ќе бидат казнети, дека извршиле противдржавно дело.[577] Додека траат вршидбените работи реквизиционите комисии веднаш го собираат сиот јачмен и овес за потребите на државата. Комисиите најпрво го собираат десетокот од целиот принос на пченицата и ржта, а дури потоа останатите минимални количини за лична исхрана на човек.

Селаните морале да ги продаваат одредените количества жито по утврдените цени, не повисоки од 0,50 лева по килограм, а истовремено селаните на црна берза плаќале еден килограм брашно по 10-12 лева.

---

за цел да одредат по колку оки жито можел да даде секој сноп, според месните услови и врз основа на тоа се одредувало колку жито би добил секој земјоделец и колку ќе има одвишок. (Д-р Крсте Битоски, Положбата во Македонија..., 66).

[575] Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 355.

[576]Посебен вид мобилизација бугарските окупатори вршеле за време на жетвените работи. Тогаш секоја општина и селска власт вршела принудна мобилизација на сите мажи и жени, деца и старци, и ги организирала во работни групи за жетвата. работните групи биле раководени од посебен раководител - „крамар“ на кого му биле апсолутно потчинети. Жетвата, дење и ноќе ја чувале специјални оружени стражи, за одбрана од саботажа. Одбегнувањето од жетвата се прогласувало за стопанска саботажа и сторителите биле најстрого казнувани.

-АМ МВИО, Министерството на внатрешните работи и здравјето, София, бр.5641 од 17.07. 1918, к. 54, дело 10.

[577] За извршување на жетвените работи и за пренос на снопјето и житото до и од гумната, бугарските окупатори практикувале и блокади по градовите, при што насилно ги фаќале и конвоирале по селата сите работоспособни машки и женски граѓани и ги принудувале да жнеат, вршат итн., иако огромниот дел од граѓаните никогаш не се занимавале со такви полски работи. Во врска со принудната мобилизација на граѓаните и селаните во време на жетвата, се вршела и тотална мобилизација и реквизиција на сите запрежни возила и товарен добиток и вреќи од селаните и граѓаните за собирање и транспорт на житото до складиштето на реквизиционите комисии.

-На истото место, дело 7-10.

-ЦДА -София , фонд 260, опис 4, а.е. 17.

Реквизиционите команди безмилосно ја ограбувале сиромаштијата. Барајќи скриено жито тие ги кршеле сандаците, ги претресувале постелите и перниците и го одземале и последниот леб ако го најделе.[578] Така во повеќето битолски села била извршена реквизиција на житото. Во селото Ивени одземено е 5.000 килограми жито, поголемиот дел не е платен, а она што е платено е по многу ниска цена. Расписки во селото не се давани. Брашно во селото нема доволно. Во селото Добровени пак одземено е целото жито. Од селото Рапеш одземено е 1.700 кгр жито, а му платиле по 6 динари по товар. С. Брник - реквирирано е 5.000 кгр жито. На селаните од с. Маково одзмено им е 10.000 кгр жито, и покрај тоа што немаат брашно да се прехранат. Од селото Жабјани реквирирано е околу 20.000 ока жито, Суводол 13.000, Ореово 6.000 кгр, Врањевци 4.000, Паралово 1.500 кгр[579] и во други села, но во помала количина. Секако дека реквирирањето на жито било вршено и од другата страна на селата од Битолскиот регион, кои останале под бугарска окупација сè до крајот на војната, но за овие села немало целосни податоци по колку килограми жито им е одземано од секое село.

Слична била состојбата и во останатите села од Битолскиот регион, а кои од есента 1916 година, биле реокупирани од силите на Антантата, но при повлекувањето бугарските војски во некои села им го одвеле и последниот килограм жито. Така во селата: Добровени, Лажец, Велушина, Граешница, Драгош, Барешани, Кременица, Канино, Олевени, Бистрица, одземена им е сета зрнеста храна, оставајќи го населението да гладува.

Реквизиција се земало и на вршачките и водениците. Уемот што се плаќал не бил така мал. И од она што му било оставено на селанецот одредено количество жито за цела година за да го сомели тоа жито

---

[578]М. А. Бирман, Революционная ситуация въ Болгарии въ 1918-1919 г. Москва, 1957, 29.
[579]Архив на Македонија, ДСНР на ФНРЈ - фонд: Политичко одделение, фасц. 12, пов. бр. 571, од 20 јануари 1917 година, Извештај од г. Рад, Шапоњиќ до Министерот за внатрешни работи.

требало да даде од 6 до 10 %, а со тоа амбарот на селанецот уште еднаш се празнел, а складот на реквизицијата се полнел.[580] Уемот од вршачката се земал секоја вечер од страна на општинските складови или резервните магацини и неговите клонови.[581] За собирањето на уемот од воденициите се назначува по еден окружен контролор. Во секоја општина треба да има специјално лице за контрола на воденициите во општината - за кое се води сметка какво и колкаво е дневното производство, колку уем е земено од секое лице, за работата на воденициите.

Гравот кој покрај лебот бил основна храна на населението, исто така бил реквириран. Со ова не само што се лишеле самите производители од овој артикал, туку се лишело и другото население, кое порано било природен купувач на тој грав.

Не биле поштедени од реквизицијата и индустриските производи: тутунот, афионското семе, за добивање масло, наутот,[582] оревите итн. Тутунот бил објавен за предмет од прва неопходност во Бугарија и во МВИО. Трговците биле задолжени во рок од 24 часа да го пријават на власта сиот тутун.[583]

Покрај горенаведените реквизиции, македонскиот производител бил принуден да плаќа и данок на земјоделските производи кои по наредба на началникот на МВИО Бр.62, од 31.7.1916 година, производителите биле должни да го плаќаат во натура, во форма на десеток.[584] Тој се плаќал по следниов ред:

1.Од земјата, обработена од наполичари или други наематели: а) десеттиот дел од производството; б) уште еден десетти дел од тоа што

[580]Д-р Крсте Битоски, цит. дело, 66.
[581]ЦДА - София, фонд 206, опис 4, а.е. 17.
[582] Държавен въсникъ, бр.231, София, 1916.
[583]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 353.
[584] Освен од десетокот, сопствениците на земја плаќале, во зависност каква била земјата и со што е посеана или посадена, и данок за неа во левови. Таа сума изнесувала од 5 лева по декар (за земја посадена со лозја и сл.) до 0,10 лева годишно (за блата и мочуриште од кои се добивало трска). За овошните градини со плодни дрвја, зеленчукови градини и бостан се плаќале 5% од вредноста на добиениот бруто приход.

му припаѓа на сопственикот на земјата место данок на доход, ако сопственикот има местожителство во Македонија и в) сето тоа што му припаѓа на сопственикот ако нема местожителство во МВИО, без разлика дали е претставен од полномошник или не.

2. Од земјата обработена од сопственикот десеттиот дел од производството.

3. Целиот приход од безстопанствените земји.[585]

Бугарската војска и бугарските власти вршеле исто така и реквизиција на добиток и производите од него. Уште со идењето на бугарската војска во Македонија од населението им се одземал добитокот за исхрана на војската, не водејќи сметка за тоа дали земјоделецот ќе останел без вол или без крава за орање, за приплод или млеко, без овца за приплод за волна и за млеко. Се гледало само да бидат задоволени потребите на војската, а за населението и за утре воопшто не се мислело. Во селото Брод - Битолско, од 6.000 овци (на почетокот на војната), кон крајот на војната останале само 30.[586] Во село Кенали (Кременица) - Битолско, пред војната имало 620 волови и бикови, за време на војната 40. Пред војната во истото село имало 2.500 крави, за време на војната 300, коњи пред војната имало 300, за време на војната само 5.[587] Од овие два изразити примери може да се види дека реквизирањето на добиток се вршело на еден начин потполно својствен на окупационен режим.

Во Битолскиот регион немало село каде не била извршена реквизиција на добиток, а посебно пред самото повлекување на бугарските војски на дел од битолските села, кои од есента 1916 година биле реокупирани од силите на Антантата.

Голема беше реквизицијата на добиток по битолските села. На пример во селото Ивени реквирирано е 200 говеда (волови и крави),

---

585 Архив на Македонија - МВИО - I и V полициски учесток - Скопје.
586 „Српске новине“ бр.100, стр.3, Крф, 1917.
587 Рајс А. Р., Економско стање у Јужној Македонији, „Нови Живот“, год.VI, 1921, 351.

2.500 овци, 50 коњи, 15 магарињa, 80 свињи.[588] За поголемиот дел од реквирираната стока не му е платено, а тоа што го плаќале било по многу ниски цени. За еден вол му плаќале 20 динари, за една овца 4 динари. Расписки во селото не се давани. Во селото Рапеш одземени се 800 говеда (крави и волови), од кои само за 80 му платиле по 20-30 динари на грло, 100 коњи и магариња, 400 свињи, 4.000 овци,[589] од кои само малку му е платено и тоа по 5-6 динар на грло. Сега во селото има само 100 говеда (крави и волови), 150 овци, 10 коњи и неколку ждребиња. Не била подобра положбата ниту во Маково каде што биле одземени 200 говеда, 3.000 овци,[590] 80 свињи, 10 коњи, 20 магариња. За одземената стока не е платено ниту за една третина и тоа по многу ниски цени. Селото остана со многу малку добиток. Во селото Врањевци, останале само 10 волови, и неколку ждребиња, овци, свињи и перјаста живина нема. Во друго село Ореово окупаторот сè реквирирал, останале само 4 пара волови и 7 коњи и ждребиња, крави, свињи, овци нема.

Во некои села од Регионот сè им е одземено. Така во големото турско село кенали (Кременица) кое било прочуено со својата живина (перјаста) и добро жито, како и голем број биволи, сè им било одземено така да селото целосно било опљачкано.[591] И во селата Олевени, Драгош и Граешница, скоро сè му е одземено. Еве што вели павле Ристиќ, претседател на општината Драгош: „Бугарите ни ги одзедоа скоро сите овци и свињи. Три земат, а плаќаат една! Мене ми зедоа: 2 вола, 1 тригодишно теле, 3.000 ока сено, 500 ока жито и за сето тоа ни дадоа 200 лева.[592] Окупаторот исто така од населението им одземал и перјаста живина, а во некои села не оставиле ништо.

---

[588]АМ - ДСНР на ФНРЈ - фонд: Политичко одделение, фасцикла 12, пов. бр. 571 од 20 јануари 1917. Извештај од г. Рад. Шапоњиќ до Министерот за внатрешни работи.
[589]На истото место.
[590]На истото место.
[591]На истото место.
[592] Архив на ИНИ - Скопје, Владини комесари Србије 1914-1920, ин. бр. 122, ф.к. I/61.

За потребите на бугарската војска се реквирирал и нивниот преостанат од редовната реквизиција работен добиток и нивните коли.

Реквизиција се вршела и на сеното и сламата, поради немање на жито (овес, јачмен) биле единствена храна на добитокот. Но, немало село во Битолскиот округ од кое не било реквирирано сено и слама. Така на пример од селото Ивени бугарската војска реквирирала сено и слама.[593] Во селото Рапеш одземено е 90.000 кгр сено и слама. Уште повеќе пак е реквирирано сено 80.000 кгр и 130.000 кгр слама во селото Маково. Во Врањевци 80.000 кгр сено и 150.000 кгр слама. Имало села во кои бугарската војска им ја одземала сета сточна храна[594] (селата: Добровени, Лажец, Велушина и др.). „Сето сено е земено од народот, а сега и сламата. Благодарејќи на убавото време, стоката уште добро се држи, но кога ќе настапат мразевите половина од стоката ќе пропадне зашто многу е ослабена.“[595]

Во табелата ќе наведиме за одземениот добиток во селата, кои од есента 1916 година биле реокупирани од силите на Антантата.

[593] АМ, ДСНР на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, фасцикла 12, пов. бр. 571 од 20 јануари 1917.
[594] За прехрана на добитокот властите воделе сосем малку сметка. навистина за добитокот било предвидено да се остава извесно количество храна, но тоа било толку малку, што не можело ни оддалеку да ги задоволи потребите. Од жетвата 1918 година, на пр. од страна на Скопската вонредна комисија било предвидено да им се остави на земјоделците: за прехрана на крупен добиток над две години и за свињите над две години по 80 кгр пченка, јачмен или овес, а за храна на ситниот добиток годишно по 4 кгр на глава. Така било предвидено, а колку се оставало, тоа е друго прашање.
[595] На истото место, фасц. 4, пов. бр. 638, 3 јануари 1917.

| село | волови и крави | коњи | магариња | овци |
|---|---|---|---|---|
| Ивени | 220 | 50 | 15 | 2.500 |
| Добровени | 158 | 14 | 25 | 1.600 |
| Рапеш | 800 | 60 | 40 | 4.000 |
| Брник | 40 | 20 | 10 | 500 |
| Маково | 200 | 10 | 10 | 500 |
| Суводол | 70 | 60 | 6 | 1.000 |
| Паралово | 50 | 30 | 9 | 700 |
| Врањевци | 50 | 40 | 12 | 800 |
| Ореово | 36 | 30 | - | 900 |
| Брод | одземена | речиси | сета | стока |
| Лажец | 100 | - | - | 540 |
| Велушина | 40 | - | - | 500 |
| Драгош | одземена | | сета | стока |
| Градешница | одземена | | сета | стока |
| Кременица | одземена | | сета | стока |
| Барешани | 100 | - | - | - |
| Канино | 40 | 8 | - | 80 |
| Олевени | одземена | | сета | стока |
| Бистрица | 28 | 50 | | |
| Жабјани | 80 | 60 | | 100[596] |

Во многу села од Битолскиот регион безобзирно се постапувало и при реквирирањето на волната. Окупаторот барал од сопствениците на овци да дадат по еден килограм на овца, но поради немање на храна, поради слабост на овците, не сите овци можеле да дадат по килограм волна. Комисиите често пати не го земале во предвид ова, а ниту намалувањето на бројот на овците поради директното реквирирање од страна на војската. Така на пример од некои села од Регионот е реквирирано поглема количина волна. Во селото Ивени 400 ока, во Маково 120 ока, Брник 60 ока, Суводол 70, Паралово 50, Врањевци 60, Ореово 30, Жабјани 100 ока.[597] Во некои села како во Драгош,

[596]АМ - ДСНР фонд: Полициско одделение фасц. 12, пов. бр. 571 од јануари 1917, Извештај од г. Рад. Шапоњиќ до Министерот за внатрешни работи.
[597]На истото место, фасц.12 иф.14.

Граешница, Олевени, Бистрица, Канино, Добровени и др. одземена е сета волна, не му оставиле ништо на селаните.

Под забрана на реквизицијата паѓале и млечните производи, сирењето, кашкавалот и маслото, како и свинската маст.

Исто така заслужува да споменеме и за реквирирањето на бакар, односно одземање од домакинствата на сè што било бакарно (садови и друго).[598]

Спроведувајќи ја својата тотална реквизиција бугарскиот окупатор, насилно одземал од населението и: прибор за коњи, машини за шиење, кофи за вода, вреќи, сапун, свеќи, дрва, коси, газје, со еден збор сè што му било потребно на бугарската војска. Реквизицијата ја вршеле од продавници, занаетчиски дуќани, приватни домаќинства, во повеќе случаи како „воен плен“.[599]

Реквизицијата не штедела никого и ништо. Секое македонско семејество било принудено да даде нешто од својата покуќнина, а пак непосредните производители буквално работеле само за исполнувањето на „најрадите“ чие „планирање“ и изведување никој не можел да го согледа.

Уште пред отстапувањето на бугарската војска на еден дел од Битолските села, а кои подоцна беа реокупирани од војските на Антантата им било одземено во големи количини жито и сточна храна (сено и слама). Тоа може да се види од следната табела.

---

[598]Д-р Крсте Битоски, цит. дело, 69.
[599]АМ - МВИО, Окружно управление, Куманово, к. 4, дело 7, лист 3.

| села | килограми жито | сено | слама |
|---|---|---|---|
| Ивени | 5.000 | 20.000 оки | 20.000 оки |
| Добровени | одземено | одземено | одземено |
| Рапеш | 1.700 | 50.000 оки | 40.000 оки |
| Брник | 5.000 | 500 коли | 500 коли |
| Маково | 10.000 | 80.000 кг | 130.000 кг |
| Суводол | 13.000 | 10.000 кг | 14.000 кг |
| Паралово | 1.500 | 20.000 кг | 50.000 кг |
| Врањевци | 4.000 | 80.000 кг | 150.000 кг |
| Ореово | 6.000 | 20.000 кг | 50.000 кг |
| Лажец | одземена сета | зрнеста храна | и сточна |
| Велушина | одземена речиси | сета зрнеста | храна и сточна |
| Граешница | одземена | сета храна | (човечка и сточна) |
| Драгош | одземено | сѐ | |
| Барешани | одземена | сета | храна |
| Канино | одземено | сѐ | |
| Олевени | одземено | сѐ | |
| Бистрица | одземена | сета | сточна храна |
| Брод | одземена | сета | сточна |
| Жабјани | 20.000 ока жито | и 25.000 кгр | (сточна)[600] |

## б) Глад, скапотија, шпекулации

За време на окупацијата илјадници Македонци подлегнале на гладот, болести, физичката исцрпеност и воените опустошувања.[601] Гладот и неговите последици биле резултат на фактот што населението во Македонија било принудено да ги пополнува редовите на бугарската војска, да го дава најголемиот дел од своите производи за нејзината исхрана и слично, и да биде потполно во нејзина служба за задоволување на целокупните нејзини потреби.[602]

[600]АМ, ДСНР, фонд: Политичко одделение, фасцикла 12, пов. бр. 571 од 21 јануари 1917; фасцикла 14, пов. бр. 371, 20 јануари 1917.

[601]Историја на македонскиот народ, кн. 2, Скопје, 1969, 403-404.

[602]К. Новаковиќ со овие зборови ја опишува ситуацијата на Македонија во 1915-1918 година: „Македонското население потпаѓа сега под бугарска окупација, се мачи, страда... маса население гине во војната и материјално пропаѓа. Работите прстанаа. Стоката се упропастува. Осветите и пљачките уништуваат илјади и илјади несреќни Македонци. Бегови и аги, сојузници на бугарската буржоазија, ја држат и натаму земјата во свои раце и македонскиот селанец гладува, пропаѓа и се бие против српскиот селанец кого исто така го одвлекоа од ралото и воловите...“ (Македонија Македонцима! Земља земљорадницима! Гласник на Институтот за нац. историја, Скопје, 1959 година, бр.1, 59).

За настанатиот глад бугарските власти вината ја фрлиле врз српската војска. Но, српската армија, отстапувајќи преку албанските планини, освен добиток за пренесување на најнеопходните за еден војник работи, не можела да земе со себе ништо друго. Речиси сè што било реквирирано во Македонија, останало во складовите. само во кумановските складови бугарската војска нашла разни прехрамбени артикли и фураж во вредност од еден милион лева.[603]

Веднаш по доаѓањето на бугарската и германската војска, во Битола настанал глад. Се зборува дека две жени умреле од глад.[604]

Населението во Битола и Битолско заради големиот недостиг на храна било доведено до очај. „Често доаѓаат луѓе на грчката граница кои сакаат да преминат на грчка територија. Тој плаче за леб; една бегалка од Скочивир кажува дека таму умираат 20-25 луѓе дневно од глад; луѓето јадат дури и земја. Луѓето одат со жените и децата да се дават во реката Црна, да не ги гледаат страдањата на својот народ од гладот."[605]

Тој глад, особено остро се покажал во текот на зимата, пролетта и летото 1916 година. На 28 I 1916 година министерот на бугарската влада Хр. Попов соопштил во Министерскиот совет во Софија дека неколку души во Охрид умреле од глад.[606]

Насекаде се барало жито, луѓето патувале и повеќе десетици километри, барајќи за скапи пари да купат нешто. Поголемиот број од таканаречените печалбарски околии, растурени по планините каде што се сее пченка, која во нормални времиња одвај стасува најмногу за три месеци за прехранување, а која сега одвај ќе стигне за два месеца и допрва ќе се собира, неверојатно гладуваат. И младо и старо, кое со

---

[603]Архив на Македонија - фонд: МВИО - Градско општинско управление - Куманово, п. бр. 233/15.
[604]АМ, ДА, ДСНР на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, преписка 1916, фасцикла 2, од 28 март 1916.
[605]АМ, ДА ДСНР на ФНРЈ, фон: Политичко одделение, преписка 1916, фасцикла 2, од 28 мрт 1916.
[606] Д-р Гиргиновъ, Алек., Отъ война къмъ миръ, София, 1937, 29.

добиток, кое просто со торба на рамо пливнало да бара, да купува со пари храна - пченка и да ја носи повеќето на грб, на далечина обично по 50 до 100 па дури и по 150 километри.[607] Слабиот одвишок од жетвата на житариците ни од далеку не стигнува да ги задоволи потребите на градското население, бидејќи во последно време од овој одвишок и војската откупува големи количества за скапа и прескапа цена. Селаните од селото Братиндол за да можат да опстанат сè што имале распродале. Така, на пример, за три кутли пченка - се давала крава; за еден шиник пченица еден вол.[608]

„Видов со своите очи како умираат гладните, пишува Љ. Милетич. Се движев стално помеѓу изгладнетото, истоштеното, претворено во кожа и коска население. Особено е тешко да ги гледаш жените кои, се гледа го делат и последниот залак за своите гладни деца...“[609]

„Бедотијата и гладот на Охриѓани претставуваат потресна слика што е мачно да се опише... Многу фамилии мелат кочани од пченка од чија прав месат леб за да го намалат гладот. Многу фамилии и по два и по три дена гладуваат. Како последица од тоа смртните случаи од глад се подновени.“[610]

Положбата во Битолскиот регион била уште потешка. Во „Српске новине“, во една дописка на Рајс А. Р., се опишува лошата состојба на населението од овој град. при навлегувањето на сојузничката војска во него, на 19 ноември 1916 година, населението се жалело дека нема ништо повеќе за јадење, зашто Бугарите однеле сè. И навистина, продолжува Рајс, утредента имавме можност да видиме

---

[607] Љ. Милетичъ, Пътешествие изъ Македония (ракопис), 11.

Група бугарски професори во летото 1916 година дошле во Македонија со цел да вршат разни научни проучувања. Меѓу нив бил и Милетич кој посетил повеќе краеви во Македонија, а она што го видел, кога се вратил го испратил во вид на извештај до Врховната команда.

-Институт за национална историја, Скопје, Сл.III, 88, 11.

[608] Ѓорѓи Димовски - Цолев, Борис Павловски, Непокорени, Битола, 1982, 179.

[609] Л. Милетичъ, цит. дело, 13.

[610] Христо Христов, Революционната криза вя България презъ 1918-1919, София, 1957, 12.

жалосна глетка, што ја даваа илјада жени и деца, со вдлабнати образи заради гладување, а и ние самите би сакале нешто да каснеме, но не било лесно да се најде храна.“[611]

За лошата состојба во селата кои биле реокупирани од војските на Антантата ни зборува и владиниот комесар за српските бегалци на грчка територија: „Чест ми е да ви доставам извештај од началникот на Мариовска околија од 20 октомври 1916 година со следната содржина: Обиколувајќи ги селата: Живојно, Сович, Бач, Брод, кои секојдневно биле под непријателска артилерија селата се опљачкани од непријателот, и повеќе од населението гладува, особено во првите три села (Скочивир, Сливица и Добровени). Денес од овие три села, по втор пат дојдоа кај мене околу 50 лица, за кои се уверив дека гладуваат и бараат помош од храна, а по уверување и останатите села. Има и многу од поимотните кои немаат храна, ниту пак од каде да купат.[612]

Положбата во селата во кои поминавме е очајна. Бугарите за време на своето повлекување ја однеле готово сета човечка и сточна храна и ја одвеле готово целата стока. Нема ниедно село каде селаните имаат храна не повеќе од 2 до 3 месеци, многу села немаат храна ни за месец дена. Во некои села има фамилии кои воопшто и немаат храна. Во некои села е разделена храна, но апсолутно не е доволна. Во села кои бројат 300 души му е дадена помош само од 100 кгр. брашно, а во некои села и по 40 кгр брашно. Во Битола каде полесно може да се набават прехрамбени продукти за пари, одделни лица добивале помош и храна на неколку пати.

Во селото Драгош им е дадена помош 152 кгр брашно, а 27 куќи ни сега немаат ништо за јадење, Бугарите при повлекувањето му ја одзеле сета храна. На селото Канино, на име помош му е дадено 39 кгр брашно, во селото сега има 10 куќи кои немаат никаква храна, а

---

[611]Рајс А. Р., Шта сам видео и преживео у Великим данима, Београд, 1928, 115.
[612]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ (1913-1917), Скопје, 1981, 357.

останатите куќи едвај да имаат за месец до два. На селото Олевени сè уште не му е дадена никаква помош, седум куќи немаат никаква храна, осум куќи имаат храна за до крајот на јануари, а останатите уште за еден месец. Исто и во селото Бистрица состојбата со храна е лоша. Седум куќи немаат никаква храна, а останатите за месец до два. На селото Жабјани на име помош им е дадено 20 кгр брашно, осум фамилии веќе немаат што да јадат, немаат никаква храна, останатите фамилии имаат храна едвај за месец до два.[613]

Слична била положбата и во другите села кои биле реокупирани од војските на Антантата: селата Рапеш, Брник, Маково. Во селата Добровени и Сливица каде што имало воени болници на изгладнетото население му даваат по малку грашак, грав и сочиво од што прават чорба и му делат на селаните. Може да се каже дека храната што ја добиваат селаните е лошо организирана и недоволна. Од подалечните села, селаните требало да пешачат по неколку километри за да добијат една пајнца топла вода со неколку зрна грав или сочиво.[614]

Во 1918 година, годината кога дошол крајот на бугарската окупација, истовремено била и најтешка за нашиот народ. Гладот го достигнал својот врв. Во срок од 25 дена (25.04.-20.05.1918 год.) Дирекцијата на СГОП испратила три телеграми и го намалила следувањето на леб на 250 грама, односно 200 грама дневно.

Во врска со тоа, ќе наведеме примерок од Проектот според кој се определуваат следните дневни следувања на леб за војската и населението.

а) за населението

1. 300 грама леб дневно на лице или 230 грама брашно или 250 грама зрнеста храна.

Тоа следување го добиваат:

---

[613] Архив на Македонија, ДАСИП..., Извештај за состојбата во Србија, војвода В. Трбиќ, Ф.14, пов. бр. 371 од 20 јануари 1917.

[614] На истото место.

а) Населението во Царството, вклучувајќи ја и Добруџа, Македонија, Морава и Драмско.

б) Сите мобилизирани (војници, офицери, чиновници, службеници, работници, бегалци, бедното население во Македонија, Драмско и др.) кои работат во разни воени и граѓански установи...

При тоа следување процентот на пченката, респективно царевичното брашно не може да биде помалку од 70%.

в) Дополнително следување - 200 грама леб или 150 грама брашно или 200 грама зрнеста храна да се дава на сите оние кои што се занимаваат со потешка физичка работа како: земјоделие, фабрика, стражари (вклучувајќи ги и оние од Моравија, Македонија и Драмско), железничарите, чиновниците во поштата.

г) За војската

1. По 500 грама леб дневно на војник. Од тоа следување добиваат:

   а) Сите војници и офицери од строевите делови на територијалните војски;

   б) Војници од нестроевите делови на територијалната армија, кои што се занимаваат со физички труд.

   ц) Војниците и офицерите од Штабовите и позадината од активната армија.

   д) Војниците од активната армија кои што се на отсуство.

2. По 750 грама на војник. Тоа следување го добиваат:

Сите војници, офицери и чиновници, во активната армија и кои што се во строевите делови, како и работниците кои работат со мини.[615]

Во време на бугарската окупација од 1915-1918 година, голема скапотија го погодила населението. Таа дошла како резултат на зголемување на цените на сите основни артикли за живот, храна, облека и друго. Така, ако за цените земеме индекс 100 за 1900 година тие во наредните рапидно растеле како следува:

---

[615]ЦДА - София, фонд 260, оп. 4, а. е., 108.

| Година | Бил. храна | Животин-ска и др. храна | | Облека | Разно | Сите предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | - | 100 | - | 100 | 100 | 100 |
| 1914 | 150 | 176 | 144 | 175 | 167 | 165 |
| 1915 | 209 | 185 | 196 | 249 | 190 | 190 |
| 1916 | 306 | 315 | 871 | 478 | 433 | 333 |
| 1917 | 530 | 574 | 874 | 949 | 935 | 632 |
| 1918 | 1156 | 99 | 2089 | - | 1789 | 1280[616] |

Како резултат на покачувањето на цените се доаѓа до неизмерна скапотија на основните артикли за прехрана, облеката и друго. За поскапувањето исто така допринеле постојните и тоталните реквизиции на разни прехрамбени производи на пазарот и при огромните потреби, се разбира дека пазарните цени на житата ќе се качуваат постојано, та сега се движи за една ока жито меѓу 10 и 13 гроша, за ока пченка меѓу 10 и 15 гроша, за ока јачмен меѓу 8 и 9 па дури до 12 гроша и сл. Една ока брашно е 16 гроша, а сега во Битола се плаќа и по 20 и 25 гроша оката![617] Дури и да имаше доволни количини храна за продавање, бедното градско и селско население, особено ова последново, нема такви богати средства, за да си купува жито по 13 гроша оката! Гурбетчиството од три години наваму е сопрено, пари не идат од туѓина, а исто така не идат ниту од Америка. Бедотијата по планинските села е голема, а леб нема. Населението, и градското, испродало веќе сè: покуќнина, добиток - за да се израни.[618]

Цените на прехрамбените артикли во Битола, изразени во динари биле вакви: Сомун црн леб се продавал по 4-6 динари; месото во

[616]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 357.
[617]Л. Милетичъ, цит. дело, 14.
-Д-р Крсте Битоски, цит. дело, 55.
[618]Л. Милетичъ, цит. дело, 15.

мирно време многу ефтино, се продавало по 5-6 динари ока; млекото 1,50 динари за литар; шеќерот 14 динари ока; газија не можело да се најди.[619]

Во Битола шеќер нема и се продава по 70 до 100 гроша ока, лебот од мешано брашно чини до 10 гроша, од бело брашно 16 и 17 гроша, а од бело брашно кое е многу ретко 25 гроша, кафе нема, оризот е 25 гроша, гас (газје) нема, а кога го има се продава по 60 гроша, солта се продава 25-30 гроша ока. Поради недостиг на гас!! градот секогаш не е осветлен. Дуќаните повеќето се затворени. Трговците нема што да продаваат. Може да се каже дека секој дваесетти дуќан е отворен. Во „Влашката чаршија" од 200 дуќани отворени се само два. Дуќаните долж градот скоро сите се затворени. Отворени се само дуќаните за месо.[620]

Според еден француски извор, цените на најпотребните артикли во Битола биле следните:[621]

| артикли | цени во лева |
|---|---|
| петрол | 14 |
| шеќер | 10 |
| брашно | 1,30 |
| ориз | 3,20 |
| кафе | 9 |
| леб (црн) | 1,20 (го купуваат герм. и бугарските војници) |
| леб (бел) | 1,60 (го нема) |

За време на окупацијата посебно се развила шпекулацијата со прехрамбени артикли. Имено, со снабдувањето со прехрамбени артикли било препуштено на шпекулантите, кои толку се намножиле што станале вистинска напаст, и со својата нечесна трговија печалеле огромни богатства. Шпекулантите во вид на трговци уште од самото навлегување во Македонија, а со одобрение од Врховната команда на бугарската армија започнале откуп на сите видови производи. Тие

[619] Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за Конституантата - 28 ноември, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1962, кн. 3.
-„Српске новине" бр. 111, Крф, 1916.
[620] АМ - ДА - ДСНР - преписка 1916, фасцикла 15, од 19 ноември 1916, Извештај на битолскиот окружен началник.
[621] Guerre 1914-1918, Carton 10, dossier 5.

имале добри врски со власта каде што, исто така, имало голем број кои се занимавале со контрабанда. Генерал Протогеров, началник на Дирекцијата за СГОП, во еден доклад до Министерскиот совет од септември 1917 година пишува: „Шпекулацијата се засилува уште повеќе благодарение на важниот факт што таа се врши од шпекуланти со видна општествена положба".[622]

Освен крупните шпекуланти, во Македонија се појавиле и голем број мали кои пред пазарниот и на самиот пазарен ден ги откупувале стоките и ги препродавале по високи цени.[623]

Уште во летото на 1916 година, почнало со нормирање на цените на пазарот, со цел да се внесе некаков ред во снабдувањето на населението со прехрамбени продукти. Ваквото нормирање на цените немало успех бидејќи цените ги формирале разните трговци и шпекуланти протежирани од локалните власти. така на пр., една ока сол 3,5 лева, за шеќер 26, за газје 10, за сапун 12, за месо 3,5, за брашно 2 лева. Македонските работни маси биле принудени да ги плаќаат овие цени кога просечната надница на физичките работници во Македонија во 1916 година била 3,5 лева, а во 1917 и 1918 година уште помала.[624]

Окупаторските власти, од друга страна, не биле во состојба да го

---

[622]Д-р Крсте Битоски, Положбата во ВардарскаМакедонија..., 58.

[623]Положбата на пазарот се влошувала и од фактот што во Македонија со доаѓањето на Бугарите се зголемила циркулацијата на разни валути. Така на пр., додека дотогаш во употреба биле српскиот динар и турскиот грош, сега тој број пораснал уште со бугарскиот лев, германската марка и австриските пари. Српските пари биле во употреба до 1.11.1916 година кога со Наредба на Министерството за финансии во Софија се замениле - 1 динар за 0,50 лв, и тоа само сребрените, додека книжните не се заменувале. Со тоа секоја фамилија, која повеќе, која помалку, биле оштетени.

Интересно е да се напомене дека во Македонија во тоа време имало во употреба и романски пари - леи. Според една наредба на Министерството за финансии, тие пари не можеле да бидат заменувани од банките, но можеле да циркулираат на пазарот без одреден курс.

Во почетокот на окупацијата населението се однесувало со недоверба кон левот и одбивало да го прима. Дури бил принуден да интервенира на началникот на МВРО, заплашувајќи дека строго ќе биде казнет секој што не ќе прима бугарски пари. Од друга страна, пак, се појавиле и шпекуланти кои системски ги собирале сребрените и златните монети и со тоа уште повеќе ја комплицирале циркулацијата на левот.

-ДА - Скопје, МВИО - I и II полициски учесток - Скопје.

-Види: Крсте Битоски, цит. дело, 58.

[624]АМ - МВИО, Градско управление, Тетово и Куманово.

-Види и Битоски Крсте, цит. дело, 59.

обезбедат снабдувањето на населението со неопходните прехрамбени артикли. Така сега широките народни маси во Македонија биле принудени да купуваат не само по високи цени, туку и скришно, односно биле принудени да гладуваат. Шпекулацијата почнала да цути уште повеќе.

Под паролата „Сè за фронтот" од македонскиот народ насила се одземале сите производи на неговиот труд. На товар на македонскиот народ паднал и сиот огромен цивилен бирократски апарат на администрацијата и полицијата, односно апаратот на бригадните и полковските окупациони реони.

в) Селското стопанство и опустошувањата во регионот

Присуството на окупаторските војски катастрофално се одразило врз земјоделството на Битолскиот регион. Покрај постојаните реквизиции на храна, орудија и добиток, што окупаторските војски ги вршеле потребите на своите војски, со што било било упропастувано селското стопанство и истоштувани основните селски маси во Регионот, а и пошироко. Поседите останувале необработени и запуштени и поради мобилизирањето на работоспособното население во редовите на бугарската и српската војска.

Мобилизирајќи го најспособното за работа селско и градско население, земјоделското производство останало во рацете на жените, децата и старците за сето време на војната. Овие луѓе требало да произведуваат храна за себе и за сите во селото, за градовите, а најважно за бугарската војска. Земјоделската работа во Македонија била многу примитивна и резултатот во голема мера зависел од здравите раце на земјоделецот; но, тие раце се наоѓале во редовите на окупаторската војска. Другите кои остнале дома, заедно со работниот добиток и превозните средства, биле редовно терани на работа без да

се води сметка за потребите на земјоделството и сл. И тоа што се постигнувало во земјоделството главно било резултат на бездушната експлоатација на човечкиот труд кој во време на сеидбата или жетвата се ослободувал за извесно време од војската и ангаријата, под услов: во одредено време (еден месец) и при тогашните примитвни услови за работа и недостатен и слаб запрежен добиток да засее „најмалку 30 декари земја своја и туѓа“,[625] или пак се вршела општа мобилизација на населението од 16-60 години, кое организирано по војнички начин било принудено да работи за прибирање на жетвата.

Запуштени, необработени и непосеани останале и чифлиците. Чифликсајбиите како сопственици на крупни имоти и на најплодната земја во Битолското поле за цело време на војната, се носеле со идејата да ја напуштат Македонија и воопшто не биле заинтересирани да го организираат (иако во воени услови) производството на своите поседи.[626] Чифликсајбиите (претежно биле од турската народност) пред да ја напуштат Македонија настојувале да ја извлечат барем и последната материјална корист од своите имоти и да заминат со што поголемо богатство, почнале да ги распродаваат своите имоти. Така селаните од Бачката општина купија земја во 1914, 1915 и 1916 година од Турците во вредност од 1.013 златни лири и наполеони, 13.750 златни лева и 1.170 златни динари.[627]

При воените услови би бил богат и среќен оној селанец кој успевал со своите производи да ја прехрани фамилијата. Оној што имал вишок производи, речиси и немал корист од тоа, а оној што имал помалку, гладувал. Исклучок, се разбира, претставувале малубројните

[625]Д-р Крсте Битоски, Положбата во Македонија под бугарска окупација..., 70.
-Д-р Ристо Христов, Селото во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Скопје, 1993, 29-41.
[626]Д-р Александар Апостолов, Неколку документи за имотни и други спорови меѓу чифликсајбиите и чифчиите во Вардарска Македонија по Балканските војни, Историја, V/1, Скопје, 1997, 185.
[627]М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919-1941, Битола, 1992, 55-56.

богаташи, аги и бегови, кои, поврзани со месните власти и разни шпекуланти, трупале богатство за сметка на другото население.

Меѓутоа, огромното мнозинство на населението - земјоделското, иако било поставено во положба да произведува и своите производи ги продава на државата и на нејзините органи по многу ниски цени, а да купува неопходни за себе и своето стопанство предмети од еден грст бескрупулозни шпекуланти - трговци на неверојатно високи цени, природно, една ситуација многу неповолна за засилување на производството на жито, односно на храна.

При едно такво намалување на работната рака и работниот добиток, при недостиг на превозни средства, при недостиг на работници за поправување на земјоделскиот инвентар, при немање на најнеопходни земјоделски алати и др., при постоењето на фронтот во Македонија, засеаните површини се намалиле и како последица на тоа се намалило и производството.

Земјоделците биле принудени да сеат жито, односно колку е можно да произведуваат повеќе прехрамбени артикли, додека индустриските растенија, од кои приходите биле доста големи по наредба на властите речиси исчезнале од нашите полиња. Тука, на прво место се мисли на тутунот.[628]

Во уште понезадоволна положба се наоѓало занаетчиството. Во

[628]Садењето на тутун во Македонија не било забрането официјално со некоја наредба. Напротив, началникот на МВИО генерал-поручник Р. Петров, со телеграма од 17 VI 1916 година, наредува населението да се остави слободно да сади тутун, бидејќи „тутунот во Македонската област е еден од главните поминоци на населението, а во последните години цените на тутунот многу се зголемија, а тоа значи дека таа култура, освен занимање, дава можност многу да се подигне благосостојбата на населението". Значи, бугарските власти, биле свесни што значел тутунот за македонското стопанство. Меѓутоа, горната телеграма, која повеќе била демагошки потез отколку искрена наредба, дошла доцна. Пред неа имало безброј наредби, позиви и слично, со кои од населението се барало да сади жито и фураж, и со тоа да го исполни „патриотскиот долг кон отечеството". Во тој дух била и една телеграма на Главната позадинска управа (Главно тилово управление) од 22 II 1916 година во која, покрај другото, се бара „при сеењето да се има предвид да се сеат култури што даваат хранителни продукти и фуражи...". Така поголем дел од земјата, предвидена за тутун, била веќе засеана кога била издадена спомнатата наредба од началникот на МВИО. (Д.А. НРМ, МВИО ОУ, Кратово).

-АМ, Скопје, МВИО ОУ, Кратово

Цитирано од д-р Крсте Битоски, Положбата во Македонија..., 72.

Битолскиот регион кој за цело време на војната претставувале вистински театар за воените дејствија на завојуваните страни и нивните бројни и различни војски, занаетчиството материјално било наполно упропастено.

Како последица од мобилизацијата, занаетчиството било замрено. Додека во Бугарија мобилизираните биле заменети во фабриките од нивните жени и деца, во Македонија тоа не можело бидејќи немало фабрики, а во занаетчиските работилници жени не можеле да работат. Тутутнот, кој порано по монополските складови осигурувал работа на повеќе стотици работници, како што спомнавме, малку се произведувал.

Со поставувањето на фронтовската линија не можеле да се снабдат со најпотребните материјали, кои дотогаш се снабдувале воглавно од Солун, многу занаетчии биле принудени со занаетчиска дејност да се бават само повремено. Исто така тешко одел и пласманот на занаетчиските производи.

Голем дел од занаетчиите: колари, ковачи, железари, кои биле неопходни за поправување на земјоделските алати и сл., биле мобилизирани, а многу работилници затворени и така земјоделството лишено од една помошна услуга без која тешко се можело. Како пречка за нормална работа на земјоделците, особено по 1916 година, било немањето да се купи достатен земјоделски инвентар, или воколку го имало, нашите земјоделци со своите мизерни приходи не можеле да го купат.

Посебно врз населението во Битолскиот регион се одразило присуството на окупаторските војски кои биле сместени по куќите како во градот така и по селата. Сите куќи беа реквизиционирани. Германските војски уште со самото доаѓање во Битола биле сместени по куќите кај гркоманите, кои се надевале дека ќе бидат ослободени. Бугарските, пак, војници биле сместени во егзархиските куќи, како и

во муслиманските, еврејските и романските (влашките).[629] Незадоволството кај населението е дотолку поглемо, што секоја фамилија е задолжена секојдневно да ја снабдува војската со извесна количина леб, а оној кој не сакал да го стори тоа со сила бил приморан, а за тоа ништо не му се плаќало.[630] А тоа уште повеќе ја отежнувало положбата заради тоа што магацините со брашно во Битола биле полупразни (однесено со повлекувањето на српската војска).

Градот Битола, а и целиот регион се преполни со многубројна окупаторска војска. Еве што се наведува во еден француски извештај: „На 22. 12. 1915 година во Монастир (Битола) пристигнаа: 10.000 Германци со 300 коњаници со 6 топови, 4 минофрлачи и многу малку митралези.

На истиот датум се броеја:

I Во градот 15-20.000 Бугари (пешадија) со 30 рамнински топа, 8 планински и 50 митралези.

II Во селата јужно од Монастир 5.000 Бугари.

III Во Прилеп, Кичево и Ресен мали контингенти.

На 25. 12. се зборува за пристигнувањето на 40.000 Германци.“[631]

Во едно друго јавување се вели:

„На 28. 12. бројот на Бугарите кои пристигнаа во Монастир е поголем отколку што се мислеше во почетокот и бројот на војниците би бил од 30-40.000. Оваа бројка е прифатена од воената власт во Флорина. Исто така, имало и неколку австриски групи, околу 2.000 луѓе, со трупа митралесци. Грото од бугарските сили биле од Тунџанската дивизија.“[632]

На цела Мариовска страна од селото Новаци на исток се наоѓа само бугарска војска и тоа: во Бач 500 војници, Брод 300, во Скочивир

[629]Guerre 1914-1918, Carton 10, dossier 5.
[630]На истото место, doss. VII, 129-134.
[631]На истото место, carton 22, dossier 5, No 70, page 28, 25 февруари 1916 - Воени германско-бугарски ефективи во Македонија.
[632]На истото место.

60, во Сливица 50, во Петалино 100, во Будимирци 60, Груниште 70, Градешница и Старавина по 100 и Гнилеш 700. Во Гнилеш се наоѓа командата на оваа војска. Од селото Велесело ( до с. Брод) насекаде се ископани ровови и се направени бунари, за што се исечени многу дрва.[633]

По селата на левата страна одејќи од Негочани спрема Битола има исто така доста војска бугарска и германска (повеќе германска): Во Острец има 850 војници и 6 топови, во Кишава 900 војници, а на возвишенијата до Граешница се прават утврдувања. Тука има неколку мали и еден голем топ. Во с. Магарево има 600 војници, во Дихово 400, Лавци 300, Буково 700, Маловишта 700, Цапари 500, Трново 2.400, Велушина 700, Крстоар 300, Породин 250, Барешани 100, Граешница 60, Нижополе 100. На 1.1.1917 година 3.000 бугарски војници пристигнале во Буково, село на 4 км југозападно од Битола.[634]

Од горенаведеното присуство на окупаторските војски во градот, а посебно во селата, може да се види како тоа присуство се одразило врз целокупниот живот на населението, деноноќно под присуство на војниците во куќите, низ полето, постојано терано на ангарија за потребите на војската, не им е дозволено, а и немале време да си ја обработуваат, а и немало кој зашто останал само по некој старец и жени, а и тие не можеле слободно да ја работат земјата.

Населението во Битолскиот регион сѐ до есента 1916 година немало мир и од бомбардирањата на француските авиони: „Битола е бомбардирана на 3 и јуни 1916 година - врз градот паднале повеќе бомби. Загинале 2 виши германски офицери, ранет еден грчки поп, разрушени се повеќе куќи. Повторно француските авиони ја

[633]АМ-Скопје - ДСНР на ФНРЈ, фонд: Политичко одделение, фасцикла 15, извештај од 20 V 1917 .
-Carton 22, dossier 5, N 79, page 6 - Бугарски воени ефекти во Битолско.
[634]АМ - ДА - ДСНР..., фасцикла 12.
-Carton 22, dossier 5, N 79, page 6, 4.

бомбардираат Битола, но биле пречекани од еден германски авион и германски топови од с. Кенали и Бистрица и морале да се повлечат.[635]

Во друг извештај се наведува за уште поголемо бомбардирање, со поглеми жртви. „Бомбардирањето" на Битола од француските авиони - 130 лица убиени и ранети. Ова бомбардирање предизвика страшна паника меѓу граѓанството. Германците ги повлекле своите војски од куќите и се упатиле во непознат правец.[636] Исто така бомбардирани биле и селата. Бомбардирана е и Кременица каде загинале неколку германски војници како и од населението.

Лерин бил често посетуван од непријателски авиони, кои често пати предизвикуваат многу жртви меѓу војската и граѓаните. Лерин заради тоа е пуст и опљачкан од Французите и Русите.[637]

На просторот каде се водеше Битолската операција есента 1916 година немаше село, а да немаше разрушена куќа, а некаде дури и целосно разрушени села: Сович, Горно и Долно Кремјани, Брод, Градилово (срамнето со земјата - повеќе не постои), Средно Егри (повеќе не постои), Меџитлија, Кременица.[638]

Поголем дел од куќите разрушени во селата: Рапеш, Суводол, Врањевци, Маково, Ореово, Добровени, Велесело, Неготино, Лажец, Барешани, Канино, Острец, Бистрица, Жабјани. Останатите села од јужната страна на Битола до Лерин исто така биле разрушени, но во помала мера. Евакуирани биле селата: Суводол евакуирано во с. Живојно и Тепавци, Маково во с. Скочивир, Паралово во с. Живојно, Врањевци во с. Живојно и Битола, Ореово во с. Живојно и Битола, Драгош во Леринско, Граешница во Леринско, Породин евакуирано.[639]

---

[635] АМ, ДСНР...ф.12, Извештај за непријателските војски и положбата во Србија.
-Carton 10, doss. VII, str. 196, Положбата во Битола бомбардирана од француската авијација.
[636] На истото место, carton 10, doss. VII, str. 196.
[637] На истото место.
[638] АМ, ДСНР, фонд: Политичко одделение, фасцикла 12, пов. бр. 571, Извештај од господин Рад. Шапоњиќ до Министерството за надворешни работи од 31 јануари 1917 година.
[639] На истото место, фасцикла 14, пов. бр. 371, јануари 1917, Стање у Србији, војвода В. Трбиќ.
-Guerre, Carton 10, doss. VII, str. 129-134. Положбата во Битола.

# ГЛАВА III

## ПОЛОЖБАТА ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПОД СИЛИТЕ НА АНТАНТАТА (ЕСЕНТА 1916 - ЕСЕНТА 1918)

### 1. Битолската операција и реокупацијата на Битола и дел од Битолско од страна на силите на Антантата (септември - ноември 1916)

Со создавањето на Македонскиот фронт (Солунскиот фронт), Македонија станала важно поприште за пресметка на големите сили во Првата светска војна. Така и Битолскиот регион од крајот на 1915 година и почетокот на 1916, станало многу важно жариште на воени судири.

Во јуни и јули 1916 година на француската и англиската војска кај Солун им се придружила и српската војска.[640] Британците и понатаму мислеле дека Македонскиот фронт е спореден и некорисен и настојувале да инсистираат на повлекување на своите трупи од Македонија заради јакнење на армијата во Франција и на Блискиот исток. Италијанската влада сакала Сојузниците да ги задржат своите трупи кај Солун, но категорички била против офанзивни операции на Балканот плашејќи се од евентуалните успеси на Сојузниците на Македонскиот фронт, во чиј состав се наоѓа и српската војска, би ги довела во прашање и претензиите на Италија на Балканот (во Албанија и на Јадранот). Франција и Русија, раководејќи се од своите интереси на Балканот (посебно на Франција во Македонија), се зала-

[640]Српската војска била составена од 3 армии со вкупно 6 пешадиски и една коњаничка дивизија од 151.920 борци, која образувала самостоен контингент, примила оружје и завршила со реорганизација на Халкидичкиот Полуостров.

гале фронтот да се одржи и да се оспособи за офанзивна употреба. Секако дека српската влада[641] и Врховната команда најмногу се залагале не само сојузничката армија да остане на Македонскиот фронт туку и да се формира армија од милион војници, и со неа да се преземе силна офанзива заради исфрлањето на Бугарите од војната, да се пресече комуникацијата Берлин - Цариград и најпосле би имала големо значење и за победата над Централните сили.[642]

Фронтовата линија на Македонскиот, наречен уште и Солунски фронт се протегала од Охрид до Орфанскиот Залив на грчко-српската граница (според Букурешкиот мир) на македонската територија и понатаму на бугарско-грчката (пак според Букурешкиот мир) по долината на реката Места до Егејско Море.

Северно од фронтовата линија биле распоредени бугарско-германските и австро-унгарските војски. Јужно биле распоредени силите на Антантата[643]: француски, англиски, српски, руски, италијански, а подоцна и грчки.

Бугарите и Германците во пролетта на 1916 година на Македонскиот фронт своите сили ги распоределе вака:

Првата бугарска амрија на генералот Климент Бојаџиев, го зазеде десното крило на фронтовата линија, од градот Дебар до Кожув Планина, со штаб во Битола.[644] Втората бугарска армија на генерал Тодоров, се зацврсти на левото крило од гребенот на Беласица до Рупел, штабот во Левуново. Додека Единаесеттата германска армија на генерал Галвиц се наоѓала од двете страни на реката Вардар од

[641]Велики рат Србије за ослобоѓење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 1926-1938, књ.VII, 344-346, 348-353, књ. IX, 257-258.
-Петар Опачиќ, Солунска офанзива 1918, Београд, 1978, 18.
[642]Les Armées francaises, t.VIII, vol. I, 521.
-Пешиќ П., Солунски фронт војно-политичка акција, Београд, 1921, 11-15.
-Sarrail, général, cit. delo, Annexes N 12.
[643]Алимпиќ Миливоје, Солунскиот фронт, Београд, 1967, 58.
-ВРС, XVI, 105, 300.
-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 309.
[644]Александар Ганчевъ, Войните презъ третото българско царство, без година, София, 409.

Кожув Планина до Дојранското Езеро, штабот во Валандово.[645] На крајното десно крило дејствувале и австро-унгарски, а во Скопје и Прилеп турски единици.

Српските војски се распоределе на централниот сектор од јужната страна на фронтовата линија и го имала следниот распоред:

I -та армија (десно крило) од Вардарец преку Бојмица - Извор до Фуштани.

II -та армија (центар) - преку Кожув и Ветерник до Добро Поле.

III -та армија, со коњичката дивизија (лево крило) од Добро Поле преку Кајмакчалан до патот Баница - Лерин.[646]

Француските трупи биле расположени на истиот терен со српските, италијанските и руските,[647] а на левото крило на запад од српските, англиските, а од 1917 и грчките трупи распоредени на десното крило, во Југоисточна Македонија од Вардар - Дојран до бреговите на Егејско Море.

Така на македонската земја, во пролетта 1916 година, покрај воено-политичка и економска експлоатација, по фронтовата линија која ја свела на две окупациони зони, се нашле многубројни воени сили, во јачина од преку 300.000 луѓе,[648] кои, секако, на директен или индиректен начин биле на товар на македонскиот народ.

Во првата половина од 1916 година било време на подготовки на двете завојувачки старни за посериозни дејствија. И едните и другите

---

[645]На истото место.
-Недиќ, Ѓ. Милан, Српска војска и Солунска офанзива, Београд, 1932, 21.
-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 304.

[646]Алимпиќ Миливоје, цит. дело, 95-96.
-Станевъ Н., Цит. дело, История на Европа, 89.
-Станојевиќ Станоје, Народна енциклопедија српко-хрватска-словеначка, књ. IV, 89.
-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 308.

[647]Сојузничката војска била во состав: 5 англиски и 4 француски дивизии и 6 српски пешадиски дивизии, една руска бригада во состав околу 9.000 души, а подоцна во септември - октомври формирана е уште една руска пешадиска бригада поверена на генералот Дитерихс. Во август 1916 година на Солунското пристаниште растоварена е 35-тата италијанска пешадиска дивизија од 30.000 души.
-Ал. Ганчевъ, цит. дело, 410.

[648]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 311.

се готвеле да ја пробијат фронтовата линија на југ, односно на север и како би ги оствариле своите замислени цели. Имено, на Централните сили - бугарските и германските единици замислата им била да ја пробијат линијата и да продрат во јужниот дел од Македонија, главно кон Солун. Силите на Антантата, пак, се готвеле да пробијат на север по реките Места, Вардар и во правец на Битола, од каде би ја зазеле Западна Македонија.

Најпосле во текот на летото преговорите на Антантата со Романија приближувале кон успешно завршување. Источната армија[649] добила задача да се подготвува за офанзивна операција. Офанзивата била планирана за 20 август.

Меѓутоа, на 17 август 1916 година, 1-та бугарска армија ја премина границата со Грција, кај селото Кенали (Кременица) во правец на Лерин и така започнаа големите крвопролевања на Битолскиот сектор од Македонскиот фронт,[650] кои ќе траат сè до 19 ноември 1916 кога Битола ќе биде реокупирана од силите на Антантата.

Бугарската армија за пет дена продрела до Островско Езеро, каде што била запрена.[651] По заземањето на Лерин, бугарските единици на

---

[649]Главен командант на Источната армија бил францускиот генерал Сарај. Британската влада долго време се противеше да го признае генералот Сарај за главен командант, и покрај притисокот од страна на француската влада да го признаат Британците, тие тоа го направиле, т.е. го признале за командант дури на 2 јули 1916 година, кога британскиот воен командант генералот Милн му се потчини на генерал Срај, но само за одбраната на Солун.

-Zofr, Ratni memoari, Beograd, 1956, 460, 532, 556.

-Миливоје Алимпиќ, цит. дело, 104.

На 9 август бугарските и германските единици започнале офанзива на Дојранскиот сектор од фронтот. Борбите траеле до 18 август, но не дојде до промена на фронтовата линија.

-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 310.

-Ал. Ганчевъ, цит. дело, 412.

[650]Со оваа офанзива Бугарите имале јасна намера да го поколеба моралот на српските диници; Да со преминувањето на грчката територија влијае на Грција да премине на страната на Централните сили и најпосле да ги протера Сојузниците од Солун, заради што тоа го пропушти од крајот на 1915 година и од почетокот на 1916 година.

-Стојичевиќ М. Александар, Историја наших ратова за ослобоѓење и уједињење од 1912-1918 година, Београд, 1932, 516-517.

[651] Георги Марков, цит. дело, 264-269.

-Vojna enciklopedija, drugo izdanje, tom 9, Beograd, 1975, 313-315.

-Тасевъ Петъръ, На Битолския фронт съ шестата пехотна бдинска дивизия, в свъетовната војна 1915-1918, София, 19129, 20-29.

23 август го зазеле Костур[652] и бројни населби. Бугарските единици исто така постигнале и стратегиски напредувања и утврдувања и на планината Чеган, која била доминантен пункт за продирање во Солунската рамнина.[653]

Додека битките виореа денонoќно, Романија потпиша договор со Антантата (на 17 август), но тоа во моментот не се одрази врз положбата на боиштето. Така била воспоставена нова фронтова линија од Битолскиот сектор од Костур - Каилари (Влахоклисура) - Западниот брег на Островско Езеро - Горничево - Мал и Голем Нице - Чеган - Кајмакчалан - Добро Поле. При овие жестоки борби пропратени со артилеријата од двете страни бројни населби биле делумно или сосема разурнати и опожарени. Посебно настрадале населбите околу планината Чеган од дејствијата на разновидни орудија посебно од француската артилерија.[654] Потоа оружјата за кратко време стивнале и во Битолско и во Дојранско и на Кајмакчалан. Но, тоа не било ништо добро ни за војниците ни за македонското население, што се најде меѓу два огна.

На 12 септември француските и српските единици презедоа офанзива против бугарските единици во правецот на главниот удар Горничево - Битола, го пробиле бугарското утврдување кај Горничево (Горничевска битка 12-16 септември) и ги принудија бугарските единици на повлекување.[655]

---

[652]Георги Марков, цит. дело, 267.
[653]На истото место.
-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 311.
[654]Станевъ Н., Нова България, цит. дело, 418.
-Народна енциклопедија српско-хрватска-..., 89.
[655]Поповиќ У. Р., Изводи из историје ратова за ослобоѓење и уједињење 1912-1918, Земун, 1938, 131-137.
-Тасевъ Петаръ, На Битолския фронт..., 19-29.
-Алимпиќ Миливоје, Солунски фронт, Београд, 1967, 146-163.
-Les Armées francaises, tom III, vol. II,161-163, 187, 401-403.
-Недевъ Н., Българи въ световната война 1915-1918, София, 1925, 111-120.

При повлекувањето Бугарите[656] се повлекле северно од Кајмакчалан и од нови позиции ја продолжиле одбраната на највисокиот врв Кајмакчалан, кој се сметал клуч за Битола. Кајмакчаланското колење, што се повторуваше деноноќно, ги надминуваше сите претстави за грозотиите и нечовечностите на војната како војна. И Срби и Бугари гинеле масовно. Бугарите очајнички го бранеле Кајмакчалан „до последната капка крв". „Борбата личела на стихија - борба на живот и смрт!... Врвовите и долините се покриле со трупови."[657] Борбите траеле 12 дена, т.е. до крајот на септември, кога надмоќноста на српските и француските единици го скршиле големиот и храбар отпор на I -та Бугарска армија, која се повлекла кон завојот на Црна Река.[658]

По повеќедневни постојани борби на 4 октомври српската врховна команда го соопштила успехот до тој ден: „Ослободена Србија голема е 230 км$^2$; со седум села и 45 километри гранична линија.[659]

На 8 октомври српските единици го зазеле селото Скочивир и се префрлиле преку Црна Река. Тогаш започна битката над битките на Битолскиот сектор во Првата светска војна - битката при завојот на Црна Река, каде што непосредно биле загрозени непријателските позиции околу Битола, каде што „Србите се бореле со ретка самопожртвуваност против не помалку од нив упорните Бугари".[660]

---

[656]Уште во средината на септември кога положбата на 1-та армија станала прилично тешка сменет е командантот на 1-та армија генерал Бојаџиев со командантот на 2-та пешадиска Тракиска дивизија генерал Д. Гешов.

[657]Станевъ Н., цит. дело; Нова България...., 420.
-Јелениќ Ѓурѓе, Нова Србија и Југославија, Београд, 1923, 355-356.
-Алимпиќ Миливоје, цит. дело, 167-182.
-Станојевиќ, Споменатата енциклопедија, книга IV, 89.

[658]Guerre 1914-1918, Carton 14, dossier N 151, page 171.
-Kolak S., Vasa, Solunski front, Novi Sad, 1957, 157.
-Алимпиќ Миливоје, цит. дело, 356.

[659]Јелиниќ Ѓурѓе, цит. дело, 356.

[660]Ал. Ганчевъ, цит. дело, 416.
-Sarrail, cit. delo, 170-171.
-Алимпиќ Миливоје, цит. дело, 202-221.
-Поповиќ У. Р., цит. дело, 139.

Пред Кенали (Кременица), јужно од Битола, Французите и Русите извршиле силен притисок врз германските и бугарските позиции, но нападите биле одбиени. Загинаа над 2.000 француски војници, како и повеќе од 800 руски, кои дејствувале со една бригада.[661] За тој неуспех на Французите бил сменет генералот Кордоније и на негово место бил поставен генералот Леблоа. По неколку дневни жестоки борби кај Кенали, кон крајот на октомври, Сојузничките сили успеале да се доближат до Битола од јужната страна на Битолската рамница.

Под силниот притисок од страна на силите на Антантата, бугарските и германските единици биле принудени да ја напуштат Битола,[662] на само 5 км северно од Битола, каде Бугарите заседоа нови позиции. На 19 ноември 1916 година Битола е заземена, најпрво влегла француската коњаница, па руската пешадија, а потоа и првиот коњички полк на српската војска ја минал Црна Река, западно од селото Новаци, и влегол во Битола.[663] Борбите околу Битола потраеле сè до 8.V 1917 година по што се оформил еден долг позиционен фронт кој се протегал од селото Карамани, село Раштани, кота 1248 - северозападно од Битола, на врвовите Кира Марица, Црвени Стени, Пелистер, помеѓу селата Сливница и Крани на Преспанското Езеро. Така војските на Антантата го запоседнале градот Битола со околијата

[661]Ал. Ганчевъ, цит. дело, 416.

-П. Тасевъ, цит. дело, 29-31.

-Станојевиќ, споменатата енциклопедија..., 89.

-Стояновъ Илия, 20 години отъ царуването на Негово Величество Борис III, царъ на Българите, 1938, София, стр .

[662]Последниот бугарски војник го напуштил градот Битола на 13 ноември во 8 часот претпладне.

[663]Јелиниќ Ѓурѓе, цит. дело, 356.

-Станојевиќ, Народна енциклопедија српско-хрватско-словеначка, 89.

-Sarrail, general, cit. delo, 180-181.

-Велс, т. X, Историја света, Београд, 689.

-Ганчевъ, цит. дело, 416.

-Да остане само забележано - напишал тој ден, со горчина, Пашиќ, во извештајот за заземањето на Битола - Што најтешко било, тоа нашите војници го свршија, а други влегоа во Битола. Сојузниците немале обзир спрема нашата војска, која ги добила главните битки и со тоа непријателот бил принуден да се повлечи од Битола, па требаше прва да влезе во Битола.

-Записници седнице министарског савета Србије 1915-1918, Београд, 1976, 53 (Драгослав Јанковиќ и Богумил Храбак).

јужно од фронтовската линија, додека војските на Централните сили, по загубата на Битола се повлекле по западните и северните висини на Баба Планина - Пелистер и на падините на Црн Врв, создавајќи утврдувања за една подолга позициона војна, подложувајќи ја Битола на систематско и жестоко бомбардирање, кое не престанало до крајот на војната.

Во борбите на Битолскиот сектор т.е. со битолската воена операција илјадници војници и офицери[664] паднале во борбите и во заробеништво.

Треба да истакнеме во оваа прилика дека при борбите на битолската операција имало и доста загинати Македонци. Така, во составот на српските „доброволечки" одреди имало голем број македонски регрути. Само во четата на српскиот четнички војвода Јован Бабунски (од македонско потекло) се наоѓале 1.700 луѓе од македонско потекло.[665]

При Битолската операција од големите разурнувачки дејствија, не само што страдала живата воена човечка сила, туку имало и доста жртви од мирното македонско население во непосредната близина, а и на самата фронтовска линија, ова особено важело за селата јужно од Битола, при завојот на Црна Река и леринските села.

Материјалните штети и разурнувања што настанале на битолскиот сектор, населените места биле сосема или делумно уништени, а некои од нив во текот на воените операции и за секогаш исчезнале[666] (Градилово, Букри, Горно Егри, Петалино). За состојбата во Битолскиот регион додека траат воените дејствија, еве што ни

---

[664]При Битолската воена операција силите на Антантата дале 47.000 жртви, од кои 27.337 српски, 13.786 француски, 4.380 британски, 1.116 руски и извесен број италијански војници. Од Централните сили само Бугарите дале 40.000 души, убиени и ранети.

- История Первой мировой войни, том 2, Москва, 1975, 219.

-Ганчевъ Александар, цит. дело, 416.

[665]Д-р Александар Трајановски, Македонците и меѓународните односи на Балканот (1914-1919), Гласник, 38, 1-2, 1994, 53-54.

[666]М-р Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско меѓу двете светски војни (1919-1941), Битола, 1992, 41.

зборува владиниот комесар за српските бегалци на грчка територија. „Чест ми е да Ви доставам извештај од началникот на Мариовската околија, од 20 октомври 1916 година со селднава содржина: „Од пред 4 дена се наоѓам во с. Сович, кое засега е надвор од непријателскиот артилериски оган, а овде ќе останам сѐ додека не биде ослободен преминот за понатаму. Обиколувајќи ги селата: Живојно, Сович, Бач, Брод, кои секојдневно биле под непријателската артилерија. Селата Скочивир, Сливица, Добровени и Сович, опљачкани се од непријателот и повеќето од населението гладува, особено во првите три села (Скочивир, Добровени, Сливица), кои сѐ уште се под непријателски оган. Денес од овие три села, по втор пат дојдоа кај мене околу 50 лица, за кои се уверив дека гладуваат и бараат помош од храна, а по уверување и на останатите селани. Има и многу од поимотните кои немаат храна, ниту пак од каде да набават.[667]

Публицистот Рајс за време на воените операции при завојот на Црна Река го посетил селото Петалино и еве што ни зборува:

„Петалино, сиромашно мало македонско село од 5-6 куќи. Тука се сместени бегалците од Груниште под ведро небо. Нив ги има повеќе од 200 и ги храни војската. Ми кажуваат сѐ што претрпеле од војната.“[668]

На 22 ноември Битола ја посети Рајс и ги опиша своите впечатоци во едно писмо со ист датум:

„Најпосле, стигнуваме до влезот на градот. Големата касарна, со розе фасада, е изгорена. Станицата е оштетена и неколку локомотиви стојат тажно врз искривените шини... На улицата деца со испиени образи ме застануваат барајќи од мене парче леб... А Македонците бараат само една работа: да ги остават најпосле на мир да можат да работат во целосна безбедност и да го заработуваат својот живот.“[669]

---

[667]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на макеоднскиот народ (1913-1917), Скопје, 1981, 357.
[668]Рајс, Р.А., Шта сам видео и преживео у великим данима 1915-1918, Београд, 1927, 114.
[669]На истото место.

## 2. Воено-полициска и административна управа во Регионот

Со Битолската операција есента 1916 година на еден мал дел од вардарскиот дел на Македонија, Битолскиот регион, кој пред почетокот на Првата светска војна се наоѓал во состав на Кралството Србија, вклучувајќи го и градот Битола и неколку битолски, преспански и охридски села биле реокупирани од српски, француски, италијански и руски војски и на таа територија повторно била воспоставена српска власт.[670]

Со реокупирањето на градот Битола и на одделни битолски, преспански и охридски села од српски, француски и италијански војски, била воспоставена српска власт од што произлегле нови проблеми. Повлекувањето на бугарските и германските воени сили од таа територија и нивното лоцирање во непосредна близина на градот Битола,[671] влијаело градот Битола да биде отсечен од својата непосредна заднина, па во економска и воена смисла градот трпел значителни штети. Сепак, најголема тешкотија за Битола и за еден поголем дел од битолските села претставувала токму близината на воените позиции на бугарските и германските војски кои постојано, всушност и неколку пати дневно ја гранатирале Битола, уривајќи го систематски градот, јавните и приватните објекти, при што имало и човечки жртви.

Постојаната опасност што висела над Битола и над триесетина битолски села, влијаело во Битолско да се создаде неиздржлива

---

[670] Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето..., 311-315.

[671] Битола...Прва сјајна точка на хоризонтот на окупирана Србија, прв знак на слобода и наш суверенитет, по воскреснувањето на нашата херојска војска на Солунскиот фронт! Тој, затоа и со право се смета, наш најсреќен град. Па, тој е прв, уште во 1917 година слободно се разбранува, дури во мрак и окови уште долго стенкаше и лелекаше сета останата српска татковина.

Под непрестаен оган, кој излегуваше од бугарските и германските опсадни топови од Пелистер и Облак, Битола маченички, но сè уште витешки им одолеваше на сите воени тешкотии на тоа време. Но, што можат маките да сторат, кога таа доживеа тука, на нејзините гради, повторно да се развее српската тробојка? Да, зашто Битола прва ја доживеа таа чест, баш на нејзината област, повторно да започне полната суверена власт на нашата држава.

-Споменица Никола П. Пашиќ 1845-1925, Београд, 1926, 44.

Постојаната опасност што висела над Битола и над триесетина битолски села, влијаело во Битолско да се создаде неиздржлива состојба во сите аспекти на животот. Затоа мнозина битолчани и жители на битолските села ги напуштале градот и селата и во бегства го барале излезот од таквата тешка состојба, создадена со реокупирањето на нивната територија. Со реокупирањето на Битола и на неколку села во Битолско, Преспанско и Охридско, кои што се наоѓале во непосредна близина на поранешната српско-грчка гранична линија, може да се заклучи дека заедничката француско-италијанска, руска и српска воена акција, преземена на дел од Македонскиот фронт - на Битолскиот сектор, претставува вистинска воена бесмислица, што и одделни документи го потврдуваат.[672]

Со реокупирањето на градот Битола и на неколку села во непосредна околина на Битола, диктирале политички цели, а не воени. Всушност, со реокупирањето на споменатата територија се настојувало да се прикаже пред тогашното меѓународно јавно мислење дека континуитетот на постоење на Кралството Србија во вардарскиот дел на Македонија не бил прекинат, и тоа особено на територијата заземена со Балканските војни, што од меѓународен правен аспект, имало свое значење.

На почетокот треба до го истакнеме фактот дека во сета реокупирана територија во вардарскиот дел на Македонија од Сојузничките војски на Антантата (српски, француски и италијански), која што опфаќала дел од Битолско, Преспанско и Охридско во текот на Првата светска војна, била воспоставена воена состојба. Тоа било и разбирливо, бидејќи постоењето на фронтовската линија меѓу двете спротивставени војски на Антантата и на Тројниот сојуз била во непосредна близина.

---

[672]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје, 1981, 12.

Така, српските воени органи воспоставени на реокупираната територија во Битолско, Преспанско и Охридско, како и донесувањето на соодветни норми од воспоставените српски власти на реокупираната територија, морале да се повикуваат и да се усогласуваат со воспоставената воена состојба, со воените правила што ги носеле француските воени органи. Од ова може да се заклучи дека иако реокупираните српски воени и цивилни органи се наоѓале во правна смисла „на своја територија, тие привремено во текот на траењето на Првата светска војна, ја загубиле својата сувереност. Тоа јасно се гледа и од приложениве документи.

Всушност, француските воени органи пропишувале воени правила за реокупираната територија, според кои сите морале да се однесуваат и за било каква активност. Така, во смисла на организирање на административно-територијална власт, потоа во областа на образованието, во полициската струка и во другите активности, морало да се усогласува со француските воени норми. Треба да се истакне дека пропишаните правила на француските воени органи биле мошне строги и биле пресметани со тоа да се оневозможи било каква непријателска дејност на реокупираната територија.

Тие барале и строго санкционирање на сите луѓе кои што на било каков начин соработувале со дотогашниот бугарски окупатор на реокупираната територија. Сѐ почнало со една практика на реваншизам, со затворање на Македонци, Турци и други луѓе на реокупираната територија во Битола и Битолско и пошироко. Така, на удар на воспоставените воени и полициски власти на Србија на реокупираната територија дошле дури и трговците кои што своите производи им ги продавале на бугарските, германските и австриските војски, сметајќи ја таквата дејност за соработничка со окупаторот. Понатаму, на удар на воспоставените воени и цивилни власти дошле и учителите, кои не успеале да се повлечат со бугарските воени и

цивилни власти од реокупираната територија и останале и натаму на таа територија, бидејќи некои од нив биле месни жители, Македонци. Тие не сметале за потребно да ја напуштат сопствената територија, под претпоставката дека новиот окупатор нема да биде толку ригорозен нив да ги казне за дотогашната дејност во образованието, односно во образовните институции на бугарскиот окупатор.

Така, сите учители што останале на реокупираната територија биле осомничени и обвинети за соработка на дотогашниот окупатор. Тие биле притворени и сместени во специјални логори каде што над нив бил воведен строг надзор и режим. Одделни, пак, луѓе за поистакнатата соработка со бугарскиот окупатор биле стрелани од француските воени органи што говори за суровиот однос на воените органи[673] спрема оваа категорија луѓе.

Во општествено-политички и економски поглед за населението во реокупираната територија - од Битолскиот округ, била воведена тотална воено-полициска управа, надзор и контрола на населението. Движењето на населението било апсолутно забрането во сите населби од реокупираниот дел од Битолскиот регион, како и самиот град Битола.

Во есента 1916 година и почетокот на 1917 година била извршена ***административно-територијална поделба*** на Битолската и Мариовската околија, потоа дошло организирањето на општините во горе наведените две околии, како и поставување на службеници по реокупираните органи, кметови по селата како и писари - (полициски писари во полициските станици). Во служба на реокупаторските органи биле вратени и сите поранешни соработници на српската власт од оваа територија. Посебно треба да истакнеме дека со повлекувањето на

[673]За ригорозноста на воените закони во текот на реокупацијата на Битола и Битолско се говори во повеќе документи. Треба да се истакне на реокупираната територија владееле француски воени закони, така што суверeноста на Кралството Србија на реокупираната територија во текот на Првата светска војна не била почитувана како сојузничка страна, воените закони биле над сè.

српските власти од вардарскиот дел на Македонија во есента 1915 година, со српската војска, како што веќе спомнавме се повлекле и извесен број чиновници од административната и полициска служба, така што и во бегство тие, формално ги задржале своите дотогашни именувања, звања и слично. Дел од чиновниците останале[674] на окупираната територија во Македонија и го чекале враќањето на српската војска на македонската територија и нивното реактивирање на соодветни службени места. Така станало и со реокупираната територија во Македонија, дел од Битолскиот регион, есента 1916 година. Сите службени лица во дотогашните српски административни и полициски служби биле вратени на дотогашните поранешни функции и се зафатиле со реорганизирањето на власта и на реокупираната територија, продолжувајќи со поранешната активност на македонската територија.[675]

Во заземената Битола,[676] во есента 1916 година, српските власти

[674]Еден друг висок граѓански службеник, кој остана во Битола од нејзиното ослободување до крајот на војната, беше претседател на општината, Г. Лешнаревиќ. Овој човек, секогаш достоинствено го држеше своето место. Битолчани му должат многу на својот сограѓанин - тој е родум од тој крај кој со својата љубезност и почит, умееше да постигне многу за нив од српските и француските воени власти.

-Д-Рајс, Р.А., Шта сам видео и преживео у великим данима (1915-1918), Београд, 1928, 128.

[675] Началникот на Битолскиот округ, М. Јовановиќ до Министерството за внатрешни работи за воспоставувањето на српската власт во реокупираната Битола ни соопштува:

„Денес 7 ноември, во 11,20 часот предпладне, стигнав во ослободената Битола. Власта на окружен старешина, веднаш ја зедов во свои раце. Канцеларијата ја сместив во општината бидејќи градоначалството изгоре.

Во градот владее целосен мир. Дел од Битола сè уште е под непријателски оган. Многу видни граѓани или се интернирани или се одведени од Бугарите, при нивното повлекување на 5 овој месец. Битола е ограбена од бугарската војска. Намирници нема, па неопходно е сите животни намирници, особено брашно, најитно да се достават. Народот вистински се радува што се куртули од Бугарите. Градот го затекнав веќе поделен на реони: српски, француски, руски и италијански. Српскиот реон е на десниот брег на реката Драгор.

Преземено е истражување и попис на пленот. Командантот на местото, полковникот Лазар Матијевиќ стигна во баталјонот во 15 часот. Во договор со него ги регулирам работите.

Вечерва пристигна г. Рајс и моли за тоа да се извести г-динот Пашиќ и Врховната команда.

Ве молам веднаш да ми го упатите Ристо Цветковиќ, кој ми е многу потребен.

Киријасовата печатница е целосно сочувана.

-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917..., 357-358.

[676]„Во него во 1917 година по бесмртниот Кајмакчалан, повторно се зачна нашата администрација, која ја обнови, во името на нашиот Крал Ослободител, според нашите српски закони, првиот наш повоен окружен началник, пок. Мих. Марјановиќ. Тука во Битола, во тоа време била воспоставена и нашата прва повоена самоуправа, под претседателство на г. Лешнаревиќ во градската општина. А тука во Битола го имавме и првото повоено командно место, на наша територија, кое цврсто го држеше во свои раце нашиот познат херој од Бабуна пок. полковник Душан Васиќ.“

во воено-административна смисла ја поделиле власта со останатите свои сојузници. Битола била поделена на француски, италијански, руски и српски окупационен реон.[677] Главната команда ја имале француските воени власти, на чело со францускиот генерал Сикр,[678] како командант на Битола.[679]

Прв окружен началник на Битолскиот округ бил Милорад К. Јовановиќ.[680] Вториот окружен началник на бомбардираната Битола бил капетанот Мих. М. Марјановиќ.[681] Претседател, пак, на битолската општина бил господинот Лешнаровиќ. Реокупираниот дел на Битолскиот округ беше поделен на двете нецелосни околии - Битолската и Мариовската. Началник на Битолската околија беше Василије Стојилковиќ, а на Мариовската Стефан Николиќ.

Села по општини во Мариовска околија[682]

1. Бачка општина: Бач,[683] Сович,[684] Живојно,[685] Горно и Долно Кремјани.[686]

[677]Архив на ИНИ - Владини комесари Србије 1914-1920, инв. бр. 122, 1917, бр.949 од 20.XI 1916, телеграма на окружниот началник М. Јовановиќ до МУД.
[678]Архив на Македонија, -ДА СИП, Политичко одделење, Штаб ВК О бр. 9893, 26 XII 1916, Солун,
[679]Битола била поделена на следните квартови (реони): кварт Драгорски, кварт Београдски, кварт Варошки, кварт Св. Неделски. Србите го имаа десниот дел од реката Драгор.
[680]Озбилен човек, искрен и храбар, тој ја организирал и првата поноќ за гладното население. И покрај бомбардирањата тој ги вложувал сите напори да создаде еден нормален живот доколку тоа го допуштале околностите.
-Рајс Р.А., Шта сам видео и преживео у великим данима (1915-1918), Београд, 1928, 126.
[681]Поранешен претседател на белградската општина. Тој бил љубезен и добар човек, истовремено и администратор со искуство.
-Рајс Р.А., Шта сам видео и преживео..., 126-127.
[682]Канцеларијата на Мариовска околија била сместена во селото Бач.
[683]Двегодишна престолнина на Кралството Србија во селото Бач, прва српска престолнина на тлото на Јужна Србија после паѓањето во турско ропство, Бач престолнина на „Мала Србија“ во времето од Кајмакчаланската победа есента 1916 до пробојот на Добро Поле од Македонскиот фронт есента 1918 година.
-Споменица двадесетпетгодишнице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937, 9
[684]Село во општина Бач. Тоа било првото „ослободено“ село во Битолскиот округ со Битолската операција есента 1916 година.
[685]Село во општина Бач.
[686]Денес селото Гермијан, во чија непосредна близина се наоѓаа кралските штали, оддалечени 2,5 километри од „престолнината“ на Кралството Србија во селото Бач.

2. Бродска општина: Брод, Велесело,[687] Тепавци, Гнеотино,[688] Градилово (сега не постои),[689] Доброверни, Скочивир, Сливица, Полог,[690] Гнилеш,[691] Чегел (сега не постои), Балдоенци.[692]

3. Кеналска општина: Кенали, Меџитлија,[693] Букри (порушено), Горно Егри (разрушено),[694] Средно Егри и Долно Егри.[695]

4. Будимирска општина (нецелосна): Будимирци, Груниште[696] и Петалино.[697]

5. Новачка општина (нецелосна): населението од сите села на Новачка општина е иселено заради воените потреби.

6. Маковска општина (нецелосна): Исто и од Маковската општина населението е иселено заради воените потреби.

Мариовската околија (со 34 села) е поделена на пет полициски одделенија[698] и тоа:

1. Полициското одделение во село Брод ги опфаќа овие села: 1. Брод, 2. Веле-село, 3. Градилово /сега не постои/, 4. Тепавци, 5. Гнеотино, 6. Балдоенци /сега евакуирано/.

2. Полициското одделение во село Скочивир ги опфаќа овие села: 1. Скочивир, 2. Доброверни, 3. Сливица, 4. Полог, 5. Гнилеш, 6. Чегел /сега не постои/, 7. Ивени.

3. Полициското одделение во село Петалино ги офаќа следните села:Петалино, Будимирци и Груниште.

---

[687]Денес села во општината Бач.
[688]Села во општината Новаци.
[689]Градилово денес не постои.
[690]Села во општина Бач.
[691]Село во општина Новаци.
[692]Денес овие села не постојат.
[693]Села во општина Бистрица.
[694]Денес овие села не постојат.
[695] Села во општина Бистрица.
[696]Села во општината Старавина.
[697]Селото Петалино денес не постои.
[698]Претставникот на Министерството за внатрешни работи на српската влада во бегство дал конкретни упатства на раководителите на српските реокупаторски власти во Мариовската околија во формирањето на општините, полициските станици и судската власт, во администрацијата, односно во административно-територијалната власт и поделба на селата по општини. За формирањето на магацини за сместување на производи за прехрана и населението и за нивната конкретна задолженост во вршењето на функциите на власта и во полициската струка.

4. Полициското одделение во село Кенали ги опфаќа овие села: 1.Кенали, 2. Меџитлија, 3. Букри (срушено), 4. Гор. Егри (срушено), 5. Средно Егри и 6. Долно Егри.

5. Полициското одделение[699] во селото Живојно ги опфаќа овие села: 1. Живојно, 2. Сович, 3. Гор. Гермијан и Дол. Гермијан /сега во двете села има 5 куќи/.

Во Битолска околија, во реокупираниот дел, биле „ослободени" 21 село, поделени на 5 општини, и тоа:

1. Општина Буковска со општинска судница во селото Буково.[700] Оваа општина се состои од 5 села и тоа : 1. Буково, 2. Крстоар,[701] 3. Ореово,[702] 4. Бистрица и 5. Кравари.

2. Општина Барешанска[703] со општинска судница во село Канино. Оваа општина се состои од 6 села и тоа: 1. Барешани, 2. Канино,[704] 3. Олевени,[705] 4. Породин, 5. Жабјани, и 6. Злокуќани.

3. Општина Велушинска,[706] со општинска судница во село Велушина. Оваа општин се состои од 3 села: 1. Велушина, 2. Лажец,[707] и 3. Острец.

4. Општина Драгошка со општинска судница во селото Драгош. Оваа општина се состои од 3 села и тоа: 1. Драгош, 2. Граешница,[708] и 3. Кишава.

---

[699] Во полициското одделение во село Брод писар бил г. Гргур Дубоњац, во полициското одделение во село Скочивир ќе работат писарите г. Никола Алексиќ и Коста Алексиќ, во полициското одделение во селото Петалино ќе работи писарот г. Стојан Димитријевиќ, во полициското одделение во село Живојно ќе работи писарот г. Богдан Недељковиќ, и во полициското одделение во селото Кенали ќе работат писарите г. Тадиќ и Атанасије Стефановиќ.

-АИНИ-фонд: МУД, Крфска декларација, изасланик министра унут. Дела, началник окружни, Мил. О. Доронтиќ, 13 јануари 1917 год. во Бач.

[700] Буково, село во општина Битола.

[701] Крстоар, село во општина Битола.

[702] Ореово, село во општина Битола.

[703] Село во општината Бистрица.

[704] Село во општината Бистрица.

[705] Село во општината Бистрица.

[706] Село во општината Бистрица.

[707] Село во општината Бистрица.

[708] Села во општината Бистрица.

5. Општина Брусничка со селата: 1. Брусник, 2. Лавци, 3. Дихово, 4. Нижеполе.[709] Населението од сите овие села (2.042 жители) сместено е во Битола.

Околиската канцеларија чие седиште било во Битола, заради сегашните прилики во кои се наоѓа градот Битола била преместена во селото Буково. Но, бидејќи и ова село е во истата ситуација како и градот Битола, а и според наредбите на тамошната воена власт пристапот во ова село се забранува, воопшто не е можно оваа канцеларија да се остави и понатаму во селото Буково и истата била сместена во селото Велушина.

Битолската околија е поделена на 4 полициски одделенија и тоа:

1. Полициско одделение во Буковска општина со седиште во Буково;

2. Полициско одделение во општината Барешанска со седиште во село Канино.

3. Полициско одделение со седиште во селото Велушина; и

4. Полициско одделение во Драгошка општина со седиште во селото Драгош.

Под овие полициски одделенија потпаѓаат под надзор и работа оние села кои припаѓаат на дотичните општини во кои се основани овие одделенија.[710]

---

[709]Села во општината Битола.

[710] Бидејќи во самиот град Битола има доста значителен број иселени и избегани семејства од подрачната околија, за кои треба да се води грижа во поглед на сместувањето и исхраната, затоа таму ќе биде 5-ото полициско одделение.

1. Во полицискoто одделение во село Буково за Буковска општина ќе работи писарот г. Никола Радовајевиќ.

2. Во полицискoто одделение во селото Канино за Барешанската општина ќе работат писарите г. Петар Јовановиќ и Милан Костиќ.

3. Во полицискoто одделение во делот Велушина за Велушинска општина ќе работи писарот г. Ранко Ристаневиќ.

4. Во полицискoто одделение во село Драгош за Драгошка општина ќе работат писарите г. Александар Павловиќ и г. Владимир Миленковиќ; и

5. Во градот Битола ќе работи писарот г. Живан Митревиќ.

-АИНИ, фонд: МУД..., изасланик господ. Министр. унутр. дела, начални округа Свет. О. Доронтиќ, 23 јануари 1917 година, Велушина.

Должностите на полициските писари кои се одредени да работат во сите одделенија се следните:

1. Да се грижат за зачувувањето на редот и мирот и личната и имотната безбедност во нивниот реон. Ако се случи било какво злосторство или престап, веднаш да преземат истрага со цел да се пронајде виновникот, ако тој е непознат или ограбен, ако кражбата е извршена и веднаш да известат за тоа заради понатамошен ред.

2. Во договор со дотичните воени власти и месните општински власти да се грижат за распоредот на војската по куќите и зградите во селото да се врши така што месното население и она кое дошло од други исселени села да не остане без покрив, да се грижат исселеното население од исселените села да се размести по куќите и зградите, колку што може поудобно, а ако во дотичното село нема доволно место за нивно сместување да се разместат во други села со ваша наредба.

3. Со дотичните општински претседатели и селски кметови да се грижат за сиромашното население и на раселениот население да му дадат секаква можна помош во вид на огрев, осветлување и простории за огрев, во овие ладни денови, да им се овозможи собирање дрва, а да се користи и дрвен јаглен од нашиот воен рудник во село Живојно за соседните села, кој многу добро и корисно може да се употреби за огрев. Да се грижат за сиромашните на време да добиваат одредени количини брашно и на дојдените сиромашни иселенички семејства да им се пружи потребната помош во брашно за леб.

4. И воопшто да се грижат сите наредби кои ќе ги издадете во врска со зачувувањето на личната и имотната безбедност, редот, мирот и исхраната на сиромашното иселеништво, точно и навреме да се извршуваат.

5. Да се грижат воените бегалци од овие краеви кои веќе ги има многу брзо да се пронаоѓаат, фаќаат и предаваат на воените власти.

6. Да се грижат да се спречи движењето на сомнителни лица по селата или нивно заминување на борбениот фронт или во нивна близина, да се фаќаат и со нив да се постапува по постоечките наредби.

7. Да му укажува секаква помош и на нашите и на воените власти и на нашата војска и на војските на нашите сојузници. И воопшто во сѐ да постапуваат според веќе издадените наредби.

8. Писарите во овие оддели должни се барем секој втор ден да ги обиколуваат сите села од својот реон и лично да се уверат во состојбите во нив и веднаш да преземат сѐ што е потребно за да се изврши однапред изложена. Обиколувајќи го реонот ќе се грижат за зачувување и обезбедување на сите јавни згради, цркви, училишта, гробишта и др. Договорено со дотичните воени старешини да се спречува непотебното уривање на куќи и др. згради од страна на војската и разнесување материјал за лични потреби. Овие писари ќе се грижат семето кое е разделено на народот за сеидба, да се употреби за тоа, засеаните имоти по можност да се зачуваат и што повеќе пати да се обработуваат и засеваат.

Воопшто писарите ќе прават сѐ што е потребно за зачувување на редот, мирот и безбедноста, за помош на оние во невола, помош на војската и одржување и чување на народната благосостојба и здравје и да ги вршат сите оние наредби кои ќе им ги доставите и кои досега од страна на власта се издадени и тоа да го вршат најбрзо, најсовесно и најточно.[711]

Полициските чиновници во сегашните прилики мораат за добро и корисно завршување на работите да преземат и свои сопствени иницијативи и на тој начин да работат и да ги завршуваат сите работи онака како што нашите и општите интереси бараат. Не треба и не смее да се ограничи завршувањето на работите на добиените наредби, кои

[711]Архив на ИНИ-АРС-фонд: МУД, Крфска полициска архива, изасланик министра унутрашњих дела, началник окружни. Милан О. Доронтиħ од 31 јануари 1917 година во Бач.

не се во состојба сѐ да испишат и наредат, при многу работа кои полициските и општинските власти треба да ги завршат. Посебно внимание треба да се обрне на таквите работи на подрачните органи со цел секоја лабавост, слабост веднаш да се исправаат таквите чиновници, во првиот момент да се опоменат, потоа да се достават до вишите власти за понатамошна постапка. За работата на полициските органи, како први власти во нашата ослободена територија, посебно треба да се води грижа и од постарите и да му се посветува особено внимание и затоа со сите сили трудете се во сѐ со подрачните органи во потполност да одговорите на својата должност и на она што се бара од вас и од вашите подрачни органи.[712]

Новопоставените полициски и административни органи почнале веднаш да ја организираат работата при избор за претседатели во општините и кметови по селата.

Еве како е направен избор на претседатели на три општини на реокупираната територија, за кој избор началството на битолскиот округ го информира министерот за внатрешни работи.[713]

И во многу други извештаи началството на Битолскиот округ го информира министерот за внатрешни работи за состојбата на општините и селата во Битолскиот регион по реокупацијата од страна

[712]Архив на ИНИ-АРС, фонд: МУД..., Изасланик Министра унутр. Дела, Начелник окружни, Мил. О. Доронтиќ, 13 јануари 1917 год., Бач.

[713]„Началникот на Мариовска околија со акт од 26 февруари 1917 година ни го јавува следното:

„Поради многубројните работи, кои постојано се зголемуваат заради нередовните прилики, се укажа потреба, да покрај кметовите и одборниците во поранешните општини Будимирска и Новачка како и Маковска (порано ѝ припаѓаше на Прилепска околија) да бидат избрани и претседатели, избрани се следните претседатели:

На Будимирска - Илија Трајковиќ од Петалино, Новачка - Стојан Ристиќ од Суводол, Маковска - Темјан Надовиќ од Маково.

Засега општински судници за вoие општини нема да постојат додека сите територии на овие општини не бидат ослободени, а должноста на општински часници и одборници ќе бидат под надзор на полициското одделение, зашто повеќето од селаните од вoие села евакуирани во други села и во овие села доколку има доселено се и непознати. Должноста на овие претседатели, нивните кметови и одборници ќе биде во чисто надворешни работи и непосреден надзор на избеганите (евакуираните) од тие општини. Чест ми е за ова да го известам началството заради знаење.“

-На истото место, Краљевско српско началство окр. Битољског, бр. 1802 од 28. II 1917 год. у Битољ.

на војските на Антантата. Меѓу другото во извештаите се наведува за општата состојба во општините и селата, за сместувањето на населението, поставување на кметови по селата и претседатели по општините, за одржувањето и почитувањето на правилата донесени од воените команданти и на другите окупациони фактори.[714]

Сепак, српските власти колку и да дејствувале самостојно на теренот во реокупираната територија и Битола, пак биле потчинети на француските воени команданти и на другите окупациони фактори.[715] За секоја преземена акција од страна на српската локална власт, требало одобрување од француските претпоставени.

Оттука можеме слободно да заклучиме дека на реокупираната територија била воспоставена апсолутна доминација на француските војски, така што воените правила на француската војска - што таа ги препишувала за реокупираната територија биле единствено важечки.

---

[714]Од началникот на Битолската околија добив извештај под бр. 25 со следната содржина:

„Чест ми е да му поднесам извештај на началникот за положбата во општините и селата во поверената околија, која веќе е ослободена и која лично ја прошетав на 22, 24, 25, 26, 27 и 28 ноември.

Општината Буково и селата (Буково, Крстоар, Ореово и Кравари).

Барешанска општина и селата: Барешани, Олевени и Канино.

Велушинска општина и селата: Лажец, Велушина.

Општина Драгош и селата: Драгош и Граешница.

Прва задача ми беше да видам за населението каде е и колку има и во кое село се сместени, да ги соберам и да им соопштам дека нашата и сојузничката војска повторно ги зазела овие краеви, дека нашите власти веќе се дојдени и дека ја зеле власта во свои раце... и во секој поглед ојдов и да помогнам во имс на Бога и да ја извршам мојата должност како државна така и општинска. Со лична, искрена и предана поданост на Кралството Србија. Веднаш на лице место се распрашав како стојат работите во поглед на исхраната, како може да му се помогне...

Во селата поставив кметови и тоа:

Во Буково Коста Огњановиќ; во Крстоар Ѓорѓе Ивановиќ; во Ореово Петар Пановиќ; Во Барешани Коста Аневиќ; во Велушина Павле Ѓорѓевиќ; во Драгош Атанасије Стојановиќ. Претседатели не поставив ниту во една општина. Исклучок направив само во Буковската општина, каде за претседател го поставив Васил Богдановиќ кој замина со нас и сè до 25 овој месец беше на воена должност при 3-тата армија и од оваа со објава од 23 овој месец П. бр. 334 ослободен и упатен да ја прифати и својата претседателска должност.

На граѓаните им соопштив, за некое време да се стрпат и никаде да не се оддалечуваат од селото, особено без дозвола, а во своите домови да се повлекуваат рано на вечер, како и да избегнуваат осветлување во домовите и да не продаваат алкохолни пијалоци.

Чест ми е овој извештај да го доставам до Господинот Министер.“

-На истото место, начелство округа Битољског бр. 330, 30 номеври 1916 година, Битољ.

[715]Јасно се согледува нивната супериорност и примат во однос кон српските воени и цивилни власти чија потчинетост се гледа од секој чекор и во секој нивни акт. Сите акции што српските власти ги преземале, посебно во доменто на полициските и воените работи, морале да бидат санкционирани од француските воени и известувачки органи.

Францускиот генерал Сарај, како врховен командант на Македонскиот фронт, бил во тој контекст и на реокупираната територија.

Исто така, и италијанските војски на реокупираната територија пропишувале свои воени правила на однесување, меѓутоа и тие воени правила што ги донесувала италијанската војска, морале да бидат усогласени со воените правила што ги донесувале француските воени органи.

Во реокупираната територија, командантот на Источната француска војска[716] ги определувал сите мерки што требало да ги преземат во Битолскиот регион српските власти по извршената реокупација спрема граѓанството. Така во една прилика началникот на Битолскиот округ се ангажира да го замоли командантот на Источната француска војска за да се ублажат мошне строгите мерки, особено во движењето на селаните помеѓу селата, што биле мошне ограничени временски.[717]

---

[716]Француската војска била најбројна и разновидна со оглед на тоа што во нејзиниот состав влегувале војници од нејзините колонии. Војниците носеле различни униформи, различни капи, така што надворешно не изгледале многу војнички. Но, тоа не значело дека се лоши војници смели, храбри, поголемиот дел потекнувале од француските колонии, насилно мобилизирани со проблематично однесување.

-АМ, ПОБ, фонд, Богоја Фотев, с. Бистрица 1900-1993, ак.2, ае 22/247.

[717]До командантот на Источната француска војска

„Денес усно ми е соопштено од страна на Вашиот штаб - преку поручникот г. Роле:

1. Во иднина нема да се допушта премин преку граница без патна исправа и виза.
2. Секоја патна исправа Laisser-passer мора да се визира во Лерин од инспектор;
3. Штабот нема да заверува дневно повеќе од 20 патни исправи.

На ова усно соопштение на одлуката на Штабот чест ми е да го изнесам своето мислење:

По секојдневното бомбардирање на градот од страна на непријателот, уривање на домовите и многубројни жртви, на граѓаните на Битола им се препорачува привремено да ги напуштат своите домови, само за да ги спасат своите животи и животите на најблиските.

Тоа е принципиелната причина поради која населението ја напушта Битола. Никаква друга причина, по мое мислење не постои, затоа:

1. Според последните воени наредби машкото население од нашата српска територија, од 17-50 години подлежи на воена обврска. Тоа мора да се упати во Битолската дивизиска област заради извршување на оваа своја обврска.

Машкото население од преку 50 години, бидејќи не е способно за никаква воена служба, несомнено е неспособно и за било какви потешки работи во службата во позадината, па кога нему ни нашите закони не му пречат да може себе си и своето семејство да го сокрие од непријателот, не гледам причина зошто и на овие лица од преку 50 години да им се застане на патот кога се тргаат пред опасноста, која секој момент во Битола ги очекува од непријателските гранати.

2. Самото, пак, дополнително визирање на патните исправи во Лерин го отежнува стремежот на нашите возвишени сојузници да му помогне на осиромашеното српско население, кое скоро година дена поминало во крајно страдање.

Во еден друг документ командантот на Источната француска војска, генерал Леблоа, дава толкување до началникот на Битолскиот округ за регулирањето на патните документи на жителите на реокупираната територија.[718]

Началникот на Битолскиот округ протестира до Министерот за внатрешни работи во Солун[719] по повод постапката на еден француски офицер.[720]

---

Ако ова визирање на патните исправи, покрај овдешните визи, е неопходно, тогаш тоа би требало да се врши кај онаа железничка станица, каде граѓаните веднаш би имале воз за натамошни патувања.

3. Целта е да му се помогне на населението, а со тоа што бројот на патните исправи е ограничен до 20 дневно, ја попречува оваа цел.

Го молам, Господинот Генерал, да помогне околу мојата задача со српска припомош, со што јас што повеќе би можел да ѝ се посветам на својата многу поголема должност за безбедноста и успехот на нашите славни Сојузнички армии и да допринесам за нашиот заеднички успех.

Бидете уверен, Господине Генерале, дека имам особено почитување кон Вас."

-АИНИ, фонд: МУД, Крфска полициска архива, началство округа Битољског бр. 400, 3 декември 1916 година Битољ.

[718] Генерал Леблоа, командант на Источната француска војска, се обраќа до Началникот на Битолскиот округ:

„Во одговор на вашето писмо бр.400, кое се однесува на нашиот разговор што го имавме во однос на ова прашање, чест ми е да Ви ја потврдам одлуката што ја презедов, а со која вие се согласувате со мене околу патните исправи.

Само луѓето Срби, Румуни, Грци и Евреи кои не се мобилизирани, и жените и децата можат да добијат секогаш заверени патни исправи од страна на воените власти.

Што се однесува до мобилизираните луѓе, кои мораат да одат на Бањица, заради јавување по позив на српската регрутна комисија. Вие треба по групи само да ги соберете, во придружба на српските џандари. Поединечната листа која вие ќе ја составите за секој спровод, по препис визиран од мојот Штаб, ќе служи секогаш како заедничка патна исправа."

-АИНИ, фонд: МУД, Крфска полициска архива, генерал Леблоа, командант на Источната француска војска до г. началник на Битолскиот округ.

[719]Седиштето на Министерството за внатрешни работи на српската бегалска влада во текот на Првата светска војна се наоѓале во Солун.

[720]„Пред неколку дена кај мене дома доаѓаше францускиот полковник Шнајдер командант на Првиот Афрички полк и ме молеше да му дадам патна исправа за Ксенофон Балабановиќ - овдешен адвокат и за неговото семејство за заминување од Битола. Со себе ги доведе и самиот Ксенофон. Јас на господинот полковник му кажав дека веднаш ќе наредам да се издаде патна исправа за Ксефоновата фамилија, но дека на Ксенофон, кој бил наш неисправен граѓанин, не можам да му дадам пасош. Потоа му објаснив на г. полковник дека Ксенофон беше наш воен бегалец, и дека тој од грчка територија се врати во Битола дури по доаѓањето на Бугарите. Накратко му раскажал како минатата година Ксенофон се криеше од нашата војска па кога беше фатен и тоа во Кокошиње и натеран во команда, побегна од неа и скришно премина во Лерин, од каде се вратил ваму штом Бугарите дошле и дека за нивното време се декларираше како нивни пријател. Од овие причини, му кажав на г. полковник, дека не сум во можност да дозволам Ксенофон да замине од Битола.

Полковник Шнајдер не беше задоволен со секој мој одговор, па повторно бараше на секој начин на Ксенофон да му дадам пасош, напомнувајќи при тоа дека тој е добар пријател на Генералот сарај кој разведрува и наоблачува на овој фронт, и дека ќе биде доволно само да го извести па генералот Сарај, вели, веднаш ќе нареди на Ксенофон да му се издаде патна исправа, па дури за него и неговата фамилија ќе нарача автомобил.

Кога останав на своето т.е. дека Ксенофон не може да си оди од Битола, тогаш г. полковник се закани дека допрва ќе видиме, бидејќи тој ќе биде тој кој ќе го одведе со себе и Ксенофон и неговата фамилија.

За тоа дека француската војска имала апсолутна доминација во реокупираната територија и дека често пати од никој не прашувала за донесените одлуки може да ни посведочи долуприложената шифрирана телеграма[721] од началникот на Битолскиот округ, Јовановиќ, кој го информира министерот за внатрешни работи за стрелање на граѓани[722] од француски воени органи.

За ригорозноста на Битолскиот округ го информира Министерот на воените закони во текот на реокупацијата на Битола и Битолско, за што говори и еден документ.[723]

---

На ова го замолив г. Полковник да го почитува редот кој е востановен и признат, за издавање пасоши, и од самата овдешна француска команда и дека не треба како наш пријател и сојузник да оди под рака со еден наш некоректен поданик за да може од српска територија да замине, а да не ја исполни ни овој пат својата граѓанска должност во поглед на воената обврска; и најпосле да не си создава себе си една непријатност бидејќи за неговата постапка ќе мора да го извести својот Министер и да бара, заради помагањето на Ксенофон, по нередовен пат и без патни исправи, да ја напушти Битола, да протестира кај француската Врховна команда...

...За својата некоректна постапка г. полковник Шнајдер треба да искуси казна, и јас го молам Г. Министер да го оптужи во француската Врховна команда, бидејќи ги направил овие кривични дела: прво, ја повреди изричитата наредба на Командата на Источната француска војска дека никој не може да си оди од Битола без уредни исправи добиени од Начелството на окружниот и потврдени од францускиот штаб, наредба на штабот на Источната француска војска... и друго, што помогна одовде да си оди еден неисправен српски граѓанин на недопуштен начин, и со тоа го избегнал исполнувањето на својата воена обврска...

...Бидејќи Ксенофон веројатно отпатува во Солун, чест ми е да го замолам Господинот Министер да преземе кај нашите воени власти да го пронајдат и да го упатат на воена должност."Документов уверливо говори за тешката ситуација на битолчани, кои што поради бомбардирањето на Битола, морале да го напуштат градот.

-АИНИ, фонд: МУД, Крфска полициска архива, Началник округа Битоњског, Пов. бр. 818, 26 декември 1916 година, Битољ.

[721]На истото место, Шифра из Битоља, предата 30.XI 1916.„Јован Сточајувиќ, Јован Симоновиќ и Тодор Димитријевиќ се српски граѓани, Наум Хрисов и Анастас Спиро веројатно дека се српски граѓани, но за нив сè уште немаме податоци, затоа што никој не ги познава, а француската команда за нив испрати податоци во Солун до својата Врховна команда.

За сите лица известен сум откако се стрелани.

Учтив извештај на шифрираните телеграми од 27.XI 1916 година."

[722]Всушност, Македонци стрелани од француските воени власти за нивна соработка со бугарскиот окупатор.

[723]„Началството на Битолскиот округ го информира Министерството за внатрешни работи на српската влада во бегство за притворањето на еден Битолчанец поради чување на гулаби во својот дом: На ден 4 овој месец француската воена власт пронашла кај Сотир Костовиќ - Илијовиќ, млекар, со стан на ул. Брусничка бр. 45, околу 20 гулаби па заради тоа го притвориле Сотир и неговата жена.

Вчера вечер доставено ми е од страна на командата на местото дека Сотир и неговата жена ќе бидат во притвор и дека според француските закони ќе мора да се предадат на воениот суд затоа што се огрешиле според наредбата на Источната француска војска под бр. 15 од 22 ноември 1916 год., со која за чување на гулаби се изречува смртна казна. Наредбата за уништување на гулаби го издаде и ова началство под бр. 14 од 10 ноември минатата година."

-АИНИ, фонд: МУД, Крфска полициска архива, Началство Округа Битољског к.н. 204, 11 јануари 1917 година, Битољ.

Треба да се подвлече очигледно строгата казнена политика од страна на српските и француските органи на реокупираната територија од која најмногу страдале Македонците и другите кои живееле на оваа територија: Турци, Власи и други. Веднаш се започнало со составување на списоци на сомнителни лица од реокупираната територија од Битола и Битолско. За ова ни говорат повеќе српски документи од кои ние ќе наведиме неколку за илустрација.

Шефот на службата за безбедност при Министерството за внатрешни работи на српската влада во бегство испраќа список[724] на сомнителни лица.

## Список
## на интернирани српски граѓани и граѓанки, кои како сомнителни се спроведуваат на Крф[725]

| Ред. број | Име и презиме | Од каде е | Занимање | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Петар Стојановиќ | Суводол (Бит.ок.) | земјоделец | 35 години |
| 2. | Богдан Таневиќ | Суводол (Бит.ок.) | „ | |
| 3. | Идрис Сулејман | Пепелиште[726] | „ | |
| 4. | Димаја Мустафа | Велес | „ | |
| 5. | Паскал Јаковљевиќ | Галичник | „ | |
| 6. | Абдул Мустафа | Битола | „ | |
| 7. | Ѓорѓе Атанасовиќ | Кабасница[727] | „ | |
| 8. | Сотир-Тирча Димевиќ | Битола | „ | |
| 9. | Елена Нечева | Бугарија | учителка | |
| 10 | Фанија Илиева | Битола | „ | |
| 11. | Атина Наумовиќ | Лисолај[728] | „ | со женско дете од 2 години |
| 12. | Костадина Петровиќ | Лисолај | „ | |
| 13. | Симон | Моглец[729] | монах | |
| 14. | Вартоломеј | „ | јеромонах | |
| 15. | Антин | „ | јеромонах | |
| 16. | Петар Апостоловиќ | Штип | | |
| 17. | Недељко Грујевиќ | Битола | | |
| 18. | Адем Салија | „ | | |
| 19. | Расим Тасевиќ | „ | | |
| 20. | Милош Вујиниќ | „ | | |

[724]АИНИ, фонд: МУД - Крфска полициска архива, од 3 октомври 1917 година, Солун.
[725]На истото место, извештај од 3 октомври 1917, Солун.
[726]Село во општина Неготино.
[727]Непознато село.
[728]Лисолај, село во општина Битола, а денес во општина Кукуречани.
[729]Моглец, село во општина Македонски Брод.

Началството на Битолскиот округ бара од Министерството за внатрешни работи полициски лисици[730] за врзување на осомничени луѓе од реокупираната територија.

Српските полициски власти не правеле разлика за сомнителните лица, дали се тоа српски граѓани или странци, односот им бил ист.

Во приложениот прилог ќе видиме каде се барало упатство од Министерот за внатрешни работи за односот на српските џандари спрема странците кои престојуваат службено во реокупираната територија.[731]

Во еден друг документ се изнесува како началникот на Битолскиот округ, Јовановиќ, бара упатство од Министерот за внатрешни работи за понатамошниот третман на сомнителните граѓани.[732] Прогонувањето на сомнителните лица од страна на српски-

---

[730] „До Господинот Министер за внатрешни работи - Солун

Чест му е на Началството да го замоли Господинот Министер, да повели да нареди од Солун да се набават 20 пара лисици за врзување на виновниците, слични на тие кои се во употреба кај француската полиција.

Ова на Началството му е потребно што побрзо, зашто често има случаеви да се спроведат опасни виновници на реокупираната територија, а Началството нема доволно џандари при спроведувањето на виновниците. Окружен началник Јовановиќ“

- АИНИ, фонд: МУД - Крфска полициска архива, Начлство округа Битољског, бр. 1295 од 14 февруари 1917 година, Битола.

[731] Началникот на Мариовската околија со акт бр. 2353 од 15 септември 1917 година му го јавува следното: Во селото Скочивир, Мариовска околија, од пред неколку месеци во служба на Потпорниот српски фонд една жена - Англичанка по име мис Крајти, која како повереник на овој фонд раководела со работите во кујната од истиот фонд и зготвеното јадење му го делела на населението од ова село и на селаните од други села сместени во ова село.

Овие денови оваа жена е разрешена од должоста што ја вршела во мисијата и требало да се врати дома, како непотребна за понатамошната служба во мисијата, а нејверојатно отстранета од полицискиот писар г. Никола Алексиќ и џандариот Сушан Мисојиќ, на служба во селото Скочивир. Двајцата српски чиновници пред два дена ја испратиле тужбата до командантот на Првата армија генералот Васиќ, бидејќи оптужената го тепала некој селанец и се расправала со него, а џандарот го вреѓала и го клеветела.

Поради оваа нивна тужба, г. генерал испратил двајца офицери од својот штаб на лице место да видат во што е работата и да поднесат реферат ... По ова генералот како што ми е соопштено, ги обвинил кај г. министер за внатрешни работи, двајцата: како писарот г. Алексиќ, така и џандарот Мисојиќ и барал двајцата да бидат казнети.“

-На истото место, Началство округа Битољског, бр. 10864 од 16 септември 1917 година, Битола.

[732] „Молам за извештај што да направам со луѓето за кои сум уверен дека се непријателски агенти а помеѓу тоа сега е можна и истрага. Треба ли да ги предадам на француските власти. Окружен началник Јовановиќ“

-АИНИ, фонд МУД, Крфска полициска архива, Шифра из Битољ, 1 декември 1916 година, Солун.

те власти, а во интерес на безбедноста не престанало, туку уште повеќе го зголемиле интернирањето на сомнителните лица. Во забелешка ќе приложиме еден список на сомнителни лица од Битола и од околијата, кои што требало да бидат интернирани.[733]

---

[733]1. Недељко Грујевиќ, родум од селото Гњилеш, живее во Битола, стар 55 години, Македонец, за време на Бугарите бил пољак во селото Суводол. Ова го доби по препорака на извршниот бугарски комитет од Битола. Како верен човек на комитетот бил извршител на сите наредби кои потекнувале од Комитетот. Вршел бугарашка пропаганда тероризирајќи го и населението. Тој и порано за време на Турците бил бугарашки четник и ревносно соработувал со организацијата. Не заминал со Бугарите како многумина, па постои сомнение дека во Битола останал по наредба на комитетот, за и понатаму да му служи на непријателот.

2. Абдула Мустафа, родум од Битола, стар 60 години, Турчин, порано за време на Турците бил селски пољак во полето наречено „Шерлати" и како таков вршел злосторнички дела. За време на Бугарите бил во шпионска Бугаро-Германска служба.

3. Адем Салија, родум од село Суводол, стар 27 години, Турчин, голем пријател на Фаик Саити од селото Врбовци, бугарски шпион и комитаџија кој со својата комитска чета извршил повеќе злосторства врз српските жители. Фаик избегал со комитаџиите и сега се наоѓа во редовите на нашиот непријател. Бидејќи и Адем бил бугарски стражар и многу често се гледал во душтво на пом. Фаик и бугарашките комитаџии, се јавува оправдано сомневање дека дека и Адем им служел на Бугарите и ги помагал бугарските комитаџии според што и логички може да се претпостави дека и намерно останал во Битола за и понатаму на разни начини му служи на непријателот.

4. Расим Пашовиќ, родум од селото Дихово, стар 30 години, Турчин, бил и порано за време на нашата управа во бугарашката комитетска организација и ревносно го помагал бугарскиот комитетски војвода Крсто Леонда, така да овој многу вешто се сокривал на наша територија.

Потоа кога дошле Бугарите тој за стекнатите заслуги направени на бугарскиот комитет поставен за бугарски џандар во Битола. Како џандар се дружел со бугарашките комитаџии и ревносно ги потпомагал. Во вршењето на службата бил силеџија и пустикуќа. заради тоа им влеал страв на овдешното граѓанство кое го нарекол: „Втор Фердинанд" и „Расим Паша".

Останал во Битола и по заминувањето на Бугарите, вешто се прикривал сè додека со посебно трагање пронајден е од полициските органи. Се сомнева дека намерно останал во Битола, по препорака на комитетот, за да може да му соопштува што се случува кај нас.

5. Ѓорѓе Танасковиќ, родум од селото Кабасница, грчка територија, живее во Битола, стар 55 години, гркоман од Македонија, американски поданик, бил наш општински претседател во селото Драгош, а од таа должност сменет е заради разни службени неисправности. За време на нашата евакуација останал во Битола и ги сочекувал бугарските војници.

Веднаш се ставил во служба на Бугарите и како нивни човек ревносно ги помагал. Често бил во друштво на бугарски офицери и јавно ја искажувал омразата кон Србите и Сојузниците. На Бугарите им покажувал каде се скриени српските работи па затоа Бугарите ги истражувале и пљачкале. Одржувал врска со бугарските шпиони Шејни ага, од селото Клештино, кој имал задача да преку граница ја шпионира нашата и Сојузничката војска. Бил приврзаник на бугарашкиот комитаџија Пандил Шишка, кој во Битола бил член на квартот и со него ја одржувал врската со Албанија.

Ѓорѓе порано бил подолго време во Америка како печалбар, каде како чисто шпекулативна намера го примил американското државјанство.

6. Сотир-Тирча-Димевиќ, родум од Битола, стар 54 години, Македонец, во нашето службување беше гаваз во рускиот Битолски Конзулат. По нашата евакуација се ставил во служба на Бугарите и за поранешните заслуги стекнати во комитетот за бугарсите работи поставен е од страна на Бугарите за старшија- џандармериски наредник - во еден кварт во Битола. Оваа доверба на Бугарите доволно го отсликува како сигурен бугараш. Началник на Округот, Мих. Марјановиќ"

-АИНИ, фонд МУД, Крфска полициска архива, началник округа Мих. Марјановиќ, пов. бр. 213, од 17 август 1917 година у Битољу.

Од женските лица најсомнителни им биле бугарските учителки[734] и правеле списоци за нивно интернирање.[735] Бугарските учителки во текот на 1915/16 година изведувале настава во отворените бугарски училишта во Битола и Битолско.

[734]Бугарски учителки во текот на 1915/1916 година изведувале настава во отворените бугарски училишта во Битола и во Битолско.

[735]1. Елена Нечева, стара 21 година, ќерка на Христо Нечев, директор на полугимназијата во Вршац, Врачански округ во Бугарија. Учела во бугарска гимназија во Солун, а универзитет во Софија. Во септември 1916 година поставена е за учителка на овдешната бугарска полугимназија и во Битола дошла истиот месец. Останала по бугарската евакуација.

2. Фанија Илиева, стара 24 години, родена во Битола каде ѝ живеат и родителите. Учела гимназија во Солун, Универзитет во Софија. Била бугарска учителка и во Битола во 1910 година потоа во Бугарија и како учителка служела во Едрене, Струмица, Петрич и Казанца. Во септември 1916 година преместена е како бугарска учителка во Битола, каде останала и по бугарската евакуација.

3. Марија Котева, стара 26 години, ќерка на Спиро Костовиќ, трговец од Битола, со постојано живеење во овој град. Таа завршила три класа гимназија и бугарска работничка школа. Три години била во јавна служба, која ја напуштила и живеела кај родителите.

4. Наталија Георгиева, стара 25 години, ќерка на Василка Георгиева од Битола. Учела бугарска гимназија во Солун и 2 години на универзитетот во Софија. Била во бугарска служба од 1904 до 1912 година и служела и во Бугарија. Балканските војни во 1912 и 1913 година ја затекнале во Битола каде и останала. За време на Бугарите, во овдешниот град организирала женско друштво на Црвениот Крст каде била секретар.

Сите тие биле активни бугарски јавни работнички и ја ширеле бугарската пропаганда. Јасно е и природно дека се загреани за Бугарите и самото нивно присуство во овдешниот град ги бодри граѓаните - бугаромани на скориот нивни повраток. Однесувањето им е сомнително и се верува дека им служеле на непријателот на разни начини.

5. Антина жена на Мијаил Наумовиќ викан „Лисолаец", бугарски комитски војвода кој сега се наоѓа кај полковникот Протогеров околу планината Беласица. Многу сомнителна и лукава. Мијаило за време на Бугарите во Битола бил главен агент на полициските и воените власти и (вршел) шпионажа. Во Битола ја оставил жената Антина која ја вдахновил со сомнение против сѐ што не е бугарско. Антина е многу сомнителна и лукава. Многу често е гледана низ градот и во друштво на луѓе со познато старо расположение кон Бугарите. Се изразувала лошо за нас и за сојузниците и ги очекува Бугарите.

6. Костадина Петровиќ, од Битола, важи за Бугарка - фанатик, и тоа уште од порано за време на нашите заради што била и во притвор. За време на Бугарите била во друштво на бугарашките комитаџии и со нив се пијанчела и веселела. Се сомневаме дека во Битола е намерно оставена за да може и понатаму да му служи на непријателот. Стара 45-46 години. Началник на Округот, Мих. Марјановиќ"

-АИНИ, фонд: Министарство унутрашњих дела, Крфска полициска архива, Началство округа Битољског, бр. 213, 17 август од 1917 година.

### 3. Раселување (евакуирање на населението)

Реокупираната територија на Битолскиот регион и неколку села од Преспанско и Охридско, кои што се наоѓале во близина на поранешната српско-грчка граница, може да се заклучи дека заедничката акција на силите на Антантата (француски, италијански и руски во координација со српски единици) преземена на Македонскиот фронт на дел од Битолскиот сектор со таканаречената Битолска операција од есента 1916 година претставувала вистинска бесмислица.[736]

Може да се извлече и друг заклучок дека врз реокупирањето на градот Битола и на неколкуте села од Регионот диктирале политичките услови, а не воените.

Населението од селата во реоните помеѓу Острово и Кајмакчалан, меѓу Лерин и Битола и на завојот на Црна Река, речиси исцело било раселено и евакуирано во појужните села[737] или во градските центри. Раселени и евакуирани се и селата вдолж фронтовската линија која го делела Регионот на две различни окупациони зони. Постојаната опасност што висела над Битола и над 30 битолски села, влијаело во Регионот да се создаде неиздржлива состојба во сите сфери на животот. Опустело целокупното стопанство. Земјоделството во Регионот останало речиси без никаква работна рака и се запустело. Тие, главно постарите луѓе, останале по своите имоти само да ги зачуваат од целосно пропаѓање и разграбување од страна на окупаторските војски, кои по опустошените села неконтролирано се движеле и пљачкосувале сѐ што им се чинело корисно за употреба.

---

[736]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917 година, Скопје, 1981, 12.

[737]Архив на Македонија-Скопје, ДАСИП, Политичко оделение, Штаб ВК.О.бр. 9893, 26 XII 1916, Солун.

Движењето на населението во реокупираната територија било апсолутно забрането во сите села во непосредната фронтовска зона.

Командантот на италијанските војски на Истокот, генерал Петитие за односот на населението на реокупираната територија каде што дејствувале италијанските војски објавил наредба,[738] во која се вели:

„На територијата помеѓу Негочани[739] - Чеген[740] - Гнилеш[741] - Брод[742] - Црна Река, заклучно:

1. Движењето на населението се ограничува од 6-20 часот.

2. Жителите не смеат да се оддалечуваат повеќе од десет километри од своите живејалишта, додека не се добие посебно одобрување од Кралскиот карабиниер во Тепавци или во Брод.

3. Сите оние кои сакаат да се оддалечат од своите куќи во било кој правец повеќе од 10 км, треба да имаат лична дозвола за слободно движење која ќе му се издаде посебно на секој жител. Еден ден по објавата на оваа наредба сите селски кметови од горе споменатата територија подразбирајќи го тука и Негочани - Чегел - Гнилеш, ќе се пријават во штабот на карабиниерите[743] во Тепавци[744] за да добијат известувања за личните одобрувања за слободно движење.

4. Преминување на зоната Негочани - Чегел - Гнилеш - Брод -Реката Црна ќе му биде одобрено само на оној кој ќе има специјална дозвола од Врховниот командант на Сојузничката војска во Солун или

[738]Наредба на командантот на италијанските војски на Истокот, за односот на населението на реокупираната територија, каде што дејствувале италијанските војски, што покрај француските, пропишувале и тие свои услови и правила за движењето на луѓето на реокупираната територија. Тоа, од друга страна пак, говори со кои правила морале да се справуваат Македонците и другите на подрачјето каде што дејствувале воените единици на Антантата и на другите.

[739]Село Негочани, преименувано од грчките власти во Ники, Леринско, денес во Грција. Види: Тодор Симоски, Населените места..., 135.

[740]Чеген, село во Воденска околија, преименувано од грчките власти во Агиос Атанасис. Види: Тодор Симоски, Населените места..., 184.

[741]Гнилеш, село во општина Новаци.

[742]Брод, село кое денес се наоѓа во општината Бач.

[743]Веројатно се мисли на карабинери, италијанска џандармерија.

[744]Тепавци, село во општина Новаци.

од француските власти во Лерин, или пак, од командантот на кралските карабинери.

5. По заоѓањето на сонцето до зазорување, забранета е употребата на било какво осветлување кое може однадвор да се види.

6. Сите оние кои имаат огнено оружје било воено или ловечко, старо или модерно, мораат истите веднаш да ги предадат на кралските карабинери.

7. Се забранува продажба на алкохолни пијалоци /коњак, ракија, чипура, мастика и др./ без разлика на мало или на големо, на сите војници на сојузничката војска. Сите оние, кои ќе се огрешат по оваа точка ќе бидат казнети, а ќе им се забрани понатамошна дејност.

8. Сите оние кои имаат гулаби писмоносци треба веднаш да ги уништат.

Оној кој ќе ја прекрши оваа наредба ќе биде уапсен и најстрого казнет.“[745]

Евакуацијата започнала веднаш по отстапувањето на Бугарите од Битола и од реокупираните села во Регионот од страна на силите на Антантата.

Меѓу првите села од реокупираната територија кои ја почувствувале евакуацијата биле селата Драгош и Граешница. Французите ги иселиле овие две села затоа што постојано биле гаѓани од бугарските гранати. Од селото Драгош биле евакуирани 78 фамилии со 518 души, а од селото Граешница 17 фамилии со 145 души или од двете села 95 фамилии со 663 души биле раселени во селото Невољане - Леринско (на грчката територија). Селаните го оставиле целиот имот, житото, оставајќи ги куќите отворени, а со себе ги зеле најпотребните работи и малку храна и заминале.[746]

---

[745] Архив на ИНИ-Скопје, АС-Београд, фонд: Министерство за внатрешни работи на Кралството Србија (МУД), Крфска полициска архива од 26 декември 1916 во Тепавци. Документите се преснимени и средени од д-р Глигор Тодоровски.

[746] Архив ИНИ-Скопје, Владини комесари Србије, инв. бр. 122, ф.к. I/6-1.

Кога влегле Сојузничките сили (најпрво италијанските, па потоа и француските војници) во селото Дихово набрзина воспоставиле „власт", односно за кмет на селото насила го поставиле месниот свештеник Стево. Преку него италијанската војска издала наредба „на ден поклади паднала наредба"-во рок од 24 часа, односно до другиот ден наутро... да нема човек во селото. Исто така на диовчани им било наредено да понесат што можат и да заминат во Битола, Породин и Велушина.

Во наредбата стоело дека евакуацијата „...ќе трае една недела и пак после ќе си се вратат дома." По издадената наредба во Дихово настанала една вонредна состојба. Секој брзал, трчал, гледал да го прибере најнеопходното и што побрзо да замине во Битола па таму да го смести семејството. Старци, деца, жени секој што можел носел по нешто. „А што побрзо да земеш?! Дали храна, дали облека?! (Христо Илиевски од с. Дихово) Сè останало в село, и добитокот и покуќнината. Така во определениот рок сите жители го напуштиле Дихово и се нашле во Битола. По истекот на седум дена, власта ниту помислувала да ги врати евакуираните назад во Дихово.[747]

Истата судбина ја доживеало и населението од соседното село Брусник (во непосредна близина на Битола) кога и тука од страна на Италијаните била донесена Наредба за евакуирање на населението во друго село,[748] кое било оддалечено од с. Брусник 3 километри.

„Во Наредбата за иселување стоеше дека треба целото население да се засолни за два дена оттука оти ќе се изврши една голема офанзива и после офанзивата населението пак да се врати.

Селаните уплашени со наредбата почнале да ги кријат пљачките посебно тие работи што не можеа да си ги понесат со себе, ги испозатворија куќите и си понесоа секој колку што можеше алишта и

[747]Дихово, Битола, 1985, 18.
[748]Најверојатно во селото Лавци.

др. Меѓу населението настана општ страв и голема жал за селото и куќите, жените и децата плачат и секој набрзина си земаше сè што е најдрагоцено и се подготвуваше за бегање. Населението мислеше оти пак ќе се врати како што беше во наредбата и затоа многу не си зедоа и (ги зедоа само) најпотребните работи. Така сите подготвени од селото тргнавме за другото село. По патот нè здогледаа Германците и почнаа да фрлаат со топовите по нас, ние исплашени и натоварени со алишта се фрливме во ендеците; а во еден момент долета и еден извиднички германски аероплан. Овој аероплан го видоа француските ловци-авиони и бргу пристигнаа. Се започна голема борба авионска над нашите глави, и благодарение на таа борба, германскиот авион не можеше да нè бомбардира и беше протеран од француските ловци. Ние наместо за еден сат да стигнеме во селото направивме по патот четири сати...

Изморени и исплашени стигнавме без жртви во селото, и тука не распоредија како војници по куќите. Во селото место два дена како што беше во наредбата, останавме само еден ден и пак дојде наредба да се вратиме назад. Нашата радост беше голема, и така секој гледаше што побргу да стигне во селото.

Кога пристигнавме во селото беше страшна глетка, сето беше испустено: куќите изотворени, алиштата испретурани, многу пљачки земени, а од стоката ништо не остана; Италијанците забрале сè: овци, крави, волови, коњи, свиње и др. ги претерале во Грција за храна на војската... После две недели од враќањето, дојде друга наредба за евакуација на населението, ама сега не како првото иселување, туку дефинитивно да се иселиме по другите села и во градот. Овој пат штом стигна наредбата за иселување, целото население зеде мерки за да крени колку што може, од пљачките и да бега каде што може. Некој на рамо, некој на коњи натоварени бегаа по селата и градот; настана еден хаос помеѓу населението и никој не знаеше каде посигурно да се

прибери; и за неполни дваесет и четири часа целото село се испразни; некои фамилии дојдоа во градот, а некои се растурија по другите села подалеку од фронтовската линија.[749]

Животот им бил загрозен и на другите села во непосредната фронтовска линија. И жителите на селото Логоварди морале да се иселат од селото. „И пак маки, страдња, раскуќувања, но сега подолго и покатастрофално од првите. Сите жители на Логоварди живееле повеќе од две години несноси живот надвор од своите домови. Најпрво се преселило во с. Оптичари со сета покуќнина и она што можело да се понесе со себе, а кога опасноста им се надвиснувала и тука, се преселиле во с. Породин, каде што останале до крајот на војната."[750]

И покрај грижата на реокупаторските власти за планско евакуирање на селаните од загрозените села, вдолж фронтовската линија од реокупираната територија, сепак самиот чин на преселување ни говори какви биле состојбите и колку биле големи тешкотиите на селаните, посебно од Мариовската околија, што се наоѓале на тоа подрачје.

Заради налагањето на воените потреби, а по наредба на италијанската команда, било принудено да се евакуира и населението од селата на Новачка општина.[751]

Така, селаните од селата: Рибарци, Новаци и Билјаник,[752] се евакуирани во Битола, а селаните од селото Балдоенци во Гнеотино и Тепавци,[753] општина Бродска. Во сите села кои се наоѓале на просторот меѓу Гнеотино, Чегел, Гнилеш и Црна Река евакуацијата конечно била извршена.[754] На евакуираното население му била испратена помош, а

[749]Годините од Првата светска војна во Битола и Битолско во новооткриена автобиографија, прилози, Битола, 1985, бр.42, 147-159-(Д-р Александар Стерјовски).
[750]Ѓорѓи Котевски -Шеле, Логоварди, Битола, 1985.
[751]Архив на ИНИ - фонд: МУД..., Началство округа Битољског бр.191 од 10 јануари, 1917, Битољ.
[752]Села под истите имиња, денес во општина Новаци.
[753]Села, денес во општината Новаци.
[754]Архив на ИНИ... МУД..., Началство округа Битољског бр. 449, 18 јануари 1917 година, Битољ.

доколку му било потребно уште, одреденото место за снабдување било селото Живојно.

Во еден друг документ, Началството на Битолскиот округ го известува министерот за внатрешни работи за извршената евакуација на селани од неколку битолски села од Мариовска околија.[755]

По Наредба на Командата на Првата армија од 26 декември 1916 година, извршена е евакуација уште на три мариовски села од подрачјето на фронтовската линија.

Бидејќи селата Маково, Рапеш и Брник[756] се наоѓаат во зоната на силен артилериски оган било наредено населението од овие села да се исели на просторот јужно од селото Полог.[757] При тоа командантите на дотичните сектори требало да помогнат во својата комора околу преносот на најнужните работи и храна, и со најенергични мерки да се спречи пљачката на напуштените домови и имотот на иселените, како од страна на војниците така и од страна на жителите на соседните села.[758] За ова бил известен началникот на Мариовската околија и му било наредено да го прифати населението, да го размести јужно од Полог и да се грижи за неговата прехрана.[759]

Од селото Маково, населението било сместено во село Скочивир и тоа 70 семејства со 370 членови.

Од селото Рапеш, населението било сместено во село Добровени,

---

[755] „Началникот на Мариовската околија со актот од 17 овој месец, Н5 ми поднесе извештај со следнава содржина:

Чест ми е да го известам Началството, дека евакуацијата на цивилното население е извршена и тоа од селата: Суводол, Ореово, Паралово, Врањевци, како и на селаните од село Мегленци, кои нашле прибежиште (засолниште) во село Суводол, зашто споменатото село е сѐ уште во бугарски раце. Сето ова население е во селото Живојно, Бачка општина, и на сите им е наредено пригодно и добро засолниште, како и помош со брашно.

Селаните од село Грумази, кое исто така е евакуирано, се сместени во селото Гнилеш.“

-АИНИ,фонд: МУД..., Началник округа Битољског, бр. 449, 18 јануари 1917 година, Битољ.

[756]Споменативе села под истите имиња денес се наоѓаат во општината Старавина.

[757]Полог, село во општина Бач.

[758]Навистина војната на некои луѓе била брат, кои што не воделе сметка за злочинот што го прават спрема настраданите селани, во кои учествувале и српски војници и други.

[759]АИНИ, Воено министерство, Генералштабни одсек, ф. б. о. бр. 4276 од 4 февруари 1917 година, Солун.

71 семејство со 370 членови.

За време на раселувањето, командантот на српска војска, задржал две семејства со девет членови во селото Рапеш, а третото семејство од шест членови било населено во село Ивени.

Од селото Брник биле префрлени 36 семејства со 217 членови во село Сливица.

Сето евакуирано население било сместено по куќите, а на оние што не им достигало храна, им било дадено брашно од магацинот во село Скочивир, при што дозволата ја издавал чиновникот што раководел со него.[760]

Од сите општини на реокупираната територија во кои требало да се изврши евакуација на населението, најдоцна било организирано во Будимирска општина, од причина дека не биле ослободени сите села (селото Зовиќ[761]). Ослободените села биле Груниште, Будимирци и Петалино.[762]

Треба да се укаже на фактот дека српските воени и цивилни власти преземале мерки во воените прилики и услови за обезбедување, сместување и прехрана на евакуираните селани од фронтовската линија.[763]

И покрај сите страдања од деноноќните бомбардирања, околу 25.000 битолчани не сакале да го напуштат градот.[764] Имало навистина

[760]Треба да се укаже на фактот дека српските воени и цивилни власти преземале мерки во воените прилики и услови за обезбедување, сместување и прехрана на евакуираните селани од фронтовската линија.

[761]Селото денес е во општина Старавина.

[762]Споменативе села денес се наоѓаат во општина Старавина.

[763]Началникот на Мариовската околија до началството на Битолскиот округ испратил акт под бр. 607 во кој се вели: „По делегатите наредив населението од село Будимирци да се евакуира во село Скочивир, бидејќи според депешето на командантот на армијата од 9 овој месец, бр. 7997, селото Петалино не може да се употреби за сместување на ова население. Чест ми е за ова да го известам началството во врска со вчерашниот акт бр. 601."

-АИНИ, фонд: МУД, Кралско српско началство Битољског округа бр.3312 од 15.04.1917 година во Битола.

[764]Се поставувало прашањето зошто населението од градот не е евакуирано, покрај големите жртви и материјалните штети.

Прво, затоа што многу тешко би било да се најде место за 20.000 несреќници. Градовите и селата во Македонија, кои силите на Антантата ги окупирале, веќе биле преполни со бегалци, Македонци, Срби, Грци од Бугарија или Мала Азија.

неколку илјади кои го напуштил, меѓутоа тие биле и најзагрозените, останувајќи без покрив на главата. Од горенаведеното гледаме дека населението од неколку села од реокупираната територија на Регионот во непосредна близина на фронтот било евакуирано.

Евакуираните села од реокупираната територија на Битолскиот регион

| Ред. број | села | каде се евакуирани |
|---|---|---|
| 1. | Балдоенци | с. Гнеотино и с. Тепавци |
| 2. | Билјаник | Битола |
| 3. | Барешани | само еден дел во Битола |
| 4. | Брник | с. Сливица (200 души) и с. Ивени (150 души) |
| 5. | Брусник | с. Буково и Битола |
| 6. | Будимирци | с. Скочивир и с. Жерви (Островско) |
| 7. | Врањевци | с. Живојно 63 души, а останатите во Битола |
| 8. | Грумази | с. Гнилеш |
| 9. | Грунипте | с. Петалино |
| 10. | Граешница | с. Невољане-Леринско(145 души) |
| 11. | Дихово | Битола, с. Велушина и с. Породин |
| 12. | Драгош | с. Невољане-Леринско |
| 13. | Логоварди | с. Оптичари, а потоа во с. Породин |
| 14. | Маково | с. Скочивир |
| 15. | Мегленци | с. Живојно |
| 16. | Новаци | Битола |
| 17. | Ореово | с. Живојно(115 души-христијани) и Битола (55 - Турци) |
| 18. | Острец | - |
| 19. | Паралово | с. Живојно (106 души) и во Витола (44 души) |
| 20. | Рапеш | с. Добровени |
| 21. | Рибарци | Битола |
| 22. | Сович | с. Живојно |
| 23. | Суводол | с. Живојно (136 души) и с. Тепавци (64 души)[765] |

За евакуирањето на населението од реокупираната територија на Битолскиот регион посебна улога одиграле полициските одделенија со своите писари. Тие биле задолжени по општините и селата за да одржуваат што подобар ред, да водат надзор за зачувување на личната и имотната безбедност, за недостаток на храна и во друго, особено во

Второ, тие несреќници не сакале да ги напуштат последните имоти што му останале - куќите, кои често биле пробиени од гранатите.

[765]Уште додека траеле борбите со Битолската операција (октомври - номември 1916 година) повеќе села се разрушени, а населението иселено.

вакви услови, во кои има голем број раселени во други подрачја, поготово од граничните села. Исто така тие биле задолжени да се грижат за евакуираното население од евакуираните села, да го сместуваат по куќите и другите згради да им биде што подобро, како и да се залагаат да им се помогне на сиромашните кои ги немаат најосновните работи, и најважно евакуираните да не останат без храна, без брашно, без леб.

За положбата на бегалците од Битола и Битолско кои се наоѓаат на територијата на егејскиот дел на Македонија под окупација на силите на Антантата ни сведочат повеќе документи.[766]

Меѓу првите села кои биле евакуирани на просоторот на егејскиот дел на Македонија во Леринско било населението од селата Граешница и Драгош, вкупно 663 души во леринското село Невољане.[767]

---

[766] Од извештајот од шефот на полициската станица за јавна безбедност во Лерин.

„На 22 декември поминаа три-четири бегалци од Битола, повеќето Евреи кои поминаа преку Лерин, веднаш беа сместени во вагони на леринската станица за што побрз транспорт до Солун. Командантот на станицата, француски офицер бил многу пресретлив спрема бегалците како во поглед на транспортот, така и со своите хумани постапки, во многу ја олеснал нивната тешка состојба.

Бегалците се упатуваат од Битола преку Негочани за Лерин, а од таму на железничка станица. Бегалците искрено се фалат за постапките и пресретливоста на нашата власт во Битола, а гледајќи ме мене во униформа на железничката станица радосно ме поздравуваат барајќи од мене посредништво.

Леринските власти не им дозволуваат на нашите бегалци да застануваат во Лерин, туку веднаш се упатуваат во Солун. Така ни објасни и шефот на француската полиција во Лерин. На станицата, Србите му зборуваа, а исто така и во Лерин, дека леринските власти не дозволуваат влез на бегалците во градот, или ако им дозволат, тоа е само заради преноќевање и наоѓање на соодветните превозни средства за стигнување на станица. Дознав дека некои групи бегалци преноќевале надвор од градот зашто не им е дозволен влез во него. Дознав исто, дека леринските кочијаши ги уценуваат бегалците, како што велат, им наплатувале по 10-15 наполеони од Битола до Лерин, барајќи само златници.

Лица кои добиле потребни исправи од началството на тукашниот француски штаб, Французите во Лерин ги претресуваат и од сите им го одзеле златото.

Бегалците од Битола проаѓаат преку Лерин секојдневно во мали групи, и тоа повеќето семејства со деца и неопходната покуќнина.

Чест ми е да го принесам овој извештај до Господинот министер со молба да го прими до знаење.“

-АИНИ, МУД..., Владини комесари за српске избеглице на грчкој територији. Одељење службе безбедности, бр. 108, 25 декември 1916, Солун.

[767] Еден српски чиновник вака ја опишува положбата на селаните од Драгош и Граешница: „..., како што порано реков селаните кои дојдоа од Драгош и Граешница во Невољане (Леринско), си донесоа малку храна и досега со таа храна се хранеле. Сега таа храна им се сврши, и тие за скапи пари купуваат храна од селаните на грчка територија. Како што ми кажуваат сега тие во Невољане, плаќаат четири наполеони за 80 ока пченка... Денес ми дојдоа неколку селани д двете села и ме молеа да им дадеме брашно. Ни останува нас понатака да го храниме овој наш свет.“

Не била ништо подобра положбата на бегалците од селото Будимирци кои како што погоре наведовме биле сместени во с. Жерви-Островско, околу 150 души. Тука будимирчани дојдоа нешто подоцна во текот на 1917 година (јули-август-септември). Тука тие добивале по 120 грама брашно дневно. Плус добивале од странските мисии. Повеќе не му давале затоа што работеле по селата и имале нешто стока.[768]

Што се однесува до сместувањето на бегалците од Битолскиот регион на просторот на егејскиот дел на Македонија, воглавно имало три групи на сместувања: Лерин, Воден и другите останати места (Бер, Сорович, Острово, Енице Вардар).

Лерин било едно од најпознатите места пренатрупано со бегалци и други разни воени установи. Во Лерин бегалци дошле уште со првата евакуација. Во почетокот за нив никој не водел сметка. Нив најпрво ги прифатиле грчките власти, им давале помош со цел да вршат пропаганда, дури и децата на бегалците ги примале во грчки училишта. Тоа исто така се случувало и со подоцнежните бегалци од реокупиранаата Битола и околината. Од српската власт немало никој да ги прифати и сите останале под заштита на грчките власти со што тие вршеле политичко-национална експлоатација. Со текот на времето влијанието на грчките власти не се намалувало, а српскиот комесар за исхрана не покажал кој знае каква грижа за бегалците. Училиштата работеле и напредувале како и работата на хуманитарните друштва за подигнување и воспитување на децата. Помош давала и Американската мисија на Црвениот крст .[769]

Во Воден биле сместени бегалци како при првата така и при втората евакуација. Меѓутоа таму, веднаш се нашле српските власти и речиси ги истргале од канџите на грчките власти, за да не се случи она што се случи во Лерин.

---

-АИНИ, фонд: МУД, Владини комесари Србије 1914-1918. инв. бр. 123, ф.к. I/6-2.

[768]На истото место, инв. бр. 123.

[769]На истото место, инв. бр. 126.

Положбата на бегалците од третата група која не е многу голема, исто така е прифатена и била под заштита на српските власти. Во Бер биле сместени околу 150 Мојсиевци од Битола. Во Еница Вардар исто толку од Гевгелија, а помалку од другите места. Во Острово најмногу биле сместени од Будимирци, а помалку од другите села. Во Сорович приближно исто толку. Нешто помалку во Кајлари, Екшису и по некој овде онде растурени во другите мали места.

Во Сорович постоело училиште за децата на бегалците, отворено по иницијатива на управата на Рељиеф фондот кој води грижа за него, а е под управа на добриот и искусен воспитувач г. Дража Виторовиќ, управител на књажевачките основни училишта. Ова училиште имало и интернат.

Исто така и во Еница Вардар било основано основно училиште со интернат за децата бегалци.[770]

[770]На истото место, инв. бр.126.

# Список
## на деца бегалци на српските поданици во Воден од 5 до 14 години

| | | Година на старост | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Т. бр. | Народ. | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 | | 12 | | 13 | | 14 | | Вкупно | | Вкупно деца |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| 1. | Срби | 44 | 27 | 17 | 25 | 37 | 17 | 16 | 22 | 16 | 14 | 26 | 26 | 13 | 12 | 29 | 19 | 18 | 21 | 20 | 24 | 236 | 207 | 443 |
| 2. | Евреи | 13 | 10 | 16 | 22 | 15 | 5 | 17 | 4 | 8 | 8 | 15 | 5 | 6 | 2 | 18 | 10 | 6 | 3 | 9 | 2 | 123 | 71 | 194 |
| 3. | Румуни | 2 | 2 | - | 5 | - | 1 | 3 | 4 | - | - | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 4 | 14 | 21 | 35 |
| 4. | Турци | 2 | - | 2 | - | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | - | 1 | 1 | 2 | - | - | - | - | - | 12 | 4 | 16 |
| 5. | Цигани | 2 | 4 | 1 | 3 | 14 | 1 | 4 | 5 | 3 | 1 | 6 | 3 | 2 | - | 7 | 7 | 4 | 3 | - | 2 | 33 | 29 | 62 |
| | Вкупно | 63 | 43 | 36 | 55 | 57 | 25 | 41 | 36 | 28 | 24 | 51 | 35 | 23 | 16 | 58 | 38 | 30 | 28 | 31 | 32 | 418 | 332 | 750[771] |

[771] Исто, инв. бр.123, Бр. 204, 15 октомври 1917 г., Воден.

Меѓу бегалците, кои сега се наоѓаат на територијата на полицискаta станица во Сорович имало грчки учителки. Тие (Калипсо Димитријевиќ, Евдокија Кукулику, Ана Папури, Евантија Курти, Александра Мире, Јелена Кеџедије, Евдокија Петру, Василија Радиша и Евдокија Дешњјуси) родум биле од Битола, а тука дошле во 1914, 1015, 1916 и 1917 година, и сите овие се пријавиле како бегалци. Иако не биле српски учителки, по евакуирањето поставени се за грчки учителки во Сорович и околните села.[772]

Српските власти на реокупираната територија повторно почнале да вршат мобилизација и мобилизираните да ги испраќа на фронтот. Во 1917 година од Буково биле мобилизирани: Јован Кушовски, Боше Зеновски, Петре Комиловски, Вангел Главевски и Јован Србиновски. Многу буковци за да го избегнат одењето во војска заминувале на печалба во Америка, од кои пак, некој таму се најдоа во редовите на американската армија како на пример Наум Рапешовски[773] и други.

Уште во почетокот на 1917 година српската војска го мобилизирала Наум Фотев од с. Бистрица, иако бил во години и го испратила на фронтот како комарџија. По извесно време поминато на фронтот, Наум го напуштил и се вратил дома, каде што 4-5 месеци се криел од српските власти, но без успех. Бил откриен, уапсен и изведен пред воен суд. Бил осуден релативно благо, условно две години затвор, со тоа да се вклучи во во воената единица наречена „Последна одбрана на старите“ што била лоцирана во солунското предградие Микри. Тука

---

[772]На истото место, инв. бр. 123.

[773]Буково, 1981 година.

-Вакви случаи имало повеќе. Многу Македонци од битолските села (особено од подпелистерските села) одејќи на печалба, со цел да ја избегнат мобилизацијата биле мобилизирани во другите армии-т.е. во земјите каде биле на печалба - Америка и слично. На пример, лавчанецот Ристе Божинов беше американски војник, а Темелко Јовчевски учествуваше во страшните борби кај Верден.

-Хроника на битолско Лавци, Битола, 1962.

тој останал до крајот на војната кога бил префрлен во Битола на железничката станица.[774]

Генералот Леблоа, командант на Источната француска војска до началникот на Битолскиот округ дава толкување за регулирањето на патните документи на жителите на реокупираната територија. „Само немобилизирани луѓе Срби, Румуни, Грци и Евреи, жени и деца можат да добијат исправи секогаш заверени од страна на воените власти. Што се однесува до мобилизираните луѓе, кои мораат да одат во Баница,[775] заради пријавување со позивот на српската регрутна комисија, вие треба само по групи да ги соберете и со придружба на српски џандари...“[776]

Српските воени и цивилни власти посебно си имале проблеми со воените бегалци, или дезертери војници, што ги напуштале воените српски единици и се сокривале од нив. Не бил мал бројот на избеганите воени обврзници и ова попримило масовен карактер за што говорат голем број списоци на млади луѓе(кои се наоѓаат во архивите), кои што ги напуштиле воените српски единици. Според списоците на воени бегалци, може да се заклучи дека најголем број биле Македонци, Турци и др., кои не го прифаќале служењето на воениот рок во српската војска. Според српскиот устав од 1913 година, сите жители на вардарскиот дел на Македонија автоматски станале Срби и морале да се повикуваат на српските воени органи и да паднат под удар на воени обврзници на српската војска. Дел од нив се нашле во српските воени единици и во текот на Првата светска војна. Најголем дел од воените обврзници биле фаќани, па потоа биле сместувани во специјални логори, формирани за таа цел во реокупираната територија. Постојано

---

[774]Архив на Македонија, ПО,Битола, фонд, Богоја Фотев, ак. 2, а.е.22/255/56, цитирано од Александар Крстевски-Кошка, Богоја Фотев, Скопје, 1998, 42.
[775]Село во Леринско, каде била сместена српската регрутна комисија.
[776]АИНИ, фонд МУД, Крфска полициска архива, Штаб Источне француске војске 2 биро, бр. 596/2М, 19 декември 1916 год.

се инсистирало од српките власти за задолжително регрутирање во српската војска на бегалците од Битола и од околината.[777]

Голем е бројот на списоците на младите луѓе од реокупираниот дел на Битолскиот регион што ги напуштале воените српски единици.[778]

Бегалци, воени обврзници, биле постојано евидентирани, што говори за нивниот однос спрема српската војска. Во еден друг список наведени се имињата на новорегрутираните обврзници кои побегнале од својата команда.[779]

---

[777]„Речиси сигурно сум известен дека во Лерин се наоѓаат поголем број граѓани од Битола, особено Евреи, кои таму побегнаа без исправни патни исправи, со цел да би ја избегнале воената обврска.

Меѓу овие бегалци се наоѓа и Кочо Димитров, бакал, стар 40 години и Маир Песо тукашен трговец стар 48 години, Ташко Говато, кафеџија.

Заради тоа што тукашната пошта нема врска со Лерин, чест ми е да ве замолам Господине Министре за Наредба на нашиот комесар во Лерин, сите воени бегалци да ги фати и под стража да ги спроведе во Регрутната комисија на Битолската дивизиска област која што се наоѓа во Неокази - на преглед.

За да научиме кои се фатените бегалци, комесарот би требало редовно да го известува началството кои лица се упатени на комисија."

-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ..., 405.

[778]Во еден друг извештај се вели:

„Врховната команда со обр.14.167 од 27 овој месец, известува дека долуименуваните - новорегрутирани обврзници - побегнале од својата команда и тоа:

1. Аман Исмаил Махмудевиќ од Битола /кафеџија/
2. Галио Шемедин Земел од Злокуќани
3. Азел Лоне Ќрие од Битола
4. Данка Анастасијевиќ Косилиќ од Прилеп /живее во Битола, кафеџија/
5. Хајдан Назил Сабит од Битола
6. Тале Димовиќ од Битола
7. Ангел Велјановиќ од Логоварди
8. Ристо Христовиќ од Бистрица

Во врска со ПОВФ Обр. 4. 172 од 6 II 1917 година, чест ми е да го доставам погорното на надлежност. 29 април 1917 година, Солун"

-АИНИ..., Краљевско српско министарство војно, Општо војно одељење, ѓенералштабни отсек, 29 април 1917 година, Солун.

[779] 1.Исмаил Џафер Ибраим од Дихово
2. Латив Чаја Ибраим од Дихово
3. Фаеим Имер Ибраим Осман од Дихово
4. Рамадан Сали Асан од Острец
5. Абдул Амид од Битола
6. Казим Обел од Лажец
7. Усеј Бајланд од Битола
8. Ќерим Ќер од Битола.

-АИНИ..., Краљевско српско министарство војно, општо војно одељење, генералштабни отсек, 21 мај 1917 година, Солун.

Генералштабниот отсек при военото министерство на српската влада во бегство го известува Министерството за внатрешни работи за воени бегалци против кои требало да се преземат соодветни мерки.[780]

Генералштабниот отсек при Военото министерство го известува Министерството за внатрешни работи на српската влада во бегство за воени дезертери и против кои требало да се преземат мерки. Еве уште еден таков список.[781]

---

[780]„Чест ми е да ги доставам имињата на ново-регрутираните обврзници, а кои побегнале од Командата:
1. Ариф Мустафа Адем од Битола
2. Хусеин Мусо Дервиш од Кенали
3. Неделко Пајо Трајковиќ од Битола
4. Аврам јаков Нисим од Битола
5. Мушон Јаков Нисим од Битола
6. Ќазим Муса од Кенали
7. Шабах Беќир Шабан од Мециtлија
8. Димитрија Михајло Анѓелковиќ од Битола
9. Михајло Никола Тесхаревиќ „Лупа" од Битола
10. Исмаил Сулејмановиќ од Битола
11. Никола Коста Тасевиќ „Карча" од Лерин.
12. Шаил Хасан од Битола
-На истото место, извештајот е од 25 мај 1917 година, Солун.

[781]1. Димитрија Васил Ристиќ од Битола
2. Ѓорѓе Ранѓел Ѓорѓевиќ-Меновиќ од Гопеш
3. Дилавер Шаќаревиќ од Охрид
4. Ристо Димовиќ од Горно Котари-Леринско
5. Асан Нурим Насуф од Коњари
6. Хасан Беќир Насаљ од Кенали
7. Ахмед Демир од Кенали
8. Али Имер Авди од Злокуќани
9. Зулав Назив Бајазит од Злокуќани
10. Мустафа Исмаил Санде од Острец
11. Сулејман Вели Хасан од Острец
12. Сефадин Ахмед Малиќ од Острец
13. Исмаил Љуман Малиќ од Острец
14. Налуш Земен Мухарем од Острец
15. Сали Хаџи Јусуф од Острец
16. Риза Љуман Имер од Острец
17. Хусеин Садик од Мибездан
-Архив на ИНИ-Извештај од 27 мај 1917 година, Солун.

Ќе приложиме уште еден од многубројните списоци на бегалци-воени обврзници од српската војска од Битола и Битолско, со многу поголем број на бегалци (55) од јули 1917 година.[782]

[782]„Чест ми е да ги доставам имињата на обврзниците кои побегнале од својата команда:

1. Ристо Стојко Митровиќ од Битола
2. Тасим Исмаил Хусеин од Битола
3. Најдо Марко Куловиќ од Маково
„Србиновци"
4. Шериф Исмаил Исмаиловиќ од Кенали
5. Симах Сулејман Сулејмановиќ од Меџитлија
6. Неџип Мустафа Хасановиќ од Острец
7. Петко Ристе Трајчевиќ од Битола
8. Трајан Дине Трајчевиќ од Битола
9. Дима Трпче Димовиќ од Неготино-Морих
10. Благојче А Каранфиловиќ од Битола
„Кокорче"
11. Филип Ѓорѓи Огненов од Градешница
„Пајкар"
12. Петар Чоте Трпковиќ од Битола
13. Рушан Бајрам Ислам од Битола
14. Лазар Чоте Лазаревиќ од Гњилеш
15. Вељан Спасе Димовиќ од Олевени
16. Димитрија Томе Тасовиќ од Олевени
17. Петар Коста Здравковиќ од Логоварди
18. Коста Миле Стојановиќ од Логоварди
19. Андон И. Деловиќ од Сович
20. Илија П. Јовановиќ од Сович
21. Филип П. Турдевиќ од Сович
22. Стојко С. Митровиќ од Сович
„Ушковци"
23. Боле К Трајковиќ од Скочивир
„Петковци"
24. Ристо Н Петровиќ од Брод
„Димборовци"
25. Ристо Т Неделковци од Скочивир
„Граџапцо"
26. Ѓорѓи Ристо Милевиќ од Неготино
27. Јован Симовиќ од Битола
28. Имер Ѓемир од Кочиште
29. Хаим Исум Шеќировиќ од Порофин
30. Тасим Сулејман Мустафовиќ од Битола
31. Азим Емил Селим од Битола
32. Љуман Длиб Јашар од Острец
33. Мамут Сулејман од Битола
34. Шериф Исмаил Исмаиловиќ од Кенали
35. Синах Сулејман Сулејмановиќ од Меџитлија
36. Мушан Коен од Битола
37. Ристо-Ризан Марковиќ од Битола
38. Азим Ајдар Фета од Битола
39. Стојан Огнен Мирчиќ од Битола
40. Димитрија Ристо Михаиловиќ од Драгош
41. Бедрија Адем Адемовиќ од Лажница
42. Бајрам Узеир Смаиловиќ од Лажница
43. Гаин Адем Зуфна од Битола
44. Мустава Мустафа Самит од Кенали

Грчките власти свесно и намерно ги штителе бегалците од Битола и од околните села, кои се населиле во Лерин, издавајќи им исто така пасоши и истите ги претставувале пред Французите и останатите сојузници како свои граѓани и поданици и на таков начин бегалците ја избегнувале воената обврска да служат во српските единици.

За избеганите битолчани на грчка територија постојат повеќе списоци, а во еден од тие списоци наведени се имињата и од кое место дури на 214 лица.[783] Најмногу се од Битола, а потоа од влашките села Трново, Магарево и Маловиште. Во Лерин Грците му давале помош на избеганото население од Битола.[784]

Сите наши бегалци од Битола кои го избегнале регрутирањето, а живеат сега во Лерин, грчките власти ги спроведуваат во Сорович, а потоа во Кожани и од овде слободно ги пуштаат да одат во Стара Грција да живеат таму. Ова го користат битолчани и со помош на грчката власт ја избегнуваат воената обврска во српската војска, а од друга страна пак, Грците вршат пропаганда во своја корист ширејќи ја идејата дека во Битола населението е грчко.[785]

---

45. Шабан Селим Мустафовиќ од Кенали
46. Шериф Амер Шерифовиќ од Кенали
47. Адем Шериф Шерифовиќ од Кенали
48. Симон Јаков Калдерон од Битола
49. Габрин Јаков Пардо од Битола
50. Рашид Вени Хусеин од Битола
51. Риза Абас Бедула од Битол
52. Аќим Беќировиќ од Битола
53. Сарамин А. Сараќ од Битола
54. Ибраим Раип Ранас од Битола
55. Бари Митрез Цигурез од Битола
56. Димко Стојан Димчевиќ од Битола
57. Аврам Калев Ишм од Суводол

Св.Пов.Ф.О.Бр.4.172

-АИНИ-Владини комесари Србије 1914-1918, инв. бр. 126, ф.к. I/6-5.

783 Архив на Македонија-ДАСИП-фонд: МИП-ПО, фасц.3, Шеф службе безбедности, од 1 декември 1917 година, Солун.

784 „Грчката префектура на сите фамилии на нашите бегалци од Битола, а која ги зела во својата војска му издава месечна помош од 15 драхми од член на фамилијата, за учество во државните власти помош му даваат на таквите фамилии и тукашните свештеници.“
-АМ, фонд:МИП-ПО, фасц.3, пов. бр.2258, 20 мај 1918, Крф.

785 На истото место, фасц.3.

Исто се постапувало и со воените бегалци родум од овие краеви а кои побегнале во Лерин. Грците формално ги апселе, а потоа со стража ги терале до Сорович и Кожани, а потоа ги пуштале да одат слободно во Стара Грција да се сокријат и слободно да живеат.[786]

Грчките власти почнале да вршат притисок на избеганото население за да преминат и станат грчки државјани, а потоа истите се упатуваат во грчката армија. За бегалците од реокупираната територија на Битолскиот регион, кои во Лерин примиле грчко државјанство, и како војници упатени во грчката војска (посебно во текот на 1918 година) има повеќе списоци со наведени имиња, занимање и од кое место се.[787]

---

[786]На истото место, фасц.3, пов. бр. 2258, 20 мај 1918, Крф.
[787]АИНИ, Владини комесари Србије 1914-1918, инв. бр. 126, ф.к. I/6-5.

## 4. Економската положба во Регионот

а) Општата состојба во Регионот

По пробивот на дел од Македонскиот фронт на Битолскиот сектор - со таканаречената битолска операција од есента 1916 година, со реокупирањето на Битола и на дел од Битолскиот регион, за кое веќе погоре зборувавме, Србите со помош на силите на Антантата повторно ја воспоставиле старата организација на српската власт од 1912 до 1915 година. Прв чекор кон остварувањето на оваа цел, било воспоставувањето на српската власт во Битола и во дел од Битолските села, по заземањето од страна на силите на Антантата и српските војски на 19 ноември 1916 година. Од овој момент, па сè до крајот на војната во Македонија, Битола станала прва истурена и ударна база на Антантата, а ососбено на српските напори за истерувањето на бугарските и германските сили и за реокупација на вардарскиот дел на Македонија.

Така во општествено-политичка и економска смисла за населението во реокупираната територија во Битолскиот регион и останатите села од Преспанско и Охридско била воведена тотална воено-политичка управа, надзор и контрола.

Во Битола и во триесетина села во Битолско владееше неиздржлива состојба, во сите аспекти на животот. Организирањето на прехраната на населението во воени услови, и тоа особено на селаните од селата во непосредна близина на фронтот.

Нивно преместување од домовите и обработливите земјоделски површини, претставувало проблем за српските воени власти. Тие морале да се грижат за нивното сместување и за нивното издржување. Требало да се води сметка и грижа за да се обезбеди нивниот опстанок.

Во таа смисла, српските органи преземале извесни мерки за да ги задоволат барем елементарните потреби со основни животни продукти, во рамките на можностите во воени прилики и услови.

Но, и покрај преземените мерки имало појава на голема сиромаштија кај населението во реокупираната територија. Во тие тешки состојби глад, сиромаштија и истоштеност на населението во извесна смисла се ублажени со хуманата помош на одделни француски, англиски, шкотски и други мисии и органи на Црвениот Крст. Гестовите на хуманост што биле покажани од странските хуманитарни организации во тие најтешки денови за опстанокот на месното население несомнено биле акт на највисока човечност. Српските власти на реокупираната територија преземале мерки и за активирањето на земјоделското производство, за собирање на годинашната реколта, на родот од засеаното, прибирање на сено и друго. Меѓутоа, очигледни биле големите штети на земјоделските имоти што ги правеле воените единици на француската, италијанската и српската војска на реокупираната територија. Тие, со своето движење и со постојаната техника, уништувале земјоделски имоти и други засеани површини.

Воените органи вршеле масовно реквирирање згради по селата, така што најголемиот товар од војната паѓал врз селата и и врз селанството на реокупираната територија. Не била помала тешкотијата за српските власти и бомбардирањето на градот Битола, кои секојдневно, а не биле ретки случаи и неколку пати во денот, ја опсипувале Битола со артилериски гранати.

За состојбата во првите денови од реокупацијата на Битола пишува во својот прв извештај, началникот на Битолскиот округ М. Јовановиќ.[788]

---

[788]„Пристигнувајќи во Битола, застанав пред Општината. Во судницата го затекнав како привремен претседател Никола Блажиќ, поранешен началник на воената станица во Дебар... Од Блажевиќ и собраните одборници веднаш разбрав дека Битола се наоѓа во многу тешка состојба.

Познатиот д-р Рајс, голем пријател на Србите, уште со самото реокупирање на градот Битола од страна на силите на Антантата на 19 ноември 1916 година, престојувајќи во градот ја опишал лошата состојба на населението.[789]

По повлекувањето на бугарските единици од Битола настана голем недостаток на прехрамбени продукти и затоа цените на прехрамбените продукти биле многу високи. Така сомунче црн леб се продавало по 4-6 динари; месото, во мирно време многу ефтино, тогаш се продавало по 5-6 динари ока; млекото 1,50 динари за литар; шеќерот 14 динари ока; газија не можело ни да се најде.[790]

Евакуираното население од селата во Битола, се нашло во многу тешка состојба, најпрво во сместувањето по куќите кое не одело така лесно, а потоа во снабдувањето со храна, принудени од роднини и пријатели да позајмуваат пари и најпотребни работи како би преживеале. Диовчани во Битола биле принудени од познаници, пријатели, роднини да изнајмуваат пари, зашто нивната „еднонеделна евакуација“ продолжила за целото време додека траела војната т.е. од крајот на 1916 година, па сè до крајот на 1918 година. Поради лошите хигиенски услови на живеење „...нè нападнаа вошки, тавтабици, а ваму

---

Сите тие едногласно ми изјавија дека во градот ги нема најпотребните прехрамбени артикли, а особено е голем недостатокот на леб, дека бугарската војска на 5 овој месец вечерта опљачкала многу дуќани, дека во градот немало никаква стока донесена однадвор и дека граѓаните целото време под бугарска управа живееле како во темница.

Веднаш го посетив францускиот генерал Ле Бефа, од кого разбрав дека Бугарите сè уште се многу блиску до Битола. Нивниот фронт се протега од селото Добромири и Карамани преку Раштани и Снегово, Братиндол, Трново, Пелистер.

Битола, како што веќе јавив, сè уште се наоѓа под непријателски оган. Заради недостиг на службеници и џандари и обезбедување на мирот и редот во градот, го замолив Командантот на местото да испрати во секој кварт како посада по еден офицер на 20 војници, така што таа посада патролира и крстари по квартовите. Безбедноста сепак не е гарантирана, зашто од страна на војниците се вршат пљачкосувања по градот. Денес неколку граѓани дојдоа во општината да се пожалат дека се опљачкани. Со Командантот на местото, утре ќе ги замолам командантите на француската, руската и италијанската војска, и тие од своја страна да го спречат грабежот.“
- Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, 360-361.

[789]„Населението се жалело дека нема ништо повеќе за јадење, зашто Бугарите одзеле сè. И навистина, продолжува Рајс, утредента имавме можност да видиме жалосна глетка што ја даваа илјади жени и деца со вдлабнати ибрази заради гладување, и ние самите би сакале нешто да каснеме, но не беше лесно да се најде храна....“
-Рајс Р.А., Шта сам видео и преживео у великим данима, Београд, 1918, 115.

[790]„Српске новине“ бр.9, стр. 3, Крф, 1917.

гладни. Налет сето страдавме и од отрови, бомбардирања, зашто немаше ден, а да не беше бомбардирана Битола со топови и со авиони. Што оти бевме во Битола, несреќите на војната и тука нѐ стигнаа.“ (Христо Илиевски од с. Дихово) Во Битола, жителите на Дихово не останале цело време туку само 5-6 месеци. Нив власта ги префрлила во соседните битолски села Бистрица и Породин.[791]

Не била ништо подобра состојбата на населението во некои реокупирани села во Регионот, посебно во Мариовската околија, каде што Бугарите при повлекувањето ја однеле сета човечка и сточна храна. Населението од овој простор доживуваше тешки денови. Покрај секојдневниот артилериски оган, населението гладувало и барало помош за храна а немало од каде да ја набави. За состојбата во Мариовската околија веднаш по реокупирањето ни зборува и владиниот комесар за српските бегалци на грчката територија.[792]

---

[791]Дихово, Битола, 1985, 18.

[792]„Од пред четири дена се наоѓам во селото Сович, кое засега е надвор од дометот на непријателскиот артилериски оган, и овде ќе останам сѐ додека нема слободен пат за понатаму.

До сега сум ги обиколил Живојно (неколку пати) и Сович. Една ноќ се спуштив во Бач и се вратив истата ноќ, заради секојдневниот непријателски артилериски оган, и потаму од Брод, никогаш немам отидено, зашто мостовите се изложени и на дневен и на ноќен оган, како и самото село Брод.

Селата Скочивир, Сливица и Брод, како и ова, Сович, ограбени се од непријателот, па повеќе од населението гладува, особено во првите три села, кои сѐ уште се под непријателски оган. Денес, од овие три села, веќе по втор пат, дојдоа кај мене околу 50 лица, за кои се уверив дека гладуваат и бараат помош за храна, а по уверението и останатите селани, сите, и уште толкав број семејства опаѓаат. Има и многу имотни кои немаат храна, ниту пак начин да ја набават.

Од тоа, чест ми е да го поставам овој предлог:

1. Уште одма и по најкраток пат да се пренесе во село Крушоради барем 5000 кг брашно, за раздавање на сиромашните жители од реокупираните села, 5000 кг брашно бесплатно за мојата околија, а по цена за оние кои оскудеваат за храна, имотни, а кои не можат да ја набават.

Магацин за оваа храна да постои во Крушоради и со него да раководи службеник кој ќе биде одреден од Вас, а издавањето да се врши по мои упатници.

2. Исто така да се испратат 5000 кг сол, зашто сол меѓу народот нема, т.е. на сите, без разлика на имотната состојба, да се издава бесплатно.

И едното и другото треба да се третира како итна и неодложна потреба, зашто оскудицата е стварна, и ако брзата помош не дојде благовремено, може да следат смртни псоледици, што многу лошо би сеи ги објасниле овие селани, кои постојано нѐ гледаат како луѓе без татковина, па со тоа политичките причини диктираат да им помогнеме одма, па на тој начин ги увериме во својата економска, финансиска и војничка моќ.

Се надевам дека ако ситуацијата на военото поле се поправи, ќе можам да ги обиколам сите реокупирани села во околијата, и на крајот од овој месец да ви поднесам звештај за приликите и состојбата на народото, кои ги затекнавме со реокупацијата, па според тоа, ќе имате реална слика за бугарската управа и нејзиниот режим. Имам податоци и сега, но би сакал повеќе лично да ги проверам и доколку е можно да се уверам во нивната точност.

Ве молам за благовремено известување за својата одлука и неопходните упатства за понатамошна работа.“

Со поставената фронтовска линија низ Битолскиот регион, а наоѓајќи се покрај самата линија, евакуирани биле и селаните од Логоварди, и тоа најпрво во селото Оптичари, а потоа и во село Породин, каде што останале до крајот на војната. Сместени во куќи, кошари и пондила од говедата, ги опфатила страшна сиромаштија и мизерија. Вошките и болвите во немоќност да се исперат, и измијат и преслечат, се развиле од ден на ден сѐ повеќе и повеќе. Јадежите, трпежот и крпежот, станале нивна секојдневност и преокупација. Соочени од една страна со сите овие патила и страдања, а од друга со милиот живот, мислата ги терала да издржат во ваквото невреме што се беше дало и натежнало на нивните плеќи. И навистина, каков-таков, животот продолжувал да течи. Се заборавиле дури и семејствата што настрадале во првите бомбардирања од топовските гранати кај Екимовци и откинатите десна нога и лева рака на Стојна Гроздановска-Екимовска и на Вета Екимовска. Во ваквите моменти се заборавало сѐ и основата била во обезбедувањето на лебот, па затоа на своите полиња што ги оставиле во Логоварди, пченицата ги чекала да ја ожнеат со тупаница и срп. Под раководство на Тале Марковски - тогашен кмет на селото, ги организирал да жнеат само ноќе и за време на дваесет и два дена секоја ноќ од Оптичари за Логоварди се одело да се жнее и пренесува останатото. Тука, во селото се вршело и секое семејство добивало по некој кутел жито само да преживее.

Меѓутоа, ова како да било малку и кога опасноста се надвиснала и во Оптичари, логоварчани биле принудени да се преселуваат уште подалеку во селото Породин само да не станат мета на топовски гранати. Далеку од своето село во кое татнеле 10 топови на положаите во с. Карамани, чувствувале дека и она малку што им останало ќе им се срамни со земјата и ќе им се испусти. Во Породин започнал

---

-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје, 1981, 352-354.

организиран живот и првенствена задача била да се спаси населението од вошките, гнидите и болестите што им се заканувале. Започнале со интензивно перење на алишта, чистење од гнидите, стрижење и вриење на алиштата. Заразните болести и покрај сето тоа не можеле да се спречат. Тифусот, кожните болести, гноењата и пострупувањата започнале со голема жестокост да го напаѓаат населението.[793]

## б) Организирањето на прехраната на населението

Со прашањето за обезбедување на прехрана на населението во реокупираната територија на Битолскиот регион било ангажирано Одделението за прехрана на населението во Србија[794] при канцеларијата на владините комесари.

Во една телеграма од Министерството за внатрешни работи до Военото министерство, во врска со снабдувањето на брашно[795] се вели:

---

[793]Ѓорѓи Котевски, Логоварди, 37.

[794]Одделението за прехрана на населението во Србија при Канцеларијата на владините комесари, всушност се бавело со прашањето на прехрана за бегалците од Србија, во чиј состав се наоѓала и Вардарскиот дел од Македонија, заземена по Балканските војни, во конкретниот случај и за реокупираната територија.

[795]„Гледиштето на командантот на Битолската дивизија е погрешно, дека еден вагон брашно дневно би бил доволен.

На прво место, не постои факт дека една половина жители, барем според податоците кои ги имам и кои од сите страни се потврдуваат, има брашно. Брашно воопшто нема. Тоа мора постојано да се испраќа имајќи го во предвид целото население. Друга работа е што еден дел од населението, можеби и поголем, во можност да купи храна, но и на тоа население мора да му се даде шанса од некаде да ја набави истата. И брашното кое се праќа во Битола нема да се дава секому бесплатно, туку само на оние кои не можат да го купат, а на останатите брашното ќе се продава во вид на испечен леб, но пак во ограничени количини и по потрошувачки карти. Брашното нема да се испраќа само за битолското население, туку и за селското.

Но и покрај сè, ветените секојдневни два вагона не можеа да се добијат еве веќе четири дена заради обврските околу потребите на војската и за вакви прилики би било потребно да се има на располагање извесна резерва.

По извршената интервенција кај генералот Сарај, на прашањето ускратеноото одставување на храна до населението на ослободената територија, овој одгвори дека сите вагони ги употребил за потребите на нашата војска, и дека од нив сега бараме овие вагони, ако може да ни ги остави на располагање.

Ве молам, со тоа, Господине Министре, за со ова важно прашање кое по своето значење и последици нема карактер само на обична должност за исхрана на населението, повелете, поклонете соатојно внимание и продолжете од своја страна повторно да се воозможи секојдневно заведување храна, со што ќе ја олесните работата и на Вашите установи за снабдување на војската, кое ќе биде ослободено од грижи по прашањето за изгладнетиот народ."
-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ...1913-1917..., 366-367.

Одделението за исхрана на населението при Канцеларијата на Владините комесари започнало со снабдување на населението од реокупираната територија со прехрамбени артикли и останати потреби од 13 ноември оваа година (1916), кога за населението од Битола и околината испратило 20.000 кг брашно.[796]

Началството на Битолскиот округ сметаше дека неделно е потребно за исхрана на населението во реокупираната територија и тоа: брашно 100.000 кгр, сол 1.000 кгр, ориз 4.000 кгр, петролеј 100 сандуци, шеќер 1.000 кгр, кафе 500 кгр, маст 1.000, масло 1.000 л., сапун 800 кгр.[797]

Овој оддел до крајот на 1916 година за населението на реокупираните краеви ги испрати овие количини намирници: брашно 449.520 кгр, ориз 1.400 кгр, сол 6.714 кгр, петролеј 200 сандуци.[798]

За да се задоволат најнеопходните - минимални прехрамбени производи на населението од реокупираниот дел од Битолскиот регион бесплатно им било доделено:

а) Во квартот Белградски на 1.364 фамилии со 5.856 души.

---

[796] „Приемот на брашното од надлежните француски воени власти од нивните магацини во Зејтинлук и преносот и транспортот на истото во истоварната станица (Секулево) на пругата Солун - Битола, ја вршеше посебно одбрана комисија од три чиновника од ова одделение. Еден од тие членови беше овластен за примање на одзменеиот дел брашно за Битола од целокупната количина и за таа цел потпишуваше и пополнуваше посебно оздадени бонови.

Откако комисијата провери дека назначената количина брашно навистина е натоварена во вагони, таа со пропратна листа ги предава на посебно одредени чиновници - пропратници, кои вагоните со брашно ги спроведуваат до истоварната станица.

Во истоварната станица е основан комесаријат на овој оддел со еден комесар и потребните вработени лица. Овој комесаријат ги примаше сите овие испораки на истоварната станица, и сместуваше во свој магацин, па од таму испраќаше стока за Битола во камиони кои сојузничките воени власти ни ги ставија на располагање.

Сите пратки во испорачната станица Битола секогаш беа пропратени со по еден чиновник - спроводник. Натоварувањето и истоварот на стоките во Солун и истоварната станица во Битола се вршеше во војничките снаги ставени на располагање на Министерството од страна на Воениот штаб.

Преносот на останата стока: сол, ориз и газија од магацините во Солун до Солунската железничка станица се плаќа од кредитот кој му беше ставен на располагање на овој оддел.

Конвоите со стока се предаваат во Битола на тамошното началство, а тоа ги распоредува на месниот одбор заради поделба и продажба на сиромашното население во состав на законот за помош на населението во воени времиња и правилникот за извршување на истиот закон."

-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917..., 388-392.

[797] Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917..., 397.

[798] На истото место.

б) Во квартот Драгорски на 1.808 фамилии со 8.026 души.

в) Во квартот Варошки на 1.067 фамилии со 3.780 души.

г) Во квартот Свето-Неделски на 1.342 фамилии со 5.220 души.

д) Во Мариовската околија на 997 фамилии со 7.420 души.

ѓ) Во Битолската околија на 1.040 фамилии со 4.559 души.

е) Во румунските фамилии во Битола на 104 фамилии со 422 души.[799]

За помагање на настраданото население најпрво во Битола, а подоцна и во селата биле формирани месни одбори. Месните одбори вршеле поделба и продажба на намирници на сиромашното население во согласност со законот за помош на населението во воени времиња и правилникот за извршување на истиот закон. Месните одбори ја одредувале цената на намирниците т.е. за оние намирници кои ги имало, а за останатите кои ги немало не ги одредувале цените.

Месните одбори во реокупираните села од почетокот не биле формирани зашто селското население во тие села, со мали исклучоци за време на борбата побегнало, а француските воени власти сѐ уште не им дозволувале на селаните да се вратат во своите села.

На оние селани кои останале во своите домови, неопходните намирници им биле давани лично од околиските началници во присуство на кметовите и одредени видни граѓани.

Покрај месните органи во секој кварт на градот формирани биле и пододбори. Пододборите заедно со старешините на квартовите, во прво време делеле извесна количина брашно спрема бројот на членовите во семејството.

Месните одбори не биле во можност да ја одредат нормата за раздавање на брашно, зашто во првите дена не пристигнала поголема количина, а оскудицата била голема, па приоритет имал народот кој гладувал. Подоцна, месните одбори донеле одлука: на едно семејство кое е во сиромашна состојба и нема можност да купи брашно, му

[799] На истото место, 395.

следува за петнаесетдневна потрошувачка: на еден член 5 ока, на семејство од 2-3 члена 7 ока; од 3-5 члена 10 ока; преку 5 члена 15 ока.

На поимотното население кое го купувало брашното со пари, одредена е иста количина: за 15 дена до 15 оки брашно.[800]

Брашното било ставено на располагање на српските власти од страна на француските воени власти од францускиот магацин во Зејтилник.[801] Од таму со посебна пропратна екипа житото се растоварало на станицата во селото Сакулево[802] на железничката линија Солун-Битола. Од складиштето во Сакулево брашното се носи во Битола со француски камиони до Окружното началство, а ова им го предава на месните одбори кои вршеле распределба и продажба како на посиромашното така и на побогатото население, според законот.[803]

Пратените артикли во Битола се продавани на побогатото население по цена која ја одредувале месните одбори и тоа: брашното, кое во почетокот е продавано на трговците заради трговија на ситно, по 97 динари 100 оки, а подоцна продажбата започна по 100 динари 100 оки. Петролејот (газијата), еден сандук, 22,80 динари во сребро; оризот 100 оки за 150 динари во сребро и солта 1000 оки за 20 динари во злато. Солта и петролејот се продаваат по цена одредена од страна на нашата монополска управа. Цените на овие артикли на ситно беа: 1 ока сол - 0,45 динари, а за 1 ока петролеј 1 динар. Оризот е продаван на ситно по цена од 1,60 динари за ока.[804] Снабдувањето на населението со храна во реокупираната територија продолжило и понатаму.[805]

---

[800]Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917..., 392.
[801] Место во близината на Солун.
[802] Село во Леринско, сега во Република Грција.
[803] Д-р Глигор Тодоровски, цит. извор, 390-391.
[804] На истото место, 393.
[805]Еве што се вели во еден извештај на Военото Министерство на српската влада во бегство до Министерството за внатрешни работи:
„Одобрувам: во Битолскиот Општински суд за исхрана на нашето население во Битола да се издадат 20.000 кг ориз по определена цена 130 франци или 118.19 драхми за 100 кг со додаток 5% во смисла на мојата наредба ЕП бр. 9967 од 26 февруари оваа година.

Освен тоа, вреќите со ориз треба да се вратат на Главното складиште во потполно исправна состојба, или да се наплатат по определената цена 4.75 франци или 4.32 драхми од една вреќа.

Храна како што погоре наведовме им се доделуваше и на жителите од градот и на жителите од селата во реокупираната територија. Во еден друг извештај се спомнува дека е доделена храна на некои села од Мариовската околија:

„Селаните од селата: Груниште, Петалино и Скочивир, примиле храна на 21 овој месец за 15 дена однапред, а за селата Маково и Рапеш, чиновник на Мариовската околија врши преглед по куќите и утврдува колку е потребно и за нив да им се додели храна.“[806]

Секако дека во најтешка положба се наоѓало раселеното население, некое од него дури и по неколку пати се преселувало од едно место на друго. „Меѓутоа и во новото местожителство Диовчани не ги чекала подобра судбина. Месечно добивале малку брашно-... На десет души, десет килограми. Да го гледаш, ќе го изедеш. Тука, благодарение на Французите (војници) не изумревме. Ние, децата, со котлиња одевме да молиме за да ни дадат храна. А тие ќе ни речеа: - Ајде петит, демек малечок, и ни даваа. Тоа добро никогаш ете и по стари дни не можам да го заборавам! (Христо Илиевски) Контактите со француските војски за храна биле толку чести што некои од децата научиле и да зборуваат француски јазик.“[807]

И покрај грижата на српските власти да го снабдат населението со најпотребните животни артикли, во одделни села во реокупираниот дел од Регионот имало недостиг на храна. Во селата Живојно и Бач се јавува голем недостиг на храна. Истиот се ублажувал со помошта што ја добивале од српските и сојузничките трупи.[808] Во селото Велушина на име помош му било испратено 120 кг брашно. Во селото имало 80 куќи кои немале никакви услови за живот, а останатите куќи храна

---

Претходното решение го доставувам на понатамошна надлежна постапка.“
-Архив на ИНИ-МУД-Полициско одељење, Министарство војно економско одељење Е.П. бр. 16.065 од 23 август 1917 година, Солун.

[806]На истото место, Канцеларија владиних комесара, Одељење за исхрану становништва у Србији, бр.132, 27 декември 1916 година, Солун.

[807]Дихово..., 18.

[808]Архив на Македонија - ДА СИП, фонд ПО, фасц. 14, пов. бр. 371.

имале за еден до еден и пол месец.[809] На населението од село Бистрица му била доделена помош од 40 кг брашно, 7 куќи немале никаква храна, а останатите имале за месец до два.[810]

И покрај помошта со снабдување на населението на реокупираната територија од страна на Сојузниците, сепак тоа снабдување со храна одело со големи тешкотии заради недостиг на превозни средства.[811]

в) Помошта на странските мисии и органите на Црвениот Крст

Недостатокот на доволно храна - брашно и другите најважни прехрамбени артикли на населението од реокупираната територија во извесна мерка се ублажувал со помошта на странски мисии преку Црвениот Крст и од Сојузничките војски.

Меѓу првите кои почнале да им даваат помош на народот биле членовите на мисијата на американскиот Црвен Крст кои се упатиле на лице место да се уверат за потребите населението.

Членовите на мисијата во придружба на началникот на округот г. Лазиќ и тројца виши офицери го разгледале градот, а особено урнатините од бомбардирањата и визбите во кои живееле настраданите фамилии, а потоа отпатувале во мариовското село Скочивир."[812]

Голема помош населението по селата добивало и од сојузничките болници. Во Добровени шкотската болница му поделила според изјавата на управничката на болницата, му се давало грашак, грав, ориз во вредност од 200 динари.[813]

---

[809]На истото место.
[810]На истото место.
[811]На истото место, фасц. 6, Извештај на Анка Димитријевиќ, 14 ноември, пов. бр. 8022.
[812]АИНИ, МУД, Полициско одељење, Оделење Минист. Ун. Дела, Крф.
[813]Архив на Македонија, ДАСИП, фонд: Политичко одељење, фасц. 12, пов. бр. 571 од 31 јануари 1917 година.

Во болницата во селото Добровени, д-р Кујунџиќ исто така им поделил неколку сандуци млеко и по малку грашок, грав и сочиво од што правеле чорба и им делеле на селаните. Маст и месо немало. Кога имало вишок (отповеќе маст и месо) во неговата болница тој му додавал во казаните и за селаните, и така добивале малку подобра храна, инаку селаните редовно добивале вариво на вода.[814]

Исто така и болницата во Сливица им давала храна на населението, ама во помали количини бидејќи болницата добивала минимални количини, по едно вреќе грав и сочиво.[815]

Воопшто може да се каже дека помошта која на овој начин им се давала на селаните е недоволна и лошо организирана, заради тоа што некои требало да пешачат по неколку километри како би добиле една врела вода со неколку зрна грав или сочиво.[816]

Помош во прехрамбени и земјоделски производи населението во реокупираните села добивало и од италијанските војски.[817]

Англичанката г-ѓа Крана, како пратеник на српскиот потпорен фонд, во име на овој фонд на сиромашното население во селото Кенали и Кеналската општина, ќе му подели помош во облека, алишта, чорапи, волна, а од прехрамбени продукти ориз, како и сапун и др.[818]

---

[814]На истото место.

[815]На истото место.

[816]Архив на Македонија, ДАСИП, фонд: Политичко одељење, фасц. 12, пов. бр. 571 од 31 јануари 1917 година.

[817] Началникот на Мариовската околија со актот од 5 овој месец, бр. 117 ми испрати извештај со следната содржина:

„Денес ја примив втората партија артикли од Командантот на 35 италијанска дивизија, како помош народот од пет евакуирани села, и тоа: сол 155 кг, ориз 100 кг, машини 102 кутии, сапун 65 кг, гас 44 канти.

Сите артикли ќе им се разделат на оние исти селани, на кои и порано им биле разделени овие артикли, за што ве известив со актот од 31 јануари, бр. 78.

-Архив на ИНИ, МУД, Полициско одељење..., Краљевско српско министарство, Началство округа Битољског, бр. 1071, 6 февруари 1917, Битола.

[818]„Оваа Англичанка ќе остане во селово десетина дена, а поделбата ќе ја започне овие дена кога ќе ѝ пристигнат сите работи и намирници„ - за што началството дополнително ќе биде известено.

Чест ми е овој извештај да го доставам на Господинот Министер за војна заради известување.“

-Архив на ИНИ, МУД, Полициско одељење..., Краљевско српско Министарство округа Битољског, бр. 2334, 21 март 1917 год, Битољ.

Жителите, пак, на Битола преку разни мисии и друштва добивале помош во разни прехрамбени продукти и во облека. Особено во тоа предничело Српско-англиското здружение, поточно со кујната што ја формирала г-ѓата Харлеј од каде се издавала топла бесплатна храна на сиромашните.

Покрај оваа помош, ова здружение по својот пратеник испратило уште: 391 машки кошули; 108 женски кошули; 295 детски кошули; 24 пантолони; 441 шала; 505 чорапи; 323 вентијаги; 179 палта, 258 гаќи; 22 шлофијанки; 438 ракавици; 14 елеци; 34 капи; 34 волнени палта; 8 ќебиња, 179 оки предена волна за чорапи; 10 пара чевли; 182 женски блузи; 35 фустани и уште други разни работи.[819]

Англискиот Црвен Крст, пак, преку болниците не само што ги лечеле нашите болни, туку им давале и храна на населението во селата Добровени, Сливица, Гермијан и Брод.[820]

г) Скапотија, глад, епидемии, проституција

Снабдувањето на населението со брашно и леб, со рационални дажби, организирани преку ***комитети***, ***секции*** и ***одбори*** на разни француски, српски, англиски, италијански, американски и други мисии, се сведувало на ***ретки повремени делби на брашно или леб во симболични количини***.[821]

Во Битола и во реокупираните села од различни установи се делело од 120-200 грама брашно или 50-150 грама леб. Овие повремени делби на храна ни оддалеку не ја ублажувале гладта на населението кое било лишено од многу намирници.

---

[819]На истото место, Начелство округа Битољског, бр. 1735, 25 феврuари 1917 година, Битољ.
[820]АМ-ДАСИП, фонд: Политичко одељење, фас. 2.
[821]На истото место, Штаб ВК О бр. 9893, 26 XII 1916 - цитирана телеграма бр. 949; Извештај бр. 61 од 15/29 XI 1916 на Окружниот началник во Битола до Владините комесари во Солун, пов. бр. 22 од 17 јануари 1918, Битола; бр. 121 од 21 XII 1916.

Населението било лишено од масло, маст, шеќер, сапун, текстил и од сите други основни прехрамбени производи, кои биле реткост на пазарот, а покрај тоа неизмерно скапи.

Во реокупираниот Битолски регион како резултат на недостаток на храна, настанала голема скапотија, па затоа населението било поставено под тотална контрола на окупаторските власти (силите на Антантата). Близината на фронтот и присуството на огромен број војници доведувало до неизмерно поскапување на животните прехрамбени артикли.

Окупаторските власти и војски кои располагале со големи количини пари, ги консумирале сите видови намирници, било по пат на обична или насилна реквизиција, било пак со плаќање од што месните производи немале некоја голема корист, бидејќи со добиените пари тие фактички не можеле да купат ништо, зашто немале од каде да купат.

Додека населението гладувало, дотогаш окупаторските власти, воените команданти, шпекулантите и лиферантите пливале во изобилие, што можело да се види од нивниот живот по градовите, особено во Солун, каде лиферантите внесувале секакви стоки за штабовите на Антантата.

Заради постојаните артилериски гранатирања и авионски бомбардирања, повеќе време се живеело по визбите и скривниците, во темница и влага. Поради таквите лоши[822] услови за живеење се разболувале од туберкулоза и умирале, а други пак се разболувале од „скуруфлоза".

Голем број од битолчани засолниште наоѓале во црквите како побезбедни од непријателските зрна, и затоа тие храмови и дење и ноќе биле полни, и се надевале дека само таму можат да ја избегнат смртта.[823]

---

[822] АМ, ПОБ, фонг, Богоја Наумов Фотев..., ак 2, а.е. 22/248.
[823] Рајс Р. А., Писма са српског македонског фронта, Тузла, 1924, 50.

Лошите услови за живот и постојаното движење на воените единици од еден на друг крај на Македонија, а со тоа и во Битолскиот регион, предизвикувале разни епидемии. Заради немање на касарни, српската војска била разместена по приватните куќи и со тоа епидемијата уште повеќе се ширела.[824] И покрај тоа што битолчани ги демнеле од сите страни разни опасности, сепак биле приморани да си го организираат својот живот во нездравите визби, кои претставувале извор на заразните болести. За време на војната, Битолскиот регион бил зафатен од катастрофални епидемии од колера, пегавиот тифус, маларијата, и друго.[825] Особено страотна била епидемијата на пегавиот тифус, зафаќајќи го подеднакво населението и војската. Пегавиот тифус не ги поштедил ни лекарите, а меѓу нив мал број и на битолските лекари кои ѝ подлегнале на болеста. Овој недостаток на лекари многу ја влошила и така лошата здравствена состојба на војската и населението. Во овој период за кусо време Битола останала без своите најискусни лекари. Во воениот виор Битола ги изгубила и своите болници кои биле разурнати во бомбардирањето.[826]

Според искажувањата на некои постари од селата каде што биле разместени француските трупи, во ширењето на заразните болести придонесувал и моралот на француската војска кој не бил на потребното ниво во однос на женското население од подрачјето.[827]

Бидејќи во Бистрица имало многу војници и се ценело дека не е безбедно за жените, тие биле повлечени во Битола (каде сигурноста била поголема).[828]

Селаните од селата во Мариовската околија се жалат на француските војници оти му ги напаѓале жените.[829]

[824]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна..., 38.
[825]Д-р Петар Бојаџиев, Здравството во Битола низ вековите, Битола, 1992, 143.
[826]На истото место, 143.
[827]Ѓорѓи Димовски-Цолев, Борис Павловски, Непокорени, Битола, 1981, 182.
[828]Александар Крстевски, Богоја Фотев, Скопје, 1988, 41.
[829]АМ ДАСИП, фонд политичко оделење, фасц. 12, пов. бр. 571, од 31 јануари 1917 година.

Во Битола и Битолско се појавила и проституцијата. Французите во позадината на фронтот правеле посебни „куќи", и барале посебни дозволи за отсуство да одат „таму".[830] Селанките, пак тогаш, од селата Петалино, Груниште и Живојно, стекнале слава на „париски кокети" да имаат по стотина љубовници и покрај тоа што носеле козји опинци и биле облечени во смешна и неуредна облека.[831]

Во градот имало јавни куќи со многу „расипани" жени[832] каде Французите биле најчести посетители.

Проституцијата подеднакво се ширела и меѓу христијанките - жени и меѓу муслиманките, а секако дека на тоа ги терало гладот и сиромаштијата.

## д) Реквирирање и принудна работа

Окупаторските власти и војски кои располагале со големи количини пари, ги консумирале сите видови намирници, било по пат на обична насилна реквизиција или пак со плаќање, од што месните производители немале некоја голема корист бидејќи со добиените пари тие фактички не можеле да купат ништо, зашто немале од каде да купат.

Стока по селата имало многу малку.[833] Имало села каде останале само по неколку пара волови и нешто малку ситна стока. Во одделни

[830]Краков Станислав, Кроз Јужну Србију, Београд, 1926, 92.
[831]На истото местото.
[832]„Во една таква куќа влегоа еден ден десетмина Французи сите пијани и натре најдоа една група Арапи: Французите се скараја со Арапите и дојде до големо тепајне меѓу ниф. Борбата беше страшна, никој от ниф не бираше средства за да мава; со штици, со столици и со сѐ што можеа да најдат маваја еден на други; ги искршија вратите, пенджерите, масите и направија во кукјата лом и ништо здраво не остана. Со бој излегоа на улица сите искрвавени, изранети. Арапите пошто беа помалко и видоа оти ќе настрада прсна да бега и Французите по нив со мание, се разви улична борба и Арапите за да се спасат избега. Французите пошто ги протераја Арапите така накрвавени и издрпани во алиштата се вратиа во кукјата, ама от оросписите не најдоа ни една: оти тие сите побегна уште во начелото на борбата."
-Годините од Првата светска војна во Битола и Битолско во необјавена автобиографија, Прилози, Битола, 1985, бр. 42 - Д-р Александар Стерјовски, 42.
[833]Интендантурата на Источната француска војска била главен снбдувач на производи за прехрана и на српската војска на Солунскиот, односно на македонскиот фронт. Во таа смисла, таа

села немало пак ни еден пар волови. Имало села каде немало ниту една овца или свиња. Перната живина немало ниту во едно село. Исто така по селата имало многу малку воловски коли кои Бугарите ги однеле со себе или ги уништиле на лице место. Таква била положбата во реокупираната територија на Битолскиот регион кога сојузничките и српските војски влегле во истата.[834]

Но, и „новите ослободители“ на Битолскиот реокупиран дел од есента 1916 година не заборавиле и тие да вршат реквизиции и на она минималното што останало кај напатеното македонско население, кое веќе страдало и патело со години. За разлика од бугарските окупаторски власти кои вршеле целосни реквизиции и за кои, многу малку или ништо не плаќале, новите сојузнички власти со многу помали цени го плаќале реквирираното. Реквирирање на стока и на сточна храна било вршено во повеќе села на реокупираната територија.

При тоа апсолутно се нагласувале количините кои се оставале на населението да се редуцираат колку што било можно повеќе, за да може на таков начин да се осигури потполното снабдување на Сојузничката војска.

Заради тоа од полициските власти и од началникот на Битолската воена станица се барало да им се испрати: листа на жетвите по општини со назначен контингент кои би се одзеле, како и листа на општините кои барале воени сили за жетвата, да се означи и бројот на потребните работници, како и датум и период на времето кога ќе бидат истите потребни и да се назначи местото за експлоатација.[835]

---

првенствено имала право да се обезбеди со земјоделски производи и од реокупираната територија во Македонија од претстојната жетва. Затоа и военостопанскиот сектор на српската војска морал да води сметка во таа смисла, кој примат ѝ припаѓал на Источната француска војска.

[834]И реокупираниот дел на Македонија во текот на Првата светска војна бил третиран за српски, според Договорот од Букурешт од 10 август 1913 година.

[835]По повод на ова барање на Интендантурата на Источната француска војска, а во врска со упатот на Господинот Министер на Народното стопанство, пропишан врз основа на одлуката на Министерскиот совет и Собранието на Стопанскиот Одбор, кој имам чест да ви го доставам во прилог, и заради постигнување согласност со Француските органи на овдешниот Штаб на Сојузничките војски до Воено Стопанската Дирекција преку своите органи со припомош на дополнителни полициски чиновници да се изведе оваа операција на жетвата, како и нејзино

Воените органи вршеле масовно реквирирање на зградите по селата. Во куќите биле сместени војниците и тоа претставувало најголем товар од војната врз селото на реокупираната територија.

Принудната работа била од помал интензитет. Сојузниците правеле патишта во Битолско и Леринско при што го ангажирале и населението каде имало случаи да работат и жени. Во овој период е изградена железничката пруга со тесен колосек (0,60 см) во должина од 25 километри од селото Сакулево (Леринско) до с. Сливица (Мариовска околија).[836]

ѓ) Стопанските прилики

Воено-стопанската дирекција при Военото министерство покрај останатите задачи има должност да доколку е можно повеќе да го интензивира земјоделието на повратената територија со давање на алати, машини, семиња и упатства на народот и општините па потоа да изврши прибирање на плодовите и распоред за потребите на цивилното население и војската.

Заради извршување на ова, таа во секој од повратените околии, формирала три воени агриколни инспекции: инспекција на Битолската околија, со седиште во Велушина, инспекција на Мариовската околија, со седиште во Бач и инспекција на реонот на Општината на градот Битола, со седиште во Битола.

Овие инспекции го имаат потребниот технички персонал, а се под

---

средување при распоредот за потребите на населението и војската, и според по потреба од органите на Француската источна војска да се обраќаат до околиските офицери (офицер инспект. агрикол) како нејзини претставници, а со својата патрола и полската полиција да не ја попречуваат земјоделската работа на нашите органи на ливадите и на нивите на нашата повратена територија, (на пр. француската патрола во селото Меџитлија со стража ги чуваат ливадите и не дозволуваат работа).
-Архив на ИНИ-МУД, Министарство војно, Војно привредна дирекција, В.П.Д. бр. 962, 24 мај 1917 година, Солун.

[836]Les Archives du Ministère des affaires étrangères, Paris, fond: „Guerre 1914-1918", Carton 41, dossier 4, N 151, page 105.

управа на еден „офицер агриколен инспектор“.

Секоја инспекција поделена е на потребниот број сирконскрипции од по една, две или повеќе општини. Во секоја сирконскрипција има по еден центар за разделување на семињата и алатите и потребен број на технички персонал за раководење, извршување и надзор на земјоделските работи.

Така инспекцијата на Битолската околија сега има две сирконскрипции, секоја од по две општини: првата од Велушинска и Драгошка општина, втората од Буковска и Барешанска, со седиште во Барешани.

Инспекцијата на Мариовската околија имала три сирконскрипции: првата во Кеналска општина, со седиште во Кенали, втората во општината Бач, седиште Бач, третата во Бродската општина, со седиште во Брод.

Кралската влада на Дирекцијата[837] ѝ додели задача плодовите да се приберат и распределат:

1. за исхрана на домашното население;
2. за семе за идната кампања и
3. за потребите на војската.

Се предвидувало количините за воените потреби да бидат 80.000 квинтали.[838]

Со евакуирањето и раселувањето на населението од Регионот во појужните села или во градот Битола и Лерин, а и со иселувањето на Турците, селското стопанство во Регионот останало речиси без никаква

[837]Архив на ИНИ, МУД, Полициско одељење..., Министарство војно, Војно привредна дирекција В.П.Д., бр. 962/1917.

[838]„Чест ми е да Ве замолам да повелите за ова да ја известите Командата на 35 Италијанска пешадиска дивизија и да го замолите за наредба органите на Италијанската војска за потребите од сено да се обраќаат до офицерот-агриколниот инспектор во Бач, кој добил наредба колку што е можно повеќе да излези во пресрет.

Според наредбата на Командантот на Сојузничките војски цената на непресованото сено за месец јуни е одредена на 8 франци.“

работна рака и опустело, поради што населението било доведено во положба на формална глад. Малиот број селани што останале по своите домови не биле во состојба да произведуваат такви количини храна за да ги исхрануваат своите семејства. Тие, главно постарите луѓе, останале по своите села и имоти само за да ги сочуваат од тотално пропаѓање и разграбување од страна на окупаторските војски.[839]

Со оглед дека нивите на диовчани веќе биле посеани, а летото дошло т.е. житото требало да се ожнее, преку општината Битола на сите жители од Дихово им било соопштено дека доколку сакаат ќе можат да си ги ожнејат нивите. За време на жетвата (веројатно тоа било организирано преку парламентарците со бугарската војска) ниту еднаш не ги вознемирила бугарската артилерија. Жетвата завршила без проблеми за селаните. Напротив, тие биле мошне среќни зашто за малку „се зачекале" со храна.[840]

Воено-стопанската дирекција требало да се залага **рударската инустрија** за што побрзо преземање на експлоатација на дотогашните рудници на јаглен и да се создаваат нови, со цел како би можело да создадат можности за снабдување со јаглен во самата држава. Во ова време започна со експериментална експлоатација на рудникот во Живојно, иако тој јаглен е лигнит, но и тој може многу корисно да се употреби и за огрев и за индустриски цели.

Со **шумската индустрија** се настојувало подобро да се организира експлоатацијата на шуми која пред сè ќе придонесе во прв ред за војската, а потоа и за целокупниот стопански развиток. Се наведува дека нашите „нови краишта" не се многу богати со шума, ама сепак има и убави шумски комплекси. Дирекцијата посебно внимание треба да посвети на комплексот западно од Битола, а уште повеќе на

---

-АИНИ, МУД, Полициско одељење..., Министарство војно, Војно привредна дирекција В.П.Д., бр. 962/1917.

[839]АИНИ, МУД, Полициско одељење, Краљевско српско министарство народне привреде бр. 5198, 5 мај 1917, Крф.

[840]Дихово..., 18.

мариовските шуми каде би имало можност да се искористат за спуштање на граѓата кон пругата кај Црна Река.

Мануфактурната индустрија требала да му довери задолжение на Дирекцијата која може само таа да ја поправи положбата да се залага на „ослободените територии“ за претпријатијата да не се прават никакви понатамошни штети, и да се преземе сѐ што е потребно да на тој простор повторно започнат со работа.[841]

Трговијата во реокупираните територии на Битолскиот регион, може да се каже дека практично и не постоела, та наполно замрела. Таа била во рацете на Сојузничките трупи.

Недостатокот на производи и внесот (увозот) на стока од странство го користеле разните шпекуланти и лиферанти при командите на окупаторските војски. Тие, под специјална заштита на генералот Сарај, внесувале стоки и тргувале со нив, главно скришум, поставувајќи неизмерно големи цени, кои не можеле да ги поднесат широките и сиромашни, безработни во огромен дел, народни маси, пред сѐ, од македонското население.[842]

Железничката станица во градот не била во функција со оглед на постојаните авионски и артилериски бомбардирања на Битола од позициите на бугарските и германските војски. Од овие причини кај селата Породин и Лажец била изградена нова железничка станица со големо стратегиско значење за снабдувањето на Битолскиот фронт.[843] Била изградена железничка линија со широчина од 0,60 см од с. Секулево (Леринско) преку селата Гермијан-Бач-Брод до Сливица.[844]

[841]АИНИ-МУД, Полициско одељење, Краљевско српско министарство народне привреде бр.5198, 5 мај 1917 година, Крф.
[842]АМ - СИП, Политичко одељење, ф., Окружен началник во Битола од владините комесари во Солун, пов. бр. 22 од 17 јануари 1918, Битола.
[843]Александар Крстевски, цит. дело, 41.
[844]Guerre, carton 41, dossier 4, N 151, page 105.

е) Лошото однесување и штетите од страна на Сојузничките војски

За влошување на положбата на населението во Битолскиот регион допринело и лошото однесување на силите на Антантата како и на српската војска.[845]

Во Мариовска околија селаните се жалат од француската и српската војска дека му ги уриваат куќите, за дрва за горење и дека почнале да им ги напаѓаат жените. Во селото Добровени селаните исто така се жалат на Французите дека им ги собрале сите свињи. Во селото сега има 10 говеда, 200 овци, 6 коњи (ждребиња). Свињи и перјеста живина нема. До доаѓањето на Французите во селото Брник имало растурено само две куќи, а потоа Французите почнале да ги растураат куќите заради дрва, а селаните биле принудени да се раселат.[846]

Селаните од „ослободените српски" села (Ивени, Добровени) му се жалат на професорот д-р Рајс Р. А. за лошото однесување како на Французите, така и за српските војници. Тие им ја одземале стоката, а Французите освен тоа им ги уривале и куќите и им ги напаѓале и жените.[847]

Господинот Шапоњиќ го моли Министерот да преземат чекори кај Врховната команда, и да издадат наредба повеќе вакви работи да не се прават и таква наредба да биде доставена и до француската Врховна команда, со молба и таа да издаде упатство за своите трупи.[848]

[845]„Безбедноста во градот сѐ уште не е сигурна, зашто од страна на војниците се врши пљачка. Денес неколку граѓани дојдоа во општината и се жалеа дека се опљачкани. Со командантот на местото утре ќе ги замолам командантите на француската, руската и талијанската војска да и тие од своја страна се заложат за спречување на пљачката."
-Д-р Глигор Тодоровски, Српски извори за Историјата на македонскиот народ 1913-1917..., 361.
[846]АМ ДАСИП, фонд: Полициско одељење, фасц.12, Понашање наших и француских војника према становништво у ослобоѓене Македоније, пов. бр. 571, од 18 III 1917 године.
[847]АМ, ДА СИП, фонд: полициско одељење, фасц. 12, Понашање наших и француских војника према становништво у ослобоѓене Македоније, п. бр. 571, од 18.3.1917 година.
[848]„...Јас се надевам дека и нашата како и француската Врховна команда ќе увиди колку за нас е важно да од оваа војна не излеземе со намален углед во Македонија и заради тоа веднаш да се издаде потребната наредба до сите трупи."
-На истото местото.

Во текот на Првата светска војна, воените единици на жителите на окупираната територија им правеле големи штети, при што најмногу биле уништувани земјоделските имоти на споменатите жители.

Во прилог на тоа го даваме извештајот на началникот на Битолскиот округ кој го информира Министерството за внатрешни работи за уништување на земјоделските имоти од француски воени единици во селото Бач каде се наоѓала една француска аеропланска ескадрила која била сместена на просторот каде што имало засеани ниви. Нивите се изгазени, делумно искршени, а делумно искорнати, а со тоа на сопствениците им е направена голема штета од страна на француската аеропланска ескадрила.[849]

---

[849]Како резултат на ова, сите посеви на засеаните ниви се уништени, а на сопствениците им е причинета голема штета и тоа:

1. Нивата сопственост на Јанко Милошевиќ од Бач. Делумно оштетена со 600 кг рж.
2. Нивата сопственост на Коста Дилевиќ од Бач, делумно оштетена со 300 кг рж.
3. Нивата сопственост на Петко Атанасовиќ од Бач, делумно оштетена со 60 кг рж.
4. Нивата сопственост на Стеван Крстиќ од Бач делумно оштетна со 190 кг рж.

Овие четири ниви делумно се оштетени само таму каде се поставени шаторите. Во првата нива еден шатор, во втората три, во третата шест и во четвртата два големи шатори.

5. Нивата сопственост на Алексо Костиќ, кмет на Бач, со површина од 1/2 хектари оштетена е со 500 кг јачмен.
6. Нивата сопственост на Алексо Костиќ, кмет од Бач, со површина од 1/2 хектари, оштетена е со 600 кг пченица.
7. Нивата сопственост на Филип Васиљевиќ од Бач, со површина 1/2 хектари, оштетена е со 600 кг јачмен.
8. Нивата сопственост на Крсте Димовиќ од Бач, со површина од 1/2 хектари, оштетена е со 500 кг пченица.
9. Нивата сопственост на Ристо Срезовиќ од Бач, со површина од 1/2 хектари, оштетена е со 800 кг рж.
10. Нивата сопственост на Ристо Петровиќ од Бач, со површина од 1/4 хектари, оштетена е со 200 кг пченица.
11. Нивата на Алексо Ристовиќ од Бач, со површина од 1/2 хектари, оштетена е со 500 кг јачмен.
12. Нивата на Таше Стевановиќ од Бач, со површина од 1/2 хектари, оштетена е со 500 кг јачмен.
13. Нивата на Насте Трајчевиќ од Бач, со површина од 1/2 хектари, оштетена е со 600 кг пченица.
14. Нивата на Јован Талевиќ од Бач, со површина од 1 хектар, оштетена е со 1.200 кг рж.
15. Нивата на Дим. Ристевиќ од Бач, со површина 1/4 хектари, оштетена е со 350 кг пченица.
16. Нивата на Алексо Костиќ од Бач, со површина од 1 хектар, оштетена е со 800 кг рж.
17. Нивата на Дим. Талевиќ од Бач, со површина од 1 хелтар, оштетена е со 1.000 кг рж.
18. Нивата на Васил Димевиќ од Бач, со површина од 1 хектар.

Вкупната штета изнесува 12.450 кг пченица, 6.300 кг јачмен и 3.170 кг рж.

Според денешната пазарна цена, штетата на вкупно оштетената пченица во пари изнесува 12.400 дин односно / дванаесет илјади и четири стотини/.

Нивите се изгазени, делумно искршени, а делумно искорнати од страна на француската аеропланската ескадрила во Бач. Сето ова е направено заради полетување и слетување на аеропланите.

Чест ми е за ова да го известите Господинот Министер со молба за поттикнување кај француската Врховна команда, на сопствениците да им надомести оштета.

Воените единици на реокупираната територија, покрај тоа што ги уништувале посевите имало често пати случаи каде ги уривале селските куќи за огревно дрво, а селаните биле протерувани. Тешка судбина ги снашла селата во непосредната близина на фронтовската линија.[850]

Војниците на Дринската болница во Живојно зеле 2000 парчиња ќерамиди од зградата на Атиџе Арслан од истото место за да ги употребат за некоја зграда што ја подигнувале за себе.

Командантот на истата болница побарал стоката и плевата од сите кошари во истото село да се исфрлат за да во истите се сместат државни коњи.

Во врска со направените штети од страна на војските, началникот на Мариовска околија го информира Министерството за внатрешни работи со цел да преземе конкретни мерки.[851]

-АИНИ, МУД..., Начелство округа Битољског бр.4354, 5 мај 1917 год, Битољ.

[850] „Началникот на Мариовската околија јавува дека од страна на Французите продолжува уривањето на здравите куќи и згради во селото Кенали. Селаните се тераат од куќите за веднаш да се преземе уривање. За недела дена целото село ќе биде срамнето со земјата. Цело Меџитлија веќе е урнато и повеќе не постои."

-АИНИ, МУД..., Начелство округа Битољског бр. 4354, 5 мај 1917 год., Битољ.

[851]Затоа чест ми е да го замолам Господинот Министер за влијание кај нашата Врховна команда, и не само да ја издаде потребната наредба зградите и собите на реокупираната територија да не се употребуваат за воени (неодложни) потреби, ниту да се расипуваат и разурнуваат користејќи го материјалот за нивни, воени цели, а особено не за гориво, туку да стори сѐ кај Командантот на Сојузничката војска, тој да им даде таква наредба на сите Команди.

-АИНИ... МУД, Началство округа Битољског, бр.10765, 14 септември 1917 година, Битољ.

## 5. Страдањата на Битола и Битолско од бомбардирањата (1916-1918)

Од есента 1916 година Сојузничката војска на Македонскиот фронт презела контраофанзива на Битолскиот сектор. На 19 ноември 1916 година, сојузничките војски заедно со српската ја освоиле Битола. Меѓутоа, Бугарите и Германците успеаа да го задржат нивното понатамошно напредување на овој дел од боиштето и да го стабилизираат фронтот, чија линија почнувала во непосредна близина на градот. Сè до големата сојузничка офанзива во септември 1918, на овој сектор немало значајни промени. Држејќи ја доминацијата над Битола, Германците и Бугарите со својата артилерија можеа непосредно да го бомбардираат градот, имајќи при тоа одлична прегледност. Посебно од позициите на Пелистер, тие започнале жестоко и упорно бомбардирање на Битола и селата од непосредна близина.

Бугарско-германските војски кои постојано, всушност и неколку пати дневно ја гранатирале Битола, уривајќи го систематски градот, јавните и приватните објекти, при што имало и човечки жртви. Притоа, за прв пат на овие простори било употребувано и авионското бомбардирање.[852]

[852] Битола и битолските села до есента 1916 година биле бомбардирани од француските авиони.

На 23 јануари 1916 година во 9 часот утрото, 12 француски авиони ја надлетуваат Битола и ја бомбардираат. Се зборува за 150 мртви или ранети, меѓу кои и цивили, но сепак бомбите паднале во деловите од градот населени од офицери.

На 16 февруари 1916 гоина Битола е бомбардирана од француските авиони, неколку загинати, ранети 103 лица. Ова бомбардирање предизвика страшна паника меѓу граѓанството.

Меѓу 3 и 4 март, Битола повторно е бомбардирана. Една бомба падна во Мечкар Маало, повеќе во Арнаут Маало. Загинати 2 виши германски офицери, ранет еден грчки поп. Во градот се разурнати повеќе куќи.

На 21 август 1916 година француските авиони ја бомбардираат Битола, посебно страдаат квартовите Јени Мале и Бела Чешма. Од честите бомбардирања народот е толку могу исплашен и почнува во маси да се иселува од Битола.

Бомбардирани се и селата: селото Кременица е бомбардирано од француските авиони, убиени 75 војници и 10 Турци.

-Les Archives du ministère des affaires étrangères - Paris, carton 20, N 82, page 3.

Така започна големата епопеја на Битола во годините на Првата светска војна. Набргу Битола се здоби со тажната слава на втор Верден.

Бомбардирањето на Битола започна веднаш по заземањето на градот од страна на сојузничките војски, продолжиле сѐ до крајот на септември 1918 година, кога конечно бил извршен пробивот на Македонскиот фронт. Голем е бројот на човечките жртви и материјалните штети кои што Битола ги доживеа во овие тешки денови. Тие се толку потешки затоа што не се дадени и положени за националното ослободување на македонскиот народ. Трагичната судбина на Македонија во годините на Првата светска војна доби полн пораз токму во жртвите, маките и страдањата на населението на Битола и Битолско.

Бомбардирањето на Битола започна веднаш штом градот падна во сојузничките раце. Особено интензивно бомбардирање се вршеше во периодот од ноември 1916 година до април 1917 година, кога Сојузниците настојуваа да обезбедат понатамошно напредување на своите сили кон Прилеп. Бугарите и Германците, покрај артилерискиот дуел со француската артилерија која била поставена на периферијата на Битола и дејствувала на просторот околу воената касарна и железничката станица, отпочнале со бомбардирањето и на самиот град.[853] „Тие праќаат шрапнели сред градот и од вчера (12 XII 1916 г.) тие го бомбардираат нејзиниот центар со големи гранати од 210. Сепак има еден параграф во Хашката конвенција од 1907 година, што го потпишале централните држави и кој формално забранува да се бомбардираат отворени градови. Но, оваа Хашка конвенција е парче хартија што тие го искинале како и сѐ друго слично."

За неверојатно тешката состојба на Битолчани и за значителниот број на човечки жртви и за големи материјални штети направени во

[853]Велики рат Србије за ослобоћење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца 1914 - 1918 (ВРС), књ. XX , Београд, 1931 год., 652,804.

градот Битола како последица на бомбардирањето ни сведочат многу документи.[854]

Според извештајот на Командантот на Битолската дивизиска област од 2 декември 1916 година, значи после непосредното освојување, градот имаше околу 40.000 жители.[855] Половината од населението беше без средства за живот.

Во првите денови по изменетата власт, бомбардирањето нанело голема човечка и материјална загуба и штета. Во градот владеела голема загриженост и очај. Дуќаните, поголемиот дел биле затворени. Сега веќе повремените и изненадни бомбардирања често почнувале и кога имало многу народ по улиците. Покрај гранатите со мал калибар, непријателот употребувал и поголеми проектили кои нанесувале големи штети.[856]

---

[854]„Началникот на Битолскиот округ го информира министерот за внатрешни работи за бомбардирање на Битола на 19 ноември 1916 година. Вчера 19 о. м., непријателот со својата артилерија го гаѓаше самиот град; гранатите паѓаа по сите квартови и улицата Крал Петар во центарот на градот; вкупно паднаа сто шеесет и четири зрна.

Од граѓаните пет мртви, девет ранети.

Од француските војници тројца мртви, четири ранети.“

„Вчера на 29 XI паднаа 200 гранати во разни делови на градот. Загинале дваесет, ранети се петнаесет лица. Минатата ноќ паднале неколку гранати, инаку дејствувала нашата артилерија. Денес до 15 3/4 часот мирно. Во тоа време, непријателски аероплан се приближил на нашиот балан над царинарницата и го запали со митралески оган. Баланот изгоре, а посматрачот е спасен. Истовремено непријателот фрлил повеќе гранати над градот. За жртвите ќе јавам дополнително.“

„Бомбардирањето траеше и преку ноќта, а утрото од 8,25 продолжува со голема жестокост и со мали прекини траеше скоро цел ден. Гранатите паѓаа низ целиот град така да голем број куќи (преку сто) се урнати и оштетени. Српската црква е урната. Во зградата на Свето-Неделскиот кварт денес паднаа две гранати. Бројот на загинати и ранети од непрекинатото бомбардирање не може да се утврди, но извесно е дека е многу поголем од претходните пати.

Во градот владее голема паника.“

-АИНИ - АС , фонд: МУД, Крфска полициска архива, Шифра из Битоља, 21 ноември 1916 година, Солун.

-Исто, Шифра из Битољ, 30 ноември и 1 декември 1916 година, Солун.

[855]ВРС, књ. XX , 898-899.

[856]На ден 6 декември 1916 година

1. Во Драгорски реон

На самиот Баир и Овчарска улица паднале 17 гранати. Немаше ниту жртви ниту штети.

Во Охридска улица бр. 253 во куќата на Јусуф Јакуп, паднала граната. Ранета му е керќата Атице.

Во истата улица паднале две гранати. Штети и жртви немало. Во истата улица бр. 49 паднала граната. Жртви немало, а штетата е до 1.000 динари.

Во Престолонаследниковиот Булевар паднала граната. Жртви и штети немало.

Во Баирска бр. 128 паднала граната. Оштетена е вдовицата на Михаил Тасиќ, Елена. Штета до 100 динари.

Во Баирска бр. 61 во куќата на Петар Бедриќ паднала граната. Жртви немало, а штетата до 800 динари.

Многу потресни сведоштва од тој период остави и д-р Арчибалд Рајс[857] кој со големи симпатии и сожалувања пишуваше за битолчаните кои „десетмесечното страдање (за време на бомбардирањата, П.С.) ги

---

Во Дебарска улица бр. 46 во куќата на Шериф Зекмановиќ, паднала граната. Ранета е ќерка му Резима и син му Сабри.

Во Скопска улица бр. 58, во куќата на Мустафа Папуџија, падна-ла граната. Жртви немало, а штетата до 4.000 динари.

Во Скопска улица бр. 60 паднала граната во куќата на Ибраим Сали. Жртви немало, а штетата била до 200 динари.

Во Раштанска бр. 1 паднала граната, ја оштетила Заха, вдовицата на Вељо Костиќ. Жртви немало, а штетата до 600 динари.

Во Раштанска бр. 5, во куќата на Нумка, вд. на Танас Талиќ, пад-нала граната. Жртви немало, а штетата до 3.500 динари.

Во Скопска бр. 1 паднала граната. Ранета Заха вдовицата на Ве-љо Костиќ.

2.3 и 4. Во реоните на Св. Неделскиот, Градскиот и Београдскиот кварт.

Не паднал ниту еден непријателски проектил.

Во Солунска бр. 2 до 1.500 динари.

Една граната удрила во Белата Касарна на подофицерската школа. Штетата е непроценлива.

Во Цариградска бр. 41 штета до 1.000 динари.

Во Цариградска бр. 43 штета до 1.000 динари. Жртви немало.

3 и 4. Во Реоните на Св. Неделскиот и Градскиот кварт.

Не паднал ниту еден непријателски проектил.

3. На ден 4 декември 1916 година.

4. Во реонот на Драгорски кварт.

Паднала една граната во Девеани бр. 66 во куќата на Бавој Јауб. Загинал неговиот брат Јауб. Материјалната штета до 1.500 динари.

Во Девеани бр. 62 паднала граната и го оштетила сопственикот Јумер Шабан до 2.000 динари.

Во Девеани бр. 73 паднала граната во куќата на Фејзула Муарем. Жртви немало а материјалната штета до 800 динари.

Во Девеани бр. 52 паднала граната во куќата на Фејзула Муарем. Жртви немало, а материјалната штета до 800 динари.

Во Девеани бр. 52 паднала граната во куќата на Рушид Бајрам. Жртви немало, а штетата до 400 динари.

Во Девеани бр. 108 паднала граната во куќата на Џафер Сулејман. Жртви немало, а штетата до 400 динари.

Во Јагодинска улица бр. 107 паднала граната во дворот на Емина Беловиќ. Тешко ранет е Емин. Материјалната штета до 1.000 динари.

Во Мачванска бр. 4 паднала граната во куќата на Муарем Амет. Жртви немало, а материјалната штета до 100 динари.

Во Јагодинска бр. 6 паднала граната во куќата на Беџет Мемед. Жртви немало, а материјалната штета до 40 динари.

Околу 15 проектили паднале на периферија на квартот. Жртви и штети немало.

2. Во реонот на Св. Неделскиот кварт.

Паднале 10 непријателски проектили. Една граната паднала во куќата на Моја Димовиќ, улица Кафтанџиска бр. 38. Жртви немало и штетата до 800 динари.

Две гранати паднале во Штипска улица бр. 15 и 23. Жртви и штети немало.

Две гранати паднале во Кукуречанска бр. Жртви и штети немало.

Пет гранати паднале во бавчите, жртви и штети немало.

3 и 4. Во реоните на Градскиот и Београдскиот кварт.

Не паднал ниту еден непријателски проектил.

-Исто, Началство округа Битољског бр. 523, 9 декември 1916 година, Битољ.

[857]Д-р Рудолф Арчибалд Рајс (1875-19129), истакнат универзитетски професор и криминолог од Лозана. Бил доброволец во Првата светска војна и голем пријател на Србите. Умрел во Белград, каде останал да живее и по војната, а неговото срце по сопствена волја било пренесено на Кајмакчалан.

направило мудреци. Тие си го организираат колку толку животот во нездравите визби каде што ги демне туберкулозата и заразните болести.“[858] Во врска со бомбардирањата на градот со бомби со загушливи гасови, д-р Рајс пишува: „Бидејќи мојот стар стан не е повеќе за живеење, го прифаќам гостопримството што многу љубезно ми го понуди д-р Ван Дајк, од холандскиот Црвен Крст во училиштето на сестрите на св. Јосиф, кое што е претворено во боница за граѓанството... Во оваа болница лекарот ни покажува неколку војници кои останале живи од бугарско - тефтонските гранати со гасови. Тие сè уште се многу слаби, а нивното лице е помодрено. Тие се жалат дека ги боли грлото, дека не можат слободно да дишат и дека им е тежок стомакот. Бомбардирањето со гранатите со гасови вршено е намерно ноќе, додека светот спие по визбите, или подобро, по она што се нарекува визба. Овие гасови се многу тешки и се спуштаат во визбите, труејќи сè живо што таму се наоѓа. Поголемиот дел од жртвите така биле изненадени на спиење.[859] За време на својот престој во Битола, тој со горчина ги следел и запишувал страдањата на неговите храбри жители оставени на немилост на бомбардирањата на „пријателите“ и „непријателите“. Одвреме навреме среќавам носила што ги носат по двајца луѓе, а на кои лежи по некое тело на жена или дете облеано со крв и следено од неколку очајни роднини. Тоа се жртви на бугарско - германското непочитување на воените конвенции и закони. Нив ги носат во грчката болница.“[860] На 13 декември 1916 година, д-р Рајс запишал:

„Сега сум пред француската болница. Таа се иселува со голема брзина. Парчињата од гранати им пречеа на хирурзите во нивната работа во операционата сала. Тие ќе се сместат во визбите на грчката

[858]Арчибалд Рајс, Шта сам видео и преживео у Великим данима, Београд, 1918, 117.
[859]Зденко Левентал, Швајцарац на Кајмакчалану, књига о д-р Рајсу, Београд, 1984.
[860]Рајс А., Шта сам видео..., 117.

болница кои се засводени. Влезот во оваа болница е полн со свет, а неколку лица плачат. Тоа се роднини на ранетите што ги донеле..."[861]

По евакуацијата на француската болница во визбите на грчката болница („спитаљето"), амбулантата на милосрдните сестри, како што пишувала сестрата Ремон „...ќе биде наменета за ранетите граѓани. Исто така, повторно го отворивме диспанзерот и секој ден доаѓаат старци, жени, бедни деца, сите повредени од гранати."[862]

Обично бомбардирањата на Битола биле поинтензивни на пролет и на есен, а тоа е во периодот на артилериските подготовки и по живите операции на фронтот. Но, бидејќи бомбардирањата биле секојдневни, и при тоа е бомбардиран целиот град со употреба на бојните отрови, слободно може да се каже дека тие не биле преземани само од чисто воени потреби.

Во врска со употребата на бојните отрови на градот, началникот на Битолскиот округ Јовановиќ доставува фотографски снимки на жртви од бомбардирањето на Битола со гасни бомби.[863]

Едно од најтешките бомбардирања Битола го доживеа на 16 и 17 март 1917 година. Бомбардирањето започнало вечерта на 16 март, траело цела ноќ, и со мали прекини, продолжило и утредента. Во оваа прилика, непријателите за прв пат употребиле и гранати со боен отров. Над градот паднале вкупно 607 разни гранати. Бројот на жртвите бил многу голем: 81 лице било или убиено или задушено, а 66 лица заболеле од бојните отрови. Цивилната болница била полна со лица во

---

[861]На истото место, 118.

[862]Димовски Ѓорѓи-Цолев, Писма (Документи на француски католички мисионерки во Битола за настаните во градот од 1908 до 1939 година), Гласник на ИНИ, XI, 3, Скопје, 1967, 191-245.

[863]„Господине Министре, Чест ми е во прилог на ова писмо да Ви испратам фотографски снимки на трупови на жени и деца отруени од варварското бомбардирање со гранати со загушливи гасови помеѓу 3 и 4.

Како што веќе Ве известив со шифрираното депеше, вчера бев сведок на оваа морничава слика во овд. граѓанска болница. На една страна отруени тела со бела пена на устата, а на друга страна маса на тешки болни од кои многумина со душата се разделуваат во големи маки Сето тоа правеше ужасна слика.

Да би ги документирал овие случаи на варварска постапка на бугарско-германските единици, наредив една група на лешеви да се фотографира."

агонија и лица на кои им требала итна лекарска помош. Меѓу настрадните, најбројни биле жените и децата.[864]

На 22 март 1917 година по бомбардирањата со гранати со запалива смеса, дошло до пожар, кој појачан со јакиот ветар, зафатил повеќе куќи, од кои 12 изгореле до темел. За да се спречат слични случаи, командантот на Битола, барал да му се упати командантот на белградската противпожарна чета.[865]

На 23 март - „Во последните 24 часа во градот паднаа 158 непријателски проектили со разен калибар, а изгледа дека имало гранати со запалив материјал со кој околу полноќ на 22/23 март е предизвикан пожар. Тој уништил околу 10 куќи. Од бомбаридирањето загинале 3 цивилни лица и 12 француски војници, а ранети 6 француски војници и урнати 69 згради.“[866]

Во периодот од март до мај 1917 година, Бугарите и Германците во неколку бомбардирања[867] употребиле бојни отрови кои неизбежно, предизвикале големи жртви кај населението.

Бомбардирањето на градот траело непрекинато и тој бил претворен во урнатини. Во врска со тоа, на почетокот на април 1917 година, д-р Рајс запишал: „Во оваа улица (главната-Широк Сокак) нема куќа што не ја погодила барем една граната... Болниците не наоѓаат ни малку милост пред разурнувачкиот бес на Кобурговите и Хоенцелерновите топови. Така бившата грчка болница, претворена во француска амбуланта, скоро сосема е разурната. Болницата на холандската мисија

---

-АИНИ - АС, фонд: МУД, Крфска полициска архива, Началник округа Битољског, бр. службено, 5 март 1917 год.

[864]ВРС, књ.XXI, 683, 691.

Божидар Маниќ, Историјски гласник, бр. 1-2, Белград, 1967, 150.

[865]ВРС, књ. XXI, 735.

[866]Цитирано од д-р Никола Сотировски, Хроника на градот Битола во годините на големата војна (1916-1918), Прилози, бр. 5, 1964, Битола, 67-98.

[867]Во пролетта 1917 година германските авиони извршиле мошне успешно бомбардирање на комората на француската војска што била лоцирана во полето крај селото Жабјани. При бомбардирањето биле нанесени големи човечки загуби и направена голема материјална штета на превозните средства за снабдување на фронтот со разни материјали. Како последица на тоа, воената болница била дислоцирана од Бистрица на побезбедно место во заднината.

Александар Крстевски - Кошка, Богоја Фотев, Скопје, 1998, 42-43.

ја нишанеа гранатите и додека јас таму бев живеел, многубројни „мармити“ експлодираа наоколу...“[868]

Во пролетата истата година, германските авиони продолжиле и извршиле успешни бомбардирања и со истите биле нанесени големи човечки загуби и направени големи материјални штети. Во прилог на ова ќе неведеме уште еден извештај од бомбаридрањата на 8 мај кога градот бил бомбардиран со силен и забрзан оган и загушливи гасови.[869]

Во градот веќе не постоеле градби кои можеле да послужат како сигурно засолниште од тие зрна. По големата секојдневна опасност од бомбардирањата, населението на Битола почнало да се иселува. Французите држејќи го овој фронт, настојувале да го спречат масовното иселување. Животот во градот бил скоро оневозможен. Ниедна служба не можела да функционира нормално. Некои француски воени команди кои во почетокот биле сместени во градот, биле приморани да се иселат надвор од него.[870]

Особено жестоко Битола била бомбардирана на 4 и 17 август.

Човечките и материјалните жртви од бомбардирањето на Битола, извршено на 4 август 1917 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Загинати | 6 мажи | 6 жени | 7 деца | вкупно 19 |
| 2. Изгорени | 2 | 5 | 3 | 10 |
| 3. Ранети | 9 | 55 | 3 | 28 |
| 4. Ранети | 2 француски и 1 наш војник | | | |
| 5. Урнати и изгорени згради | | | | 677 |
| 6. Настрадани жители | | | | 1.329[871] |

[868]Рајс А., Шта сам видео..., 118.

-Цитирано од д-р Петар Бојаџиев, Здравството во Битола низ векови, Битола, 1992, 141.

[869] „Минатата ноќ 7-8 мај, непријателот го бомбардира градот со силен и забрзан оган со загушливи гасови. Најголемиот број од проектилите паднаа врз градот утрото помеѓу 3 и 4 часот. Тивкото време потпомагаше гасовите да останат над земјата. До сега се констатирани 2 смртни случаи и 12 разболени, сите цивили. Според мислењето на лекарот, дејството на овие гасови ќе се покаже после 48 часа. Над градот паднале 635 зрна, а на периферијата 67 проектили со загушливи гасови.

Дополнително се разбра дека во ноќта на 7-8 о. м. паднале уште 4 мажи, 2 жени и 2 деца. Денес на градот паднаа 41 граната, од кои загинало 1 дете. На периферијата на градот денес паднале 54 проектили. Последните 24 часа урнато е и оштетено вкупно 262 згради.

-Цитирано од д-р Никола Сотировски, Хроника на градот Битола..., 75.

[870]ВРС, књ. XXI, 146,147.

[871]„Српске новине“ бр. 94, стр.1, Крф, 1917. За жртвите што ги дала Битола, за пожарите, урнатините и последиците од отровните гасови што биле употребувани пишува уште и во бр. 24 и 28 од 1917 година;

Веројатно дека под урнатините имало уште изгорени и загинати лица, но не можело точно да се дознае и да се констатира.

Едно од најжестоките бомбардирања Битола го доживеала на 17 август 1917 година. Непријателот со брз оган исфрли над градот преку 1.700 гранати од кои повеќето биле со запалива смеса. Непријателската авијација истовремено го бомбардирала градот. Потоа дошло до пожар во неколку краеви, а и во центарот на градот. Со тоа речиси целосно изгорел центарот, еден од поважните делови кои ја украсувале Битола. Разурнати или потполно изгорени биле 720 куќи. За време на ова бомбардирање не биле употребени бојни отрови, па затоа и човечките жртви биле помали: загинале 18 граѓани, а 15 биле ранети. На населението кое се разбегало од запалените домови, веќе му било дозволено иселување со истовремено укажана помош од воените власти.[872]

Командантот на местото во Битола испраќал извештаи за бомбардирањето на градот до српската Врховна команда. Тоа се оскудни воени извештаи кои даваат само сумирани резултати од бомбардирањето на Битола по години.

На 13 март 1918 година над Битола паднале преку 1.200 гранати, од кои голем број со отровни гасови. Покрај изурнатите 84 куќи, имало и мртви 36, разболени од бојните отрови 49, ранети 22.

Ноќта на 13/14 март 1918 година се водела голема борба за Битола. Непријателот го бомбардирал градот со повеќе од 1.200 проектили со загушливи гасови, а на периферијата фрлил преку 500

---

Д-р Теодосий Робевъ, Битоля. Стопански очеркъ, София, без год., сепарат од списанието „Македонски прегледъ", год. XIII, книга 1, 11-13. И овде се зборува за разурнувањето на Битола и неговото назадување.

-АИНИ, АС, фонд МУД, Крфска полициска архива, Началство округа Битољског, бр. 9317, 10 август 1917 година, Битољ.

И ова бомбардирање било едно од потешките, при што загинале или биле ранети повеќе луѓе - битолчани. При тоа, биле уништени значителен број згради.

[872] ВРС, књ. XXIII, 687.

-Види и статијата „Бомбардовање Битоља" во српските весници, Службен дневник во Кралството Србија на Крф од 21 (8) август 1917 година, стр.1.

-Рајс Р.А., Шта сам видео и преживео..., 123.

вакви проектили. Од граѓанството имало еден мртов, два на умирање, а многу требало допрва да се бараат. Настрадале голем број француски војници, а од српските немало повредени.[873]

Битола скоро и немала мирни денови. Кога непријателската артилерија исчезнела барем и за час, Битола ја надлетувале авиони (за две години над Битола имало 270 надлетувања на непријателски авиони). Не бил редок случајот над градот да се води воздушна борба. Така, на 30 јуни 1917 година во воздушна борба над Битола срушен бил еден германски авион. На 18 август 1917 година Битола ја надлетувале шест непријателски авиони. Француската артилерија успеала да сруши еден авион кој паднал меѓу селата Буково и Брусник. Пилотот и копилотот биле заробени.[874]

Битола страдала и од гранатите со кои Германците ги гаѓале сојузничките авиони. На 12 септември 1918 година пред касарната во Битола паднал еден француски авион.[875]

Според презентираните непотполни податоци од д-р Петар Стојанов „... за време од 19 XI 1916 година до 31 XII 1917 година, Битола била бомбардирана со 13.415 разурнувачки, запаливи и гасоотровни проектили. Биле убиени 508 лица, главно жени, деца и старци, 735 биле ранети, 3.198 згради биле делумно или целосно урнати или изгорени. Бидејќи бомбардирањето на Битола продолжило и понатаму и во 1918 година, бројот на проектилите, убиените и ранетите и уништените згради сигурно се удвоил...“[876]

За нешто помалку од две години, врз Битола падналe скоро 20.000 артилериски гранати и 68 авионски бомби.[877] Во истиот период загинале 535 луѓе,[878] жени и деца, 495 ранети, а 156 од нив се

---

[873]Цитирано од д-р Никола Сотировски, Хроника на градот Битола во годините..., 90.
[874]ВРС, књ.XXIII, 721.
[875]Исто, књ.XXV, 101; XXVI, 652.
[876]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 384-385.
[877]Божидар Маниќ, Бомбардовање Битоља 1916-1918, Историјски гласник, бр.1-2, Београд, 1967, 150-152.
[878]На истото место, 150.

# МАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА ОД ОВИЕ БОМБАРДИРАЊА*

| Месеци | Паднати проектили над градот | Паднати проектил и на перифери -ја | Крст. на авиони над градот | Фрлен и бомби од авиони | Загинати | | | | Ранети | | | | Заболени од бојни отрови | Урнати згради | | Ошт. згради | | Изгорени згради |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | војници | мажи | жени | 1916-3 деца | војници | мажи | жени | деца | | јавни | приватни | јавни | приватни | |
| XII | 779 | - | - | - | 20 | 31 | 1 | 5 | 49 | 60 | 2 | 1 | - | - | 81 | 4 | 78 | - |
| вкупно | 779 | - | - | - | 20 | 31 | 1 | 5 | 49 | 60 | 2 | 1 | - | - | 81 | 4 | 78 | - |
| | | | | | | | | 1917 -4 | | | | | | | | | | |
| I | 336 | 320 | 1 | 4 | - | 110 | - | - | - | 40 | - | - | - | - | 75 | 5 | 26 | - |
| II | 88 | 52 | 1 | - | 4 | 4 | - | - | 1 | 15 | - | - | - | - | 23 | 1 | 3 | - |
| III | 2392 | 109 | 10 | 2 | 41 | 152 | - | - | 14 | 97 | - | - | 66 | - | 590 | 1 | - | 13 |
| IV | 910 | 204 | 6 | 9 | 4 | 11 | 20 | 27 | 1 | 3 | 5 | 3 | 21 | - | 149 | 1 | 10 | 4 |
| V | 1454 | 1099 | 3 | 3 | 1 | 4 | 1 | 9 | 4 | 9 | 9 | 10 | 20 | - | 326 | - | 47 | 3 |
| VI | 928 | 327 | 21 | 10 | - | 2 | 5 | 3 | 8 | 2 | 6 | 3 | - | - | 25 | - | 52 | 1 |
| VII | 614 | 527 | 21 | 2 | 2 | 3 | 7 | 8 | 18 | 11 | 16 | 17 | - | 1 | 12 | - | 59 | 5 |
| VIII | 2093 | 699 | 19 | 13 | 2 | 12 | 7 | 8 | 11 | 16 | 19 | 12 | - | - | 729 | - | 53 | - |
| IX | 550 | 822 | 18 | 4 | 3 | 2 | - | 3 | 4 | 3 | 10 | 3 | - | - | 98 | - | 14 | - |
| X | 587 | 760 | 8 | 5 | 2 | 2 | 7 | 2 | 3 | 5 | 10 | 2 | - | - | - | - | 103 | - |
| XI | 100 | 800 | 26 | 5 | 3 | 1 | - | 3 | 5 | 3 | 4 | 2 | - | 1 | 3 | - | 24 | - |
| XII | 6 | 222 | 15 | 2 | - | - | - | - | - | 2 | - | 2 | - | - | - | - | 9 | - |
| вкупно | 10058 | 5932 | 149 | 59 | 62 | 303 | 47 | 63 | 69 | 206 | 75 | 54 | 107 | 2 | 2,030 | 8 | 400 | 26 |
| | | | | | | | | 1918-5 | | | | | | | | | | |
| I | 300 | 804 | 20 | 2 | 2 | 1 | 4 | - | - | 4 | 1 | 1 | - | - | 11 | - | 9 | - |
| II | 885 | 723 | 5 | 3 | - | 2 | 1 | - | 3 | 1 | 1 | 4 | - | - | - | - | 53 | - |
| III | 2638 | 1400 | 5 | - | - | 38 | 2 | 2 | 3 | 23 | 2 | 3 | 49 | - | 21 | - | 91 | - |
| IV | 251 | 1169 | 16 | - | - | 1 | 2 | 1 | 2 | 4 | 1 | 5 | - | - | 25 | - | 28 | - |
| V | 588 | 1012 | 30 | 4 | - | 1 | 4 | 6 | 1 | 3 | 6 | 4 | - | - | 22 | - | 59 | - |
| VI | 173 | 2196 | 12 | - | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 4 | 6 | - | - | 2 | - | 40 | - |
| VII | 639 | 1773 | 17 | - | - | 1 | 3 | 1 | 7 | - | 3 | 6 | - | - | 4 | - | 33 | 8 |
| VIII | 968 | 1911 | 9 | - | - | - | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | - | - | - | 1 | 41 | - |
| IX | 2099 | 1653 | 8 | - | - | 7 | - | 1 | 6 | 5 | 2 | 2 | - | 1 | 36 | 2 | 10 | 1 |
| вкупно | 8541 | 12641 | 122 | 9 | 3 | 52 | 20 | 13 | 27 | 44 | 21 | 32 | 49 | 1 | 121 | 3 | 364 | 9 |
| Сè | 19378 | 18573 | 271 | 68 | 85 | 386 | 68 | 81 | 145 | 310 | 98 | 87 | 156 | 3 | 2,232 | 15 | 842 | 35 |

*За месец ноември 1916 година нема податоци. Извештаите до април 1917 се сумарни. Се даваат податоци за вкупниот број на загинати без одредување на полот и возраста. Затоа вкупниот број на загинати и ранети жени и деца во овој преглед е помал од стварниот.

разболеле од бојните отрови. Истовремено, 3.109 приватни куќи и 18 јавни згради[879] биле изрушени, изгорени или сериозно оштетени. Битола секојдневно сè повеќе пропаѓала. Цели улици биле изрушени, а скоро и да не останал нескршен прозорец од силните детонации.

Од вкупно 535 човечки жртви во период од две години само во првите пет месеци, од ноември 1916 до април 1917 година, загинале 297 луѓе. Два основни фактори го објаснуваат овој факт:

Прво, населението сè уште не беше почнало со иселувањето од градот, и второ, употребата на бојните отрови од страна на непријателот.

Загрижувачката состојба во која се нашла Битола во Пировата победа на сојузничките војски во Првата светска војна, најде свое место и на страниците на „Радничке новине", кој ги известуваше своите читатели:

„Битола е речиси сета срамнета со земјата од страотното бомбардирање, бидејќи цели две години беше крај самиот борбен фронт. Градот, во тие крвави борби, беше беспоштедно бомбардиран од „пријателите" и „непријателите", како кога! По запаливите гранати, кои предизвикувале пожари, следеле разурнувачки гранати кои го оневозможувале гаснењето на пожарот! Бедното и пролетерско население во Битола поднесувале пеколни маки и патила за тоа време: под опасностите на загинување од гранатите, од кои изгинал многу свет од обата пола и на различна возраст, од немаштијата, од глад и преживување во подрумите на урнатите куќи. Особено страотни се последиците од живеењето во подрумите и дупките, кои упропастиле илјадници луѓе, жени и невини доенчиња, внесувајќи им скруфулоза и туберкулоза.

[879]Во Битола штета е нанесена и на многу јавни згради. Така целосно се разурнати или оштетени: касарната на 16 полк, тнр. „Црвена касарна", црквата Св. Богородица, црквата Св. Димитрија, телефонската централа, зградата во која бил сместен командантот на градот, две џамии, царинарницата, зградата на бившиот романски конзулат, и зградата која била одредена за дворец. Потоа, железничката станица, оштетена е француската католичка црква.

Освен овие материјални урнатини, војната зад себе остави и многу потешки урнатини од социјална и морална природа: незапамтена беда на поголемиот дел на битолското население кое дошло до положба на просјаци, безбројни просјаци, стари и млади, немошни и возрасни од обата пола, кои ве пресретнуваат на секој чекор со молба за милостина, проституција на жени како христијанки така и муслиманки до несфатливи размери, кои на тие несреќни суштества им е единствен извор за опстанок, кражби кои секојдневно и безбројно се вршат и на кои, се разбира, не може да им се застане на пат.“[880]

Крајот на војната Битола го дочека со значително намален број куќи за живеење, дуќани за работа и со значително намалено население, кое делумно било мобилизирано во српската и бугарската армија и испратено на фронтовите, делумно изгинало во бомбардирањата, делумно било евакуирано и интернирано и делумно избегало и не се вратло за секогаш. Така од 48. 370 жители во 1910 година, по војната според пописот од 1921 година Битола имала 28.470 жители скоро половина население го снемало за десетина години.[881]

Покрај градот многу често била бомбардирана и неговата околина, и тоа особено за време на полската работа, спречувајќи го населението да ја обработува земјата, и уште повеќе, да го собира плодот на својот труд.

Од обостраните постојани бомбардирања страдале и битолските села. Сите села во Битолскиот регион, особено селата на просторот меѓу Битола и Лерин, биле постојано бомбардирани и многу од нив во текот на војната исчезнале за секогаш.

Тие до есента на 1916 година биле бомбардирани од француската, а потоа и од германската тешка артилерија и од авиони. Германски авиони на 24 април 1917 година го бомбардирале регионот: Брод,

---

[880]„Прилике у Битољу“, „Радничке новине“, Београд, бр. 152, 1919 година.
[881]Владимир Точковски, Основни географски особености и движења на населението во Битола и Битолско, Зборник - „Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско“, Битола, 1981, 33.

Сливица, Добровени. Во регионот Скочивир и Бач имало 12 убиени или ранети, 50 коњи надвор од борби.[882]

Од српската авијација бомбардирани биле на 6 мај вдолж реката Црна, Кравица и Старавина.[883]

Лавци било бомбардирано одвреме навреме, како што го бомбардирале градот. Најтешко било бомбардирањето во месец март 1917 година, што се поклопувало со францускиот напад на бугарско-германските позиции на врвот 1248 и Црвена стена (од 12-18 март).[884]

На 11 март 1917 година бомбардирано било и селото Брусник. На 12 април 1917 бомбардирано било и селото Будимирци, 20 април Градешница (од сојузничките авиони), потоа Бешиште, Старавина, Зовиќ (од сојузничките авиони). Бомбардирано било и селото Кенали, каде загинале повеќе војници и жители од селото.[885] Бомбардирани биле и други села.

Неколку дена по почетокот на офанзивата на Македонскиот фронт, септември 1918 година, Бугарите и Германците почнале да се повлекуваат од фронтот, северно од Битола. Тоа било крај на бомбардирањата и военото страдање на градот кој најмногу од сите градови во Македонија и пошироко, го осети и го доживеа ужасот на војната, како ретко кој друг град или место.

---

[882]Фонд: Guerre, Carton 16, N 3144.
[883]На истото место.
[884]Хроника на Битолско Лавци..., 34.
[885]Фонд: Guerre, Carton 16, N 3144.

## ГЛАВА IV

## ПРОПАГАНДИТЕ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН (1916-1918)

### а) Француската пропаганда во текот на војната (1916-1918)

Веднаш по создавањето и стабилизацијата на Македонскиот фронт, силите на Антантата започнале својот престој во Македонија да го насочуваат кон зацврстување на своите позиции во овој дел од Балканот. Поделбата на Македонија помеѓу балканските држави не ѝ одговара на Франција, бидејќи не било извесно што ќе се случи со нејзиниот капитал од 118 милиони франци[886] инвестиран на македонската територија и затоа француската влада преку француската војска на Македонскиот фронт се зафатила што повеќе да ги развие економските односи во Македонија. За оваа цел, Франција во август 1916 година при командата на Источната армија го формира специјалното „Трговско биро“[887] за равој на француската трговија во Македонија.

Воедно, Франција била заинтересирана под чие економско и политичко влијание ќе потпадне Македонија, доколку таа биде истисната од неа и од Балканот. Не ѝ било од интерес во доминантна положба да се појават Германија, Австро-Унгарија, ниту пак Царска Русија. Не била рамнодушна ни кон можноста на Балканот да се создаде релативно голема сила од балканските држави со присвојување на Македонија.[888]

[886]Д-р Иван Катарџиев, Антантата и македонското прашање во текот на 1918 година, Гласник, VIII, 2, Скопје, 1964, 31.
[887]На истото место, 32.
[888]Д-р Александар Апостолов, Елаборат од француско потекло од 1916 година за Балканот и автономијата на Македонија, Зборник „За македонското прашање“, Делчево, 1982.

Одтука, во француските трговски и политички владејачки кругови се наметнала мислата за прашањето за идниот статус на Македонија.

Меѓу француските политички кругови созреала идејата за создавање на посебна македонска држава,[889] чиј опстанок и нтегритет би го заштитувале големите европски држави.[890]

По крупните историски настани во 1917 година, по Октомвриската револуција, Франција почнува да пројавува дури и зголемено интересирање за Македонија, т.е. сосема спротивно од очекуваното слабеење или дури и наполно елиминирање на нивната пропаганда.

Меѓутоа, состојбите во текот на 1918 година, ја поттикнале француската влада да спроведе некои итни мерки, како што е на пример, анкетирањето по извесни прашања на теренот на Македонија, за што се ангажираат масовни средства и Второто биро на француската армија.

На 20 април 1918 година, командантот на сојузничката Источна армија, генералот Гијом организирал една темелна анкета и да ги испита сите политички, економски, етнографски, историски и други особености на Македонија.[891]

Неколкуте први прашања се однесуваат на името на населеното место, бројот на куќите и фамилиите до војната 1912 година и денеска, составот на фамилиите по народност (бројно), турски (муслимански), грчки, словенски, куцовлашки, цигански, албански, еврејски и тн. Другите две прашања се однесуваат на месните обичаи (сите, верски,

[889]Во текот на Првата империјалистичка војна, интересот на големите сили и на балканските држави за Македонија беше особено зголемен. Овој интерес е разбирлив. Меѓу другото, и поради тоа што главното боиште на Балканот се протегаше на територијата на Македонија. Француското второ биро, всушност разузнавачката служба на француската војска, се интересираше за сè што што се случува на фронтот, па и меѓу населението во Македонија. По престој од десетина месеци на Македонскиот фронт, Рене Пикар, секако еден од експертите по македонското прашање, составува писмен концепт за „Иднината на Балканот", во кој посебно истакнува дека автономна Македонија е единствено решение за македонскиот проблем.
Рене Пикар/René Picard
-Les Archives du Ministère des affaires étrangères (Paris), Guerre 1914-1918, Balkans, Dossier générale.
[890]Д-р Иван Катарџиев, Антантата и македонското прашање..., 37.
[891]На истото место, 41-42.

погребни и тн.); потоа на легендите и месната историја, и на имотната состојба.

Кон тие две прашања, односно кон четвртото прашање, за месните обичаи, дадени се и неколку подпрашања и забелешки:

а) кој е говорниот јазик на членовите на фамилијата;

б) во кое училиште учат децата;

в) во која војска нивните синови го служат својот воен рок.

За изведување на анкетата при штабот на француската војска во Солун од Франција биле испратени група научници,[892] кои по двомесечна работа на теренот, среде македонскиот народ, извршиле најразлични испитувања од аспектите наведени погоре.

Анкетарот бил испратен на следните пошти:

1) „Нова Грција": Екатерини, Кожани, Кјлар, Костур, Нестрам, Котили, Котелци;
2) „Албански покраини": Зеленика (во близината на Ерзека), Корица, Подградец, Биклишта, Зелово;
3) „Пат Солун-Битола": Битола, Лерин, Баница, Острво, Воден, Негуш, Верија;
4) „Македонски фронт": Суботско, Гуменџе;
5) „Солунска рамница": Ениџе Вардар, Кулакија;
6) „Халкидика": Епаноми, Палигирос, Равеникија, Јерисос, Тасос.[893]

Во извештајот долг 27 страници, а насловен „Политичка и економска студија на македонските и албанските области окупирани од француската окупациона армија", може да се заклучи дека францу-

[892]Меѓу научниците кои биле испратени бил и познатиот Едмонд Бушие де Бел, роден на 23 август 1878, доктор по право, бил висок финансиски службеник во Париз, советник во Министерството за финансии, а во текот на Првата светска војна заземал видно место во Главниот штаб на француската Источна армија на Балканот. Како таков, Едмонд Бушие де Бел имал можност повеќе време да престојува на Завојот на Црна Река, следејќи го движењето на Армијата кај Островското Езеро, во Лерин, Битола, во Прилеп и Скопје, каде што и умрел на 20 октомври 1918 година. Во тоа време, Едмонд Бушие де Бел напишал книга за Македонија, која по неговата смрт е печатена во Париз под наслов: „La Macédoine et Les Macédoniens", (Paris, 1922, 80, IV, 303). Книгата на Едмонд Бушие де Бел е наградена од Француската Академија на науките. Интересна и значајна е од повеќе аспекти и затоа изнесуваме делови од истата.

[893]Д-р Иван Катарџиев, цит. дело, 43.

ските научници, а со тоа и официјалните фактори дознале дека македонскиот народ не е дел ниту на српскиот ниту на бугарскиот, ниту пак, и најмалку на грчкиот народ, како што дотогаш им било сервирано, што било и често прифаќано, туку дека македонскиот народ бил посебен народ, кој говорел на свој македонски јазик.[894]

Како пример за тоа се наведува Битола во која 5.000 словенски фамилии долго време биле под влијание на бугарската пропаганда, а ***зборуваат македонски***. Во прегледот на населението на Лерин, градското население е означено како грчко, а селското како бугарско, додека пак во регионот на Лесковец, Ајтос, Горно и Долно Котори, „македонскиот елемент е во мнозинство". Во завојот на Црна, населението на окупираните села е хомогено и составено од Македонци од српско потекло, по вера ортодоксни... на западниот брег на Преспа, „повеќето од жителите се христијани - ортодоксни и зависат од Патријаршијата. Говорниот јазик е македонски дијалект пишуван со бугарска, а најповеќе со грчка алфабета.[895]

Очигледно е дека Македонските Словени не се Грци. Но, и покрај фактот што имаат некои сличности во обичаите, верата и јазикот со Бугарите и Србите, тие се разликуваат и од едните и од другите. Прашајте еден селанец од Островската околија, или пак, од Битолската, како се чувствува, тој ќе ви одговори девет од десет пати: Македонец! Затоа словенското население на Македонија треба да биде одделно, како посебна народност чие што име би било Македонски Словени или, накусо, *Македонци*...[896]

Француската комисија им препорачувала на сите Македонци да си го зачуваат своето име, својот јазик и своите обичаи. Во околината на селото Баница, Леринско, жените, девојките и децата кршат каме-

---

[894]АМ ДА СРС, фонд: Владини комесари, Извештај на полициската станица во Лерин, пов. бр. 14 од 15 јануари 1918 година.
[895]Д-р Иван Катарџиев, цит. статија..., 45.
[896]Edmond Bouchier de Belle, „La Macédoine et Les Macédoniens" Paris, 1922, 80, IV, 303.

ња за патот и од другите околни села за Французите. Тие најповеќе говорат за автономијата на Македонија и сакаат да тврдат дека таа идеја им ја дале Французите. Главно е и тоа дека баничани говорат дека нивните луѓе работат за таа идеја по спогодба со Французите. Иако во тој контекст се одржува и оваа мисија.[897]

Во сумарните резултати од анкетата стои дека во некои делови на Македонија живејат Македонци, што не ѝ одговарало на српската официјална пропаганда. Многу француски научници дури и јавно зборувале за постоењето на Македонците. Еден од нив бил Анри Вајан, потпоручник во Главниот Штаб на француската армија и биро, кој имал задача во „околината на Лерин да ја испита лингвистиката, обичаите и споменициte“.

Еден извештај ја содржи изјавата на Вајан[898] според која: „Во Македонија, српска и грчка, постои само македонски јазик, а неспорни се српските обичаи и култура.“

Покрај Вајан, во извештајот се наведуваат и имиња на други француски офицери како „Луј Бонати, кој исто така во поглед на Преспа, како што сум дознал присобира кај народот зборови за македонски речник, и има некои погрешни сфаќања дека народниот јазик во Македонија е македонски, а не српски,[899] па заради сето тоа енергично се инсистира во Лерин да се настани за постојано проф. Ивковиќ со задача активно да одржува врска со овие и некои други офицери од францускиот Главен штаб, и да влијае на нив, за да го променат своето мислење.

---

[897]АМ ДА СИП, фонд: Политичко одељење, Преписка 19, фасц. 3, м.ф. 476 од 28 јули 1918.

[898]Анри Вајан изјавил пред истиот Алексиќ дека по оваа војна границите на балканските држави од 1913 година нема да останат, туку словенските области (подразбирајќи ги тука и словенските области на грчката територија) ќе се групираат во Југославија кон која подоцна ќе мора да се приклучи и Бугарија. Додавам дека господин Вајан решително стои на гледиштето оти македонските Словени по својата култура и традици не се Бугари, иако мисли дека во македонскиот јазик има извесни сличности со бугарскиот јазик. Комесаријат и служба за безбедност, Лерин, 3 мај 1918, пов. бр. 312, Министерство за внатрешни работи, Одделение на службата за безбедност, Солун.

-АМ ДА СРС, Београд, МУД, Шеф на канцеларијата Јован Алексиќ. Полициска станица на службата за јавна безбедност. Лерин пов. бр. 17 од 15 јануари 1918.

[899]Истиот извештај од 15 јануари 1918 година.

На крајот од оваа студија, обработена е трговијата. Се подвлекува дека најголем дел од потребите на земјата се задоволувал од австрискиот увоз на Прилепскиот панаѓур и на оној во Битола, која пред војната била трговски центар со големо значење, во која два пати неделно се одржувал пазар. Како значајни центри во поглед на трговијата, наведени се уште: Лерин, Костур, Крупишта, Богатско, Горенци, Маврово, Влахо Клисура, Соровиќ итн.[900]

Идејата за француската ангажираност на Балканот, истакната во текот на 1917 година, и покрај изменетите политички услови во текот на 1918 година, уште не била напуштена. Напротив, доколку се чувствувало приближувањето на крајот на војната, преземени се мерки да се испитат сите користи и последици од една таква ангажираност. Резултатот на анкетата требал да го определи конечното заземање на став од француската влада по македонското прашање.

## б) Српската и грчката политичка пропаганда на теренот (егејскиот дел на Македонија и реокупираниот дел од Битолскиот регион)

Интересот на западните сојузници за македонското прашање односно за повоеното уредување на Македонија предизвикало страв кај српските и грчките владејачки кругови, кои се плашеле да не бидат доведени во положба да ги изгубат своите дотогашни стекнати позиции во Македонија, а плашејќи се од западните сојузници да не создадат посебна македонска држава. Тие посебно се уплашени од испитувањата на француските, италијанските и англиските научници, кои се увериле на теренот дека Македонците не се ниту Бугари, ниту Срби, а уште помалку Грци, туку посебен народ.

Српската влада се исплашила да не се изврши ревизија на границите од Букурешкиот мир, почнала да развива посебна пропаганда

[900]Катарџиев Иван, цит. дело, 46.

во егејскиот дел на Македонија, и докажувајќи дека како во вардарскиот така и во егејскиот дел на Македонија живеат Срби.[901]

Никола Пашиќ најпрво се плашел од компромисно решение помеѓу силите на Антантата и Бугарија, со цел да ја одвојат од Австро-Унгарија и Германија, а потоа се плашел и од плебисцитот како начин на решавање на македонското прашање и затоа уште во април 1917 година презел мерки со кои македонското население ќе се подготви да гласа за Србија па за таа цел во февруари 1917 година од српската влада побарал кредит од 300.000 франци за српската агитација во Македонија.[902] Плашејќи се од евентуален плебисцит, Пашиќ предвидувал и извесни мерки:

1. По враќањето на српската војска во Македонија, населението да се помага со најпотребните прехрамбени артикли.
2. Да им се нареди на офицерите, подофицерите и чиновниците кои ќе дојдат во контакт со населението кон него да се однесуваат братски, без навреди и пцости.
3. Да се постават најдобрите чиновници - чесни, вредни и оние кои умеат да се однесуваат со народот.
4. Во секое село да се постави учител кој ќе води грижа за жителите на селото, ќе ги подучува и ќе ја води пропагандата против Бугарите, а за Србите, а и Русите. За учителите и агитаторите биле предвидени дневници од кредитот.[903]

Паралелно со ова, Србија преку своите дипломатски претставници, настојувала да го убеди светот во српскиот карактер на Македонија. Во Мариовскиот и Битолскиот крај по реокупацијата во есента 1916 година, српските воени и цивилни власти настојувале да обезбедат разновидна помош за населението и тактики да создадат уверување де-

---

[901]Архив на Македонија - ДА РС, фонд: Владини комесари, Извештај на полициската станица во Лерин, пов. бр. 14 од 15 јануари 1918.
-Архив на ИНИ-Владини комесари Србије (1914-1920) инв. бр. 125, ф.к. I/6-4.
[902]Janković Dragoslav, Jugoslovensko pitanje..., 102-106.
[903] На истото место.

ка по војната македонското население ќе биде рамноправно со српското и дека нема да биде обновена окупационата управа воспоставена за време на Балканските војни.[904]

Во текот на 1918 година, српската пропаганда во Македонија станала уште поинтензивна. Со помош на српската војска се сменувала дури и месната општинска власт и на нејзино место се поставувале луѓе од редовите на српската војска. Се разбира, на сето ова реагирала грчката буржоазија, поради што доаѓало и до судири и несогласувања меѓу двете пропаганди. Сепак, српската пропаганда била во поповолна ситуација од грчката, бидејќи нејзините трупи се наоѓале во егејскиот дел на Македонија. Од тука, Грците биле приморани најмногу да се бранат и во таа одбрана и да ја шират и својата пропаганда во Битола.[905]

Да би била таа работа успешна, тие во Лерин, се подвлекува во еден извештај на командантот на Битолската дивизиска област од 1 април 1918 година, по сите установи разместиле многу интелигентни и активни луѓе со една цел „сврзување пријателства со влијателни офицери на францускиот штаб на Источната армија". Во таа своја работа, се жали известувачот, „тие работат директно против нас и нашите интереси, оспорувајќи ни го правото на Битола и околината". Ширеле гласови дека Французите сосема ќе ја напуштат Србија, а „нејзината војска ќе ја разоружаат".

Со овие и слични гласови, тврди командата на Битолската дивизиска област, се оди на тоа, кај нашето „население од овие краишта и словенското население во грчкиот дел на Македонија да се убие верата во нас и нашата идна егзистенција", да би го привлекле кон себе.[906]

---

[904]Опачиќ Петар, Солунска офанзива, Београд, 1978, 48
[905]Катарџиев Иван, цит. дело, 59.
[906]АМ-Војно историјски институт, Београд, Извештај команданта Битољске дивизиске области, N 1254, Операцијски дневник итн. Прилог књ. 28.

Грците интензивно секој ден ја зајакнувале сè повеќе својата пропаганда и тоа главно меѓу македонските бегалци од Битола и битолската околина. Се добива впечаток дека таа пропаганда станувала сè поорганизирана и посистематска.[907]

Главни аргументи за придобивање на населението „од нашата Македонија" биле дека Грција веќе добила и фромално ветување од сојузниците, „да ѝ се отстапи Битола, а заедно со него и јужниот дел на наша Македонија".

Од сите расположиви српски извештаи, кои зборуваат за грчката пропаганда во Македонија, се добива впечаток, дека Грците толку озбилно работеле за придобивање на Битола, така што не останувало ни најмалку сомневање дека нема и да го добијат. На тоа поле биле ангажирани сите фактори, но најмногу се полагало на дислокацијата на грчката армија во овој дел на Македонија.

Следниот чекор на грчката пропаганда било организирањето на разни комитети каде биле зачленувани луѓе од оние области на Македонија на кои аспирирала Грција. Така, во Атина бил организиран Битолско-македонски комитет наменет за ширење на пропаганда во Битола и во цела Македонија, а во корист на Грција. Во овој комитет биле вклучени битолчани и воопшто Македонци, кои имаат врска и влијание на околината од каде што се, а се огнени приврзаници на Грција.[908]

[907]АМ, ДА СРС, Београд, Полицијска станица Јенице Вардар. Министарство унутрашњих послова, одељење службе безбедности пов. бр. 1141 од 13 VI 1918, Солун. Фасцикла Лерин. Државна архива СРС, Београд. Според некои информации во пропагандната активност Битола со околијата да ѝ припадне на Грција, бил ангажиран и „грчкиот поет и национален работник " Спиро Музаки, кој намерно доаѓал во селото Сорович и во селската црква зборувал дека Битола со позадината ќе бидат грчки. Полициската станица Енице Вардар, пов. бр. 1153 од 29 јуни 1918. Солун.

[908]АМ-ВИИ, Београд. Војни изасланик у Атини, со телеграма до Врховната команда од 14 јули 1918 пов. бр. 26395. Операцијски дневник оперативног одељења Врховне команде 1918, књ. XXIX, 462.

Набрзо по основањето на Битолско-македонскиот комитет, воениот пратеник од Атина известил дека и во Солун постои грчки клуб за пропаганда во Македонија под име „Елпис".[909]

Засилената грчка пропаганда во Македонија, а особено во Битола предизвикала страв кај српската власт. Тоа уште повеќе се почувствувало за време на ненајавената посета на Битола од страна на грчкиот крал на 9 јули 1918. Командантот на Битолската дивизиска област со страв забележал:

„Во ова доаѓање на кралот, јас гледам особена политичка работа од страна на Французите како и на Грците. Верувам дека нивниот крал доаѓал во Битола по совет на грчката влада, како љубопитност, но со намера со својата појава овде да ја потенцира работата на одборот во Атина составен од битолски граѓани, и да го зголеми бројот на приврзениците кај овдешните Грци за работа а во полза на Грција.[910]

Како крајна консеквенца, оваа акција на грчката пропаганда во круговите на српската дипломатија била оценета како „подготовка на теренот за конференцијата на мирот", со цел добивање на сите области на кои тие полагаат права, а Битола и Гевгелија на прво место. Како што известува командантот на Битола, кога на еден ручек во почетокот на месец август, на кој присуствувал и Венизелос, било спомнато прашањето за Битола, Венизелос одговорил: „Тоа прашање одамна е решено со оружје. Србите Битола ја освоиле со крв и кога Битола нему би му ја дале, тој не би ја зел! Битола е српска и битолските Грци треба да бидат српски граѓани."[911]

Грчките кругови, и особено овие во Солун, биле убедени дека Битола ќе ѝ припадне на Грција. Освен тоа, меѓу начелниците, гувер-

---

[909] АМ, ДАСИП, Београд. Министерство војно пов. 11680, Крф, 28 јуни 1918 година го известува Министерството за надворешни работи. Фонд политичко одељење, фасцикла VI, досие „Грчко-српски односи".

[910] ВРС, Команданту Битољске дивизијске области, строго пов. бр. 11 од 14 јули 1918 године. Операцијски дневник... књ. XXX, 202.

[911] АМ, ДАСИП, Београд, фонд: Политичко одељење, фасцикла 1, досије 4, „Америка", Министарство Војно, пов. ФДЈО, бр. 12851, Министру иностраних дела од 23.8.1918, Крф.

нерот на Кожани Илијакис, и гувернерот на Македонија Адосидис, било договорено, за прв началник-гувернер на Битола да се одреди дотогашниот Кожански началник Костакија Макри, роден во Битола.[912]

И покрај ветувањата од страна на сојузниците дека Србија по војната ќе се врати на границите од Букурешкиот мир, Никола Пашиќ немал доверба во тоа.

Кај Пашиќ се јавила дури и идеја за организирање на одбор составен од угледни просрпски ориентирани луѓе од Македонија кои ќе го подготвуваат населението да се изјасни за заеднички живот со Србија, во случај на референдум.[913]

Македонскиот проблем предизвикува напнатост и помеѓу Србија и Бугарија, и тоа во врска со можноста дел од Македонија да ѝ се отстапи на Бугарија како цена на склучувањето на сепаратен мир. За тоа сведочат и алармантните писма на Јовановиќ од Лондон. Така во писмото од 2 март 1918 Јовановиќ на својата влада ѝ предлага:

„Ние мораме и тоа со сите сили, додека трае војната, да ги убедуваме нашите пријатели за животните интереси на Антантата. Србија да биде господар на Моравската и Вардарската долина, а особено да го вратиме нашето под Бугарите." Покрај сето ова убедување на сојузниците за српските права на Македонија, и сојузничките интереси таа да биде во српски раце, во извештајот се сугерира и во целост преземање на определени становишта на српската влада. Ова становиште на српската влада би можело да се базира на следните пунктови, според Јовановиќ:

1. Ни под кои услови и ништо да не се отстапува, туку да се бара стра-

[912]На истото место. Сепак, кога се зборува за настојувањата на грчката пропаганда, Битола да се осигура за Грција, се добива впечаток дека таа иницијатива и притисокот врз владата повеќе ги вршела националистички расположената буржоазија, и особено круговите од управата во Македонија, од колку самата влада и нејзиниот претседател Венизелос. Постои информација дека кога на Венизелос му било предложено да именува началник - гувернер во Битола, - тој одговорил „дека ќе биде втор грев за Грците ако Битола нам не ни ја отстапат", и препорачал со Србите да се одржуваат најдобри врски, меѓутоа и понатаму да се шири грчката пропаганда по градовите.
[913]Петар Опачиќ, цит. дело, 47.

тегиска граница спрема Бугарија; или

2. да се прими за граница линијата од 1912 година, или

3. да се повика народот во „Спорната зона“ да се изјасни со кого ќе биде, со нас или со Бугарите; или

4. да се предложи автономија на Македонија (старите Битолски и Солунски вилаети - последниот без Велешкиот округ);

5. прашањето да се постави пред научна арбитража или пред некаква мешовита специјална комисија.[914]

Со цел придобивање на македонското население уште во октомври 1917 година била издадена наредба да не се регрутираат обврзници од новите области, а сите обврзници кои се регрутирани од реокупираните области од претходните две години да се отпуштат. Ова пак предизвикало извесни тешкотии бидејќи во тоа време биле регрутирани 3588 битолчани за кои не било лесно да се најде замена, меѓу другото и затоа што српската војска била надвор од својата матична територија и била лишена од резерви. Со ваквата политика се продолжило и со пробивот на Македонскиот фронт и реокупацијата на Македонија кога потребите од војници биле уште поголеми.[915]

Покрај тоа се преземале и други мерки чија цел била да се остави впечаток дека српската влада се грижи за достоинството и традицијата на Македонците, дека ја намалува строгоста на бившата управа и сл.

На 6 август 1918 година до сите управни, црковни, школски, судски и воени власти испратено е упатство кое препорачува на македонските презимиња веќе да не им се додаваат српските наставки на „виќ“ и „овиќ“.[916]

Со пробивањето на Македонскиот фронт и доаѓањето на сојузничките војски во Македонија, српската влада настојувала да се покаже

[914]АМ, ДАСИП, фонд: Политичко одељење, фасцикла 1, досије 4, „Америка“, Минист. Војно, пов. ФДЈО, бр. 1285.
[915]Иван Катарџиев, цит. дела, 96.
[916]На истото место, 96.

потолерантна спрема македонскиот народ. Прво, се настојувало за месните потреби да се употреби пред сè месното население. Застапникот на Министерството за внатрешни работи Протиќ, на 10 септември 1918 година од Крф му пишува на Пашиќ дека ги присобираат „сите наши Македонци прво нив да ги употребиме во Стара Србија и Македонија. Ни треба што повеќе луѓе кои ги знаат добро тамошните прилики, а и францускиот јазик за да не би ги земале Французите, Грците". Протиќ особено настојувал да се искористи Михајло Ристиќ, долгогодишен конзул во Турција, како „некој вид гувернер или виш инспектор во Македонија", или „како помошник во Централата за македонските работи".[917]

Во еден извештај на началникот на штабот на Врховната команда во Солун од 17/4 VII во кој е забележана манифестација на македонската национална свест на одделни македонски војници на Македонскиот фронт. Тој извештај содржи:

„Еден наш повереник на полициската секција (факултетски образован човек) на служба во овдешното пристаниште на 29 јуни имал прилика да го слушне разговорот меѓу двајца француски виши полициски чиновници, од кои еден со служба во Битола, од каде дошол на отсуство. Чиновникот од Битола ги раскажувал своите импресии и меѓу останатото изјавил: дека во Битола и околината, освен чиновници, други Срби нема и дека народот не зборува српски. Кога овој случај би бил осамен не би морало да му се придава големо значење. Меѓутоа, за жал, доста знаци покажуваат дека слично уверување стекнуваат речиси сите наши сојузници на Македонскиот фронт. Многу Словени од Битолската област, регрутирани во нашата војска побегнаа од командите и се кријат во Грција, каде на Грците и на нашите сојузници им кажуваат дека побегнале поради тоа што не се Срби. Еден таков бегалец пронајден е во италијанските трупи како работник и кога еден

[917]АМ-ДАСИП, Посланство Краљевске владе у Паризу, фасцикла 3, 1918, пов. бр. 3829.

наш офицер го препознал и запрашал каде му е српската војничка униформа, тој дрско одговорил: „Зошто ме прашуваш за името кога јас не сум Србин. Јас сум Македонец. Побрзо би бил Италијанец, а никако Србин. Униформата ја исфрлив и не ми треба.“ Кога нашиот офицер запрашал еден друг Македонец за името на овој бегалец, тој му одговорил: „А зошто ме прашуваш мене, прашај го него како му е името. Ние сме Македонци и не можам да ти го кажам неговото име.“ Подоцна е утврдено дека двајцата се од селото Брод. Значи, изгледа дека Французите и Англичаните, со овој долг контакт со македонските жители, не само што не ги промениле своите поранешни гледишта, туку напротив станале поцврсти во своето уверување според кое во Македонија има малку Срби.“[918]

Според тоа има доста основа да се верува дека Французите и Англичаните воопшто не го измениле поранешното убедување за народностите во нашата Македонија. Во нивните извештаи, македонското население се претставува повеќе како бугарско отколку како српско, и тие се сè повеќе убедени дека во Македонија има малку Срби. Многу од сојузничките офицери, војници, парламентарци кои заминуваат од Македонскиот фронт го шират ова тврдење по својата земја, па малку по малку ова ќе го разбере и целиот свет, и така повторно ќе се постави на разгледување македонското прашање. Ова може да биде многу опасно за нас.

Кога се има во предвид постојаната агитација не само во краевите од Македонија под Грција, туку и на нашата реокупирана територија водена од страна на Французите, Грците и Италијанците, ќе видите и сами со каква енергија и брзина треба да се работи, а со тоа не само да ја развиеме пропагандата надвор од границите, туку мора со сите сили

[918] АМ ДАСИП, Преписка 1917, фонд: Политичко одељење, фасц. 1, пов. бр. 2742, 8 ВИИ 1917, Солун.
-Dragoslav Janković, Jugoslovensko pitanje i Krfska deklaracija 1917 godine, Beograd, 1967, 103-105.

да се бориме да ги сузбиеме сите струења, кои подоцна нам можат да ни нанесат огромна штета.[919]

Во еден друг извештај се вели:

„Одделението преку своите органи и станици на територијата на Македонија под Грција дошло до податоци по кои е јасно дека грчките управни кругови вршат грчка пропаганда и на територијата на Кралска Србија. Тие податоци засега се познати за Битола и околината, но има гласови дека тоа тие го прават и по селата во околината на Преспа.

Грчката пропаганда неуморно работи со цел од една страна да го придобие целиот несловенски елемент од Битола и околината, а од друга страна да се покаже и да ги увери нашите сојузници, а особено Французите дека популацијата на населението во Битола и Битолско е само грчко и дека е залудно таа популација да се асимилира со српски националитет.

И во едниот и во другиот правец се работи со најголема енергија. Вработени се избеганите битолчани, и званични државни службеници и приватни лица, и сите оние кои на било кој начин можат да му помогнат и сето тоа дава успех.

Оваа пропаганда е под раководство на началникот на Леринскиот округ. Околу него е створен круг на луѓе кои секојдневно му помагаат за оваа работа. Во тој круг има и избегани битолчани кои формирале друштво на битолчани за заштита на своите интереси кое ја ширело грчката пропаганда и шират вести дека Битола ќе биде грчка. Во Битола е раширена веста дека за кусо време во Битола ќе дојдат грчките трупи и тука ќе останат. Во куќата на Мандила Копнералу доаѓале некои грчки офицери, па и оттука се шират гласови дека Битола ќе биде грчка.

---

[919]АМ-ДАСИП, Преписка 1917, фонд: Политичко одељење, фасц. 1, пов. бр. 2772, 8 VII 1917, Солун.

Затоа неопходно е да се преземе таквата грчка пропаганда да се разбие и исто така да се исправи мислењето кај француските воени кругови, зашто ќе имаме голема непријатност и за останатите наши краеви во новоослободените области, а таквото мислење ќе биде голема препрека при донесувањето на одлуки за ликвидирање на војната и формирање на нашите нови државни граници."[920]

Се разбира, овие пропаганди кога Македонскиот фронт е пробиен, кога српската и грчката влада де факто ја воспоставуваат својата власт над македонската територија стекната по Балканските војни, веќе нема политичка перспектива, барем што се однесува до нејзиниот развој на теренот. Нејзиното значење помалку или повеќе е од чисто внатрешен карактер и има сосема подруги аспекти.

Прашањето на пропагандната активност на сите сојузнички претставници на теренот во Македонија, поточно на теренот на егејскиот дел на Македонија, било симнато од дневен ред. Престанува една акција која скоро цели три години на еден или друг начин и со различен интензитет била спроведувана за сопствена сметка, од сите сојузнички трупи. Со тоа и сојузништвото и сојузничката соработка особено меѓу српските и грчките претставници на теренот често доаѓале во искушение. Имало повеќе случаи кога и едната и другата страна прибегнувале кон арбитражата на Сојузничката команда, а во прв ред кај Французите за да се ликвидира настанатиот спор.[921]

---

[920]На истото место, м.ф. 474, фасц. 3, пов. бр. 2362, 4 јуни 1918, Крф.
[921]Катарџиев Иван, цит. дело, 69.

## в) Англиската, италијанската и американската политичка акција во егејскиот дел на Македонија и на реокупираниот дел од Битолскиот регион

При крајот на 1917 година, а особено на 1918 година, интересите на сојузничките претставници во Македонија уште повеќе се зголемуваа. Не само Французите кои го испитуваа расположението на населението, богатството на земјата, етнографијата, историјата итн., своја заинтересираност пројавуваат и Англичаните и Италијанците, а подоцна и Американците.

Англичаните многу живо се интересирале за приликите во Македонија, за историското потекло и за неговото национално чувство.[922]

Во извештајот на мајорот д-р Милан Г. Петровиќ, командант на баталјон се изнесува дека за своите испитувања Англичаните ја користеле болницата во село Кремјани (Ѓермијан), во која се примало само месното население. Во неа извесно време работел д-р Симпсон, професор на Лондонскиот универзитет. Д-р Симпсон се занимавал и со испитување на јазикот, и со прашањето за народноста на Македонците. За тоа имал цела збирка податоци, кои ги собрал од своите болни. По заминувањето на Симпсон, неговата работа во извесна смисла ја продолжила Марија Стјуарт, која го заменила професорот во болницата. Една друга Англичанка на Македонскиот фронт „Госпоѓица Кемпбел што издава храна на децата во село Добровени,... за јазикот на овдешното население, како и за неговата народност никогаш поинаку не рекла освен „Македонци; јас не знам српски, јас зборувам македонски“.[923]

[922]АМ-ВИИ, Београд, Рапорт пешадијског мајора д-р Милана Петровића, О. бр. 23130. Прилог бр. 1 од 22 II 1918 године, књ. XXVIII, Прилози оперативног одељења Врховне команде.
[923]На истото место.

Покрај користењето на пациентите во спомнатата болница, известувачот наредува: „Англичаните, Французите и Италијанците порано често, а сега поретко одат по селата Скочивир, Добровени и Бач и под изговор дека сликаат, или заради нешто друго, тие доаѓаат во допир со месното население и се распрашуваат за јазикот и народноста“.[924]

Мајорот Петровиќ во својот извештај вели:

„Од многу Англичани и Французи сум чул нејасни изјави дека се сака да се дојде до спогодба со Бугарија за сметка на Македонија. Но, за ова најјасно ми рече Анри Кабоце, командант на авијатичарската батерија, која била на кота 1212. Тој рекол дека кога Бугарија би се сложила за спогодба, тогаш со неа лесно би се спогодиле бидејќи овој камењар (Македонија- б.н.), нема баш никаква вредност.“[925]

Ваквата активност на сојузниците на теренот, не можела а да не предизвика незадоволство кај спрската Врховна команда и влада, дотолку повеќе што таа не била од моментен карактер, ами се продолжила во текот на целата прва половина на 1918 година и подоцна. Од друга страна, не биле ретки случаите, кога спрските претставници со вчудоневидување дознавале дека во рацете на сојузничките офицери се наоѓаат книги за Македонија, издадени од Воените министерства, кои, како и преземените проучувања, не им биле во полза на претензиите на српската влада.[926]

Секако дека активноста на Сојузничките сили во Македонија го загрижувале претседателот на владата Никола Пашиќ, и тоа не само на теренот, туку и на меѓународен план, кога македонското прашање уште повеќе се активирало.

Исто така, активност на теренот во егејскиот дел на Македонија а и на реокупираниот дел од Битолскиот регион каде биле присутни

[924]На истото место.
[925]На истото место.
[926]АМ ДАСИП, фонд: Политичко одељење 1918, фасцикла 7, досие I, Пропаганда.

сојузничките војски (меѓу кои и италијанските) пројавила и Италија, малку подоцна се вклучиле и САД.

Воеността аташе на САД при главниот француско-американски воен комесаријат, мајорот Линдсеј Блинер, и сенаторот на државата Мичиген Луј Крентон, како пратеници на претседателот Вилсон, односно американската влада, со цел да извршат анкета за балканските прашања. Тие на 17 август 1918 година ја посетиле Битола, каде требало да се запознаат со околностите и начинот на решавање на македонското прашање.[927]

[927]Д-р Михајло Миноски, САД и Македонија, Скопје, 1994, 79.

## ГЛАВА V

## ОТПОРОТ НА НАРОДОТ ПРОТИВ ОКУПАТОРИТЕ

### 1. Отпорот на македонскиот народ против регрутацијата. Реквизициите. Принудната работа.

Македонскиот народ на најразлични начини го изразувал својот отпор против окупаторите од 1915 до 1918 година. Отпорот се јавил во најразлични форми нескриен и јавен, пасивен и активен. Окупаторите воопшто не успеале да го задушат и да го принудат македонскиот народ на полна потчинетост. Но, еден од најсилните, а со тоа и најзагрижувачки за окупаторите вид на отпор било дезертирањето од армијата, од работните единици и логори, а особено од воените единици што биле на фронтовската линија.

Пред да зборуваме за дезертирањето, уште еднаш да спомнеме дека меѓу првите отпори на македонскиот народ пред да започне Првата светска војна, регрутите од Источна Македонија биле отерани во Крагуевац и на 15 април 1914 година, околу 1.000 души, се побуниле и откажале да дадат заклетва. Против разбунтуваните секако дека биле преземени остри санкции.[928]

Од окупаторските армии (српската и бугарската) често и масовно дезертирале не само Македонците, туку и Турците и Албанците, успевајќи при тоа да се кријат сè до крајот на војната. Појавата на дезерти-

[928]Учесниците на овој бунт извикувале: „Ја нејќеме Србија, ја сакаме Бугарија“, а според други: „Не сакаме да се бориме за Србија, ние сме Македонци“.

-Д-р Александар Апостолов, Злетовската област, Скопје, 1974, 444-446.

-Рамиз Шабановиќ, Учеството на Македонците во Првата светска војна во состав на српската војска, Скопје, 1993 година, одбранет магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје на 4 март 1994 година, 121-133.

-ЦДА, София, фонд: 313, оп. 1, а. е. 2278.

рање особено била карактеристична за бугарската армија на Македонскиот фронт.

До повисоките команди и до локалните административно - полициски власти во заднината биле испраќани бројни извештаи од воените единици на фронтот, од кои можат да се констатираат повеќе поединечни и групни дезертерства. Нивниот интензитет особено се зголемувал во текот на подготовките и за време на офанзивите, што укажува на волјата на војниците т.е. дека не сакале да се борат. Тие биле свесни дека би се бореле во интерес на странските окупатори, а паралелно со тоа самите тие и нивните семејства бесправно и тешко биле експлоатирани од економски аспект. Отворените негодувања и бунтови зачестиле по Февруарската и Октомвриската револуција во Русија во 1917 година. Но, и претходно дезертерствата на Македонците од фронтот биле чести и се одвивале масовно.

За ова сведочат официјални податоци на Штабот на трупите на Антантата во Солун, според кои во 1916 година, па до 1 VII 1917 година, во рацете на силите на Антантата се предале 11.370 Бугари, Германци, Турци и Австријци,[929] и тоа најмногу дезертери, меѓу другите, и од 17, 3 и 6 Македонски полк,[930] при што се констатирало дека: „еден приличен дел од бугарските бегалци не се Бугари, туку Грци, Романци, Турци и Срби од Македонија“.[931] При ова, од исказите на дезертерите, се констатирало дека дезертирањето би било помасовно, ако не бил стравот „дека фамилиите на дезертерите ќе биле интернирани и прогонувани од бугарските власти“,[932] како што била познатата Погромациска акција на потполковникот Панов.

Окупаторските воени власти преземале најразлични мерки за фаќање на лицата кои што дезертирале од фронтот и нелегално се со-

[929]Архив на Македонија - ДА СИП, Политичко одељење, фасц. 3, 1917, пов. бр. 2747.
[930]На истото место.
[931]На истото место.
[932]На истото место.

кривале во заднината. Од бројните потерници што се испраќале до локаните власти со наредба да организираат фаќање на наведените дезертери, се гледа дека од Македонскиот фронт секојдневно бегале војници од разни националности. Исто така бегале и од единиците што биле стационирани во заднината.

При составувањето на списоците, општинските власти и регрутните комисии констатирале дека одзивот за пријавување на младинците за упис во наборните списоци бил мал во споредба со списоците под бугарска окупација каде Македонија требало да даде 45.000 војници, меѓутоа Бугарите успеале да мобилизираат само 16.000 војници,[933] а со тоа се гледа дека Македонците давале отпор, не се пријавувале во наборните списоци.

Уште во почетокот на мобилизацијата, не бил мал бројот на луѓето од Битолскиот регион кои на најразлични начини ја избегнувале бугарската мобилизација, заминувале некаде на работа без да дадат адреса, а потоа пребегнувале преку Грција и Албанија. Други за да ја избегнат мобилизацијата заминувале на печалба во Америка.

Зачестени дезертерства регистрирани се во периодот на Февруарската револуција во Русија во 1917 година. Настаните во Русија т.е. успесите на рускиот пролетаријат во текот на 1917 година и победата во Октомври, ги поттикнало војниците од двете страни да го заострат прашањето за прекинување на војната и воспоставување на мир. Во екот на настаните се дезертирало од воените единици, затворите, логорите на принудна работа, од рудниците, железарниците и други места, како и од регрутните комисии. Всушност, за стотици и илјадници дезертери и разни други бегалци и исчезнати од воените единици, кметови, секретари, селани и други од Битолско, Велешко, Прилепско - Македонци, Турци, Албанци, Власи и други, меѓу кои жени, деца, старци и други, сведочат делумно сочуваните списоци и потернички

[933]Архив на Македонија - ДАСИП, Политичко одељење, ф. 3, п. бр. 2009 од 20 IV 1917, Солун.

акти на подрачните органи и на воено - полициските власти на Антантата, окупатори во егејскиот дел на Македонија.

Од нив имало и офицери на бугарската армија Македонци, како на пр. потпоручникот Димитрија Дијамандиев, кој нелегално дезертирал.[934]

Масовна и постојана била појавата на дезертирање, бегство и преминување во нелегалност на незадоволните од насилното регрутирање и мобилизирање во грчката и српската војска (од бегалците од МВИО и особено од Битолско по паѓањето во рацете на трупите на Антантата). Бројни документи од окупаторските власти на Антантата во егејскиот дел на Македонија исто така говорат за појави од овој вид. На пр. 1917 во текот на летото масовно бегале војници од грчката војска (во ова време веќе вклучени на Македонскиот фронт[935] во егејскиот дел на Македонија како сојузник на Антантата - б.н.). Еден извештај сведочи дека Македонците од Енице Вардар побегнале од грчката војска и се сокривале во својот крај.[936]

Некои извештаи го регистрираат дезертирањето на 84 лица[937] кои се криеле во Битолско. Исто така, не биле успешни обидите на грчките власти во Сорович, Пателе, Гарничево, Баница, Екшесу, Ајтос, Рудник, Ракита, Кајлари, Костур, Лерин и Преспа, да ги регрутираат Македонците во својата војска, со почетокот на 1918 година. Еден список, во кој се наведуваат претходните 9 села, покажува дека од 451 обврзник на мобилизацијата се одзвале 47. Слична положба била затекната и во другите места.

Обидите на српските власти да регрутираат македонски младинци во окупирана егејскиот дел на Македонија, исто така, не биле многу

---

[934]АМ, МВИО, Околиско управление, Куманово, к. 9, дело 12/1917, арх. един. 1/238, лист 35-238.
[935]АМ, ДАСИП, Политичко одељење, фасц. 1, бр. 801 од 9 јули 1917, Солун. Извештај на Владините комесари до Пашиќ, преку МУД.
[936]АИНИ, ДА СРС, цит. фонд: Српски Владини комесари, инв. бр. 125, Извештај пов. бр. д 5 II 1918 на полициската станица од Енице Вардар.
[937]На истото место, Извештај на Окружниот началник од Битола до МУД, пов. бр. 52 од 7 II 1918.

успешни. Од политички причини, српските власти подоцна се откажале од регрутацијата на Македонците во егејскиот дел на Македонија, но не се откажале од регрутацијата не само од младинците, туку и од постарите во реокупираниот дел од вардарскиот дел на Македонија т.е. од реокупираниот дел од Битолскиот регион. За ова ние веќе говоревме поопширно, но не е на одмет да наведеме уште два до три извештаи и списоци на избеганите Македонци од реокупираниот дел на Битолскиот регион каде што се појавило во една масовна појава на дезеретирања од српската војска. Отпорот против регрутацијата бил изразуван на најразлични начини: за да се избегне регрутацијата, ги напуштале своите места и се сокривале, други пак, пребегнувале на грчка територија (Леринско, Воденско, Сорович и подалеку), како бегалци оделе во странство на печалба и слично.

За илустрација ќе наведеме уште два списоци на бегалци, воени обврзници од Битолско.[938]

---

938„Министерство за внатрешни работи.

Чест ми е да и ги доставам имињата на обврзниците, кои побегнаа од својата команда:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Зери А. Рамадан | од Кенали | Битол. округ |
| 2. Мата С. Барух | од Битола | „ |
| 3. Мартоз М. Алил | од Породин | „ |
| 4. Демир Б. Раму | од Битола | „ |
| 5. Влајко Кијановиќ | од Солани | Приепол. округ |
| 6. Мустафа Мустафа | од Кенали | Битолски округ |
| 7. Рашид А. Росулов | од Битола | „ |
| 8. Мехмед П. Алилови | од Кенали | „ |
| 9. Ѓорѓе М. Такмијевиќ | од Ореово | „ |
| 10. Анѓел П. Димковиќ | „ | „ |
| 11. Наум К. Ристовиќ | од Битола | „ |
| 12. Ариф Ч. Мехмед | од Кенали | „ |
| 13. Мемиш Н. Мемиш | од Меџитлија | „ |
| 14. Сулејман И. Адем | од Меџитлија | Битолски округ |
| 15. Апостол Крстиќ | од Битола | „ |
| 16. Бешир Јусуповиќ | од Меџидили | „ |
| 17. Риста П. Тасиќ | од Битола | „ |
| 18. Лазар Р. Вељковиќ | од Скочивир | „ |
| 19. Лазар К. Илијевиќ | „ | „ |
| 20. Петар Трајчевиќ | од Оптичари | „ |
| 21. Трајко С. Стојковиќ | од Виталиште | „ |
| 22. Неуродин А. Мемиш | од Острец | „ |
| 23. Алил Џ. Јусуфовиќ | од Доленци | „ |
| 24. Јова Д. Димитријевиќ | од Бобина | „ |
| 25. Нова Н. Филиповиќ | „ | „ |
| 26. Ванѓел Р. Петровиќ | од Битола | „ |
| 27. Петар К. Ристиќ | од Полог | „ |
| 28. Ќирко Крстиќ | од Средно Егри | „ |

Еве уште еден список на воени бегалци од српската војска.[939]

Многубројни се ваквите списоци на воени бегалци од српската војска од реокупираниот дел од Битолскиот регион.

Со цел да ги спречат дезертирањата, бегствата и преминувањето во нелегалност, окупаторските власти прибегнувале кон најразлични и најсурови мерки и активности во борбата против отпорот кој го давал македонскиот народ.

Селаните на различни начини му давале отпор на окупаторот. Еден од начините било и сокривањето на житото, разни прехрамбени продукти и жива стока односно се криело она што најчесто било подложувано на насилна реквизиција од страна на окупаторите. Дури и во периодот на жетвата и вршидбата, македонските земјоделци успевале да скријат или дури и да украдат еден дел од житото или од живата стока. Селаните биле свесни дека окупаторските реквизиции нема ништо да им остават, па со тоа ќе бидат изложени на глад.

---

| | | |
|---|---|---|
| 29. Азан Л. Јунус | од Битола | „ |
| 30. Ќамил Н. Селим | „ | „ |
| 31. Василие Н. Таневиќ | „ | „ |
| 32. Џемаил М. Јакуб | од Кенали | „ |
| 33. Науф А. Селим | од Битола | „ |
| 34. Селим А. Селим | „ | „ |
| 35. Шефки А. Мехмед | „ | „ |
| 36. Асан Ш. Фета | „ | „ |
| 37. Петар К. Димитријевиќ | „ | „ |
| 38. Никола Т. Николиќ | од Крушево | „ |
| 39. Муса В. Шабан | од Меџидли | „ |
| 40. Тефик М. Елим | од Рамно | „ |
| 41. Ќамил Ш. Демировиќ | од Прибилци | |

-Архив на ИНИ, цит. фонд: Српски Владини комесари, Краљевско српско Министарство Војно, опште војно одељење, ђенерал штабни одсек , ф. о. бр. 10383 од 13 септември 1917 године, Солун.

[939]

| | | |
|---|---|---|
| 1. Никола С. Папа - Апостоловиќ | од Битола | |
| 2. Стојан С. Лазаревиќ | од Дихово | Битол. округ |
| 3. Алекса Ставриќ | од Битола | |
| 4. Петко С. Костиќ | од Болдовенци | |
| 5. Божин С. Марковиќ | од Ивени | |
| 6. Аврам Ј. Цадикарио | од Битола | |
| 7. Ибраим Осман | од Битола | |
| 8. Мушон Р. Кахми | од Битола | |
| 9. Никола Вигеловиќ | од Битола | |
| 10. Ристо П. Јовановиќ | од Бач | |
| 11. Неделко Т. Лозановиќ | од Скочивир | |
| 12. Велко Ц. Ристиќ | „ | |
| 13. Назиф Осман | од Битола | |

Обезбедувањето на стражарските групи на непријателот било силно, особено во текот на ноќта, но селаните успевале да го сокријат житото уште на нивата или на гумното. Сепак ваквите обиди на селаните не се одвивале непречено. Тие набрзо биле откриени од страна надржавните органи, кои што освен специјалните вооружени стражи, настојувале да дејствуваат и преку нови „специјални одреди" од дополнителни воени единици со цел да им стават крај на кражбата на прехрамбени продукти и да ги спречат контрабандите кои дејствувале во селата.[940]

Сите сили биле насочени кон ликвидирање на оваа појава. Командите на управата на заднината во своите наредби до локалните власти констатирале и наредувале: „Постојат податоци дека населението само крадело снопје од нивите, или претходно ги очукувало, за да сокрие дел од житото, пред да дојде реквизицијата на гумното. Таквото пронајдено жито (доколку пронајдете такво жито) требало да се конфискува, а селаните да се дадат на суд. Да се има предвид дека таквите дејствија на населението нема да му користат бидејќи ќе има дополнителни реквизиции. Воените агрономи се многу доверливи кон комитетите кои ја вршат реквизицијата на гумната. Снопјата често и не биле чувани (од стражата) од претходно скубење и очукување на зрната.[941]

Отпорот на луѓето се состоел или во отвореното одбивање да одат на принудна работа, или пак оделе на работа и потоа бегале. Реквирирањето на коли и работен добиток ретко можело да се спроведе без помош на полицијата.

-АИНИ, цит. фонд, Краљевско српско Министарство војно, опште војно одељење, ѓенералштабни одсек, ф. ѓ. о. бр. 10.522, од 17 септември 1917, Солун.

[940]ДА, АМ, фонд: МВИО, Министерството за внатрешни работи и народното здравје, бр.5641 од 17 VII 1918, к.54, дело 10.

[941]На истото место, Тилово управление на соединетите армий, бр. 70616 од 16 VII 1918, Скопие, к. 54, дело 10.

## ГЛАВА VI

# ПРОСВЕТНИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН

## 1. Просветните прилики (1915-1918)

Започнувањето на Првата светска војна се одразила и врз нормалната работа на училиштата во вардарскиот дел на Македонија. Бидејќи главната арена на воените дејствија се наоѓала подалеку од вардарскиот дел на Македонија, училиштата продолжиле со работа и во учебната 1914/15 година. Меѓутоа, нивната работа се одвивала со големи тешкотии. Во оваа учебна година на територијата на вардарскиот дел на Македонија работеле 448 основни училишта.[942]

Со спроведената делумна мобилизација од страна на српските власти, со одземање на членови од семејството се дојде до намалување на работоспособноста во истите. Посебно беа погодени селските семејства, каде што децата, жените, младинците биле принудени да ги заменат мобилизираните мажи за да го обезбедат својот опстанок. Ваквата ситуација влијаела врз редовноста на учениците во училиштата.[943]

Поради мобилизацијата се дојде до недостиг на наставници во учебната 1914/15 година. Недостигот бил дополнуван со незавршени ученици од Учителската школа, со ученици од гимназиите и со студенти.

---

[942]Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство Јужне Србије, Споменица од 1912-1937 г., Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Србије 1912-1937, Скопље, 1937, 913-915.
[943]Д-р Глигор Тодорвоски, Просветната политика на Кралската Србија во Македонија по Балканските војни 1912-1915, Скопје, 1975, 40. Прилог..., док. бр. 35, 134-135, докл. бр. 36, 136-137.

Оние учители кои работеле во селата ги ослободувале од мобилизацијата и останале да работат по училиштата. На учителите им биле доверени многу важни задачи за организирање на целокупниот живот на населението.[944]

Во особено тешка положба се наоѓале пограничните краишта спрема Бугарија и Албанија, каде што настанала вистинска воена состојба каде што наставата се одвивала во вонредно тешки услови, и поради појавата на болеста тифус, многу училишта биле принудени да се затворат и да не работат во учебната 1914/1915 година.[945]

Меѓутоа, и покрај сите тешки околности при изведувањето на наставата, новите власти не заборавиле на своите цели во областа на просветата - користење на денационализација на македонскиот народ посебно на нивната млада генерација. На овој проблем се заангажирал целокупниот владеачки апарат во вардарскиот дел на Македонија.

За да се остварат политичките цели, наставните планови и програми беа присопособени со посебен акцент на изучувањето на српскиот јазик и српската историја.[946]

И покрај воените услови, кога целото способно машко население било земено во војска, не можело да стане збор за нормална работа на средните училишта - гимназиите. И покрај тоа, некои средни училишта работеле во Македонија во учебната 1914/15 година: Учителската школа во Скопје, гимназиите во Битола, Штип, во Битола било отворено трговско училиште, кое го посетувале 20-30 ученици, а работело до 1916 година. Воедно постоело и општо занаетчиско-трговско училиште од понизок стручен ранг, како и земјоделско училиште кое работело 3 години т.е. до 1916. А во учебната 1914/15 година било отворено женско работничко училиште кое со почетокот на

[944]Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство Јужне Србије...., 913-914.
[945]Д-р Глигор Тодоровски, Просветната политика..., 40-41.
[946]Драгомир С. Обрадовиќ, Просветне прилике у Јужној Србији, Историјски преглед, Скопље, 1925, 128.

Првата светска војна престанало да функционира.[947] Наставниот кадар бил пополнуван со по-стари наставници и оние кои не биле способни за војска.

Организираното српско школство во вардарскиот дел на Македонија престанало со работа во есента 1915 година, поради потпаѓање на овој дел од Македонија под бугарска окупација, која траела до есента 1918 година. Во овој тригодишен период, српската асимилаторска политика преку просветата била заменета со бугарска. Со тоа Битола и битолските села се нашле под бугарска окупација од ноември 1915 година до ноември 1916 година, кога Битола и еден дел од Битолскиот регион биле реокупирани од страна на силите на Антантата. Организационо, во територијален поглед, Битолскиот регион за време на бугарската окупација целиот регион влегувал во составот на Битолскиот округ, но од ноември 1916 година Битола и јужно од Битола биле реокупирани и биле под окупација на силите на Антантата (француски, италијански и руски) и српската власт, додека селата на север, северозапад и североисток останале под бугарска окупација сè до крајот на војната, ноември 1918, кога се повлекле од селата на Битолскиот регион, а со тоа и од вардарскиот дел на Македонија. Со тоа во целокупниот живот во Битолскиот регион, како и во целиот вардарски дел на Македонија, настанале нови промени.

Во општата констелација, состојбата во образованието во Битолскиот регион, таква каква што ја организирала српската окупаторска власт, не можела да биде одмината, туку била наполно прекината. Настапиле нови „просветители“ на македонскиот народ. Во новиот тригодишен период под бугарска окупација, започнатата српска денационализација и асимилација била заменета со бугарска. Сега бугарската окупаторска власт се напрегала од петни жили да ја покаже „големата

[947]Воспитанието и образованието во Битола, Битола, 1990, 61.

загриженост“ за „своите сонародници“ и веднаш пристапила кон организирање и реализирање на сопствената просветна политика.

Користејќи го сопственото искуство и пропустите од пропагандната дејност до Балканските војни, како и дејноста, успесите и пропустите на другите пропаганди на македонска а посебно на битолска почва, се стремела наполно да ги отстрани сите недостатоци, со цел брзо и целосно остварување на своите националистички интереси спрема македонскиот народ, за негово обезличување, денационализација и асимилација во смисла на негово бугаризирање.

Бугарската окупаторска власт најпрво пристапила кон ликвидирање на сè што имало белег на српството. Српските уилишта, како и другите институции, веднаш биле затворени. Училишните архиви, српските учебници и другите книги немилосрдно биле запалувани, а оние кои се обидувале да дадат отпор драконски ги казнувале. Затекнатиот инвентар и другите училишни помагала биле уништувани. Училишните згради кои уште повеќе настрадале во текот на новата војна не биле поправени. Биле прифатени и богато наградувани само учителите и другите отпадници на македонскиот народ кои им помагале за пропаганда меѓу младината и народот. Бугарската окупаторска власт во Македонија предизвикала нов хаос не само во образованието, туку и во целокупниот живот на населението.[948]

Поради воените дејствија, новонастанатите општествени, економски и политички прилики, условите за работа на училиштата биле вонредно тешки. Сепак, бугарската окупаторска власт настојувала да ја организира училишната мрежа. Основната цел на бугарската просветна политика била всадување на бугарски дух, не само во свеста на малите Македончиња учениците, туку и кај целото македонско на-

[948]Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983, 105.

селение. За таа цел во училиштата што биле отворени, бил воведен бугарски јазик. Бугарските учители покажале голема ревност во спроведувањето на таквата политика, така што, и мобилизирани, во војничка униформа, покрај другите војнички обврски, одржувале настава на бугарски јазик на учениците.

Меѓутоа, и покрај сите напрегања, бугарската окупаторска власт ниту од далеку не успеала да го обнови вкупниот број на училишта отворени пред 1912 година, ниту бројот на училиштата што ги отворила српската власт во текот на двете учебни 1913/14 и 1914/15 година.

Биле отворени и почнале со работа во вардарскиот дел на Македонија 641 училиште, од кои 40 прогимназии, со 37.000 ученици и ученички. Бројот на наставниот кадар изнесувал 1.031 учители и учителки.[949]

Но, да се утврди фактичката состојба во просветата за време на бугарската окупација е доста тешко, од причини, што, целокупната документација со повлекувањето на бугарската власт и војската или ја уништиле или ја однеле со себе, така што од училишната, како и од другата документација што ја имаме на располагање, нема ништо сочувано.

Од друга страна пак, во Битола и дел од битолските села, за време од една година би било прашање, а и во воени услови колку би можело да се отворат и да работат училиштата. За тоа колку и кои училишта работеле во Битола и во битолските села и колку ученици посетувале, не располагаме со податоци.

Голем дел од училиштата во Битола и Битолскиот регион за време на Првата светска војна биле затворени, а училишните згради или биле уништени или оштетени, а дел од нив биле користени и за сместување на воените единици.

---

[949]Veritas, Македония под иго 1919-1929, София, 1931, 464-467.

Веднаш по реокупацијата на Битола на дел од Битолскиот регион, Светозар Томиќ, писар на Мариовската околија го известува началникот на Битолскиот округ за неговата посета на селото Лавци, Битолско, а меѓу другото соопштува:

„Во селото Лавци, имаше учителка и тоа само два месеци, колку што училиштето работеше, некоја девојка битолчанка... Свои училишта Бугарите во овие села никаде немале отворено додека во Буково, учител бил некојси Сотир Ангелов."[950]

Во еден друг извештај началникот на Битолскиот округ бара упатство од министерот за внатрешни работи за понатамошно останување на бугарски учители во Битола.[951]

Од горенаведениот извештај се гледа на удар на воспоставените воени и цивилни власти дошле и учителите, кои не успеале да се повчат со бугарските воени и цивилни власти од реокупираната територија и останале и натаму на истата, бидејќи некои од нив биле жители Македонци. Тие не сметале за потребно да ја напуштат сопствената територија и дека новиот окупатор нема да биде толку ригорозен нив да ги казни за дотогашната дејност во образованието. Така сите учители што останале на реокупираната територија биле осомничени и обвинети за соработка со дотогашниот окупатор. Тие биле притворени и сместени во специјални логори каде што над нив бил воведен строг надзор и режим.

Реорганизираните органи на српската власт на реокупираната територија ја продолжиле работата за образованието на децата во Битола и нивното испраќање во Франција. Но, секако дека во оваа активност се криела основната тенденција на српските органи за денационализација на децата од македонско и друго потекло на

---

[950]АИНИ, фонд: МУД, Крфска полицијска архива, Краљевско српско Министарство унутрашњих дела, Шифра из Битоља, 28 ноември 1916 година, Солун.
[951]АИНИ, фонд: МУД..., Начелство округа Битољског, 23 декември 1916 година, Битољ.

реокупираната територија и во воени услови во текот на Првата светска војна, сепак продолжувањето на образованието било мошне значајно прашање. Така повеќе од 120 деца од Битола биле испратени на школување во Франција, што претставува релативно голем број. Сите деца биле селектирани во национална, политичка и социјална смисла. Во тој контекст било преземањето мерки за отворање на основни училишта во одделни села на реокупираната територија во Битола и Битолско и пошироко. Секако дека во отворените училишта наставата била изведувана на српски јазик, со посебен акцент во изучувањето на српската историја, српскиот јазик, српска географија и слично.

Началството на Битолскиот округ доставува список[952] на ученици кои што требало да го продолжат образованието во Франција до Министерството за внатрешни работи на српската влада во бегство.[953]

---

[952]Од списокот на ученици коишто требало образованието да го продолжат во Франција а потекнувале од Битола, приложуваме само еден дел од сисокот од кој може да се видат годините на старост на учениците, што завршиле и во кое училиште учеле. Поименично спомнати се 120 деца.

[953]„По наредба на Господинот Министер од декември мин. год. П. Н. 6967, чест ми е да под ./. Ви испратам список на ученици на Битола кои се упатуваат заради школување во Франција.

Ученици има вкупно 121 од кои 104 учеле српско училиште, 7 француско, 5 румунско, 3 грчко и 1 англиско.

Сите овие деца ќе ги следи Воислав Чакаревиќ, претседател на Охридската општина.

На децата им е наредено со себе да понесат: топла облека, здрава обувки, два пара веш, 4-5 пара чорапи, задолжително прекривки и храна за два дена.

На секое дете да му се издаде при поаѓање леб од една ока. Окружен началник Јовановиќ (името не е читко)"

СПИСОК

на ученици од градот Битола кои се упатуваат во Франција на школување, а според наредбата на Владините комесари од 10 т. м. бр. 22

| тек. бр. Име и презиме | Година на старост | што завршил | кое училиште го учел |
|---|---|---|---|
| 1. Спасенија Димитрија Гроздавиќ | 14 | 3 кл. гимназија | српска |
| 2. Стаменка ќерка на Ристо Наумовиќ | 11 | 1 клас гимназија | „ и бугарска |
| 3. Петар Ѓорѓевиќ | 16 | „ | „ |
| 4. Вангелија Ѓорѓевиќ | 13 | 2 кл. гимн. | „ |
| 5. Вангел Белчиќ | 16 | 1 кл. гимназија | „ |
| 6.Тома Ѓорѓи Неновиќ | 16 | 2 кл. гимназија | „ |
| 7. Марија ќерка на Вангел Костиќ | 14 | 1 кл. гимназија | „ |
| 8. Александар син на Ристо Цветковиќ | 15 | 4 кл. гимназија | „ |

Српските воени и цивилни органи на реокупираната територија настојувале да ја организираат и наставата во одделни села во Битолско, таму каде што постоеле услови за нејзино изведување на српски јазик, со посебен акцент врз изучувањето на српскиот јазик, српската историја и географија. Во однос на конкретното барање на делегатот на Министерството за просвета, Министерството за внатрешни работи требало да упати барање до француските воени органи, кои требало да издадат патна исправа, како врховната власт на реокупираната територија во 1916-1918 година.[954]

По повлекувањето на бугарската војска од вардарскиот дел на Македонија, кон крајот на септември 1918 г., до прогласувањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, на 1 декември 1918 г.,

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. Атанас син на Никола Сотировиќ | 16 | 3 кл. гимназија | „ |
| 10. Елпенина ќерка на Ѓорѓи Трандафиловиќ | 14 | 2 кл. гимназија | „ |
| 11. Антигона ќерка на Ѓорѓи | 16 | 2 кл. гимназија | „ |
| 12. Харитон син на Аврам Петровиќ | 15 | 2 кл. гимназија | „ |
| 13. Видосава ќерка на Цветко Петровиќ | 15 | 2 кл. гимназија | „ |
| 14. Вукосава „ „ | 15 | 1 кл. гимназија | „ |
| 15.Бранко син на Цветко Петровиќ | 14 | 2 кл. гимназија | „ |
| 16. Никола син на Цветко Петровиќ | 13 | 1 кл. гимназија | „ |

-АИНИ-АС МУД..., Начелство округа Битољског бр. 457, 30 јануари 1917 година, Битољ.

954 „Делегатот за просвета на српската влада во бегство бара од Министерството за внатрешни работи патни исправи за определениот учител во селото Кенали (Кременица), Битолско:
Господине Министре за внатрешни работи

Според вашето барање од 18 претх. месец П. бр. 11052, а според овластувањето на Г. Министер за просвета, го одредив за учител во Кенали, Мариовски округ, Г. Павле Гајиќ, учител.

Чест ми е да го молам Г. Министер на Г. Гајиќ да му се издаде патна исправа како би можел да отпатува.“

Во друг извештај, делегатот на Министерството за просвета бара од Министерството за внатрешни работи патни исправи за новопоста-вените учители на реокупираната територија.
„Господине Министре за внатрешни работи

По ваше барање од 18 претх.. П. бр. 11052, а според овластување-то на Г. Министер за просвета ги одредив за учители:
1. Во село Велушина (Битолска околија) г. Дантана Провничевиќ, учител.
2. Во селото Драгош (Битолска околија), г. Бранислав Јовановиќ, учител.“
-Архив на ИНИ - МУД..., Делегат Министарства просвете - Солун, бр. 362 од 17 октомври 1917 год., Солун и бр. 402, 18 октомври 1917 година, Солун.

и српската реокупација, српските власти ги затвориле сите бугарски училишта и се стремеле што побргу да ги обноват сите поранешни српски училишта. До прогласувањето на Кралството на СХС биле основани вкупно 455 српски основни училишта, меѓутоа, сите тие веднаш не можеле да отпочнат со редовна настава поради низа околности: немање учителски кадар, разурнати училишни згради, уништен училишен инвентар и др.

## 2. Црковните прилики

Кон крајот на 915 година, со влегувањето на Бугарија во војната на страната на Централните сили, цела вардарскиот дел на Македонија, дел од источниот егејски дел од Македонија, како и од порано пиринскиот дел на Македонија се нашле под бугарско - германска окупациска власт. На новоокупирната македонска територија Бугарија вовела единствена воена административно - управна област позната како „Македонска воено - инспекциска област“ (МВИО), поделена на 7 округа со седиште во Скопје. Напоредно со ова, во окупираните од Бугарија македонски делови Бугарската егзархија воспоставила одново своја духовна власт во македонските епархии, намесништва, парохии, цркви, манастири и врховно - училишни општини. Српско - патријаршиските црковно - просветни органи и претставници се повлекле пред налетот на бугар-ските војски. Така, српските владици дебарско - велешкиот Варнава Росиќ[955] и преспанско - охридскиот Николај Велимировиќ, навреме се повлекле заедно со српските војски и власти. Најтрагично поминал скопскиот митрополит Викентие Крџиќ затекнат во Скопје при повлекувањето на бугарските војски кои жив го изгореле.

Во спомнативе освоени од Бугарија делови на Македонија во периодот од 1915 до 1918 година, Егзархијата воспоставила повторно своја духовна власт. На катедрата на скопската епархија се вратил поранешниот егзархиски митрополит Неофит.[956] Во таа смисла, таа во Македонија испраќала свои владици, намесници, парохиски свештеници, назначувала претседатели и секретари на црковно - училишните опш-

[955]Љубен Лапе, Една промеморија од 1918 год. на професорот Григорије Хаџи Ташковиќ, „Прилози“, X/1, МАНУ, Одделение за општествени науки, Скопје, 1979, 10.
[956]М-р Драги Костадиновски, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на српската православна црква (1919-1941), (магистерски труд), Скопје, 1991, 27.

тини, при што на нивно место најмногу назначувала свештеници од редовите на македонската емиграција во Бугарија. На таков начин Бугарската православна црква се ставила во служба на окупациската бугарска воена власт во ширењето на бугарскиот јазик во Македонија, во докажувањето дека Македонците се Бугари и дека Македонија е бугарска земја и сл. За таа цел, Егзархијата го ангажирала својот духовен апарат да учествува во асимилацијата и денационализацијата на македонскиот народ, што се состоело во учествување на сите манифестации во Македонија по повод бугарските национални празници или во прикажување на македонските национални и културни празници како бугарски, потоа во отстранувањето на сите споменици кои носат натписи на небугарската култура и тоа не само од црквите и манастирите туку и од гробиштата премачкувајќи ги натписите на црквите и манастирите, на фреските во црквите и во манастирите и слично. Фреските во црквите или подвижните предмети, ги пакувале и ги праќале во Софија. Во тоа најмногу се истакнувал охридскиот митрополит Борис, кој речиси ги опљачкал охридските цркви праќајќи во Бугарија вредни златни и сребрени предмети.[957]

Бугарската влада во своите денационализаторски и асимилаторски настојувања во окупираната Македонија им давала мошне значајно место на Бугарската егзархија и на нејзиниот црковно - административен апарат. Бугарската православна црква (Егзархијата) по своја линија направила целосен план за работа околу уредувањето на црковното прашање во окупираната Македонија, ставајќи се во служба на окупационата воена власт. За ширењето на великобугарската пропаганда таа го користела црковниот амвон, ги задолжувала свештениците да учествуваат во сите манифестации по повод бугарските национални празници, и докрај се грижела за искоренување на остатоците на другите поранешни црковно - национални пропаганди. Покрај тоа, биле

[957]Д-р Славко Димовски, Историја на македонската православна црква, Скопје, 1989, 844.

основани разни бугарски културно - просветни друштва и здруженија со цел да ги искоренат остатоците од поранешните црковно - национални пропаганди, потоа во Македонија биле испраќани познати научници и професори, како што биле: Атанас Иширков, Јордан Иванов, Богдан Филев и други,[958] со цел да ги „пронаоѓаат" и „докажуваат" бугарските корени во Македонија и слично. Свештениците, главно градските, биле ангажирани заедно со учителите да се грижат за националното и рели-гиозното воспитување на македонската младина. Притоа, свештеници-те биле должни да всадуваат љубов и да ги воспитуваат учениците во бугарски дух.[959]

Меѓутоа, едно поради воените услови и второ поради тешката материјална криза во која се нашол македонскиот народ под окупаторската власт (постојаните реквизиции и казнените воени експедиции), бугарските окупациони власти не ги постигнале очекуваните резултати. Тоа го констатирала и бугарската опозиција против политиката на владата на Радославов изјавувајќи дека за новата административна и црковна управа во Македонија се пратени чиновници и свештеници неискусни, непрактични, декласирани и нечесни луѓе кои на самиот почеток внесле зол дух меѓу народот, со што во голем степен го зацрниле престижот на бугарската држава. Притоа, опозицијата изнела бројни факти за злоупотреби на административниот и црковниот апарат во Македонија. И самиот Радославов признал дека управата во „новите земји" не е онаква каква што би требало да биде, но се правдал дека подобрите чиновници одбиваат да одат во Македонија бидејќи не се сигурни за голиот живот. Само „неранимајковците" доброволно одат таму со намера што поскоро да се збогатат по пат на ограбување на тамошното население.[960]

---

[958]М. Йованов и Р. Хаджиева, Свидетелства за българската военно-административна власт въ Македония презъ Балканските войни 1912-1913 година, „Военно исторически сборник", г. 57, кн. II, София, 1988, 83.
[959]Д-р Славко Димовски, Историјата на македонската православна црква..., 845.
[960]На истото место, 845.

Во текот на 1918 година, кога веќе се наѕирал крајот и крахот на војната, особено по пробивањето на Македонскиот фронт, егзархискиот клир предвреме ја напуштил Македонија, понесувајќи со себе што повеќе богатства и ценети културно - историски вредности.[961]

Посебно внимание заслужува повеќестраната окупација на делови од Македонија, како што е воспоставувањето на власта во Битола за време на нејзиното заземање од страна на силите на Антантата т.е. во есента 1916 година. По заземањето на градот, окупаторот извршил реонска поделба на Битола. Во битолските реони биле стационирани воените управи на италијанските, француските, руските и српските воени единици.[962]

За време на Првата светска војна (есента 1915 - есента 1918), Српската влада се наоѓала на островот Крф, а Српскиот штаб во Солун. Генералот Сарај, покрај грчката цивилна и црковна власт, дозволил да се формираат и специјални органи на српската цивилна власт непосредно на територијата на долното течение на Вардар, во Воденско и Леринско т.е. во првата задфронтовска зона. Во Енице Вардар, Бер, Воден, Острово, Сорович и Лерин, Србите создале специјални полициски станици и административни управи обединувани под команда на воените команданти на српските или француските трупи на односното подрачје. Тука биле концентрирани сите претставници на српскиот апарат на власта од вардарскиот дел на Македонија до 1915 година - окружните и околиските началници, општинските претседатели, полициските началници и писари и разни четници и припадници на српската националистичка организација „Народна одбрана", како и претставници на црквата - високиот и нискиот клер. Српската влада од Крф преку своите комесари во Солун, целосно го

[961]Документи за оштетување и грабежите на цркви и манастири на територијата од Македонија во Првата светска војна, извод, превод и коментар на Ѓорѓи Димовски-Цолев и Ѓорѓи Грамосли, Битола, 1985, 63 и 139.
[962]Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на ..., 380.

задржала распоредот и составот на своите бивши органи на власта и во црквата и во вардарскиот дел на Македонија и тие со старата организација и хиерархија останале таму од 1916 до есента 1918 година.[963]

Во тој период, посебна акција спроведувала српската пропаганда под раководство на владата на Крф, српскиот штаб во Солун и владините комесари и полициски служби на теренот. Пропагандата била насочена кон редовите на 6.500 македонски бегалци од вардарскиот дел на Македонија и кон македонското население по селата и градовите од егејскиот дел на Македонија. Биле отворени училишта, хорови, театри и др. културни установи.

Во црквите биле воведувани црковнословенски богослужби и сите стари натписи биле избришани, а пишувани нови на српски јазик. Српскиот Митрополит во 1916 година го ополномоштил велешко - дебарскиот епископ Варнава „да раководи со српската црква на грчка територија".[964] Тој пак имал намера својата канцеларија да ја лоцира во Воден, но безуспешно бидејќи отпор дале грчките црковни власти, па морал да остане во Солун. Истовремено од Атина во Солун пристигнале и протоереите битолски, кавадаречки, охридски, скопски и тетовски кои преку тоа воспоставиле црковна активност.[965]

На крајот на Првата светска војна, есента 1918 година, српските и сојузничките војски повторно го завладеале вардарскиот дел на Македонија. Српската кралска влада, иако морала да работи од надвор (од Крф), никако не го испуштала од вид за неа „животното прашање - црковно приклучување на новите области кон старите области на Србија." Таква задача имало Министерството за просвета и вера, кое прибирало податоци и мислења со цел да помогнат во разрешувањето

[963]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на српската православна црква..., 28.
[964]На истото место, 29.
[965]На истото место, 29.

на ова прашање. Односно, ова Министерство заклучило дека „за правилна, и од државни интереси на Србија, а согласно со поредокот на источно - православната црква, неопходно е, во реокупираните нови области на Србија (Македонија - П.С.) да нема на неа влијание однадвор и тоа по можност да биде единствена и српска црковна управа“.[966] Но, едно значајно прашање застанало пред желбите на српската кралска влада.

Српската кралска влада уште пред Балканските војни преговараше со Цариградската патријаршија и ѝ ветуваше голем материјален надомест (субвенции), доживотни пензии за грчките патријаршиски владици и сл. Меѓутоа, прашањето не се реши поради почетокот на Првата светска војна, па патријаршиската црковна управа остана да управува со македонските епархии. Црковната управа во македонските епархии според канонскиот ред, сè уште била зависна од Цариградската патријаршија, а и владиците и останатото свештенство биле зависни од неа. Епископ во Битола, т.е. патријаршиски митрополит бил Хризостом од грчка народност, кој не само што не бил на српска страна, туку се залагал за оние држави со кои Србија војувала, односно бил на страната на грчкиот крал Константин.

Грчките црковни општини во Скопје и Битола егзистирале и по 1913 година. Српската влада лесно се справила со Хризостом и неговиот ѓакон во Битола и го отстранила од катедрата, па настојувала „тие да не се вратат во Битола, ниту пак да се примат нивни заменици, барем до воспоставувањето на нормални прилики во овие области“. Така, единствен духовен старешина со епископски чин владика останал Србинот Варнава Росиќ, бидејќи митрополитот Викентие Крциќ бил убиен, а грчките владици протерани од Македонија. Ситуацијата му дозволувала на епископот велешко - дебарски Варнава да ја приграби целата црковна управа и „да управува со ослободените епархии во

[966]На истото место, 29.

новите области“, со што црковната управа во македонските епархии правно потпаднала под јурисдикција на Цариградската патријаршија, а со дадената власт од страна на српската кралска влада и белградскиот митрополит на велешко - дебарскиот епископ Варнава фактички била српска.

На крајот на 1918 година, Варнава преминал во Битола од каде раководел со црковната управа во вардарскиот дел на Македонија. Како српската кралска влада, така и епископот Варнава бил заинтересиран за што поскоро „приклучување на македонските епархии кон српската белградска митрополија“, па затоа ги следел настаните во врска со Цариградската патријаршија и за тоа го известувал Министерот за просвета и вера кој по редот на патријаршиското управување со македонските епархии, во меѓувреме бил модифициран од страна на српската држава со тоа што биле „востановени Духовни судови (во Битола, Скопје и Призрен) и поставени Окружни протереи од страна на државната власт во околиите јужно од поранешниот Новопазарски санџак“. Како архиерејот, така и протереите работеле согласно со српската државна управа, а Духовните судови работеле согласно со „Уредбата“ за работа според „Законот за црковните власти“. Така била воспоставена и управа на правсолавната црква во „новите области“ вистински и воглавно единствена и српска. Органите управувале со неа согласно со Упатството на Министерството за просвета и вера, применувајќи ја привремената „Уредба“.[967]

[967]За ова види и кај: Миодраг Периќ, Историско- правните аспекти на односите помеѓу српската и македонската црква и македонската православна црква, Скопје, 1998.

-Јован Белчевски, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1985.

-Доне Илиевски, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972 година.

-Димевски Славко, Црковната историја на македонскиот народ, Скопје, 1965.

# ГЛАВА VII

# ПРОБИВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

## 1. Пробивот на Македонскиот фронт и воспоставувањето на разделните граници во Македонија, а со тоа и на Битолскиот регион од 1918 година

Кон самиот крај на 1915 година, демаркационата линија од Охрид до Орфанскиот Залив на грчко - српската граница (според Букурешкиот мир) на македонска територија и понатаму на бугарско - грчката граница (пак според Букурешкиот мир) по долината на р. Места до Егејското Море, се создал Македонскиот таканаречен Солунски фронт.[968] На растојание од 350 км$^2$ јужно од фронтовската линија биле распоредени силите на Антантата:[969] француски, британски, српски, подоцна руски, грчки и италијански војници.[970] Северно од фронтовската линија биле распоредени бугарско - германските и австро - унгарските војници. Со концентрацијата на голем број воени единици во Македонија од двете страни на фронтовската линија се нашле многубројни воени сили кои, кон средината на 1918 година, изнесувале над 1.200.000 војници. Така, на македонско тло се нашле огромен број луѓе кои, секако, на директен или индиректен начин биле товар на македонскиот народ.

Единиците на Антантата (француските и англиските) за прв пат

[968]Види поопширно: Миливоје Алимпиќ, Солунски фронт, Београд, 1967, 508.
[969]Создавањето на Македонскиот фронт всушност започнало уште во пролетта 1915 година, кога извесни делови од трупите на француските и англиските војски, по неуспешната, тн. Дарданелска експедиција од Галеполскиот Полуостров биле пренесени и дебаркирани во Солун.
-Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Првата светска војна..., 302.
[970]История Первой миравой войны, том 2, Москва, 1975, 219.

на Македонскиот фронт стапиле во дејство во октомври 1915 година, кога бугарските војски навлегле во вардарскиот дел на Македонија, а српските војски принудени да се повлечат. Така, обидот на силите на Антантата да ги запрат бугарските војски, а да им помогнат на српските војски во вардарскиот дел на Македонија завршил со неуспех. Дури тие биле принудени да се повлечат во своите бази во Солун.

Во пролетта на 1916 година зајакнати со освежените српски војници, доведени од Крф во Солун, како и со помали италијански и руски единици ги зазеле териториите од јужната страна на фронтовската линија во Македонија под Грција. Истовремено од северната страна на фронтот се расположиле бугарските, германските, австро - унгарските и извесни мали турски единици.[971] Така бил создаден Македонскиот фронт.

Фронтовската линија останала непроменета до мај 1916 година кога започнале жестоките битки за пробив на фронтовската линија од двете завојувани страни. До промена на фронтовската линија дошло во мај 1916 година, кога бугарската војска во содејство на германските и австро - унгарските сојузници ја зазеле Рупелиската Теснина, а потоа ги окупирале градовите Серес, Драма и Кавала и излегле на Егејското Море. При овие воени операции, грчката војска не дала поголем отпор.[972]

Друга поважна промена на Македонскиот фронт во 1916 година станала на Битолскиот сектор од Кожуф до Преспанско Езеро.

Во август 1916 година германско - бугарската команда презела нова офанзива на фронтовските линии, овој пат во Југозападна Македонија. Откако ги разбиле силите на Антантата на просторот

---

[971]Историја на македонскиот народ, кн. 2, Скопје, 19169, 391.
[972]На истото место, 192.
-Д-р Александар Трајановски, Македонија и меѓународните односи на Балканот 1914-1918, Гласник 38, 1-2, 1944, 53.
-Всемирная история, том 7. Москва, 1960, 535.
-Станвеъ Н., Найнова история на България 1912-1920, кн. II, София, 1925, 302.

Добро Поле, Баница и Лерин, единиците на Централните сили продреле до Костур, освојувајќи повеќе села со градот Лерин. Така била воспоставена нова фронтовска линија од Костур до Чегренската Планина и до Мало Ниџе.[973] Тоа не се одразило конкретно врз положбата на Солунскиот фронт. Потоа оружјето на фронтот повторно молкна. Меѓутоа, таа тишина не ветуваше ништо добро ниту војниците ниту за македонското население што се најде меѓу два огна.

Веќе во септември 1916 година француско - српските зајакнати и прегрупирани единици презеле контраофанзива и по жестоки борби успеале да ги потиснат бугарско - германските трупи назад до почетните позиции на Кајмакчалан. По овој успех, француско - српските единици го искористиле за своја нова офанзива од новосоздадените позиции (по освојувањето на Кајмакчалан) кај Кајмакчалан и во текот на двомесечни мошне жестоки борби на завојот на реката Црна и во правецот на Битола, успеале да ја разбијат бугарско - германската одбрана и на 19 ноември 1916 година ја зазеле Битола. По осовјувањето на Битола, сојузничките сили ги принудиле бугарско - германските единици да се повлечат по височините на Пелистер и на северозапад од Битола. Со тоа фронтовската линија се поместила понасевер од Битола. Оваа промена била фактички и последната промена во 1916 година, на него завладеало позиционо војување.[974]

---

-Георги Марков, Голямата война и българският ключ за европейския погреб 1914-1916, София, 242-245.

[973]Алимпиќ Миливоје, Солунски фронт..., 146-160.

-Георги Марков, цит. дело, 264-270.

-Станевъ Н., Нова България, София, 1942, 418.

-Народна енциклопедија српско-хрватска-словенска, Станоје Станојевиќ, кнь. IV, Загреб, 1929, 89.

[974]Алимпиќ Миливоје, цит. дело, 167-236.

-Тасевъ Петъръ, На Битолския фронт съ 6-та пехотна бдинска дивизия въ свътовната война 1915-1918, София, 34-37.

-Петар Опачиќ, Солунска офанзива 1918, Београд, 1918, 20-21.

-Станевъ Н., цит. дело: Нова България.., 420.

-Ганчевъ Александар, Войнитъ презъ третото българско царство, София, без год., 414-416.

-Велс, Џ. Х., Историја света, Београд, 689.

-Kolak S. Vasa, Solunski front, Novi Sad, 1957, 15.

-Всемирная история, том VII, 535.

-Историја на македонскиот народ, кн. II..., 392-393.

При оваа воена операција, силите на Антантата дале 47.000 жртви, од кои 27.337 српски, 13.786 француски, 4.580 британски, 1.116 руски и извесен број италијански војници.[975] Во оваа прилика треба да истакнеме дека тука имало и доста македонски жртви. Да споменеме дека во составот на српските „доброволечки" одреди имало голем број македонски регрути. Така, само во четата на српскиот четнички војвода Јован Бабунски (од македонско потекло) се наоѓале 1.700 луѓе од македонско потекло. Покрај тоа, воопшто не е потребно да апострофираме дека имало доста жртви од цивилното македонско население.

Фронтовската линија во текот на целата 1917 и 1918 година се протегала од утоката на реката Струма во Егејското Море, па продолжувала по западниот брег на езерото Бутково, јужните огранци на планината Беласица на Дојранското Езеро, одовде, воглавно, преку планинскиот гребен на српско - грчката граница, држејќи ги и јужно истакнатите положаи, заклучно сѐ до Сокол (к. 1388), одовде оди на север, оставајќи ги источно селата Старавина и Зович, каде преминува преку Црна Река, потоа оди кон Дабица к. 1050 (источно од селото Паралово) кон Добромири, Карамани, Раштани, к. 1248 (северозападно од Битола), Црвена стена и помеѓу селата Крани и Сливница излегува на Преспанското Езеро, потоа на линијата Отешево - Томорош - Св. Наум помеѓу Преспанското и Охридското Езеро, и понатаму преку Албанија до Јадранското Море.[976]

На крајот на 1916 година и во текот на 1917 и 1918 година, воопшто, се воделе позициони борби на фронтовската линија, без некои големи територијални промени. Меѓутоа, во текот на 1917 и 1918 година, силите на Антантата започнале позасилена офанзива со цел конечно да го пробијат фронтот.

---

[975]История Первой мировой войны, том 2, 219.
[976]Ѓенерал Петар Пешиќ, Солунски фронт, Београд, 1921, 34.

Во пролетта на 1917 година до месец мај беа водени чисти битки во непосредна близина на Битола, на Пелистер, каде што прочуената Црвена стена преминувала во рацете на едните нерпијатели па во рацете на другите непријатели. Од 12 до 14 март таа беше неколку пати заземена и отстапена.[977]

Во текот на април и мај 1917 година, борбите во Битолско продолжија, а продолжија и непосредно околу Битола. Особено тешки и крвави битки станаа во близината на селото Снегово, а и во близината на стратегиската точка Кира Марица на Облаковскиот рид.[978]

Тоа било уште позначително кога грчката војска конечно се ставила на страната на Антантата и кога САД во април 1917 влегле во војната против Централните сили. Планот за општа офанзива, којшто го изработил францускиот генерал Гијом, го заменил генералот Сарај, а подоцна и Гијом сменет со генералот Франше д'Еспер, предвидува во Македонија да се дејствува на три оперциони подрачја и тоа: 1. Во Источна Македонија и во Тракиско по долината на р. Струма кон Серес и Демир Хисар сѐ до Орфанскиот Залив; 2. По долината на р. Вардар во правец на Велес и Скопје и 3. Од Битолско во правец на Прилеп и Велес.[979]

Пред конечниот напад на 14 септември 1918 година, силите на Антантата располагале со 667.000[980] односно 670.000 војници и 2.070 орудија.[981] Силите на Антантата располагале со 29 дивизии од кои 8 француски со 180.000 војници; 4 британски со 120.000 војници; 6 српски со 150.000 војници; 1 италијанска со 42.000 војници и 10 грчки со 130.000 војници. Овој мошне голем воен потенцијал на фронтот се протегал на растојание од 450км$^2$. Во близината на фронтовската линија во

[977]История Югославии, I, Москва, 1963, 675.
[978]Рајс, А. Р., Шта сам видео и преживео у великим данима, Београд, 1935, 62.
[979]Д-р Александар Трајановски, цит. дело, 54.
[980]История Первой мировой войны, том 2, 512.
[981]Д-р Александар Трајановски, цит. дело, 54.
-Историја на македонскиот народ, кн. 2, 398.
-Д-р Душко Константинов, Првата светска војна, Прилози, бр. 2, 1969, 51-66.

егејскиот дел на Македонија биле создадени повеќе воени магацини, бункери, пунктови за храна, облека, муниција, оружје и др.

На спротивната страна од фронтовската линија, исто така, се правеле последните подготовки за конечен успех на војната. На македонската територија биле сконцентрирани околу 400.000 бугарско - германски војници со околу 1.138 орудија.[982] Во Албанија се наоѓале австро - унгарски војници така што военниот потенцијал на Централните сили располагал со јачина од 600.000 војници.

Рано наутро на 14 септември 1918 година, започнала силна офанзива на силите на Антантата. Откако на неколку места тешко биле поразени војските на Централните сили, бугарската војска се дала во бегство. Веќе на 19 септември 1918 година силите на Антантата навлегле во Скопје. Француската коњичка бригада со генералот Гамбете настапувала од Битола и Прилеп гонејќи ја германската коњица.

Отстапувањето на XI германска армија е интересно. Додека еден дел од неа се држи упорно северозападно од Битола, на котата 1248 и Пелистер, за што немала никакви причини, додека останатите делови по ешалони нагло отстапуваат во правец Битола - Прилеп - Велес и Битола - Демир Хисар - Кичево.

Француската војска (битолска група): додека коњичката бригада на Гамбет го освојува Прилеп и напредува кон Бабуна, 22 колонијална дивизија влегува со коњицата во Прилеп и ја фаќа врската со првата српска армија.

Еден дел од француските сили појачан со една грчка дивизија го гони непријателот кој отстапува во правец: Прилеп - Крушево - и Прилеп - Брод. На патот Битола - Прилеп била 76 дивизија.

---

[982]История Первой мировой воины, том 2, 512.

Една колона на германската армија (генерал Флок) отстапува во правецот Битола - Демир Хисар - Кичево.[983]

На 23 септември 1918 година француските и српските трупи влегле во Прилеп, кој бил заземен речиси без борба. На 27 септември на сличен начин бил заземен и Велес, а на 29 и Скопје.[984] На 29 септември 1918 година во Солун, Бугарија го потпишала примирјето кое ги диктирале победниците. Според мирот, меѓу другото, Бугарија била должна да ја напушти Македонија, задржувајќи ја Струмица и пиринскиот дел на Македонија.

Така, со победата на силите на Антантата, при крајот на септември 1918 година, Македонскиот фронт бил ликвидиран. Во вардарскиот и егејскиот дел, а со тоа и во Битолскиот регион повторно станале господари српските и грчките војски и власти и нивните англо - француски протектори.

Започнало ново поглавје во историјата на македонскиот народ. За македонскиот народ започна нова трагедија. Големите сили на Версајската мировна конференција во 1919 година била потврдена делбата на Македонија меѓу трите балкански држави Србија, Грција и Бугарија. Вардарскиот дел на Македонија, а со тоа и Битола со својата околија влегоа во составот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

[983]Ѓенерал Петар Пешиќ, цит. дело, 42-43.
[984]Јелиниќ Ѓурѓе, Нова Србија и Југославија, Београд, 1923, 374.

# ТРЕТ ДЕЛ

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ЗА БИТОЛСКИОТ РЕГИОН

# ГЛАВА I

# БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ВОЈНАТА ДО ПОТПИШУВАЊЕТО НА МИРОВНИТЕ ДОГОВОРИ

## 1. Битолскиот регион по Првата светска војна

### а) Париската мировна конференција и поделбата на Македонија

Во текот на 1918 година македонското прашање повторно станало актуелно на меѓународен план. Уште со подготовките на Париската мировна конференција, никогаш незгаснатите апетити за приграбување на Македонија, станале поинтензивни и поалчни.

И југословенската и грчката делегација на Конференцијата се произнеле со слични гледишта, сметајќи дека за македонското прашање не треба ниту да се дискутира, што сепак не се случило.

Македонските емигранти во Бугарија, Швајцарија и други земји на Европа и Америка, залагајќи се за осамостојување на Македонија, ги придобиле симпатиите на светската јавност, а македонското прашање останало отворено сѐ до потпишувањето на договор со Бугарија на 27 ноември 1919 година.

За актуелноста на македонското прашање придонесувале неколку фактори т.е. настојувањата на Бугарија да ги заштити своите територијални аспирации кон Македонија, противречните интереси помеѓу самите сили на Антантата, како нестабилните внатрешни прилики во Кралството СХС кое во тој период се соочувало со револуционерни превирања. Тоа било основна причина за одолговлекување на признавањето на новата заедница до мај т.е. до заклучувањето на Версајскиот договор на 28 јуни 1919 година.

Всушност, со потпишувањето на Версајскиот договор, на Мировната конференција во Париз се актуелизирало и Македонското прашање со самото покренување на иницијативата за изработка на мировен договор со Бугарија. Тогаш за прв пат директно се засегнале интересите и правата на македонскиот народ, бидејќи претходно заложбите и ангажирањата во правец на нивно подигнување на ниво на меѓународната јавност доаѓале само од страна на активната македонска емиграција, која преку дејноста на Пол Христов и Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија, живо се заложила за автономна Македонија под заштита на големите сили.

Првата светска војна, која заврши со Парискиот мировен договор (28 јуни 1919 година) на големите империјалистички сили, доведе до прекројување на картата на Европа и до нова вештачка поделба на Македонија меѓу трите балкански држави Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Грција и Бугарија. Со Парискиот мировен договор направена е единствена корекција на Букурешкиот мир од 1913 година на секторот Струмица. Овој град заедно со неговата околија (околу 60.000 жители) ѝ беше одземен на Бугарија и приклучен кон новосоздаденото Кралство СХС. Со оваа корекција не сметајќи ги незначителните исправки на границата[985] со Албанија на делот на Дебар и манастирот Св. Наум, Македонија се најде во следната положба.[986]

На Грција ѝ припадна најголем дел, 35.169 км$^2$, на Кралството

---

[985]Нашата граница (читај: границата на Кралството СХС - П.С.) спрема Грција од политички причини, не се менува, но често војничките потреби бараат императивно да се направи. Затоа сегашната граница е многу незгодна во стратегиски поглед за нас особено ова се однесува на границата јужно од Битола, која засега е поставена повеќе во корист на Грција, а за нас во војнички поглед не ни одговара. Од овие чисто стратегиски причини треба нашата граница да се исправи, така да таа би требало да оди по планинскиот синџир помеѓу Охридското Езеро и езерото Малик; помеѓу Мала Преспа и Малик Езеро; помеѓу Биклишта и Песодори и понатаму Горничево-Кајмакчалан, па до досегашната српско-грчка граница. Ова е единствената природна граница, а нашето барање се заснова на чисто стратегиски причини, прифаќајќи сѐ друго.

-Архив Србије - Записници седнице Министарског савета Србије 1915-1918, Београд, 1976 год. приредили: Драгослав Јанковиќ и Богумил Храбак, 324 - 325.

[986]Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење, кн. I, Скопје, 1977, 11.

СХС 25.774 $км^2$ и на Бугарија 6.798 $км^2$.

Така на тој начин, целината на Македонија, во своите географски и етнографски граници на површина од 67.741 $км^2$ во целост беше разбиена.[987] Со тоа беше разбиена и нејзината национална и економска компактност и оневозможен нормалниот демографски, општествен, економски и национален развој на македонскиот народ.

Вардарскиот дел на Македонија во составот на Кралството на СХС како што погоре наведовме опфаќаше 25.713 $км^2$, т.е. приближно една десетина од вкупната територија на тогашна Југославија. На тоа пространство (вардарскиот дел на Македонија) според резултатите од пописот на населението во Кралството СХС во 1921 година - живееја тогаш 728.286 жители. Се гледа дека територијата на вардарскиот дел на Македонија покажува релативно слаба населеност. Проретчувањето на населението во вардарскиот дел на Македонија настана како последица на големите емиграции особено во текот на Балканските и Првата светска војна.

## б) Вештачки поставената граница и периферната позиција на Битолскиот регион во Кралството СХС

По завршувањето на Првата светска војна, Битола и Битолско се најдоа во составот на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците (СХС), во кое Македонците не беа признати како посебен народ, туку беа прогласени за Срби односно „Јужно Србијанци“.

Како ретко кој друг Регион на Балканот па и пошироко, територијата на Битолскиот Регион, во релативно кусиот временски интервал од 1912 до 1918 година, беше скоро постојано поприште на жестоки судири на бројни и разнородни војски. Голем број од

[987]На истото место.

населението изгина на боиштата, за време на војната заминаа многу турски семејства, илјадници Македонци одеа во соседните или подалечните земји.

За време на Првата светска војна, не само што до крајни граници е експлоатирано националното богатство на македонскиот народ, туку од жестоките и чести бомбардирања тоа е и уништувано. На свој грб тоа жестоко ќе го почувствува не само грдаот Битола, туку и сите села меѓу Битола и Лерин и многу од нив за секогаш исчезнале.

На тој начин, воените опустошувања на територијата на Македонија, а особено на Битолскиот регион, и без нејзината физичка економска и национална поделба, го нарушија нормалниот општествено-политички развој на Регионот, а достигнатиот степен го вратија со десетина години наназад. Тие ја разбија економската и политичката целина на Битолскиот регион, нанесувајќи и со тоа уште покатастрофален удар. Нарушени се природните текови на Битолското стопанство, неговата внатрешна поврзанотс, а со тоа чувствително ограничени и можностите за побрзо лечење на раните од војната.

Со вештачки поставената државна граница спрема Грција, на само 14 км, Битола во новата држава од град центар станува периферен. Битола е отсечена со 2/3 од оние краишта кои порано формираа природна заднина на стопанско влијание на Битола. Биле пресечени изворите на суровини како и на потрошувачките центри Леринскиот, Костурскиот и Воденскиот крај ги зела Грција и Корча и Елбасан, минаа во пределите на албанската држава.

Во вардарскиот дел на Македонија градот Скопје почнува да се развива како нов административно-стопанско-економски центар, истиснувајќи ја Битола, која бидејќи стана пограничен и периферен град, ја изгуби својата поранешна непосредна врска со Солун. Војните од 1912-1913 година и од 1914-1918, извршија промени и во структурата на населението во вардарскиот дел на Македонија, а особено во

Битолскиот регион. Голем број Турци се иселија во Турција, како своја матична земја.

Градот Битола, од моќен економски, политички и културен центар, со големо економско подрачје, по поделбата стана пограничен, периферен, провинциски град.

Од некогашната убавица Битола, градот на конзулите, останаа пепелишта и урнатини. Населението беше повеќе од преполовено. Така од 48.370 во 1910 година, по војната според пописот од 1921 година Битола имала 28.470 жители, скоро половина население го снемало за десетина години.[988]

Битолскиот регион во административно-територијална поделба влегуваше во Битолскиот оркуг со седиште во Битола. Битолскиот округ[989] бил поделен на околии и тоа: Битолска, Мариовска, Прилепска и Крушевска. Околиите биле поделени на општини.

---

[988]Д-р Владимир Точковски, Основни географски особености и движења на населението во Битола и Битолско, Зборник „Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско", Битола, 1981, 32.

[989]Вардарскиот дел од Македонија бил поделен на 7 окрузи: Битолски, Брегалнички, Кумановски, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки.

## 2. Преземање на мерки на српските власти за воспоставување ред и мир непосредно по војната

Заедничката југословенска држава била создадена од земји, кои дотогаш живееле под разни економски, политички и културни прилики. Поради ваквите прилики и општествените сили што се нашле во заедничката нова држава биле различни, не само по национално обележје, туку и по степенот на економската развиеност и политичка зрелост. Новосоздадената југословенска држава претставувала еден конгломерат, како во национален, така и во социјален поглед. Ако се надополнат овие податоци со постоењето на верски разлики, како и влијанието на разни странски држави, тогаш сликата станува поцелосна и појасна.

Новосоздадената држава го прифатила стариот државен апарат, кој во Србија, Црна Гора и Македонија му служел на окупаторот, а во останатите краишта на обединетата држава, оној што им служел на Хабзбуршката династија и на владеачките класи на Австрија и Унгарија. Така, во земјата биле преземени и оние луѓе, кои отворено служеле на националниот непријател, како шпиони, денунцианти, провокатори и џелати. Овие луѓе владата на Кралството на СХС ги фаворизирала за ревносното продолжување на службата, малтретирајќи и прогонувајќи ги оние луѓе, кои биле и порано прогонувани. И покрај протестите против тие луѓе, властите не преземале против нив никакви мерки, бидејќи режимот токму во тие луѓе наоѓал свои послушни слуги во борбата против напредните движења во земјата.[990]

[990]Julijana Vrčinac, Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca od ujedinjenja do Vidovdanskog procesa, „Rad", Beograd, 1956, 54-55.

Кралството на СХС, претставувало држава со многу различно законодавство. На територијата на потесна Србија важеле едни закони а во Македонија специјални уредби. Првите мерки на буржоаската влада ја регулирале положбата и задоволувањето на воено-полицискиот и бирократскиот апарат, како столбови на кои се потпирало Кралството на СХС. Со цел да се уништат покраинските автономии, владата на Стојан Протиќ донеал Уредба за единствена војска, џандармерија и чиновништво, создавајќи единствени столбови на власта во цела земја.[991]

Српската буржоазија, со обновувањето на својата власт, го обновува и режимот на специјалната Уредба од 1913 година. Оваа Уредба за прв пат била воведена во вардарскиот дел на Македонија по потпишувањето на Букурешкиот мир во 1913 година, а обновена во 1918 и важела до 16 август 1919 година, кога била укината и проширен Уставот на Кралството Србија од 1903 година и над Македонија. Воведувањето на оваа Уредба значело дека управата ќе се разликувала во првите години од управата во старите граници на Српското Кралство. Подоцна, оваа уредба била формулирана и објавена како „Уредба за обединување на општествената безбедност во завојуваните земји", а тоа значело озаконување на режимот на воена диктатура во вардарскиот дел на Македонија. Според одредбите содржани во членовите на „Уредбата..." биле „озаконети" т.е. обновени низа средновековни полициски методи за реализацијата на јавната и општествената безбедност, а која требала да го овозможи и олесни националното угнетување што го „спроведувала српската буржоазија служејќи се со војската и државниот апарат".[992] „Уредбата..." всушност ја легализирала големосрпската буржоаска полициско-воена диктатура преку која се спроведувале најригорозни мерки за спречување на

[991]На истото место, 54-55; Julijana Vrčinac, Naša najnovija istorija (1919-1945), Beograd, 1966, 8.
[992]Dušan Lukač, Radnički pokret u Jugoslaviji i nacionalno pitanje 1918-1941, Beograd, 1972, 18; -Иван Катарџиев, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје, 1961, 13, 23.

прогресивниот развиток на општествените сили во вардарскиот дел на Македонија, како и во целото Кралство СХС, со крајна цел: големосрпската буржоазија да си го обезбеди својот класен, капиталистички систем на владеење и држење во потчинетост на македонскиот народ, а и на останатите југословенски народи. Со Уредбата биле укинати политичките и човечките права, народот се предавал на милост и немилост, Македонците биле подложени на казни, робија, стрелање и им се забранувала секаква општествено-политичка активност, која не била одобрена од полициските власти. Со Уредбата се предвидувала казна до 20 години робија за обид за создадавање на антивладини организации, а за лицата што би ги поттикнувале работниците на штрајк или откажување од работа до 2 години темничен затвор.[993]

Несигурната положба на буржоазијата, поради општото незадоволство и стравот од движењето на работниците и селаните, доведувало до зголемување бројки на воениот и џандармериски апарат. Меѓу првите одлуки на Министерскиот совет, во јануари 1919 година, била донесена одлуката за реорганизација на џандармеријата и нејзиното бројно зголемување на 10.000 луѓе. Истовремено им биле зголемени принадлежностите  им било обезбедено снабдувањето.[994] Конкретно, во вардарскиот дел на Македонија улогата на војската, а посебно на џандармеријата, во овој период добила првостепена важност и значење, воглавно се сведувала „во спроведувањето на политиката за денационализација и асимилација на македонскиот народ, како и воопшто чување на интересите на владеачката класа.[995]

[993]Историја на македонскиот народ, кн. 3, Скопје, 1969, 11.
[994]Julijana Vrčinac, Kraljevina SHS..., 54-55.
[995]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1966, 71.

Во врска со нормализирањето на општествениот живот во рамките на Битолскиот округ,[996] режимските воени и полициски власти, во текот на септември 1918 година, преземале енергични мерки во поглед на воспоставувањето на бесбедноста. Особено, дека било „нужно“ на началството од округот да му се испрати уште повеќе полициски персонал, а особено што повеќе да се засили џандармерискиот одред со додавање на нови џандармерии од пешаци и коњаници.[997] На ова барање, министерството за внатрешни работи одговорило дека за Битолскиот округ и понатаму се собираат жиновници и џандари од војската, барајќи со строга наредба: додека не стигнат потврдените чиновници за секоја околија на истиот округ, пристигнатите да бидат испратени привремено во ослободените околии. Поточно, кога ќе се исполнел доволниот број, тие да бидат испратени таму, каде било „најпотребно“.[998]

Уште на првиот ден по завршувањето на војната, кога се случило Битола да остане без потребен број на џандари за одржувањто на јавната безбедност, два српски и еден француски војник извршиле разбојништво над еден муслиман кого тешко го повредиле.[999] Поради овој и слични настани, инспекторот Ќирковиќ побарал од министерот за внатрешни работи на Кралството СХС, да му се испрати нов број на џандари поради веќе загрозениот јавен поредок во округот. Во одговор

[996]Во текот на Првата светска војна, под бугарска окупација, во округот влегувале следните околии: Битолска, Кичевска, Крушевска, Пилепска и Ресенска со 77 општини, 398 села, 5 заселци, 2 града и 3 паланки со 232.644 жители. (Петар Стојанов, ц. д. 347); По војната, истиот округ кога влегол во состав на Кралството СХС, во поглед на административната поделба ги претрпил следните промени: во него влегле како нови околии, Мариовската и Преспанската, излегле Кичевската и Ресенската. (Статистички преглед избора народних посланика за Уставотворну општину 28.11.1920, книгата не е патинирана).

[997]Архив на Македонија, фонд: Министарство унутрашњих послова, фасц. 150, јед. 568. Шифра из Солуна, 10-11.9.1918, Министарству унутрашњих послова- Крф, Бр. 7124, 12.9.1918.

[998]АМ, фонд: МУД, фасц. 150, Ј. 568, Краљевина Србија, Министарство унутрашњих дела, Полициско оделење, бр. 7124, 12.9.1918, Крф; АЈ, МУП, ф. 150, ј. 568, образложение на заменикот на министерот за внатрешни работи од 14.9.1918 во Крф, имено, дека: „Што има слободни џандари или војници, тие се наоѓаат кај начелството на округот Битолски па и таму се малку и окружниот начелник бара итно зголемување.“

[999]АМ, фонд: МУП, фасц. 150, јед. 567, Шифра из Битоља, 7.2.1919. Извештај на инспекторот Ќирковиќ до министерот за внатрешни работи.

на министерот следувало потребно образложение, дека му испратиле нов, дополнителен број џандари, со изрична забелешка и препоарка, додека не стигнат нови засилувања да ги користи тие што му се наоѓаат во околината на градот кои ги имал на располагање, а ги имал „од сите окрузи највише"[1000]. Големосрпската буржоазија од овој регион, и покрај засилувањето на својата класна будност поради несигурните прилики кои земале сè повеќе нерегулиран замав, доаѓала до отворен судир на своите основни противречности на владеење, како на пр.: да се впушта во „расправии" за неисплатени месечни пари од хранарината на џандарите во округот.[1001]

Поради неповолната политичка ситуација во Битолскиот округ предизвикало повторно зголемување на бројот на џандарите во рамките на Битолскиот округ. Бројната состојба на 2 џандармериска бригада на 14 септември 1919 година, изнесувала вкупно: на број 396 лица, составена од офицери, коњаници и пешаци.[1002] Два месеца подоцна, оваа состојба била изменета, односно бројот на џандармеријата се зголемил на 423 лица.[1003]

Во сите служби од просветата, во административниот апарат и секаде каде што се примаше плата беа назначувани чиновници од другите краишта на државата, а пак Македонците (во колку заземаа некоја државна служба) беа праќани во најразлични места на земјата. Приврзаникот на режимот во стара Југославија Растко Пуриќ, за малиот број службеници во администрацијата од македонско потекло смета дека е причина недоволната образованост и неспособноста на

[1000]На истото место, Одговор на министерот за внатрешни работи до началникот на округот Битољски, пов. н. 669, 18.2.1919.

[1001]На истото место, Шифра из Битоља, Министру унутрашњих дела, 12.4.1919.

[1002]На истото место, Бројни преглед људства и стоке 2 жандармериске бригаде на дан 14 септембра 1919 године састављен према нареѓ. Команданта целоку. жандарм. Пов. Бр. 2768 од 18.7.1919, 2 жандармериска бригада, Но. 9805, 14.9.1919, Скопље.

[1003]На истото место, Бројно стање 1 батаљона 2 жандармериске бригаде на дан 14.11.1919, Команда целокупне жандармерије, Бр. Службено, 11.12.1919, Београд, фонд, ТАО, АИНИ, к. 35/3, Извештај од командата на 1 батаљон од 2 жандармериска бригада за распоредот на четите на територијата на Третата армиска област на ден 30.10.1919, К. пов. бр. 625 од 2.11.1919, Скопје.

Македонецот да врши најразлични државни функции почнувајќи од полициската служба па нагоре.[1004]

Со Јужна Србија нема кој да управува, треба да се види какво е нашето чиновништво таму, треба да се испита кој ја претставува нашата власт, големд ел од тамошното наше чиновништво ја срамоти оваа земја, во очите на тој народ кој со векови воздивнувал за ослободување од турската корупција, и со нетрпение очекувал да завладее европски ред во тие измачени краеви.[1005]

Чиновничкиот апарат, со ретки исклучоци беше корумпиран и служеше на интересите на партиите кои беа на власт и ја користеше создадената ситуација на лично обогатување. Сите командни позиции на власта во Македонија ги држеле послушниците на владеачката буржоазија и на монархијата, кои најгрубо ги газеле волјата и интересите на македонскиот народ. Во политичкиот живот на Македонија веднаш стапиле српските граѓански партии - Радикалната и Демократската. Немајќи врски со народните маси, тие барале подршка од корупмираните и кариеристички елементи во Македонија, кои по своите цели не се разликувале од српската власт.

Народот во Македонија по повеќе годишното измачување за време на војната, за време на разните иселувања, интернации, апсења, реквизиции, присилна работа, ја осознал својата иднина односно го осознал и патот на својата борба.

Штотуку прибраните војници по своите домови, со надеж дека ќе можат да заживејат еден помирен и посигурен живот не им се реализира затоа што повторно биле мобилизирани. Помеѓу мобилизираните имало и луѓе што служеле војска од 1914 до 1918 година. Војната го опустошила стопанството, а населението го

---

[1004]Ратко Пуриќ, Наличија, Скопје, 1934, 23-24. Цитирано од д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македоинја..., 81.

[1005]Д. Аранѓеловиќ, Чиновништво и официри у Јужној Србији „Нов живот", књ. V, Београд, 1912, 33-34; цитирано од м-р Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско (1919-1941), Битола, 1992, 145.

осиромашила. Затоа се јавила и антивоена расположба. Протестот против актот на мобилизација бил и под влијание на настаните по победоносната Отомвриска револуција во Русија.

Антивоеното реагирање се манифестирало различно. Некои се обидувале да се одметнат в шума, други оделе на печалба или се бунтувале. Близината на албанската и грчката граница им овозможувало на поединци да се префрлат во соседните држави и оттаму да заминат кај свои познати и роднини во други држави. Добар дел селани од албанската народност и влашката етничка група ја преминале границата на Грција и Албанија.

Мобилизацијата предизвикала и политичка акција во Битола и селата. По селата сѐ почесто оделе агитатори што агитирале против одењето во војска. Со регрутацијата власта сакала да ја извлече младината од вклучување во виорот на политичките настани; да внесе страв кај населението и поголема почит кон новата власт.

За корумпираните службеници на новата власт регрутацијата претставувала извор за богатење и грабеж. Службениците им се заканувале на побогатите селани а посебно на повратниците-печалбари дека ќе ги земат војска ако не им дадат пари. Некои членови од регрутните комисии за злато многу лесно се согласувале да ослободуваат лица што подлежеле на мобилизација односно регрутирање. Оние што имале да платат се ослободувале, а другите пак што не можеле тоа да го направат морале да се јавуваат во собoрните пунктови. Тоа кај населението уште повеќе предизвикувало револт.

На 3 декември 1919 година на Ат-пазар во Битола се насобрала маса народ. Насобраната маса од Ат-пазар се упатила кон касарните, движејќи се по главната улица Широк сокак.

Населението од подрачјето се собирало пред влезот на Битола во месноста Довлеџик, а оттаму по рекичката Курделес се упатила кон

касарните каде што со демонстрантите од Битола се слиле во една маса. Се извикувале разни антивоени и антидржавни пароли: „долу оружјето“, „не сакаме оружје“, „не сакаме да одиме војска“ и други слични на нив. Од касарната насобраната маса се упатила кон зградата на општинската управа покрај реката Драгор (до зградата на денешната Народна банка). Меѓувремено, пред кафеаната „Босна“ (до денешниот Народен театар) имало судири помеѓу демонстрантите и единиците на регуларната српска војска.

Пред насобраната маса, пред зградата на општинската управа, секретарот на партиската организација на Битола Ратко Жуниќ[1006] одржал говор, а демонстрантите продолжиле со извикување на антивоени пароли. Дел од демонстрантите сакале да се упатат кон затворот за да ги ослободат затворениците. Меѓутоа, во тој момент дошла коњичката џандармерија, брутално се нафрлила на демонстрантите и ги растурила. Протестот завршил крваво. Народот ја видел новата власт во целата нејзина бруталност. Надојденото население од селата се вратило по своите домови разочарано.

Демонстрациите не ги спречиле селските кметови да продолжат да ги делат позивите за регрутација. По една недела од денот на одржаните демонстрации регрутите веќе биле во касарните на разни градови на Кралството СХС. Новопристигнатите војници веднаш од своите претпоставени офицери ги добиле епитетите „комити“, „разбојници“, „бугараши“ и сл. Отслужувањето на воениот срок им било многу тешко бидејќи биле под сомнение и во секој момент малтретирани.

[1006]Димитровски Димитар, „Бунт на регрутите во Битола“, 1919, ИНИ, Скопје.

## 3. Грабежи, разбојништва, бандитизам, присуство на силите на Антантата (пакости и зулуми)

Покрај немаштијата и гладот, а во отсуство на јавната безбедност веднаш по завршувањето на војната насекаде во Македонија се јавиле грабежи и разбојништва на мирното македонско население. Бројни разбојнички банди главно составени од албански елементи го тероризирале, го грабеле и го убивале македонското население, најмногу во Западна Македонија и тоа често пати во соработка со официјалните органи на власта.[1007]

Качаците во Албанија имале свои бази. Тие вршеле разбојништва, злосторства, убиства, изнасилувања, масакрирања, грабеж и пљачкосувања. Бандите оперирале околу селата под Пелистер и Преспа. Обично ги напаѓале осамените селани кои оделе на дрварење, правење на јаглен или работа во планината. Киднапирањето и откупот им била формата на дејствување.

Новата власт се обидувала да им застане на пат, но добар дел од нејзините органи биле директно поврзани со нив. Позната била бандата на качакот Љуман Каца. Љуман слободно крстосувал низ теренот на селата од Цапарско Поле. Великиот битолски жупан добивал свој дел од грабежите што ги правеле качаците. Тој формално ги гонел, но всушност соработувал со нив. Качаците точно ги знаеле плановите и движењата на потерите по нив, и успешно ги прикривале трагите. Покрај материјалната добивка големиот жупан ги користел качаците и за внсеување страв и одржување на авторитетот на власта кај населението. Качаците имале свои јатаци во селата Острец,

---

[1007]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 42.

-Миле Тодоровски, КПЈ у Македонији на општинским и парламентарним изборима 1920 године, Други конгрес КПЈ, Материјали са симпозијума одржаног 22 и 23.06.1970 поводом 50-годишњице Другог (Вуковарског) конгреса КПЈ 1920; Славонски Брод, 1972, 369.

Злокуќани (Битолско), село Крани (Преспа) и во други села од Цапарско Поле, односно во селата Доленци, Црнеец и др.[1008]

Веднаш по идењето на новата власт во подрачјето се покренала една хајка. Се застрашувал со одмазда секој оној оправдано или неоправдано со сакање или не ако имал какви и да било врски со претходната окупатроска бугарска власт. Се застрашувале и сите оние прогресивни луѓе што понапред се бореле за правото на македонскиот народ. Секое реагирање или протест на народот против власта бил прогласуван за непријателство, против државата а луѓето биле прогласувани за Бугари, односно бугараши.

Организацијата „Црна рука“, во тесна врска со разни шпекуланти, политиканти и врховисати, со застрашувања на населението земале големи суми злато, божем да ги спасат или откинат и откупат своите наводно грешки во минатото или во моментот. Имало случаи и на убиства. Многу страдале жители на село Цапари, Горно Српци и др. Имало и лични пресметки коишто власта наместо да ги спречува ги потхранувала бидејќи тоа ѝ било во интерсе.

Во 1918 година во село Доленци, Димитрија Кузев бил прогласен од власта за „бугарофил“ и две години прележал во затвор, а по излегувањето продолжиле да го гонат. Гонет бил и од власта и од „качаците“. Бил убиен од разбојничките банди на Љуман. Гонет бил и Атанас Кузев, но тој полесно поминал, бил само ранет. Многу селани што биле гонети се преселувале во Битола или емигрирале во други балкански држави, а тие што имале пак финансиски средства, бегале во европските и воневропските земји.[1009]

Некои припадници на српската војска и граничните трупи, кои се однесувале спрема Македонија и спрема нејзиното население како

[1008] Ѓорѓи Димовски-Цолев, Борис Павловски, Непокорени, Битола, 1982, 205 - Хроника на Битолско Лавци: Д-р Душко Константинов, Д-р Милош Константинов, Коста Цингаровски, Битола, 1962, 19.
[1009] Ѓорѓи Димовски-Цолев, Борис Павловски, Непокорени..., 205.

спрема непријателска окупирана земја, та штом не можеле да го заштитат населението од грабежите што ги вршеле разбојничките групи, тогаш и тие пошле по примерот на овие. Командантот на Битолската дивизија полковникот Васиќ, со телеграма бр. 1367, го известува командантот на III армиска област дека началникот на Битолскиот округ го известува дека при претресувањето на селаните од селото Витолишта од страна на водникот на граничната чета истите биле тероризирани на тој начин што ги терале да се наведнуваат над оган и во него фрлале барут, по кој начин им изнудувале признавање и им земале пари.[1010]

Командантот на Битолската дивизиска област во својот извештај до командантот на III армиска област зборувајќи за струите, влијанијата и организациите на теренот на областа, меѓу другото вели: „Агитација вршат Бугарите, Грците и Италијанците секој во своја корист. Овие агитации ќе го држат народот во неизвесност и во состојба на двоумеење, сè до заклучувањето на мирот.“[1011]

На овој проблем се надоврзувала и бескомпромисната терористичка активност на вооружените акции на десното, врховистичко крило од ВМРО, т.н. „Автономисти“, директно потчинети на интересите на бугарскиот двор и поставени во улога на регуларен фактор во процесот на дестабилизацијата на големосрпскиот режим во границите на вардарскиот дел на Македонија.[1012] Помали групи составени од Македонци емигранти се префрлиле од Бугарија, користејќи го хаосот и слабата безбедност и вршеле грабежи, а потоа пак се враќале назад за Бугарија. За тоа ни сведочат повеќе извештаи од командантите на дивизиските области. Во еден извештај од

[1010]АИНИ, фонд: Трета армиска област (ТАО), кут. 35/2
[1011]Д-р Александар Апостолов, Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на Кралството СХС, Гласник ИНИ, год. VI, бр. 1-2, Скопје, 1962, 71.
[1012]Станува збор за врховистичките чети на ВМРО автономисти на чело со Тодор Александров и Александар Протогеров. Поопширно за овој проблем, види, фонд: Трета армиска обалст, к., 35/1 - 35/5, Архив на Институтот за национална историја - Скопје. Во натамошниот текст: Фонд, ТАО, АИНИ).

Битолската дивизиска област се вели: „за осигурување од комитите се добиени повеќе наредби. Во Битола не остана ни еден војник во резерва. Во Прилеп освен месното население е исто... Половина од џандарите се испратени во Охрид. Немам никој кај дворската економија во Бач...“[1013]

Преку Албанија од Бугарија во Битолскиот округ биле префрлувани врховистички чети, тројки или поединци. Намерата на овие врховистички чети, тројки и поединци била да предизвикуваат диверзии и недоверба кај населението кон новата окупатроска власт. Низ подрачјето поминале комитетските војводи Мијал Муќев, Крсте Љондрев и Алексо Стефанов-Чолакот или „Радоецо“. Џандармериските станици во село Гопеш, село Кажани, во месноста Мраморица и Бели Мост, а исто така и џандармериските испостави во село Смилево биле пристуни во секое село. По селата се организирале и селски стражи со цел да го чуваат селото и да ја известуваат власта за движењето на луѓето. Џандарите честопати вршеле проверка дали селските стражари се на своите места и доколку не ја вршеле должноста или заспивале тогаш ги казнувале со тепање. Во селото Братиндол имало селска стража. Стражата ја сочинувале сите способни мажи од селото. Стражареле редум по одреден редослед. Во селото имало изградено и стражарница. Џандарите често навратувале во селото.[1014]

Бидејќи состојбата во вардарскиот дел на Македонија во текот на втората половина од 1919 година видно не се подобрила, особено поради постојаното присуство на качачките банди, припадниците на ВМРО „автономисти“ и сè позасиленото струење на идеите на

---

[1013]АИНИ, фонд: ТАО, кут. 35/1.

[1014]Дежурните стражари ги пречекувале, сместувале и гоштавале. Тоа им било во задача. До стражарницата имало сноп ржаница. Во случај на опасност или друга потреба се палел снопот и тоа служело како знак, односно сигнал за узбуна во селото. Сиганлот се примал и од стражарите во другите соседни села.

-Ѓорѓи Димовски-Цолев, Борис Павловски, Непокорени..., 204.

Октомвриската револуција, кои ги ширеле припадниците на Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти), односно СРПЈ (к), - режимот по инструкциите на командантот на Третата воена армиска област со седиште во Скопје, во текот на првата половина од октомври истата година, го формирал злогалсниот четнички одред на Јован Бабунски. Формирањето на овој одред, на режимот најповеќе му послужил покрај спроведувањето на денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ, уште повеќе и како опробано орудие за енергично преместување на владејачките кругови со работничкото и комунистичкото движење, како и за прогон на четите на ВМРО „автономисти", кои упаѓале од Бугарија во вардарскиот дел на Македонија. Теророт на Јован Бабунски особено тешко се почувствувал во Тиквешијата, Велешко, Штипско, Овчеполско и Кратовско.[1015] Четата на Јован Бабунски од Тиквешкиот округ малтретирала и во непознат правец одвлекла 20 лица. За ова се расправало дури и на една од седниците на министерскиот совет во Белград.[1016]

По пробивот на Македонскиот фронт и протерувањето на Бугарите од вардарскиот дел на Македонија, српската власт и цандармерија за да ја обезбедат власта на буржоазијата во новооздаденото Кралство на СХС и да создадат услови за стабилизација на територијата на Кралството беа стационирани воени единици од силите на Антантата, во прв ред од Франција и Италија.

Во Битолско и Прилепско биле стационирани италијански воени единици. Овие единици му правеле пакости на народот, напаѓале на жени и вршеле грабежи во Прилепско, каде заради тоа дошло до судирање со месното население и имало жртви, а во градот ги уривале

---

[1015]Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., ц.д., 59-65; Иван Катарџиев, КПЈ во Македонија..., ц.д., 23-28; Истиот: Прилог питању..., ц. д. 32-34.

[1016]Фонд: Нецат Јашар, К. 1/I папка, АИНИ, Записник седнице Министарског савета од 18 XI 1919 година, Повод жалби, да је Бабунски војвода из краја Тиквешког одвео око 20 људи као таоце за сигурност, одлучено сачекати извештај команданта ИИИ арм. обл..., Бр. 17.804 XI 3-2 (1919).

куќите и го гореле дрвениот материјал. Тие во текот на првата половина од 1919 година вршеле и безобзирна пропаганда за останување на овие краеви од Македонија „под Италија“.[1017] Италијанската окупација, нешто подоцна во одредена политичка ситуација, прераснал во „трета фаза, во фаза на терор“.

Во врска со овој терор, била испратена една жалба од страна на муслиманското население од село Злокуќани, Битолска околија, до командатот на Битолската дивизиска област. Тие отворено се жалеле против насилствата на италијанските војници, кои земале храна, вршат сеча на дрвата, напаѓале жени и самоволно влегувале во куќите, во собите каде исклучиво живееле жените. Муслиманите на чело со селскиот кмет и одборниците, барале заштита од српските воени власти, со образложение дека биле принудени со своите семејства да се селат од своите огништа.[1018]

За положбата пак на територијата на Битолската дивизиска област, командантот на истата вели меѓу другото и дека „народот е распрснат, измачен и докрај осиромашен и во беда. Распрснат е на сите страни: кај нас, кај Бугарите, во Грција, во Америка, во Романија и тн.“ За ова понатаму вели дека од 80 лица повикани на воена вежба само од една општина, ниту едно не се јавило, а општинските власти во забелешка ставиле дека се во странство или не се знае каде се.[1019]

---

[1017]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 55.

[1018]АИНИ, фонд: ТАО, к. 35/1, Главна Битољска војна станица, бр. 20431, Команданту Битољске Дивизиске области, 18.04.1919, Битољ; Поради настаната ситуација, командантот на битолската дивизиска област, од командантот на Третата армиска област во Скопје, побарал „одма да се застане на патот на овие зулуми на италијанските војници“, (Фонд, ТАО, АИНИ, к. 35/1, Команда Битољске дивизиске области к.б.р 21876, 25 04. 1919,); Стенографске белешке привременог народног претставништва Краљевине СХС, говор на Јурај Бјанкини, 24.5.1919, св. II, Загреб, 1920, 648.

[1019]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 36.

## 4. Последиците од раселувањето за време на војната во регионот

Како резултат на големата животна несигурност и создадената воено-политичка ситуација за време на војните (1912-1918) година голем дел од населението во Регионот (како од градот, така и од селата) се раселило. Поради огромните човечки загуби на боиштата, од бомбрдирањата, од градот и засиленото раселување на населението се изменила демографската карта на Битолскиот регион. Тоа може да се види и од поместената табела за бројот на жителите на Битолскиот округ во временскиот период од 1910 до 1921 година.

| Околија | 1914 година | 1921 година |
|---|---|---|
| 1. Битолска | 82.562 | 55.420 |
| 2. Кичевска | 37.214 | 28.228 |
| 3. Крушевска | 34.212 | 20.618 |
| 4. Мариовска | 15.983 | 11.942 |
| 5. Преспанска | 27.335 | 18.751 |
| 6. Прилепска | 75.704 | 45.773[1020] |

Од горе наведената табела може да се заклучи дека бројот на жителите е намален кај сите околии во Округот. Во 1921 година бројот на нселението било намалено цели 92.278 жители.

Тенденцијата на намалување на населението во времето од 1914-1921 година уште појасно ја илустрираат податоците по општини во Битолската и Мариовската околија.

Тоа најдобро го покажува приложената табела:

[1020]Мил. Ант. Вујичиќ, Речник места у ослобоѓеној области старе Србије, Београд, 1914.
-Дефинитивни резултати пописа становника од 31 јануари 1921 год., Сарајево, 1932.

Број на жители по општини во Битолскиот регион за годините 1900, 1914 и 1921 година[1021]

| Општина | 1900 година | 1914 година | 1921 година |
|---|---|---|---|
| 1. Гопеш | 2.645 | 1.527 | 941 |
| 2. Ѓавато | 7.450 | 5.567 | 4.252 |
| 3. Трново | 5.400 | 3.698 | 678 |
| 4. Лопатица | 390 | 261 | 243 |
| 5. Секирани | 2.481 | 2.248 | 2.020 |
| 6. Брусник | 3.613 | 3.207 | 1.810 |
| 7. Буково | 2.345 | 1.892 | 2.534 |
| 8. Барешани | 2.170 | 1.851 | 1.564 |
| 9. Велушина | 4.250 | 3.794 | 3.858 |
| 10. Кременица | 3.220 | 3.398 | 2.368 |
| 11. Бач | 4.305 | 3.688 | 3.002 |
| 12. Логоварди | 1.010 | 1.045 | 832 |
| 11. Могила | 3.466 | 3.476 | 2.871 |
| 12. Новаци | 4.267 | 3.201 | 2.350 |
| 13. Путурус | 382 | 354 | 256 |
| 14.Добрушево | 2.377 | 2.144 | 1.510 |
| 15. Ивањевци | 3.905 | 4.127 | 3.724 |
| 16. Битола | 37.000 | 48.370 | 28.418 |
| Вкупно | 108.976 | 94.348 | 63.231[1022] |

Најголемото намалување на населението од Битолскиот округ имаше во градот Битола од 48.370 жители на 28.418 или од 100 на 58,6 индекси, или за неполни 20.000 жители. Големо намалување на населението забележано е во оние општини чија територија минуваше или беа во непосредна близина на фронтовата линија. Така во општината Брусник од 3.613 опадна на 1.810 жители или од 100 на 56,4 индекси, Кременица од 3.398 жители на 2.368 жители, или 69,7 индекси, Бач од 4.305 на 3.002 жители, Могила од 3.476 на 2.871 жител,

[1021]Васил Кънчов, Македония, Етнография и Статистика, София,1900, 138-238.
[1022]Милан Ант. Вујичиќ, Речник места у ослобоѓене области Старе Србије, Београд, 1914.
-Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануари 1921 године, Сарајево, 1932.

Новаци од 4.267 на 2.350 жители, Добрушево од 2.377 на 1.500 жители[1023] и др. Особено големо е иселувањето во општините каде што живеело влашкото население.Во општината Гопеш од 2.645 жители е намалено на 941. Општината Трново од 5.400 на 678 жител. Во Битолскиот регион во периодото 1912-1918 година, не е забележан пораст на населението во ниедна општина.

Состојбата на вкупното население по општини укажуваат на големи промени и загуби, големо намалување на нсаелението и на селската и на градската популација во Битолскиот регион. Од вкупниот број на жители во Битолскиот регион од 108.976 жители во 1910 година, тој број се намалил на 63.231 жител во 1921 година.[1024]

Војните од 1912-1918 година извршија промени и во структурата на населението во Регионот. Голем број Турци поради различни причини (политички, верски, економски) се иселија во Турција, како своја матична земја. Не располагаме со точни податоци за оние Турци кои го напуштиле Битолскиот регион. Иселувањето на Турците беше интензивно по Првата балканска вјна, а продолжи и по првите години на Првата светкс авојна. Во градот Битола до Првата светска војна 28,4% од вкупното население биле Турци. Од градот е намален бројот на муслиманското население (Турци, Албанци, Роми) од 14.000 на 7.917 жители.[1025]

За време на Првата светска војна од Битолскиот регион особено се раселило влашкото население, како од градот, така и од околните влашки села. Битола на почетокот од XX век имало 7.000 Власи и околните села со предимно влашко население (Трново,[1026] Магарево,

[1023]Наведените извори.
[1024]На истото место.
[1025]Д-р Владимир Точковски, Основни географски особености и движења на населението во Битола и Битолско, Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско, Битола, 1981, 33
[1026]За време на војната, кога линијата беше во околината на Битола, населението од трново и Магарево било интернирано во Бугарија, а селата во најголем дел разурнати. Во 1914 година општината Трново со селата: Трново, Магарево, Ротино и Братиндол имаше 3.698 жители, а во 1921 година само 678 жители.

Нижополе, Гопеш и Маловишта) имало вкупно 18.000 Власи, но не помалку од 14.000 во 1914 година. Според пописот од 1921 година имало само 2.488 жители Власи, од тоа само во градот 1.079 жители. Најголем дел од Власите емигрирале во Грција - Лерин, Воден, Солун и други градови.

Напуштањето и иселувањето од родниот град на други посигурни места за време на војната го правеле и битолските Евреи, кои главно се иселувале во правец на Грција. Така, на пример во Лерин, каде порано воопшто немало Евреи, се оформила еврејска заедница, која со тек на времето се зголемила. Во Солун се иселиле околу 150 семјства на битолски Евреи, кои таму изградиле свој посебен храм „Кал де лос Манастирлис". Неколку семјства се населиле во Атина и Костур. По војната некои од овие семејства се вратиле во Битола. така од еврејската населба што се простирала од десната страна на реката Драгор, во текот на Првата светска војна речиси цела се иселила. По војната само неколку семејства од неа се вратиле во градот кои изградиле нови куќи, бидејќи старите во војната биле уништени.[1027]

-Владимир Точковски, Структурни промени на населението и просторно територијален и функционален развој на населбите во Пелагонија (докторска дисертација), Битола, 1982, 185.
[1027]Ѓорѓи Димовски-Цолев-Битолските Евреи, Битола, 1993, 111-112.

## 5. Методи и форми за денационализација и асимилација на македонскиот народ

### а) Национално-политичка обесправеност на македонскиот народ

Како и другите завојувачи на македонската земја и српската буржоазија, уште додека траат воените судири, презема мерки чија цел е трајно да ја осигури својата власт на освоената територија. Оваа шовинистичка политика произлегува од суштината на великодржавната идеологија на големосрпската буржоазија чија основна цел е да биде задушена секоја индивидуална макеоднска иницијатива. На таквата основна идејно-политичка ориентација ѝ се потчинети сите сфери на политичката, економската и секаква друга дејност.

Во новосоздадената држава, уште од првиот ден почна да се спроведува политика на национално угнетување. Во името на божемното национално единство на таканаречениот триимен народ (српско-хрватско-словеначки), великосрпската буржоазија заведе своја хегемонија. Одтука веднаш со создавањето на заедничката држава се јавува и националното прашање кое што ќе остане еден од централните политички проблеми, за сето време на постоењето на буржоаска Југославија. Широките народни слоеви пројавија незадоволство со таквиот начин на создавање на заедничката држава и со реакционерната антинародна политика на владејачката буржоазија веќе кон крајот на 1918 година, што дојде до израз во разни облици на отпор и борби.

На политички и национален план, новиот монархистички режим го прогласил македонскиот народ за непостоен и му се негирала националната индивидуалност и култура, а макеоднското име и јазик

биле прогонувани. Во училиштата и администрацијата во Македонија бил наметнат српскиот јазик, додека во повисоките органи на власта Македонците немале пристап. Великосрпската хегемонистичка буржоазија и династија, слично на владејачките кругови и монархии во грција и Бугарија, применувала различни, но по крајните цели исти средства и методи за национално обезличување и стопанска дискриминација на македонскиот народ.

Великосрпската буржоазија и монархијата во новата држава започнале со сестрано национално обесправување и потиснување на макеоднскиот народ преку најстроги забрани на употребата на македонскиот јазик и на печатењето книги или публикации на тој јазик, со насилно менување и посрбување на имињата и презимињата на Македонците, со сестрано обесправување и угнетување на македонскиот народ. Сето тоа било диктирано од асимилаторските стермежи на српската буржоазија, на која ѝ било јансо дека Македонците не се чувствуваат ни Срби, ни Бугари ни Грци, туку посебен народ.

Денационализаторската и асимилаторската политика дојде до израз во разни потфати уште веднаш по воспоставувањето на нивната власт во сите делови на Македонија. „Во Србија од 1913-1914, а подоцна и во Кралството Југолсавија, беше забрането и самото славно име Македонија" вели Моша Пијаде.[1028] Имињата за Македонија постепено еволуираа од „Нови јужни краеви", па преку „Јужна Србија" до „Вардарска Бановина" напоредно со зацврстувањето на власта во Македонија.[1029]

Додека командните позиции на власт во Македонија ги држеа

[1028]Моша Пијаде, Слободна Македонија у братској заједници југолосвенских народа, Нова Југославија, Збирка одбрани статии, бр. 1-4.
[1029]Petar S. Jovanović, Geografski položaj i komunikacije Južne Srbije, Nova Evropa, knj. H, br. 11, Zagreb, 1924, 319.

верни слуги на владејачката буржоазија и на дворот, македонскиот народ воопшто не беше претставен нити во владата нити во привременото народно претставништво.

Покрај колонизацијата што ја вршеше државната власт преку доделување на земја на семејства што доаѓаат од другите краишта на Југославија, во Македонија се вршеше и една друга видлива, но тукуречи непланска, но затоа постојана и со поодбрани лица колонизација. Во сите служби од просветата, во административниот апарат и секаде каде што се примаше плата беа назначувани чиновници од другите краишта на државата, а пак Македонците (доколку заземаат некоја државна служба) беа праќани во најразлични места во земјата.[1030]

Шефот на техничката полиција во стара Југославија, д-р Арчибалд Рајс, предлагаше, интензивна политичка работа среде младината во Македонија со цел да се изврши асимилација. „Национализирање на еден народ како што е нашиот случај се врши особено преку младината. Поради тоа е потребно младината да се воспитува не само во училиштата туку и во патриотски друштва, како што се соколската и певачката, во читалните, на јавните предавања итн... На тоа население (македонското) треба да му се врати довербата и поозбилно да се позанимаваат во тие краеви и водејќи кај нив единствена национална политика... Извештајот господин Рајс го завршува со зборовите: „...Во Македонија потребна е неопходна сложена работа и самонационална политика, во прашање е иднината и спасот на таа убава земја.“[1031]

Некои личности истакнувале за да биде успешна асимилацијата треба да се изберат одбрани кои што со сигурност ќе ја вршат

[1030] Ѓорѓе Крстиќ, Колонизација у Јужној Србији, 1928, 24-58; Цитирано од д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија..., 81.
[1031] Д-р Арчибалд Рајс, Где лежи зло? Анкета оседоченог пријатеља српског народа, проф. г. Р. А. Рајса, „Јужна звезда“, год. 2, бр. 46, Битољ, 1921; Цитирано од м-р Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско, Битола, 1992, 146.

поставената работа. „Треба да се внимава на тоа, кој ќе оди за владика или прота во Јужна Србија, но треба да се обрне внимание на тоа на кого долу ќе му се даде да продава весници и цигари, какви се кафеанџиите, берберите, пејачките и сите други струки кои се важни фактори во создавањето на едно солидно национално јавно мислење. Со еден збор, Македонија треба уште еднаш да се освои."[1032]

## б) Просветната политика и денационализацијата на македонскиот народ

Првите организирани акции во Кралството Србија на просветен план во вардарскиот дел на Македонија започнуваат уште веднаш по пробивањето на Македонскиот фронт и навлегувањето на српските војски во есента 1918 година. Српската влада му поставила непосредни задачи на нејзиното министерство на просветата и црковните работи во врска со обезбедувањето на услови за отворање на училишта. Така кон крајот на 1918 и почетокот на 1919 година биле отворени повеќе училишта во Македонија, а со тоа всушност започнал да се обновува училишниот систем на Кралството Србија, кој во вардарскиот дел на Македонија функционирал во текот на учебната 1913/1914 година, односно 1914/1915 година.

Во Битолскиот округ во учебната 1918/19 година имаше само 51 основно училиште. Во Округот цели села посебно во Мариовската[1033] и Битолската околија останаа без училишта и учители, а и онаму каде што и пред Балканските војни имаше, поголем број од нив беа затворени.

---

[1032]М.С. Јовановиќ, О Македонија, Нови живот, књ. XVI, Београд, 102-104; Види: Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија..., 84.

[1033]Во селата на фронтот, од левата страна на Црна Река како и на нејзиниот свиок немало ниту едно училиште, додека тие села се многубројни: Бач, Добровени, Скочивир, Брод, Петалино, Велесело, Тепавци, Балдоенци, Груништа, Будимирци, Гермијан, сите во Мариовска околија.

*Број на затекнати и изградени народни основни училишта во Битолскиот округ*[1034] *во учебната 1918 и 1919 година*

| Околија | 1918 | 1919 |
|---|---|---|
| град Битола | 7 | - |
| Битолска | 5 | 4 |
| Крушевска | 17 | - |
| Мариовска | 7 | - |
| Прилепска | 25 | 1 |
| Вкупно | 51 | 5 |

За состојбата во училиштата во Битолската и еден дел од Мариовската околија ни наведува во својот извештај училишниот надзорник, Владимир С. Велиќ. Меѓу другото тој ги наведува следните причини кои ја попречувале работата во почетокот на учебната 1918/19 година: намалувањето потребни згради за училници, немањето учебници и немањето потребен материјал за пишување и цртање на учениците. Голем број од училишните згради биле запоседнати од војската. И по селата, каде што имало учители и учителки, не можело да се работи, бидејќи училишните згради биле зафатени поради воени потреби (во селата: Лавци, Ореово, Крстоар, Брод, Велушина). Училишни клупи и друг училишен инвентар немало, или недоволно ги имало во селата: Лавци, Цапари, Ѓавато, Буково, Крстоар, Маловишта и Српци. Училишниот надзорник нагласувал во извештајот дека, без оглед на сите потешкотии, требало да се постават 14 учители во десет училишта кои биле поправени, а клупите и друго постепено ќе се набавувале. Од вкупниот број на училишта во Битолска и 1/2 Мариовска околија, кон крајот на 1918 година работеле 11 училишта со 15 учителки, 10 училишта биле готови и поправени, но немале учителки, а 15 училишта со 28 учители не можеле да отпочнат со

[1034] Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија 1918-1929, Скопје, 1983, 107.

работа до крајот на учебната 1918/19 година, поради тоа што биле урнати.[1035]

Во иста состојба, дури и полоша, се наоѓале и основните училишта во градот Битола. Ситуацијата во која се наоѓале училишните згради била тешка. Од 12 училишни згради не постоела ниту една, која останала неоштетена. Некои биле разрушени до темел, а другите повеќе или помалку, толку оштетени што ниту една не можела да се употреби без поправка. На крајот на декември 1918 година се успелао да се отпочне со работа во 2 училишта со 17 паралелки.

Училишниот надзорник Владимир С. Вулиќ, во својот извештај посебно го нагласува значењето и важноста на просветната работа во „овие краеви", а специјално во градот Битла, кој се смета како гнздо на разни пропаганди. Моментот бил погоден поради тоа што, покрај нивното дело („српско") било уништено и делото на нивните национални противници. Покрај српските училишта биле уништени и училиштата на разни туѓи пропаганди и миси.[1036]

Паралелно со отворањето на основните училишта, преземени се мерки за отворање, односно обновување на нижите и потполните гимназии. Нижи гимназии биле отворени во учебната 1918/19 во Прилеп, Гевгелија, Штип, Тетово, Охрид и Куманово. Во Битола си продолжила со работа полната гимназија и трговското училиште.

Со цел да се засили процесот на денационализацијата на младото македонско поколение преку училиштата, Министерството на просветата обрнувало посебно внимание на улогата на наставникот во изведувањето на наставниот процес по таканаречената национална група предмети: српски јазик, историја, географија и веронаука.

Преку училиштата и другите установи и режимски организации

---

[1035]На истото место, 107.
[1036]На истото место, 108.

се настојуваше да се задуши секаква македонска национална свест и традиција, да се искорени употребата на македнскиот јазик, да се изопачи историјата, етнографијата и тн.

Училиштата во Македонија покрај тоа што требало да остваруваат општопросветни и класно-буржоаски цели, требало да одиграат и една од најзначајните улоги во општата денационализаторска политика кон македонскиот народ. Имено, тие требало да станат најважни средишта и основно средство во денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ, т.е. во неговото национално-културно отуѓување, односно посрбување. Тоа е всушност основната и најзначајната специфична улога на училиштата во Македонија.

## 6. Црквата по војната

### а) Воспоставување на црковна власт на српската православна црква во македонските епархии

Со обединувањето на Кралството СХС на 1 декември 1918 година, се поставува и прашањето за обединување на дотогашните православни цркви во рамките на новата држава, како единствена, автокефална православна црква во Кралството.[1037] Во новата држава, по обединувањето на Кралствата Србија и Црна Гора и земјите дотогаш под Австро-Унгарија (Војводина, Босна и Херцеговина, Далмација, Хрватска и Словенија), дефилираат три автокефални цркви: белградска, карловачка и црногорско-приморската митрополија, како и автономната црква во Босна и Херцеговина. Во делот од Македонија, кој бил под Кралството СХС, биле и македонските митрополии: скопската, велешко-дебарската, пелагониската, преспанско-охридската и дел од воденската митрополија.[1038] Црквите во Босна и Херцеговина со 4 епархии и вардарскиот дел на Македонија со 6 епархии, од аспект на канонско-управната постапка биле зависни од Цариградската патријаршија, иако таа на мнозинството на македонското православно население немала никаква власт.

Со оглед на тоа дека Србија со своето учество во Првата светска војна на страната на Антантата излегла како победник и стожер во обединувањето на новото Кралство СХС на чело со својата династија Караѓорѓевиќ, српската црква ја презела улогата на обединител на другите цркви во политичките граници на новата држава.[1039] За таа цел, на 18 декември 1918 година во Сремски карловци се собрале сите

[1037]Д-р Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989, 861.
[1038]На истото место.
[1039]На истото место.

православни архиереи на заедничка конференција. На неа сите дногласно се изјасниле за обединување на сите православни области во единствена Српска православна црква и ја нагласиле потребата од воспоставување на Српската патријаршија.[1040]

Македонските шест епархии ги претставувал Варнава Росиќ, српско-патријаршиски велешко-дебарски митрополит. Варнава Росиќ, уште при крајот на 1918 година му предлагал на министерот за просвета и вера „да превземе категоричен чекор кај цариградската патријаршија за приклучување на „новите црковни области" кон старите граници на Кралството Србија.[1041]

Друга конференција на архиереите била одржана во Белград во мај 1919 година на која била донесена одлука со која се искажувало духовното, моралното и административното единство на сите „српски" православни црковни области.

Во текот на 1919 година државно-црковната делегација на Кралството СХС стапила во преговори со Светиот Синод на Цариградската патријаршија и преговарала до есента истата година. Вселенската патријаршија ги отстапила своите права над епархиите во Босна и Херцеговина и Македонија за што од Белградската влада добила 1.500.000 франци.[1042]

Ариерејскиот собор на Цариградската патријаршија 1920 година во март донесол одлука според која дава благослов за присоединување на епархиите од „Јужна Србија" и Босна и Херцеговина кон обединетата српска православна црква. На 19 март одлуката била усвоена и од страна на Синодот на Цариградската патријаршија.

Со потпишаната спогодба на Кралската влада и Цариградската патријаршија, патот за обединување на Српската православна црква

[1040]На истото место.
[1041]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-19141); (магистерски труд), 37-38.
[1042]На истото место, 38.

бил отворен и регулиран. Со Кралскиот указ од 17 јуни 1920 година, врз основа на одлуката на сите епархиски архиереи и формално било прогласено црковното обединување.

Откако била воспоставена „каноничноста“ на приклучувањето на македонските епархии во вардарскиот дел на Македонија кон Српската православна црква се извршила нова епархиска поделба, со која дотогашните 6 епархии биле сведени на 4: Скопска митрополија, Охридска, Битолска и Злетовско-Струмичка епископија. Подоцна, Охридската епархија била укината и приклучена кон Битолската епархија.[1043]

## б) Последиците од оштетувањата и грабежите на црквиите и манастирите на територијата на Битолскиот регион

За време на Првата светска војна од 1915-1918 година, огромни штети биле нанесени на културно-историското богатство на Македонија. Пред сè настрадале голем број цркви, кои свесно и со аспирациски цели биле оштетувани, најчесто преку кражби од страна на непријателските сили чија крајна цел било заземање на Македонија и нејзино прекројување и претопување по сопствени мерила и стандарди. Со цел подобро да се запознаеме со оштетувањата и грабежите на црквите и манастирите на територијата на Битолскиот регион, ќе презентираме документи,[1044] кои се своевидни сведоштва за катастрофата на македонското културно наследство.

Во општината Старавина од црквата во Старавина било однесено: 1 камбана; мебел, книги, икони и др. нешта; храмот бил срушен. Штетата изнесувала 15.000 динари. Од црквата во Градешница

[1043]Славко Димевски, цит. дело, 865.
[1044]Документи за оштетувањата и грабежите на цркви и манастири на територијата на Македонија во Првата светска војна, Избор, превод и коментар Ѓорѓи Димовски-Цолев и Ѓорѓи Грамосли, Битола, 1985.

однесено било: камбана; мебел; книги; икони, речиси сè. Штетата изнесувала 20.000 динари. Од манастирот Чебрен (однесено) било ограбено: 200 овци, 200 кози, 25 говеда, 8 чифта волови, 4 мазги, 11 коњи, 1 магаре, 25 свињи, 100 кокошки, 20.000 кгр жито, 2.000 кгр брашно, 200 кгр јарма,[1045] 15.000 кгр добиточна храна, 30.000 кгр слама, 50 кгр грав, 100 кгр сол, 25 литри ракија, 1.000 литри вино, 100 кгр сирење, 50 кгр сало, 15 кгр масло, 1.000 кгр зелка, 100 кгр зелка, 100 кгр волна, 50 кгр козина, 20 вреќи од козина, 3 покривачи, 8 казани од бакар, 5 бакарници и многу други садови од бакар и порцелан. Урнати биле следните згради: 4 куќи за живеење, 1 племна, казанџилница, 4 амбари, црквата „Св. Спас", две воденици со 17 витли, 1 штала кај водениците, 1 куќа и котар (обор) за овци и кози во синорот на селото Рапеш. Околу манастирот исечени биле околу 3.000 дрва. Исто така, лозјата и оградите биле уништени. Вкупната штета изнесувала 160.000 динари.

Во општината Будимирци, од црквата во Будимирци било однесено: Св. дарци, антиминс, путир, книги. Штетата била 1.000 динари. Од црквата во Зовиќ однесен е сиот мебел, книгите, зградите се урнати и сите предмети ограбени. Штетата изнесувала 15.000 динари.

Во општината Кременица[1046] во селото Д(олно) Егри, од црковниот добиток зеле: 2 волови, 1 крава, 1 теле. Штетата изнесувала 1.600 динари. Во Средно Егри од старата црква било однесено: 25.000 кгр сено, 2.000 кгр жито. Штетата 3.000 динари. Од новата црква во Ср. Егри сè било ограбено: иконостасот, полиелејот, рипидите,[1047] книгите, свештеничките облеки, кандилата, приборот за

[1045]Јарма-покрупено мелено брашно. Се употребува за добитокот.
[1046]Во оригиналот е означено со неговото второ име Кенали.
[1047]Рипида - Дрвени стапови на кои се обесуваат платна со разни молитви или насликани ликови од светци.

причесна, кандилата, сиот мебел, вратите, прозорците. Штетата била 15.000 динари.

Во општината Бач, од селската црква во Живојно бил ограбен 1 казан за варење ракија во вредност од 150 динари. Од црквата во Бач е однесен 1 казан во вредност од 150 динари.

Во општината Могила, од црквата „Св. Арангел" во селото Могила однесен бил сиот мебел, икони, книги и сите потребштини. Штетата била 55.000 динари. Црквата „Св. Никола" во Карамани била урната, а сиот мебел, книги и другите потребштини уништени и ограбени. Штетата изнесувала 30.000 динари. Исто така, црквата „Св. Никола" во Кукуречани била урната, а мебелот и сите потребштини од црквата ограбени. Штетата изнесувала 30.000 динари. Црквата „Св. Никола" во Раштани исто така била урната, а сиот мебел, иконите, книгите ограбени. Штетата била 30.000 динари. Црквата „Св. Тодор" во Крклино исто така била урната и целосно ограбена. Штетата била 150.000 динари. Манастирот „Св. Илија" во Крклино бил урнат, а мебелот и сите предмети ограбени. Штетата изнесувала 50.000 динари.

Во општината Велушина, манастирските згради во Велушина сите биле урнати, а градежниот материјал изгорен. Вкупната штета во манастирот изнесувала 30.000 дин.

Од истиот манастир „Св. Ѓорѓи" е ограбено: 20.000 кгр пченка во вредност 2.000 дин., 1.500 кгр. пченица 2.250 дин, 1.000 кгр јачмен 1.200 дин., 1.500 кгр рж 2.250 дин, 8 свињи 800 дин., 6.000 кгр сено 2.400 дин., 3.000 кгр слама 600 дин., 2 каци 200 динари, 6 буриња 180 дин., 1 казан за варење ракија 200 дин., 1 голем бакарник 200 дин.

Штетата на црквата во Лажец за зградата и инвентарот била 3.000 динари.

Во општината Буково од буковскиот манастир ограбено и уништено било: 80 оки бакарни садови 2.000 динари, 300 чинии 800 дин., 50 големи ламби 500 дин, 40 разновидни чинии 180, 8 буриња 200, 4

бочви 1.000 дин., 4 каци 400 дин., 3 ќилими 1.000, 2 авани 300, 150 чаши 400, 350 лажици и вилушки 250, 160 ругузини 800, 2 коњи 2.000, 13 крави 8.000, 80 овци 8.000, 15 маси 600, 30.000 кгр сено 6.000, 50.000 кгр слама 1.000, 20 кокошки 300, 30 гаски 500, 20 пајки 300 ден., или вкупно 37.530 динари.

Од буковската црква „Св. Димитрија“ ограбено било: 10 богослужбени книги 800 динари, 3 чифта свештенички облеки 600 динари, 1 сребрена кадилница 200 динари, 2 сребрени крстови од тронот 400 динари, 1 плештеница 100 динари, 2 епитрахили 100 динари, 2 чирака од железо100 динари, 1 украсно евангелие 400 динари, или вкупно 2.700 динари.

Од крстоарскиот манастир „Св. Христифорија“: 1 голема камбана во вредност  400 динари, 43 богослужбени книги 2.000 динари, 4 чифта свештенички облеки 1.000 динари, 1 путир со сè прибор 100 динари, 2 серафими[1048] 300 динари, 4 големи крстови 200 динари, 1 петохлебница[1049] 400 динари, 1 дарохранителница 400 динари, 2 крста од тронот 100 динари, 1 украсно евангелие 300 динари, 80 железни кревети со сè постелнина 8.000 динари, 200 столици 1.000 динари, 40 маси 2.000 динари, 15 говеда 10.000 динари, 1 коњ 1.000 динари, или вкупно 27.200 динари.

Од крстоарската црква „Св. Петар и Павле“ ограбено било: 2 сребрени крстови во вредност 160 динари, 1 антиминс со (нејасен збор во оригиналот б.н.) 40 динари, 1 плаштеница 40  динари, 20 богослужбени книги 400 динари, 2 кадилници 60 динари, 1 евангелие 200 динари, 2 епитрахили 100 динари, 1 црвено знаме 50 динари, или вкупно 1.050 динари.

Од црквата „Св. Ѓорѓи“ во Бистрица ограбено било: 20 богослужбени книги 1.000 динари, 1 путир со сè прибор 100 динари, 1

---

[1048]Серафим - исто што и рипида само што се од метал.

[1049]Петохлебница-Метален сад на кој се вршат молитви за здравје.

пар свештеничка облека 400 динари, 4 сребрени крстови 240 динари, 1 антиминс 40 динари, 1 плаштеница 40 динари, 1 украсно евангелие 140 динари, 2 кадилници 80 динари, 2 сребрени и украсни крстови 300 динари, или вкупно 2.340 динари.

Од црквата „Св. Богородица" во Кравари ограбено било: 1 голема камбана 400 динари, 20 богослужбени книги 1.000 динари, 1 пар свештеничка облека 400 динари, 1 путир со сѐ прибор 100 динари, 4 сребрени крстови 240 динари, 2 кадилници 60 динари, 1 плаштеница 50 динари и сѐ што му припаѓало на тронот 400 динари или вкупно 2.650 динари.

Штетите во динари за Мариовската околија изнесувале: 1.136.300. Битолската околија: 709.645 или вкупно во Битолскиот регион направени се штети во вредност од 1.845.945 динари.

## ГЛАВА II

## ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ВОЈНАТА ВО РЕГИОНОТ

### 1. Последиците од големите воени пустошења. Разурнати села. Разурната Битола. Големи материјални штети. Неправедна распределба на воените репарации за Битола и Битолско.

Првата светска војна ѝ нанесе на Македонија огромни материјални штети и човечки загуби. Материјалните штети претставуваа значителен дел од националното богатство на Македонија. Голем дел од активното население пострада за време на воените дејствија или подоцна ја напушташе земјата во потрага на работа или заради засолнување од потиснувањата и теророт.

Селата во Регионот биле постојано изложени на бомбардирања. Најповеќе настрадаа селата меѓу Битола и Лерин, кои биле постојано бомбардирани и многу од нив во текот на војната исчезнале за секогаш (Градилово, Букри, Горно Егри, Петалино - подвлекол П.С.). Тие до есента 1916 година биле бомбардирани од француските, а потоа од германските авиони и тешка артилерија.[1050] Селата Трново и Магарево беа до темели разурнати од артилериските двобои, а во тоа ги снемало и текстилните претпријатија.[1051]

Сојузничките војски за да си обезбедат огревно дрво почнале по селата во Битолскиот регион, а со тоа селското население било принудено да ги напушта своите домови и да бара спас на друго место, а каде би можел да најде во такви услови?

[1050]Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на..., 383.
[1051]Д-р Трајче Грујоски, Битола, Битола, 1971, 63.

„Војната завршила и жителите на Дихово се вратиле в село. Но, таму ги чекало ново разочарување. Од некогаш напредно село незасегнати останале само три куќи и 2-3 плевни, а другото сè било срмането со земјата. Брашно, покуќнина (што не успеале во повремените наврати да однесат во Битола) сè отишло во неповрат. За жителите на село Дихово настанале нови тешкотии. Тие морале сè одново да прават и куќи и племни, да купуваат добиток и слично."[1052]

„Од постојаните бомбаридрања во селото беа уништени до темел 40 куќи, што претставува 50% од тогашниот број на индивидуалните стамбени згради: племни, амбари, фурни за леб, аури. Изразена во пари материјалната штета изнесуваше околу 500.000 предвоени динари, што воопшто не беше мала сума, ако се земе во превид дека просечната надница на еден работник изнесуваше сè на сè 10 динари.[1053]

Посебно била трагична судбината на Битола, која на 19 ноември 1916 година преминала во рацете на окупаторите на Антантата. Битола, првиот ослободен град во Кралството СХС, сè до крајот на војната не престана да биде центар на воени дејствија.

Од тука изнесеното излегува дека борбите што станувaa во Битола и околу неа не запреле речиси цели четири години. Двете војувачки страни концентрирале големи воени ефективи и редовно употребувале тешка артилерија и авијација. Дури, Германците го бомбардирале градот со топови што биле распоредени на 10-15 км околу Битола и секојдневно гинеле луѓе од артилериски шрапнели.

Рапидно опадна бројот на градското, пред сè активното население. Пописот од 1921 година утврди дека Битола има само 28.418 жители т.е. за само 8 години смален е бројот за околу 20.000 луѓе или за околу

[1052]Дихово, Битола, 1985, 19.
[1053]Хроника на Битолско Лавци, Битола, 1962, (Константинов Душко, Константинов Милош, Цингаровски Коста).

40%; работоспособноста на сето население е намалена; се зголеми бројот на сираци и ранети луѓе.

Може да се рече дека Битола во тек на Првата светска војна настрада повеќе од сите други македонски градови. Затоа, крајот на војната ја најде неа во жална положба.

Во претходните точки наведовме за штетите во градот предизвикани од бомбардирањата, но на крајот ќе ги изнесеме вкупните штети. Оштетени згради 696, оштетени куќи 119, урнати згради 647, урнати куќи 216, запалени куќи 845, урнати државни згради 4, урнати и оштетени куќи и згради 873.[1054]

По завршувањето на војната од репарациите што беа дадени на Србија, вардарскиот дел на Македонија не доби ништо. Само за 6 месеци, по склучувањето на Нејскиот мировен договор со Бугарија, во 1919 година, на име репарации таа им испорачала на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, на Грција и на Романија 70.825 глави добиток, но од него не е дадено ниту едно грло за Македонија.[1055] Според експозето на министерот за трговија д-р Војо Вељковиќ, во Привременото народно претставништво на Кралството СХС, 4.200 глави говеда биле распоредени на Подринскиот, Ваљевскиот, Смедеревскиот, Белградскиот, Пожаревачкиот и Неготин-Краинскиот округ. Ниту од втората пратка од 5.302 глави говеда за Македнонија не било доделено ништо. На прашањето од народниот пратеник Милош Трифуновиќ, зошто се дели добитокот на 5-6 окрузи, министерот Вељковиќ еднаш се изговарал дека добитокот е тежок и не може да патува, а втор пат дека добитокот е премногу слаб и пак не може да издржи далечен пат.[1056]

---

[1054]Божидар Маниќ, Бомбардовање Битоља 1916-1918, Историјски гласник, бр. 1-2, Београд, 1967, 150-152.

-Цитирано од д-р Никола Сотировски, Хроника на градот Битола во годините....

-Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 384-385.

[1055]М. А. Бирман, Революционная ситуация въ Българий въ 1918-1919 година, Москва, 1957, 344; Цитирано и од д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 47.

[1056]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 44.

На Битолскиот округ му биле, на име помош доделени 25.000 динари и за обнова на згради 74.000 динари, иако овој македонски град бил скоро во целата држава најмногу разурнат.[1057] Оваа сума била минимална во споредба со сумите што биле дадени за некои окрузи од внатрешноста на Србија. Така, на пример за Врањскиот округ биле отпуштени за храна 50.000 динари а за обнова 308.000 динари; за Нишкиот округ, за храна биле дадени 25.000 динари, а за обнова 306.504 динари[1058] (навистина некои краеви од овие окрузи пострадале во време на задушувањето на Топличанското востание во 1917 година, но во никој случај не биле повеќе пострадани од краиштата во Македонија каде се водеа војните неколку години по ред, посебно во Битолската околија).

Градот Битола, иако некогаш бил „богат и моќен" непосредно по војната, во еден говор на радикалот Јован Ќирковиќ се барало од кралската влада да „биде правична" при доделувањето на материјалната помош на настраданите во војната, со образложение, дека градот Битола „кој дошол во страдањето на прво место, за помош, не е ни на последно место".[1059]

„Господа, во 1912 година, кога влезе српската војска, Битола имаше 58.000 жители, и тоа без војската. Под турска управа, беше политички, воен пропаганден и трговски центар. Во Битола имаше 4 полни гимназии... Тука беа и штабовите за револуционерна работа на Македонија. Беа уште две мисии: Француско-католичката и Американската, а единствено двете мисии останаа до денес во Битола и непречено ја вршат својата пропаганда... Турската држава во Битола, покрај полни гимназии, имаше и земјоделско и занаетчиско училиште. Од другите државни установи имаше три болници: воена, граѓанска и

---

[1057]На истото место, 47.
[1058]Јулијана Врчинац, Краљевина СХС од уједињења до Видовданског процеса, Београд, 1956, 22-23.
[1059]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 47.

модерна болница за душевни болести. Освен тоа, имало и четврта болница којашто беше задружбина на еден Битолски граѓанин Пиника.

Битолската област имаше 1.200.000 жители. Тука (во Битола - м.б.) живееше командантот за војската на целиот Балкан на Европска Турција. Покрај тоа, имаше и воена академија. Наоѓајќи се во центарот на Македонија, а имајќи врска со солунската пруга, во Битола толку многу се разви трговијата, та дури и Солун фрлаше завидлив поглед врз неа... Во Битола имаше една фабрика за штофови, 4 фабрики за гајтани, една фабрика за бомбони и една мелница на пареа, каква што немаше на Балканот, а птооа и новопогидната фабрика за пиво... Битола беше ценета и сместена како најубав град на Балканот во бивша Турција. Но, господа, Битола не беше прва само во трговски, во индустриски и во политички поглед. Таа беше прва и во поглед на револуционерната активност. Сите безредија, сите интриги во Турција, потекнуваа од Битола и Битола беше центар на сите безредија. Оттаму пукна првата пушка во Македонија за време на Турците. А подоцна, Битола беше центар на младотурското движење, бидејќи во Битола беше прогласен Уставот ден порано во однос на другите краишта на турското царство... Вистина, по разграничувањето со Албанија и со Грција трговијата се намали, бидејќи се прекинаа врските со градовите: Лерин, Костур, Корча, Подградец, Пешкопеа и Елбасан, но битолчани се претприемчиви и тие се свртија кон индустријата, кон што и денес се стремат... Избувна европската војна (Првата светска - м.б.). Битола со околиите беше изложена на удар. Три години во огнена зона... Цели две години беше постојано бомбардирана... Таа изгуби (беа уништени - м.б.) околу 4.000 згради... пропаднаа речиси сите трговски и занаетчиски работилници. Некогаш Битола била богат и моќен центар. И Битола, и битолчани, некогаш имотни и добро ситуирани

луѓе, сега се доведени до просјачки стап. Што презеде државата (се мисли на Кралството СХС - м.б.) за Битола? Дали владата ѝ помогна на Битола? Не...“[1060] Анализите упатуваат дека опаѓањето на Битола е поврзано исклучиво со воените страдања, а особено прекинувањето на врските со Солун по делбата на Македонија.

[1060]Д-р Лазар Лазаров, Расправите во Парламентот на Кралството Југославија околу Македонија и Македонците, Гласник, XXXIII, 3, 1989, 105-129.

## 2. Економско-социјалната положба

Народните маси движејќи се низ процесот на социјалната и националната борба за опстанок во голема мера започнаа да преминуваат сѐ поотворено од форма на феудално зависни кметови, во форма на „слободни“ наемни, селски и градски аргати и пролетери. Одржувањето на основните елементи на егзистенција западнале во најголема противречност, бидејќи немаштијата засилено владеела на секој чекор во Македонија, а луѓето умирале од глад и истоштеност. Посебно населението во Битола и Битолско, при крајот на војната било доведено во положба на „формална глад“.[1061]

Народните маси од составот на Округот, место економски, социјални и национални решенија на проблемите произлезени од деформациите на општествениот живот, спротивно на оваа појава како единствено решавачки, одговор на неа, големосрпската пропаганда испратила околу 278 слики од Н. В. Кралот и Н. К. В. Престолонаследникот.[1062]

Исто така и делот доделуван за помош на настраданото макеодонско население од воените опустошувања, за т.н. „воена сиромаштија“ кој се однесувал на вардарскиот дел на Македонија, се сведувал врз основа на следнава формулација: „Или ништо не се давало или се давало сосема малку“.[1063]

Во овој период скапотијата станала застрашувачка. Од рапидниот пораст на основните артикли за живот биле загрозени широките народни маси и претставниците на буржоаската власт на овој круг.

---

[1061]Д-р Петар Стојанов, цит. дело, 381.
[1062]Јован Јанев, Прилог кон развитокот на работничкото движење во Битолскиот оркуг во текот на 1919 година, Гласник ИНИ, год. XXVI, бр. 1, Скопје, 1982, 2.
[1063]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 47.

Поради шпекулации со животните намирници, настанаа големи тешкотии во исхраната. Во зимата 1918/1919, гладот надвиснал на одделни покраини. Поради засилената шпекулација, цените на животните намирници скокаа со втроглава брзина. Одлуката на Министерскиот совет од 22 февруари 1919 година да се воведе слободна трговија со жито, брашно и месо во целата земја, а малку подоцна и укинувањето на сите други меѓупокраински ограничувања во прометот на стоките довел до нов расцут на шпекулацијата.

Во пролетта 1919 година настана таква очајна сосотјба во поглед на исхраната, што властите беа присилени да воведат некои ограничувања: тоа доведе до појавата на корумпирање на органите на власта од страна на шпекулантите, а самата шпекулација не се намали.

Тие стопански тешкотии, особено големата безработица најсилно го погодија сиромашното население. Цените на животните намирници во овој период порасная значително повеќе. На лебот и гравот за 700%, на маста и млекото за 400%, на говедското месо и обувките за 500%, на шеќерот за 1.100% и нт. Најтешка беше положбата на воените инвалиди, чие што прашање владата не го решаваше, а исто тала и положбата на семејствата (на работниците) загинати во војната. Епидемиите продолжиле и по привршувањето на војната, заради лошите услови за живот и постојано движење на воени единици од едниот на другиот крај на Македонија. По немање на касарни, српската војска била разместена по приватни куќи и со тоа епидемијата уште повеќе се проширила. И така, во 1919 година, покрај безработицата, разбојништвата и други неволи, „населението го коселе епидемии“.[1064]

Социјалната беда беше особено голема во првите години по војната. Битола се манифестираше со порастот на бројот на семејствата што беа економски потполно упропастени, па бидејќи беа

[1064]Четрдесет година. Зборник сечања активиста југословенског револуционарног радничког покрета 1917-1929, књига I, Београд, 1960, 141; Цитирано од Д-р Ал. Апостолов, Вардарска Македонија..., 38.

без работа, мораа да станат просјаци. Исто така се зголемил и бројот на незгрижените стари луѓе.

Непосредно по војната, на сцена стапиле: шпекулациите, криумчарењето, црната берза и бандитизмот од секаков вид. Битола и Прилеп станале големи центри на шверц со добиток, и преку Мариово и Битола бил префрлан преку границата кон Грција за Солун. Со оваа работа најмногу се занимавале воените лиферанти од Велес, Прилеп и Битола. Тие под изговор дека купуваат добиток за потребите на војската, биле снабдени за тоа со дозволи, но само еден мал дел од добитокот го продавале на државата, а поголемиот дел од добитокот го протерувале за Грција.[1065]

Командантот на Битолската дивизиска област од 11 декември 1920 година го известува Министерството на војската дека: „криумчарењето преку грчката граница на наша стока зело неверојатно големи размери во последно време. Со минатата седмица преокриумчарено е преку 2.000 грла, многу добра стока... Сите граничари, џандари, па и самите нивни офицери и команданти на отсекот земаат рушвет за шверцуваниот добиток за Грција. Некој граничар Дукиќ овде на својата слава потрошил преку 15.000 динари. Се шират многу гласови дека мајорот Миленковиќ и потполковникот Ивановиќ биле смешани во оваа работа....[1066]

Оваа недозволена трговија во услови на немаштина била помагана и штитена од корумпираното и подмитливо чиновништво во пограничните реони, како и од припадниците на граничарските воени единици на југословенско-грчката граница. Вака збогатените трговци можеле да купуваат за ефтини пари земја, што ја продавале Турците, кои се селеле за Турција и да градат убави куќи по градовите, додека

---

[1065]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 41.
[1066]Фонд: Трета армиска област, к. 35/5, Архив на Институтот за национална историја - Скопје, (во натамошниот текст: Фонд, ТАО, АИНИ.)

населението требало да ги поднесува сите државни давачки и да ги исполнува обврските за војската.[1067]

Збогатувањето на шпекулантите и трговците било санкционирано и толерирано и од самата држава. Во март 1919 година, Министерскиот совет донел одлука за слободна трговија во внатрешниот промет (освен за монополисани стоки) и премавнување на сите дотогашни централи, ограничувања, контингетирања, т.е. за слободно располагање со трговската стока. „Разгласувањето на слободна внатрешна трговија, разбирливо,[1068] предизвикало воодушевување кај трговците и другите капиталисти." Поинаку не можело ни да биде во еден буржоаски систем, во една мала и истоштена земја, каде експлоатацијата на природните богатства била давана на едриот капитал од странско потекло, додека „домашната" буржоазија, за да награба богатства се нафрлила да го експлоатира народот.

Оваа мерка била катастрофална за работничката класа заради зголемувањето на цените на производите, како што видовме понапред.

Како резултат на растроеното стопанство во текот на војанта се јавила безработицата во Македонија. А бидејќи безработицата ја зафати целата земја, секојдневно доаѓаат групи безработни работници од целата земја барајќи работа. Терани од безработицата и гладот, тие патуваат без никакви средства и по патот страшно страдаат. Никој за нив не води сметка да им даде најнужна помош во патувањето. Често пати немаат ни сув леб да се нахранат, а ноќеваат на улица или на земја по булеварите. Колку од нив пропаѓаат, лесно може да се погоди. Организациите се слаби да им ја дадат неопходната помош, а државата

[1067]Д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 42.
[1068]Јулијана Врчинац, цит. дело, 9-10.

не сакала да создаде азил за пренокевање и берза на трудот, за да им ја ублажи на овие луѓе бедата."[1069]

Во наследство од воената состојба и окупацијата, во паричниот промет владееше хаос. Покрај српските пари, во употреба се наоѓаа уште и бугарските (левови) и турските (лири), како и грчки, австриски, германски и француски монети. Ваквото шаренило беше плодна почва за цутење на шпекулацијата со валути, особено до ликвидирањето на мораторната состојба во средината на 1919 година. Поради недостиг на разни стоки, за шпекулантите и корумпираните припадници на власта се отворија можности за лесни и брзи печалби, а од друга страна, скапотија и безработица ги загрозува животните интереси на работното население во сите делови на Македонија.

И кога во март 1919 година била извршена замената на левовите со динари,[1070] направена е голема штета за куповната моќ на населението. При оваа последна замена за 100 лева, државата давала 50 динари. Загубите на народот биле поразни. За пет години куповната моќ на народот се намалила за 75 %.[1071]

При крајот на војната, а особено по завршувањето, многу наши печалбари кои биле на печалба во Америка и во други европски земји, започнале да се враќаат во своите родни места, загрижени за судбината на своите најблиски. Со себе донеле големи парични средства заработени на печалба, со кои помогнале во реконструкција на разурнатиот град и за обновување на неговиот стопански живот. Но, се јавиле проблеми со статусот за добивање лични карти, пасоши и други документи за вклучување во стопанскиот живот. Но, додека едни се враќале, други граѓани од Битола и нејзините села, по завршувањето на Првата светска војна, продолжија со одење во печал-

[1069]„Социјалистичка зора", бр. 14 од 17 III 1920; цитирано од д-р Александар Апостолов, Вардарска Македонија..., 44.
[1070]Јулијана Врчинац, цит. дело, 59.
[1071]Д-р Александар Апостолов, цит. дело, 46.

ба надвор од Македонија (главно во овој период во прекуокеанските земји). Меѓутоа, бројот на печалбарите во странство бил релативно мал. Ве периодот помеѓу 1918 и 1927 година имало 936 лица.[1072]

Од Битолските села на печалба најповеќе биле од с. Цапари (250), а потоа од Буково (191), Граешница (142), Велушина (134), Породин (120), Ѓавато (100) и од други села: Ротино, Лера, Рамна, Бистрица, Лажец и други села, воглавно од подпелистерјето. Од овие подпелистерски села од секое семјество имало по еден член што бил на печалба (Во Породин и Велушина немало ни една куќа без член во печалба). Заради тешкотиите при вработувањето, луѓето се решавале на печалба, најповеќе се одело во САД, во Канада, Австралија, Франција, а помалку во другите земји. И во овој период, печалбарството беше доходовна стопанска гранка за бродарско сообраќајните компании. Тоа било „најрентабилно претпријатие како што заклучува М. Савиќ,[1073] затоа што земале 60-100% камата од парите што им ги позајмувале на печалбарите. Во Битола имало повеќе такви претставништва.

По Првата светска војна, приходите од печалбарството во Македонија просечно годишно изнесувале 45-50 милиони динари, а подоцна тој приход се намалувал.[1074]

Во Битола, во периодот непосредно по Првата светска војна, паѓале скоро милион и пол долари годишно, или околу 100 милиони динари.[1075] Со заработените пари од печалба се купувало земја, стока, граделе куќи повеќе во селата, а помалку во градот и се отворале дуќани. Преку печалбарството во Битолскиот регион како и во цела Македонија се барало излез за подобра материјална основа за живот.

[1072]Д-р Душко Константинов, Печалбарство, Битола, 1964, 53.
[1073]Миливоје М. Савиќ, Занат и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914 година, 192.
[1074]Растко С. Пуриќ, Работнички југ, Скопје, 1937, 124.
[1075]Д-р Трајче Грујоски, Битола, 1972, 97.

## 3. Состојбата во стопанството

### а) Занаетчиство. Трговија. Индустрија.

Поделбата на територијата на Македонија на три нееднакви делови, на вардарскиот, егејскиот и пиринскиот дел на Македонија, се одрази негативно најмногу во стопанска смисла.[1076] Во рамките на бившото Отоманско царство, Македонија претставуваше без сомнение една заокружена народносна, културна, географска и стопанска целина, поради што имаше можност и во условите на тешкото турско ропство, да егзистира. Во периодот на развитокот на внатрешната трговија можеше да се забележи сестран растеж и стопанско јакнење на некои градови, а на прво место на Солун и Битола. Заради тоа стопанскиот подем на Битола беше можен со оглед на нејзината средишна географска положба, благодарејќи на која покрај другото силно ја разви својата трговија во широкиот хинтерланд.

И во новите услови по создавањето на Кралството на СХС, занаетчиството остана основниот фактор во производните дејности на стопанството на градот Битола. Меѓутоа, иако во нови услови сепак битолското занаетчиство задржа многу карактеристики што беа типични во неговиот развиток во Турското царство. Тоа сè уште било уситнето (постоеле околу 75 занаети со над 1.000 дуќани) - ситно стоково производство.[1077]

По завршувањето на војната, занаетчиството беше сериозно погодено, бројно и економски ослабено. Поединци од занаетчиите се иселија од Битола и заминаа во странство или во други места од Кралството СХС. Бидејќи занаетчиството за Битола претставувало

[1076]Д-р Киро Миљовски, Скица за историјата на македонскиот народ, Гласник, V, бр. 1, Скопје, 1961, 1-3 (одделен отпечаток).
[1077]Д-р Теодосије А. Робе, Занатлијства у Битољу, Битољ, 1931, 8.

примарна стопанска гранка, неговото опаѓање сериозно и имано го осеќаше целото стопанство во градот. Одделни занаетчиски бранши (ќурчии, папуџии, опинчари и др.) започнале брзо да пропаѓаат, притиснати од барањата на штофани алишта и други индустриски стоки, што на битолскиот пазар ги носеа големите индустриски претпријатија од Словенија и Хрватска. Затоа кондураџиите беа исправени пред тешка конкуренција од гумените чевли шо ги пласираше „Бата", а шивачите од готовите одела од „Гивар" и тн. Сето ова ќе предизвика опаѓање на бројот на занаетчиските дуќани.

И занаетчиството во Битолските села опадна од истите причини што го притискаа тоа во градот. Плетењето на волнена облека, што ибло развиено во влашките села (во с. Магарево и Трново[1078] со ова се занимавале околу 300 жени), а во село Нижеполе, Маловишта и Гопеш и плетеле чорапи,[1079] килимарството, плетењето на рогозини, кошници, и јажиња и слично, беше притиснато од новите барања и конкуренцијата на индустриските стоки.

Исто така, за опаѓање на занаетчиството влијаело и иселувањето на голем број население од турско потекло, како и новите услови на вооружување на војската. Поради нововоспоставените граници и други занаети беа осудени на изумирање. Абаџиите кои претставуваа симбол на надалеку прочуената „Влашка чаршија" во Битола каде што се среќаваа купувачи на нивните производи дури од Епир или Албанија, беа оставени на живуркање. Слично, беа погодени и ѕвончарите и гребенарите кои сè пласираа во Албанија. Но, и покрај сите тешкотии, занаетчиството во Битола остана примарна стопанска гранка.

За сметка пак на изумрените, се јавуваа нови, дотогаш непознати во Битола (електричари, шофери, бравари, печатари, радиотехничари, водоинсталатери и др.).

---

[1078]Миливој М. Савиќ, Наша индустрија и занати и трговина, дело ВИ, Сарајево, 1937, 220.
[1079]Милена Д. Лапчевиќ, Куќна индустрија, Јубиларни зборник живота и рада СХС 1 XII 1918-1926, Београд, 1928, 141.

Со новопоставените граници, значењето на Битола како голем трговски центар опадна. Неговата улога во трговијата се сведе на одржување на прометот сос токи на едно во споредба со поранешната состојба, сосема мало подрачје. Покрај досега изнесените фактори (границата, војните) што влијаеле на новата положба на трговијата на Битола, влијаеле и следните причини:

-Преориентацијата на Битола и нејзиното вклучување во стопанскиот развиток на Кралството СХС (Кралството Југославија) одеше многу бавно и тешко. Остана само на своите сопствени, локални можности, со растроено од војните и заостанато, примитивно стопанство и откината од природното подрачје, Битола можеше само да назадува. Стопанството во вардарскиот дел на Македонија било многу погодено и заради целосното растројство и сериозните пречки со кои се соочувала трговијата. Трговските односи со Грција и другите соседни земји не биле средени. Врските со Солун, како најзначајно стопанско и трговксо седиште кон кое била ориентирана Битола, биле целосно отежнати. Мерките на државата со кои биле воведени низа ограничувања во извозната трговија придонеле за масовно ширување на шпекулативниот извоз во Грција, особено на добиток.[1080]

Во вардарскиот дел на Македонија, Скопје започна да се развива како нов административно-стопанско-економски центар, истиснувајќи ја Битола, која бидејќи стана пограничен град, ја изгуби својата поранешна непосредна врска со Солун. По создавањето на независната држава Албанија во 1913 година, на Битола ѝ беше пресечена врската со Корча. Од таа страна, трговијата на Македонија, во своето движење кон југ, наидуваше на низа ограничувања кон Србија, Бугарија, Грција и Албанија ги воведуваа во вид на царини при увоз и извоз на македонска стока. Извозната мрежа не била организирана. Во повеќе

[1080]Ристо Христов, Градското стопанство во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Гласник, XXIV/XXV, бр. 1-4, 1988/89.

места, особено од јужните краишта на вардарскиот дел на Македонија, трговијата речиси целосно ја држеле тргвоските куќи од Солун. Обемот на внатрешната и надворешната трговија сѐ повеќе опаѓал.

Базирана само на неразвиено земјоделие и ситно занаетчиско производство, трговијата во Битола мораше да биде оптоварена во добар дел со примитивни форми на организација и промет и со менталитет што не се разликуваше многу од тој во времето на Турција.

По разурнувањата и оштетувањата од војните, во Битола останаа сосема мал број претпријатија што според тогашните норми се сметаа за индустриски, за разлика од занаетчиските претпријатија. Од претпријатијата што како индустриски беа основани во времето на Труција, останаа само неколку, па заради тешкотиите од војните, како и од економски причини што го наметна развитокот во новите услови, некои од нив беа ликвидирани или едвам опстануваа.

Фабриката за ќерамиди и тули по Првата светска војна, не можеше да остане во новите услови. Таа имаше конкуренција од фабриката од подрачјето на Лесковац и др. Автоматската мелница „Драгор" во војните беше тешко оштетена а по завршувањето на војните ја откупи Белградската обединета банка и ја обнови. Фабриката за бонбони и локум основана од Петар Герас од предвоеното производство од 2.000 кгр бонбони и локум, го редуцира на половина, отпуштајќи 25 работници.

Од текстилните индустриски претпријатија, војната го остави само тоа на Стерјо Пикулис во с. Магарево, а и него многу оштетено, па престанало со работа. Производството на шајак во фабриката во с. Дихово, за време на војната машините биле демонтирани и пренесени во Бугарија (Сливен и Габрово). Фабриката за сапун продолжила со работа.

Монополот со тутун бил најголемо претпријатие во Битола и учествува со 66,4 % од вкупно ангажираната работна сила и со 80 % во

бруто продуктот од производството на индустриски култури во пеиродот на првите години по Првата светска војна. По бројот на претпријатијата, Битола е на второ место. Во вардарскиот дел на Македонија по Скопје, кои имало 45, а Битола 9 претпријатија.[1081]

Слободно можеме да заклучиме дека Битола стагнирала односно била вратена назад во споредба со времето од турското ропство, по прашањето на развитокот на индустријата. По војната, Битола останала индустриски неразвиена, всушност неразвиен град во кој преовладувале занаетчиската и трговската дејност.

б) Селско стопанство

Војните од 1912-1918 година катастрофално се одразиле врз земјоделството и на вардарскиот дел на Македонија. Покрај постојаните реквизиции на храна, орудија и добиток што завојуваните страни ги вршеле за потребите на своите војски, со кои било упропастувано стопанството и истоштувани селските маси од градовите и селата на Македонија, поседите останувале необработени и запуштени, исто така и поради мобилизирањето на работоспособното население во редовите на бугарската и српската војска.[1082]

На крајот на Првата светска војна, Битолскиот регион кој со распарчувањето и насилната поделба на Македонија помеѓу балканските држави (Грција, Србија и Бугарија) бил приклучен кон новосоздаденото Кралство на СХС се наоѓал во една голема стопанска истоштеност, со големи човечки загуби, целосна разореност на

[1081]Милан Р. Гавриловиќ, Привреда Јужне Србије, Београд, 1933, 12.
-Коста Сидовски, развитокот на индустријата во НРМ во периодот помеѓу двете светски војни (1918-1941), Економски институт, Скопје, 1960, 91.

[1082]Ристо Христов, Неколку документи на нерасчистените имотно-правни односи во земјоделството на Вардарска Македонија по завршувањето на Првата светска војна, Историја, XXI, 2, 1985, Скопје, 347-355.

материјалните производни сили и огромни штети во сите области на стопанскиот живот.

Земјоделството, кое претставувало основна и најзначајна гранка, било речиси целосно уништено. Огромни штети на земјоделството и на останатите гранки на селското стопанство (лозарството, овоштарството, градинарството) им нанело и мобилизирањето на машкото работоспособно население, во редовите на српската и бугарската војска, поради што огромен број домакинства и имоти останале без работна рака, необработени и наполно запустени. Големи комплекси земја во Округот останаа необработени, земјоделскиот инвентар во голема мерка бил уништен. Еве што забележал Станислав Краков во своето дело „Кроз Јужну Србију“: „селаните се враќаат на своите огништа од кои ги истерале војските и војната, но сè уште стојат необработени стотина хектари плодна земја испреплетена со бодликава жица, избраздени ровови и преорани гранати“.[1083] Војната им ги уништила на селаните имотите, куќите, земјоделскиот инвентар и стопанските згради. „Нема во нашата држава општествена класа, се вели во еден извештај за Битолскиот округ од овие години, која така страшно настрада од светската војна и која заради социјалните реформи е дотерана до питачки стап, како што е тоа случајот со ситните земјоделски поседници во јужните краишта[1084] на Србија.“

Кон сето ова се надоврзуваат и мерките од званичната политика во земјоделството во Кралството на СХС - големите давачки што го оптоваруваа и битолскиот земјоделец, го оневозможуваа неговиот материјален стимулс за поголемо производство.

Селаните ги напуштале домовите (дел од машкото население) и имотите и заминувале на печалба, оставајќи им го сиот имот на жените

---

[1083]Краков Станислав, Кроз Јужну Србију, Београд, 1926

-Цит. од Петар Солаковски во „Колонизацијата во Битолско и Прилепско меѓу двете светски војни, Битола, 1992, 44.

[1084]Ристо Христов, цит. дело, 30.

и децата.[1085] Земјата била обработувана примитивно и нерационално, во најголем број на случаи со дрвено рало.

Уште во текот на војните крупните промени започнале да настануваат и во аграрните односи. Најголемиот дел од поранешните крупни чифлици, сопственост превенствено на турсите поданици, престанале да постојат. Останале и натаму само уште еден незначителен број на чифлици како приватни стопанства од полукапиталистички тип. Земјоделските имоти од кои биле составени чифлиците што престанале да постојат продолжиле како приватна сопственост да ги обработуваат семјествата кои на овие имоти со генерации живееле и ги обработувале. На чифлиците коишто останале како крупни земјоделски стопанства и натаму опстојувале односите што биле воспоставени помеѓу чифликсајбиите и чифчиите и коишто биле карактеристични за поранешниот период. На обработување, под различни услови, на приватните сопственици и семејствата што немале земја или немале доволно земја им биле издавани и помали и поглеми парцели земја во приватна сопственост, а исто така, и имоти во државна сопственост. Запуштени, необработени и непосеани останале и чифлиците. Чифликасајбиите, како сопственици на крупни имоти и на најплодната земја во битолското поле со наближувањето на крајот на војните (а) и пред спознанието (сознанието) дека ќе мора да ја напуштат Македонија, веќе не биле заинтересирани да го организираат производството на своите поседи.[1086]

Сите напори на чифликсајбиите кои се пдоготвувале да ја напуштат Македонија (Битолскиот регион) биле сведени на настојувањето да ја извлечат барем последната материјална корист

---

[1085] Љ. Лапе, Охридскиот округ во 1914 година, „Гласник" на ИНИ, XIII/3, Скопје, 1969, 117.

[1086] Д-р Александар Апостолов: Неколку документи за имотни и други спорови меѓу чифликсајбиите и чифчиите во Вардасрка Македонија по Балкаснките војни, „Историја", V/1, Скопје, 1997, 185.

(полза) од своите имоти и од чифлигарите, за да можат да заминат со што поголемо богатство.

Распаѓањето на чифлигарскиот систем, што започнало уше порано, продолжило уште позасилено. Чифликсајбиите ги распродавале имотите или делови од нив, кои чифчиите уште одамна пред Балканските војни започнале да ги откупуваат според своите материјални можности и секојпат прибирајќи ги нужните парични средства со крајно лишување.

Не располагаме со такви податоци, од кои ќе се види колку земја беше купена на овој начин за целиот Округ во времето од 1912 па до крајот на 1918 година. Но, сепак извесна претстава може да се добие од положбата во Бачката општина, Мариовска околија, за која постојат архивски податоци.[1087] Од Бачката општина се иселиле во Турција 47[1088] сопственици на недвижен имот, оставајаќи ги своите имоти. Некои сопственици успевале да ги продадат,[1089] а оние кои не успеале во тоа, ги оставале напуштени, а потоа селаните од општината почнале да ја заграбуваат, но за кратко, зошто државните власти почнале да прават списоци за напуштените имоти на избеганите Турци. Овие напуштени имоти ќе бидат ограничени за целите на колонизацијата и аграрната реформа.

Српските власти со сите сили настојувале да ги спречат чифчиите да ја присвојат земјата. Органите на штотуку воспоставената

---

[1087]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје, 1966, 51; Види и кај м-р Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919-1941, Битола, 1992, 55.

[1088]М-р Петар Солаковски, цит. дело, 55.

[1089]Селаните од оваа општина купија во 1914, 1915 и 1916 година земја од Турците во вредност од 1.013 златни лири и наполеони, 13.750 златни лева и 1.170 златни динари. Ќе наведеме неколку примери за купопродажба во Бачка општина: Петар Ивановиќ од Леринско, купува во село Гермијан 7 ниви и куќа за 4.000 златни лева, од Бајрам Рамадан на 20. 08. 1916 година; Томас Стефановиќ за една нива дава 8 наполеони на Илијас Керим 13.04.1914 година; Наум Диневиќ купува нива во с. Гермијан за 80 турски лири од Сабије Муса од 3.09.1916 година; Митровиќ М. Коста купила нива во с. Гермијан од 3 ха за 12 наполеони од Шерифа од Битола; Киселац З. Спира од Битола купил земја со површина од 3,5 ха за 200 наполеони во злато од турчинот сали Мефли од Гермијан.

-М-р Петар Солаковски, цит. дело, 56.

српска власт на теренот биле известени дека треба енергично да ги спречуваат чифчиите бесправно да ги заземат имотите. Окружните началства добиле наредба да ги прогласат за неважечки сите купопродажни договори со кои чифликсајбиите им ги продавале имотите на македонските селани.

Аграрната структура затекната во Кралството СХС, претставуваше вистинско шаренило од феудални и полуфеудални, преку слободните ситносопственички до современи капиталистички аграрни односи. Со оглед на таквата состојба на засилените барања на земја и на политичката ситуација која мирисаше на изразито револуционерно расположение на селаните и „Владата мораше брз двоумење да ја одреди... барем својата аграрна политика“, а сите макар малку сериозни политички сили и тоа аграрна и целокупна своја политика кон селанството.

Уште на самиот почеток по создавањето на Кралството на СХС, масовното селско движење во земјата ја застрашувало владејачката класа и таа била подготвена на отстапки пред барањето земја од селаните. За да се смират народните маси и за да се изедначат аграрните односи во целото Кралство на СХС, на 6 јануари 1919 година регентот Александар објавил Манифест, со кој му ветувал на населението преземање чекори за решавање на аграрното прашање, со тоа што ќе се укинат кметствата и големите земјишни поседи, а земјата ќе се раздели на сиромашните земјоделци со правичен надоместок на сопствениците. На прв поглед, тоа изгледало примамливо за широките народни маси, меѓутоа, ветувањето „правично надоместување“ за одземената земја на сопствениците изгледало сомнително. За буржоазијата овој добро пресметан гест значел попречување на првата социјална револуција во создадената

-Ефтим Бојациевски, Аграрното прашање во Македонија и КПЈ, Прелгед, год. IX, бр. 5-6, 1959, Скопје, 1-24.

југословенска држава и доведување до стивнување на револуционерното расположение кај селаните. Тоа позитивно се одразило на зацврстувањето на монархијата во Кралството на СХС. На 25 февруари 1919 година, владата на Кралството на СХС го прифатила нацртот на аграрната реформа и го објавила на 27 февруари истата година, под наслов „Претходни одредби за подготовки на аграрната реформа". Овие одредби станале законска основа за спорведување на аграрната реформа во стара Југославија, како и за колонизаија во вардарскиот дел на Македонија.

Со колонизацијата во Македонија што претставувала составен дел на аграрната реформа на Кралството на СХС, главна цел претставувало разбивањето на компактноста на Македонците и нивната денационализација и асимилација. Српската власт настојувала имотите кои останале без сопственици да ги земе во државна сопственост, препорачувајќи има на своите органи на теренот да ги убедуваат селаните дека овие имоти ќе влезат во составот на аграрниот фонд и дефинитивно ќе им бидат разделени со аграрната реформа.[1090]

Според податоците за издавање на вакките имоти под закуп, посредно може да се заклучи дека државата сепак не допуштала безсопственичките имоти да бидат земени од нивните поранешни обработувачи.

Сточарството како многу важна стопанска гранка на Македонија, а со тоа и на Битолскиот реигон претрпе чувствителни загуби поради безраузимното колење за исхранување на војските и населението како и поради невозможноста за префрлање на стадата овци во зимските месеци од планините во топлите рамнини и јужните приморски краишта.

---

[1090]Д-р Александар Апостолов, Колонизацијата во Македонија..., 59-61.
-Ефтим Бојаџиевски, цит. дело, 1-24.

Катастрофално врз сточарството како и врз сето стопанство се одразиле за време на 1912/18 година како и постојаните воени операции и дејствија како и воено-политичките мерки на Србија и другите завојувачки страни. Сите окупаторски војски што претстојувале и поминале преку територијата на Македонија вршеле реквизиции на стока и сточни производи за потребите на своите војски чие издржување паѓало со сиот товар врз грбот на недолжното македонско население и особено врз селанството, но ниту една од завојуваните страни не вршеле реквизиции во таков обем како што тоа го правел бугарскиот окупатор. Уште веднаш по окупацијата на Македонија, бугарскиот окупатор во сите околиски центри формирал реквизициони комисии.

Сточарството како многу важна стопанска гранка претрпе чувствителни загуби поради колење за исхранување на војските и за реквирирање. Познатиот д-р Арчибалд Рајс, по три години од завршувањето на војната, го посетил и Битолскиот регион и еве што забележал: „Во поглед на стоката последиците од војната сè уште се осеќале. Така на многу места од стоката остана десетти дел од пред војната. Така во селото Кенали, Битолска околија, пред војната имало 620 волови и бикови, за време на војната 40, додека денес има 622. Пред војната имало пак 2.500 крави, за време на војната 300, а сега 644. Пред војната во селото имало 300 коњи, за време на војната 5, а денес 47.“[1091] Во Мариовско за време на војната биле уништени 50.000 грла овци, 100.000 кози, 10.000 крупен добиток.[1092]

Во Кралството на СХС, по земјоделството, сточарството претставувало најважна стопанска гранка. Во некои краишта тоа заземало исто место со земјоделството, а некаде го надминувало. Иако сточарството во вардарскиот дел на Македонија било поразвиено од

[1091]Д-р Рајс, А., Економско стање у Јужној Македонији, Нов живот, година VI, 1921, 351.
[1092]Мариово, Зборник, Прилеп, 19.., 31.

другите покраини на државата, сепак било забележано дека постоеле осетни недостатоци во поглед на расата, здравствената состојба, како и начинот на одгледувањето на добитокот. Прашањата за откуп на пасишта, ветеринарната служба и вкрстосувањето на расите биле три неповолни моменти, на кои државата не им посветувала внимание.[1093]

[1093] Економски преглед, Јужни преглед, Скопје, Гласник, XVIII, број 2, 1974, 171-176.

# ЗАКЛУЧОК

Балканските војни предизвикаа крупни последици во историјата на македонскиот народ, како во општествено-политичка, национална, така и во економска смисла. Со заграбувањето и поделбата на неговата етничка територија, со раскинувањето на природните етнографски граници на Македонија, се влошија и се усложнија можностите во натамошната борба за национално ослободување. Македонското национално-ослободително движење, со воспоставувањето на вештачките граници, ќе мора да ја приспособува натамошната борба врз нови реални основи и да бара сојузници во други политички сили, како и во обратна насока.

Српската власт во „новоослободените краишта“ вовела воено-полициски режим, со сите карактеристики на окупација и колонијален третман. Бил воспоставен посебен воено-полициски систем со воведување на практиката на специјални уредби, со што граѓаните во новите краишта биле изземени од српскиот Устав. Воено-полицискиот фактор играл првостепена улога во целокупниот општествено-политички систем во вардарскиот дел на Македонија.

Да се спротивставаат на воведениот режим во вардарскиот дел на Македонија, Македонците можеле само надвор од својата татковина. Тоа и го правеле, посебно одделни групи на Македонци во Русија и во Швајцарија кревајќи глас против режимите во Македонија по нејзината поделба, поднесувајќи истовремено и писмени протести до европските влади, до меѓународните органи и до други асоцијации. Меѓутоа, сето тоа немало некој посебен одраз и ефект. Завојувачите на Македонија го вршеле тоа што со години го планирале.

Српската влада, како носител на тенденциите на српската буржоазија, настојува во што пократок рок да ги среди и просветните

услови во заземените земји. Поради немањето доволно финансиски можности да постави основни учители, голем број основни училишта не се отворени во учебната 1913/14 година.

Македонските деца во училиштата мораат да го изучуваат српскиот јазик како и српската историја во сите отворени српски државни училишта. Наставата по сите предмети се изведува само на српски јазик. Со тоа почнува нов процес на денационализација и асимилација на македонскиот народ. Основната цел на српските власти во системот на просветата била денационализација и асимилација на младината.

Српскиот режим во времето на воспоставувањето и одржувањето на нивната власт која по своите карактеристики била власт на носители на една тотална и беспоштедна чисто колонијална експлоатација на стопанските и духовните блага на македонскиот народ.

По Балканските војни во Битолскиот регион настапи стагнација во целокупниот стопански живот. Започнаа видливо и секодневно да се манифестираат потресите во битолското стопанство. Започна многу бргу да опаѓа бројот на населението поради масовно иселување на Турците и поинтензивно одење на Македонците на печалба.

За Битола и Битолско во нејзиниот општествено-економски развиток, најтешко-катастрофално значење имаше поставувањето на државната граница помеѓу Србија и Грција како и помеѓу Србија и Албанија, во нивна близина.

Поставувањето на државната граница на 15 километри јужно од Битола го отсече градот од неговиот природен хинтерланд Костурско и Леринско и ги прекина неговите врски со Солун. На запад природните текови на економските односи беа прекинати со релативно блиската граница, па подрачјето на Албанија исчезна во трговијата на Битола. Покрај тоа, распарчувањето на Македонија ги раскина со векови

создадените врски, а делот што остана во Србија не можеше да го надомести интензитетот на економскиот развиток од порано. Битола го изгуби средишното место што природно го имаше во Турската империја. Сето тоа предизвика нов упадок на стопанството во градот и околијата. Со иселувањето на голем дел од Турците, се намали бројот на населението и требаше да се вршат крупни структурни измени во низа занаетчиски и земјоделски дејности, односно во трговскиот промет. Од друга страна, губењето на природниот хинтерланд ја намали трговијата во Битола и ги одзеде изворите на суровини, односно потрошувачките центри за производните дејности на градот и неговото подрачје. Затоа некои занаети пропаѓаат. Слично е и со поситните трговци. Појавата на безработицата станува сè поголема и затоа излез се бара во заминување на печалба во туѓина.

За време на Првата светска војна (1914-1918), Македонија била претворена во арена на одделни воени пресметки (нарекувани во историографијата како Балкански, односно „македонски театар").

Битола и Битолско ќе се најдат во средиштето на воените жаришта така што ќе станат интересна сфера на Балканските и на Европските воено-дипломатски и политички интереси. Во текот на војната на нејзината територија се одиграле значајни битки и дипломатско-политички пресметки меѓу двата спротивни блока. На тлото на Битолскиот регион се одигруваше Македонскиот фронт, создаден на крајот на 1915 година, кој траеше сè до крајот на војната кога Битолскиот регион беше поделен на два дела, под два окупатори. Големото присуство на војските од едната и од другата страна паднала делумно врз плеќите на македонскиот народ.

Речиси без никаква претходна воено-техничка подготовка, српските власти регрутираните Македонци ги испраќала во првите редови на фронтот против Австро-Унгарија. Битолската дивизиска област дала најмногу регрути околу 25.337, или скоро половина од сите

мобилизирани од вардарскиот дел на Македонија (каде беа мобилизирани 53.088 младинци). Македонците во повеќето случаи биле регрутирани во пешадија, па затоа таму жртвите биле помногубројни. Така Македонците ги оставале своите коски на воените полиња за кои не се знае точната бројка на загинатите.

И бугарските власти со своето пристигнување во вардарскиот дел на Македонија извршиле масовна мобилизација. Слично како и Србите и тие пристапиле кон присилна мобилизација на македонското население. Се смета дека во бугарската војска имало над 50.000 македонски обврзници, вклучувајќи ги и бегалците и мобилизираните Македонци од пиринскиот дел на Македонија.

Така, Македонците како војници во српската или бугарската војска се наоѓале на двете страни на фронтот, а војувајќи против своја волја се убиваа меѓу себе за сметка на едните или другите поробувачки страни. Голем број на Македонци на најразлични начини успевале да го одбегнат учеството во војната и да не им послужат на своите господари.

На почетокот на Првата светска војна посебно место му се придаваше на прашањето за Битола. Во политиката на големите сили, а посебно на Србија, Бугарија и Грција при поделбата на Македонија, Битола го имаше клучното место.

Почетокот на војната внесувал уште поголем немир во растроената општествена и стопанска положба на Битола а сето тоа водеше до уште потешка положба на населението. Градот уште од самиот почеток беше претворен во голем воjнички центар и веројатно со најголем санитетски воен центар.

Во октомври 1915 година Бугарија им се придружи на Австро-Унгарија и на Германија стапувајќи во војна против Србија. За неполни два месеци во реваншистичката војна против Србија, бугарските единици ја окупираа цела територија на Македонија што

дотогаш била под власта на Србија, вклучувајќи ја и Битола со нејзината околија (ноември 1915 година). Со заземањето на Македонија, а со тоа и на Битолскиот регион, бугарските окупатори веднаш започнале со организирање на граѓанско-административна управа во вардарскиот дел на Македонија, одредувајќи главен губернатор во т.н. „Македонска воено-инспекциска област" (МВИО) со седиште во Скопје.

Бугарите на секој начин се стремеле пред населението да се прикажат како ослободители и кај народот да остават впечаток дека како нивни ослободители ќе ја подобрат положбата и дека за разлика од Србите, тие ќе бидат многу подобри. Меѓутоа, и бугарската армија и администрацијата постапувале со македонскиот народ како што обично не се постапува со ослободени народи.

Битолскиот регион во својот јужен дел кој бил расположен непосредно до фронтовската линија од есента 1916 годиа па до крајот на војната фактички немаше граѓанска власт. Практично на просторот од Регионот била и самата фронтовска линија. Кога во ноември 1916 година Битола е реокупирана од француските, српските, италијанските и руските војски, Битолскиот регион ја доживеал својата најтрагична судбина, зашто бил поделен на две окупациони зони. Битола и селата од јужниот и југоисточниот дел беа под окупација на силите на Антантата, а останатите села од северната и северо-источната страна под бугарско-германските сили.

Битола, првиот „ослободен град" на Кралството Србија, сè до крајот на војната не престана да биде центар на воени дејствија. Сè до 1918 година градот беше на првата борбена линија. Фронтот беше блиску до него бидејќи изморените српски војски заедно со силите на Антантата не можеле да го исползуваат неговото ослободување и да ги гонат бугарско-германските сили, туку запреле во Битола.

Веднаш со влегувањето на македонската територија, бугарската војска реквирирала големи количини прехрамбени производи и разни други предмети. Најчесто бугарските единици од почетокот па сè до крајот на војната, вршеле „откуп без да им исплаќаат надоместок на сопствениците". Под удар на реквизицијата спаѓал целокупниот имот на населението. Сè што било потребно за окупаторската војска можело да биде реквирирано.

Со реквизиција за потребите на војските и со изгладнување на голем дел од добитокот и одземањето на колите, најважното орудие за производство во најголемата стопанска гранка, земјоделството воглавно беше уништено. Најголем товар од војната врз селото на реокупираната територија претставувало реквирирањето на зградите по селата каде биле сместени војниците на силите на Антантата.

За цело време на војната македонскиот народ бил подложен на дотогаш невидени ангарии и принудна работа. Преморено и гладно население, речиси од детска возраст па до длабока старост било принудено и испратено да поправа и гради јавни објекти потребни за комуницирање на окупаторските војски низ вардарскиот дел на Македонија. Во некои села на Битолскиот регион дури и жените биле принудени со ангарија да градат воени утврдувања. Населението од битолските села кое учествувало во градењето на железничката линија Прилеп-Кажани ја нарекувало „железница на крвта и ужасот".

По заземањето на дел од Македонија од страна на Србија, српските власти интернирале „бугараши" и обратно кога на местото на српската власт во Македонија ќе дојдела бугарската, таа интернирала, грабела и убивала „србомани", а и двете вршеле насилија над македонскиот народ. Во Битолскиот регион од страна на Бугарите посебно било интернирано населението од влашките села Гопеш и Маловиште.

За време на војната иљадници Македонци подлегнале на гладот, болестите и физичка исцрпеност и воените опустошувања. Во повеќето села во реокупираниот дел од Регионот храна имало многу малку, а и онаму каде што се давала, таа била недоволна. Завладеа глад што погоди голем број луѓе од Регионот. Населението се собирало околу воените единици за да добие минимална исхрана. Се појавила голема сиромаштија на населението. Снабдувањето со најосновните прехрамбени артикли одело многу тешко, и доколку ги имало на пазарот нивната цена била многу висока и мал број на луѓе можеле да ги купат.

Грабежот бил присутен за време на целиот период на војната. И едните и другите „ослободители" вршеле претрес на куќите, грабале, одземале сè што ќе им се допадне, особено храна.

Населението од селата во реоните помеѓу Острово и Кајмакчалан, помеѓу Лерин и Битола и на завојот на Црна Река, речиси целосно било раселено и евакуирано во појужните села или во градските центри. Раселени и евакуирани се и селата вдолж фронтовската линија која го делела Регионот на две различни окупациони зони. Постојаната опасност што висела над Битола и над 30 битолски села, влијаело во Регионот да се создаде неиздржлива состојба во сите сфери на животот. Мнозина Битолчани и жители на битолските села го напуштале градот и селата, и во бегство го барале излезот од таквата неподнослива положба наметната со реокупацијата. Од реокупираната територија на Битолскиот регион биле евакуирани 23 села. Биле опожарени повеќе села, а некои од нив во текот на војната и засекогаш исчезнале (Градилово, Букри, Горно Егри, Петалино, Снегово).

Со бомбардирањата и пожарите разурнат е значителен дел од градот и некои села. Покрај опустошувањата и живеалишниот фонд и на останатите материјални имоти од национално богатство,

македонскиот народ дал огромен број човечки жртви. Рапидно опаднал бројот на градското, пред сè активното население. Пописот од 1921 година утврди дека Битола има само 28.418 жители т.е. за само 8 години смален е бројот за околу 20.000 луѓе или за околу 40%. Голем број Турци поради различни причини ја напуштиле Битола и селата и се иселиле во Турција. Работоспособноста на сето население е намалена; психофизичката исцрпеност на населението како резултат на шестгодишните војни и ограбувањето на неговите основни материјални средства за живот, биле услов за катастрофално покачување на смртноста, особено кај старите и децата.

Битола во текот на Првата светска војна настрада повеќе од сите други градови во Македонија. Затоа со поставувањето на новите државни граници во непосредна близина на градот, битолското подрачје е откинато од неговиот природен хинтерланд со кој чинеше единствена географска и економска целина, па затоа дојде до прекин на врските со Јужна и Средна Албанија и излезот на Јадранското Море, како и тие со Лерин, Костур, Воден и Солун и излезот на Егејско Море.

Поради недоволно и неквалитетно обработување на земјата и десеткувано сточарство како и поради затворање на дуќаните додека траеле воените дејствија, и селското и градското население економски беше истоштено, осиромашено.

Вештачки поставената гранична линија во непосредна близина на градот ја уништиле и нејзината стопанска интегралност.

Урнати беа и уништени малубројните фабрики и занаетчиски дуќани; селата Трново и Магарево беа до темели разурнати од артилериските двобои, а во тоа ги снема и текстилните претпријатија; истото стана со текстилната фабрика во с. Дихово чии машини бугарскиот окупатор во 1915 година ги демонтирал и ги пренел во Бугарија; тешко биле уништени и брусничките мелници за жито; во градот поради бомбардирањата, пожари и иселување, занаетчиските

дуќани биле десеткувани. Во такви неповолни услови опадна и значењето на Битола како голем трговски центар. Нејзината улога во трговијата, во споредба со поранешната, се сведе на одржување на промет со стоки на сосема мало подрачје.

Земјоделството кое претставувало значајна стопанска гранка било речиси целосно уништено. Огромни штети на земјоделството и на останатите гранки на селското стопанство им нанело и мобилизирањето на машкото работоспособно население, поради што голем број домаќинства и имоти останале без работна рака, необработени и наполно запустени.

Градот Битола и неговото подрачје на крајот од Првата светска војна, беше вратен во состојба на повеќе децении назад, што беше дотолку потешко бидејќи не постоеше перспектива за нејзино брзо позитивно менување. По завршувањето на Првата светска војна, Битола и дел од нејзината околија се најдоа на територијата на Кралството СХС. Градот со својата околија станал периферна област и бил подложен како и целиот вардарски дел на Македонија на чисто колонијална експлоатација од поразвиените стопански области на Кралството СХС.

Првата светска војна 1914-1918 година беше најголемата несреќа во поновата историја на Битола, а нејзиниот крај во потполност ја запечати судбината на градот и неговото подрачје. Последиците од големите воени опустошувања и урнатини и намалувањето на бројот на населението, непоправливо за долго време го погодија целокупниот економски и стопански живот на Битола. Со тоа во потполност се изменија и влошија условите за неговото понатамошно опстојување во новото Кралство на СХС.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I. ИЗВОРИ

а) необјавени

1. Архив на Македонија, Скопје

   -Фонд Македонска воено-инспекциска област (1916-1918).

   -Фонд Секретаријат за надворешни работи на ФНРЈ.

   -Фонд Кралско српско посланство во Лондон.

   -Фонд Министерство за внатрешни работи на Кралството Србија.

   -Фонд Пелагониска егзархиска митрополија.

   -Фонд Околиско-занаетчиска комора (1912-1964), П. О. Битола.

   -Фонд Богоја Фотев, П. О. Битола.

   -Фонд Данабаш.

   -Фонд Les Archives du Ministère des affaires - Etrangeres-Paris, Guerre 1914-1918.

2. Архив на Институтот за национална историја, Скопје

   -Фонд Врховна команда, Сл. IV, 405.

   -Фонд Владини комесари Србије (1916-1920).

   -Фонд Трета армиска област.

   -Фонд Министерство за внатрешни работи на Кралството Србија, Крфска полициска архива.

   -Фонд Кралско посланство во Лондон.

   -Трбиќ Василије, војвода велешки, Мемоари, Каиро, 1944 (ракопис).

3. Централен държавен архив, София

-Фонд 313, оп. 1, а. е. 2272, 2278, 2295, 2416.

-Фонд 260, оп. 4, а. е. 203, 74, 39, 148, 144, 118, 148.

-Фонд 771, оп. 1, а. е. 106.

-Фонд 1909, оп. 2, а. е. 263.

-Фонд 1932, оп. 4, а. е. 56.

4. Централен партиски архив, София

-Фонд Ал. П. (необработен)

5. Научен архив на БАН, София

-Фонд 57 к. Димитар Танчев

б) објавени

Велики рат Србије за ослобоћење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 1926-1929, издање Генералштаба бивше југ. војске.

Veritas, Македония подъ иго 1919-1929. Документи и свидетелства, София, 1931.

Грчката војска по Балканските војни од 1912-1913, том V, 1. Атина, 1934-ИНИ Скопје, Сл. IV, 178.

Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 година Краљевина Југославија. Општа државна статистика, Сарајево, 1932.

Дипломатически документи по наместа на Българя въ Европейската война, том I-II, София, 1920.

Докладъ на Карнегиевата комисия по войните презъ 1912-1913 година, свитокъ 63, София, 1914 година.

Докладъ на парламентарната испитателна комисия, том I, София, 1918 година.

Документи за борбата на макееоднскиот народ за самостојност и за национална држава, том II, Скопје, 1981 година.

Документи за оштетувањата и грабежите на цркви и манастири на територијата на Македонија во Првата светска војна, извод, превод и коментар на Ѓорѓи Димовски-Цолев и Ѓорѓи Грамосли, Битола, 1985 година.

Записници седнице Министарског савета Србије 1915-1918, Београд, 1976, приредили: Драгослав Јанковиќ и Богумил Храбак.

Зборник на документи за создавање на македонската државност (1893-1944), редакција Александар Христов, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 1970.

Зборник Уредаба за новоослобоѓене и присаједињене области, Београд, 1915.

Историска вистина. Документи, статии, резолуции, апели и публицистички прилози. 1896-1956. Избор и редакција: Перо Коробар, д-р Орде Ивановски. Култура, Скопје, 1981.

Janković Dragoslav-Krizman Bogdan, Građa o stvaranje jugoslovenske države (1-20. XII 1918), I, II, Beograd, 1964

Кесяков, Д. Р. Б. Приносъ към дипломатическаја история на Българя 1878-1925 София, 25.

Лапе Љубен, Одбрани тесктови за историјата на македонскиот народ, втор дел, трето дополнето и проширено издание, Скопје, 1976.

Les Armées françaises dans la Grande guerre, tom VIII, Annexes, Paris, 1933, издање француског Генералштаба.

Рахтиван, Константин, Д., Документи и белешки од првата грчка власт во Македонија (1912-1913), Солун, 1952 (превод од грчки на македонски јазик).

Sarrail, général, Mon Commandement en Orient (1916-1918), Paris, 1920-Annexes.

Тодоровски Глигор, Документи за просветната политка на српското Кралство во Македонија (1912-1915), Гласник ИНИ, г. XII, 3, Скопје, 1968.

Тодоровски Глигор, Извештај за Битолскиот округ од 1913, Историја, год. X, I, 1, Скопје, 1974.

Тодоровски Глигор, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни 1912-1915, Прилог на документи, Скопје, 1975.

Тодоровски Глигор, Српски извори за историјата на македонскиот народ (1913-1917), ИНИ, Скопје, 1981.

Тодоровски Глигор, Српски извори за историјата на македонскиот народ (1912-1914), Скопје, 1979.

## II ЛИТЕРАТУРА

Абаџиев Ѓорѓи, Балканските војни и Македонија, Скопје, 1958.

Аврамовски Живко, Определувањето на Бугарија кон Централните сили во Првата светска војна, Гласник XXIII, 1, Скопје, 1979,

Алимпиќ Миливоје, Солунски фронт, Белград, 1967.

Алманахъ, Царство Българя, 1917, Лайпциг.

Анѓеловиќ Д., Чиновништво и офицери у Јужној Србији, Нов живот, књ. 5, Београд, 1912.

Апостолов Александар, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите на Конституантата, 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1962, кн. 13.

Апостолов Александар, Колонизацијата во Македонија во Стара Југославија, 1966.

Апостолов Александар, Струи, влијанија, организации, партии во Македонија во период на создавањето на Кралството СХС, Гласник на ИНИ, година VI, 1-2, Скопје, 1962.

Апостолов Александар, Злетовската област, Скопје, 1974.

Апостолов Александар, Неколку документи за имотни и други спорови меѓу чифликсајбиите и чифчиите во Вардарска Македонија по Балканските војни, Историја, V, 1, Скопје, 1979.

Апостолов Александар, Елаборат од француско потекло од 1916 година за Балканот и автономијата на Македонија, Делчево, 1982.

Apostolski Mihailo, Strategiski i politički značaj Solunskog fronta, Naučni skup u povodu 50-godišnjice raspada Austro-Ugarske monarhije i stvaranje jugoslovenske države, Jugoslovenska akademija znanosti i umetnosti, Zagreb, 1969.

Бартош Милан, Меѓународно јавно право, Београд, 1951.

Белчевски Јован, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1985.

Бирман М. А., Революционная ситуация въ Българии 1918-1919 год., Москва, 1957.

Битоски Крсте, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915-1918), Гласник на ИНИ, IV, 1-2, Скопје, 1960.

Битоски Крсте, прилог кон проучувањето на битолските еснафи и нивната општествена улога во XIX век, Гласник, бр. 1, Скопје, 1966.

Битоски Крсте, Дејноста на битолската митрополија, Скопје, 1969.

Бојановски Диме, агр. Џонов Кирил, Пемовска Ана, Развитокот на земјоделството во Македонија, Скопје, 55.

Бојаџиев Петар, Здравството во Битола низ векови, Битола, 1992.

Бојаџиевски Ефтим, Аграрното прашање во Македонија и КПЈ, Преглед, год. IX, бр. 5-6, Скопје, 1959.

Brancoff D. A., La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 1905.

Буждар Вјекослав, Воќарство, Споменица 25-годишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937.

Буково, Битола, 1981.

Васиљевиќ-Хаџи Јован, Град Битољ, Београд, 1911.

Велс Т. Х., Историја света, Београд.

Вендел Херман, Борба Југословена за слободу и јединство, Београд, (без. год.).

Влахов Туше, Отношенияата между България и Централните сили по време на войните 1912-1918, София, 1957.

Vojna enciklopedija, drugi izdanje, tom IX, Beograd, 1975.

Воспитанието и образованието во Битола, Битола, 1990.

Vrčinac Julijana, Kraljevina SHS od ujedinjenja do Vidovdanskog procesa, Beograd, 1956.

Vrčinac Julijana, Naša najnova istorija 1919-1945, Beograd, 1966.

Всемирная история, том VII, Москва, 1960.

Вујичиќ Ант. Милорад, Речник места у ослобоѓеним областима Старе Србије, Београд, 1914.

Гавриловиќ Р. Милан, Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији, Скопље, 1931.

Гавриловиќ Р. Милан, Привреда Јужне Србије, Београд, 1933.

Ганчевъ Александар, Войните презъ Третото българско царство, София, без. год.

Гимназијално образование во Битола, Битола, 1965.

Гиргинов Александар, Отъ война към мир, София, 1937.

Гледовиќ, Ратковиќ и други, Србија и Црна Гора у Првом светском рату, Цетиње, 1975.

Годините од Првата светска војна од Битола и Битолско во новооткриена автобиографија, Прилози, Битола, 1985, бр. 42. (д-р Александар Стерјовски)

Ѓорѓевиќ К. Милан, Србија и Југословени за време рата, Београд, 1922.
Гоцев Димитар, Националноослободителната война въ Македония 1912-1915, София, 1981.
Грашевиќ Ј., Индустрија Србије и Црне Горе, Загреб, 1924.
Грујовски Трајче, Битола, Битола, 1971.
Гудац Жарко, Из новије политичке историје, Београд, 1971.
Дедијер Јефто, Нова Србија, Београд, 1913.
Дедфалер Ф., Сточарство споменица 25-годишњице ослобоѓења Јужне Србије, Скопље, 1937.
Димевски Славко, Историја на македонската православна црква, книга III, Скопје, 1989.
Димевски Славко, Црковната историја на македонскиот народ, Скопје, 1965.
Димески Димитар, Македонското национално-ослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), второ издание, Скопје, 1982.
Димески Димитар, Економските прилики во Битолскиот вилает во последната деценија на XIX и почетокот на XX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, книга 5-6 (31), 1979/80.
Димитријевиќ Мита, Привреда и трговина у Новој Србији, Београд, 1913.
Димитровски Димитар, Бунтот на регрутите во Битола 1919, Архив на ИНИ (ракопис), Скопје.
Димитријевич Д., Союз Болгарии с Германие перет судом свабодной России, Петроград, 1917.
Димовски Ѓорѓи-Цолев, Павловски Борис, Непокорени, Битола, 1982.
Димовски Ѓорѓи-Цолев, Битолските Евреи, Битола, 1993.
Димовски Ѓорѓи-Цолев, Писма, Гласник на ИНИ, година XI, 3, Скопје, 1967.
Динев Ангел, Политичките убиства во Бугарија, Скопје, 1951.

Дихово, Битола, 1985.

Другите балкански војнй, София, 1995.

Дървингов Петър, История на Македоно-Одринското опъолчение, том II, София, 1917.

Дървингов Петър, Действията на 11-та пехотна Македонска дивизия од Криволак до Богданци 1915 година, София, 1920.

Думбалаковъ Михаил, Презъ пламвците на живота и революцията, том III, 1929.

Edmond Bouchier de Belle, La Macédoine et Les Macédoniens, Paris, 1922.

Екмечиќ М., Ратне циљеве Србије 1914, Србија, Београд, 1973.

Jofr, Ratni memoari, Beograd, 1956.

Зборник, Македонија во војните 1912-1918, Скопје, 1991.

Зебиђ М., Унутрашња колонизација у вези аграрне реформе, Алманах удружења правника, Београд, 1920.

Зографски Данчо, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје, 1967.

Иваниќ Иван, Македонија и Македонци, она земља и народа, II део, Нови Сад, 1908.

Илиевски Доне, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972.

Историја дипломатије, свеска II, Дипломатија новог доба (1872-1919), у редакцији В. П. Потемкин, Београд, 1949.

Историја Југославије, група автори, Београд, 1973.

История Югославии, том I, Москва, 1963.

История на България, том II, София, 1955.

Историја на државите и правата на југословенските народи, Београд, 1972.

Историја на македонскиот народ, книга II, Скопје, 1969.

Историја на македонскиот народ, книга III, Скопје, 1969.

История Первой мировой войный, том II, Москва, 1975.

Јанев Јован, Прилог кон развитокот на работничкото движење во Битолскиот округ во текот на 1919 година, Гласник, XXVI, 1, Скопје, 1982.

Јанковиќ Драгослав, Србија и југословенско питање 1914-1915, Београд, 1973.

Janković Dragoslav, Jugoslovensko pitanje i Krfska deklaracija 1917 godine, Beograd, 1967.

Jaranoff D., La Macédoine économique, Sofia, 1933.

Јелиниќ Ѓурѓе, Нова Србија и Југославија, Београд, 1923.

Јовановиќ М. Јова, Стварање заједничке државе СХС, I-IV, Београд, 1928-1930.

Јовановиќ М. Јова, Дипломатска историја нове Европе, II, Београд, 1938.

Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983.

Jovanović Petar, Geografski položaj i komunikacije Južne Srbije, Nova Evropa, kn. XI, Zagreb, 1924.

Йованов М. и Хаџиева, Свидетелства за българската военно-административна власт въ Македония презъ Балканските войни 1912-1913 година, Военно-историски зборник, година 57, книга II, София, 1988.

Катарџиев Иван, Антантата и македонското прашање во текот на 1918 година, Гласник, VIII, 2, Скопје, 1969.

Катарџиев Иван, Време на зреење, книга I, Скопје, 1977.

Катарџиев Иван, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје, 1961.

Katardziev Ivan, Makedonsko pitanje u odnosu Antantine saveznika u toku 1918, Istorija XX veka, Zbornik radova, VIII, Beograd, 1966.

Кнежевиќ Ѓорѓе, Смилевиќ Богдан, историја најновијег доба, Београд, 1974.

Кнчов Васил, Македония, етнология и статистика, София, 1900.

Kolak S. Vasa, Solunski front, Novi Sad, 1957.

Комадиниќ Милан, Зирад банка, Београд, 1913.

Комадиниќ Милан, Аграрно-правни односи нове Србије, Београд, 1914.

Костадиновски Драги, Вардарскиот дел на Македонија под јурисдикција на српската православна црква (1919-1941), (магистерски труд), Скопје, 1991.

Константинов Христо Душко, Првата светска војна, прилози, бр. 2, 1969.

Константинов Хр. Душко, Печалбарството, Битола, 1964.

Константинов Хр. Душко, Константинов Хр. Милош, Цингаровски Коста-Кочо, Хроника на Битолско Лавци, Битола, 1969.

Константинов Хр. Милош, Битолски Евреи, Прилози, бр. 1, Битола, 1960.

Константинов Хр. Милош, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1961.

Костиќ Н. Коста, Наши нови градови на југу, Београд, 1922.

Костиќ Н. Коста, Стара српска трговина и индустрија, Београд, 1904.

Котески Ѓорѓи, Логоварди, Битола, 1985.

Крстевски Александар-Кошка, Богоја Фотев, Скопје, 1998.

Крстиќ Ѓорѓе, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928.

Лазаров Лазар, Расправите во парламентот во Кралството Југославија околу Македонија и Македонците, Гласник, XXXIII, 3, Скопје, 1989.

Ламушевъ, полковник, Петнадесет години балканская история (1904-1918), София, 1930.

Лапе Љубен, Активноста на главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија (1918-1919) и документацијата за тоа., Гласник, бр. 1, Скопје, 1965.

Лапе Љубен, Патувањето на Василиј Васиљевич Водовозов во Вардарска Македонија во 1914 година и неговите впечатоци, Гласник, XX, 3, Скопје, 1976.

Лапе Љубен, Една промоција од 1918 година на професорот Григорие Ташковиќ, Прилози, X, 1, МАНУ, 1979.

Лапе Љубен, Охридскиот округ во 1914 година, Гласник, XIII, 3, Скопје, 1969.

Лапчевиќ Д. Милена, Куќна индустрија, јубиларни зборник живота и рада СХС, 1.12.1918 година, Београд, 1928.

Левентал Зденко, Швајцарац на Кајмакчалану, књига о доктор Рајсу, Београд, 1984.

Larher M., La Grande guerre dans les Balkans, Paris, 1929.

Les Armées françaises, tom VIII.

Лојд Џорџ Д., Ратни мемоари, Београд, 1931, књ. I.

Lukač Dušan, Radnički pokret u Jugoslaviji i nacionalno pitanje 1918-1941, Beograd, 1972.

Македония като природно и стопанско цяло, София, 1945.

Македонец-бел терор во Македонија, Македонски глас, ИНИ, Скопје, 1968, бр. 2.

Македонски конгрес во Америка, Македонски глас, ИНИ, Скопје, 1968, бр. 6.

Маневиќ Тодор, Регрути Јужне Србије, Споменица 25-годишњице ослобоѓење Србије 1912-1937, Скопје, 1937.

Мариово, Прилеп, 1992.

Марјановиќ М., Лондонски уговор од 1915, Загреб, 1960.

Марков Георги, Голямата война и българският ключ за европейския погреб 1914-1916, София, 1995.

Марковиќ К. Свето и Ивановиќ Јаков, Школство Јужне Србије од 1912-1937 година, Споменица 25-годишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937.

Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954.

Меморандум на Македонците до владите и општественото мислење на сојузните балкански држави, Македонски глас, бр. 1.

Милевиќ В., Струмица и Валандово, Ниш, 1915.

Миљоски Киро, Скица за историјата на македонскиот народ, Гласник, V, 1, Скопје, 1961.

Милојевиќ Ж. Боривоје, Насеља српских земаља, књига XXI, Београд, 1921.

Милетич Л., Документи за противобългарските действия на србските и грцките власти во Македония презъ 1912-1913, София, 1925.

Милетич Л., Пътешествие изъ Македония, Архив на ИНИ, Сл.3, 88, Скопје.

Миниќ Божидар, Бомбардовање Битоља 1916-1918, Историјски гласник, бр. 1-2, Београд, 1967.

Миноски Михајло, САД и Македонија, Скопје, 1994.

Миноски Михајло, Федеративната идеја во македонската политичка мисла 1887-1918, Скопје, 1985.

Минчев Д., Четите на ВМОРО във войната срешчу Србија презъ 1915, Исторически преглед,XLVII, 4, София, 1991.

Митрев Димитар, Пиринска Македонија во борба за национално ослободување, Скопје, 1950.

Митревски Живко, Синдикалното движење во Битола (1900-1944), Битола, 1995.

Михајловиќ К. и други, Стопанството во НР Србија, во делот Производне односе НР СРбије, Београд, 1953.

Моша Пијаде, Слободна Македонија у братској заједници југословенских народа, Зборник одбрани статии.

Недев Н., България въ световната война 1915-1918, София, 1925.

Недиќ Г. Милан, Српска војска и Солунска офанзива, Београд, 1932.

Обрадовиќ С. Драгомир, Просветне прилике у Јужној Србији, Историјски преглед, Скопје, 1925.

Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1895-1914), ИНИ, Скопје, 1962 (в. Радничке новине бр. 82, 8.4.1914 година).

Опачиќ Петар, Солунска офанзива, 1918, Београд, 1978.

Опачината на ослободителната војна од В. В. Водовозов, Македонски глас, ИНИ, Скопје, 1968.

Паулова Милада, Југословенски одбор, Загреб, 1925.

Пељски К., Македонскиот и бугарскиот национален идеал, Македонски глас, бр. 10.

Пешиќ Петар, Солунски фронт-војно политичка акција, Београд, 1921.

Периќ Миодраг, Историско-правните аспекти на односите помеѓу српската и македонската православна црква, Скопје, 1998.

Пизари Фери, Српска драма-октомври 1915-мај 1916, Скопје, 1917.

Политически речник, София, 1956.

Поп Лазаров Ристо, Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија за време на Првата светска војна, Гласник, X, 1, Скопје, 1966.

Поповиќ Н., Односи Србије и Русије у Првом светском рату 1914-1918, Београд, 1977.

Поповиќ У. Р., Извод из историја ратове за ослобођења и уједињења 1912-1918 године, Земун, 1938.

Потемкин П. В., Историја дипломатије, свеска II, 1949.

Прличевъ Кирил, Србскиятъ режим и революционната борба въ Македония (1912-1915), София, 1917.

Пуриќ Ратко, Работнички југ, Скопје, 1937.
Пуриќ Ратко, Наличје, Скопје, 1934.
Савиќ Миливоје, занати и индустрија и присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914.
Sarrail, général, Mon commandement en Orient (1916-1918), Paris, 1920.
Сенкјевич И. Г., Об изменениях в аграрных отношения в Македоний в последней четверты XIX века, Ежегодних по аграрной историй Восточной Европи, А. Н., СССР, Кишинев, 1966.
Сидовски Коста, Преглед на прехрамбената индустрија во НРМ 1912-1940, Гласник, II, 2, Скопје, 1958.
Сидовски Коста, Развитокот на индустријата во НРМ во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941), Скопје, 1960.
Сидовски Кочо, Еден италијански извештај за одразот на балканските војни врз македонското стопанство и посебно на Битола, Прилози, бр. 38, Битола, 1983.
Силјанов Христо, Отъ Витоша до Грамос, София, 1920.
Skrivanić Gavro, Rat Srbije i Austro-Ugarskom 1914 godine, Historijski pregled, br. 3-4, Zagreb, 1964.
Солаковски Петар, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919-1941, Битола, 1992.
Соколов Лзар, Предусловите за развиток на индустријата во Македонија во втората половина од XIX век до 1912 година, Гласник, II, 2, Скопје, 1957.
Сотировски Никола, Еден интересен документ, Прилози, бр. 4, Битола, 1963.
Сотировски Никола, Хроника на градот Битола во годините на големата војна 1916-1918, Прилози, бр. 5, 1964.
Споменица 20 година првих регрута Јужне Србије, Скопље, 1934.
Споменица Никола Пашиќа 1845-1925, Београд, 1926.

Српската колонизација во Македонија, Македонски глас, бр. 7.
Станислав Краков, Кроз Јужну Србију, Београд, 1926.
Станевъ Никола, История на Европа презъ последните 100 години (1815-1915), София, 1918.
Станевъ Никола, Нова България, III издание, София, 1942.
Стерјовски Александар, Брусник, Битола, 1992.
Стефановиќ Душан, Прво стапување Јужносрбијанаца у српску војску 1914 године, Споменица, Скопље, 1934.
Стојанов Петар, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912-1918, Скопје, 1969.
Стојанов Петар, Неутралнсота на Бугарија и Валандовската афера во 1915 година, Гласник, бр. 1, Скопје, 1965.
Стојичевиќ Александар, Историја наших ратова за ослобоѓење и уједињење од 1912-1918 године, Београд, 1932.
Стојковски Милан, Просветата во Прилеп и Прилепско 1912-1918, Прилеп, 1990.
Тарле В. Ј., Историја новога века, део II, Београд, 1958.
Тасевъ Петъръ, На Битолския фронт съ шестата пехотна бдинска дивизия въ световната война 1915-1918, София, 1929.
Творештвото на браќата Манаки, Група автори, Матица македонска, Архив на Македонија, Скопје, 1996.
Тејлор Џ.П.А., Борба за превласт у Европи 1848-1918, Сарајево, 1963.
Т. М. Битољска спољна трговина пре рата, Економист, II, бр. 22, Београд, 1913.
Тодоровиќ Десанка, Карактеристики на стопанските односи во Македонија од 1919-1922, Гласник, XVIII, бр. 1, Скопје, 1974.
Тодоровиќ М., Солун и балканско питање, Београд, 1913.
Тодоровски Глигор, Малореканскиот предел, Скопје, 1970.
Тодоровски Глигор, Македонија по Балканските војни, Скопје, 1981.

Тодоровски Глигор, Административно-териториjалните делби и пописите на населението во Македониjа, Прилози, Скопjе, 1987.

Точковски Владимир, Основни географски особености и движења на населението во Битола и Битолско, Фолклорот и етнологиjата на Битола и Битолско, Битола, 1981.

Точковски Владимир, Структурни промени на населението и просторно-териториjален и функционален развоj на населбите во Пелагониjа (докторска дисертациjа), Битола, 1982.

Турски документи за македонската историjа, ИНИ, том V, Скопjе, 1958.

Фичевъ Ив. Иван, Лични спомени за всеопштата война, София, 1921.

Христов Ристо, Селото во Вардарска Македониjа меѓу двете светски воjни, Скопjе, 1993.

Христов Ристо, Градското стопанство во Вардарска Македониjа меѓу двете светски воjни, Гласник, XXIV/XXV, 1-4, Скопjе, 1988/89.

Христов Ристо, Неколку документи на нерасчистените имотно-правни односи во земjоделството на Вардарска Македониjа по завршувањето на Првата светска воjна, Историjа, XXI, 2, Скопjе, 1985.

Христов Христо, Революционната криза въ Българя презъ 1918-1919, София, 1957.

Horvat Josip, Prvi svetski rat 1914-1918, Zagreb, 1967.

Циjук Алесандар, Сточарство, Споменица 25-годишњице ослобоѓење Jужне Србиjе 1912-1937, Скопље, 1937.

Чемерикиќ Милан, Трговина, занатство, инустриjа, кредитне установе од 1875-1937 године, Споменица 25-годишњице ослобоѓење Jужне Србиjе 1912-1937, Скопље, 1937.

Четрдесет година, Зборник секања активиста jугословенског револуционарног радничког покрета 1917-1929, књ. I, Београд, 1960.

Шабановиќ Рамиз, Учеството на Македонците во Првата светска воjна во состав на српската воjска (магистерски труд), Скопjе, 1993.

## СПИСАНИЈА

„Гласник" на Институтот за национална историја, Скопје.

Историја, Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје.

Исторически преглед, София.

Историјски гласник, Белград.

Искра, Солун.

Македонски глас (Македонский голосъ), Петроград.

Македонски преглед, София.

Прилози, Битола.

Nova Evropa, Zagreb.

Historijski pregled, Zagreb.

## ВЕСНИЦИ

Битољске новине, Битола.

Општинске новине, Битола.

Мир, София.

Изгрев, София.

Нова Македонија, Скопје.

Политика, Белград.

Радничке новине, Белград.

Српске новине, Крф.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР.....2

ВОВЕД.....5

## ПРВ ДЕЛ

## БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

ГЛАВА I

ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ОД ЕСЕНТА 1912 ДО ЕСЕНТА 1915 ГОДИНА

1. Воспоставување на првите административни и полициски органи на српската власт. Политичко-административна поделба.....14

2. Состојбата на граничната линија со Грција. Спорот за Лерин и леринските села и поместување на границата.....35

3. Српскиот режим и односот на чиновништвото спрема месното население. Повикувањето на младинците на воена служба.....45

4. Подготовки за колонизација на Македонија во врска со Уредбата за населување од 20.II.1914 година на Кралството Србија.....58

5. Отпорот на населението против српските власти.....64

ГЛАВА II

СТОПАНСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН (ЕСЕНТА 1912 - ЕСЕНТА 1915)

1. Последиците од Балканските војни во Битолскиот регион.....74

2. Занаетчиство.....81

3. Индустрија.....87

4. Трговија.....93

5. Банките и другите финансиски институции.....102

6. Селско стопанство.....107

ГЛАВА III

ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

1. Состојбата во просветата непосредно пред Балканските војни во Битолскиот регион........119

2. Првите преземени мерки за организирање на училишната мрежа и тенденциите на големосрпската просветна политика........128

3. Односот на српските просветни органи спрема егзархиските учители и учителите од другите народности затекнати во Македонија........132

4. Работата на основните училишта во 1913/14 година........136

5. Работата на основните училишта во учебната 1914/15 година........139

6. Средно образование........142

7. Односот на српската просветна дејност спрема образованието на децата од другите народности........144

ГЛАВА IV

ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ ПО ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА СРПСКАТА ВЛАСТ ВО РЕГИОНОТ

1.Црковните прилики за време и по Балканските војни 1912-1913 година........148

2. Великобугарските комбинации со унијатството во Македонија........152

ВТОР ДЕЛ

БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1914-1918)

ГЛАВА I

БИТОЛСКИОТ РЕГИОН НА ПОЧЕТОКОТ НА ВОЈНАТА

1. Почетокот на војната........157

2. Учеството на Македонците во српската војска во Првата светска војна........162

3. Македонското прашање во политиката на Централните сили и Антантата и на Србија, Бугарија и Грција во 1914 и 1915 година (и прашање на кого да ѝ припадне Битола)........176

ГЛАВА IV

ПРОПАГАНДИТЕ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН (1916-1918)

1. Француската пропаганда во текот на војната (1916-1918)................339

2. Српската и грчката политичка пропаганда........................................344

3. Англиската, италијанската и американската политичка акција....355

ГЛАВА V

ОТПОРОТ НА НАРОДОТ ПРОТИВ ОКУПАТОРИТЕ

1.Отпорот на македонскиот народ против регрутацијата.
Реквизициите. Принудната работа......................................................358

ГЛАВА VI

ПРОСВЕТНИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН

1. Просветните прилики (1915-1918).....................................................365

2. Црковните прилики...............................................................................374

ГЛАВА VII

ПРОБИВОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

1. Пробивот на Македонскиот фронт и воспоставувањето на разделните граници во Македонија, а со тоа и на Битолскиот регион од 1918 година.......................................................................381

ТРЕТ ДЕЛ

ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ЗА БИТОЛСКИОТ РЕГИОН

ГЛАВА I

БИТОЛСКИОТ РЕГИОН ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ВОЈНАТА ДО ПОТПИШУВАЊЕТО НА МИРОВНИТЕ ДОГОВОРИ

1. Битолскиот регион по Првата светска војна....................................389
   а) Париската мировна конференција и поделбата на Македонија.......................................................................................389
   б) Вештачки поставената граница и периферната позиција на Битолскиот регион во Кралството СХС...................................391

2. Преземање на мерки на српските власти за воспоставување ред и мир непосредно по војната...............................................................394

3. Грабежи, разбојништва, бандитизам, присуството на
силите на Антантата (пакости и зулуми)....................................................402
4. Последиците од раселувањето за време на војната во Регионот.....408
5. Методи и форми за денационализација и асимилација на
македонскиот народ...................................................................................412
6. Црквата по војната....................................................................................419
ГЛАВА II
ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ВОЈНАТА ВО РЕГИОНОТ
1.Последиците од големите воени пустошења. Разурнати села. разрушена Битола. Големи материјални штети. Неправедна распределба на воените репарации за Битола и Битолско.................426
2. Економско-социјалната положба.........................................................432
3. Состојбата во стопанството..................................................................438
а) Занаетчиство. Трговија. Индустрија..........................................438
б) Селско стопанство...........................................................................442
ЗАКЛУЧОК..........................................................................................................450
ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА...........................................................................459